ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ

II

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ

ТОМ ВТОРИ

Наслов на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЙ
БРАТЬЯ КАРАМАЗОВЫ

Превел од руски
ДИМЧЕ БИЛЈАНОВСКИ

Лектура и коректура
ЛИЗА БАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА БЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИК

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ

ТОМ ВТОРИ

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

ТРЕТ ДЕЛ

Седма книга

АЉОША

I

Смрдеа на гнилеж

Телото на починатиот иеромонах отец Зосима го подготвија за закоп според утврдениот обред. Умрените монаси и схимници, како што е познато, не ги бањаат. „Кога некој од монасите ќе оди кај господа (речено е во Големиот требник) тогаш задолженият монах (тоест определениот за тоа) неговото тело го истрива со топла вода, правејќи пред тоа со габа (тоест со грчки сунѓер) крст на челото од починатиот, на градите, на рацете и нозете, и на колениците — и ништо повеќе.“ Сето тоа над починатиот го изврши самиот отец Паисиј. Откако го избриша, го облече во монашка облека и го завитка во мантија, поради кое, според правилото, малку ја расече за да го завитка покојникот крстообразно. На главата му стави ќулавка со осумкрак крст. Ќулавката ја остави отворена, а лицето на покојникот го покри со црн превез. Во рацете му ја ставија иконата со ликот на Спасителот. Така подготвен изутрината го преместија во сандак (веќе готов одамна). А имаа намера сандакот преку целиот ден да го остават во ќелијата — во првата голема соба, онаа во која покојниот старец ги примаше монасите и световните луѓе. Бидејќи покојникот по чин беше ие-

ромонах, над него иеромонасите и иероѓаконите не го читаа Псалтирот, туку Евангелието. Читањето го започна отец Јосиф, веднаш по панихидата; а отец Паисиј, кој сакаше да чита подоцна цел ден, и цела ноќ, засега имаше многу работа и беше загрижен, како и отецот — настојник на скитот, зашто наеднаш почна да избива нешто необично, некаква нечуена и дури непријатна возбуда и нестрпливо исчекување — и тоа сè повеќе и повеќе — како меѓу манастирската братија, така и меѓу световниците, што во групи доаѓаа од манастирските гостилници и од градот. И настојникот и отец Паисиј се трудеа колку што можеа да го смират возбудениот свет.

Кога се раздени убаво, од градот почнаа да доаѓаат и такви што носеа со себе болни, особено деца, како посебно да го очекувале овој момент, очигледно надевајќи се во брзата моќ на оздравувањето, која, според нивното верување, мораше да се појави веднаш. И тука се покажа во колкава мера сите кај нас беа навикнале да го сметаат починатиот старец, уште додека беше жив, за несомнен и голем светец. А меѓу оние што доаѓаа немаше само прости луѓе. Тоа големо очекување на верниците, кое толку брзо и непосредно доаѓаше до израз, дури нестрпливо и речиси со барање, на отец Паисиј му изгледаше како вистинско соблазнување кое тој, вистина, го претчувствуваше одамна, но кое, всушност, ги надмина неговите очекувања.

Кога ќе се сретнеше со некој од возбудените монаси, отец Паисиј, му префрлаше: „Такво, и толку брзо исчекување на нешто големо“ — велеше тој — „е лесномисленост која е можна само меѓу световните луѓе, но која нам не ни прилега“. Но него малку го слушаа; отец Паисиј загрижено го забележуваше и тоа; меѓутоа, иако се лутеше поради премногу нестрпливите очекувања и сметаше дека тоа е лесномислена суета, (ако сакаме да кажеме сè како што беше) тој сепак потајно во себе, во длабината на својата душа, го очекуваше речиси истото што го очекуваа и другите возбудени, и тоа мораше да си го признае себеси. Нему сепак му беа особено непријатни средби со по некои што во него, поради некакво претчувство, предизвику-

ваа голема сомнежливост. Така, на пример, во групите луѓе што се туркаа во ќелијата на покојникот, со одвратност во душата тој го забележи (поради која веднаш се прекори себеси) присуството, да речеме, на Ракитин, или на обдорскиот гостин — оној монахот оддалеку, кој сè уште престојуваше во манастирот. Тие двајца отец Паисиј поради нешто почна да ги смета за сомнителни — иако не му изгледаа такви само тие. Од сите што беа возбудени, обдорскиот монах изгледаше најраздвижен; него човек можеше да го види насекаде, на сите места; секаде тој нешто прашуваше, секаде наслушнуваше, секаде шепотеше со некого со некаков посебен таинствен изглед. А изразот на лицето му беше прекумерно нестрпливо, како раздразнет, поради тоа што уште не се збиднува толку долго очекуваното нешто. А што се однесува до Ракитин, тој како што се виде после, толку рано се најде во скитот по посебна порачка на госпоѓата Хохлакова. Таа добра, но бескарактерна жена, што не можеше да биде пуштена во скитот, само што се разбуди и слушна за смртта, наеднаш ја исполни љубопитството, па наместо да оди самата, во скитот го испрати Ракитина, со тоа што овој да посматра сè и веднаш да ѝ соопштува писмено, приближно секој половина час: **за сè што ќе се случи.** Таа Ракитина го сметаше за најрелигиозен и најпобожен момчак — до таа степен умееше добро да се однесува со сите и да им угодува на желбите на сите, ако забележеше во тоа макар и најмала корист за себе.

Денот беше ведар и светол, и мнозина новодојдени богомолци се трупаа околу скитските гробишта — и околу оние што беа сосем близу до храмот, и околу поодделечените. Обиколувајќи го скитот, отец Паисиј наеднаш се сети за Аљоша и дека не го видел одамна, речиси уште од ноќеска. И само што се сети за него, веднаш го забележа во најоддалечениот агол на скитот, крај оградата, како седи на надгробниот камен на еден одамна починат и со своите подвизи познат монах. Седеше со грб свртен кон скитот, со лице спрема оградата, и како да се криеше зад споменикот. Откако му се приближи сосем, отец Паисиј, забележа како

тој, си го беше покрил лицето со обете раце и, вистина немо, но горчливо плачеше, тресејќи се со сето тело од јачкање. Отец Паисиј постоја над него некое време.

— Доста, мили сине, доста, пријателе — рече тој чувствено — што ти е? Радувај се и немој да плачеш. Не знаеш ли дека овој ден е најголемиот од сите негови денови. Помисли си само каде е тој сега.

Аљоша го погледна, откако си го отскри лицето подуено од солзи, како кај мало дете, но веднаш, не велејќи ни збор, се сврти и пак си го покри лицето со обете раце.

— Е, најпосле, ако! — рече отец Паисиј, замислено. — Најпосле, плачи! Христос ги испратил солзите! „Твоите трогателни солзички се само душевен одмор. И ќе послужат за радост на твоето мило срце“ — додаде тој веќе за себе, оддалечувајќи се од кај Аљоша и мислејќи за него со љубов. Впрочем, се оддалечи од него побрзо, зашто почувствува дека многу лесно може и самиот да се расплаче, ако го гледа.

Времето, меѓутоа, си минуваше; манастирските служби и опевањата на покојникот си течеа по својот ред. Отец Паисиј повторно го забележа отец Јосиф крај сандакот, и од него го прими читањето на Евангелието. Но уште не беше минат ни три часот попладне, кога се случи нешто што го спомнав на крајот од минатата книга, нешто толку ненадејно меѓу нас, и што толку се противеше на општото очекување, што, повторувам, подробна и глупава приказна за тој настан и до денеска со необична живост се споменува во нашиот град и во сета наша околина. Уште еднаш ќе додадам од себе лично: мене ми е речиси непријатно и да споменувам за тој бесмислен и соблазнувачки, а, всушност, ништожен и природен настан; и јас, се разбира, ќе минев преку него, и просто ќе го изоставев од моето раскажување, ако тој настан на силен и посебен начин не влијаеше и врз срцето на главниот, иако иден херој на мојата повест, Аљоша, правејќи во неговата душа некаков прелом и пресврт, што го растресе, но и го закрепна, најпосле, неговиот разум, за цел живот и за извесна цел.

Но да се вратиме на расказот. Кога уште пред да се раздени, телото на старецот кое веќе беше подготвено за закоп, го положија во сандак и го изнесоа во првата соба, што служеше за примање гости, тогаш меѓу оние околу сандакот, изникна прашањето: дали треба во таа соба да се отворат прозорците? Но тоа прашање, што некој го искажа патемно, и бегло, остана без одговор, и речиси незабележано, а го забележаа само некои од присутните, а и тие само во таа смисла дека очекувањето на гнилеж и смрдеа од телото на таков покојник е чиста бесмислица, достојна за сожалување (ако не и подбив) поради недоволната вера и лесномисленоста на оној што го изговорил тоа прашање. Се очекуваше нешто сосем спротивно. Но набргу попладнето се појави нешто што отпрвин само молкома и за себе беше примано од оние што влегуваа и излегуваа, дури и со очигледен страв на секој од нив, да му го соопшти на некој друг никулецот на својата мисла, но кое околу три часот попладне веќе се обелодени толку јасно и неоспорно што гласот за тоа за миг го прелета целиот скит и сите богомолци — посетители на скитот, навлезе и во манастирот и ги фрли во вчудовиденост сите манастирци, и, најпосле, по многу кратко време, стигна и до градот и во него ги возбуди сите — и оние што веруваа и оние што не веруваа. Оние што не веруваа, се зарадуваа; а колку за оние што веруваа, меѓу нив по некои се најдоа што многу се израдуваа, дури и повеќе од оние што не веруваа, зашто „луѓето го сакаат паѓањето на праведникот и неговата срамота", како што се изрази токму покојниот старец во една од своите поуки. Работата е во тоа што од сандакот, малку — по малку почна да се шири, но сè повеќе и повеќе, смрдеа на гнилеж, која околу три часот попладне фати да се чувствува премногу силно, и која постојано се засилуваше. Одамна веќе немало и беше невозможно да се најде во сеќавањето од сиот минат живот на нашиот манастир, такво соблазнување, грубо разуздано, во друг случај просто невозможно, како што беше ова што изби веднаш по настанот, токму меѓу самите монаси. Веќе подоцна по многу години, некои наши умни монаси, сеќавајќи се подробно за це-

лиот тој ден, се чудеа и се вцашуваа: како можело соблазнувањето да добие такви размери. Зашто, се случувало и порано да умираат монаси, религиозни старци, со многу праведен живот, чија праведност им беше на сите пред очите, а од нивните скромни сандаци, избиваше смрдеа на гнилеж, која, се појавува природно, како и кај сите други мртовци, но тоа не предизвика ни соблазнување, дури ни најмала возбуда. Се разбира, и кај нас, одамна, имало такви мртовци, чиј спомен уште живо се чуваше во манастирот и за кој се кажуваа приказни дека божем нивните остатоци не покажувале знаци на гнилеж, што влијаеше трогателно и таинствено врз братијата, и кое во нејзиното секавање е зачувано како нешто прекрасно и чудесно, како некое ветување дека од нивните гробници во иднина ќе се дочека и поголема слава, само ако дојде време за тоа со волјата божја. Помеѓу таквите посебно се чуваше споменот за старецот Јов, кој живеел сто и пет години, за познатиот подвизник, голем испосник и молчаливец, што беше умрен одамна, во десеттите години на нашиот век, и чија гробница со посебна и вонредна почит им ја покажуваа на сите богомолци што доаѓаа првпат, притоа таинствено спомнувајќи некои големи надежи. (Тоа е гробот на кој отец Паисиј, изутрина го затекна Аљоша како седи). Освен за овој, одамна починат старец, исто така, жив беше споменот и за големиот отец иеросхимонас старецот Варсонофиј, што почина неодамна — за оној од кого отец Зосима го прими старештвото, и кого, додека беше жив, сите патници богомолци го сметаа за јуродив. За тие двајца беше зачувано предание дека во своите сандаци лежеле како живи, дека биле закопани без никаква трага на гнилеж, дека нивните лица во ковчегот биле облеани со некаква светлина. А некои дури упорно тврдеа дека од нивните тела очигледно се ширела миризба на миро. Но и покрај сите тие толку убедливи спомени, сепак тешко би било да се објасни вистинската причина зошто околу мртвото тело на старецот Зосима можеше да произлезе толку лесномислена, грда и злобна појава. Колку за мене лично, јас сметам дека тука во исто време се собрани и многу други работи, многу

разни причини, што влијаеја заедно. Една од таквите причини, беше, на пример, она вкоренето непријателство спрема старешТвото, како спрема штетна новина што длабоко се криеше во манастирот, во умовите уште на мнозина монаси. А после, што е најважно, тука беше, се разбира, и зависта спрема светоста на покојникот, која толку се беше зацврснала додека беше жив, што беше дури и забрането да се зборува против тоа. Зашто, иако покојниот старец, имаше привлечено кај себе мнозина, и тоа не толку со чуда, колку со љубов, и имаше подигнато околу себе цел свет од луѓе што го сакаа, сепак тој токму со тоа создаде и завидливци, спрема себеси, потоа и жестоки непријатели, и јавни и тајни, и не само меѓу манастирците, туку и меѓу световниците. Тој, на пример, никому не му беше направил никакво зло, но, ете: „Зошто го сметаат за свет?“ И веќе само тоа едно прашање, повторувано постепено, најпосле, создаде цела бездна од незаситлива злоба. Ете зошто јас мислам дека мнозина бескрајно се зарадуваа, кога почувствуваа дека неговото тело смрди, и тоа толку брзо — зашто немаше минато ни еден ден од неговата смрт. А пак, меѓу оние што му беа верни, и што го почитуваа досега, веднаш се најдоа такви, што речиси и не беа лично навредени со овој настан. Постапноста на таа појава одеше на овој начин.

Штом почна да се чувствува смрдеата, уште по изгледот на монасите што влегуваа во ќелијата на покојникот, можеше да се заклучи зошто доаѓаат. Ќе влезеа, ќе постоеја кратко време, и ќе излезеа за што побрзо да им ја потврдат веста на другите што се тискаа надвор чекајќи ред за влегување. Некои од тие што чекаа, тажно ги нишкаа главите, други дури и не сакаа да си ја скријат радоста, која, очигледно, блестеше во нивните подналутени погледи. И никој не ги прекоруваше, никој не изустуваше добар збор, што беше дури и чудно. Зашто во манастирот сепак во мнозинство беа оние што му беа верни на покојниот старец: се гледа, така рекол господ — овој пат малцинството привремено да одржи победа.

Набргу во ќелијата фатија да доаѓаат, како некакви шпиони, и световници-посетители, повеќето образовани. Малку влегуваа прости луѓе кај скитската врата. Без сомневање по три часот навалицата на световници-посетители многу се зголеми, токму поради соблазнувачката вест. Оние што можеби денеска воопшто не би дошле, ниту мислеле да дојдат, сега доаѓаа намерно, меѓу нив и некои личности со високи должности. Впрочем, навидум редот уште не се расипуваше, па отец Паисиј, со сигурен глас, јасно и со строго лице, и понатаму го читаше Евангелието гласно, божем не забележувајќи што се случува, иако одамна беше забележал нешто необично. Но, еве, гласовите фатија да пристигаат и до него, отпрвин многу тивки, па постепено сè посигурни и посмели. „Се знае, божјиот суд не е како човечкиот!“ слушна наеднаш отец Паисиј. Прв тоа го изговори еден светски човек, градски чиновник, веќе постар и, колку што ми беше познато, многу побожен; всушност, изговарајќи го тоа гласно, тој само го повтори она што си го шепотеа меѓу себе монасите. Тие одамна го имаа изговорено овој безнадежен збор; најлошо од сè беше тоа што речиси секој миг со тој збор се изразуваше и растеше некаков триумф. Меѓутоа, наскоро почна да се расипува и самиот ред. И, ете, сите како да почувствуваа дека имаат право да го нарушуваат. „И како можело да се случи **ова?**“ велеа некои од монасите, отпрвин како со сожалување, — „телото му беше доста мало, суво, залепено за коските, тогаш, од каде, доаѓа смрдеата?“ — „Значи, господ сакал тоа посебно да ни го објави“, — набрзина додаваа други, и нивното мислење се примаше неоспорно и веднаш; некои потсетуваа дека ако смрдеата се појавеше по природен пат, како кај секој обичен грешен човек, кога ќе умре, таа ќе избиеше барем подоцна, а не толку очигледно бргу, барем по дваесет и четири часа, а „овој ја испревари природата“, што значи: тука не е замешан никој друг, туку бог, и посебно неговиот прст. Сакал нешто да ни соопшти. Тоа мислење изгледаше непобитно. Покорниот отец иеромонах Јосиф, библиотекарот, љубимец на покојникот, зеде да ги побива тврдењата на некои подбивачи,

објаснувајќи дека „тоа не е сосем така секаде“ и дека барањето да не гнијат праведничките тела во православјето не е никаква догма, туку само мислење, и дека дури во најправославните земји, на пример, во Света Гора, не се колебаат толку во верата поради смрдеата од гнилеж, и дека таму како главен знак за светоста не се смета нераспаѓањето на телото, туку бојата на коските, откога телото најпрвин многу години ќе прележи во земјата, па и ќе изгние во неа, и „ако излезат коските жолти како восок, тогаш тоа е најглавниот знак дека господ го прославил покојниот праведник; ако, пак, не бидат жолти, туку црни, тоа значи дека таквиот господ не го удостоил со слава — ете како е во Света Гора, големо место, каде што православјето од памтивека се чува негибнато и во најблескава чистота“, заврши отец Јосиф.

Но зборовите на покорниот отец останаа без влијание и дури предизвикаа подбивен отпор: „Сето тоа е ученост и новина, не вреди ни да се слуша“ — заклучија во себе монаситѳ. „Кај нас е по старото; зарем малку има сега секакви новини, и зарем да се прима сето тоа?“, додаваа други. „Ние не сме имале помалку свети отци од нив. Тие таму се под Турчинот, и сѐ имаат испозаборавено. Православјето кај нив одамна е заматено, тие немаат ни камбани“, — додаваа најголемите подбивачи.

Отец Јосиф се оддалечи со тага, дотолку повеќе што и самиот своето мислење не го искажа многу решително, зашто и самиот слабо веруваше во него. Но тој сега збунето насети дека почнува нешто многу непристојно и дека непослушноста дига глава. Малку-по малку, веднаш по отец Јосиф, замолкнаа сите разумни гласови. И се случи некако така што сите што го сакаа покојниот старец, и кои со радосна послушност ја примаа установата на старештвото, наеднаш многу се исплашија од нешто и, кога ќе се сретнеа еден со друг, само заплашено си ги погледнуваа лицата. А непријателите на старештвото, како новина, гордо ги дигнаа главите. „Од покојниот старец Варсонофиј не само што не се чувствуваше смрдеа, туку се шириле миризба

на миро“ — злорадо потсетуваа тие, но — „тој не го заслужил тоа со старешството, ами со тоа што беше праведен“. А веднаш потоа врз сега починатиот старец, беа истурани осуди, па дури и обвинувања: „Погрешно учеше; учеше, дека животот е голема радост, а не смиреност во солзи“, — велеа некои меѓу најнеразумните. „Веруваше во модата, не го признаваше материјалниот оган во пеколот“, — додаваа други, уште понеразумни од нив. „Не беше строг спрема постењето, си дозволуваше слатки работи, слатко од вишни јадеше со чај, многу го сакаше тоа, му го испраќаа госпоѓите. Зарем схимник да пие чај?“ — можеше да се слушне од по некои завидливци. „Гордо се држеше“, — немилосрдно потсетуваа најзлобните, — „си мислеше дека е светец, пред него паѓаа на колена, и тоа го земаше за нормално“. — „Ја злоупотребуваше тајната исповед.“ — со злобен шепот додаваа најжестоките противници на старешството, и тоа токму најстарите и во своето богомолство најстроги монаси, вистински испосници и молчаливци, што не зборуваа додека беше жив покојникот, но кои сега ѓаеднаш ги отворија устите, кое веќе беше страшно, зашто нивните зборови силно влијаеја врз младите монаси што уште не се беа зацврстиле во својот позив. Сето тоа внимателно го слушаше и обдорскиот гостин, калуѓерот од свети Силвестер, длабоко воздивнувајќи и нишкајќи ја главата: „Да, се гледа дека отец Ферапонт точно заклучи вчера“, — размислуваше тој во себе. А тука како порачан се појави и отец Ферапонт, токму како да беше дојден за да ја зголеми возбудата.

Порано веќе спомнав дека тој ретко излегуваше од својата дрвена ќелија во пчеларникот, дури ни в црква не одеше долго време, и дека за тоа му гледаа низ прсти како на јуродив, не врзувајќи го со правилото, што важеше за сите. Но, ако сакаме да ја кажеме сета вистина, нему му се гледаше низ прсти и поради некаква потреба. Зашто, толку големиот испосник и молчаливец, кој се молеше и дење и ноќе, (често дури и заспиваше клекнат), некако, непријатно беше непрестајно да се оптоварува со општите правила, кога самиот тој не сакаше да им се потчини. „Тој е по-

свет од сите нас, и прави многу потешки подвизи, отколку што треба според правилата", — си велеа тогаш монасите, — „а што не оди в црква, тоа значи дека тој самиот знае кога треба да оди, тој има свои правила". Поради можните мрморења и соблазнувања отец Ферапонт го оставаа на мира. На сите им беше познато дека отец Ферапонт воопшто не го трпеше старецот Зосима. А сега, еве, и во неговата ќелија наеднаш стигна веста за тоа дека „судот божји не е како човечкиот, и дека ја испреварил дури и природата". Секако, на Ферапонт прв отрча да му ја соопшти веста одборскиот гостин, што го посети вчера и со страв си отиде откај него. Спомнав, исто така, дека и отец Паисиј, кој цврсто и непоколебливо стоеше над мртовецот, иако не можеше ни да види ни да слушне што се случува надвор од ќелијата, сепак во своето срце сè важно точно погоди однапред, зашто сосем ја познаваше својата околина. Сепак не беше збунет, ами без страв очекуваше сè што уште можеше да се случи и со прониклив поглед го следеше крајот на тревогата, што веќе излеѓуваше пред неговиот духовен поглед. Притоа, наеднаш неговото уво го изненади некаква врева во ходникот, необична и така што веќе очигледно го нарушуваше манастирскиот ред и пристојноста. Вратата ширум се отвори и на прагот се појави отец Ферапонт. По него, како што можеше да се забележи и како што дури и јасно се гледаше од ќелијата, долу покрај скалите, беа собрани многу монаси што го следеа, а меѓу нив и световни луѓе. Придружниците, меѓутоа, не влегоа, и не се искачија на скалите, ами, стоеја и чекаа да видат што ќе каже и што ќе направи понатаму отец Ферапонт, зашто претчувствуваа и тоа со некаков страв, и покрај сета своја дрскост, дека тој не дошол напразно.

Застанат на прагот, отец Ферапонт си ги подигна рацете, а под неговата десна рака се потпокажаа острите и љубопитни очиња на обдорскиот гостин, кој единствено не издржа и дотрча заедно со отец Ферапонт по скалите, поради своето преголемо љубопитство. Другите, пак, откако многу шумно се отвори вратата, напротив, се подвратија уште повеќе назад од не-

надеен страв. Откако ги дигна нагоре рацете, отец Ферапонт наеднаш завика:

— Истерувајќи ќе истерам! — па веднаш, вртејќи се на сите четири страни со ред, фати да ги прекрстува со рацете ѕидовите и сите четири агли на ќелијата. Тој чин на отец Ферапонт веднаш го сфатија сите што го придружуваа, зашто знаеја дека секогаш правеше така каде и да влезеше, и дури не седнуваше и не прозборуваше ни збор пред да ја истера нечистата сила.

— Сатано, излези, сатано, излези! — повторуваше тој при секое прекрстување. — Истерувајќи, ќе истерам! — викна пак. Ферапонт беше облечен во својата груба мантија и беше опашан со јаже. Под грубата конопна кошула му ѕиркаа голите гради, обраснати со побелени влакна. Нозете, пак, му беа боси. Кога почна да мавта со рацете, се затресоа и заждринготија тешките вериги што ги носеше под мантијата. Отец Паисиј го прекина читањето, зачекори напред, и застана пред него во исчекување.

— Зошто дојде, чесен отец? Зошто го расипуваш чинодејството? Зошто го бунтуваш смиреното стадо? — проговори тој најпосле, строго гледајќи го.

— Заради што си дошол? Што сакаш? Како веруваш? — викна отец Ферапонт, однесувајќи се како јуродив, — дојдов на помош, за да ги истерам вашите овдешни гости, поганите ѓаволи. Гледам дали се насобрале многу од кога не сум тука. Сакам да ги изметам со брезова метла.

— Го тераш нечестивиот, а можеби му служиш токму нему! — продолжуваше отец Паисиј без некаков страв. — И кој може за тебе да каже „свет сум?“ Можеш ли ти, отец?

— Поган сум, а не свет. На стол нема да седнам, ниту ќе барам да ми се клањаат како на идол! — загрми отец Ферапонт. — Денеска луѓето ја запустуваат светата вера. Овој покојников, вашиов светец, — се сврти кон толпата, посочувајќи со прстот кон ковчегот — не признаваше дека има ѓавол. Против ѓаволот даваше лек за прочистување! И, еве, кај вас по аглите се накотиле како пајаци. А денеска и самиот тој почна да смрди. Во ова го гледаме прстот на бога.

А навистина еднаш се случи такво нешто, додека беше жив отец Зосима. На еден од монасите почнаа да му се јавува на сон, па најпосле и да му се прикажува најаве, нечиста сила. Кога тој во најголем страв тоа му го довери на старецот, овој го посоветува непрекинато да му се моли на бога и строго да пости. Но, штом не помогна ни тоа, тој му препорача, не напуштајќи го постењето и молитвата, да земе еден лек. Тогаш тоа мнозина непријатно ги изненади, и за тоа зборуваа монасите меѓу себе, нишкајќи со главите, а најмногу отец Ферапонт на кого веднаш побрзаа да му раскажат некои противници за „необичната“ наредба на старецот, во таков извонреден случај.

— Излези, отец! — изговори отец Паисиј, заповеднички. — Не судат луѓето, ами бог. Можеби сега гледаме таков „знак“ што не си кадар да го сфатиш ни ти, ни јас, ниту никој. Излези, отец, и не бунтувај го стадото! — повтори тој решително.

— Не ги држеше постовите според чинот на својата схима, затоа се појави ваков знак. Тоа е јасно, и грев е да се крие! — не сакаше да се смири зазбивтаниот фанатик во својата усрдност, што не беше соодветна на неговиот разум. — Се соблазнуваше со слатки, госпоѓите му ги носеа во џебовите, се засладуваше со чај, му служеше на својот стомак, полнејќи го со сладости, а умот со горделиви помисли... Затоа и го снајде ваков срам...

— Твоите зборови, се лесномислени, отец! — го подигна гласот и отец Паисиј. — Се восхитувам од твоето постење и од твоите подвизи, но зборовите ти се лесномислени, како да ги изговорил момчак — световник, непостојан и младоумен. Излези, отец, ти заповедам — грмна најпосле отец Паисиј.

— Јас е си излезам! — проговори отец Ферапонт, како збунет, но сè уште лут, — вие сте учени! Со вашиот голем разум се издигнавте над моето ништожество. Ваму дојдов некогаш малку писмен, овде го заборавив и тоа што го знаев; мене, ништожен, и самиот господ ме зачува, од вашата премудрост.

Отец Паисиј стоеше над него и решително чекаше. Отец Ферапонт замолкна и наеднаш се онерасположи. Потоа си ја стави десната дланка на образот, и изговори развлекувајќи и погледнувајќи кон сандакот на починатиот старец:

— Нему утре ќе му го пеам „Помошникот и покровителот“ — преславниот канон, а мене, кога ќе скапам, само „Која житејска сладост“[1]) — мал стихир, рече тој со солзи и намуртен. — Сте станале горди и сте се издигнале — ова место е пусто! — наеднаш почна да тажи тој како безумен, па откако одмавна со раката брзо се сврти и слезе низ скалите од тремот. Толпата свет што чекаше долу, се раздвижи; некои тргнаа по него веднаш, некои се задржаа, зашто ќелијата беше отворена непрестајно; а отец Паисиј, излезе веднаш по отец Ферапонт на скалите и посматраше стоејќи. Меѓутоа, зазбивтаниот старец, уште немаше довршено; оддалечен на едно дваесет чекори, тој наеднаш се сврти кон сонцето што заоѓаше, ги крена над себе обете раце, и како некој да го пресече, се струполи на колеици гласно извикувајќи:

— Мојот господ победи! Христос победи кога заоѓаше сонцето! — како бесен викна тој, протегајќи ги кон сонцето рацете а потоа падна ничкум наземи, залипа како мало дете, целиот тресејќи се од солзи, и ширејќи ги рацете на земјата.

Сите се спуштија кон него, се разнесоа извици, почнаа да плачат и тажат заедно со него... Некаков занес ги обзеде сите.

— Еве кој е свет! Еве кој е праведен! — се разнесоа извици сега веќе без страв — еве тој треба да биде старец — додаваа други налутено.

— Тој никогаш не би се согласил да биде старец... Тој ќе го одбие тоа... Тој никогаш нема да се согласи да и служи на таа проклета новина. Тој нема да ги поддржува нивните будалштини, — прифатија

---

[1]) Кога се изнесува телото на монахот и схимонахот се пее стихирот „Која житејска сладост...“. Ако починатиот е иеромонах тогаш се пее канонот „Помошникот и покровителот...“

веднаш други гласови, и тешко беше да се замисли каде ќе одведеше тоа, ако токму во тој момент не удреше камбаната, повикувајќи на црковна служба. Сите наеднаш фатија да се крстат. Стана и отец Ферапонт, и бранејќи се со знакот на крстот, појде кон својата ќелија нео бврнувајќи се, сè уште непрестајно викајќи, но веќе нешто сосем без врска. По него потрчаа неколкумина, но мнозинството почнаа да се разидуваат, брзајќи кон црквата. Отец Паисиј, му го предаде читањето на Јосиф па слезе долу. Избезуменото викање на фанатиците не можеше да го расколеба, но во срцето наеднаш почувствува тага и почна да тагува поради нешто посебно. Се запре и наеднаш се праша: „Од каде ми дојде оваа голема тага што дури и духот ми ослабна?“ И со чудење во истиот миг сфати дека таа негова ненадејна тага очигледно произлегува од една најмала и посебна причина. Работата беше во тоа што во толпата што сега се туркаше кај влезот во ќелијата меѓу другите вознемирени го виде и Аљоша; и се сети: штом го забележа Аљоша, тојчас во своето срце како да почувствува некаква болка. „Ама зарем навистина ова момче многу значи сега во моево срце?“ — се праша тој наеднаш себеси со чудење. Во тој миг, Аљоша поминуваше покрај него, како да брза за некаде, но не во правец на храмот. Погледите им се сретнаа. Аљоша брзо го скршна погледот и ги наведна очите кон земјата, а отец Паисиј уште по самиот тој изглед на момчето се сети колку силна промена се одигрува во него во овој момент.

— И ти ли се соблазни? — викна отец Паисиј. — И ти ли си со маловерните! — додаде тој со горчина.

Аљоша запре, и некако неопределено го погледна отец Паисија, но пак брзо го скршна погледот и ги наведна очите. Стоеше настрана, и не се сврти со лице кон него. Отец Паисиј го гледаше внимателно.

— Каде си забрзал? Камбаната повикува на служба... — рече тој. Аљоша пак не одговори.

— Или можеби го напушташ скитов? Па зарем така, без прашање и благослов?

Аљоша наеднаш некако криво се поднасмевна, и, чудно, многу чудно фрли поглед на отецот, што го пра-

шуваше, на оној отец на кого му го довери пред умирањето неговиот бивши раководител, бившиот господар на неговото срце и неговиот ум, неговиот сакан старец, — и како пред малку сè уште не зборувајќи ништо, мавна со раката, како да не води сметка дури ни за длабокото почитување, па со брзи чекори се упати кон вратата, надвор од скитот.

— Пак ќе се вратиш! — прошепоти отец Паисиј, гледајќи по него со тажно чудење.

II

Таков момент

Отец Паисиј, се разбира, не се излажа кога заклучи дека неговото, „мило момче“ ќе се врати пак, дури можеби (ако не и сосем, но длабоко) проникна во вистинската смисла на душевната расположба на Аљоша. И покрај сето тоа, признавам отворено дека и мене ми беше многу тешко да ја објаснам во овој час јасно точната смисла на чудниот и неопределен момент во животот на мене толку драгиот и уште толку млад херој на мојот расказ. На тажното прашање од отец Паисиј упатено до Аљоша: „И ти ли си со маловерните?“ — јас, се разбира, решително би можел да одговорам за Аљоша: „Не, тој не е со маловерните“. И не само тоа, туку тука имаше нешто токму спротивно: сета негова збунетост потекна имено оттаму што тој многу веруваше. Но, сепак имаше збунетост; до неа сепак дојде, и беше толку мачна, што дури и по многу време, Аљоша тој тажен ден го сметаше за еден од најтешките и најкобните денови во својот живот. Ако праша некој отворено: „Па зарем таква тага и таков немир можеле да се родат во него само затоа што телото на неговиот старец наместо веднаш да почне да ги оздравува болните, напротив, подлегна на брзото гниење?“ — јас на тоа ќе одговорам без заобиколување: „Да, навистина беше така“. Само би го молел читателот уште да не брза да не му се насмевне на чистото срце на мојот момчак. Јас самиот, пак, не само што не мислам да мо-

лам за неговото простување, или да ја извинувам и оправдувам неговата простодушна вера, на пример, со неговите млади години, или со малиот успех во порано свршените науки, и така натаму и така натаму — туку ќе го сторам токму спротивното, и решително ќе изјавам дека чувствувам исркена почит спрема природата на неговото срце. Без сомневање, по некое момче што претпазливо ги прима впечатоците на срцето, што умее да сака, не пламено, туку само топло, вистина со здрав ум, но за неговите години и премногу разумен (па затоа евтин), таквото момче би го избегнало она што се случи со моето момче; но понекогаш навистина почесно е да му се предадеш на некаков занес, па макар и неразумен, но кој сепак произлегол од голема љубов... отколку воопшто да не му се предадеш. А дотолку повеќе во младоста, зашто не е сигурно тоа момче што секогаш премногу размислува, мала е неговата цена, — такво ви е моето мислење! „Но, — можеби ќе речат умните луѓе, — не може секое момче да верува во таква предрасуда, и вашето момче не е пример за другите". А на тоа јас ќе одговорам: да, моето момче веруваше, веруваше свето и непоколебливо. Но јас сепак, не ве молам да му простите.

Но ете, иако горе изјавив (можеби премногу рано) дека нема да се објаснувам, да се извинувам, и да го оправдувам својот јунак, сепак гледам дека нешто мора да се објасни заради натамошно сфаќање на мојот расказ. Еве што ќе кажам: тука не станува збор за чудо. Ниту се работеше за нестрпливо и лесномислено очекување на чудо, ниту пак тогаш на Аљоша му беа потребни чуда, заради триумф на некои убедувања (тоа воопшто не) нити заради некаква однапред усвоена идеја, која побрзо би триумфирала над друга — о, не, воопшто не! Тука, во сето тоа, и пред сè, пред него стоеше лицето, и само лицето — лицето на неговиот сакан старец, лицето на оној праведник, кого тој го почитуваше до боготворење. Токму тоа и е сета љубов што се криеше во неговото младо и чисто срце спрема „сè и сите", во тоа време и цела година пред тоа, понекогаш сета се концентрираше, можеби и неправилно, само на едно суштество, барем во најсилните импулси на срцето на

Аљоша, на неговиот сакан старец, кој сега почина. Вистина, тоа суштество толку долго стоеше пред него, како неоспорен идеал, што сите негови мали сили, и сите негови стремежи и не можеа поинаку освен да се упатат исклучиво кон тој идеал, и понекогаш просто до заборавање на „сè и на сите". (Тој после се сеќаваше дека во тој тежок ден сосема го заборавил брата си Дмитриј, за кого вчера толку се грижеше и тагуваше; заборави да му однесе и на татко му на Иљуша двесте рубли, кое толку пламено сакаше да го направи, исто така вчера). Но нему сепак не му беа потребни чуда, туку само „највисока правда", која, според неговото верување, сега беше нарушена, и со кое толку немилосрдно и ненадејно беше рането неговото срце. И што има во тоа оти таа „правда" во очекувањето на Аљоша, со самиот тек на работите, доби облик на чудо, кое тој веднаш го очекуваше од земските остатоци на својот обожаван бивш раководител? Па така мислеа и очекуваа сите во манастирот, дури и оние чиј ум Аљоша високо го ценеше, на пример, самиот отец Паисиј; па така и Аљоша, не вознемирувајќи се себеси со никакви сомневања, на својата фантазија ѝ даде ист облик како и сите други. Најпосле, уште одамна тоа така беше врежано во неговото срце, во текот на сите години манастирски живот, и неговото срце веќе беше навикнато така да очекува. Но тој копнееше по правда, по правда, а не само по чуда! И ете, оној што, според неговата надеж, требаше да биде издигнат над сите на целиот свет, ете, тој, наместо славата што му прилегаше, сега наеднаш е соборен и посрамотен! Зошто? Кој, кој пресуди така? — тоа е прашањето што веднаш го измачи неговото неискусно и невино срце. Тој не можеше без навреда, па дури и без длабока налутеност да истрпи оти најправедниот меѓу најправедните е осуден на толку подбивно и пакосно исмевање од таа лесномислена толпа што беше толку понижа од него. Најпосле добро, нека нема воопшто чудо, нека не се појави ништо необично, и, всушност, нека не се појави она што се очекуваше — но зошто да се појави нешто неславно, зошто да се дозволи срамота, зошто такво брзо гниење, „што ја испревари природата", како што зборува пакосните

монаси? Зошто таков „знак“, што тие сега со таков триумф го толкуваат заедно со отец Ферапонт? И зошто тие веруваат дека дури добиле право така да го толкуваат? Па, каде е тогаш провидението и неговиот прст? Зошто тоа го скри својот прст „во најпотребниот момент?“ (размислуваше Аљоша) токму како да пожелуваше да се потчини себеси на немите, немилосрдни природни закони?

Ете зошто крвавеше срцето на Аљоша? Се разбира, како што веќе реков, пред сè тука стоеше ликот што тој го сакаше над сè во светот; и токму тој лик „посрамотен“, тој лик „лишен од слава“! Дури и да беше тоа бунтување на моето момче и лесномислено и неразумно, јас сепак, и по трет пат повторувам (и однапред се согласувам дека можеби и тоа е лесномислено): мене ми е мило што тоа мое момче не се покажа разумно во тој момент, зашто разумот бездруго ќе дојде до израз кај човекот што не е глупав ,а ако во толку извонреден момент не се најде љубов во срцето на момчето, тогаш кога ќе дојде таа? Не би сакал овој пат да премолчам една чудна појава, која, вистина, само за момент, се јави во неговиот ум во тој кобен и за Аљоша метежен момент. Тоа ново нешто што за миг се појави беше некаков мачен впечаток од вчерашниот разговор со брат му Иван, на кого Аљоша сега пак непрестајно се сеќаваше. Токму сега. О, не само што во неговата душа се колебаше нешто од основните, така да се каже, стихиските нејзини верувања. Својот бог тој го сакаше и во него цврсто веруваше, иако ненадејно почна да се бунтува против него. Сепак, некаков нејасен, мачен, и лош впечаток од сеќавањето на вчерашниот разговор со брат му Иван сега наеднаш пак се сврти во неговата душа и сè повеќе се напнуваше да излезе на нејзината површина. А кога веќе почна убаво да се стемнува, Ракитин, кој поминуваше низ боровиот шумјак од скитот кон манастирот, го забележа Аљоша како лежи ничкум под едно дрво, неподвижен и заспан. Тој му пријде, и му викна:

— Тука ли си, Алексеј? Па зарем . . . — почна тој изненаден, но застана пред да доврши. Сакаше да каже: „Па зарем ти дојде дотаму?“

Аљоша не го погледна, но по неговото движење Ракитин веднаш сфати дека го слуша и го разбира.

— Што станува со тебе? — се чудеше Ракитин и понатаму, но чудењето на лицето почна да му се заменува со насмевка, која сè повеќе и повеќе се претвораше во подбив.

— Слушај, јас те барам повеќе од два часа. Наеднаш ти исчезна оттаму. А што правиш овде? Какви се тие лудости? Зошто не ме погледнеш? . . .

Аљоша ја крена главата, седна и се потпре со грбот на дрвото. Не плачеше, но на лицето му беше нацртана болка, а во погледот му се гледаше лутина. Впрочем, не гледаше во Ракитина, туку некаде настрана.

— Знаеш, ти сосем си се изменил во лицето. Ја нема твојата некогашна прочуена покорност. Сигурно си се налутил на некого. Да не те навредил некој?

— Тргни се од мене! — рече наеднаш Аљоша, сè уште не гледајќи во Ракитина и уморно одмавнувајќи со раката.

— Охо, токму така! па ти почна да се дереш како сите смртници. А божем си анѓел! Е, Аљоша, ме изненади, да знаеш, искрено ти велам. Јас одамна не се чудам на ништо овде. Но тебе, сепак, те сметав за образован човек . . .

Најпосле Аљоша го погледна, некако расеано, како уште слабо да го разбира.

— Дали си таков само затоа што твојот старец почна да смрди? Па зарем сериозно веруваше дека по смртта тој ќе изведува чуда! — викна Ракитин, пак преминувајќи во најискрено чудење.

— Верував, верувам, и сакам да верувам во тоа, и ќе верувам. И уште што сакаш? — налутено викна Аљоша.

— Ама ништо, гулапче! Уф, по ѓаволите, па денеска во тоа не верува ни тринаесетгодишно момче. Впрочем, ѓавол . . . значи, ти сега си му се налутил на твојот бог си се разбунтувал: те одминале при унапредувањето, не ти дале орден за празникот! Ех, вие . . .

Аљоша се загледа во Ракитина, некако продолжително и подмижувајќи, а во очите наеднаш нешто му светна... Но не гнев спрема Ракитин.

— Јас не се бунтувам против мојот бог, туку само „не го примам неговиот свет“ — наеднаш кисело се насмевна Аљоша.

— Како тоа: не го примаш овој свет? — Ракитин малку се подзамисли над неговиот одговор, — какви се тие штогодни работи?

Аљоша не одговори.

— Но, доста за глупости; а сега да минеме на работата: дали си јал нешто денеска?

— Не се сеќавам... Јадов, изгледа.

— Треба да се поткрепиш, судејќи по твојот изглед. Имаш жален изглед. Слушам дека ноќеска воопшто не си спиел, сте имале некаква седница. А после, сета оваа брзаница, и турканица. Ако си каснал само малку нафора. Имам во џебов малку колбас, пред малку го зедов в град, за секој случај, кога идев наваму. Само не верувам дека ти колбас...

— Дај колбас.

— Аха! Значи така! Значи, вистински бунт — барикади! Да, брате, таа работа не треба да се пренебрегнува. Да одиме кај мене... Јас би се напил и некоја чашка ракија, многу сум уморен. Се разбира, за ракија нема да се решиш... Или пак, можеби ќе се напиеш?

— Дај ми и ракија.

— Види, види! Чудно, брате! — го погледна Ракитин вчудовидено. — Најпосле, сеедно. Ракија или колбас, но таа работа е добра, и не смееме да ја пропуштиме, да одиме.

Аљоша молкома стана од земјата и појде по Ракитин.

— Сега да те види брат ти Вањичка, многу ќе се изненади! Навистина, брат ти, Иван Фјодорович, ја спрашти изутрина во Москва — знаеш ли за тоа?

— Знам, — рамнодушно рече Аљоша. И наеднаш му изникна во свеста ликот на брат му Дмитриј, но само изникна, иако го потсети на нешто, на некаква итна работа што ни за миг не можеше да се одлага.

Но дури ни тоа не му остави никаков впечаток, не стаса до неговото срце, туку во истиот момент му испари од свеста, и тој го заборави. После Аљоша долго се сеќаваще за тоа.

— Брат ти Ванѣичка, еднаш за мене рече дека сум „бездарно либерално дувало“. А ти еднаш не издржа па ми стави на знаење дека сум „нечесен“. Па добро! Сега ќе ја видам вашата надареност и чесност (довърши Ракитин, но веќе во себе, со шепот). Пхи! Слушај! — почна пак тој гласно, — да го заобиколиме манастиров, па да одиме в град право по патеката... Хм! и инаку би требало да наминам кај Хохлакова. Замисли си, ѝ пишав за сè што се случи, и, слушај, таа во истиот момент со писменце, со молив (таа дама многу сака да пишува писменце) ми одговара дека „воопшто не очекувала таква постапка од толку почитуваниот старец каков што е отец Зосима!“ Токму така напиша: „Постапка!“ И, брате, се налути! Ух, какви сте сите вие! Чекај! — викна тој пак ненадејно, наеднаш запре и фаќајќи го Аљоша за рамото го запре и него.

— Знаеш, Аљоша, — му гледаше во очите испитувачки, сиот под впечатокот на ненадејната мисла што му светна наеднаш; па иако божем се смееше, очигледно се плашеше гласно да ја изговори новата ненадејна мисла: во толкава мера сè уште не можеше да поверува во расположението, за него чудно и неочекувано, во кое сега го виде Аљоша. — Аљошка, знаеш ли каде би било најдобро да одиме сега? — рече тој најпосле некако молбено и срамежливо.

— Сеедно... Каде што сакаш.

— Да одиме кај Грушенка, а? Сакаш ли? — изговори најпосле Ракитин, со страв очекувајќи го одговорот.

— Да одиме кај Грушенка — одговори Аљоша мирно и веднаш: но за Ракитина тоа веќе беше толку неочекувано, тоест толку брзо и мирно согласување, што тој за малку не отскокна назад.

— Е!... Ете! — викна тој, речиси вчудовиден, но наеднаш цврсто го фати Аљоша под мишката, и брзо го повлече по патеката, сè уште многу плашејќи се

дека ќе исчезне неговата решителност. Одеа молкома. Ракитин се плашеше дури и да проговори.

— Колку ќе се зарадува таа, колку ќе се зарадува!... — почна тој да мрмори, но пак замолчи.

Впрочем, тој не го влечеше Аљоша кај Грушенка за да ја зарадува неа; тој беше сериозен човек, и не преземаше ништо без некаква корист за себе. А сега имаше двојна цел: прво — одмаздничка, тоест да го види „срамот на праведникот“ и веројатното „паѓање“ на Аљоша „од светец во грешник“, во кое уште однапред уживаше; а второ — тој тука имаше и некаква материјална, за него многу пресметана цел, за која ќе се зберува подоцна.

„Значи, излезе таков момент“ — си мислеше тој во себе весело и злорадо — „а ние, значи, ќе го зграпчиме за јаката тој момент, зашто за нас, тој е многу згоден“.

III

Главица лук

Грушенка живееше во најживиот дел на градот близу Соборниот плоштад, во куќата на Морозова вдовица на трговец. Таму држеше под наем една малечка куќа во дворот. Куќата на Морозова беше голема, *ѕидана* на кат, стара и со многу непривлечен изглед. Во неа повлечено живееше самата газдарица, стара жена, со своите две внуки од сестри, веќе постари девојки. Таа немаше потреба куќата во дворот да ја издава под наем, но сите знаеја дека таа ја пуштила Грушенка како станарка (уште пред четири години) само за љубов на својот роднина, трговецот Самсонов, јавниот заштитник на Грушенка. Се зборуваше дека љубоморниот старец, кога ја смести својата „фаворитка“ кај Морозова, го има предвид острото око на бабата, за да внимава на поведението на својата станарка. Но тоа остро око многу бргу стана непотребно. Заврши со тоа што Морозова дури и ретко се гледаше со Грушенка и најпосле не ѝ додеваше со никаков надзор. Вистина, веќе минаа четири години, откако старецот ја довезе во оваа куќа од губернискиот

град осумнаесетгодишната девојка, плашлива, срамежлива, тенка, слабичка, замислена и тажна — и од тоа време многу вода има истечено. Биографијата на оваа девојка луѓето во нашиот град, впрочем, ја знаеја малку и несигурно; ништо повеќе не се дозна ни во последно време, дури ни тогаш кога веќе мнозина почнаа да се интересираат за толку „ретката убавица", во каква што се претвори Аграфена Александровна во овие четири години. Се зборуваше само дека уште како седумнаесетгодишна девојка ја излажал некој, божем некаков офицер, кој потоа веднаш ја оставил. Тој офицер божем отишол некаде и потоа се оженил, а Грушенка останала посрамена и во сиромаштија. Се раскажуваше уште, дека иако Грушенка нејзиниот старец ја зел од сиромаштија, дека таа е од чесно семејство, и дека по потекло е од свештеничкиот сталеж, ќерка на некој си парохиски ѓакон, или такво нешто. И сега, за четири години од чувствителната, навредена и кутра сиромашка жена, излезе румена, јадра, руска убавица, жена со смел и решителен карактер, горда и дрска, која ја знаеше вредноста на парите, умееше да ги спечали, беше скржава и претпазлива, која не избирајќи средства веќе беше успеала, како што се зборуваше, да скрпи свое капиталче. Воедно, меѓутоа, сите беа убедени: дека тешко може да се пријде до Грушенка и дека освен старецот, нејзиниот покровител, уште не се нашол човек во четирите години што би можел да се пофали со нејзината благонаклоност. Тој факт беше точен, зашто неа, заради здобивање на таа благонаклоност, ја напаѓаа не мал број додворувачи, особено во последните две години. Но сите обиди се изјаловија; некои од тие претенденти, мораа да се повлечат со комичен и незгоден расплет, благодарение на решителниот и подбивен отпор на младата карактерна личност. Се знаеше уште дека таа млада личност, особено во последните години, се има впуштено во она, што се вика „шпекулација", и дека во тој поглед има покажано вонредни способности, така што, најпосле, мнозина ја нарекоа вистинска Еврејка. Не да речеш оти даваше пари под лихва, но беше познато, на пример, дека заедно со Фјодор Павлович Кара-

мазов некое време се занимавала со купување меници по многу ниска цена, по десет копејки за рубла, а после на некои од тие меници заработила по рубла на десет копејки.

Болниот Самсонов, кој во последната година не можеше да се служи со своите потечени нозе, вдовец, тиранин на своите возрасни синови, кој „лежеше на стотици илјади", скржав и бездушен човек, потпадна под силно влијание на својата фаворитка, која отпрвин ја држеше „во цврсти раце" и на „посна храна", како што зборуваа тогаш нашите шегации. Но Грушенка успеа да се еманципува влевајќи му безгранична доверба во поглед на верноста спрема него. Тој старец, многу деловен човек (сега веќе одамна покојник), имаше, исто така, необичен карактер, а што е најважно, беше скржав и цврст како кремен; Грушенка го победи, го освои, така што тој без неа не можеше да живее (во последните две години, на пример, тоа така и беше), но тој не ѝ одвои некој поголем, позначителен капитал и дури и да му се закануваше дека наполно ќе го остави, тој и тогаш ќе останеше неумолив. Но затоа ѝ одвои помал капитал а кога се дозна за тоа, и за тоа сите се чудеа. „Ти си вешта жена — рече тој, одвојувајќи и едно осум илјади — па сега работи сама, но знај дека освен годишното издржување, како досега, сè до мојата смрт од мене нема да добиеш ништо, а нема да ти препишам ништо ни во тестаментот". И си достоја на зборот: умре и сè им остави на синовите, што целиот живот ги држеше кај себе како слугинчиња, на нивните жени и деца, а Грушенка во тестаментот не ја ни спомна. Сето тоа се дозна после. А со совети: како да ракува „со својот капитал", тој на Грушенка ѝ помогна многу и ѝ покажуваше во „работите".

Кога Фјодор Павлович Карамазов, кој првобитно се поврза со Грушенка при една случајна шпекулација, и за себе неочекувано, во неа се заљуби како луд, и речеси како да го загуби умот, старецот Самсонов, кој во тоа време веќе „мирисаше на темјан", многу му се подбиваше. Паѓа в очи дека Грушенка со својот старец, за сето време на нивното познанство, беше со-

сем искрена и тоа изгледа само со него на светов. Дури во последно време, кога со својата љубов се појави и Дмитриј Фјодорович, старецот повеќе не се смееше. Напротив, еднаш сериозно и строго ја посоветува Грушенка: „Ако веќе сакаш да избираш од нив двајца, таткото или синот, одбери го старецот, но така што стариот подлец бездруго да те земе за жена, а претходно да ти препише барем некаков капитал. А со капетанот немој да се врзуваш — не ќе биде добро". Тоа беа зборовите што стариот сладострасник ѝ ги рече на Грушенка; тој тогаш веќе ја претчувствува блиската смрт; и навистина, пет месеци по тој совет, умре. Патем уште забележувам: иако кај нас во градот мнозина знаеја за лошото и грдо соперништво на Карамазови, на таткото и синот, чиј предмет беше Грушенка, малцина ја сфаќаа вистинската смисла на нејзините односи спрема двајцата, спрема старецот и синот. Обете слугинки на Грушенка (кога веќе профучи катастрофата за која ќе стане збор подоцна) посведочија после на судот дека Дмитрија Фјодоровича Аграфена Александровна го примала само од страв, затоа што „се заканувал дека ќе ја убие". Грушенка имаше две слугинки: една многу стара, готвачка уште од нејзината родителска куќа, болна и речиси оглувена, и нејзината внука, млада, жива девојка, на едно дваесетина години, собарица. Инаку Грушенка живееше скржаво и многу скромно. Имаше само три соби, за кои газдарицата ѝ даде мебел — старински, од махагон, во стилот на дваесеттите години. Кога дојдоа кај неа Ракитин и Аљоша, веќе беше наполно стемнето, но собите уште не беа осветлени. Грушенка лежеше во салонот, на своето големо несмасно канабе, со потпирач од махагон, грубо и обложено со излижана и испокината кожа. Под главата имаше две бели перници со пердуви од нејзината постела. Лежеше ничкум, неподвижно испружена а рацете и беа ставени под главата. Беше облечена, како да очекува некого, во црн свилен фустан, а на главата имаше лесно капче од тантела кое многу добро ѝ стоеше. Преку рамото имаше префрлено шамија од тантела, закачено со масивна златна украсна игла. Таа навистина некого чекаше:

лежеше како во некаква тага, и нестрплива, со малку побледено лице, со врели усни и очи, нестрпливо тропкајќи со крајот на десната нога по потпирачот на канабето. Само што се појавија Ракитин и Аљоша, кај неа како да се случи некаква мала забуна; од претсобјето се слушна како Грушенка бргу скокна од канабето, и наеднаш уплашено викна: „Кој е?“ Гостите ги пречека девојка и веднаш ѝ јави на госпоѓата:

— Не се тие, овие се други, не вознемирувајте се.

— Што има кај неа? — промрмори Ракитин, воведувајќи го во салонот Аљоша за рака.

Грушенка стоеше до канабето, сè уште уплашена. Една густа киска на нејзината темно кафена коса, ѝ падна на десното рамо, но таа не го забележи тоа и не го поправи сè додека не ги изгледа убаво гостите и не ги позна.

— Ах — тоа си ти, Ракитка? Колку ме уплаши! Со кого си? Кој е со тебе? Господи, ете кого ми го довел! — викна таа штом го позна Аљоша.

— Па нареди да ни донесат свеќи — рече Ракитин со слободно држење на близок познаник и близок човек кој има право дури и да наредува во куќата.

— Свеќи... се разбира... свеќи, Фења, донеси му свеќа... Убаво време си избрал за да го доведеш! — викна таа пак, нишнувајќи му со глава на Аљоша, и свртувајќи се кон огледалото, бргу почна да си ја дотерува косата со обете раце. Како да беше малку незадоволна.

— Што, зарем не погодив? — праша Ракитин наоѓајќи се веднаш навреден.

— Ме уплаши, Ракитка, ете што! — се сврти Грушенка со насмевка кон Аљоша. — Не плаши се од мене, мил Аљоша! Не знаеш колку се зарадував поради тебе, мој ненадеен гостину. А ти, Ракитка, ме уплаши; јас веќе си помислив дека влегува Митја. Зашто пред малку го излажав и зедов од него чесен збор да ми верува, а, всушност, го излагав. Му реков, дека оваа ноќ ќе одам кај мојот старец, Кузма Кузмич и дека со него ќе бројам пари. Зашто секоја недела навистина одам кај него цела ноќ за да ги напра-

виме сметките. Се заклучуваме: тој смета на сметалката, а јас седам, запишувам во книгите. — Тој само во мене има доверба. И Митја поверува дека сум таму, а јас, еве, затворена сум дома — седам и очекувам вести. Како ве пуштила Фења! Фења, Фења! Трчај на вратата, отвори ја и види да не е наоколу капетанот. Можеби е скриен некаде и демне — многу се плашам од него!

— Нема никого, Аграфена Александровна, токму сега разгледав насекаде; јас постојано одам и ширкам низ клучалката, зашто и самата сум умрена од страв.

— А дали ги имаш затворено капаците на прозорците, Фења? И завесата треба да се спушти — ете така! — таа самата ги спушти тешките завеси. — Зашто тој ќе долета по светлината. Аљоша, денеска се плашам од Митја, од брат ти.

Грушенка зборуваше гласно — вистина вознемирена, но речиси како во некаква радосна возбуденост.

— А зошто денеска толку се плашиш од Митјенка? — праша Ракитин. — Изгледа, ти не се плашиш од него: тој игра како што свириш ти.

— Ти велам, очекувам вести, една златна вест, така што Митјенка сега воопшто не ми треба. А изгледа не ми ни веруваше многу, дека вечерва ќе бидам кај Кузма Кузмич го чувствувам тоа. Тој сега сигурно седи дома, кај Фјодор Павлович, длабоко во градината, и ме демне. Ако е заседнат таму, ваму нема да дојде — дотолку подобро! А навистина отрчав до Кузма Кузмич; Митја уште и ме испрати. Му реков дека таму ќе останам до полноќ и бездруго да дојде на полноќ за да ме испрати до дома. Тој си отиде, а јас кај старецот останав десетина минути ,па пак ваму. Уф, колку се исплашив — трчав дома, само за да не се сретнеме!

— А зошто си така дотерана? Види колку убаво ти стои капчето!

— А зошто си ти љубопитен, Ракитине! Нели ти кажав дека очекувам една вест? Ако дојде таа вест, ќе скокнам и ќе летнам, како да ме немало овде! Ете затоа се дотерав, за да бидам готова.

— А каде ќе летнеш?

— Тој што знае многу, бргу ќе остари.

— Види ја ти неа! Сета е радосна... Никогаш досега не сум те видел ваква. Се дотерала како за на бал, — ја посматраше Ракитин.

— Многу се разбираш ти од балови!

— А ти се разбираш?

— Па јас сум видела бал. Предминатата година Кузма Кузмич го женеше сина си, па гледав од галеријата. Но, Ракитка зарем сега јас со тебе да разговарам, кога овде ми седи ваков кнез? Ете, тоа ми е гостин! Аљоша, мил мој, те гледам, па речиси не верувам. Господе боже, од каде ти кај мене! Вистина ти велам, ниту чекав, ниту претчувствував, и никогаш порано не би верувала дека би можел да дојдеш. Иако сега не е погоден моментот, многу ми е мило! Седни на канабево, еве ваму, ете така, моја млада месечино. Богами, навистина уште не можам да си дојдам на себе... Ех, ти, Ракитка, зошто не го доведе вчера или завчера!... Но и вака ми е мило. Можеби уште и подобро е што го доведе сега, во овој момент, а не завчера.

Таа наеднаш седна крај Аљоша на канабето, сосем до него, и го гледаше восхитена. И навистина ѝ беше мило — не лажеше кога го рече тоа. Очите ѝ гореа. Аљоша дури не се ни надеваше дека на нејзиното лице ќе забележи толку добар израз...

До вчерашниот ден тој со неа малку се гледаше. За неа си создаде страшно мислење, а вчера беше многу потресен од нејзиниот пакосен и подмолен испад против Катарина Ивановна; и сега многу се изненади што наеднаш откри во неа речиси сосем поинакво и неочекувано суштество. И, колку и да беше измачен од сопствениот јад, неговите очи и не сакајќи внимателно се запреа на неа. Сите нејзини манири, исто така, како да се изменија кон подобро од вчерашниот ден: речиси воопшто го немаше она вчерашното тегавење во зборувањето, оние разгалени и извештачени движења... Сега сè беше едноставно, простодушно, движењата брзи, искрени, доверливи: само беше многу возбудена.

— Господи, какви работи не се случуваат денеска, навистина! — почна таа да зборува! — И зошто ли толку му се радувам на твоето доаѓање, Аљоша, ни самата не знам! Еве прашај ме, јас не знам.

— Навистина ли не знаеш зошто се радуваш? — се насмевна Ракитин. — Па зошто тогаш порано настојуваше: доведи ми го, доведи го! — секако, си имала некаква цел.

— Порано имав друга цел, а сега тоа мина, сега не е погоден моментот. Сега ќе ве честам, ете што. Сега јас станав подобра, Ракитка. Ама седни и ти, Ракитка, зошто стоиш? А, ти веќе си седнал? Го знам јас Ракитка — тој не се заборава себеси! Еве го, Аљоша, седи спроти нас, и се најде навреден што не го понудив да седне пред тебе. Уф, колку навредлив е мојот Ракитка, навредлив! — се засмеа Грушенка. — Не лути се, Ракитка, сега јас сум добра. Но зошто си ти толку невесел, Аљошечка? или се плашиш од мене? — му погледна таа во очите со весел подбив.

— Тој е ужален. Не добил унапредување — рече во бас Ракитин.

— Какво унапредување?

— Неговиот старец почна да смрди.

— Како да смрди? Што тропаш сенешто! Сакаш да кажеш нешто лошо. Молчи, будала! Ќе ми дозволиш ли Аљоша, да ти седнам малку во скутот! Еве вака!

И таа наеднаш нагло стана, и му скокна во скутот смеејќи се како маченце, што се гали, прегрнувајќи го нежно со десната рака.

— Ќе те развеселам јас тебе, мое побожно момче. Навистина, дали ќе ми дозволиш малку да ти поседам на скутов? Нема ли да се лутиш? Ако наредиш, веднаш ќе станам.

Аљоша молчеше. Тој седеше плашејќи се да се мрдне. Ги слушна нејзините зборови: „Ако заповедаш — веднаш ќе станам“, но не одговори, како да беше отрпнат. Но, во него немаше ништо од тоа што би можел да го очекува и што би можел да си го замисли кај него сега, на пример, Ракитин, кој копнежливо посматраше од своето место. Големата тага на душата

на Аљоша ги потискаше сите чувства што можеа да се зачнат во неговото срце. И да можеше во овој момент да си даде полно објаснување, тој самиот ќе видеше дека сега е во најсилен оклоп против секое соблазнување и искушение. И покрај сето тоа, и покрај сета нејасност на неговата душевна состојба и покрај сета тешка тага, тој сепак и не сакајќи му се восхитуваше на едно ново и чудно чувство, што се раѓаше во неговото срце: оваа жена, оваа „страшна" жена, не само што сега не го плашеше како порано, со страв што се јавуваше порано кај него при секоја помисла за жена, ако таа макар и нејасно се појавеше во неговата душа; напротив, оваа жена, од која тој се плашеше повеќе отколку од другите, и која сега му седеше во скутот и го галеше — предизвикуваше во него, нешто сосем друго, неочекувано и посебно чувство, чувство на некеакво необично, најголемо и најпростосрдечно љубопитство, и сето тоа без некаков страв, без ни најмалку од поранешниот страв, ете што беше важно и што го чудеше без да сака.

— Оставете ги празните дрдорења! — викна Ракитин. — Туку подобро дај ваму шампањско; ми должиш, знаеш и самата.

— Се разбира дека сум ти должна. Зашто, Аљоша, покрај другото и шампањско му ветив ако те доведе. Дај, шампањско, и јас ќе пијам! Фења, Фења, дај шампањско, шишето што го остави Митја. Брзо трчај! Иако сум скржава, ќе ви изнесам едно шише; не за тебе, Ракитка, ти си паразит, а тој е кнез! Па иако сега душава не ми сака такво нешто, сеедно, и јас ќе пијам со вас, сакам да се развеселам!

— Ама каков ти е тој момент, и каква ти е таа „вест", ако е слободно да се праша? Или можеби е тајна? — пак љубопитно дофрли Ракитин, напрегнувајќи се со сета сила да изгледа како да не им обрнува внимание на ударите што ги добиваше по носот едноподруго.

— Ех, не е тајна! Ти знаеш — наеднаш загрижено проговори Грушенка, свртувајќи ја главата кон Ракитин и одвојувајќи се малку од Аљоша, иако сè уште

седеше во неговиот скут и го гушкаше. — Доаѓа офицерот, Ракитине, доаѓа мојот офицер!

— Слушнав дека доаѓа. Па зарем веќе е толку блиску?

— Сега е во Мокрое, оттаму ќе ми испрати порака, така ми пишува... Пред малку добив писмо. Седам и ја чекам пораката.

— А зошто во Мокрое?

— Многу треба да се раскажува, а за тебе и тоа е доста.

— Опа! А ако ти дојде сега Митјенка! Знае ли тој за тоа или не?

— Кој вели дека знае! Од каде да знае! Ако дознае, ќе ме убие. Но, сега ни најмалку не се плашам од тоа; сега не се плашам од неговиот нож. Молчи, Ракитка, не зборувај ми за Дмитриј Фјодорович. Сето срце ми го здроби. А во овој миг не сакам да мислам за ништо. Еве, за Аљоша можам да мислам, Аљоша го гледам... Ама насмевни ми се, гулапче, развесели се од мојава глупост, насмевни ѝ се на мојата радост!... Гледај, се насмевна, се насмевна! Види колку мило ме гледа. Аљоша, знаеш, јас постојано мислев дека ти мене ми се лутиш поради тоа вчерашното, поради госпоѓицата. Јас бев куче, ете, што да правам! Само, сепак добро е што се случи така. И лошо беше тоа, а и добро беше — наеднаш замислено се насмевна Грушенка — и некаква свирепа црта се појави во нејзината насмевка. — Митја кажуваше дека викала: „Треба да се истепа!“ Тогаш премногу ја гризнав за срцето! Ме покани, сакаше да ме победи, веројатно да ме купи со својата чоколада... Да, многу добро е што се случи така — пак се насмевна таа. — Само постојано се плашам дека и ти се налути..

— Така е! — дофрли наеднаш Ракитин сериозно чудејќи се. — Аљоша, таа навистина се плаши од тебе! Од вакво пиле.

— Ракитка, за тебе тој и е пиле... Зашто ти немаш совест. Гледаш, јас, јас го сакам од дното на душата! Веруваш ли, Аљоша, дека те сакам од дното на душата.

— Ах, бесрамнице! Алексеј, таа тебе ти изјавува љубов!

— Па што? Јас и го сакам.

— А офицерот? А златната вест од Мокрое?

— Тоа е едно, а ова е друго.

— Ете како излегува по женската логика.

— Не лути ме, Ракитка — пламено прифати Грушенка — ова е едно, а тоа е друго. Јас Аљоша го сакам на друг начин. Вистина, Аљоша, имав подмолна мисла во однос на тебе. Но јас сум ниска, јас сум незауздана, а понекогаш, Аљоша, на тебе гледам како на своја совест. Постојано си мислам: колку ли мора да ме презира еден таков како тебе. И завчера мислев така, кога дотрчав ваму од кај госпоѓицата. Одамна те забележав јас, Аљоша; тоа го знае и Митја, и нему сум му го кажала тоа. А Митја сфаќа. Веруваш ли, понекогаш, богами, Аљоша, те гледам па ми е срам, непрестајно се срамам од тебе... А како дојде до тоа така да почнам да мислам за тебе и од кое време, не знам и не паметам...

Влезе Фења и го стави послужавникот на маса; на него отворено шише и три наполнети чаши.

— Шампањското е донесено! — викна Ракитин. — Ти си возбудена, Аграфена Александровна, и не си при себе. Штом ќе ја испиеш чашата ќе заиграш. Е-ех, ни тоа не го направија како што треба! — додаде тој, разгледувајќи го шампањското. — Бабата турила во кујната, и шишето го донесле без затка, и не е ладно. Но да се напиеме, макар и така.

Тој се добилижи до масата, зеде чаша, ја испи наеднаш, и си тури друга.

— Нема секој ден шампањско — проговори тој оближувајќи се. — Ајде, Аљоша, земи си ја чашата, покажи се. А за што да пиеме? За рајската врата? Земи, Грушка, земи чаша, пиј и ти за рајската врата?!

— А за каква рајска врата?

Таа ја зеде чашата; Аљоша ја зеде својата, пивна една голтка, и ја врати чашата назад.

— Не, подобро да не пијам — се насмевна тивко.

— А се фалеше! — викна Ракитин.

— Е, ако е така, тогаш нема да се напијам — прифати Грушенка — а навистина не ми се пие. Напиј се, Ракитка, испи го целото шише. Кога ќе пие Аљоша, ќе пијам и јас.

— Какви се тие нежности! — ја боцна Ракитин. — А ваму му седи во скутот! Тој е, да речеме, ужален, а тебе што ти е? Тој се разбунтува против својот бог, веќе сакаше и колбас да јаде...

— А зошто така?

— Денеска му умре старецот, старецот Зосима, светецот.

— Значи умре старецот Зосима? — викна Грушенка. — Господи, а јас ништо не знам! — Таа побожно се прекрсти. — Господи, па што правам јас! Јас му седам во скутот! — наеднаш таа се тргна уплашено, и вмиг скокна од неговиот скут и се премести на канабето.

Аљоша долго време со чудење гледаше во неа, а на лицето како да му светна нешто.

— Ракитине — проговори тој наеднаш гласно и решително. — Не задевај ме дека сум се разбунтувал против мојот бог. Не сакам да имам лошотија во мојата душа спрема тебе, па затоа и ти биди подобар. Јас изгубив богатство какво што ти никогаш не си имал, и ти не можеш да ми бидеш судија. Подобро погледни ваму во неа: виде ли како ме поштеди? Јас дојдов овде за да најдам зла душа, — нешто ме тераше кон тоа, зашто бев подлец и зол а најдов искрена сестра, најдов богатство, душа што сака... Таа сега ме поштеди... Аграфена Александровна, ова го зборувам за тебе. Ти сега ја оживи мојата душа.

На Аљоша му затреперија усните и му се зеде здивот. Тој стана.

— Зошто те спаси! — се засмеа Ракитин пакосно. — А сакаше да те голтне, знаеш ли?

— Стој, Ракитка! — скокна наеднаш Грушенка — Молкнете двајцата! Сега јас ќе кажам сè: Аљоша, ти молчи, зашто од таквите твои зборови ми е срам, зашто сум лоша, а не добра; да, таква сум јас. А ти, Ракитка, молчи, зашто лажеш. Порано имав подла

мисла да го голтнам а сега лажеш! Сега воопшто не е така . . . И глас да не ти чујам повеќе, Ракитка.

Сето тоа Грушенка го изговори со необична возбуда.

— Види како побеснеа двајцата! — викна Ракитин, посматрајќи ги и двајцата зачудено, — како споулавени! Токму како да сум дошол во луда куќа. Се трогнале еден со друг, сега ќе има и плачење.

— И ќе плачам, и ќе плачам! — повторуваше Грушенка. — Тој ме нарече сестра, и јас никогаш нема да го заборавам тоа! Само еве што, Ракитка, иако сум лоша, сепак сум дала главица лук. —

— Каква главица? Уф, по ѓаволите, ама вие сте навистина поулавени.

Ракитина го зачудуваше нивното восхитување и навредено се лутеше, иако можеше да види дека кај двајцата беше собрано сè што можеше да им ги потресе душите, како што ретко се случува во животот. Но Ракитин, кој умееше многу чувствително да сфаќа сè што би се однесувало на него, беше многу груб, кога требаше да ги сфати чувствата на ближните, од една страна поради својата младешка неискусност, а од друга, и поради својата голема себичност.

— Гледаш, Аљошечка — наеднаш и нервозно се засмеа Грушенка, обрнувајќи му се. — Јас на Ракитка му се пофалив дека сум дала главица лук, а тебе нема да ти се пофалам, тебе тоа ќе ти го кажам со поинаква намера. Тоа е само приказна, но тоа е убава приказна, јас уште како дете сум ја чула од мојата Матрјона, која сега ми е готвачка. Еве како беше тоа: „Си живеела никогаш една жена, до немајкаде пакосно, па умрела. И по себе не оставила никакво добро дело. Ја зграпчиле ѓаволите и ја фрлиле во огнено езеро. А нејзиниот анѓел чувар стои и си мисли: дали би можел да се сетам за некое нејзино добро дело, па да му го кажам на бога? Се сетил и му рекол на бога: таа, вели, во градината откорни главица лук, и му ја даде на еден питач. А бог одговори: тогаш, вели, таа главица лук, пушти ја накај езерото, та жената нека се фати за неа, и нека исплива надвор со нејзина по-

мош. Ако ја извлечеш надвор од езерото, нека оди во рајот, а ако лукот се скине, тогаш жената нека остане таму каде што е. Потрча анѓелот кај жената, и ѝ подаде главица лук: на, вели, жено, фаќај се, обиди се да се вратиш назад. И почнал внимателно да ја влече, и веќе ја имал речиси сета извлечено, но другите грешници во езерото, кога виделе како ја влечат надвор, сите почнале да се фаќаат за неа, за да ги извлечат и нив заедно со неа. А таа жена била лоша како отров, па почнала да ги клоца со нозете: тој ме влече мене, а не вас, главицата лук е моја, а не ваша. Но само што го рекла тоа, лукот се скинал. И жената пак паднала во огненото езеро, и во него гори до денешен ден. А анѓелот заплакал и си отишол". Ете, тоа ти е приказната, Аљоша, ја запаметив наизуст, зашто токму јас сум таа лоша жена! На Ракитка му се пофалив дека сум дала главица лук, а тебе ќе ти кажам поинаку: во целиот свој век, ако сум му дала некому **само** главица лук, и тоа ми е сета моја добродетел. И немој да ме фалиш поради тоа, Аљоша, немој да ме сметаш за добра: јас сум лоша, лоша и пакосна, и ако ме фалиш, многу ќе ми биде срам. Ех, ќе се покаам докрај. Слушај, Аљоша, многу сакав да те довлечам овде и толку му здодевав на Ракитка што му ветив и дваесет и пет рубли за да те доведе. Стој, Ракитка, чекај!

Таа со брзи чекори се доближи до масата, ја отвори фијоката, извади портофел и од него банкнота од дваесет и пет рубли.

— Какви глупости! Какви глупости! — викна вчудовидениот Ракитин.

— Земи си го долгот Ракитка, секако нема да одбиеш, самиот си побара.

И му ја фрли банкнотата.

— Како да одбијам — проговори во бас Ракитин, очигледно збунувајќи се, но херојски криејќи си го срамот. — Многу добро ќе ми дојде тоа, будалите постојат за да му користат на умниот човек.

— А сега, молчи, Ракитка, сè што ќе зборувам отсега нема да биде за твоите уши. Седни, ене онаму во аголон, и молчи. — Ти не нè сакаш, па молчи.

— А и зошто да ве сакам? — за'ржи Ракитин не криејќи ја својата лутина.

Банкнотата од дваесет и пет рубли си ја стави во џебот, а пред Аљоша навистина му беше срам. Тој сметаше дека платата ќе ја прими после, така што овој да не знае за неа; а сега се разлути од срам. До овој момент сметаше дека е мошне политично да не ѝ противречи многу на Грушенка, и покрај сета нејзина зајадливост ,зашто се гледаше дека таа врз него има некаква власт. Но сега се налути.

— Секогаш се сака поради нешто; а што сте ми направиле вие двајца?

— Тогаш сакај ме за ништо! Еве, како што ме сака Аљоша.

— А зошто те сака тој и со што ти докажал тој па така се фалиш?

Грушенка стоеше на средината од собата, зборуваше запалено, и во гласот ѝ одекнуваа хистерични ноти.

— Молчи. Ракитка, ти ништо не разбираш од ова нашево! И веќе да не ми зборуваш на **ти** веќе не ти го дозволувам тоа, и воопшто како си можел да си ја земеш таа слобода? Седи во аголот и молчи како мој слуга! А сега, Аљоша, тебе ќе ти ја кажам сета вистина, за да видиш колку сум ниска! Не му зборувам на Ракитка, туку тебе. Сакав да те запустам, Аљоша, тоа е чиста вистина, навистина го имав намислено тоа; во толкава мера сакав да го направам тоа, што, ете, Ракитка го поткупив со пари за да те доведе. А зошто сакав да го сторам тоа? Ти, Аљоша, не знаеше ништо, ја свртуваше главата од мене; кога ќе минеш, ќе ги соборіш очите; а јас досега стопати сум гледала во тебе, почнав веќе сите да ги прашувам за тебе. Твоето лице ми остана во срцево: „Ме презира, си мислам, не сака ни да ме погледне". И, најпосле, ме исполни такво чувство што фатив самата да се чудам: зошто да се плашам од такво момче? Ќе го голтнам сиот, па уште и ќе се смеам. Сосем се бев разлутила . . . Веруваш ли ти дека овде никој не смее да каже, ниту да помисли на Аграфена Александровна да ѝ прави лоши работи; имам само еден старец, врзана сум за него и прода-

дена, нѐ венча сатаната, но затоа од другите — никој! Но, гледајќи те тебе, си реков: него ќе го голтнам. Ќе го голтнам, па ќе се смеам. Гледаш ли колку лошо куче сум јас, иако ме нарече твоја сестра! Сега пак, дојде мојот навредувач, па чекам вест од него. А знаеш ли што ми значеше тој навредувач? Пред пет години, кога ме доведе ваму Кузма, седев така, се криев од светот, за никој да не ме види и никој да не ме чуе. Слабикава, глупавичка, седев и липав, по цели ноќи не спиев и си мислев: „Каде ли е сега тој, мојот навредувач? Секако, ми се смее со некоја друга; но, си мислам во себе, само да можам да го видам, да се сретнам кога било, јас ќе му вратам нему — ама ќе му вратам!“ Ноќе, во темница, липав пикната во перници-ата, и сето тоа го минував во мислите, си го раскинував срцето намерно, го заситував со зло: „Ама ќе му вратам, ќе му вратам!“ Токму така си викнував сама, ноќе. Но кога ќе ми текнеше, дека ништо не ќе можам да му сторам, а дека тој сега ми се потсмева, и можеби сосем ме заборавил, воопшто не се сеќава за мене, јас скокнував од постелата на подот, сета се об-левав во немоќни солзи, и се тресев, се тресев до зори. Наутро, станував полута од куче, би го голтнала це-лиот свет! После, што си мислиш: почнав да печалам пари, станав немилосрдна, се здебелив — се вразумив, си мислиш ти, нели? Не, никој на светов не го гледа и не го знае тоа — но кога ќе се спуштеше ноќниот мрак, јас сè уште така како кога си бев девојче, пред пет години, си лежев, понекогаш си чкрипев со заби-те, саноќ плачев: „Јас нему, ќе му вратам“, постојано си мислев во себе. Слушаш ли, сè! Е, што ќе кажеш сега за ова: пред еден месец, ми доаѓа ова писмо — тој стигнал ваму, останал вдовец, сака да се види со мене, здивот ми се зеде, господи! И наеднаш си помислив: „Ќе дојде, па само ќе ме тресне, ќе ме викне, а јас ќе доползам како кученце што направило штета, па го измавале!“ Така си размислувам и самата не си веру-вам. Си велам: дали сум подла или не? Дали ќе по-трчам кон него или не? И целиот овој месец ме обзеде против себеси еден бес — полош отколку оној од пред

пет години. Гледаш ли, сега Аљоша, колку сум незауздана и бесна! Сета вистина ти ја кажав! Со Митја си играв, само за да не одам кај оној. Молчи, Ракитка, не можеш ти да ми судиш, и не ти зборував тебе. До вашето доаѓање овде лежев, чекав, мислев, сета своја судбина ја одгатнав, но вие никогаш не можете да дознаете што имаше во моето срце. Да, Аљоша, речи ѝ на твојата госпоѓица да не се лути за она од завчера... И никој на светот не знае како ми е сега, ниту може да знае!... И затоа денеска за онаму, можеби ќе земам и нож, но за тоа уште немам решено...

Откако ја искажа таа своја „жална" реч Грушенка не издржа, си го покри лицето, се фрли на канабето во перниците, и залипа како мало дете. Аљоша стана од местото и му пристапи на Ракитина.

— Мишо, — рече тој — немој да се лутиш. Таа те навреди, но ти не лути ѝ се. Слушна ли сега. Не смее толку да се бара од човечката душа, треба да се биде помилостив...

Аљоша тоа го изговори поради незадржлива возбуда на срцето. Нему му беше потребно да се искаже, и тој му се обрна на Ракитин. Да не беше тука Ракитин, тој тоа ќе го зборуваше сам. Но Ракитин го погледна подбивно, и Аљоша наеднаш запре.

— Тебе, изгледа, те наполниле со твојот старец и ти сега со твојот старец ме маваш и мене, Алексеј, човеку господов. — рече Ракитин со насмевка полна со омраза.

— Не смеј се, Ракитине, не смешкај се, не зборувај за покојните: тој е над сите што постоеле на земјава! — викна Аљоша со плачење во гласот. — Јас не ти зборував како судија, туку како последен обвинет. Кој сум јас пред тебе? Дојдов ваму за да пропаднам, и си велев: „Ако, ако!" И тоа поради својата малодушност. А таа, по пет години маки, само што дошол нејзиниот прв и ѝ рекол искрен збор, простила сè, заборавила сè, и плаче! Се вратил нејзиниот навредувач, ја вика, и таа му простува сè, и брза да оди кај него, сета среќна, и нема да земе нож, нема да земе! Јас, пак, не сум таков! Не знам дали си таков ти, Мишо, но јас не сум таков. Јас денеска, еве сега, добив поука... Во

љубовта таа е повисока од нас... Си го слушнал ли порано ова што ни го раскажа сега? Не, не си го слушнал, да си го слушнел, ќе си разберел одамна сè... И онаа другата, што беше навредена вчера, нека ѝ прости и таа! И ќе ѝ прости ако дознае... а ќе дознае... Ова е уште несмирена душа; треба да се штеди... Во таа душа можеби има богатство...

Аљоша замолкна, зашто му се запре здивот. Ракитин, и покрај сета своја лутина, гледаше зачудено. Никогаш не можеше да очекува од Аљоша таква беседа.

— Види го ти адвокатот! Па ти, изгледа, си се заљубил во неа? Аграфена Александровна, нашиов испосник навистина е заљубен во тебе, ти победи! — викна тој со дрска насмевка.

Грушенка ја крена својата главичка над перницата, и го погледна Аљоша со возбудлива насмевка, што светна на нејзиното лице, кое беше потечено од скорешните солзи.

— Остави го него, Аљоша, херувиму мој! Зарем не гледаш каков е! Си нашол кому да му зборуваш. Михаил, Осипович — му се обрна таа на Ракитин — јас сакав да те молам за прошка затоа што те навредив, но сега не сакам. Аљоша, дојди кај мене, седни овде — го молеше со радосна насмевка — ете така, седни овде, и кажи ми (таа го зеде за раката и смешкајќи се, му се вгледа во лицето) — кажи ми, те молам, дали јас го сакам оној или не го сакам, навредувачот дали го сакам, или не го сакам? Пред да дојдете вие, овде во темница лежев и непрестајно го испитував своето срце: го сакам или не? Ослободи ме, Аљоша, дојде времето — како што ќе речеш ти, така ќе биде. Да му простам или не?

— Па ти веќе му прости! — проговори Аљоша смешкајќи се.

— Па навистина му простив, — замислено рече Грушенка. — Колку подло срце! За моето подло срце! — наеднаш таа ја зграпчи чашата од масата, ја испи, ја крена, замавна со раката и ја тресна на подот. Чашата се скрши, и свечна. Некаква сурова црта се појави во нејзината насмевка.

— Но, можеби уште не сум му простила — некако сурово проговори таа сведнувајќи си ги очите кон земјата, како да зборува со себеси! — Можеби, моево срце допрва се подготвува да му прости. Јас уште ќе се борам со моево срце. Гледаш ли Аљоша, јас многу ги засакав моите петтодишни солзи... Можеби сум ја засакала таа своја навреда, а него воопшто не!

— Богами — прошепоти Ракитин — не би сакал да бидам во неговата кожа!

— Нема да бидеш, Ракитка; ти никогаш нема да бидеш во неговата кожа. Ти мене ќе ми правиш чевли, Ракитка. Ете за што ќе те употребам тебе. Ти никогаш нема да видиш ваква како мене... А можеби ни тој, нема да види...

— Тој ли? Па тогаш зошто си се дотерала толку? — пакосно ја боцна Ракитин.

— Не прекорувај ме дека сум се облекла убаво, Ракитка; ти уште не го познаваш сето мое срце! Ако ми дојде волја, јас ќе го слечам и ќе го фрлам фустанот, веднаш ќе го слечам, во овој миг! — гласно викна таа. — Не знаеш ти зошто е ова дотерување, Ракитка! Можеби ќе излезам пред него и ќе му речам: „Си ме видел ли ваква или уште не си ме видел?“ — Зашто тој мене ме остави како седумнаесетгодишна, слабичка, туберкулозна, страшливка. Па ќе седнам до него, ќе го занесам, ќе го распалам: „Е, гледаш ли каква сум сега!“ — ќе му речам, — е, па на тоа и ќе остане, почитуван господине! Нека ти течат лиги, но нема да ставиш в уста!“ — Ете зошто е можеби, целото дотерување, Ракитка! — довршти Грушенка со пакосна насмевка. — Аљоша, јас сум незауздана и бесна. Ќе ги фрлам фустаниве, ќе се огрдам себеси, својата убавина, ќе си го подгорам лицево, и ќе го изгребам со нож. Ќе одам да питам. Ако ми се присака така, нема да одам никаде и кај никого; ако посакам, уште утре ќе му испратам на Кузма сè што ми има подарено и сите негови пари, па цел живот ќе го минам вадејќи пари од дневница!... Мислиш, нема да го сторам тоа, Ракитка, нема да смеам да го сторам? Ќе го сторам, ќе го сторам, во овој миг можам да го сторам тоа, само не-

мојте да ме подбуцнувате... А овој ќе го истерам, на оној ќе му покажам шипак, оној нема да ме види!

Последните зборови, таа ги викна хистерично, но пак не издржа, си го покри лицето со раце, се фрли врз перницата, и пак сета почна да се тресе од липање. Ракитин стана од местото:

— Време е да си одиме — рече тој — доцна е, нема да нè пуштат во манастирот.

Грушенка скокна.

— Зарем веќе сакаш да си одиш, Аљоша? — викна таа тажна и вчудовидена. — Што направи така со мене: сета ме предизвика, ме измачи, па сега пак, ноќва пак да останам сама!

— Секако, нема да ноќева кај тебе? А ако сака — може. Јас и сам можам да си одам! — се пошегува Ракитин зајадливо.

— Молчи, пакосна душо! — бесно му довикна Грушенка. — Ти никогаш не си ми рекол такви зборови какви што дојде да ми каже тој.

— А што ти рече тој? — луто промрмори Ракитин.

— Не знам, не знам, ништо не знам што ми рече, но, моево срце почувствува, срцево ми го сврти... тој прв ме пожали, единствен, ете тоа! Зошто ти, херувиме, не доаѓаше порано? — наеднаш таа падна пред него на колена, како во занес. — Јас целиот живот чекав некој таков како тебе, знаев дека ќе дојде некој таков и ќе ми прости. Верував дека и мене ваква погана некој ќе ме засака и не само поради телото...

— Што ти направив? — одговори Аљоша, благо насмевнувајќи се, наведнат накај неа, и нежно држејќи ја за рацете. — Ти подадов главица лук, само една, најмала главица, ништо повеќе, ништо...

И откога го рече тоа, се расплака. Во тој момент во ходникот се слушна некакво тропање, некој влезе во претсобјето; Грушенка скокна многу исплашена. Во собата втрча Фења, тропајќи и викајќи.

— Госпоѓо, гулабице, госпоѓо, пристигна гласник! — викаше таа весела и зазбивтана. — Тарантас од Мокрое по вас. Коларот Тимофеј на тројка, сега веднаш ќе земат нови коњи... Писмо, писмо, госпоѓо, еве ви писмо.

Писмото ѝ беше во раката, и таа непрестајно мавташе со него по воздухот додека викаше. Грушенка ѝ го истргна писмото од раката и го донесе под свеќата. Тоа беше само белевче, неколку реда, таа веднаш ги прочита.

— Ме вика! — викна таа сета бледа, со лице искривено од болна насмевка — ми свирна! Ползи, кученце!

Но постоја само еден момент како во некаква нерешителност; наеднаш крвта ѝ струјна во главата и ѝ ги прелеа образите со оган.

— Одам! — викна! — петте мои години. Збогум! Збогум, Аљоша, решена ми е судбината... Одете, сега сите одете си од кај мене и повеќе да не ве видам... Грушенка летна кон нов живот... Ни ти, Ракитка, немој да се сеќаваш за мене за лошо. Сега можеби одам во смрт! Уф, како да сум пијана!

Таа наеднаш ги остави и втрча во својата спална соба.

— Е, сега веќе не ѝ е до нас! — промрмори Ракитин. — Да одиме, зашто пак ќе започне тоа женско извикување. Ми здодеа, брате, тоа викање и плачење...

Аљоша механички дозволи да го изведе. Надвор стоеше Тарантас, ги отспрегнуваа коњите, одеа со фењер, се движеа ваму-таму. Низ отворената врата воведуваа три одморни коња. Но, само што Аљоша и Ракитин влегоа во тремот, наеднаш се отвори прозорецот на спалната на Грушенка и таа со метален глас му викна на Аљоша:

— Аљошенка, поздрави ми го брат ти Митјенка: и речи му — мене, својата злодејка, нека не ме споменува за лошо. И уште кажи му ги овие зборови: „Грушенка му падна на подлец, а не тебе благороден“. И додај уште дека Грушенка го сакала еден час, само еден час го сакала — и во иднина целиот живот нека се сеќава на тој час. — Така речи му, Грушенка ти порача целиот живот!...

Заврши со глас преполн со липање. Прозорецот се затвори со тресок.

— Хм! Хм! — мрмореше Ракитин смеејќи се — го закопа таа брат ти Митја, а уште бара да се сеќава за неа, додека е жив. Какво мршојадство!

Аљоша не одговори ништо, како да не беше слушнал; одеше покрај Ракитин брзо, како да му се брзаше многу; беше просто занесен, чекореше механички. Ракитина наеднаш нешто го боцна, како некој со прст да му допрел свежа рана. Тој не го очекуваше тоа, пред малку кога ги гледаше Грушенка и Аљоша. Се случи нешто сосем друго, не она што го сакаше тој.

— Полјак е тој, нејзиниот офицер — почна тој воздржувајќи се — а сега веќе и не е офицер, во Сибир служел како чиновник во царинарница, некаде таму на кинеската граница. Веројатно е некаков беден Полјак, небидник. Сигурно ја изгубил службата. Потслушнал дека сега Грушенка има спечалено пари, па се вратил. Во тоа се сите чуда.

Аљоша пак како да не слушна.

Ракитин не издржа:

— Што направи? Да не ја преобрази грешницата? — пакосно му се насмевна на Аљоша. — Да не ја изведе блудницата на патот на вистината? Да не ги истера од неа седумте бесови? Ете, каде се збиднаа нашите очекувани чуда.

— Престани, Ракитине — му се одгласи Аљоша со болка во душата.

— Знам, ти сега ме „презираш" поради дваесет и петте рубли? Си велиш: продаде вистински пријател. Но, ниту ти си Христос, ниту јас сум Јуда!

— Ах, Ракитине, те уверувам, јас дури и го заборавив тоа! — викна Аљоша, — сега ти ме потсети.....

Но Ракитин веќе сосем беше налутен.

— Ѓавол да ве земе сите до еден! — се издра тој наеднаш. — И зошто се врзав со тебе, ѓавол ниеден? Отсега не сакам да знам за тебе! Оди сам! Ене ти го патот!

И тој наеднаш скршна во друга улица, оставајќи го Аљоша сам во темницата. Аљоша, пак, излезе од градот и низ полето се упати кон манастирот.....

IV

Кана галилејска

Веќе беше доцна, според манастирскиот ред, кога Аљоша дојде во скитот; вратарот го пушти низ посебен влез. Веќе отчука девет часот, часот за општ одмор и мир по толку немирниот ден за сите. Аљоша со страв ја отвори вратата и влезе во ќелијата на старецот, во која сега стоеше неговиот ковчег. Освен отец Паисиј, кој осамен го читаше над ковчегот Евангелието, и младиот искушеник Порфириј, преморен од вчерашната ноќна беседа и денешниот немир, кој во другата соба на подот спиеше со цврст момчешки сон, во ќелијата немаше никого. Отец Паисиј, иако слушна кога влезе Аљоша, дури и не погледна накај него. Аљоша сврти в десно од вратата во аголот, клекна и почна да се моли. Душата му беше преполна, но некако нејасна и ниедно чувство не се издвојуваше посебно, напротив, едното го потискаше другото, во некакво лесно, изедначено кружење. Но во срцето му беше слатко и за чудо, Аљоша не се чудеше поради тоа. Пак го гледаше пред себе покриениот ковчег, во кој се наоѓаше неговиот драг покојник, но во неговата душа немаше плачлива, мачна тага што тишти, како изутрината. Штом влезе клекна пред ковчегот како пред светиња, но радост, радост блестеше во неговиот ум и во неговото срце. Еден прозорец на ќелијата беше отворен, воздухот беше свеж и студен, — „значи, смрдеата, станала посилна, штом морале да го отворат прозорецот", си помисли Аљоша. Но ни помислата за лошата смрдеа, што до пред малку му изгледаше толку страшна и грозна, сега во него не ја предизвика поранешната тага и негодување. Тој тивко почна да се моли, но набргу почувствува дека се моли речиси механички. Делови на разни мисли поминуваа низ неговата душа; наеднаш ќе светнеа како ѕвездички, па веднаш се гаснеа, сменувајќи се со други; но затоа во душата му владееше нешто единствено, цврсто, нешто благо, и тој беше све-

сен за тоа. Одвреме-навреме, започнуваше пламена молитва: многу сакаше да се заблагодари и да сака... Но кога ќе ја почнеше молитвата наеднаш преминуваше на нешто друго, се замислуваше, ја забораваше и молитвата и она што ја прекинало. Почна да слуша што чита отец Паисиј; но, многу уморен, малку-по малку почна да дреме...

„И во третиот ден имаше свадба во Кана Галилејска", — читаше отец Паисиј, — *„и таму беше мајката Иусусова. А поканет беше на свадбата и Исус и учениците негови"*.

— Свадба? Што е тоа... свадба... — леташе како виор во свеста на Аљоша; ете, и таа е среќна... отиде на веселба... не, не зеде со себе нож, не зеде со себе нож... Тоа беше само „жален" збор... А „жалните" зборови, треба да се простуваат, бездруго; жалните зборови ја утешуваат душата... Без нив премногу тешка би им била маката на луѓето. Ракитин скршна во уличката. Додека мисли на своите навреди, Ракитин секогаш ќе влегува во уличка... А патот... патот е голем, прав, кристален, и на неговиот крај има сонце... А?... Што се чита сега?

„Кога снема вино, нему му рече мајката Исусова: немаат вино", — слушна Аљоша.

— Ах, да, тука пропуштив, а не сакав да пропуштам јас го љубам тоа место. Тоа е Кана Галилејска, првото чудо... Ах, тоа чудо, тоа мило чудо! За да направи првпат чудо Христос не го посети јадот, туку човечката радост, ѝ помогна на човечката радост... „Тој што ги сака луѓето, ја сака и нивната радост"... Покојникот секој миг го повторуваше тоа, тоа беше една од неговите најважни мисли... Не може да се живее без радост — вели Митја... Да, Митја... Сè што е вистинито и убаво, сè е полно со општо простување — и тоа го зборуваше тој.

„Исус ѝ рече: што имам со тебе, жено? Уште не е дојден мојот час. А мајка му им рече на слугите: направете сè што ќе ви рече!"

— Направете... радост, радост за некои сиромашни, многу сиромашни луѓе... па, се разбира, сиромаш-

ни, кога им недостига вино дури и на свадбата... Историчарите пишуваат дека околу Генизаретското Езеро, и по сите тие место тогаш биле населени најсиромашните жители какви што можат да се замислат... И знаеше другото големо срце, на другото големо суштество што беше тука, срцето на неговата мајка дека тој не е слезен на земјава само поради своето големо, страшно дело, туку дека на неговото срце му беше достатно и простосрдечното веселење на некои сосем прости, прости и неитри суштества, кои љубезно го поканија на својата бедна свадба. „Уште не е дојден мојот час", ѝ вели тој со тивка насмевка (тука сигурно кротко ѝ се насмевнал)... Навистина, па зарем за да го множи виното по сиромашките свадби слегол на земјава? Па, ете, отишол на свадба, и ѝ ја исполнил молбата... Отец Паисиј пак чита:

„...Им рече Исус: наполнете ги садовите со вода. И ги наполнија до горе.

И им рече: нацрпете сега и носете му на кумот. И му однесоа.

И кога вкуси кумот од виното што беше настанато од вода, и не знаеше од каде е (а слугите што црпеа вода знаеја), кумот го повика младоженецот.

И му рече: секој човек најпрвин изнесува добро вино, а кога ќе се опијат гостите, тогаш полошо; а ти доброто вино си го чувал за после".

— Ама што е тоа, што е? Зошто се шири таа соба?... Ах, да... па тоа е брак, свадба... да, се разбира. Ене ги и гостите, ене ги и младенците седат. И веселата толпа. И... каде е кумот? Ама кој е оној? Кој? Пак се размрда собата, кој ли станува онаму зад големана маса? Што... Зарем и тој е овде... Па тој е во мртовечки сандак... Но тој е и овде... Станал, ме забележал, иде ваму... Господи!...

Да, кај него, кај него дојде тој, испиеното старче, со ситни брчки на лицето, радосен и благо насмеан. Сандакот го нема, а тој е во истата облека, во која седеше до нив вчера, кога беа собрани гостите кај него. Лицето му е јасно, очите му блестат. Како може да е

тоа? Значи и тој е на веселбата, и тој е гостин на свадбата во Кана Галилејска...

— И јас сум, мил мој, и јас сум викан и поканет — се слуша над него тивок глас. — Зошто си се скрил тука та не се гледаш? — дојди и ти кај нас.

Неговиот глас, гласот на старецот Зосима... А и како да не биде тој штом вика? Старецот го приподигна Аљоша со рака, овој стана.

— Да се радуваме — продолжи испиеното старче — да пиеме од новото вино, вино на новата голема радост; гледаш ли колку гости има овде? Еве го младоженецот, евс ја невестата, и мудриот кум, пробува од новото вино. Зошто ми се чудиш? Јас подадов главица лук, и ете овде сум. И мнозина што се овде подале само по главица лук, само по една главичка... Зашто што се нашите дела? И ти, тивок, и ти, кротко мое момче, и ти денеска умееше на гладната да ѝ подадеш — главица лук. Почнувај, мили, почнувај, кроток, со своето дело!... А го гледаш ли сонцето наше, го гледаш ли него?

— Се плашам... не смеам да го гледам... — прошепоти Аљоша.

— Не плаши се од него. Страшен е со величината пред нас, ужасен е со својата висина, но е бесконечно милостив, од љубов стана како нас, и се радува со нас, водата ја претвора во вино, за да не се прекинува радоста на гостите, очекува нови гости, непрестајно повикува нови, и тоа за веки вековв. Ене, носат од новото вино, гледаш ли, садовите ги носат...

Нешто гореше во срцето на Аљоша, наеднаш нешто толку го исполни што го заболи, солзи со восхит му наидуваа од душата... Тој ги протегна рацете, викна — и се разбуди...

Пак сандакот, отворениот прозорец, и тивкото, сериозно, јасно читање на Евангелието. Но Аљоша сега не слуша што се чита. Чудна работа: заспа клекнат, а сега стоеше на нозе, и наеднаш како да се откина од местото, и во три решителни брзи чекори сосем се доближи до ковчегот. Дури и го чешна рамото на отец Паисиј, не го забележа. Овој за миг ги крена накај него очите од книгата, но пак веднаш ги одвои, сфаќај-

ќи дека со момчето се случило нешто необично. Аљоша некое време гледаше во сандакот на мртовецот што неподвижен и покриен лежеше во него, со икона на градите и со ќулавка со осумкрак крст на главата. Пред малку го слушаше неговиот глас и тој глас и сега му sунеше во ушите. Тој уште наслушнуваше. Тој уште очекуваше звуци . . . но наеднаш . . . наеднаш се сврти, и излезе од ќелијата.

Не се запре ни на скалите, туку брзо слезе долу. Полна со восхит, неговата душа копнееше по слобода, место, ширина. Над него надалеку и непрегледно беше раширено небеското кубе, полно со тивки светли sвезди. Од зенитот до хоризонтот уште се издвојуваше нејасниот Млечен Пат. Свежа и до неподвижност тивка ноќ ја завиткуваше земјата. Белите кули и златните кубиња на соборната црква блестеа на небото сино како сафир. Есенските раскошни цвеќиња во леите околу куќата, спиеја до зората. Земската тишина како да се слеваше со небеската, земската тајна се допираше со sвездената . . . Аљоша стоеше, гледаше ,и наеднаш, како заклан падна наземи. Тој не знаеше зошто ја прегрнува, не беше свесен што го тера толку незапирливо да ја бацува земјата, да ја бацува сета, но тој ја бацуваше плачејќи, липајќи и натопувајќи ја со своите солзи, и во занес се колнеше дека ќе ја сака, ќе ја сака за веки и веков. „Облеј ја земјата со своите солзи на радост и сакај ги тие твои солзи“ . . . — се одгласи во неговата душа. Зошто плачеше? О, во своето восхитување, тој плачеше дури и поради sвездите што му светкаа од бездната, и „не се срамеше од тој занес“ Како нишките на сите тие безбројни божји светови, наеднаш да се здружија во неговата душа, па таа сета трепереши „допирајќи ги световите“. Му се сакаше да им прости на сите и за сè, а и да моли за прошка, ама не за себе, туку са сите и за сè, а „за мене се молат други“, — пак одекна во неговата душа. Но, со секој момент чувствуваше јасно и некако опипливо, дека нешто цврсто и непоколебливо, како небескиот свод, влегува во неговата душа. Некаква идеја завладуваше во неговиот ум, и тоа за целиот живот, и за веки веков.

Се фрли на земјата како слабо момче, а стана како решителен борец за целиот живот, и тоа го сфати и го почувствува наеднаш, во моментот на својот восхит. И никогаш, никогаш целиот свој век, Аљоша не можеше да го заборави тој момент. „Некој ја посети мојава душа во тој час“, — си велеше подоцна, цврсто верувајќи во своите зборови...

По три дена тој го остави манастирот, што се согласуваше со зборовите на неговиот покоен старец, кој му заповеда „да престојува во светот“.

Осма книга

МИТЈА

I

Кузма Самсонов

И Дмитриј Фјодорович, на кого Грушенка, одејќи во нов живот, „порача“ да му го предадат нејзиниот последен поздрав и да му кажат засекогаш да се сеќава за еден час од нејзината љубов, во тој момент, и не претчувствувајќи што се случува со неа, беше многу збркан и загрижен. Последните два дена беше во толку невозможна состојба што навистина можеше да се разболи од воспаление на мозокот, како што кажуваше после самиот. Аљоша претходниот ден изутрина не можеше да го пронајде, а брат му Иван истиот ден не можеше да договори состанок со него во кафеаната. Домаќините кај кои живееше, според негова наредба, ги криеја сите негови траги. Тој за тие два дена просто се фрлаше ваму-таму, „борејќи се со својата судбина и спасувајќи се“, како што се изрази после самиот; отрча на неколку часа по една многу итна и потребна работа надвор од градот иако му беше страшно да замине и да ја остави Грушенка без надзор макар еден момент. Сето тоа после се разјасни најподробно и најдокументирано; но ние овде навистина ќе го спомнеме само она што е најпотребно од историјата на тие два страшни дена во неговиот живот, што ѝ претходеа на ужасната катастрофа која толку ненадејно се струполи врз неговата судбина.

Грушенка, иако го сакаше еден час вистински и искрено, тоа е точно, во исто време и го мачеше, и тоа понекогаш навистина свирепо и немилосрдно. Главно е дека тој ништо не можеше да насети за нејзините намери, а да извлече нешто со арно или со лошо, за тоа исто така немаше можности; таа не би попуштила по никоја цена, само би се налутила и сосем би му го свртила грбот — тоа му беше сосем јасно.

Тогаш многу точно претчувствуваше дека и таа се наоѓа во некаква борба, во некаква необична нерешителност, дека за нешто се решава, а не може да се реши, и затоа не без причина си мислеше, плашејќи се во срцето, дека таа некојпат просто мора да го мрази со неговата страст. Можеби така и беше, но зошто тогаш Грушенка беше тажна, тоа сепак не го сфаќаше. Всушност, прашањето што го мачеше се состоеше во дилемата: „Или тој, Митја, или Фјодор Павлович". Тука треба да се укаже на еден непобитен факт: Митја наполно беше уверен дека Фјодор Павлович бездруго ќе ѝ понуди (ако веќе не ѝ понудил) да стапат во законски брак, и во ниеден момент не веруваше дека стариот сладострастник се надева оти овојпат ќе се извлече само со три илјади. Митја тој заклучок го изведе, познавајќи ја Грушенка и нејзиниот карактер. И ете зошто нему понекогаш можеше да му се чини дека сета мака на Грушенка и сета нејзина нерешителност произлегуваат само оттаму што не знае кого од нив да избере и кој ќе ѝ биде покорисен. А за скорешното враќање на „офицерот", тоест на оној кобен човек во животот на Грушенка, чие доаѓање таа го очекуваше со таква возбуда и страст, нему — чудна работа — дури ни на ум не му паѓаше да мисли во тие денови. Вистина, и Грушенка во последните денови пред него молчеше за тоа. Меѓутоа, нему му беше познато, токму од неа, писмото што го доби пред еден месец од нејзиниот бивш заводник а донекаде му беше позната и содржината на писмото. Грушенка во еден момент на лутина му го покажа писмото, но, за нејзино чудо, тој на тоа писмо не му придаваше речиси никаква важност. И многу тешко беше да се објасни зошто. Можеби просто затоа што тој, потиштен од сво-

јата омраза и од ужасот на својата борба со сопствениот татко за таа жена, не можеше ни да замисли за себе нешто пострашно и поопасно, барем во тоа време. А во младоженецот, кој наеднаш изникна однекаде по петгодишно исчезнување, тој просто не веруваше, а особено дека набргу ќе дојде. И во првото писмо на „офицерот", што му беше покажано на Митјенка, многу неопределено се зборуваше за доаѓањето на новиот соперник: писмото беше мошне магливо, мошне високопарно, и исполнето само со сентименталност. Треба да се напомне дека Грушенка тој пат ги скри од него последните редови на писмото, во кои за враќањето се зборуваше малку поопределено. Притоа, Митја после се сеќаваше дека во тој момент на лицето на Грушенка забележал некаков безволен и горд презир спрема таа порака од Сибир. Подоцна, Грушенка за сите послежни односи со новиот соперник на Митјенка не му соопштуваше ништо. На тој начин, тој малку-по малку сосем го заборави офицерот. Мислеше само за тоа дека без обзир како ќе се сврши работата, неговиот конечен судир со Фјодор Павлович веќе е тука, и мора да избувне пред сè друго. Плашејќи се во срцето, тој секој миг го очекуваше решението на Грушенка, и постојано веруваше дека тоа ќе се случи ненадејно, според инспирацијата. Таа наеднаш ќе му каже: „Земи ме, јас сум твоја засекогаш" — и сè ќе се сврши: тој во истиот миг ќе ја зграпчи и ќе ја одведе на крајот од светот. О, во тој миг ќе ја одведе колку што е можно, колку што е можно подалеку, ако не на крајот на светот, тогаш некаде на крајот на Русија, таму ќе се ожени со неа и ќе се насели **инкогнито**, така што за нив никој ништо нема да знае ни овде ни таму, ниту никаде. Тогаш, о тогаш ќе започне веднаш сосем нов живот. За тој друг, обновен, тогаш веќе „чесен" живот („бездруго, бездруго чесен") мечтаеше тој постојано и во занес. Копнееше за воскреснување и преродба. Гнасниот вител во кој западна самиот по сопствена волја му беше премногу тежок, и тој, како мнозина други во таква ситуација, најмногу очекуваше од промената на местото: само да не се овие луѓе, само да не е оваа ситуација, само да побегне од ова прокле-

то место, и — сè ќе се прероди, ќе тргне по ново. Ете во што веруваше и за што копнееше.

Но тоа би било во случај на првото, **среќното** решение на тоа прашање. А имаше и друго решение, се назираше и друг но страшен излез. Наеднаш таа ќе му рече: „Оди си, јас се спогодив со Фјодор Павлович и се мажам за него, а ти не си ми потребен“ — и тогаш . . . ами тогаш . . . Митја, впрочем, не знаеше што ќе биде тогаш, не знаеше сè до последниот час, тоа мораме да му го признаеме. Немаше некакви определени намери; злосторството не беше смислено. Тој само страдаше, шпионираше, се измачуваше; но сепак се готвеше само за првиот, среќниот исход на својата судбина. Дури ја тераше секоја друга мисла. Но тука веќе започнуваше сосем друга мака, изникнуваше една сосем нова и споредна околност, но исто така кобна и неразрешлива.

Имено, како ќе ја одведе ако рече: „Јас сум твоја, води ме“? — Каде му се средствата, парите за тоа? Нему токму во тој миг му пресушија сите приходи од милостињата на Фјодор Павлович, кои досега не престануваа, во текот на толку години. Се разбира, Грушенка имаше пари, но кај Митја во тој поглед наеднаш се појави страшна гордост; тој сакаше да ја одведе и со неа да почне нов живот на свој трошок а не на нејзин. Не можеше дури ни да замисли да земе пари од неа, и му беше тешка и одвратна и самата помисла на тоа. Јас сега нема овде опширно да зборувам за тој факт, ниту да го анализирам, само потсетувам: таква беше душевната состојба на Митја во тој момент. Сето тоа можеби произлегуваше, посредно и чисто несвесно, и од потајното гризење на совеста поради парите на Катарина Ивановна што ги присвои арамиски: „Спрема едната сум подлец, па, еве, ќе излезам подлец и спрема другата“ — си мислеше тој тогаш, како што после самиот признаваше; „А Грушенка, ако дознае, нема да сака таков подлец“. Значи, од каде да земе средства, каде да ги најде тие кобни пари? Инаку, ќе пропадне сè, и ништо нема да биде, „и само затоа што немал пари, о, за срамота!“

Морам да истрчам малку напред: работата е во тоа што тој можеби знаеше каде да ги најде парите, знаеше можеби, и каде лежат. За сега нема да зборувам за тоа поподробно, зашто после ќе се разјасни сè; а еве во што се состоеше неговата главна неволја (јас тоа ќе го кажам макар и нејасно): за да ги земе средствата што лежат некаде, за да **има право** да ги земе, потребно беше претходно да ѝ се вратат трите илјади на Катарина Ивановна — инаку „јас сум џепчија, јас сум подлец, а новиот живот нема да го започнувам како подлец“, заклучи Митја; и реши, ако треба, ќе го преврти целиот свет, но бездруго да ѝ ги врати трите илјади на Катарина Ивановна по секоја цена **пред сè**. Процесот на тоа решавање најпосле заврши, така да се каже, во последните часови на неговиот живот, токму по последното видување со Аљоша, некнивечер, на патот, по она кога Грушенка ја навреди Катарина Ивановна, а Митја, кога го ислуша раскажувањето на Аљоша за тоа, призна дека е подлец, и рече тоа да ѝ се соопшти на Катарина Ивановна, „ако од тоа колку-толку ѝ биде полесно“. Ноќта кога се раздели од брата си, во својата избезуменост почувствува дека му е подобро „да убие и да ограби некого, но долгот на Катарина да ѝ го врати“. „Подобро е пред убиениот и ограбениот па и пред целиот свет да излезам убиец и храбар, и да одам во Сибир, отколку Катја да е во право кога ќе рече дека сум ја изневерил, а згора на тоа сум и украл и пари, и дека со нејзините пари сум избегал со Грушенка за да започнам чесен живот! Јас не можам така!“ Така зборуваше Митја, чкрипејќи со забите и навистина повеќепати можеше да си помислува: дека ќе заврши со воспаление на мозокот. Но, засега уште се бореше . . .

Чудна работа: човек би рекол дека тука, при таквото решение, нему не му остануваше ништо друго, освен да очајува: зашто каде да најде одеднаш толку пари и уште таков голтар каков што е тој. Меѓутоа, тој во тоа време до последниот момент се надеваше дека ќе се снабди со тие три илјади, дека нив ќе ги најде, дека тие некако самите ќе му паднат, макар од небото. Така се случува со оние кои како Дмитриј Фјодорович, целиот свој век знаат да трошаат и да фрлаат пари,

што ги наследиле без мака — а немаат поим како се заработува парата. Најфантастичен виор му се крена во главата веднаш завчера кога се раздели од Аљоша, и тој виор му ги заплетка сите мисли. Ете под такви околности го започна најлудиот потфат. Впрочем, во тие ситуации на таквите луѓе можеби најневозможните и најфантастичните потфати им изгледаат како наједноставни и најостварливи! Тој наеднаш реши да отиде кај трговецот Самсонов, покровителот на Грушенка, па да му предложи еден „план“ и за тој „план“ од него наеднаш да ја добие сета барана сума; во својот план, од трговска страна, не се сомневаше ни најмалку, се сомневаше само во тоа како ќе гледа на тој чекор Самсонов, ако сака да го разгледа не само од трговска страна. Митја трговецот го познаваше од видување, но со него лично не беше запознат, воопшто немаше разговарано со него. Но кај него и тоа одамна, некако беше зацврстено уверувањето дека тој стар развратник што сега веќе „мирисаше на темјан“, можеби во овој миг нема да се противи ако Грушенка својот живот го уреди чесно и се омажи за „добар човек“. И не само што не ќе се противи, туку тој и самиот го сака тоа, па затоа и ќе помогне само ако се укаже можност. Дали од некаде имаше слушнато, или можеби му рекла Грушенка, но тој заклучи дека старецот, изгледа, повеќе го претпочита за Грушенка Митја отколку Фјодора Павлович. Можеби на мнозина читатели на нашиов расказ надежта во таквата помош и намерата да ја земе својата свршеница речиси од рацете на нејзиниот покровител ќе им изгледа премногу груба и безобзирна од страна на Дмитриј Фјодорович. Можам да забележам само дека Митја минатото на Грушенка го сметаше за наполно завршена работа. На тоа минато тој гледаше со бескрајно сожалување, и со пламенот на својата страст заклучи дека кога Грушенка еднаш ќе му рече оти го сака и оти тргнува за него, тогаш веднаш ќе започне сосем нова Грушенка, а со неа и сосем нов Дмитриј Фјодорович, без какви било пороци, ами само со добродетели; ќе си простат еден на друг и ќе го почнат животот сосем одново. Што се однесува пак до Кузма Самсонов, Митја него го сметаше

во поранешното пропаднато минато на Грушенка, за кобен човек во нејзиниот живот, кого таа, меѓутоа, никогаш не го сакала, и кој, што е најважно, исто така е „одминат", го завршил своето, така што сега и него го нема повеќе. Освен тоа, Митја него веќе не можеше да го смета ни за човек зашто на сите и на секого во градот му беше познато дека тој е само една болна урнатина, кој со Грушенка одржува само татковски односи, а ни малку врз таква основа како порано, и дека тоа е веќе одамна така, речиси една година како е така. Во секој случај, тука имаше и многу простодушност кај Митја, зашто тој, и покрај сите свои пороци, беше многу простодушен човек. Поради таа своја простодушност, тој, помеѓу другото, беше сериозно уверен дека стариот Кузма подготвувајќи се да отиде на оној свет, чувствува искрено каење поради своето минато со Грушенка, така што таа сега нема поверен заштитник и пријател од тој веќе безопасен старец.

Утредента по својот разговор со Аљоша в поле, по кој Митја не спиеше цела ноќ, тој дојде во куќата на Самсонов, околу десет часот претпладне ,и побара да го пријават. Таа куќа беше многу стара, мрачна, многу широка, на кат, со споредни згради и со уште една куќа во дворот. Во приземјето живееја двата сина на Самсонов со своите семејства, потоа неговата веќе многу стара сестра, и една немажена ќерка. Во куќата во дворот, пак, живееја двајцата негови помошници, едниот од кој, исто така, имаше големо семејство. И децата и помошниците, одвај можеа да се сместат во своите станови; но катот го држеше само старецот, и не ја пушташе кај себе во станот дури ни ќерка си, која го двореше и која во определено време и при неговите повремени повици мораше секогаш да трча кај него горе, иако одамна страдаше од задув. Тој кат се состоеше од неколку големи парадни соби, наместени на старински трговски начин, со долги здодевни редови од несмасни фотелји и столови од махагон, покрај ѕидовите, со кристални лустери во навлаки и со тешки огледала меѓу прозорците. Сите тие соби беа празни и ненаселени, зашто болниот старец се беше повлекол во

едно собиче, во својата оддалечена мала постела, каде што го двореше старата слугинка, забрадена со шамија, и „момокот", што седеше на клупата покрај печката во претсобјето. Старецот поради своите отечени нозе речиси воопшто не можеше да се движи, и само ретко потстануваше од својата кожна фотелја; старицата, држејќи го под обете раце, ќе го прошеташе еднаш или двапати по собата. Дури и со таа старица тој беше строг и неразговорлив. Кога му јавија за доаѓањето на „капетанот", тој веднаш нареди да не го примат. Но Митја настојуваше, и се пријави уште еднаш. Кузма Кузмич подробно го испита момокот: каков му е изгледот, да не е пијан, дали прави врева. И доби одговор дека е „трезен, но дека не сака да си оди". Старецот пак нареди да не го примат. Тогаш Митја, кој го очекуваше сето тоа, и кој особено поради тоа зеде со себе хартија и молив, јасно напиша на парче хартија еден ред: „Поради извонредно потребна работа, што многу се однесува на Аграфена Александровна" — и му го испрати тоа на старецот. Откако поразмисли малку, старецот му нареди на момокот да го воведат посетителот во салата, а бабата ја испрати долу со наредба до младиот син веднаш да дојде горе. Тој помладиот син, висок околу два метри и многу силен, што имаше бричено лице и носеше германска облека (стариот Самсонов одеше во кафтан и имаше брада), дојде веднаш и без збор. Тие сите трепереа пред таткото. Таткото го повика младиот човек не затоа што се плашеше од капетанот, зашто не беше плашлив човек, туку, ете, така за секој случај, повеќе колку да има некој сведок. Придружен од синот, кој го фати под мишката, и од момокот, тој се доклинка некако во салата. Изгледа чувствуваше и некаква доста голема љубопитност. Салата, во која чекаше Митја, беше голема, тегобна, душата ја убиваше со тага, со прозорци на таванот и во ѕидот, со галерија, со „мермерирани" ѕидови, и со три огромни лустери од кристал во навлаки. Митја седеше на стол покрај влезната врата и со нервозна нестрпливост ја очекуваше својата судбина. Кога старецот се појави на спротивната врата, на едно десет хвата од столот на Митја, овој наеднаш скокна и со своите цвр-

сти, долги војнички чекори, му појде во пресрет. Митја беше убаво облечен, во закопчано палто, со тркалеста мека шапка во рацете, и во црни нараквици — точно онака како што завчера беше во манастирот, кај старецот, на семејниот состанок со Фјодор Павлович и со браќата. Старецот го очекуваше достоинствено и строго, простум и Митја наеднаш почувствува дека овој, додека му пристапуваше, добро го разгледува. Митја го вчудовиди во последно време многу подуеното лице на Кузма Кузмич: долната, и така дебела усна, сега изгледаше како некоја превртена пита. Старецот достоинствено и молкома му се поклони на гостинот, му понуди да седне во фотељата покрај канабето, па полека, потпирајќи се на раката од синот и болно јачкајќи, почна да седнува спроти Митја на канабето така што овој кога виде како се напрегнува и се мачи, веднаш почувствува во срцето каење и деликатен срам, поради својата сегашна ништожност пред толку важното лице што го вознемири.

— Што сакате од мене, господине? — проговори старецот, откако најпосле седна, полека, јасно, строго, но учтиво.

Митја затрепери, наеднаш стана, но пак седна. Потоа почна да зборува гласно, брзо, нервозно, гестикулирајќи, и очигледно надвор од себеси. Се гледаше дека човекот е дојден до крајните граници, дека е пропаднат, и бара уште последен излез, и ако не успее во тоа, веднаш ќе падне во вода! Сето тоа за миг некако го сфати стариот Самсонов, иако на лицето не му се забележи никаква промена и остана студен како кип.

„Многу почитуваниот Кузма Кузмич, веројатно не еднаш слушнал за мојот судир со татко ми Фјодор Павлович Карамазов кој ми го одзеде наследството што ми остана од мајка ми... зашто за тоа зборува целиот град... зашто овде сите дрдорат за она што не е нивна работа... А освен тоа, сте можеле да слушнете и од Грушенка... пардон, од Аграфена Александровна... Од многу почитуваната и многу уважавана Аграфена Александровна“ — така започна Митја и престана кај првите зборови“. Но ние нема од збор до збор да го

приведуваме целиот негов говор, ами ќе го изнесеме само во најважните црти. Работата е, рече, во тоа што тој Митја, уште пред три месеца напосебно се советувал (тој рече токму така „напосебно“, а не посебно) со адвокатот во губернискиот град, „со прочуениот адвокат, Кузма Кузмич — со Павел Павлович Корнеплодов, сигурно сте повелале да чуете за него? Големо чело, речиси државнички ум... и вас ве познава... за вас се изразуваше на најубав начин...“ — по пторпат запре Митја. Но тие негови пресечувања во говорот не го задржуваа. Тој преку нив прескочуваше и леташе понатаму и понатаму. Тој Корнеплодов, де, откако ги испитал детално и ги разгледал документите што Митја можел да му ги покаже (за документите Митја се изрази некако нејасно и посебно забрза на тоа место), рече дека во поглед на селото Чермашња, што, по мајка му, требало да му припадне нему, на Митја, навистина би можело да се поведе парница и со тоа да му се влоши работата на стариот развратник... „зашто, вели, сите врати не се затворени, а правната наука веќе знае каде да се провлече“. Со еден збор, би можело да очекувам дури и шест илјади дополнително примање од Фјодор Павлович, па дури и седум, зашто Чермашња вреди не помалку од дваесет и пет илјади, тоест, и сите дваесет и осум, „па и триесет, па и триесет, Кузма Кузмич! А јас, помислете само, немам дрпнато од тој страшен човек ни седумнаесет!“ Па ете така јас, Митја, тогаш кренав раце од таа работа, зашто не умеам со судовите, а кога дојдов ваму, се вчудовидив штом видов дека тој мене уште и ме тужи (тука Митја пак се збрка и пак наеднаш прескочи): значи, ете, рече, дали би сакале вие ,многу благороден Кузма Кузмич, да ги земете сите мои права на сите мои побарувања од тој изрод, а вие мене да ми дадете само три илјади... Вие во никој случај не можете да изгубите, за тоа ви се колнам во сета моја чест: напротив ,можете само да заработите околу шест или седум илјади, наместо тие три... А главно е ,таа работа да се заврши „уште денеска“. „Јас, таа работа кај адвокат, каде било, или каде што треба... со еден збор, готов сум на сè, ќе дадам секакви документи, какви што ќе побарате, ќе потпи-

шам сè... Само тој акт да го составиме сега веднаш, тоест, ако е можно уште денеска изутрина... Мене да ми ги дадете тие три илјади... зашто кој може во гратчево да се токми со вас во поглед на капиталот... А со тоа мене ќе ме спасите од... со еден збор, мојата кутра глава ќе ми ја спасите за поблагородна работа, возвишена работа, може да се каже... зашто имам најблагородни чувства спрема извесна личност што вие многу добро ја познавате и за која татковски се грижите. Инаку, да не е вашето татковско грижење, јас немаше ни да дојдам. Ако сакате, тука тројца се судрени со челата, зашто Кузма Кузмич, судбината ви е страшна работа. Реализам, Кузма Кузмич, реализам! А бидејќи вие тука веќе одамна се исклучувате, остануваат само две чела, како што веќе се изразив, можеби малку и незгодно, но јас не сум литерат. Тоест, едното чело е моето, а другото — од оној изрод. Значи, изберете, или јас, или изродот. Сега сè е во вашите раце... — три судбини и две коцки... Извинете, јас малку се заплеткав, но вие сфаќате... јас гледам по вашите чесни очи дека ме сфативте... Ако не ме сфативте, јас уште денеска ќе се фрлам во вода, ете!

Митја го прекина својот збркан говор со тоа „ете"! и скокна од местото, очекувајќи го одговорот на својот глупав предлог. Со последната реченица тој наеднаш и безнадежно почувствува дека сè е пропаднато, а што е најважно, дека наприкажал разни бесмислици. „Чудна работа, кога доаѓав наваму, сè изгледаше добро, а, ете, сега излезе бесмислици!" — му мина наеднаш низ очајничката глава. За сето време додека зборуваше Митја, старецот седеше неподвижно, и го следеше со леден израз во очите. По кратко молчење, Кузма Кузмич рече најпосле со наполно решителен тон без секаква надеж.

— Извинете, ние не се занимаваме со такви работи.

Митја наеднаш почувствува дека му се потсекоа колениците.

— Ами што ќе правам сега, Кузма Кузмич? — промрмори тој со бледа насмевка. — Па јас сум сега пропаднат, што мислите?

— Извинете . . .

Митја сè уште стоеше, и непрестајно гледаше здрвено пред себе, наеднаш забележа, како нешто да се раздвижи на лицето од старецот. Тој затрепери.

— Видете, господине, тие работи за нас се незгодни, — полека проговори старецот. — Би започнало судење, адвокати, вистинска несреќа! Но, ако сакате, има еден друг човек, па обрнете му се нему . . .

— Господи, а кој е тој? . . . Вие ме воскреснувате, Кузма Кузмич — пропелтечи Митја.

— Тој не е овдешен, тој човек не се ни наоѓа сега овде. Тој е од селанскиот сталеж, тргува со дрва, го викаат Љагавиј. Со Фјодор Павлович тој веќе една година се пазари за шумичка во таа ваша Чермашња, но никако да се погодат за цената: можеби сте слушнале? Токму сега пак е дојден, во овој миг престојува кај илинскиот поп, од станицата Воловое на едно дванаесет врсти, во селото Иљинско. Ми пиша ваму и мене поради таа работа, тоест во поглед на шумичката, ме молеше за совет. Фјодор Павлович, исто така, се готви да оди кај него. Ако вие побрзате да одите таму пред Фјодор Павлович, па на Љагавиот да му го понудите тоа што ми го кажавте мене, тој можеби . . .

— Генијална мисла! — восхитено го прекина Митја. — Токму тој! Тоа е токму за него! Тој купува, овој од него бара многу, а тука ќе има готова тапија во рацете, ха-ха-ха! — и Митја се засмеа со својата кратка дрвенеста смеа, сосем неочекувано, така што и Самсонов ја заниша главата.

— Како да ви се заблагодарам, Кузма Кузмич? — запалено рече Митја.

— Ништо — ја наведна главата Самсонов.

— Ама не знаете, вие ме спасивте! О, накај вас мене ме влечеше претчувството . . . Значи, кај попот!

— Нема за што да се заблагодарувате.

— Брзам, летам. Го злоупотребив вашето слабо здравје. Нема да ви го заборавам тоа додека сум жив! Тоа ви го вели Русин, Кузма Кузмич. Р-русин!

— У-убаво.

Митја веќе му ја фати раката на старецот за да му ја стисне, но нешто злобно светна во очите на старецот. Митја ја тргна раката назад, но веднаш си префрли себеси, дека тој само си вообразува. „Тој се умори...“ му мина низ главата.

— За неа! За неа, Кузма Кузмич! Вие сфаќате дека јас сето тоа го правам само за неа! — се издра тој така што целата сала одекна, наеднаш се сврти и со истите брзи, метарски чекори, не обрнувајќи се, наеднаш тргна кон излезот.

Митја целиот трепереше од восхит. „Зашто сè веќе пропаѓаше, а ете, ангелот чувар ме спаси“, му минуваше низ главата. А кога веќе таков деловен човек како старецот (најблагороден старец и каква обноска!) му го покажа овој пат, тогаш... тогаш, се разбира, патот ќе успее. Трчам сега веднаш. Додека се стемни ќе се вратам, ќе се вратам ноќеска, но работата е добиена. Секако, старецот не се биеше шега со мене?“ Така си зборуваше Митја чекорејќи кон својот стан; а се разбира, тој, поинаку и не можеше да мисли освен: или е тоа корисен совет (од таков деловен човек!) со разбирање на работите, со познавање на Љагавиот (чудно презиме) или — или старецот си прави шега со него! За жал, последната мисла беше единствена. Подоцна, по подолго време, кога веќе се одигра катастрофата, старецот Самсонов признаваше, смешкајќи се, дека тогаш си биел шега со „капетанот“. Тој беше злобен, студен, и зајадлив човек, а освен тоа, уште и со болни антипатии. Дали восхитениот изглед на капетанот, дали глупавото убедување на тој „непрокопсаник и расипник“ дека тој, Самсонов, може да се фати на таква бесмислица, каков што беше неговиот план, дали љубомората поради Грушенка, поради кое „тој неранимајко“ дојде кај него со некаква бесмислица по пари — не знам што го поттикна токму тогаш старецот, но во моментот кога Митја стоеше пред него чувствувајќи дека му се потсечуваат нозете и кога бесмислено викаше дека пропаднал, во тој миг старецот го погледна со бесконечна омраза и намисли да му

се насмевне. Кога Митја излезе, Кузма Кузмич, целиот зелен од злоба се сврти кон сина си и му рече да се издаде наредба отсега тој парталко да не му го пуштаат пред очи, повеќе да не sирне ни во дворот, инаку . . .

Не го изговори она со кое се закануваше, но дури и неговиот син, кој често го гледаше налутен, затрепери од страв. Цел час по тоа, старецот сиот се тресеше од злоба, а во квечерината се разболи и испрати по лекар.

II

Љагавиј

Значи, сега требаше да се „трча“, а пари за коњи немаше ни копејка: тоест, имаше четириесет копејки, и тоа беше сè што му останало од долгогодишната поранешна благосостојба. Но дома имаше стар сребрен часовник, кој одамна веќе не работеше. Тој го зграпчи и го однесе кај Евреинот часовничар што имаше дуќанче на плоштадот. Овој му даде шест рубли. „Не очекувава ни толку!“ — викна восхитен Митја (тој ненепрестајно беше во восхит), ги стисна своите шест рубли и потрча дома. Дома ја дополни таа сума, земајќи на заем три рубли од своите домаќини, кои на драго срце му дадоа иако тоа беа последните нивни пари — толку го сакаа. Митја во восхитеност, веднаш им довери: дека сега се решава неговата судбина и, многу брзајќи, им го раскажа својот „план“, кој штотуку му го изложи на Самсонов, потоа и одлуката на Самсонов, идните свои надежи, и другото, и другото. Домаќините и дотогаш беа запознавани со многу негови тајни; затоа во него гледаа како во **свој** човек, а никако како во горд господин. Откако присобра така девет рубли, Митја испрати по поштенската кола до станицата Воловое. Но на тој начин беше забележан и запомнет фактот: дека „спроти извесен настан, напладне, Митја немал ни копејка, и тој, за да дојде до

пари, го продал часовникот и позајмил три рубли од своите домаќини — и тоа сè пред сведоци".

Укажувам на тој факт однапред, а после веќе ќе се разјасни зошто го правам тоа.

Заминувајќи со брзање на станицата Воловое, Митја, иако блестеше од радосното претчувство дека, најпосле, ќе ги заврши и расплетка „сите тие работи", сепак трепереше и од страв: што ли ќе биде со Грушенка, во негово отсуство? — таа можеби токму денеска ќе се реши најпосле да појде кај Фјодор Павлович? Ете зошто отиде без да ѝ се јави, и наредувајќи им на своите домаќини воопшто да не откриваат каде заакал, ако некој дојде да го бара. „Бездруго, бездруго квечерина треба да се вратам, повторуваше, тресејќи се во простата кола, „а тој, Љагавиот, најпосле, макар и ваму да се довлечка... за да се склучи тој договор..." — така си мечтаеше Митја со страв во срцето. Но, леле! на неговите мечтаења никако не им беше судено да се остварат според неговиот „план"

Пред сè, тој задоцни, упатувајќи се од станицата Воловое по селски пат. Се покажа дека тој пат е долг не дванаесет, туку осумнаесет врсти. Второ, илинскиот поп не го затекна дома: отишол во соседното село. Додека Митја таму го пронајде, одејќи во тоа соседно село, со истите и преморени коњи, стаса речиси и ноќта. Свештеникот, некое плашливо и навидум љубезно старо човече, му објасни веднаш дека тој, Љагавиј иако најпрвин наминал кај него, сега се наоѓа во Суво Село, дека таму ноќеска ќе преноќи кај шумарот, зашто и таму купува шума. На упорните молби од Митја да го одведе кај Љагавиј, сега веднаш, „и со тоа, така да се каже, да го спаси", попот иако отпрвин се тегавеше, се согласи да го одведе во Суво Село, очигледно исполнет со љубопитство, но за несреќа предложи да одат „пеш", зашто дотаму има само една врста, или „можеби малку повеќе". Митја, се разбира, се согласи, и почна да чекори со своите метарски чекори така што кутриот свештеник речиси трчаше по него. Тој беше средовечен и многу претпазлив човек. Митја и со него веднаш почна да зборува за своите планови: пламено и нервозно бараше совет во поглед на Љагавиот и зборуваше по цел

пат. Попот внимателно слушаше, но малку го советуваше. На прашањата од Митја избегнуваше да одговара: „Не знам, оф, не знам! Од каде јас да го знам тоа?“ и така натаму . . . Кога Митја почна да раскажува за своите судири со татка си поради наследството, свештеникот речиси се уплаши, зашто донекаде зависеше од татко му на Митја Фјодор Павлович. Но, со чудење прашуваше: зошто тој, трговецот — селанецот Горсткин го вика Љагавиј, и пресретливо му објасни на Митја дека, иако селанецот е навистина Љагавиј, тој сепак не е Љагавиј, бидејќи многу се навредува ако некој го вика со тоа име, туку дека бездруго треба да го вика Горсткин, „инаку, со него нема да направите ништо: нема да сака ни да ве слуша . . .“ — заврши свештеникот. Митја малку се зачуди и објасни, дека така го викал самиот Самсонов. Кога слушна за таа околност, свештеникот брзо го замачка разговорот, иако ќе направеше подобро веднаш да му кажеше на Дмитриј Фјодорович за својата претпоставка: ако Самсонов ве испратил кај тој селанец, како кај Љагавиј, дали тоа не го направил поради подбив и дека тука можеби има нешто што не е во ред. Но Митја немаше кога да се задржува на такви ситници. Тој брзаше, чекореше, и дури кога дојде во Суво Село, забележи дека минале не врста, и не една и пол врста, туку и цели три; тоа го налути, но истрпи. Влегоа во куќата. Шумарот, познаник на свештеникот, живееше во едната половина на куќата, а во другата, подобрата, од другата страна на ходникот, беше сместен Горсткин.

Влегоа во таа чиста половина, и запалија лоена свеќа. Собата беше многу загреана. На чамовата маса стоеше угаснат самовар, потоа послужавник со филџани, испиено шише рум, не сосем испиена ока ракија, и остатоци на бел леб. Самиот Горсткин лежеше испружен на клупа, со големо истуткано палто под главата наместо перница, и гласно грчеше. Митја застана нерешително. „Се разбира, треба да се разбуди: мојата работа е премногу важна, јас многу брзам ,и брзам уште денеска да се вратам“, се вознемири Митја; но свештеникот и шумарот стоеја и молчеа, не искажувајќи го своето мислење. Митја се доближи и зеде да го буди, и тоа

енергично, но заспаниот воопшто не се разбудуваше. „Пијан е како земја — заклучи Митја — што да правам, господа, што да правам?“ И наеднаш во страшна нестрпливост фати заспаниот да го трга за рацете, за нозете, да му ја ниша главата, да го дига и да го наместува на клупата да седне; сепак, по многу долги напори, постигна само толку што овој почна некако диво да мрмори и страшно да пцуе, но нејасно изговарајќи ги зборовите.

— Подобро ќе биде да причекате — рече најпосле свештеникот — зашто тој . . . се гледа, не е во состојба.

— Цел ден пиеше — се одзва шумарот.

— Господи! — извикуваше Митја — кога би знаеле колку ми е потребно тоа мене и во каков очај сум јас сега!

— Да, подобро би било да причекате до утре — повтори свештеникот.

— До утре? Живи бога! Тоа е невозможно!

И во очај Митја за малку пак што не се спушти да го буди пијаниот; но веднаш се откажа од тоа, сфаќајќи ја сета некорисност на таквиот напор. Свештеникот молчеше, сонливиот шумар беше намуртен.

— Колку страшни трагедии им приредува стварноста на луѓето! — проговори Митја наполно очаен. Пот му течеше од лицето.

Искористувајќи го моментот, свештеникот многу разумно објасни: дури и кога би успеале да го разбудат заспаниот, бидејќи е пијан, не би бил способен за никаков разговор, „а вашата работа е важна, па би било посигурно да ја оставите за утре“.

Митја ги рашири рацете и се согласи.

— Отец, јас ќе останам овде со свеќава, и ќе демнам момент. Ако се разбуди, ќе почнам веднаш . . . за свеќава ќе ти платам — му се обрна тој на шумарот — а и за преноќиштето, ќе го запаметиш Дмитрија Карамазов. Туку ,отец, не знам што да правам со вас: каде ќе легнете вие?

— Јас, јас ќе си одам дома. Јас ќе ја јавнам неговата кобилка — покажа тој на шумарот. — А сега збогум! Ви пожелувам да постигнете сè што сакате.

Така и се случи.

Свештеникот си отиде на кобилката, целиот среќен што најпосле се ослободил од Митја, но сепак некако збунето мавтајќи со главата и размислувајќи: дали утре не би требало навреме да се извести за оној интересен случај добротворот Фјодор Павлович, „зашто ќе дознае кога не треба, ќе се налути и ќе ја откаже својата милост". Шумарот се почеша и молкома си отиде во своето одделение, а Митја седна на клупата за да демне момент, како што рече." Длабока тага, како некоја тешка магла, ја завитка неговата душа. Длабока, страшна тага! Седеше, мислеше, но ништо не можеше да измисли. Свеќата согоруваше, почна да црцори скакулец, во претоплената соба стануваше неиздржливо задушно. Нему наеднаш пред очи му излезе градината, преминот зад градината, во куќата на татка си, таинствено се отвора вратата, во вратата втрчува Грушенка . . . Митја скокнува од клупата.

— Трагедија! — одговори тој чкртајќи со забите, механички дојде до заспаниот и почна да му гледа во лицето. Тоа беше слабичок, не многу стар селанец, со многу долгнавесто лице, со костенлива кадрава коса, и со долга ретка црвеникава брадичка, во басмена кошулка и црн елек, од чиј џеб sиркаше синџирче од сребрен часовник. Митја тоа лице го гледаше со страшна омраза, и некако посебно омразено му беше дека имаше кадрици. А што е најважно, него многу го навредуваше тоа, што тој, Митја, стои над него со својата неодложна работа, откако толку жртвувал, толку остарел, целиот измачен, а овој дембелов, „од кого сега зависи сета моја судбина, грчи како да не се случува ништо, како да паднал од друга планета". „О, иронијо на судбината!" — викна Митја, и наеднаш, сосем загубувајќи го разумот, пак се спушти да го буди пијаниот селанец. Го будеше некако разбеснето, го нишаше, го клоцаше, дури и го тепаше: но, откако се намачи со него едно пет минути ,и пак не постигна ништо, тој, премален и очаен, се врати на клупата и седна.

— Глупаво, глупаво! — се жалеше Митја — и . . . колку е нечесно сето тоа! — додаде тој наеднаш пора-

ди нешто. Почна страшно да го боли главата. „Или сè да оставам? Да отпатувам!“ — му светна низ главата. — „Не, подобро е да се чека до изутрина. Намерио ќе останам, намерно! Оти инаку, зошто дојдов? А и нема со што да си одам?! Како да се оди сега одовде? О, каква бесмислица!“

А главата го болеше сè посилно и посилно. Седеше неподвижно и не знаеше како задремал и наеднаш, седејќи заспал. Веројатно спиел два часа или повеќе. А се разбуди од страшна главоболка, толку неиздржлива што сакаше да вика. Во слепите очи му чукаше, темето го болеше. Кога се разбуди, уште долго време не можеше да дојде на себе и да сфати што станува со него. Најпосле, се сети дека загреаната соба е страшно полна со јаглен моноксид и дека може и да се задуши. А пијаниот селанец непрестајно лежеше и грчеше, свеќата се истопи и само што не се угасна. Митја викна и трчајќи и тетеравејќи се низ ходникот отиде во собата на шумарот. Овој бргу се разбуди, и кога слушна дека таму има премногу јаглен моноксид, навистина, отиде да ја проветри собата, но фактот го прими чудно рамнодушно, што Митја и го изненади и го навреди.

— Ама тој е умрен, тој е умрен... Ами сега... што сега? — викаше Митја пред шумарот целиот надвор од себеси.

Ја отвори вратата и прозорецот, ја отвори прегрaдата во оџакот, Митја довлечка од ходникот кофа со вода, прво себеси си ја накваси главата, а потоа најде некаква крпа, ја пикна во водата и му ја стави во главата на Љагавиј. Шумарот и понатаму спрема сето тоа се држеше некако со презир и, откога го отвори прозорецот рече намуртено: „Добро е и вака“, па пак си отиде да спие, оставајќи му на Митја запален фенер. Митја едно половина час се мачеше со онесвестениот пијаница, постојано нишајќи му ја главата и веќе сериозно мислеше да не заспие цела ноќ; но, бидејќи се измачи, седна за малку да здивне, вмиг ги затвори очите, несвесно се одвали на клупата и заспа како заклан.

Се разбуди многу доцна. Можеше веќе да има девет часот. Сонцето силно светеше низ двата прозореца. Синоќниот кадрав селанец седеше на клупата веќе облечен во долама. Пред него стоеше загреаниот самовар и друго шише ракија. Старата, синоќешната беше веќе испиена, а новата испразнета повеќе од половината. Митја скокна и вчас се увери дека несреќниот селанец пак е пијан, пијан многу и непоправливо. Тој за миг се загледа во него, ококорувајќи ги очите. И селанецот погледа во него молчејќи и подмолно, со некакво навредливо спокојство, дури како што му се стори на Митја, со некаква презрива горделивост. Митја се спушти накај него.

— Дозволете, гледате ли... јас... вие веројатно сте слушнале од овдешниот шумар, од другана соба: јас сум поручник Дмитриј Карамазов, син на стариот Карамазов, од кого сакате да ја купите шумата.

— Ти само дрдориш! — наеднаш му подвикна селанецот решително и спокојно.

— Како дрдорам? Дали повелате да го познавате Фјодора Павлович?

— Јас никаков твој Фјодор Павлович не повелам да познавам — одговори селанецот, превртувајќи го јазикот со тешка мака.

— Шумата, шумата ја купувате од него... Ама разбудете се, соземете се. Отец Павел Илински ме доведе ваму... Вие сте му пишале на Самсонов, и тој ме испрати кај вас... — зборуваше Митја одвај дишејќи.

— Ти дрдориш! — викна пак Љагавиј.

На Митја му се смрзнаа нозете.

— Живи бога, ова не е шега! Вие сте можеби пијан. Но сепак вие сте во состојба да зборувате и да разберете... Инаку... инаку јас ништо не сфаќам.

— Ти си бојација!

— Ама ве молам, јас сум Карамазов, Дмитриј Карамазов, кај вас дојдов со една понуда... со предлог поволен за вас... многу поволен... и тоа токму поради шумата.

Селанецот достоинствено си ја мазнеше брадата.

— Не, ти ме шпионираш, и се покажа подлец. Ти си подлец.

— Ама ве уверувам дека се лажете! — си ги кршеше прстите Митја во очајот.

Селанецот непрестајно си ја мазнеше брадата и наеднаш подмолно подзамижа со очите.

— Не, еве што да ми кажеш ти мене: покажи ми ти мене таков закон, според кој е слободно да правиш пакост, слушаш ли! Ти си подлец, сфаќаш ли?

Митја намуртено се поврати назад, и наеднаш „како нешто да го тресна по челото", како што после се изрази самиот. За миг му се разбистри главата, „ми се запали ламба, и јас сфатив сè". Митја стоеше стаписан, не знаејќи како можел тој, паметен човек, да наседне на таква глупост, да се заплетка во таква авантура, и тоа да го продолжува еве веќе цел еден ден и една ноќ, да се матка со Љагавиј, да му ја кваси главата... „Ете! — пијан човек, се намачкал како земја, и ќе пие уште цела една недела — што има тука да се чека? А ако Самсонов намерно ме испрати ваму? А што ако таа... О, господи, што направив јас!..."

Селанецот седеше, го гледаше и се смешкаше. Да беше во други околности, Митја можеби ќе го убиеше од бес овој будала, но сега беше премален како дете. Полека се доближи до клупата си го зеде палтото, молчејќи го облече и излезе од собата. Во другата соба не го најде шумарот, таму немаше никој. Извади педесет копејки ситно и ги стави на масата, за преноќиштето, за свеќата и за вознемирувањето. Кога излезе од собата виде дека сè наоколу е само шума и ништо повеќе. Тргна наврапито, не сеќавајќи се дури ни каде требаше да скршне зад куќата — десно или лево; бидејќи синоќа со свештеникот брзаше, не го запамети патот. Во неговата душа немаше никаква одмазда спрема никого, дури ни спрема Самсонов. Тој чекореше по тесната шумска патека, без мисли, збунетост, со „пропадната идеја" и ни малку не водејќи сметка за тоа каде оди. Првото дете што би го сретнало би можело да го совлада, толку беше потстанат и духовно и телесно. Но сепак, некако се измолкна од

шумата: пред него наеднаш излегоа ожнеани голи полиња на непрегледниот простор. „Каков очај, каква смрт на сите страни!“ — повторуваше непрестајно чекорејќи напред.

Го спасија некои минувачи: еден колар возеше по селскиот пат некој старец-трговец. Кога го настигнаа, Митја ги праша за патот и излезе дека и тие одат во Воловое. Се пазарија и го примија Митја како сопатник. Стигнаа за едно три часа. На станицата Воловое, Митја веднаш нарача поштенска кола за в град, и се сети дека е многу гладен. Додека ги впрегнуваа коњите, му направија кајгана. Тој наеднаш го изеде сето, изеде големо парче леб, и некаков колбас што се најде, и испи три чашки вотка. Откако се поткрепи така, тој се охрабри и душата пак му се разведри. Леташе по патот, го тераше коларот да вози побрзо, и наеднаш направи нов и сега веќе „непроменлив“ план за тоа како да ги набави до вечер „тие проклети пари“. „И само кога ќе помисли човек, кога ќе помисли дека поради ништожните три илјади пропаѓа човековата судбина“ — викна тој презриво. — И да не беше непрекинатата мисла за Грушенка, и за тоа да не ѝ се случило нешто, тој можеби пак ќе се развеселеше. Но мислата за неа му проникнуваше секој миг во душата како остар нож. Најпосле пристигнаа, и Митја веднаш отрча кај Грушенка . . .

III

Златни рудници

Тоа беше посетата на Митја за која Грушенка со таква страст му раскажуваше на Ракитин. Тогаш таа ја очекуваше својата „вест“, и ѝ беше многу мило што Митја не доаѓаше ни денеска, ни вчера; се надеваше дека ќе даде господ па до нејзиното заминување нема да ѝ дојде — а тој, ете, наеднаш се бапна. Другото ви е познато: за да се ослободи од него, таа наеднаш го убеди да ја отпрати до Кузма Самсонов, каде што, божем, има многу работа, за да ги „пребројува пари-

те“. А кога Митја ја испрати, таа, простувајќи се со него пред вратата на Кузма, зеде од него ветување да дојде по неа околу дванаесет часот за да ја испрати назад дома. Митја дури и сакаше таква наредба: „Ќе го преседи времето кај Кузма, значи, нема да оди кај Фјодор Павлович, само ако не лаже!“ — додаде веднаш. Но, како што му се чинеше, изгледа, не лажеше. Митја беше таков тип љубоморен човек што, кога ќе се разделеше со саканата жена, веднаш измислуваше којзнае какви страшни работи: што прави таа сега, како го „изневерува;“ но, кога дотрча после кај неа, потресен, очаен, најпосле уверен дека го изневерила, тој штом го погледна нејзиното лице, насмеаното, весело и милно лице на таа жена, веднаш се преобразуваше духовно, вмиг му се изгуби секакво сомневање и со радосен срам се караше себеси поради љубомората. Откако ја испрати Грушенка, тој трчаница си отиде дома. О, мора да стигне уште многу работи да сврши денеска! Но, барем му олесни во срцето. „Е, сега треба само што побргу да се дознае од Смердјакова дали имало нешто таму синоќа, дали дошла кај Фјодор Павлович! — му мина низ главата. Така, уште додека не беше стигнал ни да дотрча во својот стан, љубомората веќе оживи во неговото немирно срце.

Љубомора! „Отело не е љубоморен, тој е доверлив“, — забележува Пушкин; веќе самата таа забелешка сведочи за необичната длабина на умот на нашиот голем поет. На Отело му е здробена душата, и заматен му е сиот поглед на светот, зашто е **пропаднат неговиот идеал.** Но Отело нема да се крие, ниту да шпионира и да демне . . . Тој е доверлив. Напротив, него други мораа да го подбуцнуваат, да го поттикнуваат, да го распалуваат со необичен напор, за да му дојде на ум неверството. Не е таков вистинскиот љубоморен човек. Невозможно е и да се замисли сета срамота и моралното паѓање со кое е способен да се помири вистинскиот љубоморен човек, без никакво гризење на совеста. Не се такви само простачките и гнасни души. Напротив, и луѓе со возвишени души, со чиста љубов, полни со самопожртвување, способни се, исто така, да се кријат под масите, да поткупуваат најподли луѓе,

да се согласуваат со најодвратната кал на шпионирањето и прислушнувањето. Отело по никоја цена не би можел да се помири со неверството — не затоа што не би можел да прости, туку затоа што не би можел да се помири — иако неговата душа е кротка и невина, како на дете. Поинаку е тоа кај вистинскиот љубоморен човек: тешко е и да се замисли, на што сè може да се согласи ,и со што сè ќе се помири, и што сè е кадар да прости по некој љубоморен човек! Љубоморните простуваат побргу од сите други, и тоа го знаат сите жени. Љубоморниот необично брзо (се разбира, по страшна сцена во почетокот) може и способен е да го прости веќе речиси докажаното неверство, прегрнувањата и бакнежите што ги видел самиот, кога би можел, на пример, во исто време, некако да се увери дека тоа е „последен пат“ и дека неговиот соперник по тој час најпосле ќе исчезне, ќе отпатува на крајот од светот, или дека тој самиот ќе ја одведе некаде, на такво место, каде што не ќе може да дојде страшниот соперник. Се разбира, тоа измирување трае само еден час; зашто дури и ако навистина исчезне соперникот, тој утре ќе пронајде друг нов, па тогаш ќе биде љубоморен на новиот. Би рекол човек: каква му е и зошто му е таа љубов, што треба толку да ја шпионира! И што вреди љубовта кога мора толку да се стражари над неа? Но тоа никогаш нема да ви го разбере вистинскиот љубоморен човек; меѓутоа, меѓу нив навистина има луѓе со возвишено срце. Вредно за внимание е и ова: тие луѓе со возвишено срце, стоејќи во некое собиче, прислушнувајќи и шпионирајќи, иако „со своето возвишено срце“ јасно ја сфаќаат сета срамота во која се паднати, сепак, барем во моментот, додека стојат во собичето, никогаш не чувствуваат гризење на совеста. Кај Митја, штом ќе ја види Грушенка, исчезнува љубоморатa; тој наеднаш станува доверлив и благороден, дури и себеси се презира поради лошите чувства. Но тоа значи само дека во неговата љубов спрема оваа жена се криеше нешто многу повисоко отколку што претпоставуваше самиот, а не само страв, не само „извивка на телото“, за кое му кажуваше на

Аљоша. Но затоа, штом ќе се оддалечеше Грушенка, Митја веднаш стануваше сомнежлив спрема неа, обвинувајќи ја за долно и итро неверство. И притоа не чувствуваше никакво гризење на совеста!

Па така и сега, љубомората зовре во него повторно. Секако ,требаше да се брза, и, пред сè, да се набават барем малку пари за прво време. Речиси сите девет рубли што ги набави вчера, отидоа за патот, а сосем без пари, се разбира, човек никаде не може да мрдне. Но, со својот нов план, неодамна во колата го смисли и тоа каде да најде малку пари за некое време. Имаше два добри пиштола за двобој, со куршуми; досега не ги заложил, затоа што таа работа ја сакаше повеќе од сè што имаше. Во гостилницата „Престолнина" веќе одамна се запозна со еден млад чиновник, и тука дозна дека тој неоженет и многу имашлив чиновник страсно љуби оружје дека купува пиштоли, револвери, ками, ги закачува дома по ѕидовите, им ги покажува на познатите, се фали, умее вешто да ги објаснува и цените на револверите, кој како се полни, како се пука итн. Не размислувајќи многу, Митја веднаш се упати кај него и му понуди да ги земе во залог пиштолите за десет рубли. Чиновникот сиот среќен, фати да го убедува да му ги продаде, но Митја не се согласи, и овој му даде десет рубли велејќи му дека нема да му бара никаква лихва. Се разделија пријателски. Митја брзаше. Отрча во домот на Фјодор Павлович, во задниот дел на градината, во својата сеница, за што побргу да го викне Смердјакова. А на тој начин пак излегува фактот дека само три-четири часа пред настанот за кој подоцна ќе се зборува многу, Митја немаше ни копејка, и дека за десет рубли ги заложи најмилите предмети, додека наеднаш, по три часа во неговите раце, се најдоа илјади . . . Но јас многу истрчувам напред! . . .

Кај Марја Кондратјевна (сосетка на Фјодор Павлович) го чекаше веста за болеста на Смердјаков, која многу го вчудовиди и го збуни. Тој ја слушна приказната за паѓањето на Смредјаков во визбата, потоа за епилепсијата, за доаѓањето на лекарот, и за грижите на Фјодор Павлович; со интересирање дозна дека не-

говиот брат Иван Фјодорович уште изутрината си замина за Москва. „Веројатно пред мене минал низ Воловое“,— си помисли Дмитриј Фјодорович но Смердјаков го фрли во голема грижа. — „Како ќе правам сега? Кој ќе чува стража, кој ќе ми јави?“ — Тој нестрпливо почнува да ги распрашува жените дали забележале нешто синоќа. Овие многу добро знаеја за што се распрашува тој и наполно го разубедија: никој не дошол, во куќата ноќевал само Иван Фјодорович, „сè беше во најдобар ред“. Митја се замисли. Без сомневање, и денеска треба да се чува стража, но каде: овде или на вратата на Самсонов. Тој заклучи дека треба и овде и таму, според ситуацијата, а дотогаш, дотогаш . . . работата беше во тоа што сега стоеше пред него „планот“, новиот и сега веќе точен план, што го смисли во колата и чие извршување беше невозможно да се одлага. Митја реши за тоа да жртвува еден час: „За еден час ќе свршам сè, ќе дознам сè, а после, после, прво и прво: во куќата на Самсонов, ќе видам дали е таму Грушенка, па веднаш надвор, ваму, и до единаесет часот ќе бидам овде, а после пак по неа, кај Самсонов, за да ја испратам назад дома“. Ете што реши.

Отрча дома, се изми, се исчешла, си ја исчисти облеката, се облече, и се упати кај госпоѓата Хохлакова. Да, за жал неговиот „план“ беше тука. Реши да позајми три илјади од таа дама. И, што е најважно, кај него наеднаш, некако сосем ненадејно, се појави необична убеденост дека таа нема да го одбие. Можеби некој ќе се зачуди: па штом бил толку убеден, зошто порано не отишол кај неа, така да се каже, во своето друштво, ами се упати кај Самсонов, сосем поинаков човек, со кого дури не знаеше ни како да разговара. Но работата е во тоа што тој со Хохлакова во последниот месец речиси го прекина познанството; а и порано беше малку познат; и, згора на тоа, знаеше дека таа никако не може да го трпи. Таа дама го замрази отпрвин; просто затоа што тој ѝ стана свршеник на Катарина Ивановна, а Хохлакова, меѓутоа, поради нешто имаше волја Катарина Ивановна да го остави него, и да се омажи за „милиот, рицарски образованиот

Иван Фјодорович, кој има толку прекрасни манири". Однесувањето на Митја таа го мразеше. Митја дури ѝ се смееше и еднаш некако се изрази за неа, дека таа дама „е толку жива и слободна, колку што е необразована". И сега, неодамна, изутрина, на колата нему наеднаш му светна најсветлата мисла: „Па штом таа толку не сака да се оженам со Катарина Ивановна, во толкава мера не сака (тој знаеше дека таа не го сака тоа речиси до хистерија), тогаш зошто да не ми даде три илјади токму за да можам со тие пари да ја оставам Катја и да си одам одовде засекогаш? Тие разгалени високи дами, кога ќе се каприцираат за нешто не штедат ништо, само да излезе по нивното. „А покрај тоа таа е и многу богата", си размислуваше Митја. Што се однесува до „планот", го имаше на ум истото како порано, тоест понуда на своите права на Чермашња но не веќе со трговска цел, како вчера на Самсонов, не заслепувајќи ја таа дама, како вчера Самсонова, со можноста да приграби наместо три илјади — двапати поголема сума — едно шест, или сите седум илјади — туку просто како чесна гаранција. Откако ја анализира својата нова мисла, Митја се восхити. Но не му се случуваше така при сите негови потфати, при сите негови ненадејни решенија. Тој на секоја нова мисла, ѝ се предаваше страсно. Сепак, кога стапи на тремот од куќата на госпоѓа Хохлакова, тој наеднаш почувствува како по грбот му полазија морници од страв: дури во таа секунда сфати наполно и математички јасно, дека овде му е последната надеж, и ако пропадне и тука, дека веќе ништо не му останува на светов, „освен некого да заколе, и ограби поради тие три илјади, ништо повеќе"... Беше приближно осум и пол кога заѕвони.

Отпрвин како да му се насмевна среќата: само што се пријави, веднаш беше примен, необично брзо. „Како да ме очекувала", му мина низ главата; и потоа само што го воведоа во салонот, домаќинката речиси трчаница влезе и веднаш му рече дека ја очекувала неговата посета.

— Ве очекував, ве очекував! Јас не можев ни да помислам дека ќе дојдете кај мене, нели така, па сепак

ве очекував. Можеби се чудите поради мојот инстинкт, Дмитриј Фјодорович, но цело претпладне бев уверена дека ќе дојдете денеска.

— Господо, тоа е навистина чудно — рече Митја несмасно седнувајќи — но... јас дојдов поради една необично важна работа... најважна меѓу најважните, тоест за мене, господо, само за мене — брзам...

— Знам дека сте овде поради најважно, Дмитриј Фјодорович. Тоа не се некакви претчувства, ниту назадни наклоности спрема чудата (секако сте чуле за старецот Зосима?), тоа ви е, тоа ви е математика: вие не можевте да не дојдете по она што се случи со Катарина Ивановна, не можевте, не можевте, тоа е математика.

— Реализам на вистинскиот живот, господо, ете што е! Но, дозволете ми, сепак, да ви изложам...

— Навистина, реализам, Дмитриј Фјодорович. Јас сега сета сум за реализам, зашто добив премногу добра лекција во поглед на чудата. Слушнавте ли дека умре отец Зосима?

— Не, господо, првпат сега слушам — малку се зачуди Митја.

За миг му се создаде ликот на Аљоша.

— Ноќеска, и претставете си само...

— Господо — ја прекина Митја — си го претставувам само тоа дека сум во најочајна положба и дека, ако не ми помогнете вие, ќе ми пропадне сè, а пред сè јас. Извинете, поради баналниот израз, јас сум во оган, јас имам треска...

— Знам, знам дека сте во оган; знам сè. Вие и не можете да бидете во поинаква душевна состојба; што и да речете јас знам сè, однапред. Одамна ја следам вашата судбина, Дмитриј Фјодорович: ја следам и ја проучувам... О, верувајте ми, јас сум искусен душевен лекар, Дмитриј Фјодорович.

— Господо, ако сте вие искусен лекар ,тогаш јас сум искусен болен — се направи Митја љубезен сосила — и претчувствувам, ако веќе така ја следите мојата судбина, дека ќе ѝ помогнете, во нејзината гибел. Но токму поради тоа дозволете ми, најпосле, да го изложам пред вас планот со кој се осмелив да дој-

дам кај вас... И она што го очекувам од вас... Господо јас дојдов...

— Немојте да излагате, тоа е споредно. А колку за помошта, вие не сте првиот, на кого јас му помогам. Вие сигурно сте слушале за мојата братучетка Белмесова? Нејзиниот маж беше на работ на бездната, беше пропаднат, како што се изразивте вие, Дмитриј Фјодорович. Па што мислите? Јас го посоветував да одгледува коњи, и сега напредува. Имате ли вие поим од одгледување коњи, Дмитриј Фјодорович?

— Ни најмалку, господо — ох, господо ни најмалку! — викна Митја во нервозна нестрпливост, па дури и стана од местото. — Јас ве молам, господо, да ме ислушате; дајте ми само две минути слободен разговор, за да можам да ви изложам сè, сиот план со кој сум дојден кај вас. Освен тоа, мене времето ми е скапо, многу брзам!... — викна Митја хистерично, чувствувајќи дека таа пак ќе почне да зборува и надевајќи се дека ќе ја надвика. — Јас дојдов очаен... на последниот степен од очајот... за да ве замолам да ми дадете на заем три илјади; на заем, но со сигурен, со најсигурен залог, господо, со најсигурна гаранција. Дозволете ми да ви го изложам...

— Сето тоа ќе го кажете после, после! — почна да мавта со рацете госпоѓа Хохлакова — а освен тоа, што и да кажете, јас сè знам однапред, веќе тоа ви го кажав. Вие барате некаква сума, вам ви се потребни три илјади, а јас ќе ви дадам повеќе, неизмерно повеќе; јас ќе ве спасам, Дмитриј Фјодорович ,само е потребно да ме ислушате.

Митја просто скокна од местото.

— Господо, зарем вие сте толку добра? — викна тој со необична возбуда. — Господи, вие ме спасивте! Вие спасувате човек, господо, од насилна смрт, од пиштол... Мојата вечна благодарност...

— Јас ќе ви дадам бескрајно, бескрајно повеќе од три илјади! — викна госпоѓа Хохлакова, гледајќи го восхитот на Митја со ведра насмевка.

— Бескрајно? Ама толку не ми требаат! Мене ми се потребни само тие за мене судбоносни три илјади, и јас од своја страна дојдов да ви ја загарантирам таа

сума со бескрајна благодарност и го изнесувам пред вас планот, кој . . .

— Доста, Дмитриј Фјодорович — речено сторено! — пресече Госпоѓа Хохлакова, со наивен триумф на добротворка. — Јас ви ветив дека ќе ве спасам, и ќе ве спасам. Ќе ве спасам како што ја спасив Белмесова. Што мислите вие за златните рудници, Дмитриј Фјодорович?

— За златните рудници, госпоѓо? Никогаш ништо не сум размислувал за нив.

— Но затоа, пак, јас сум размислувала наместо вас! Сум мислела и сум размислувала! Јас веќе цел месец ве барам за таа цел. Стопати ве гледав кога поминувате, и си повторував: еве енергичен човек, кој треба да оди да копа злато! Јас го проучив дури и вашиот од и си заклучив: овој човек ќе најде многу злато!

— Според одот, госпоѓо? — се насмевна Митја.

— А зошто? И според одот! Што, зарем вие не признавате дека и според одот, може да се познае човековиот карактер, Дмитриј Фјодорович? Природните науки го потврдуваат тоа. О, јас сега сум реалист, Дмитриј Фјодорович, јас од денешниов ден, по настанот во манастирот, што ме потресе толку, сум целосен реалист, и сакам да се фрлам на практична работа. Излекувана сум. Доста! како што рекол Тургенев.

— Но, госпоѓо, трите илјади, што толку великодушно ми ветивте дека ќе ми ги дадете на заем . . .

— Тие нема да ве одминат, Дмитриј Фјодорович — веднаш го пресече госпоѓа Хохлакова — тие три илјади како да ви се во џебот, и тоа не три илјади, ами три милиони, Дмитриј Фјодорович, во најкратко време! Ќе ви ја кажам мојата идеја: Вие ќе пронајдете златни рудници, ќе спечалите милиони, ќе се вратите, ќе станете јавен работник, па и нас ќе нè раздвижувате и ќе нè упатувате кон добро. Зарем сето тоа да им се остави на Евреите? Вие ќе подигате згради и разни претпријатија, ќе ги помагате сиромашните, а тие ќе ве благословуваат. Сега е век на железницата, Дмитриј Фјодорович. Вие ќе станете познат и потребен на министерството на финансиите, кое сега чув-

ствува таков недостиг. Паѓањето на нашата валута не ме остава да заспијам, Дмитриј Фјодорович — од таа страна мене уште малку ме познаваат . . .

— Госпоѓо, госпоѓо! — пак ја прекина Дмитриј Фјодорович во некакво немирно претчувство — јас можеби ќе го послушам вашиот совет, вашиот умен совет, госпоѓо, и можеби ќе одам таму . . . кај рудниците . . . и уште еднаш ќе дојдам кај вас, за да се договориме . . . дури и повеќепати . . . но сега тие три илјади што толку великодушно . . . О, тие би ме ослободиле! и ако е можно, уште денеска . . . Тоест, гледате ли, јас немам ни час, ни час време . . .

— Доста, Дмитриј Фјодорович, доста! — енергично го прекина госпоѓа Хохлакова. — Прашањето е: сакате ли да одите да копате злато или не сакате? Дали сте решиле наполно? Одговарајте математички.

— Ама ќе одам, госпоѓо, подоцна . . . Ќе одам каде што ќе сакате, госпоѓо . . . но сега . . .

— Ама причекајте! — викна госпоѓа Хохлакова, скокна и летна кон својата прекрасна маса за пишување, со безброј фијоки, па почна да ги извлекува фијоките една по една, нешто барајќи и страшно брзајќи.

„Три илјади!“ си помисли Митја, целиот исплашен, „и тоа сега веднаш, без никакво писменце, без расписка . . . О, тоа е џентлемански! Прекрасна жена, само да не е толку . . . зборлива . . .“

— Еве! — викна од радост госпоѓа Хохлакова, враќајќи се кај Митја, — еве што барав!

Тоа беше мало сребрено иконче на гајтан, од оние што понекогаш се носат заедно со крсте на телото, под кошулата.

— Ова е од Киев, Дмитриј Фјодорович — продолжи таа со побожен тон — од моштите на великомаченицата Варвара. Дозволете ми самата да ви го ставам околу вратот, па со тоа да ве благословам, за новиот живот и за новите подвизи.

И таа навистина му го префрли иконче околу вратот и веќе почна да го наместува. Митја така збунет се наведна и почна да ѝ помага, и, најпосле, си го намести на градите иконче над врската и под јаката.

— Е, така, сега можете да одите! — рече госпоѓа Хохлакова свечено, пак седнувајќи на своето место.

— Госпоѓо, јас сум многу трогнат... и не знам како да ви заблагодарам... за таквите чувства, но... кога би знаеле вие колку ми е скапо времето... Сумата, што толку ја очекувам од вашата великодушност... О, госпоѓо, кога сте веќе толку добра, толку трогателно великодушна спрема мене — викна наеднаш Митја во инспирација — тогаш дозволете ми да ви доверам... што вие, впрочем, веќе одамна знаете... дека јас овде сакам едно суштество... Јас ја изневерив Катја... сакам да кажам: Катарина Ивановна... О, јас бев нечовечен, и нечесен спрема неа, но овде засакав друга... една жена, госпоѓо, која вие можеби и ја презирате, зашто вие знаете сè, но која јас никако не можам да ја оставам, па затоа сега тие три илјади...

— Оставете сега сè, Дмитриј Фјодорович! — го прекина госпоѓа Хохлакова со најрешителен тон. — Оставете, а посебно жените. Вашата цел се рудниците, а нема смисла таму да се водат жени. После, кога ќе се вратите со богатство и слава, ќе си најдете другарка на своето срце во највисокото општество. Таа ќе биде современа девојка, образована и без предрасуди. Дотогаш токму ќе узрее сега покренатото женско прашање, и ќе се појави нова жена...

— Госпоѓо, не е во тоа работата... не е... — си ги склопи Дмитриј Фјодорович рацете, молејќи ја.

— Во тоа е, Дмитриј Фјодорович, токму тоа е она кое копнеете вие, иако вие тоа и не го знаете. Јас ни најмалку не сум против денешното женско прашање, Дмитриј Фјодорович, напредокот на жената, дури и нејзината политичка улога во најблиска иднина — тоа е мојот идеал. Јас и самата имам ќерка, Дмитриј Фјодорович ,и од таа страна мене слабо ме познаваат. По тој повод јас му испратив писмо на писателот Шчедрин. Тој писател толку ме упати ,толку ме насочи во поглед во задачата на жената што лани му испратив анонимно писмо од два реда: „Ве гушкам и ве бацувам, мој писателу, во името на современата жена

— продолжете“ и се потпишав: „Мајка“. Сакав да се потпишам „современа мајка“, се колебав, но се задржав просто на „Мајка“. Повеќе морална убавина, има тука, Дмитриј Фјодорович: а потоа, зборот „современа“ би ги потсетила на **Современик**, — за нив горчлив спомен, со оглед на денешната цензура... Ах, господи, што ви е вам?

— Госпоѓо — скокна најпосле Митја, немоќно и молбено склопувајќи ги пред себе рацете, — вие ќе ме натерате да плачам, ако го одлагате она што толку великодушно...

— Ама поплачете си, Дмитриј Фјодорович, поплачете си! — Тоа се прекрасни чувства... вам ви претстои таков пат! Од плачењето, ќе ви олесни: а после ќе се вратите, па ќе се радувате. Само поради тоа ќе дотрчате кај мене од Сибир за да се радувате заедно со мене...

— Но дозволете ми и мене! — завика наеднаш Митја, — последен пат ве молам, кажете ми, дали можам од вас денеска да ја добијам ветената сума? Ако не, тогаш кога можам да дојдам по неа?

— Каква сума, Дмитриј Фјодорович?

— Па ветените три илјади... кои толку великодушно...

— Три илјади? Зарем рубли? Ох, не, јас немам три илјади — изговори госпоѓа Хохлакова со некакво спокојно чудење.

Митја се вцаши...

— Ама како... пред малку... ми рековте... за тие пари вие дури се изразивте: како да ми се во цебот...

— Ох, не, не сте ме разбрале добро, Дмитриј Фјодорович! — штом е така, тогаш не сте ме разбрале. Јас го реков тоа за копањето злато... Вистина, јас ви ветив повеќе, бескрајно повеќе, отколку три илјади, сега се сеќавам, но јас ги имав на ум златните рудници.

— А парите? А трите илјади? — избезумено викна Дмитриј Фјодорович.

— О, ако сте мислеле на пари, јас немам. Сега воопшто немам пари, Дмитриј Фјодорович; толку сега мака мачам со мојот управник на имотот, и јас некѝни позајмив петстотини рубли од Миусов. Не, не, јас немам пари. И знаете ли, Дмитриј Фјодорович, дури и да имам, не би ви дала. Пред сè, никому не давам на заем. Да позајмиш, значи да се скараш, а вам, особено вам не би ви дала — заради вашето спасување не би ви дала, зашто вам сега ви треба само едно: златоносни рудници, рудници и рудници...

— О, ѓавол да ве... — завика наеднаш Митја и со сета сила удри со тупаница по масата.

— Оф, леле, оф, леле! — викна Хохлакова преплашена и истрча во другиот крај во салонот.

Митја плукна и со брзи чекӧри излезе од собата, од куќата, на улица, во темницата! Одеше како споулавен, се тупаше во градите, тӧкму на она место на градите на кое завчера се тупаше пред Аљоша, кога се најде со него за последен пат, во темницата на патот. Што можеше да значи тоа тупање по градите, **на тоа место,** и на што сакаше да укаже со тоа, — сè уште беше тајна што не ја знаеше никој на светов, која тој тогаш не му ја откри ни на Аљоша; но во таа тајна за него се криеше нешто повеќе од срам, се криеше пропаст и самоубиство, така имаше решено, ако не набави три илјади, за да ѝ плати на Катарина Ивановна, и со тоа да си го симне од гра̇дите, **„од тоа место на градите“** срамот што го носеше на нив, и кој толку ја измачуваше неговата совест. Сето тоа наполно ќе му се објасни на читателот подоцна; а сега бидејќи исчезна и неговата последна надеж, тој физички толку силен човек, само што се оддалечи неколку чекори од куќата на Хохлакова, наеднаш гргна во плач како мало дете. Одеше сиот изгубен и солзите си ги бришеше со тупаници. Та̇ка тој се најде на плоштадот и наеднаш почувствува дека наишол на нешто со целото свое тело. Се разнесе врисок на некаква старица која за малку не ја кутна.

— Господи, за малку ќе ме убиеше! Зошто одиш како слеп, небиднику?

— Ах, вие ли сте тоа? — викна Митја, откако ја препозна во мракот старицата. Тоа беше старата слугинка на Кузма Самсонов, која вчера Митја добро ја запамети.

— А кој сте вие, пријателе? — проговори бабата со сосем поинаков глас — не можам да ве познам во темницава.

— Вие живеете кај Кузма Кузмич, работите кај него?

— Така е, баќушка, токму сега бев кај Прохорич... Никако не можам да ве познам!

— Кажете ми, мајче, кај вас ли е сега Аграфена Александровна? — рече Митја надвор од себеси од очекување. — Пред малку ја испратив таму.

— Беше, баќушка, дојде; поседи малку, па си отиде.

— Што? Си отишла? — викна Митја. — Кога си отишла?

— Па веднаш си отиде; само малку беше кај нас, кај Кузма Кузмич, му раскажа една приказна, го насмевна и си избега.

— Лажеш, колнатице! — викна Митја.

— Оф, леле! — викна старицата, но Митја се изгуби. Тој со сета сила фати да трча кон куката на Морозова. Тоа беше токму во времето кога Грушенка си замина за Мокрое, — немаше ни чтврт час по нејзиното заминување. Фења со својата баба, готвачката Матрјона, седеше во кујната, кога наеднаш втрча „капетанот". Штом го здогледа, Фења писна преплашено:

— Викаш? — рече Митја, — А каде е таа?

И не давајќи ѝ на вцашената Фења да одговори ни збор, тој наеднаш падна пред неа на колеици. — Фења, жити Христоса, нашиот господ, кажи ми каде е?

— Господине, ништо не знам, драги Дмитриј Фјодорович, ништо не знам да кажам, дури да ме убиете! — почна да се колне Фења — вие пред малку отидовте со неа...

— Таа се вратила назад...

— Не дојде, господине, ви се колнам во господа, не дојде!

— Лажеш — викна Митја — по твојот страв сфаќам каде е!

Тој летна надвор. Уплашената Фења беше сета среќна оти мина толку евтино, но многу добро сфати дека Митја сега немаше време, и дека инаку таа можеби ќе си поминеше лошо. Но кога тргна да си оди, тој ја зачува и Фења и бабата Матрјона, со една најнеочекувана постапка: на масата стоеше бакарен аван, а во него толчник, малечок толчник од бакар, долг само четвртина аршин. Митја, пред да истрчува надвор, кога веќе со едната рака ја имаше отворена вратата, со другата го зграпчи толчникот од аванот, го пикна во џебот од палтото и се изгуби со него.

— Ах, господи, ќе убие некого! — плесна со рацете Фења.

IV

Во мракот

Каде отрча? Се разбира: „Каде би можела да биде таа, ако не кај Фјодор Павлович! Од кај Самсонов таа побрзала право да оди кај него, сега веќе тоа е јасно. Целата сплетка, сета измама сега се очигледни...“ Сето тоа му се витлееше како виор во главата. Не намина во дворот кај Марја Кондратјевна: „Таму не одам, таму никако... за да нема ни најмала тревога... зашто веднаш би јавиле и би ме предале... Марја Кондратјевна очигледно учествува во заговорот. А и Смердјаков, и Смердјаков — сите се поткупени!“ Кај него се јави друга намера: тој со трчање отиде наоколу, многу наоколу, по една уличка, околу куќата на Фјодор Павлович, ја претрча улицата Димитровска, потоа го претрча и мовчето, и пристигна во едно осамено сокаче зад куќите, празно и ненаселено, заградено од едната страна со плетот на соседната градина а од другата со висока ограда, што од сите страни ја опколуваше градината на Фјодор Павлович. Тука избра место, и тоа изгледа токму она, каде што според преданието што му беше познато Лизавета Смрдливата некогаш се префрлила преку тарабата. „Кога таа можела да

мине", којзнае од каде му светна во главата „зошто јас да не минам?" И навистина, тој потскокна, и за миг успеа да се фати за врвот на оградата, потоа силно се подигна, се качи и ја јавна тарабата. Тука во близината, во градината, имаше мала бања: но, од оградата можеше да се видат и осветлените куќни прозорци: „Се разбира, кај старецот во спалната соба е осветлено, таа е таму!" И скокна од тарабата во градината. Иако знаеше дека Григориј е болен, а можеби и Смердјаков е навистина болен, значи, нема кој да го слушне, тој сепак инстинктивно се притаи, замре наместо, па почна да наслушнува. Но на сите страни владееше гробна тишина, и како порачано, сè беше тивко — ни најслабо ветре.

„Само тишината шепоти", — којзнае зошто тој стих му дојде во главата. „Само да не ме слушнал некој кога прескочив — изгледа не." Постоја така еден момент, па потоа полека тргна низ градината по тревата. Заобиколувајќи ги дрвјата и џбуновите тој долго време одеше со тивок чекор наслушнувајќи по секое движење. Едно пет минути, така кришум се приближуваше кон осветлениот прозорец. Се сеќаваше дека таму, под прозорците има неколку големи високи и густи грмушки на бозел и калини. Излезната врата од куќата во градината, на левата страна од фасадата, беше затворена; и тој тоа нарочно и сигурно го забележа кога минуваше крај неа. Најпосле дојде и до грмушките, и се притаи зад нив. Речиси и не дишеше. „Сега треба да се причека", — си помисли тој, — „за да се разубедат ако ги слушнале моите чекори ,па сега наслушнуваат . . . Само да не се раскашлам, да не кивнам . . ."

Почека една до две минути, срцето му чукаше страшно, и одвреме-навреме збиваше. „Не, нема да ми мине тупкањето на срцето", — помисли тој, — не можам да чекам подолго време." Стоеше зад грмушката во сенка; предната половина на грмушката беше осветлена од прозорецот. „Калина, јагоди — колку се црвени" — прошепоти тој, не знаејќи ни самиот зошто. Полека, со измерени, тивки чекори, се доближи до прозорецот и се подигна на прсти. Сета спална соба на Фјо-

дор Павлович, се појави пред него како на дланка. Тоа беше малечка соба, сета попречно поделена со црвен параван, „кинески", како што го наречуваше сега Фјодор Павлович. „Кинескиот" — му мина низ главата на Митја, „а зад параванот е Грушенка." Тој почна да го гледа Фјодора Павлович. Овој беше во својот нов свилен мантил со риги, кој Митја никогаш не го имаше видено, и кој беше, исто така, порабен со свилен гајтан, со пискули. Под јаката на мантилот, се гледаше чиста облека, тенка холандска кошула, со златни копчиња. На главата Фјодор Павлович ја имаше истата црвена шамија што ја виде на него Аљоша. „Се дотерал!" — си помисли Митја. Фјодор Павлович стоеше близу до прозорецот, очигледно замислен: наеднаш ја тргна главата назад, малку потслушна, па бидејќи ништо не чу, дојде до масата, си тури од шишето половина чашка коњак и го испи. Потоа воздивна со полни гради, пак застана, расеано дојде до огледалото, помеѓу двата прозорци, со десната рака малку ја придигна црвената шамија од челото ,и почна да ги разгледува модринките и раничките кои уште не му беа минале. „Тој е сам", — си помисли Митја, — „судејќи по сè, тој е сам". — Фјодор Павлович се оддалечи од огледалото, наеднаш се сврти и погледна низ прозорецот. Митја веднаш се скри во сенката.

„Таа е можеби зад параванот, можеби веќе спие", — го боцна нешто во срцето. Фјодор Павлович се оддалечи од прозорецот. — „Ама тој низ прозорецот ја опчекува, значи не е тука; оти инаку зошто би гледал во темницата? . . . Тој сега целиот гори од нестрпливост . . ." — Митја пак потскокна и почна да гледа низ прозорецот. Старецот веќе седеше на маса, очигледно потиштен. Најпосле се потпре на лактовите и ја допре десната дланка до образот. Митја нестрпливо го следеше со погледот.

„Сам е, сам е!" — повторуваше тој пак. — „Да е таа тука, поинакво ќе му беше лицето". — Чудна работа: во неговото срце наеднаш зовре некаков бесмислен и чуден бес дека таа не е тука. „Не затоа што ја нема тука", — сфати и самиот си одговори Митја веднаш, — „ами затоа што воопшто не можам со сигур-

ност да дознам дали е тука, или не е тука". — Митја после се сеќаваше дека во главата тогаш му било необично и дека сфаќал сè до последната ситница, ја забележувал секоја цртичка, но тагата, тагата поради неизвесноста и нерешителноста му растеше во срцето неизмерно брзо. „Најпосле, дали е или не е тука?" — му зовре гневот во срцето. И тој наеднаш се реши ,ја протегна раката и полека чукна на касата од прозорецот. Чукна како што беше договорен знакот меѓу старецот и Смердјаков: првин двапати ,пополека, а потоа трипати брзо: туп-туп-туп, — знакот што кажуваше дека Грушенка дошла. Старецот затрепери, ја нишна главата, бргу скокна и со трчање дојде до прозорецот. Митја се скри во сенката. Фјодор Павлович го отвори прозорецот и ја подаде целата глава надвор.

— Грушенка, ти ли си? Ти ли си? — проговори тој, со некаков треперлив полушепот. — Каде си, злато мое, ангелче, каде си?

Многу беше возбуден, одвај дишеше. „Сам е!" заклучи Митја.

— Ама каде си? — викна пак старецот, и уште повеќе ја подаде главата надвор, излезе до рамениците, обрнувајќи се на сите страни, десно и лево. — Дојди ваму да видиш што ти приготвив, дојди да ти покажам! . . .

„Тоа е пакетот со трите илјади", му мина на Митја низ главата.

— Ама каде си? . . . Кај вратата ли си? Веднаш ќе ти отворам . . .

И старецот речиси целиот се наведна низ прозорецот, излегувајќи десно настрана, каде што беше вратата на градината, и напрегајќи се за да види во темницата. Малку требаше за тој бездруго да отрча да ја отвори вратата, иако не го дочека одговорот на Грушенка. Митја гледаше отстрана и не се мрдаше. Профилот на старецот што му беше толку одвратен, целиот негов олабавен подбрадок, орловиот нос, што се смешкаше во жедното исчекување, неговите усни — сето тоа беше многу осветлено од косата светлина на ламбата од левата страна на собата. Голема, незауздa-

на лутина зовре наеднаш во срцето на Митја: „Еве го неговиот соперник, неговиот мачител, мачителот на неговиот живот!“ — Тоа беше порој на онаа ненадејна, одмазничка и дива лутина за која, токму како да ја претчувствуваше, му ја навести на Аљоша, во разговорот со него во сеницата, пред четири дена, кога одговори на прашањето од Аљоша: „Како можеш да го убиеш татка си?“ — „Не знам, не знам“, — рече тој тогаш. — „Можеби нема да го убијам, а можеби и ќе го убијам. Се плашам да не ми стане одвратен **со своето лице токму во тој момент.** Јас ја мразам неговата јаболчница, неговиот нос, неговите очи, неговата бесрамна смеа. Чувствувам лична омраза. Ете, од тоа се плашам, и можеби не ќе можам да се воздржам.

Личната омраза растеше неиздржливо. Митја веќе не знаеше за себе и наеднаш го извлече бакарниот толчник од џебот...

. . . . . .

„Господ тогаш ме зачува“ — кажуваше после самиот Митја. Токму во тоа време се разбуди на постелата болниот Григориј Василевич. Тој ден во квечерината го изведе познатото лекување, за кое Смердјаков му кажуваше на Ивана Фјодорович, тоест целиот се истри, со помошта на жена му, со вотка, со некакви тајни, многу силни лековити треви; а остатокот го испи со „некоја молитва“ што над него ја кажа сопругата. Потоа легна да спие. Се напи и Марфа Игнатјевна; а бидејќи инаку не пиеше, заспа како мртва покрај мажот... Но, Григориј сосем неочекувано се разбуди на полноќ, постоја малку замислен, па иако пак почувствува силна болка во слабините, сепак стана од постелата. Потоа пак размисли за нешто, стана и брзо се облече. Можеби совеста почнала да го гризе дека спие, а куќата остана без чувар „во вакво опасно време!“ Изнемоштен од епилепсијата, Смердјаков лежеше неподвижен во другата собичка. Марфа Игнатјевна, исто така, не се мрдаше: „Изнемоштена баба“, — си помисли Григориј Василевич, погледнувајќи ја неа, па со стенкање излезе на тремот. Се разбира, тој само сака-

ше малку да погледа од тремот ,зашто не беше способен да оди: болката во слабините и во десната нога беше неиздржлива. Но наеднаш се сети дека вратичето на градината синоќа не го заклучи. Тој беше многу уреден и многу точен, човек со еднаш утврден ред, и со долгогодишни навики. Куцајќи и подвиткувајќи се од болка, слезе тој од тремот, и се упати во градината. Се разбира, вратичето ширум отворено! Механички влезе во градината: можеби нешто му се пристори, можеби слушна некаков звук: но, погледна лево и го забележа отворен прозорецот на господарот, веќе празниот прозорец — никого веќе немаше на него.

„Зошто да е отворен — сега не е лето!“ — си помисли Григориј.

И наеднаш, во тој миг, во градината се размрда нешто необично. На едно четириесет чекори пред него како да трчаше во темницата некаков човек, многу брзо се движеше некаква сенка.

— Господи! — проговори Григориј, како надвор од себеси, заборавајќи ја болката во слабините, потрча за да му го пресече патот на оној што бегаше. Тој трчаше напресек, градината очигледно нему му беше попозната отколку на оној што бегаше. Оној се упати кон бањата, протрча зад него, и се фрли кон ѕидот . . . Григориј, го слдеше неиспуштајќи го од видот, и трчаше сиот надвор од себеси. Стигна до оградата токму во моментот кога бегалецот веќе преминуваше преку неа. Надвор од себеси, Григориј силно викна, се спушти по него, и го фати со обете раце за ногата.

Навистина, претчувството не го излажа; тој го позна, тој беше „изродот — таткоубиец!“

— Таткоубиец! — викна старецот така што се слушна наоколу.

Но само тоа можеше да го викне; наеднаш падна како погоден од гром. Митја скокна назад во градината, и се наведна над собореииот. Во рацете на Митја беше толчникот и тој механички го фрли во тревата. Толчникот падна на два чекора од Григориј, но не во тревата, туку на патеката, на сосем видливо место. Неколку секунди Митја го гледаше Григорија, како лежи

пред него. Главата на старецот сета беше крвава; Митја ја протегна раката и почна да ја пипа. После се секáваше дека во тој момент многу сакал да се „увери наполно“: дали му го скршил черепот на старецот или само го „ошумоглавил“ со толчникот по темето. Но течеше крв, страшно шуркаше, и за миг треперливите прсти на Митја беа извалкани од врелата шурка. Тој се секáваше дека извади од џебот бело чисто шамиче што го зеде кога одеше кај Хохлакова ,и го стави на главата од старецот, бесмислено трудејќи се да ја избрише крвта од челото и од лицето. Но, шамичето веднаш се натопи со крв.

„Господи, зошто го направив ова!“ — се тргна наеднаш Митја — како ќе дознам дали му го скршив черепот . . . а и не е ли сега сеедно тоа!“ — додаде тој наеднаш безнадежно, — „сум го убил — сум го убил!“ . . . — „Е, старецу, си нагази, сега лежи!“ — гласно рече тој, и наеднаш се спушти кон оградата, скокна на улица и затрча колку што можеше побрзо.

Шамичето натопено со крв го држеше стуткано во десната рака; при трчањето тој го пикна во задниот џеб од палтото. Трчаше како без глава, неколку ретки минувачи, што ги сретна во темницата на улиците после се секáваа дека таа ноќ сретнале човек што трчал како луд. Пак брзаше кон куќата на Морозова. Пред тоа, Фења, веднаш по неговото доаѓање отрча кај куќниот чувар Назар Иванович, и во Исуса Христа го заколнуваше „веќе да не го пушта капетанот, ни денеска, ни утре“. Назар Иванович, откако ја ислуша, се согласи, но за несреќа пред малку отиде горе кај господарката, каде што ненадејно го викнаа и, патем го сретна својот внук, дваесетгодишно момче, што беше неодамна дојден од селото и му нареди да седи во дворот, но заборави да му каже за капетанот. Митја дојде до вратата и затропа. Момчето веднаш го позна: Митја често му даваше по некоја пара за чај. Веднаш му го отвори вратичето, го пушти внатре и весело смешкајќи се побрза пресретливо да го извести дека „Аграфена Александровна сега не е дома“.

— А каде е, Прохоре?

— Пред малку, пред едно два часа замина, со Тимофеј, во Мокрое.

— Зошто? — викна Митја.

— Не знам да ви кажам — кај некој офицер, некој ги повика, оттамока им испратија и кола . . .

Митја го остави и како споулавен отрча кај Фења.

V

Ненадејно решение

Таа седеше во кујната со баба си, и двете се готвеа да си легнат. Надевајќи се во Назар Иванович тие не се имаа заклучено. Митја втрча, се спушти кон Фења и ја зграпчи за гуша.

— Веднаш кажувај каде е, со кого е сега во Мокрое? — се издра тој, како улав.

Обете жени вриснаа . . .

— Леле, ќе кажам, леле, драги Дмитриј Фјодорович, веднаш ќе ви кажам сè, ништо нема да скријам! — викна во еден здив смртно исплашената Фења — отиде во Мокрое, кај офицерот.

— Кај каков офицер? — викаше Митја.

— Кај поранешниот офицер, оној нејзиниот отпорано, што беше нејзин пред пет години, што ја остави и си отиде. — Издрдори Фења како пред малку.

Дмитриј Фјодорович ги тргна рацете, со кои ѝ го стегаше вратот. Пред неа стоеше блед како мртовец, и нем, но по очите му се гледаше дека наеднаш сфатил сè, сè, наеднаш разбрал сè, сè до последната цртичка, и дека сè му станало јасно. Се разбира, кутрата Фења тогаш не беше во состојба да види дали разбрал или не. Таа, како што се затекна ,седејќи на креветот кога втрча тој, така стоеше и сега, сета растреперена, со раце протегнати напред, како да сака да се брани; просто беше премрена во таа положба. Нејзините исплашени од страв проширени црнки на очите, се впиваа во него неподвижно. А нему токму тогаш обете раце му беа извалкани со крв! Патем, додека трчаше, веројатно со нив со го допирал челото, бришејќи си ја потта од лицето, така што и на челото и на десниот образ му беа

останале црвени дамки од размачкана крв. Фења само што не доби хистеричен напад, а старата готвачка скокна и гледаше како луда, речиси во несвест. Димтриј Фјодорович остана еден миг така, па наеднаш механички се спушти на стол покрај Фења.

Седеше, и не би можело да се рече дека нешто размислува, туку беше како во некаков страв, како здрвен. А сè беше јасно како ден. Офицерот, — тој знаеше за него, знаеше многу добро сè, знаеше токму од самата Грушенка, знаеше дека пред еден месец ѝ испрати писмо. Значи, таа работа цел месец се готвела во длабока тајност, до денешното доаѓање на тој нов човек, а Митја дури и не помислуваше за него! Но, како можеше, како можеше да не помисли за него? Зошто просто го заборави тој офицер, го заборави во истиот час кога слушна за него? Тоа прашање, ете, пред него стоеше како некое чудо! И тој сега го гледаше тоа чудо навистина во страв, сиот оладен од страв.

Па наеднаш, тивко и кротко, како тивко и милно дете, проговори со Фења како сосем да заборавил оти пред малку ја уплаши, ја навреди и ја измачи. Наеднаш, со необична, и за неговата положба чудна определеност, почна да ја распрашува Фења, а Фења, иако вцашено гледаше во неговите крвави раце ,сепак со чудна готовност почна да му одговара на секое прашање ,дури и како да брза да му ја открие „сета гола вистина". Малку — по малку, таа почна речиси весело да му ги излага сите подробности, ни најмалку не сакајќи да го мачи, туку како со сета сила да брза да му угоди на неговото срце. До најмали ситници му го опиша целиот денешен ден, посетата на Ракитин и на Аљоша ,како таа, Фења, чувала стража, како госпоѓага отпатувала и викнала низ прозорецот обрнувајќи му се на Аљоша со молба да го поздрави него, Митјенка, и „вечно да се сеќава како го сакала еден час". Откако го ислуша тоа за поздравот, Митја наеднаш се насмевна, и на неговите бледи образи се појави црвенило. Тогаш Фења му рече, веќе ни малку не плашејќи се, од својата љубопитност:

— Какви ви се рацете, Дмитриј Фјодорович, намачкани со крв!

— Да, — одговори механички Митја, расеано си ги погледна рацете, и веднаш заборави и за нив и за прашањето од Фења.

И пак потона во молчење. Откако втрча, веќе минаа дваесетина минути, му мина поранешниот страв; изгледа дека во него веќе наполно завладеа некаква нова нескршлива решителност, тој наеднаш стана и замислено се насмевна.

— Господине, што се случило со вас? — рече Фења, пак покажувајќи му ги неговите раце; — тоа го рече со сожалување, како некое најблиско суштество.

Митја пак си ги погледна рацете.

— Тоа е крв, Фења — проговори тој, гледајќи во неа со чуден израз — тоа е човечка крв, и, господи, зошто е пролеана! Но!... Фења... Тука има една ограда (тој гледаше во неа како да ѝ кажува некаква загатка), една висока ограда, и навидум страшна, но... утре во зорите, кога „ќе се издигне сонцето", Митјенка ќе ја прескочи оградата... не сфаќаш, Фења, каква ограда — сеедно... нема врска, утре ќе слушнеш и ќе разбереш сè... а сега збогум! Не сакам да пречам, и ќе си одам, ќе знам да се тргнам настрана. Живеј, моја радост... Си ме сакала еден час, па сега памети го Митјенка Карамазов, додека си жива... Таа секогаш ме викаше Митјенка, се сеќаваш ли?

Го рече тоа и наеднаш излезе од кујната. А Фења од тоа излегување се уплаши речиси повеќе отколку пред малку кога втрча и се спушти кон неа.

Точно по десет минути Дмитриј Фјодорович влезе кај младиот чиновник, Пјотр Илич Перхотин, кај кого неодамна ги заложи своите пиштоли. Веќе беше осум и пол, и Пјотор Илич откако си го испи чајот дома, само го беше облекол палтото за да оди во кафеаната „Престолнина" да игра билијард. Митја го затекна на излезот. Кога го виде со лице измачкано со крв, викна:

— Господи! Што ви станало така!

— Па, ете, — брзо одговори Митја — дојдов по моите пиштоли, а вам ви донесов пари. Со благодарност. Брзам, Пјотр Илич, ве молам, побргу.

Пјотр Илич сè повеќе и повеќе се чудеше; во рацете на Митја тој забележа едно снопче пари; а што е

најважно, тој го држеше снопчето и влезе со него како што никој не држи пари ,и како што никој не влегува со нив: сите банкноти ги носеше во десната рака, држејќи ја испружена раката пред себе, како да ги излага. Момчето ,слугинче на чиновникот, кое го сретна Митја во претсобјето ,после раскажуваше дека тој и во претсобјето влегол така, со парите в раце, значи, и на улица постојано ги носел така, пред себе, во десната рака. Сите банкноти беа од по сто рубли, шарени, а ги држеше со крвавите прсти. Пјотр Илич, после, на подоцнежните прашања од заинтересираните лица: колку пари би можело да има? — изјавуваше дека тешко било да се пресмета одоко; можеби имаше две илјади, а можеби и три; снопчето беше доста големо — „дебелко". Дмитриј Фјодорович, пак како што изјавуваше после самиот, „не бил присебен, но не бил ни пијан, туку како во некаков занес, бил многу расеан, а во исто време и како прибран, како да размислувал за нешто, и како сакал нешто да долови, но не можел да го стори тоа. Многу брзал, одговарал некако остро, многу чудно, понекогаш и како да не бил нажален, туку дури и весел".

— Ама што станува со вас, што станува со вас, сега? — викна пак Пјотр Илич, вцашено гледајќи го гостинот. — Каде сте се раскрвавиле толку? Да не сте паднале? Видете се само!

Тој го зеде за лактот и го доведе пред огледалото. Митја, кога го виде своето лице измачкано со крв, затрепери и налутено се намурти.

— Уф, по ѓаволите! Уште тоа ми требаше! — промрмори тој налутено, бргу ги премести банкнотите од десната во левата рака и грчевито го извлече од џебот шамичето. Но и шамичето сето беше крваво (со шамичето му ја бришеше главата и лицето на Григориј); речиси ниедно местенце не беше бело; и не само што крвта беше почнала да се суши, туку така стуткано беше закоравено и не можеше да се рашири.

Митја налутено го тресна на подот.

— Оф, по ѓаволите! Имате ли некакво шамиче... да се избришам?...

— Значи, вие само сте се извалкале ,а не сте ранет? Па тогаш подобро е да се измиете — му одговори Пјотр Илич. Еве ви мијалник, јас ќе ви помогнам.

— Мијалник? Тоа ќе биде добро... Само што да правам со ова? — тој со некаква чудна недоумица го покажа снопчето стотки, прашално гледајќи го Пјотр Илич, како да требаше тој да реши каде да ги стави неговите сопствени пари.

— Ставете ги во џебот или ставете ги тука на масата; никој нема да ги земе.

— В џеб? Да, в џеб. Имате право... Не, знаете, сето тоа е сенешто! — викна тој, како наеднаш да се ослободи од расеаноста. — Знаете, прво да ја свршиме оваа работа, пиштолите; дајте ми ги назад, а вам еве ви ги вашите пари... зашто јас многу брзам... а време, време ни минутка...

Па земајќи ја од купчето најгорната стотка, тој му ја подаде на чиновникот.

— Ама јас немам да ви вратам кусур — забележи тој — немате ли нешто поситно?

— Не, — рече Митја, погледнувајќи пак во купчето, па како да не беше уверен во своите зборови, провери со прстите две-три банкноти одозгора, — не, сите се исти, — додаде тој, и пак прашално го погледна Пјотр Илич.

— Ама од каде сте се збогатиле толку? — праша овој. — Чекајте, ќе го испратам моето момче да отрча до Плотникови. Тие затвораат доцна, можеби ќе ни раситнат. Еј, Мишо! — викна тој во претсобјето.

— Во бакалницата кај Плотникови! Прекрасно! — викна и Митја, како да му светна некаква мисла. — Мишо! — се сврти тој кон момчето што влезе — види ваму: отрчај кај Плотникови, и кажи им дека ги поздравил Дмитриј Фјодорович, и дека сега ќе дојде и тој... И слушај, слушај: до моето доаѓање да приготват шампањско, така едно три дузини, да ги спакуваат како порано, кога отидов во Мокрое... Тогаш кај нив зедов четири дузини — (наеднаш му се обрна на Пјотр Илич) — тие веќе знаат, не грижи се, Мишо — пак тој му се обрна на малиот слушај: и сирење, штразбуршки паштети, сушена моруна, потоа шунка, ајвар... сè,

сè што имаат таму, така за едно сто или за сто дваесет рубли, како порано... И слушај: да не заборават слатки, бонбони, круши, лубеници, две или три, или четири — не, чекај: доста е и една лубеница, туку чоколада, кисели и свилени бонбони, млечни карамели, — со еден збор, сè што ми приготвија тогаш кога отидов во Мокрое, така што заедно со шампањското да фати околу триста рубли... Да, и сега нека биде исто како тогаш. Но запамети добро сè, Мишо, ако си ти Мишо... Ама Мишо ли се вика? — му се обрна пак на Пјотр Илич.

— Ама чекајте — го прекина Пјотр Илич, вознемирено слушајќи и гледајќи се во него — подобро да си одите вие, и самиот да им кажете, зашто овој сето тоа ќе го измеша.

— Ќе измеша, се разбира дека ќе измеша! Ех, Мишо, а јас веќе сакав да те бацам за услугата... Ако не се збркаш, ќе добиеш десет рубли, трчај побргу... Шампањско, тоа е најважното — ди приготват шампањско, а и коњаче ,и црно и бело, и сè како тогаш... Тие веќе знаат како беше тогаш.

— Ама слушајте — го прекина со нестрпливост, Пјотр Илич. — Јас велам: тој нека оди да ја раситни стотката, и нека им каже да не го затвораат дуќанот, а потоа вие ќе одите и ќе им кажете самиот... Дајте ја банкнотата, брзај, Мишо; кога ќе помислам дека си таму, ти веќе да си овде!

Пјотр Илич изгледа намерно го истера Мишо, зашто овој како што застана пред гостинот со ококорени очи загледан во неговото крваво лице и крвави раце, со снопче банкноти во треперливите прсти, така и остана; зинат од чудо, и страв, и, секако, малку разбра од она што му го наредуваше Митја.

— Така, а сега дојдете да се измиете — строго рече Пјотр Илич; — оставете ги парите на маса или пикнете ги в џеб... Ете така, сега ајде... Ама слечете го палтото!

И тој почна да му помага да го слече палтото, и наеднаш пак викна:

— Види, па вам и палтото ви е крваво!

— Ова... ова... не е палтото. Само малку, овде, кај ракавите... Тоа е само тука каде што беше шамичето... се исцедило низ џебот. Јас токму на шамичето седнав кај Фења, па крвта се исцедила — веднаш објасни Митја, со некаква чудна доверливост. А Пјотр Илич го слушаше намуртен.

— Што ве снашло вака, секако, сте се степале со некого? — промрмори тој.

Започна миењето. Пјотр Илиќ држеше стомна и сипуваше вода. Митја брзаше, па некако лошо си ги насапуни рацете. (Рацете му трепереа, како што се сеќаваше после Пјотр Илич). Пјотр Илич му рече повеќе да се насапуни, и подолго време да трие. Во тоа тој почна да станува понадмоќен, и сè така понатаму. Патем ќе потсетиме: овој млад човек немаше страшлив карактер.

— Внимавајте, не се измивте под ноктите; ех, а сега истријте си го лицето, ете тука: кај слепоочницата, кај увото... Зарем во таа кошула ќе одите? Каде одите? Внимавајте, целата десна страна на ракавот ви е крвава.

— Да, крвава — забележи Митја разгледувајќи го крајот на ракавот.

— Ама преслечете се.

— Немам кога. Па, еве, гледате... — продолжи Митја со истата доверливост, веќе бришејќи си ги со крпа лицето и рацете, и облекувајќи си го палтото — ама јас, ќе го подвиткам крајот на ракавите, па нема да се гледа преку палтото... Ете гледате!

— А сега кажете каде сте се извалкале вака? Да не сте се степале со некого? Да не сте имале пак нешто во кафеаната, како порано? Да не сте се степале пак со капетанот, како тогаш, кога го тепавте и го влечкавте за брадата? — му напомна Пјотр Илич како со некаков прекор. — Кого ли сте претепале сега... Или можеби сте убиле?

— Сенешто! — проговори Митја.

— Како сенешто?

— Оставете ме сега — рече Митја и наеднаш се насмевна. — На плоштадот згазнав една баба. —

— Сте згазнале? Баба?

— Старец! — викна Митја, гледајќи го Пјотр Илич право во лицето, смеејќи се и викајќи му како да е глув.

— Ех, ѓавол да ве земе! Старец, баба... да не сте убиле некого?

— Не, се помиривме. Се фативме, па се помиривме. На едно место. Се разделивме како пријатели. Некој си будала! Тој ми прости... Сега веќе сигурно ми простил... А ако станеше, секако немаше да ми прости — наеднаш намигна Митја. — Само, знаете ли, дека оди по ѓаволите! Слушате ли, Пјотр Илич, нека оди по ѓаволите, оставете ме! Во овој момент, не сакам! — решително пресече Митја.

— Па јас велам, како не ве мрзи да се закачате со секого... како порано, со капетанот поради циркус... Се степавте, па потоа, на пијанка — тоа е целиот ваш карактер. Триесет и шест шишиња шампањско — каде ќе одите со толкава пијачка?

— Браво! Сега дајте ми ги пиштолите! Живи бога, немам време. А би сакал малку да разговарам со тебе, гулапче, но немам време. А и не треба, доцна е сега да се зборува. Ах! А каде се парите, каде ли ги ставив? — викна тој, и почна да бара со раце по џебовите.

— На маса ги оставивте... самиот... ене ги како лежат. Заборавивте ли? Навистина за вас парите се како ѓубре или вода. Еве ги и вашите пиштоли. Чудна работа: пред малку, во шест часот ги заложивте за десет рубли, а види сега, имате илјади! Две, а можеби и сите три?

— Три, богами — се насмевна Митја, пикајќи ги парите во страничниот џеб од панталоните.

— Па така ќе ги изгубите. Или имате некакви златни рудници?

— Рудници? Златни рудници?! — се издра Митја со сета сила и гргна во смеа. — Сакате ли, Перхотине, да одите во рудник? Веднаш една овдешна дама ќе ви тутне три илјади, само ако одите. Ете и мене ми тутна, толку е заљубена во рудниците! Ја познавате ли Хохлакова?

— Не ја познавам, а сум слушал за неа и сум ја видел. Па таа ли ви ги даде трите илјади? Просто ви ги тутна? — недоверливо го гледаше Пјотр Илич.

— Тогаш утре, кога ќе угрее сонцето, кога ќе се издигне кон небото вечно младиот Феб, фалејќи и славејќи го бога, вие утре отидете кај неа, кај Хохлакова, па прашајте ја и самиот дали таа ми ги тутна трите илјади или не. Ете прашајте ја.

— Јас не ги знам вашите односи... Но кога вие толку позитивно тврдите, значи ви дала... А вие, парите в раце, па наместо во Сибир, вие сега сите четири нагоре... А каде ќе одите сега, навистина?

— Во Мокрое.

— Во Мокрое? Па ноќе е!

— Сè имаше Петко, но остана гол-Петко! — рече наеднаш Митја.

— Како гол? Зарем при толку илјади, па — гол без ништо?

— А... Јас не зборувам за илјадарките... Нека одат по ѓаволите! Јас зборувам за женската нарав:

„Лесноверна е женската нарав
и неверна и порочна“

Јас се согласувам со Улис: тој го вели тоа.

— Јас не ве сфаќам.

— Веројатно сум пијан.

— Не сте пијан, туку уште полошо.

— Јас сум духовно пијан. Пјотр Илич, духовно сум пијан, и доста, доста...

— Што правите така? Го полните пиштолот.

— Го полнам пиштолот, — Митја, навистина, ја отвори футролата со пиштолите, го отвори и ќесето со барут, и грижливо тури и ја наполни цевката. Потоа зеде куршум и пред да го стави, го крена со два прста пред себе накај свеќата.

— Зошто го разгледувате куршумот? — се гледаше во него Пјотр Илич со немирно љубопитство.

— Така. Фантазија. Ако ти имаш намера тој куршум да си го втераш себеси во мозокот, дали ти тогаш полнејќи го пиштолот ќе погледнеш во него?

— А зошто да го гледам?

— Ќе влезе во мојот мозок, па ми е интересно да видам каков е... Впрочем, глупост, моментна глупост. Готова работа, — додаде тој, втерувајќи го куршумот и наколкувајќи го со колчишта. — Пјотр Илич, мил мој, глупост, сè е глупост. И само да знаеш во колкава мера сè е глупост! Сега дајте ми едно мало парченце хартија.

— Еве ви, парченца хартија.

— Не, мазна, чиста, за да се пишува на неа, ете така.

И Митја, го зграпчи од масата перото, набрзина напиша на хартијата два реда, ја свитка на четири, и си ја стави во џебот од елекот. Пиштолите ги смести во футролата, ја заклучи и ја зеде во раката. Потоа го погледна Пјотр Илич, и развлечено, замислено се насмевна.

— А сега да тргнеме — рече тој.

— Каде да тргнеме? Не, чекајте... куршумот изгледа, сакате себеси да си го втерате во мозокот... — вознемирено рече Пјотр Илич.

— Куршумот е глупост! Јас сакам да живеам, и го сакам животот! Да го знаеш тоа. Јас го сакам златокосиот Феб и неговата врела светлина... Мил Пјотр Илич, можеш ли ти да се тргнеш настрана.

— Како тоа да се тргнам настрана?

— Да направиш пат. На милото суштество, а и на омразеното: да му дадеш слободен пат, и омразеното да ти стане мило. Ете како да дадеш пат. И да им кажеш: бог нека е со вас, одете, минете покрај мене, а јас...

— А вие?

— Доста, да одиме.

— Жими бога ќе му кажам некому (Петар Илич гледаше во него) да не ве пуштат онаму, што барате сега во Мокрое?

— Таму е жената, жената ,и тоа ти е доста, Пјотр Илич, и... Крај!

— Слушајте, иако сте незауздан, сепак вие некако ми се допаѓате... и затоа сум загрижен.

— Ти благодарам, брате. Велиш, дека сум дивјак! Па и јас тоа непрестајно го велам: „Дивјак! А, еве ви го Мишо! А јас го заборавив него.

Влезе возбудениот Мишо со купче разменети пари, па јави: дека кај Плотникови сите се фатиле за работа: вадат шишиња, риба, чај — веднаш сè ќе биде готово. Митја зграпчи една десетка и му ја даде на Пјотр Илич. А другата банка од десет рубли му ја фрли на Мишо.

— Не правете го тоа! — викна Пјотр Илич. — Во мојата куќа, тоа не смее да се прави, и воопшто тоа е расипување на младите. Оставете ги парите, ете, ставете ги тука; зошто да се троши? Вам утре ќе ви треба! Пак ќе дојдете кај мене, и ќе барате на заем десет рубли. Ама зошто сите ги пикате во тој џеб отстрана? Ќе ги изгубите!

— Слушај, мил човеку! Ајде, дојди со мене во Мокрое.

— А што ќе правам јас таму? —

— Слушај! Сакаш ли едно шише веднаш да отвориме, да се напиеме за животот! Многу ми се пие! А особено заедно со тебе! Со тебе никогаш не сум пиел; нели?

— Добро, не се противам, во кафеаната можеме да одиме, и така сега јас одам таму.

— Немам време, за в кафеана, туку кај Плотникови в дуќан, во собата одзади. Сакаш да ти дадам една загатка?

— Дај!

Митја го извлече од џебот книвчето, го одвитка и го покажа. Со читлив и крупен ракопис на него беше напишано:

„Се казнувам себеси за цел живот, си го казнувам целиот свој живот“.

— Жими бога, ќе му кажам некому! Веднаш одам да кажам — рече Пјотр Илич откако го прочита книвчето.

— Нема да стасаш, гулапче! Да одиме да се напиеме. Напред!

Дуќанот на Плотникови, и куќата на Пјотр Илич ги делеше само една куќа на аголот од улицата. Тоа беше најголема бакалница во нашиот град, дуќан на богати трговци, и не беше лош. Во него имаше сè што има во престолничките дуќани; секакви бакалски стоки; вино „од визбите на браќата Елисееви", овоштие, цигари, чај, шеќер, кафе, и друго. Во дуќанот седеа по тројца помошници и двајца чираци, за да трчаат каде што ќе затреба. Нашиот крај беше посиромашен, спахиите се разотидоа, трговијата запре, но бакалскиот промет сепак напредуваше како порано, па дури и секоја година сè подобро. За тие стоки секогаш се наоѓаа купувачи. Во дуќанот Митја го чекаа со нестрпливост. Добро беа запаметиле како пред едно три четири недели накупува, токму вака, како сега, наеднаш, разновидни стоки и вино, за неколку стотици рубли, за готови пари (вересија, се разбира, ништо не би му дале); се сеќаваа дека исто вака, како сега имаше полна рака шарени банкноти, и лесно ги фрли, без да се пазари, не размислувајќи и не сакајќи да размислува зошто му се толку стоки, вино и друго. После во целиот град се распрашуваше дека тогаш отрчувајќи со Грушенка во Мокрое, „за една ноќ и утредента истрошил три илјади и се вратил од пијанката без грош, како што го родила мајка му". Со него завлечка цел логор цигани (токму тогаш од некаде наидоа во нашиот град) кои, така пијан за два дена му извлекоа небројени пари и испија којзнае колку скапо вино. Раскажуваа, подбивајќи му се на Митја, како во Мокрое ги опивал со шампањско недоделканите селаништа, а селските девојки и жени ги хранел со слатки и со штразбуршки паштети. Се подбиваа, особено во кафеаната, и со тогашното искрено и јавно признание на Митја (се разбира, не му се смееја в очи — зашто малку беше и опасно): дека од Грушенка за сета таа трчаница го добил само тоа што му „дозволила да ѝ го бакна ноженцето, не му дозволила ништо повеќе".

Кога Митја и Пјотр Илич дојдоа до дуќанот, на влезот веќе ја затекнаа приготвената тројка, впрегната во проста кола, покриена со килим, со звонци и

прапорци ,и со коларот Андреја кој го чекаше Митја. Во дуќанот вќе беа наполниле еден сандак со порачаните стоки, и само чекаа да дојде Митја, па да го заковаат сандакот, и да го сместат во колата. Пјотр Илич се зачуди.

— А каде ја набави оваа тројка? — го праша тој Митја.

— Кога брзав за кај тебе, ете, го сретнав него, Андреја, и му наредив веднаш да дојде, таму, пред бакалницата. Зошто да губам време? Минатиот пат ме возеше Тимофеј, но Тимофеј сега ту-ту-ту пред мене легна со една волшебница. Андреја, многу ли ќе задоцниме?

— Само еден час ,ако стигнат пред нас; но нема ни толку . . . Најмногу еден час ќе стигнат пред нас! — бргу се јави Андреја. — Таму го испратив Тимофеја знам како ќе вози. Друго е нивното возење, а друго нашето, Дмитриј Фјодорович, зарем тие да се токмат со нас! Ни цел час пред нас нема да стигнат, — запалено го прекина Андреј, уште не многу стар колар, црвенокосо слабичко момче со тесно палтенце и со клашно преку левата рака.

— Ќе добиеш педесет рубли за вотка ако не задоцниш повеќе од еден час.

— За еден час гарантирам, Дмитриј Фјодорович! Нема ни половина час, пред нас да стигнат, а не еден час.

Митја многу се разбрза наредувајќи што да се прави но зборуваше и заповедаше некако чудно, испрекинато, без ред, започнуваше едно, па забораваше да го доврши. Пјотр Илич најде за потребно да се замеша и да помогне.

— За четири стотки, не помалку, туку за четири стотки, точно како порано! — командуваше Митја. — Четири дузини шампањско, ни едно шише помалку

— А зошто ти се толку, зошто? Чекај! — викна Пјотр Илич. — каков е тој сандак? Што има во него? Зарем тука има стоки за четири стотини рубли?

Разбрзаните помошници со својот сладок говор му објасниј дека во тој прв сандак се спакувани само

половината шишиња шампањско, и „разни потребни работи, за прво време“ — мезиња, слаткиши, бонбони и тн. а главните „потреби“ веднаш ќе бидат спакувани, и посебно испратени, како порано, во посебна кола со три коња, и дека навреме, „или најмногу еден час подоцна од Дмитриј Фјодорович ќе стигне на самото место“.

— Не повеќе од еден час, никако повеќе од еден час! И ставете колку што можеќе повеќе бонбони и млечни карамели; девојките таму го сакаат тоа, — запалено настојуваше Митја.

— Млечни карамели, да. Но зошто ти се четири дузини шампањско? Доста ти е и една дузина! — речиси се налути Пјотр Илич. Тој почна да се пазари, побара сметка, не сакаше да се смири, но спаси само сто рубли. Останаа на тоа да се испрати стока најмногу за триста рубли.

— Па ѓовол да ве земе! — викна Пјотр Илич како да се вразуми. — Што ми е мене грижа за тоа? Фрлај ги, брате, своите пари, кога си ги спечалил лесно.

— Ваму, штедителу, ваму, не лути се! — го повлече Митја во собата зад дуќанот. — Еве, веднаш овде ќе ни се донесе едно шише, за да си ги наквасиме малку грлата. Ех, Пјотр Илич ,ајде со мене, ти си златен човек, јас сакам такви.

Митја седна на плетен стол пред некое малечко масиче, покриено со нечист чаршав. Пјотр Илич се намести од отспротива, вчас се појави шампањското. Момчињата предложија: дали ќе им бидат по волја остриги, „најдобри остриги, од најпоследната партија“.

— По ѓаволите и остригите! Јас не ги јадам, и ништо не ми треба! — налутено се нафрли Пјотр Илич.

— Немаме време за остриги — забележи Митја — а немаме ни апетит. — Знаеш ли, пријателе — рече тој, наеднаш чувствено — никогаш не сум ти го сакал сиов овој неред.

— Па кој го сака! Три дузини, жити бога, за селаните! Кој не би се вчудовидил од тоа.

— Не, јас не мислев за тоа. Јас зборувам за вашиот ред. Во мене нема ред, висок ред... туку... се-

га сè е завршено, немам што да жалам. Доцна е, и нека оди по ѓаволите сè! Целиот мој живот беше неред, и треба да се воспостави ред. — Игра на зборови, нели?

— Тоа е бладање, а не игра на зборови.

— „Слава на вишиот на светов
Слава на вишиот во мене!“ —

Тој стих од некаде од срцево ми се откина; всушност, тоа и не е стих, туку солза... самиот го составив... но не тогаш кога го влечев за брадичето капетанот.

— Од каде сега пак за него?

— Од каде за него? Глупости! Сè завршува, сè се намирува, подвлекуваш црта, собираш сè — и резимираш!

— Верувај ми, пред очи ми излегуваат само твоите пиштоли.

— И пиштолите се глупост! Пиј, и не фантазирај. Го сакам животот, премногу сум го сакал животот, толку премногу, што веќе ми е омразен. Доста! За животот, мил брате, за животот да се напиеме, предлагам здравица за животот! Зошто сум задоволен со себеси? Јас сум подлец, но сум задоволен со себеси. Па сепак се мачам поради тоа што сум подлец, но сум задоволен со себеси, ја благословувам творбата, секогаш сум готов да го благословам бога и неговата творба, но... треба да се уништи смрдливиот инсект да не лази, да не им го расипува животот на другите... Да пиеме за животот, гулапче! Зашто што може да биде подраго од животот? Ништо, ништо! За животот и за една царица меѓу цариците!

— Да пиеме за животот, може и за твојата царица.

Испија по една чаша. Митја, иако одушевен и несреден, сепак некако беше тажен, како некаква незадржлива и тешка грижа да стоеше пред него.

— Мишо... твојот Мишо ли влезе? Мишо, внуче, Мишо, ела ваму, напиј се, на, испи ја чашава за златокосиот, утрешниот Феб...

— Ама зошто му даваш! — викна Пјотр Илич налутено.

— Дозволи ми, ете така сакам, така сакам.

— Ех!

Мишо ја испи чашата, се поклони и избега.

— Подобро ќе ме запамети, — забележи Митја. — Љубам една жена, жена! Што е жената? Царица на земјава! Тешко ми е, тешко, Пјотр Илич. Се сеќаваш ли за Хамлет: „Многу ми е тешко, многу тешко, Хорацио... ах, кутриот Јорик!“ А можеби јас сум тој Јорик. Токму така, сега сум Јорик, а подоцна череп.

Пјотр Илич слушаше и молчеше, замолчи и Митја.

— А какво ви е тоа куче? — наеднаш расеано го праша помошникот, откога во аголот забележа една мала убава пудлица со црни очиња?

— Тоа е пудлицата од Варвара Алексеевна, нашата газдарица, — му одговори помошникот; — пред малку ја донесе и ја заборави кај нас. Ќе мораме да и ја однесеме назад.

— Јас имам видено една таква... во полкот... — замислено рече Митја. — Само, нејзе задната ножичка и беше скршена... Пјотр Илич, патем, сакав да те прашам: си крадел ли ти некогаш во животот?

— Какво е тоа прашање?

— Туку — така. Знаеш, од џебот на некого, туѓо. Јас не зборувам за државната каса — државната каса сите ја крадат, па, се разбира и ти.

— Оди по ѓаволите! —

— Мислам на туѓо: право од џебот, од портофелот, ах!

— Сум украл еднаш од мајка ми, кога имав девет години, дваесет копејки од масата. Ги зедов скришум и ги стиснав во раката.

— И, потоа?

— Па ништо. Три дена ги чував парите, ми беше срам, признав, и ги вратив назад.

— И, што стана понатаму.

— Се разбира, ме натепаа. А зошто прашуваш, ти не си украл?

— Сум украл — итро намигна Митја.

— Што си украл? — љубопитно го праша Пјотр Илич.

— Од мајка ми, девет копејки кога имав девет години, па по три дена ѝ ги вратив.

Митја го рече тоа и наеднаш стана од местото.

— Дмитриј Фјодорович, како би било да побрзаме? — откај вратата на дуќанот наеднаш викна Андреј.

— Готово ли е? Да тргаме! — се стресе Митја. — Уште една, последна сказна и... на Андреј чаша вотка за на пат, веднаш! И коњак дајте му, покрај вотката, една чашка. Кутијата (со пиштолите) под моето седиште. Збогум, Пјотр Илич немој да ме споменуваш за лошо!

— Па ти утре ќе се вратиш?

Бездруго.

— Ќе повелете ли сега да ја намирите сметката? — скокна помошникот.

— А, да, сметката! Се разбира!

И пак го измолкна од џебот снопчето банкноти, тргна три шарени, ги фрли на тезгето — и набрзина излезе од дуќанот. Сите тргнаа по него и клањајќи му се го испратија со поздрави и најубави желби. Андреј се накашла по испиениот коњак, па се фрли на седиштето. Но, само што Митја почна да се качува, кога наеднаш, сосем ненадејно, пред него се создаде Фења. Таа дотрча сета зазбивтана, со врисок си ги склопи пред него рацете, и падна наземи пред неговите нозе.

— Господару, Дмитриј Фјодорович, драги мој, немојте да ѝ направите нешто на госпоѓата! Леле јас, кутрата, зошто ви го раскажав сето тоа!... И него немојте да го убивате, зашто тој е нивниот, поранешниот! Тој сега Аграфена Александровна ќе ја земе за жена, затоа се вратил од Сибир... Господару, Дмитриј Фјодорович, не запустувајте туѓ живот!

— А, а, а! Така е, значи! Но, овој сега таму лом ќе направи — промрмори во себе Пјотр Илич. — Сега е јасно сè, како да не е јасно. Дмитриј Фјодорович, дај ми ги веднаш пиштолите, ако сакаш да си човек — му викна тој гласно на Митја — слушаш ли, Дмитриј?

— Пиштолите? Чекај, гулапче, патем ќе ги фрлам во мочуриштето, — одговори Митја. — Фења, стани, немој да лежиш овде пред мене. Митја никого нема да погуби, во иднина никого нема да погубува тој глупав човек. Туку знаеш што, Фења — ѝ викна тој, откако

се намести на седиштето. — Те навредив порано, па те молам да ми простиш, и да ми се смилуваш, прости ми мене несреќникот... А ако не сакаш да ми простиш — сеедно! Зашто сега е сеедно! Терај, Андреј, јури колку што можеш побргу.

Андреј тргна; прапорците заsвечкаа.

— Збогум, Пјотр Илич! За тебе е последната солза!...

„Не е пијан — а какви глупости зборува!“ си помисли гледајќи по него Пјотр Илич. Тој имаше намера да остане и да контролира како ќе ги приготват момчињата стоките за другата кола (пак со три коња) со другите закуски и вина, зашто добро знаеше дека бакалите ќе го излажат Митја и со стоките и во сметката; но наеднаш се разлути, плукна и си отиде во својата кафеана за да игра билијард.

— Будала, иако е добар човек... — мрмореше тој за себе, патем. — А сум чул за тој некаков „поранешен, офицер“ на Грушенка. Е, ако дошол, тогаш... само, пиштолите! А, по ѓаволите, не сум му јас дадијарка, или такво нешто!? Нека ги! А нема ништо да биде! Врева-ции, ништо друго. Ќе се напијат и ќе се изнатепаат. — Ќе се испотепаат и ќе се помират. Да не мислат на работа? Што му е тоа: „ќе се тргнам настрана“, „ќе се казнам себеси!“ Ништо нема да биде. Илјадапати се дерел вака, пијан во кафеаната. Но сега не е пијан. „Пијан духовно“ — убав збор сакаат подлеците. Не сум му јас дадијарка! А веројатно се степал со некого: целата муцка му е крвава. Со кого ли? Ќе разберам в кафеана... И шамичето му беше крваво... Ах, по ѓаволите остана кај мене на подот. Нема врска!

Тој дојде во кафеаната многу лошо расположен, и веднаш започна партија билијард. Партијата го развесели, одигра втора, и со еден од партнерите почна да разговара, за тоа како кај Дмитриј Карамазов пак се појавиле некакви пари, едно три илјади, лично видел, и дека отишол да пијанчи во Мокрое со Грушенка. Слушателите тоа го примија речиси со неочекувано љубопитство. И сите почнаа да зборуваат не смеејќи се, туку некако чудно сериозно. Дури и играта ја прекинаа.

— Зарем три илјади? А од каде нашол три илјади?

Почнаа да прашуваат понатаму. Приказната за Хохлакова ја примија со сомневање.

— А да не го ограбил старецот?

— Три илјади! Тука не е чиста работата.

— Се фалеше дека ќе го убие татка си — сите овде слушнавме. И токму три илјади споменуваше . . .

Пјотр Илич слушаше, и наеднаш на прашањата фати да одговара суво и скржаво. За крвта што ја виде на лицето и на рацете од Митја не рече ни збор; меѓутоа, кога доаѓаше ваму, имаше намера да каже. Почнаа трета партија; малку — по малку, разговорот за Митја се прекина; но кога ја довршија третата партија, Пјотр Илич веќе не сакаше да игра, го остави стапот, и без да вечера, иако пред тоа имаше таква намера, излезе од кафеаната. Се најде на плоштадот, застана нерешително, и некако чудејќи се самиот со себе. Наеднаш му стана јасно, дека сакал да оди во куќата на Фјодор Павлович за да види да не се случило нешто. „Поради глупости ќе разбудам туѓа куќа, и ќе направам врева? Ама по ѓаволите, јас не сум им дадијарка!“

Најлошо расположен, тој се упати право накај дома и наеднаш се сети за Фења. „По ѓаволите, зошто пред малку не ја прашав неа“, си помисли налутено, „па ќе дознаев сè“. И наеднаш во него пламна толку нестрплива и упорна желба да разговара со неа и да дознае сè, што од половина пат наеднаш сврти во правец на куќата на Морозова, во која живееше Грушенка. Пред вратата, тој затропа; тропањето кое одекна во ноќната тишина, како пак да го отрезни и налути. Покрај тоа, никој не му се одзва, во куќата сите спиеја. „И овде ќе направам врева“, си помисли тој, речиси со болка во душата; но наместо сосем да си оди, наеднаш повторно почна да чука, и тоа со сета сила. Целата улица ечеше од тропањето. „Е нема — мора да ги разбудам, морам!“ Мрмореше тој при секој удар лутејќи се себеси сè пожестоко, но воедно и двојно засилувајќи го тропањето на вратата.

VI

Јас си одам

Дмитриј Фјодорович јуреше по патот. До Мокрое имаше дваесетина врсти и нешто повеќе, но тројката на Андреј ,леташе така што можеше да стаса за час и четврт. Брзото возење како наеднаш да го освежи Митја. Воздухот беше свеж и студеникав, на ведрото небо светеа крупни ѕвезди. Тоа беше онаа ноќ, а можеби и истиот час, кога Аљоша, паѓајќи на земјата, „се колнеше како надвор од себеси, дека ќе ја сака земјата за веки веков". Но наполно матно, многу матно беше во душата на Митја; иако многу нешта ја измачуваа неговата душа, меѓутоа, сепак во овој момент сето негово битие незадржливо беше устремено само кон неа, кон неговата царица, кон која брзаше за да ја види — за последен пат. Ќе кажам само едно: неговото срце ни за миг не се бунтуваше. Можеби мене нема да ми се верува ако кажам, дека тој љубоморен човек спрема новиот човек, новиот соперник што излезе одземи, спрема „офицерот" — не чувствуваше ни најмала љубомора. Спрема секој друг, да се појавеше така, тој во овој час ќе почувствуваше љубомора, па можеби уште еднаш ќе си ги извалкаше со крв страшните раце; но спрема овој, спрема „нејзиниот прв", тој сега, јурејќи на тројката, не само што не чувствуваше љубоморна омраза, ами дури ни непријателство, — вистина, тој уште не го имаше видено. „Тоа е нешто неотпорно, тоа е нејзино и негово право; тој е нејзина прва љубов, што за пет години таа не ја заборавила; значи, само него го сакала во тие пет години, а и јас, зошто се мешам тука? Што сум јас сега тука, и зошто? Тргни се настрана, Митја, тргни се од патот! А и зошто сум јас сега? Сега и без офицерот веќе сè е свршено; а и воопшто да не се појавеше тој, сепак сè ќе беше свршено."

Ете, приближно со какви зборови можеше да ги изрази своите чувства Митја да беше способен тогаш да размислува. Но тој тогаш веќе не можеше да размислува. Сета негова решителност се појави пред мал-

ку без размислување, ја почувствува, наеднаш, во еден момент, и ја прими во целост со сите последици, уште неодамна кај Фења, по првите нејзини зборови. Па сепак, и покрај сета своја решителност, му беше матно во душата, матно до болка ни таа решителност не му даде мир. Премногу работи имаше зад него што го мачеа. И понекогаш му беше чудно: самиот со перо на хартија ја напиша својата пресуда: „Се казнувам себеси за цел живот!“ и хартијата беше тука, приготвена во неговиот џеб, и пиштолот веќе наполнет. Тој веќе реши како ќе го пречека утре првиот пламенен зрак на „златокосиот Феб“, меѓутоа, со минатото, со сето она што стоеше зад него, и што го мачеше, сепак, не можеше да расчисти; тој го чувствуваше тоа со болка, и мислата за таа болка му ја исполнуваше душата со очај. Патем, во еден момент му дојде да го запре Андреј, да скокне од колата, да го извади наполнетиот пиштол и да заврши сè не чекајќи го разденувањето. Но тој миг му мина како искра. А и тројката леташе, „голтајќи го просторот“, и според тоа, колку што се приближуваше кон целта, толку и мислата на неа сè посилно и посилно, му ја исполнуваше душата и ги растеруваше сите други страшни чудовишта од неговото срце. О, толку би сакал да ја види, макар за миг, макар оддалеку! „Таа сега е со **него**, со својот поранешен мил, е па, да видам како е таа сега со него, друго ништо и не ми треба! И досега воопшто не се јавила во неговите гради толку многу љубов спрема таа жена, кобна за неговата судбина, толку многу ново, уште никогаш недоживеано чувство, неочекувано дури и за него самиот, чувство нежно како молитва, до исчезнување пред неа. „И ќе исчезнам!“ проговори тој наеднаш во настап на некаков хистеричен восхит.

Јуреа веќе речиси цел час. Митја молчеше, а ни Андреј, иако беше разговорлив човек, сега не рече ни збор, токму како да се плашеше да зборува, само ги подбуцнуваше своите „коњишта“, својата ушлеста мршава, но жива тројка. А Митја наеднаш, страшно вознемирен, викна:

— Андреј! А што ќе биде ако веќе спијат?

Тоа наеднаш му дојде во умот; досега воопшто не размислувал за тоа.

— Сигурно веќе се легнати, Дмитриј Фјодорович.

Митја болно се намурти: ами ако навистина излезе така... ете тој лета натаму... со такви чувства... а тие спијат... Можеби спие и таа, таму... злочувство зовре во неговото срце.

— Бодинај, Андреј, јури, Андреј, што побргу! — викна тој, како надвор од себеси.

— А можеби уште и не се легнати — заклучи Андреј по кратко молчење. — Тимофеј ми рече дека таму се собрале мнозина...

— На станицата?

— Не на станицата, туку кај Пластунови, во кафеаната — тоа ви е така, приватна станица.

— Знам но зошто велиш: дека има мнозина? Од каде мнозина? Кои се тие? — пламна Митја и страшно се вознемири при таа неочекувана вест.

— Па, кажуваше Тимофеј: сите вистински господа; од градот двајца, кои се — не знам, само Тимофеј вели двајца се од овдешните господа, и двајцата што божем допатувале, а можеби има уште некого — не го распрашував многу. Заседнале, вели, па играат карти.

— Играат карти?

— Затоа можеби и не спијат, ако седнале да играат карти. Сега да има единаесет часот, нема повеќе.

— Терај, Андреј, терај! — пак викна Митја нервозно.

— Би сакал да ве прашам, господине, — пак почна Андреј по мало молчење — само се плашам да не ве налутам, господару.

— А што?

— Па ете, пред малку, Фодосја Марковна се фрли пред вашите нозе и молеше да не ѝ ја убивате госпоѓата, и уште некој... А јас, господару, сега ве возам таму... простете ми, господару, јас тоа така, поради совеста, можеби реков и нешто глупаво.

Митја наеднаш го зграпчи за раменици.

— Ама колар ли си ти? Колар ли си ти? — почна тој како споулавен.

— Колар . . .

— А знаеш ли ти дека на другите треба да им се прави пат. Зарем ако си колар да го попречуваш патот, да газиш? Не, колару, немој да газиш! Не смее човек да се гази, не смее да им се расипува животот на луѓето; а ако си го расипал, тогаш казни се себеси . . . Ако си го расипал, ако си запустил нечиј живот, казни се себеси и патувај.

Сето тоа му се откина на Митја како во вистинска хистерија. Иако Андреј многу му се чудеше на господарот, сепак го поддржа разговорот.

— Така е, почитуван Дмитриј Фјодорович, имате право во тоа дека не треба да се гази човек, а ни да се мачи како секое друго суштество, зашто секое суштество е создадено. Ете, например, коњот, а други го уништуваат, ете, и ние коларите! . . . И никој не може да не задржи . . . — ами само удри, удри, како без глава.

— Во пеколот? — го прекина наеднаш Митја и се засмеа со својата неочекувана кратка смеа. — Андреј, проста душо — повторно тој го зграпчи за рамениците — кажувај: дали Дмитриј Карамазов ќе стаса во пеколот? Што мислиш?

— Не знам, гулапче, тоа зависи од вас, зашто вие сте . . . Гледаш, господару, кога синот божји бил распнат на крстот и умрел ,тој слегол од крстот право во пеколот и ги ослободил сите грешници што го мачеле. И пеколот се растажил, зашто си мислел дека никој веќе нема да дојде таму, од грешниците де. А тогаш господ му рекол на пеколот: „Не тагувај, пеколе, зашто отсега ќе ти доаѓаат разни дворјани, управители, главни судии и богаташи, и ќе бидеш полн исто како што си бил од почетокот, до оној ден кога ќе дојдам повторно.“ Тоа ви е точно, така било речено.

— Народна приказна, чудо! Мавни го тој од левата страна, Андреј!

— Ете, значи, господару, за кого е определен пеколот! — го удри Андреј коњот од левата страна: —

а вие, господару, ни сте како некое мало дете . . . толку ве почитуваме . . . па иако сте гневен, господару, тоа е вистина, поради вашата добрина господ ќе ви прости.

— А ти, ќе ми простиш ли ти, Андреј?

— А што има јас да ви простувам? Вие мене не сте ми направиле ништо?

— Не, ама за сите, за сите — ти самиот. Еве сега, веднаш, овде на патов, ќе ми простиш ли од името на сите? Зборувај, просточовечка душо! —

— Ох, господару! Ми е страв да возам, некако чуден е вашиот разговор . . .

А Митја не слушна добро. Тој како надвор од себеси, му се молеше на бога и вцашено шепотеше во себеси:

— Господи, прими ме со сето мое беззаконие, но немој да ми судиш. Пушти ме без твојот суд . . . Не суди ми, зашто сам се осудив себеси не суди ми зашто те сакам, господи! Омразен сум, но те сакам: ако ме испратиш во пеколот, и таму ќе те сакам, и оттаму ќе викам, дека те сакам за веки веков . . . Но дај ми и мене докрај да сакам . . . овде, сега да сакам само уште пет часа, до твојот пламенен зрак . . . Зашто јас ја сакам царицата на мојата душа. Ја сакам и не можам да не ја сакам. Ти сиот ме гледаш. Ќе долетам, ќе паднам пред неа: „имаш право, што ме одмина“ — ќе речам . . . „Збогум, и заборави ја твојата жртва, никогаш не вознемирувај се поради мене!“

— Мокрое! — викна Андреј, покажувајќи пред себе со камшикот.

Низ бледиот ноќен мрак наеднаш се зацрни цврста маса на згради расфрлани на огромен простор. Селото Мокрое можеше да има до две илјади жители, но во овој момент тоа сето веќе спиеше, и само овде-онде, во мракот светкаа уште по некои светла.

— Терај, терај, Андреј, доаѓам! — викна Митја, како во некаква треска.

— Не спијат! — рече пак Андреј, покажувајќи со камшикот кон гостилницата на Пластунови, која беше на самоти влез во селото, и на која сите шест прозорци од кон улицата беа силно осветлени.

— Не се легнати! — радосно прифати Митја — Грми, Андреј! Терај во галоп, звони, пристигни со шум. Нека се знае кој дошол! Јас доаѓам! Јас, целиот! — викаше Митја како споулавен.

Андреј ја потера измачената тројка со галоп, и навистина со шум дојури пред високите влезни скали, и ги запре испотените и зазбивтани коњи. Митја скокна од колата, а сопственикот на гостилницата, кој веќе одеше да си легне, излезе љубопитно да види од скалите кој пристигнал толку шумно.

— Трифоне Борисич, ти ли си?

Домаќинот се наведна, се загледа, како без душа стрчна од тремот, и во понизен восхит се спушти кон гостинот.

— Баќушка, Дмитриј Фјодорович! Ама вие ли сте?

Овој Трифон Борисич, беше крупен и здрав селанец, со средна става, со малку дебелко лице, со строг и непомирлив израз, особено спрема мокренските селани, но кој имаше дарба на своето лице брзо да направи најпокорен израз ако намирисаше некаков ќар. Се облекуваше по руски; носеше кошула со јака, што се закопчуваше косо, и тесно палто. Имаше доста пари, но постојано мечтаеше за некаква повисока улога. Повеќето од половината селани, беа во неговите шепи, сите догуша му беа должни. Од спахиите земаше земја под наем, а и купуваше, а земјата му ја обработуваа селаните за долгот, од кој никако не можеа да се ослободат. Беше вдовец и имаше четири возрасни ќерки; едната веќе беше вдовица, живееше кај него со две мали женски деца, негови внучиња, и му работеше како надничарка. Втората ќерка — селанка, беше мажена за чиновник, некој бивш писар, и на ѕидот во една од гостилничките соби меѓу семејните фотографии од најмали размери можеше да се види и фотографијата на чиновничето во униформа и со чиновнички еполети. Двете помлади ќерки, на црковен празник или кога ќе одеа на гости, облекуваа сини и зелени фустани, сошиени по модата, со стегалки назад, и со предолга опашка, но утредента изутрина, како и секој ден, стануваа рано и со брезови метли во рацете

ги чистеа собите, ја изнесуваа помијата и ѓубрето што го оставиле патниците. Макар што веќе имаше спечалено доста илјадарчиња, Трифон Борисич многу љубеше од гостинот што ќе дојде кај него да скубне што повеќе, и бидејќи помнеше дека нема минато ни еден месец откако за едно денонокие заработи од Дмитриј Фјодорович, за време на неговото оргијање со Грушенка, преку двесте рубли, ако не и сите триста, сега го пречека радосно и услужно, зашто и по тоа како дојури Митја пред неговата куќа, Трифон намириса дека пак ќе има нешто.

— Господару, Дмитриј Фјодорович, вас ли ве гледаме повторно?

— Чекај, Трифоне Борисич! — почна Митја, — пред сè, најважното: каде е таа?

— Аграфена Александровна ли? — веднаш сфати гостилничарот, проникливо загледувајќи се во лицето на Митја. — Па и таа е... тука...

— Со кого, со кого?

— Патници — гости... Едниот е чиновник, изгледа е Полјак, според разговорот; тој одовде испрати кола по неа; а другиот му е пријател или сопатник, кој го знае; цивилно се облечени...

— И што прават, се веселат ли? Богати ли се?

— Каква веселба! Сиромаштија, Дмитриј Фјодорович.

— Сиромаштија? А другите?

— Тие се од градот, двајца господиновци... Од Черња се враќале, па останаа овде. Едниот, тој помладиот, ми се чини дека му е роднина на господин Миусов, само, ете, заборавив како се вика... А другиот мислам и вее го познавате: Спахијата Максимов; наминал, вели, да се помоли, онаму во нашион манастир, и сега патува со младиот роднина на господин Миусов...

— И никого повеќе нема?

— Никого.

— Чекај, молчи, Трифон Борисич, сега кажи го најважното: што прави таа, како е таа?

— Па ете, дојде пред малку и седи со нив.

— Весела ли е,? Се смее ли?

— Не, ми се чини, не се смее многу... Дури чинам, и здодевно ѝ е, му ја галеше косата на момчето.

— На Полјакот ли, на офицерот?

— Тој момче! А и не е офицер! Не, господару, не нему, туку на братучедот на Миусов, на тоа младото момче — ете, му го заборавив и името!

— Калганов?

— Да, да — Калганов.

— Добро, ќе видам што е. А играат ли карти?

— Играа но престанаа, го испија чајот, чиновникот сега бараше ликер.

— Чекај, Трифон Борисич, чекај миличок, тоа ќе го проверам самиот. Сега кажи го најважното: има ли Цигани?

— Цигани воопшто не сум слушнал, Дмитриј Фјодорович; ги истера власта; но овде има Евреи, свират на чембала и на виолини во Рожденственское, па би можело да се испрати по нив макар и сега. Ќе дојдат.

— Да испратиш, бездруго да испратиш — викна Митја. — А и девојките можеш да ги разбудиш, како тогаш, особено Маља, па и Степанида, Арина. Двесте рубли за хорот!

— Ама за тие пари целото село ќе го дигнам на нозе иако сега веќе грчат. Но, вреди ли, господару, Дмитриј Фјодорович, вреди ли таквото внимание за овдешните селани или, да речеме, за девојките? Зарем на таквите груби селаништа им давате толкави пари? Зарем, нашиот селанец пуши пури! А ти им даваше. Та тој, кутриот, целиот смрди. А девојките сите, до една се вошливи. Ама јас, моите ќерки ќе ти ги разбудам без пари, без толкави суми! Тие се легнати да спијат но — по една клоца по грбот, и ќе ги натерам да ти пеат... Селаништата тогаш ги поевте со шампањско, — е-ех!

Трифон Борисич напразно го сожалуваше Митја: тој и самиот, порано, му скри половина дузина шишиња шампањско, а под масата најде една изгазена банкнота со сто рубли и веднаш скришум ја стисна во раката. И така му остана таа стисната во раката.

— Трифон Борисич, јас тогаш овде потрошив повеќе од една илјадарка, се сеќаваш ли?

— Потрошивте, гулапче, како да не се сеќавам! Чинам три илјадарки оставивте кај нас.

— Е, така, и сега сум дојден за тоа, гледаш ли.

И тој го извади и му го принесе под носот на гостилничарот своето снопче банкноти.

— А сега слушај и разбери: по еден час ќе пристигне вино, закуски, паштети и бонбони — сето тоа веднаш носи го горе. Сандачето што е кај Андреј, и него веднаш горе, да се отвори и веднаш да се служи шампањско... А главното — девојки, девојки! И Марија воопшто да не изостане.

Тој се сврти кон колата и од под седиштето ја извлече кутијата со пиштолите.

— Да ја видиме сметката, Андреј! Еве ти петнаесет рубли за колата, а еве ти педесет за вотка... за добрата волја, за твојата љубов... Запамети го господин Карамазов.

— Се плашам, господине!... — се двоумеше Андреј. Дајте ми пет рубли за чај, но повеќе не примам. Сведок е Трифон Борисич. И простете ми за мојот глупав збор...

— Зошто се плашиш? — го измери со погледот Митја. — Најпосле, потака фати штом е така! — викна тој фрлајќи му пет рубли. — А сега, Трифон Борисич, да ме одведеш скришум и да ме оставиш првин некаде од некој агол сите да ги изгледам, но така што тие да не ме забележат мене. Каде се? Вс синкавата соба ли?

Трифон Борисич, претпазливо го погледна Митја, но веднаш послушно го изврши она што му беше побарано: внимателно го одведе во ходникот, самиот влезе во првата голема соба, веднаш до таа во која се наоѓаа гостите, и од неа зеде една свеќа. Потоа полека го воведе Митја и го смести во еден темен агол, откаде што слободно можеше да го гледа друштвото, а тие него да не го видат. Но Митја не гледаше долго време, а и не можеше; тој ја виде неа, и срцето фати силно да му тупка, пред очите му се стемни. Таа седеше на масата отстрана, во фотелја, а веднаш до неа, на канапе, убавиот и уште многу млад Калганов; таа го држе-

ше за рака и изгледа дека се смееше, а тој, не гледајќи во неа, зборуваше нешто гласно, речиси налутено, со Максимов, кој седеше од другата страна на масата, спроти Грушенка. А Максимов поради нешто силно се смееше. На канабето седеше и **тој,** а покрај канабето на стол, до ѕидот, некој друг непознат. Тој, што седеше на канабето, се беше протегнал, пушеше лула, и на Митја набргу му се стори, дека тој е некакво дебелко човече со широко лице, ниско по раст, и речиси налутено поради нешто. Неговиот другар, пак, другиот непознат, на Митја му се стори дека има извонредно висок раст; но ништо повеќе не можеше да разбере. Тој почна да збива. И бидејќи не успеа да издржи дури ни една минута ,тој ја остави кутијата на столот и право, претрпнат и премрен, се упати кон синкавата соба кај луѓето што разговараа.

— Аj! — писна уплашената Грушенка, која прва го забележи.

VII

Поранешниот и неоспорниот

Со своите брзи и долги чекори Митја дојде до самоти маса.

— Господа! — почна тој со висок тон, речиси со викање, но сопинајќи се на секој збор, — јас... јас ништо! Не плашете се! — викна тој — јас ништо, ништо, — наеднаш тој ѝ се обрна на Грушенка, која беше одвалена на фотељата кон страната на Калганов, и цврсто му ја стискаше раката. — Јас... и јас патувам. Овде сум до утре. Господа, јас сум само патник. Можам ли да бидам со вас до утре? Само до утре, за последен пат, во истава соба?

Тој заврши, веќе свртен кон дебелото човече со луле што седеше на канабето. Последниот важно го тргна лулето од устата и изговори:

— Пане, ние овде сме приватно, има и други соби.

— А, вие ли сте Дмитриј Фјодорович, ама што правите вие? — наеднаш се јави Калганов — ама седнете кај нас, здраво!

— Здраво, мил и скап . . . човеку! Јас секогаш сум ве почитувал . . . — радосно и услужно се одзва Митја и веднаш му ја подаде својата рака преку масата.

— Леле, колку силно ме стиснавте. Ми се здробија прстите, — се засмеа Калганов.

— Тој сѐ така стиска, само така !— весело се јави, сѐ уште исплашената и насмевната Грушенка, која изгледа, наеднаш, се убеди според надворешниот изглед на Митја, дека тој нема да биде немирен, но сепак со ужасно љубопитство и сѐ уште со беспокојство се загледуваше во него. Во него имаше нешто, што ја вчудовиди многу, а и таа сосем не очекуваше од него дека во таков час тој ќе влезе така ,и така ќе почне да зборува.

— Здраво — слатко се јави од лево и спахијата Максимов. — Митја се спушти и кон него.

— Здраво, и вие ли сте тука, колку ми е мило, дека сте тука и вие! Господа, господа! јас . . . (тој пак се обрна кон панот со лулето, зашто го сметаше за главен човек тука) . . . јас просто летам . . . Јас сакам мојот последен ден и последен час да го минам во оваа соба, во истава соба . . . каде што и јас сум љубел . . . сум ја сакал мојата царица . . . Прости ми, пане !— викна тој возбуден — јас летав и се заколнив. О, не плашете се, ова е мојата последна ноќ овде. Да пиеме, пане, за помирување! Еве, сега ќе го донесат виното . . . Јас го донесов ова (тој наеднаш, којзнае зошто, го извади своето снопче банкноти). — Дозволи Пане, јас сакам музика, шум, и врева, се како што беше порано . . . Но ,црвецот, непотребниот црвец, ќе полази по земјава, и ќе го снема! Денот на мојата радост ќе го спомнам во мојата последна ноќ! . . .

Тој речиси се задушуваше; многу, многу работи тој сакаше да каже, но излегуваше само некакво чудно извикување. Панот го гледаше неподвижно, го гледаше и снопчето банкноти, ја гледаше и Грушенка, и очигледно беше во недоумица.

— Ако дозволи мојата крулева . . . — започна тој.

— Што е тоа крулева? Сакаш да кажеш кралица, нели? — наеднаш го прекина Грушенка. — Ме фаќа смеа, кога ве слушам како зборувате. Седи, Митја, а

какви работи зборуваш ти? Немој да ме плашиш, те молам. Нели нема да ме плашиш повеќе? Ако не ме плашиш, тогаш ќе се радувам...

— Јас, јас да те плашам? — викна Митја и ги крена рацете нагоре. — О, минувајте ,минувајте, јас нема да пречам!... — и наеднаш сосем неочекувано за сите и се разбира, за самиот себеси, тој се трупна на еден стол и се облеа во солзи; со главата беше свртен кон ѕидот, а со рацете цврсто беше фатен за грбот на столот како да го прегрнуваше.

— Ете, ете, каков си! — викна Грушенка прекорувајќи го. — Ете го, тој само таков доаѓаше кај мене, — одеднаш ќе зазборува така, што јас не можам ништо да разберам .А еднаш пак вака заплака, и сега ова му е вторпат — каков срам! Зошто се расплака? **Барем да има за што?** — додаде таа наеднаш загадочно, подвлекувајќи ги тие свои зборови, со некаква зајадливост.

— Јас, јас не плачам... е, ајде, здраво! — се сврти тој на столот, и наеднаш се засмеа, но не со својата дрвенеста и испрекината смеа, туку со некаква необична, продолжителна, нервозно треперлива.

— Ете ти сега пак... Ама разведри се, разведри се! — го наговараше Грушенка. — Многу ми е мило, Митја, слушаш ли, многу ми е мило. Јас сакам тој да седи со нас! — им се обрна таа заповеднички божем на сите, иако нејзините зборови очигледно му беа наменети само на оној што седеше на канабето. — Сакам, сакам! А ако си оди тој, ќе си одам и јас — така да знаете! — додаде, и очите наеднаш ѝ пламнаа.

— Што ќе повела мојата царица — тоа е закон! — рече панот галантно бацувајќи ѝ ја раката на Грушенка. — Го поканувам панот во нашава компанија! — му се обрна тој љубезно на Митја. Митја веќе стана со очигледна намера повторно да исфрли некаква тирада, но излезе друго.

— Да пиеме, пане! — пресече тој наеднаш наместо да држи говор.

Сите се засмеаја.

— Господи! А јас веќе мислев дека сака пак да зборува — нервозно викна Грушенка. — Слушаш ли,

Митја — решително додаде таа — немој повеќе да скокаш, а убаво си направил што си донесол шампањско. И јас ќе пијам; ликериве не можам да ги ставам в уста. А најдобро е што дојде ти, зашто овде е многу здодевно... Само пак ли дојде да правиш веселба? Ама стави си ги парите в џеб! Каде ги најде тие пари?

Митја, во чија рака сè уште беа стутканите банкноти, што ги забележаа сите, а особено пановите, брзо и збунето ги пикна во џебот. Тој поцрвене. Во истиот миг гостилничарот на послужавник донесе отворено шише шампањско, и чаша. Митја веднаш го зграпчи шишето, но толку се збуни што заборави што треба да прави со него. Шишето му го зеде Калганов, и тури вино наместо него.

— Уште едно шише! — му викна Митја на гостилничарот и бидејќи заборави да се чукне со панот, кого толку свечено го повикуваше да испие заедно со него чаша за помирување, наеднаш ја испи својата чаша до дно, не чекајќи никого. Наеднаш лицето му се измени. Наместо свечениот и трагичен израз, со којшто влезе, му се појави нешто речиси детско. Тој како наеднаш да се помири и покори. Во сите гледаше бојазливо и радосно, често и нервозно смеејќи се, со благодарствен израз на кученце што направило некаква грешка, но кое сепак го пуштиле во колата и го галат. Како да заборави сè, ги разгледуваше со восхит, со детска насмевка. Во Грушенка гледаше непрестајно смеејќи се, и својот стол го приближи до нејзината фотелја. Малку-по малку ,ги разгледа обата пана, иако уште немаше стекнато јасна слика за нив. Панот на канабето го зачудуваше со своето држење, со полскиот акцент, а што е најважно, — со лулето. „Е па што, многу е убаво што пуши со луле“ — си размислуваше Митја. Малку олабавеното, речиси веќе четириесетгодишно лице на панот, со многу мало носле, под кој се гледаа две танки мустачиња, бојадисани и дрски, засега не го поттикнуваа Митја на никакво размислување. Дури ни многу лошата перика на панот, направена во Сибир, со многу глупаво напред зачешланите зулуфи не го изненади Митја посебно; „значи, штом е перика, така и треба“, продолжи тој да размислува возбуден. Другиот

пан ,што седеше до ѕидот, помлад од панот на канабето, што гледаше во целото друштво дрско и предизвикувачки, и со молчалив презир го слушаше општиот разговор, го изненади Митја само со својата многу висока става, многу несразмерна во споредба со ставата на панот што седеше на канабето. „Ако стане, би бил висок до таванот“ му светна на Митја во главата. Му текна исто така дека високиот пан, веројатно, му е пријател и помошник на панот на канабето, како некој негов „телохранител“ и дека малиот пан со лулето, се разбира, му командува на високиот пан. Но сето тоа на Митја му се чинеше многу добро и во ред. Во малото кученце беше спласнато секое соперништво. По Грушенка и по загадочниот тон, на некои нејзини реченици уште не можеше да види, разбере ништо а сфати само со растреперено срце, дека таа спрема него е нежна, дека му „простила“ и го седнала до себе. Беше надвор од себеси од восхит кога виде како таа се поднапи од чашата вино. Молчењето на друштвото, меѓутоа, како наеднаш да го вчудовиди, и тој почна да ги загледува со очите сите кои очекуваа нешто: „Ама зошто ние седиме така, зошто не почнувате нешто, господа?“ — како да велеше неговиот насмевнат поглед.

— Па ете, овој сите нѐ лаже и ние се смеевме — наеднаш започна Калганов, како да ја одгатна неговата мисла, и го покажа Максимова. Митја бргу ги сврти очите кон Калганов а потоа веднаш кон Максимов.

— Лаже, нели? — се засмеа тој со својата кратка, здрвена смеа и вчас се зарадува поради нешто, — ха-ха!

— Да. Претставете си ,тој тврди, дека божем, целата наша коњица во дваесеттите години се испоженила за Полјачки; но тоа е ужасна глупост, нели?

— За Полјачки? — подзеде пак Митја и веќе многу восхитен.

Калганов многу добро ги сфаќаше односите на Митја и Грушенка, се сеќаваше и за панот ,но сето тоа не го интересираше толку, дури можеби воопшто не го интересираше, ами најмногу го интересираше Максимов. Тој тука беше попаднат случајно со Максимов, и пановите ги сретна тука, во крчмата, за првпат во својот живот. Меѓутоа, Грушенка ја познаваше отпо-

рано и еднаш дури беше отиден и кај неа дома со некого; тогаш тој не ѝ се допадна, но тука таа го гледаше многу умилно, а пред да дојде Митја, дури и го галеше, но тој остануваше некако бесчувствен. Тој беше млад човек, на не повеќе од дваесет години, облечен по мода, со многу мило бело лиценце, и со убави густи руси коси. Но на тоа бело лиценце, имаше две прекрасни отворено-сини очи со умен ,а понекогаш и длабок израз што не одговараше на неговата возраст, иако понекогаш зборувањето и погледот на младиот човек не беа детски, и никогаш не се срамеше од тоа дури и самиот беше свесен за тоа. Воопшто тој беше некако посебен дури каприцен, иако секогаш ласкав. Понекогаш на изразот на неговото лице се забележуваше нешто неподвижно и упорно: тој ве гледаше, ве слушаше ,а самиот како упорно да си мечтаеше за нешто свое. Де се олабавуваше, де наеднаш започнуваше да се тревожи, понекогаш очигледно поради ситна причина.

— Претставете си, јас веќе четири дена го водам со мене — продолжи тој — развлекувајќи ги некако мрзливо зборовите ,но без секакво преправање и сосем природно. — Го паметите ли денот, кога вашиот брат го турна од колата и тој се најде на земја. Тогаш многу ме заинтересира со тоа, и јас го поведов со мене в село. Но тој сега за сè лаже, така што сега се срамам од него. Сега го враќам назад . . .

— Пан полској пани не видзел, и муви что бит не мóгло (панот не видел Полјачка и зборува нешто што не било) — му речѐ на Максимов панот со лулето.

Панот со лулето доста добро зборуваше руски дури многу подобро, отколку што се претставуваше. Руските зборови што ги употребуваше тој ги изопачуваше со полски изговор.

— Ама, и јас бев оженет за Полјачка — се засмеа Максимов.

— Значи, вие сте биле во коњаницата? Зашто вие зборувавте за коњаницата. Значи, вие сте коњаник? — се замеша Калганов.

— Да, се разбира, тој е кавалерист, нели!? — ха, ха! — викна Митја, кој жедно слушаше и брзо го пре-

несуваше својот прашален поглед на секој што почнуваше да зборува, како којзнае што да очекуваше оти ќе чуе од секого.

— Не, гледате ли — му се обрна нему Максимов — јас сакам да кажам, дека се убавички паненките таму... дека... откога ќе се изнатанцуваат со некој наш момчак мазурка, откога ќе го заврши со него танцувањето на мазурката, веднаш скокнува на неговите коленици како мачка, знаеш... таква бела... а пак панот татко, и пани мајка гледаат и дозволуваат... и дозволуваат... а ергенот вториот ден оди и ѝ ја бара раката. Така... ѝ ја бара раката, хи, хи! — се засмеа Максимов.

— Панот е лајдак! (шмеќар) — за'ржи ненадејно високиот пан на својот стол и префрли нога преку нога. На Митја му падна в очи само огромната бојадисана чизма со дебело и кално пенче. А и воопшто двајцата пановци беа облечени доста нечисто.

— Ајде сега и лајдак!! Зошто се подбиваш? — наеднаш се налути Грушенка.

— Пани Агрипина, панот во полскиот крај има видено простотилак, а не шљахетни пани — ѝ се обрна панот со лулето на Грушенка.

— Во тоа можеш да бидеш уверен! — со презир пресече високиот пан на столот.

— Ете ти сега! Ама пуштете го човекот да зборува! Луѓето зборуваат, зошто им пречите? Со нив е весело — зајадливо забележи Грушенка.

— Јас не пречам, пани — важно забележи панот со периката, погледнувајќи ја со долг поглед Грушенка, и откако достоинствено помолчи некое време пак почна да пуши со лулето.

— А да, тоа што го рече панот сега е вистина — пак пламна Калганов, како да станува збор којзнае за што. — Тој Полска ја нема ни видено: што има да кажува за Полска? Вие не се оженивте во Полска, нели не се оженивте?

— Не, ами во Смоленска губернија. Само неа ергенот пред тоа ја доведе од Полска, таа мојата идна жена, со пани-мамичката, и со таткото, и со уште една

роднина со возрасен син, право од Полска, од вистинската... и ми ја отстапи мене. Тоа беше еден поручник, многу добар момчак. Најпрвин сакаше самиот да ја земе, но, ете, не ја зеде; излезе дека е куца...

— Значи куца сте зеле! — векна Калганов.

— Да, куца. И двајцата тогаш малку ме излагаа. Јас мислев дека таа потскокнува... постојано потскокнуваше, мислев дека тоа е од доброто расположение...

— Од радост дека се мажи за вас? — викна Калганов со некаков детски звонлив глас.

— Да, од радост. А излезе дека е од сосем поинаква причина. После, кога се венчавме, по венчавањето уште вечерта ми призна, и многу трогателно ме замоли за извинување; вели прескокнала преку некоја вода во младите години, и така си го повредила ноженцето, хи-хи!

Калганов просто се давеше од смеа, како некакво дете; речиси падна на канабето. И Грушенка се насмеа. А Митја целиот се топеше од среќа.

— Знаете ли, знаете ли дека ова сега е вистина. Сега веќе не лаже — викаше Калганов обрнувајќи му се на Митја. — И знаете ли, тој се ожени двапати; сега ви зборуваше за првата жена, а втората жена, знаете, му избега, и жива е и денеска, го знаете ли вие тоа?

— Вистина ли е тоа? — брзо се сврти Митја кон Максимов, со необичен израз на лицето.

— Да, побегна, ми се случи таа непријатност — скромно потврди Максимов. — Со еден мусје. А што е најважно, сиот мој имот си го припиша на себе. Ми вели, ти си образован човек, ти ќе си најдеш за себе парче леб. Така ме суреди. Еден почитуван архиереј, еднаш ми забележи: „Едната сопруга ти беше куца, а другата со премногу лесни нозе", Хи-хи!

— Слушајте, слушајте! — просто зовре Калганов. — И ако лаже, а често лаже, тој лаже само за да ни приреди задоволство на сите, а тоа не е подло, не е подло! Знаете ли, јас го сакам понекогаш. Тој е многу подал, но е природно подал. Нели? Што мислите вие? Некој има причини што е подал; сака да извлече некаква корист, а овој — просто, по својата природа...

Претставете си, на пример, тој претендира (вчера цел пат се расправаше) дека Гоголь во „Мртви души“ го опишал него. Се сеќавате ли? таму има некаков спахија Максимов, кого Ноздрјов го измавал, па после за тоа бил предаден на суд: „дека во пијана состојба му нанесол навреда на спахијата Максимов со тепање“ — се сеќавате ли? И, помислете си само: овој сега претендира дека е токму тој, и дека тој бил тепан! А може ли да биде тоа? Чичиков, патувал најдоцна во дваесеттите години, во нивниот почеток, така што годините никако не се совпаѓаат. Овој, значи, не можел тогаш да биде тепан. Не можел да биде, нели не можел да биде?

Тешко можеше да се сфати зошто Калганов толку запнува — но тој настојуваше искрено. Митја и со срцето и со душата влегуваше во неговите подбиви.

— Па што можете да правите кога го тепале! — викна тој смеејќи се.

— Не да речеш дека ме тепаа туку, ете, така — додаде наеднаш Максимов.

— Како тоа: ете, така? Или ве тепале, или не ве тепале?

— Ктура годзина, пане? (колку е часот, господине) — му се обрна на високиот пан на столот панот со лулето, со израз на здодевност.

Тој собра раменици, наместо да одговори: ни тој немаше часовник.

— Зошто да не се зборува? Дајте им на другите да зборуваат. Зарем ако ви е здодевно вам, сите да молчат? — пак се замеша Грушенка, очигледно намерно зајадливо.

На Митја сега како за првпат нешто да му текна. Овој пат панот веќе одговори со очигледна зајадливост.

— Пани, ја ниц не мувељ против, ниц не поведзјалем. (Јас не противречам, не реков ништо). —

— Е, добро, тогаш раскажувај — му викна Грушенка на Максимов.

— Зошто замолчивте сите.

— А и нема што да се кажува, зашто сето тоа се глупости — прифати наеднаш Максимов со очигледно задоволство. — Па и кај Гоголља сето тоа е само во алегорична форма, зашто сите имиња тој ги поставува але-

горично: зашто. Ноздрјов не беше Ноздрјов, туку Носов, а Кувшиников — тоа пак сосем не прилега, зашто тој се викаше Шкворнов. А Фенарди навистина беше Фенарди, само што не беше Италијанец, ами Русин, се викаше Петров и мамзел Фенарди беше убавичка и ножињата ѝ беа облечени во трико, такви убавички, фустанчето кусичко, со пулчиња, и да видиш како се вртеше, но не четири часа, туку само четири минути, и ги маѓепсуваше сите...

— А зошто те тепаа тебе, за што те истепаа, кажи? — викаше Калганов.

— Заради Пирона — одговори Максимов.

— За кој Пирон? — викна Митја.

— За познатиот француски писател Пирон. Тогаш ние пиевме вино со едно големо друштво во крчмата на истиот панаѓур. Тие ме поканија и мене, а јас уште отпрвин започнав да зборувам со епиграми: „Ти ли си. Буало, колку смешно облекло", — А Буало одговара, дека се готви да оди на маскенбал ,т.е. на бања хи-хи, а тие тоа го зеле за сериозно. Јас побрзав да кажам и еден друг, интересен епиграм што им е многу познат на сите образовани луѓе: „Ти си Сафо, јас сум Фаон, за тоа не спорам, но ,за голема моја жал, ти не го знаеш патот кон морето!" Тие уште повеќе се навредија и почнаа да ми викаат безобзирно ,а јас за несреќа, божем да ја поправам работата, зедов па кажав една многу образована анегдота за Пирона, како не го примиле во француската академија, а тој, за да се одмазди, напишал епитаф за својот надгробен камен:

Ci-git Piron, qui ne fut rien.

Pas mêm acadèmicien.[1])

Тогаш тие станаа и ме натепаа.

— Ама зошто, за што?

— За моето образование. Малку ли причини има за да се натепа човек — кротко и со наравоучение заклучи Максимов.

---

[1]) Овде почива Пирон кој не беше ништо, дури ни академик (фр.)

— Ајде, доста веќе, сето тоа ми е одвратно, не сакам да го слушам јас мислев дека ќе биде весело — наеднаш го прекина Грушенка. Митја се стаписа и наеднаш престана да се смее. Високиот пан стана од своето место и со високомерен изглед на човек, на кој му е здодевно, кој попаднал во друштво што не е за него, фати да шетка низ собата од агол до агол, со раце зад грбот.

— Види го ти него, како си шетка! — го погледна Грушенка со презир. Митја се вознемири, притоа забележа дека панот од канабето го погледнува налутено.

— Пане — викна Митја — да пиеме, пане! И со другиот пан исто. Да пиеме, панови, — тој наеднаш собра три чаши и ги наполни со шампањско.

— За Полска, панови, пијам за вашата Полска, за полскиот крај! — викна Митја.

— Бардзо ми то мило, пане, випием. (Тоа ми е многу пријатно, пане, да се напиеме!) — важно и расположено рече панот од канабето и си ја зеде чашата.

— И другиот пан, како го викаат, еј, големовелможен, земи си ја чашата! — го покани Митја.

— Пан Врублевскиј, — кажа панот од канабето. Панот Врублевскиј нишкајќи се ,дојде до масата и така простум ја зеде својата чаша.

— За Полска, панови, ура! — викна Митја и ја крена чашата.

Тројцата се напија. Митја го зеде шишето и веднаш пак ги наполни трите чаши.

— А сега за Русија, панови, и да се побратимиме!

— Тури ни и нам — рече Грушенка, — и јас ќе се напијам за Русија.

— И јас — рече Калганов.

— Па и јас би се напил... за Русиичка, старата бабичка — се засмеа Максимов.

— Сите, сите! — викаше Митја. Домаќине, дај уште едно шише.

Им ги дадоа трите преостанати шишиња од тие што ги донесе Митја. Тој им тури на сите.

— За Русија, ура! — рече тој повторно.

Сите ги испија чашите, освен пановите, а Грушенка до дно ја испи својата чаша. Пановите не ни обидоа.

— А вие, панови! — викна Митја. — Вие така ли?

Пан Врублевскиј ја зеде чашата, ја крена, и со остар глас изговори:

— За Русија во границите до седумстотини седумдесет и втора година!

— Ото бардзо пјенкње! (Е, тоа е многу добро) — викна другиот пан ,и двајцата наеднаш ги испија чашите до дно.

— Панови, вие сте маски! — му се откина на Митја.

— Па — не! — викнаа обајцата панови закануваčки, наежувајќи се пред Митја како петли.

Особено пламна панот Врублевскиј.

— Але ње можно ње мјец слабосци до своего крају? — викна тој. (Можно ли е да не се сака својата татковина).

— Молчете! Не карајте се! Не сакам да слушнам за караница! — викна Грушенка заповеднички, и тропна на подот со ногата. Лицето ѝ пламна, очите ѝ светнаа. Чашата шампањско што ја испи пред малку го направи своето. Митја многу се уплаши.

— Панови, простете. Јас сум виновен. Нема повеќе. Врублевскиј, пане Врублевскиј, нема повеќе!...

— Ама молчи барем ти, седни! Ох, колку е глупав. — зајадливо и налутено се нафрли на него Грушенка.

Сите седнаа и замолкнаа, сите гледаа еден во друг.

— Господа, јас сум причината за сè! — пак почна Митја, ништо не сфаќајќи во забелешката на Грушенка — ама зошто сега седиме? Што да правам сега... за да биде весело, пак весело?

— Ах, навистина, ова е многу невесело — мрзливо процеди Калганов.

— Да играме наше-ваше, како пред малку... — се засмеа наеднаш Максимов.

— Наше-ваше? Чудесно! — прифати Митја само ако пановите...

— Пузно, пане! — некако преку сила се одзва панот од канабето.

— То правда — одобри и панот Врублевскиј.

— Пузно? Што е тоа „пузно“? — праша Грушенка.

— Тоа значи доцна, пани, доцна, доцно време — разјасни панот од канабето.

— За нив секогаш е доцна, и сѐ тие не можат! — речиси викна од лутина Грушенка. Седат туѓа, им е здодевно, па сакаат и на другите да им е здодевно. До твоето доаѓање, Митја, само така молчеа и се фалеа пред мене . . .

— Божицо моја! — викна панот од канабето — цо мувиш, то сјен стане (како што ќе речеш — така ќе биде). Видзен неласкен, и јестен смутни. Јестен готув пане (гледам нерасположеност — затоа сум тажен. Јас сум готов) — доврши тој обрнувајќи му се на Митја.

— Почнувај, пане, — прифати Митја, вадејќи ги од џебот банкнотите и издвојувајќи на масата две стотки.

— Пане, сакам многу да ми спечалиш. Еве ти карти, држи банка!

— Картите да бидат од гостилничарот, пане! — упорно и сериозно рече малиот пан.

— То, најљепши спосуб (така е најдобро) — му одобри Врублевскиј.

— Од гостилничарот? Добро, разбирам, нека бидат од гостилничарот, и така може, панови! Карти ваму! — му нареди Митја на гостилничарот.

— Гостилничарот донесе запечатено пакетче карти и му кажа на Митја дека девојките веќе се собираат, Евреите со чембалата, исто така, сигурно ќе дојдат, а дека тројката со продуктите уште не пристигнала.

Митја скокна од масата и отрча во соседната соба за веднаш да уреди. Но беа дојдени само три девојчиња, а уште ја немаше Марија. А и самиот тој не знаеше што да прави и за што беше дотрчал: порача само да ги извадат од сандакот подароците, бонбончињата и да им ги разделат на девојчињата. — И на Андреј вотка, вотка на Андреј! — порача тој набрзо. — Јас го

навредив Андреј! — притоа неочекувано го тргна за рамото Максимов, што беше дотрчал по него.

— Дајте ми пет рубли — му шепна тој на Митја — за да поиграм и јас малку, хи-хи!

— Прекрасно, прекрасно! земете десет, еве! — тој пак ги извади од џебот сите банкноти и најде десет рубли . . . — А ако ги загубиш, пак дојди, пак побарај.

— Добро — радосно прошепоти Максимов, и отрча во салата. Веднаш се врати и Митја и се извини, што морале да го чекаат. Пановите веќе беа наредени и ги беа отпечатиле картите. Тие сега беа многу расположени, речиси ласкави. Панот на канабето запали ново луле ,и се приготви да ги фрли картите; во раце-те му се читаше дури некаква свеченост.

— На своите места панови! — се јави панот Врублевскиј.

— Не, јас нема да играм веќе — рече Калганов. — Тие пред малку, ми спечалија педесет рубли.

— Панот немаше среќа? Панот може сега да има среќа — му се обрна панот од канабето.

— Колку е влогот? Со колку? — се фалеше Митја.

— Молам, пане, сто, може двесте, колку што ќе ставиш.

— Милион! — се засмеа Митја.

— Пан капитан, можеби слушал за пана Подвисоцки?

— Кој е тој Подвисоцки?

— Во Варшава игра карти со секој што ќе го сретне. Доаѓа Подвисоцкиј, гледа илјада златници, става: ва-банк. Банкарот вели: „Пане Подвисоцкиј. Ќе ставиш злато колку што е банката, или на чест?“ — „На чест, пане“, вели Подвисоцки. — „Дотолку подобро, пане“. — Банкарот влече карта, Подвисоцки добива илјада златници. — „Почекај, пане“, вели банкарот, ја отвора фијоката и дава милион: „Земи, пане, ото јест твој рахунек (еве ја твојата сметка!). Банката била еден милион. — „Јас не го знаев тоа“ — вели Подвисоцки. — „Пане Подвисоцки“, вели банкарот, — „ти стави на чест, и ние на чест“. Подвисоцки си го зел милионот.

— Тоа не е вистина — рече Калганов.

— Пане Калганов, в шљахетној компании так мувит не пшистои (во образовано друштво така не се зборува).

— Така тебе Полјакот ќе ти даде цел милион! — викна Митја, но наеднаш се стаписа. — Прошта̀вај пане, згрешив пак згрешив, ќе даде, ќе даде милион, за „гонор", за полска чест! Гледаш ли, и јас зборувам полски ,ха-ха! Еве, ставам десет рубли, ајде — валет.

— А пак јас една рубличка на дамичката каро, на убавата паничка ,хи-хи! — се засмеа пак Максимов, ја турна напред својата дама и, како да сакаше да се скрие од сите, се намести до самата маса, и набрзина се прекрсти под масата. Доби Митја. Доби и **рубличката.**

— Агол! — викна Митја.

— Јас пак една рубличка, на седумченцето, на малечкото седумченце — блажено мрмореше Максимов, многу зарадуван, дека спечалил една рубличка.

— Туби! — викна Митја. — Седумката на **п е!**

Изгуби и на **пе.**

— Престанете — рече наеднаш Калганов.

— На **пе,** на **пе!** — ги удвојуваше влоговите Митја и сѐ што ќе ставеше на **пе** — сѐ губеше, а **рубличките** добиваа.

— На **пе!** — викна налутено Митја.

— Двесте загуби, пане. Ставаш ли уште двесте? — праша панот од канабето

— Како, двесте ли загубив. Тогаш уште двесте! И двесте на **пе!** — и откако извади пари од џебот, Митја фрли двесте рубли на дамата, но наеднаш Калганов ја покри со својата рака.

— Доста! — викна тој со својот звонлив глас.

— Што правите? — му се истопори Митја.

— Доста, не сакам! Нема повеќе да играте.

— Зошто?

— Така. Плукнете, и губете се, ете зошто. Не ви дозволувам повеќе да се коцкате.

Митја го гледаше речиси вцашено.

— Остави, Митја, — можеби има право, и така веќе многу загуби, — рече Грушенка, со необичен призвук во гласот.

Обата пана наеднаш станаа од местата со израз на голема навреденост.

— Жартуеш пане (молчиш, господине)! — рече малиот пан строго погледнувајќи го Калганова.

— Јак сјен поважаш то робиц, пане! (како смеете да го правите тоа) — му се издра панот Врублевски на Калганова.

— Не викајт,е не викајте! — писна Грушенка. — Ех, мисири ниедни!

Митја ги гледаше сите еден по еден, наеднаш го изненади нешто на лицето на Грушенка, и во истиот миг нешто ново му мина низ главата, чудна нова мисла!

— Пани Агрипина! — почна малиот пан, целиот поцрвенет од раздразнетост, кога наеднаш му прије Митја и лесно го удри по рамото.

— Јасновелможни, за два збора!

— Чего кцеш, пане (што сакаш)?

— Во собана, во одајана — два збора да ти кажам, убави, најубави — ќе бидеш задоволен.

Малиот пан се зачуди, и недоверливо го погледна Митја. Сепак веднаш се согласи, но, под единствен услов со него да дојде и панот Врублевски.

— Телохранителот ли? Па добро, — нека дојде и тој, и тој ми треба. Тој дури и бездруго! — викна Митја. — Напред, панови!

— А каде ќе одите? — вознемирено ги праша Грушенка.

— Вчас ќе се вратиме — ѝ одговори Митја.

Некаква смелост, некаква неочекувана бодрост, светна на неговото лице; пред еден час во собата влезе со сосем поинаков израз. Ги одведе пановите, во собата вдесно, не во таа големата каде што се собираше хорот од девојчиња, и каде што се местеше масата, туку во спалната, во која се наоѓаа ковчези, бовчи и два големи кревета на кои беа нафрлани басмени перници што се издигаа до таванот. Тука на едно мало мазно масиче, во самиот агол, гореше свеќа. Панот и Митја седнаа на масичето, еден спроти друг, а крупниот пан Врублевскиј, седна отстрана, и си ги стави рацете зад

грбот. Пановите гледаа строго, но со очигледно љубопитство.

— Чем моген служиц пану? (што можеме да му услужиме на господинот) — умилно проговори малиот пан.

— Па еве што, пане, јас нема да зборувам многу: еве ти пари, — тој ги извади своите банкноти, — ако сакаш, три илјади — земи ги, и оди си каде што знаеш.

Панот гледаше испитувачки, со ококорени очи — просто се беше внесол со очите во лицето на Митја.

— Тши тисјонци, пане (три илјади, господине),

Тој и Врублевскиј се погледнаа.

— Тши, панови, тши! Слушај, пане, јас гледам дека ти си умен човек. Земи ги овие три илјади, па оди си по сто ѓаволи и со себе земи си го Врублевскиј, — слушаш ли? Но, веднаш, во овој час и тоа засекогаш — разбираш ли, пане, засекогаш — ете токму од оваа врата да излезеш. Што имаш таму: палто, бунда? јас ќе ти изнесам. Наеднаш ќе ти се впрегне тројка и — до видзења, пане! Што велиш!

Митја со сигурност очекуваше поволен одговор. Не се сомневаше. Нешто необично решително мина преку лицето на панот.

— А рублите, пане?

— Со рублите, пане, еве вака ќе направиме: петстотини рубли веднаш ќе ти дадам за коларот и како капар, а две илјади и петстотини утре в град; — се колнам во честа, ќе ги добиеш, ќе ти ги создадам, под земја ќе ги најдам! — викна Митја.

Полјаците пак се погледнаа. Лицето на панот пак почна да изразува лутина.

— Седум, седум стотини, а не петстотини, сега, овој час, в раце! покачи Митја, откако почувствува нешто неповолно. — Што е, пане, не веруваш? Па, секако, нема да ти ги дадам сите три наеднаш! Јас да ти ги дадам, а ти утре пак да се вратиш кај неа . . . А сега и немам со мене, три илјади; в град ми се, дома, — мрмореше Митја, губејќи ја храброста и паѓајќи духовно при секој натамошен збор, — жими бога, имам скриени се.

За момент чувство на достоинство светна на лицето на малиот пан:

— Чи не потшебуеш јешче чего (да не ти треба уште нешто)? — праша тој иронично. — Ппфу! А пфу! — и плукна.

Плукна и пан Врублевскиј.

— Ти плукаш, пане, — проговори Митја како очајник, сфаќајќи дека работата е пропадната; — зашто мислиш дека од Грушенка ќе дигнеш повеќе. Вие сте вистински мисири, и двајцата!

— Јестем, до живего доткнентим (јас сум навреден до крајност)! — наеднаш поцрвени како рак малиот пан, и набрзина излезе од собата, многу лут, како да не сака ништо повеќе да слушне. По него отклинка и Врублевскиј ,а по нив и Митја, збркан и збунет. Тој се плашеше од Грушенка; претчувствуваше дека панот тоа веднаш ќе го разгласи. Така и беше. Панот влезе во салата и театрално застана пред Грушенка.

— Пани Агриппина, јесте до живого доткнентим — викна тој, но Грушенка како наеднаш да го изгуби сето трпение, токму како некој да ја боцна во најчувствителното место.

— Руски! Зборувај руски! Не сакам да слушнам ниеден полски збор! — му викна таа нему. — И порано зборуваше руски, секако, за пет години не си заборавил!

Таа сета поцрвени од лутина.

— Пани Агриппина . . .

— Јас сум Аграфена, јас сум Грушенка! Зборувај руски, или не сакам ништо да слушнам.

Панот зашишти од навредено честољубие, и со расипан руски јазик, брзо и надуено изговори:

— Пани Аграфена, ја пшиехал да заборавим старо, и да го простам; да заборавим што било досега . . .

— Што да простиш?! — Зарем ти мене да ми простиш? — го прекина Грушенка и скокна од местото.

— Так јест, пани, јас не малодушен, јас великодушен, но ја билем, зґивјони (бев вчудовиден) кога видов твоите љубовници, панот Митја во соба ми даваше тши тисјонци да одам. Јас плукнив на панот во физија.

— Што? Тој ти давал пари за мене? — хистерично викна Грушенка. — Вистина ли е, Митја? Како си смеел? Па зарем јас сум за продавање?

— Пане, пане — завика Митја молбено — таа е чиста, и свети како злато, а јас никогаш не сум бил нејзин љубовник! Лага е тоа што го рече...

— Како смееш ти мене пред него да ме браниш, — викаше Грушенка. — Јас не останав чиста од добродетел, ниту затоа што се плашев од Кузма, туку за да можам пред него да бидам горда, и, за да можам да го наречам подлец, кога ќе го видам. Навистина не зеде пари од тебе?

— Сакаше — сакаше да прими! — викна Митја. Само ги сакаше наеднаш сите три илјади, а јас му давав само седумстотини како капар.

— Па, се разбира, слушнал дека имам пари, па затоа и дошол да се венча.

— Пани Агриппина — викна панот — јас сум рицар, јас сум — шљахтич, а не сум лајдак. Ја пшибил (дојдов) да земам за сопруга; но гледам една нова пани, не како порано, туку — упарту и без встиду (своеглава и без срам).

— Тогаш патот под нозете и назад од каде што си дошол! Ќе наредам веднаш да те истераат и ќе те истераат! — викна Грушенка, како надвор од себеси. — Будала, будала бев била што се мачев пет години! А и не се мачев поради него ,туку од бес, се мачев себеси! А и тој ни малку не е истиот! Ваков ли беше тој? Ова е сигурно татко му! Каде ли ја порача таа перика? Тој беше сокол, а овој е некаков патор. Тој се смееше и пееше песни... А јас пет години се давев во солзи, проклета будала, долна, бесрамна...

Таа падна во фотељата и си го покри лицето со рацете. Во тој момент од соседната соба се слушна хорот на најпосле собраните мокренски девојки — весела песна за играње.

— Тоа е Содом! — се издра наеднаш пан Врублевскиј. — Домаќине, истерај ги овие бесрамници!

Домаќинот кој одамна љубопитно зиркаше низ вратата, кога го слушна викањето насети дека гостите се скарале па веднаш влезе во собата.

— А зошто се дереш ти? — му се обрна тој на Врублевскиј, со некаква речиси несфатлива грубост.

— Говедо! — се издра пан Врублевскиј.

— Говедо ли? А со какви карти, играше ти пред малку? Јас ти дадов шпил, а ти го скри! Ти играше со лажни карти! За лажни карти јас тебе можам да те испратам в Сибир; знаеш ли ти? — зашто тоа е исто што и лажни пари...

Потоа дојде до канабето, ги пикна прстите меѓу потпирачот и перницата и оттаму го извлече неотвореният шпил.

— Еве ги моите карти — не се отпечатени! — тој ги крена и им ги покажа на сите. — Јас оттаму видов како го скри мојот шпил, а ги подметна своите; цепчија ниеден, а не пан!

— А јас видов како панон двапати ја скри горната карта! — викна Калганов.

— Ах, каква срамота, каква срамота! — викна Грушенка, плеснувајќи со рацете, и навистина поцрвени од срам. — Господи, што стана со човекот!

— И јас така мислев! — викна Митја.

Но, тој уште не го изговори тоа, кога пан Врублевскиј збунет и бесен, се сврти кон Грушенка и заканувајќи ѝ се со тупаницата, викна:

— Бештијо! — Но тој не стигна ни да го викне тоа кога Митја скокна на него, го зграпчи со обете раце, го крена нагоре, и в час го изнесе од салата во собата десно, во која пред малку ги одведе обајцата.

— Го фрлив на подот! — рече тој гласно веднаш откако се врати одвај дишејќи од возбуда. — Тој уште сака и да се тепа, никаквец; но оттаму нема да излезе. — И Митја го затвори едното крило на вратата, а држејќи го другото ширум отворено, му викна на малиот пан :

— Јасновелможни, дали ви е по волја и вам да одите таму? Пшепрашам!

— Господару, Митја Фјодорович — викна Трифон Борисич ама земи им ги парите што ти ги дигнаа на карти! Зашто тоа е како да ти ги украле.

— Нема да им ги земам моите педесет рубли — се одзва наеднаш Калганов.

— Ни јас моите двесте! Ни јас не сакам! — викна Митја. — Воопшто не сакам да ги земам, нека му останат за утеха.

— Чудесно, Митја! Браво, Митја! — викна Грушенка, и некаква многу зајадлива нота одекна во нејзиниот глас.

Малиот пан, целиот поцрвенет од бес, но без да изгуби нешто од својата господственост, веќе се упати кон вратата, но се запре и откако наеднаш се сврти ѝ рече на Грушенка:

— Пани, јежели хцеш исц за мнојў, идзми, јесли не, бивај здрова (госпоѓо, ако сакаш да дојдеш со мене — ајде, ако не — остани со здравје)! — и достоинствено, збивтајќи од лутина, и честољубие, излезе од собата. Тој беше човек со карактер: и по сето она што се случи тој не ја губеше надежта дека „пани“ ќе тргне по него — толку се ценеше себеси! Митја, ја тресна вратата зад него.

— Заклучете ја — рече Калганов.

Но, бравата чкрапна од другата страна: тие самите се заклучија.

— Чудесно, — викна Грушенка налутено и немилосрдно. — Прекрасно! Ете им го патот!

VIII

Бладање

Почна речиси оргија — многу бучна веселба. Грушенка прва викна да ѝ дадат вино: „Сакам да пијам, сакам сосем да се опијам, па и како порано... се сеќаваш ли, Митја, се сеќаваш ли овде како се зближувавме!“ А Митја како да беше изгубен, и како да ја претчувствуваше „својата среќа“. Грушенка постојано го тераше понастрана од себе: „Ајде, весели се, речи им да играат, сите да бидат весели, сè да ечи, — како тогаш, како тогаш!“ — продолжи таа да вика. Многу беше возбудена.

А Митја брзаше да наредува. Хорот се собра во соседната соба. Собата во која седеа дотогаш беше тес-

ничка, прегради́на надве со басмена завеса, зад која имаше огромна постела со голем дебел јорган од пердуви и со исти такви басмени високо наредени перници. И во сите четири „подобри соби“ на таа куќа, секаде имаше постели. Грушенка се смести до вратата. Митја тука и ја донесе фотељата: исто така, седеше и „тогаш“, на денот на нивната прва оргија овде, оттаму ги гледаше пејачите и играта. Се собраа истите девојки што беа и порано. Дојдоа и Евреите со виолини и цитри, а одвај еднаш дојде и толку очекуваната кола со пијачката и со другите потреби. Митја многу брзаше. Во собата влегуваа да гледаат и други лица — селани и жени, што веќе биле легнати да спијат, но се разбудиле, зашто почувствувале дека ќе има големо честење, како пред еден месец. Митја се поздравуваше и се прегрнуваше со познатите, се сеќаваше за одделни лица, отвораше шишиња и им тураше на сите што ќе ги видеше. По шампањското многу трчаа само девојките; на селаните повеќе им се допаѓаа румот и коњакот, а особено врелиот пунч. Митја нареди да се свари чоколада за сите девојки и цела ноќ да бидат при рака и да варат три самовара за чај и за пунч — за секој што ќе наиде: да се почести којшто ќе посака! Со еден збор, започна нешто хаотично и бесмислено, но Митја како да беше во својот елемент и колку што поразуздано стануваше околу нив, толку повесел се чувствуваше. Ако во тој момент некој селанец побараше од него пари ,тој во истиот миг ќе го извадеше своето снопче и ќе делеше и десно и лево без да брои. И затоа, веројатно за да го зачува Митја, непрестајно се врткаше околу него Трифон Борисич; тој како да беше решен ноќта веќе воопшто да не прилегнува да заспие; малку пиеше (испи само една чашка пунч) па на свој начин будно ги чуваше интересите на Митја. Кога ќе му се стореше дека е потребно, тој благо и понизно го задржуваше, не давајќи му „како порано“, да ги чести селаните со „пури или рајнско вино“, или, бог да чува, со пари ,и многу се лутеше што девојките пијат ликер и јадат бонбони: „Сите тие се вошливи, Дмитриј Фјодорович — велеше — сите ќе ги клоцнам со нога, и уште

ќе им заповедам тоа да го сметаат за чест — ете какви се тие!“ — Митја уште еднаш се сети за Андреј и нареди да му испратат пунч: „Јас пред малку го навредив!“ — повторуваше со треперлив и разнежен глас. Калганов не сакаше да пие, и девојчинскиот хор отпрвин воопшто не му се допадна; но, откако испи уште две чаши шампањско, стана многу расположен, шеткаше по собите, се смееше, и фалеше сè и секого — и песните и музиката. Максимов, целиот среќен и пијан, не се одвојуваше од него. Грушенка која, исто така, виното почна да ја совладува, му го покажуваше на Митја Калганова: „Гледај го колку е мил, колку златно момче!“ а Митја тогаш одушевено одеше да ги баци Калганов и Максимов. О, тој многу претчувствуваше! Таа уште ништо посебно не му беше рекла и дури, очигледно, се воздржуваше да му каже нешто; само одвреме-навреме ќе го погледнеше со нежно и пламено око. Најпосле наеднаш силно го зграпчи за раката, и енергично го привлече кон себе. Тогаш седеше во фотељата до вратата.

— Како влезе ти пред малку, а? Како влезе? ... Колку бев уплашена! Како си можел да сакаш да ме дадеш нему, а? Можно ли е да си го сакал тоа?

— Не сакав да ја запустам твојата среќа! — се галеше Митја, целиот топејќи се од среќа. Но нејзе не ѝ ни беше потребен неговиот одговор:

— Оди, оди ... весели се! — го тераше таа — но не плаши се: пак ќе те викнам.

Тој ќе отрчаше, а таа ќе почнеше да ги слуша песните и да гледа како играат, следејќи го Митја со погледот каде и да се наоѓаше, па по четврт час, пак ќе го викнеше, а тој веднаш ќе дотрчаше кај неа.

— Седи сега овде кај мене, кажи ми како дозна вчера дека сум дојдена ваму; од кого дозна најпрвин?

И Митја почнуваше да раскажува сè, неповрзано, без ред, пламено, но сепак, раскажуваше некако чудно; често наеднаш ги муртеше веѓите, и го прекинуваше раскажувањето.

— Ама зошто се муртиш така? — го прашуваше таа.

— Ништо... Таму оставив еден болен човек. Да оздрави, да знам дека ќе оздрави, сега би дал десет години од мојот живот!

— Господ да му е на помош штом е болен. А зарем навистина сакаш утре да се убиеш? Господи, колку си глупав! И зошто? А јас, гледаш, токму таквите, непромислените како тебе ги сакам — се лигавеше таа со малку здебелениот јазик. — Значи, ти, за моја љубов би се решил на сè, нели? па зарем ти навистина, будалче мое, сакаш утре да се убиеш? Не, засега почекај; утре можеби ќе ти кажам едно зборче... Не денеска, туку утре ќе ти кажам, а ти би сакал денеска? Не, денеска нема... Оди, оди, весели се...

Еднаш го викна бидејќи беше во недоумица и загрижена.

— Зошто си толку тажен? Јас гледам, ти си тажен... Не, не, гледам, — додаде таа загледувајќи се проникливо во неговите очи. — Иако таму се бацуваш со селаните и правиш врева, јас нешто забележувам. Весели се! Јас сум весела, па биди и ти! Јас овде некого го сакам, погоди кого... Леле, погледни; моето детенце заспало, се опило милото тоа!

Таа зборуваше за Калганов: тој навистина се опи, и за кратко време заспа седејќи на канабето. Но не заспа само од пијачката, туку наеднаш го исполни некаква тага или, како што велеше, му стана „здодевно". Најпосле многу го заморија и песните на девојките, кои постепено, со пијанката, почнаа да минуваат во нешто премногу слободно и разуздано. А, исто така, и игрите: две девојки се беа преправиле во мечки, а Степанида, бујна девојка, со стап во раката, која беше мечкарот, фати да ги „претставува". — „Повесело, Марија, викаше таа — или ќе има тепање!" — Мечките најпосле паднаа на подот некако сосем непристојно, што предизвика громогласна смеа кај разновидната публика од жени и мажи, што ги имаше толку многу, што не можеше да се мине.

— Остави ги, остави ги, — велеше Грушенка поучно и со израз на среќа на лицето — за нив ова е редок случај, па зошто луѓето да не се провеселат?

Калганов така гледаше како да се извалкал на нешто. „Само свинштина се тие нивни народни обичаи — забележа тој заминувајќи си — значи такви им се пролетните игри, кога го чуваат сонцето по цела летна ноќ.“ А особено не му се допадна една „нова“ песничка со жив рефрен во која се пееше како некој си господин одел и ги прашал девојките:

Болјар девојките ги прашал
дали го сакаат или не?

А на девојките им се сторило дека е невозможно да се сака господин:

Болјарот многу ќе ме тепа,
затоа не сакам да го љубам.

Потоа наишол Циганинот (се изговараше Цѝганот) па и

Циганинот девојките ги прашал
дали го сакаат или не?

Но, ни циганинот не било можно да се сака,

Циганот ќе краде,
јас ќе плачам горчливо.

И многу луѓе поминале и сите ги прашувале девојките — па така и војникот:

Војникот ги праша девојките
дали го сакаат или не?

Но војникот го одбиле со презир:

Па војникот ќе носи раница,
А јас ќе одам по него...

Тука дојде еден многу непристоен стих, испеан сосем отворено, и кој направи урнебес кај слушателите. Најпосле работата се заврши со трговецот:

Трговецот девојките ги прашал
дали го сакаат или не?

И излезе дека него многу го сакаат, зашто, велат —

Трговецот ќе тргува,
а јас ќе царувам...

Калганов многу се налути:

— Ама тоа е песна од минатото! — забележа тој гласно. — И кој им го составува тоа? Требаше уште само некаков железничар или Евреин да мине и да ги праша девојките: тие би ги победиле сите. — И речиси навреден, тој даде да се разбере дека му е здодевно,

седна на канабето и заспа. Неговото убаво лице малку побледе и се одвали на перницата.

— Види го колку е убав! — рече Грушенка, доведувајќи го Митја до него. Јас пред малку му ја чешлав главичката; косата му е како леб, уште и густа . . .

И откако се наведна над него разнежено, таа го бацн во челото. Калганов веднаш ги отвори очите, погледна во неа, стана, и со многу загрижен израз на лицето праша:

— А каде е Максимов?

— Ете кој му треба нему! — се засмеа Грушенка; — Ама поседи малку со мене! Митја оди побарај го неговиот Максимов.

Се покажа дека Максимов воопшто не се одвоил од девојките ,само понекогаш одел да си наполни ликерче; а испи два филџана чоколада. Неговото малечко лице беше зацрвенето, носот исто така сиот црвен, очите навлажнети, и со некаков ладен израз. Тој притрча и рече дека сега „со едно мотивче" ќе го одигра танцот на саботерот.

— Зашто, кога бев мал, мене ме учеа да ги играм сите тие отмени светски игри . . .

— Оди ти, оди со него, Митја, а јас одовде ќе гледам како ќе играат.

— Не, и јас, и јас одам да гледам! — викна Калганов, отфрлајќи го на најнаивен начин предлогот на Грушенка да поседи со неа.

И така сите отидоа да гледаат. Максимов навистина заигра, но освен кај Митја, кај никого не предизвика којзнае какво одушевување. Сета игра се состоеше од некакво потскокнување, со вртење на нозете настрана, со табаните нагоре, при кое Максимов, на секој скок, удираше со дланката по табанот. На Калганов ни малку не му се допадна, а Митја дури го избаци играчот .

— Е, ти благодарам; можеби се умори; што гледаш ваму? Да не сакаш бонбона, а? Или можеби пура?

— Цигара.

— А сакаш ли нешто да се напиеш?

— Па би можел ликерче . . . А чоколадни бонбони, немате ли?

— Ама ене ти на масана цел куп; избирај какви што сакаш, гулапче ниедно.

— Јас би сакал бонбона што има ванила... како за старци... Хи-хи!

— Е, брате ,такви посебни немам.

— Слушајте! — се наведна наеднаш чичкото со-сем над увото на Митја — девојченцето, Марушка, хи-хи! дали ќе биде можно да ме запознаете со неа... ако сте толку добар...

— Види го ти него, што му се присакало! Нема, братче — остави го тоа!

— Ама јас никому не му правам лошо! — со тага прошепоти Максимов.

— Добро, добро, ама, брате, овде само се пее и се игра; најпосле, по ѓаволите. Почекај... А сега јади, пи, весели се. Да не ти требаат пари?

— Па, можеби, после, се насмевна Максимов.

— Добро, добро...

На Митја му гореше главата. Тој излезе во сенката, на горниот чардак, кој однатре откај дворот заобиколуваше еден дел од целата зграда. Студениот воздух го освести. Стоеше сам, во темницата, во аголот, и наеднаш со двете раце, се фати за главата. Му се средија збрканите мисли, чувствата се слеаја во едно, и од сето тоа изби светлина. Страшна, ужасна светлина!

„Па, ако воопшто треба да се стрелам, овој момент е, најпогоден!“ — му мина низ главата. — „Да одам да земам пиштол, да го донесам ваму, и, еве, токму во ова мрачно и нечисто куќиште да свршам“.

Речиси цела минута стоеше така нерешителен. Пред малку ,кога идеше ваму, зад него остана срамот; кражбата што ја изврши и крвта, крвта!... Но тогаш му беше полесно! О, полесно! Зашто тогаш сè беше свршено. Неа ја имаше изгубено, ја имаше отстапено, за него таа беше пропадната, исчезната; — О, тогаш пресудата му беше полесна, барем изгледаше неминовна и неопходна, зашто каква смисла имаше да останува на овој свет? А сега? Сега исто ли е како тогаш? Сега е свршено барем со единственото привидение, со една

страшна работа: нејзиниот, поранешен, нејзиниот неоспорен, кобен човек исчезна, не оставајќи зад себе ни трага. Тоа страшно привидение наеднаш се претвори во нешто толку ситно, толку комично: го однесоа во спалната и го заклучија. И никогаш нема да се врати. Таа се срами од него, и тој сега веќе од нејзините очи чита кого го сака. Сега значи, би било вредно да живее, но тој ... не може да живее, не може! О, проклетство! „Господи, оживи го легнатиот крај плетот! Однеси ја таа страшна чаша подалеку од мене! Па ти си правел чуда, господи, заради исти вакви грешници, како мене! А што ќе биде ако е старецот жив? О, тогаш ќе го уништам срамот на она што е останато; ќе ги вратам украдените пари, ќе ги дадам назад, ќе ги најдам под земја... Нема да останат траги од срамот, освен во моето срце, засекогаш! Но не, не! О, невозможни малодушни мечтаења. О, проклетство!“

Па сепак, како да му блесна некаков мал зрак на надеж во темницата. Тој со трчање отиде во собите — кај неа, пак кај неа, кај неговата царица засекогаш! „Па зарем не вреди еден час, една минута нејзина љубов, колку целиот друг живот, па макар и во маки од срам?“ Тоа чудно прашање, го исполни неговото срце. „Кај неа, само кај неа, да ја видам, да ја чујам, и да не мислам за ништо, да заборавам сè, макар само во оваа ноќ, само еден час, еден миг!“ Пред самоти влез во ходникот, уште на тремот, тој се судри со домаќинот Трифон Борисич. Овој му се стори малку намуртен и загрижен, и како да беше тргнал да го бара него.

— Што има, Борисичу, да не ме бараш мене?

— Не, не ве барам вас — како наеднаш да се збуни домаќинот, — зошто да ве барам вас? А... каде бевте?

— А зошто си ти толку нерасположен? Да не се лутиш за нешто? Почекај уште малку, па можеш да си одиш на спиење... Која доба е сега?

— Веќе има три часот, а можеби и повеќе.

— Сега ќе завршиме, сега.

— Жити бога, сеедно. Повелете, колку што ви е волја.

„Што можело да му се случи“ — си помисли Митја и вчас со трчање влезе во собата, каде што играа девојките. Но неа ја немаше таму, ја немаше и во синкавата соба; само Калганов дремеше на канабето. Митја погледна зад завесите, — таму беше. Седеше во аголот, на ковчегот, рацете ѝ беа спуштени надолу а главата потпрена на креветот и горчливо плачеше воздржувајќи се со сета сила и придушувајќи го гласот за да не ја чуе никој. Кога го забележи Митја таа го викна кај себе а кога дотрча кај неа ,таа цврсто му ја стегна раката.

— Митја, Митја, ама јас го сакав него! — започна таа со шепот — многу го сакав, во сите пет години — во сето, сето ова време! Но дали го сакав него, или својот јад? Не, него! Оф, него, него! Ова го велам само така, зашто јас го сакав мојот јад, а не него. Зашто Митја, јас тогаш имав само седумнаесет години а тој спрема мене беше многу љубезен! Беше многу весел, ми пееше песни . . . Или, можеби, мене, будало девојченце, тогаш само ми се сторило дека е таков . . . А сега, господи! Та тој не е истиот! Тоа воопшто не е тој! Дури ни во ликот не е тој, ни малку. Јас ни по, ликот не го познав. Кога доаѓав ваму со Тимофеј постојано си мислев, целиот пат мислев: „Каква ли ќе ни биде средбата, што ли ќе му речам, како ли ќе се гледаме еден со друг?“ . . . Ми премираше душата . . . А тој овде како да ме потури со помија од крбла. Зборува како некаков учител: некако учено, важно. Ме пречека суво и јас се здрвив. Не знаев што да му кажам. Отпрвин мислев дека тој се срами од оној долгиот Полјак. Седам, гледам во нив и си мислам: „Зошто ли јас сега ништо не умеам да зборувам со него?“ Знаеш, него го има расипано жената — онаа со која со оженил кога ме остави мене, таа го изменила, каква срамота, Митја! Уф, ми е срам, Митја, срам — ми е срам за целиот мој живот! Стопати да се проклети овие пет години, да се проклети! — и таа пак фати да плаче, но не ја испушташе раката на Митја, ами уште ја држеше цврсто.

— Митја, драги мој, чекај, не оди си, сакам да ти кажам само едно зборче — прошепоти таа, и наеднаш го дигна лицето кон него. — Слушај, кажи ми мене: кого го сакам? Јас овде сакам еден човек. Кој е тој човек? Ете што да ми кажеш. — Нејзиното лице подуено од солзи, го осветли насмевка, и очите ѝ блестеа во полутемницата. — Пред малку овде влезе, дојде еден сокол, а срцето ми се олади. „Ете ти, си реков, будала, кого го сакаш!“ Веднаш така ми шепна срцево. Влезе ти, и сè заблести. „Не се плаши од ништо“ — си мислев. Но ти се уплаши, сосем се уплаши, просто не умееше да зборуваш! Не плаши се, реков, од нив; зашто зарем би можел ти да се уплашиш од некого? Си реков ,тој се плаши од мене — само од мене. Па, секако, будалче мое, Фења ти кажа како му довикнав на Аљоша низ прозорецот дека Митјенка го сакав еден час, а дека сега одам да сакам... друг. Митја, Митја, будала јас, како можев и да помислам да сакам друг, по тебе. Ми прошташ ли, Митја? Дали ми прошташ? Ме сакаш ли?

Таа скокна и со обете раце го фати за рамениците. Митја, нем од восхит, ѝ гледаше во очите, во лицето, во насмевката, и наеднаш, силно ја прегрна ,и брзо ја баци.

— А и ќе ми простиш ли што те мачев? Сите вас ве мачев од бес. И старичиштето го занесов намерно од бес... Се сеќаваш ли: еднаш кај мене ти пиеше и ја скрши чашата? Јас го запаметив тоа, па денеска и јас скршив чаша, пиев за „своето подло срце“... Митја, соколу мој, зошто не ме бацуваш? Ме баци еднаш и се тргна настрана, гледаш, слушаш... што има да ме слушаш, бацувај ме, бацувај ме посилно, ете така! Кога љубиш, љуби. Сега ќе бидам твоја робинка, робинка цел живот! Слатко е да бидеш робинка... Баци ме! Тепај ме, мачи ме, направи нешто со мене... Ох, мене навистина некој треба да ме мачи... Стој, почекај, после, не сакам вака... — го оттурна таа наеднаш. — Оди понастрана, Митја. Сега одам да се напијам вино; сакам да се опијам, па ќе играм пијана, — сакам, сакам!

Таа се оттргна од него, и излезе од зад завесата. Митја тргна по неа како пијан. „Сеедно, сеедно, нека биде што ќе биде — за еден миг ќе го дадам целиот свет“, му мина низ главата. Грушенка навистина наеднаш испи една чаша шампањско, и наеднаш се опи. Таа седна во фотељата, на поранешното место, со блажена насмевка. Образите ѝ пламнаа, усните ѝ се зацрвенија, вжештените очи ѝ се заматија, нејзиниот страсен поглед повикуваше. Дури и Калганова како нешто да го штипна во срцето, и тој ѝ пристапи.

— А почувствува ли како те бацив пред малку кога спиеше? — рече нагалено таа. — Сега се опив, ете ти... а ти не си пијан? А Митја зошто не пиеш ти? Зошто не пиеш, Митја? Јас пиев, а ти не сакаш...

— Пијан сум. И така сум пијан... пијан сум од тебе, а сега ќе се опијам и од вино.

Тој испи уште една чаша, и — тоа и нему му се стори чудно — дури од таа последна чаша се опи, и тоа се опи наеднаш; а дотогаш постојано беше трезвен, добро се сеќаваше за тоа. Од тој момент сè почна да му се врти, како да е во несвест. Одеше, се смееше, врзуваше разговор со сите, а како воопшто да не знаеше за себе. Само едно неизменето чувство што го жежеше се изразуваше во него секој миг — „како врел жар во душата“, се сеќаваше после. И пристапуваше, седнуваше до неа, ја гледаше и слушаше... А таа стана многу зборлива, сите ги викаше кај себе. Наеднаш туку ќе повика некоја девојка од хорот оваа ѝ пристапува, а таа, или ја бацува, или ја отпушта или ја прекрстува со рака. Малку трбаше за да гргне во плач. Многу ја забележуваше „старецот“ како што го викаше Максимова. Тој постојано дотрчуваше за да ѝ ги бацува рацете, „и секое прсте“; а на крајот изигра нешто со некоја стара песничка, што ја испеа самиот. Особено пламено играше со рефренот:

Прасе мало гро-гро, гро-гро,
А теленце му-му, му-му,
А пајчето ква-ква, ква-ква,
А гусчето, га-га, га-га,
Коковче низ сено шета,

Кво-кво, кво-кво изговара,

Ej, ej, ej, ej, изговара!

— Дај му нешто, Митја — рече Грушенка, подари му зашто е сиромав. Ах, бедните, навредените!.. Знаеш ли, Митја, јас ќе одам в манастир. Да, навистина ,еднаш ќе одам в манастир. Мене денеска Аљоша ми рече нешто за цел живот... Да... А сега да играме. Утре ќе одиме в манастир, а сега да играме. Сакам да се забавувам, добри луѓе! Што има лошо во тоа! Бог ќе ми прости. Да сум јас бог, јас би им простила на сите луѓе: „Мили мои грешници, од денеска ви простувам на сите!“ А и јас ќе одам да молам за прошка: „Простете ми, добри луѓе, мене, на глупава жена! Простете ми!“ Јас сум свир, ете што сум. Но сакам да му се молам на бога. Јас имам подадено главица лук. Таква злодејка како мене, — сака да му се моли на господа. Митја, остави ги, нека играат, не гибај ги. Сите луѓе на светов се добри, сите до еден. Убаво е на светов. Иако сите ние сме лоши, но на светов е убаво. Лоши сме и добри сме, и лоши и добри... Слушајте, кажете, да ве прашам, сите дојдете да ве прашам: кажете ми вакво нешто: зошто јас сум толку добра! Зашто јас сум добра, многу добра... Значи ,еве: зошто јас сум толку добра? — така без ред зборуваше Грушенка, опивајќи се сè повеќе и повеќе, и најпосле отворено рече дека и таа сака да игра. Стана од фотељата и потклекна... — Митја, не давај ми веќе да пијам; јас ќе барам — но ти не давај ми. Виното не дава мир. Сè се врти околу мене, и печката, и сè. Сакам да играм. Сите нека гледаат како играм... Колку убаво и прекрасно играм...

Намерата беше сериозна: таа извади од џебот бело шамиче од батист, и со десната рака го фати за едниот агол, за да мавта со него при играњето. Митја почна да плеска, девојките замолкнаа готвејќи се на дадениот знак наеднаш да запеат во хор песна за играње. Максимов, кога слушна дека Грушенка сака да игра, почна да повикнува од восхит и фати да потскокнува пред неа, потпевнувајќи:

Танки нозе, тврди бедра,
опавчето подвиткано.

Но Грушенка, му мавна со шамичето, и го·истера.

— Пстт! Митја! А зошто ги нема? Сите нека дојдај да видат. Викни ги и оние, заклученине... Зошто ги заклучи? Кажи им дека играм ,нека видат и тие како играм...

Митја пијан, наеднаш дојде до заклучената врата, и почна да им тропа на пановите со тупаници.

— Ej, вие... Подвисоцки! Излезете, таа сака да игра, ве вика вас.

— Животно! — како одговор му довикна еден од пановите.

— А ти си под-животно! Ти си едно ситно подлече, ете што си!

— Престанете да ја исмевате Полска! — тенденциозно забележи Калганов, кој, исто така, имаше испиено повеќе отколку што можеше да крепи.

— Молчи, молчи! Ако му реков нему дека е подлец ,тоа не значи дека на сета Полска сум ѝ рекол — подлец. Едно животно не ја сочинува Полска. Молчи, убаво момче, и лижи бонбона.

— Ах, какви се! Како да не се луѓе. Зошто воопшто не сакаат да се помират? — рече Грушенка и излезе да игра.

Наеднаш силно екна хорска песна: „Ej, вие, мои сенки, мои сенки!“ Грушенка ја наведна главата наназад, малку ги подотвори усничките, се насмевна, замавна со шамичето, но наеднаш силно се затетерави и застана нерешително на средината на собата.

— Слаба сум... — проговори таа со некаков измачен глас — простете ми, слаба сум, не можам... Извинете... — таа му се поклони на хорот, потоа почна да се клања на сите четири страни со ред...

— Извинете... простете...

— Потпивнала госпоѓицата, потпивнала убавата госпоѓица, — се слушнаа гласови.

— Тие се напиле — им објасни на девојките Максимов смеејќи се.

— Митја, одведи ме... Земи ме, Митја — рече Грушенка, сосем исцрпена.

Митја се спушти кон неа, ја зеде на раце, и потрча со својот скапоцен плен зад завесата. „Е, сега јас треба да се тргнам настрана", си помилси Калганов, и откако излезе од синкавата соба, ги затвори зад себе обете крила на вратата. А веселбата во собата траеше и понатаму; сега уште посилно се разврвија. Митја ја спушти Грушенка на креветот и ги залепи своите усни на нејзините во бакнеж.

— Немој да ме гибаш... — му рече таа нагалено со молбен глас. — Не гибај ме додека не сум твоја... Ти реков дека сум твоја, но не гибај ме... Остави ме... Покрај овие, покрај нив, не е убаво... — не треба. Тој е тука. Овде би било гнасно.

— Ќе послушам!... Не мислам... обожавам!... — мрмореше Митја. — Да, гнасно би било овде, и срамотно.

И не испуштајќи ја од прегратката, тој се спушти покрај креветот на подот на колеици.

— Јас знам, ти си sвер, но ти си и благороден, — тешко изговараше Грушенка. — Тоа треба да биде чесно... Отсега сè ќе биде чесно... Па и ние да бидеме чесни, и ние да бидеме добри, не sверови, туку добри... Одведи ме, одведи ме далеку, слушаш ли... Не сакам овде, туку некаде далеку, далеку...

— О, да, да бездруго! — ја стегаше во прегратката Митја. — Ќе те одведам, ќе летнеме... О, целиот живот сега би го дал за една година, само да знам нешто за крвта!

— Каква крв? — рече Грушенка во недоумица.

— Ништо! — чкрипна со забите Митја. — Груша, ти сакаш чесно, а јас сум крадец. Јас ѝ ги украдов парите на Катја... Срамота, срамота!

— На Каќка? На госпоѓицата ли? Не, не си ѝ украл. Врати ѝ ги, земи од моите... Зошто викаш? Сега сè што е мое — е и твое. Зошто ни се пари? Ние и така ќе ги истрошиме... знаеш какви сме зарем ние да не ги истрошиме? Подобро јас и ти да одиме да ораме земја. Јас сакам да копам земја еве со овие раце. Тре-

ба да се работи ,слушаш ли! Аљоша нареди. Не сакам да ти бидам љубовница, јас тебе ќе ти бидам верна, ќе бидам твоја робинка, ќе работам за тебе. Ние ќе одиме кај госпоѓицата и ќе ѝ се подариме обајцата, за да ти прости, а потоа ќе си одиме. А ако не ти прости, пак ќе отпатуваме. Нејзе однесе ѝ ги парите, а мене сакај ме... Неа немој да ја сакаш... Не сакај ја повеќе. зашто ако ја засакаш, јас ќе ја удавам... Јас со игла ќе ѝ ги ископам обете очи...

— Тебе те сакам, само тебе, и во Сибир ќе те сакам...

— Зошто во Сибир? Најпосле, зошто, макар и во Сибир, ако сакаш, сеедно... ќе работиме во Сибир има снег... Јас љубам да се возам по снег... Да има и ѕвончиња... Слушаш ли, ѕвони ѕвонче... каде ли ѕвони ѕвонче? Доаѓаат некакви... сега веќе не ѕвони.

Таа сета изнемоштена замижи, и наеднаш како да заспа вчас. Ѕвончето навистина ѕвонеше, некаде во далечината, и наеднаш престана да ѕвони. Митја ја допре својата глава на нејзините гради. И не забележа како престана да ѕвони ѕвончето, но не забележа ни како наеднаш престанаа и песните; и наместо песни и пијана врева во целата куќа како наеднаш да завладеа мртва тишина. Грушенка си ги отвори очите.

— Што е ова, јас, изгледа, сум спиела? Да... ѕвончето... Јас сум спиела, па сум сонувала; како се возам, по снег... Ѕвончето ѕвони, јас дремам. Со милиот човек, како, со тебе, да патувам. И некаде далеку — далеку. Те гушкав и те бацував, се прилепував до тебе, како да ми студи, а снегот блести... Знаеш, ноќе кога блести снегот, а месечината гледа, и како да не сум на земја... Кога се разбудив, милиот мој до мене, колку е убаво...

— До тебе е, — шепотеше Митја, бацувајќи ѝ го фустанот, градите, рацете.

И наеднаш му се стори нешто чудно: му се стори дека таа гледа право пред себе, но не во него, не во неговото лице, туку над неговата глава, внимателно и необично здрвена. Наеднаш на нејзиното лице се појави чудење, речиси страв.

— Митја, кој гледа ваму кон нас? — прошепоти таа наеднаш.

Митја се обврна и виде дека навистина некој ја растргнал завесата ,и како да вирка. И како да не беше само еден. Тој скокна и брзо се доближи до оној што гледаше.

— Ваму, повелете ваму, кај нас — му рече нечиј глас, не силен, но решителен и енергичен.

Митја излезе зад завесата, и застана неподвижно. Собата беше полна луѓе, но не тие од порано, туку некакви сосем поинакви. Моментно по грбот на Митја му полазија морници, и тој затрепери. Сите тие луѓе ги позна веднаш. Еве високиов и дебел старец, со палто и со капа со кокарда — тој е шеф на околиската полиција, Михаил Макарич. А „офтичавиов" фодул, „секогаш во светнати чизми" — тој е помошник на државниот обвинител. „Тој има хронометар од четири стотини рубли, ми го покажа". А овој младиов, малиов. со очила... Митја му го имаше заборавено презимето, но го познава и него, го има видено; тој е иследник, неодамна дојде од високата правна школа, а членот на Околиската полиција Маврикич, него веќе сосем добро го познава, тој му е познат. А оној со метална значка, што бара тој тука? И уште други двајца, селани... а таму, крај вратата, Калганов и Трифон Борисич.

— Господа... што сакате, господа? — проговори најпосле Митја, но наеднаш како надвор од себеси, како сосем друг човек, викна гласно, до колку што го држеше грлото:

— Раз-би-рам!

Момчето во очила тогаш излезе напред, и доближувајќи се до Митја, почна, вистина достоинствено, но некако забрзано:

— Ние со вас имаме... со еден збор, јас ве молам да дојдете ваму, кон канабево... Има неодложна потреба да се објасните со нас.

— Старецот! — викна Митја избезумено. — Старецот и неговата крв... Раз-би-рам!

И како со нож пресечен седна, како да падна на столот што беше до него.

— Разбираш? Разбра? Таткоубиец и изрод, крвта на твојот стар татко вика по тебе! — рикна наеднаш, пристапувајќи му на Митја стариот шеф на околиската полиција.

Беше надвор од себеси, целиот поцрвенет и потсинет, и целиот се тресеше.

— Ама тоа е невозможно! — викна малиот млад човек. — Михаил Макарич, Михаил Макарич! Тоа не оди така, тоа не оди така!... Молам да ми дозволите само јас да зборувам. Јас никако не би можел да очекувам од вас таков истап...

— Ама тоа е како во бессознание, господа, како бладање! — викаше шефот на полицијата. — Погледнете го само: ноќе, пијан, со нечесна девојка и во крвта на својот татко... Бладање, бладање!

— А јас, енергично ве молам, драги Михаил Макарич, засега да ги задржите вашите чувства, — набрзина му шепотеше на старецот помошникот на државниот обвинител, — зашто инаку ќе бидам присилен да преземам...

Но малиот иследник не му дозволи да доврши, тој се сврти кон Митја и му рече решително, гласно и сериозно:

— Господине резервен поручнику Карамазов, морам да ви соопштам дека сте обвинет за убиството на вашиот татко, Фјодор Павлович Карамазов, што се случи ноќеска...

Тој рече уште нешто, а и државниот обвинител како да дофрли нешто, но Митја иако слушаше, веќе не сфаќаше ништо. Тој сите ги гледаше со вцашен поглед.

Деветта книга

ИСТРАГА

I

Почеток на кариерата на чиновникот Перхотин

Пјотр Илич Перхотин, кого го оставивме кога тропаше со сета сила во цврстата, заклучена врата на куќата од трговката Морозова, се разбира успеа во тоа, да го слушнат. Кога чу толку силно тропање на вратата, Фења, која многу се уплаши пред едно два часа, и која сè уште поради возбудеността и „мислите“ не се осмелуваше да си легне, сега повторно се исплаши, речиси до хистерија: си вообрази дека пак чука Дмитриј Фјодорович (иако самата виде дека си замина), зашто толку „дрско“ никој не би можел да тропа освен тој. Таа отрча кај настојникот, кој веќе се разбуди, и кој поради тропањето веќе одеше кон вратата — и почна да го моли да не пушта никого. Настојникот го праша оној што тропаше кој е, па откако дозна кој е, и дека сака да ја види Федосја Марковна, поради многу важна работа, најпосле реши да му отвори. Откога влезе кај Федосја Марковна во истата кујна, при кое „поради сомневање“ таа го замоли Пјотр Илич да дозволи да влезе и настојникот, Пјотр Илич, почна да распрашува, и веднаш наиде на најважното: тоест, дека Дмитриј Фјодорович, јурејќи да ја бара Грушенка, го зграпчил толчникот од аванот, а се вратил без толчник, но со крвави раце: „и дека крвта уште капеше, капе-

ше од нив, капеше!“ — викаше Фења, која очигледно самата си ја беше создала таа ужасна слика, во својата растроена фантазија. Но раскрвавените раце ги виде и Пјотр Илич, иако од нив не капеше крв; тој самиот му помогна на Митја да ги измие. Но сега прашањето не беше во тоа дали рацете брзо се исушиле, туку во тоа: каде отрча всушност, Дмитриј Фјодорович со толчникот, тоест „дали, всушност, право кај Фјодор Павлович, од кое тоа би можело да се заклучи со толку сигурност. На тој пункт инсистираше Пјотр Илич па, иако на крајот на краиштата, не дозна ништо, набргу се убеди дека Дмитриј Фјодорович не можел да оди никаде на друго место, туку токму во куќата на татко му, и дека, значи, бездруго таму морало да се случи **нешто.** „А кога се врати — додаде Фења со возбуда — и кога му признав сè, почнав да го прашувам: драги Дмитриј Фјодорович, зошто ви се раскрвавени обете раце?“ Тој божем одговорил дека таа крв е човечка и дека пред малку убил човек — „ете така призна, така овде пред мене за сè се покаа, па наеднаш истрча како луд. Јас седнав и почнав да размислувам: каде ли отрча сега како луд? Ќе оди во Мокрое, си мислам, и таму ќе ја убие госпоѓата. Тогаш отрчав во неговиот стан за да го молам да не ја убива госпоѓата, но кога дојдов спроти бакалницата на Плотникови, видов дека тој си заминува и дека рацете веќе не му се крвави (Фења го забележала и го запаметила тоа). Баба и на Фења, колку што можеше, ги потврди сите искази на внуката.

Пјотр Илич праша уште за нешто, а потоа излезе од куќата повозбуден и повознемирен отколку кога влезе во неа.

Човек би рекол дека најпросто и најблиско му беше сега да се упати во куќата на Фјодор Павлович, за да дознае дали се случило таму нешто, и ако се случило, тогаш што? Па дури откога неоспорно ќе се убеди, дури тогаш да оди кај шефот на полицијата, како што Пјотр Илич најпосле и имаше решено. Но, ноќта беше мрачна, вратата на Фјодор Павлович цврста, пак требаше да се тропа, а Фјодор Павлович го познаваше само од видување — и, најпосле кога ќе го слушнат, и

ќе отворат, можеби ќе излезе дека воопшто ништо не се случило; а подбивниот Фјодор Павлович утре ќе излезе и по градот подбивно ќе раскажува анегдота: дека на полноќ сакал да му влезе непознатиот чиновник Перхотин, за да дознае дали некој го убил. Скандал! А Пјотр Илич од скандал се плашеше повеќе од сè. Но сепак чувството што го обзеде беше толку силно, што тој, налутено тупнувајќи со нога на земјата, и пак искарувајќи се себеси, јурна на другата страна, не кај Фјодор Павлович, туку кај госпоѓа Хохлакова. Си мислеше дека ако таа на прашањето дали пред малку, во тој и тој час, му дала на Дмитриј Фјодорович три илјади, — одговори дека не му дала, тој ќе отиде кај шефот на околиската полиција, и не наминувајќи кај Фјодор Павлович; во противен случај, сè ќе одложи за утре, и ќе се врати дома. Се разбира, на прв поглед е јасно, дека во решението на момчето да оди ноќе, речиси во единаесет часот во куќата на наполно непозната дама, да ја дигне можеби од постела, за да ѝ постави едно сосем чудно прашање, имаше уште повеќе услови да се направи скандал, отколку во намерата да оди кај Фјодор Павлович. Но понекогаш, особено во случаите како овој ,токму така излегува со решенијата на најточните и најфлегматичните луѓе. Пјотр Илич, пак, во тој момент ни малку не беше флегматичен! Тој после целиот живот се сеќаваше како некој несовладлив немир, што го обземал постепено, избил најпосле кај него до мачење, па и против неговата волја го натерал нешто да преземе. Се разбира, тој попат сепак се прекоруваше себеси за тоа што оди кај таа дама, но „ќе го доведам тоа докрај“ повторуваше по десетти пат чкртајќи со забите, и својата намера ја исполни, сè доведе докрај.

Беше точно единаесет часот кога влезе во куќата на Хохлакова. Во дворот го пуштија доста брзо, но на прашањето: дали спие госпоѓата, или уште не е легната, настојникот не можеше да одговори точно, освен дека во тоа време госпоѓата обично веќе лежи. — „Пријавете се онаму горе, ако сакаат да ве примат, ќе ве примат, а ако не сакаат, нема да ве примат“. Пјотр

Илич се качи горе таму одеше потешко. Лакејот не сакаше да го пријави, но, најпосле, ја викна девојката. Пјотр Илич учтиво, но енергично замоли да ѝ јави на госпоѓата дека дошол еден овдешен чиновник, Перхотин, поради една посебна работа и дека да не била таа важна работа ,тој немало да се осмели да дојде. „Пријавете ме токму со такви зборови, пријавете ме", ја замоли тој девојката. Таа отиде а тој остана да чека во претсобјето; госпоѓа Хохлакова, иако уште не беше легната да спие, веќе се наоѓаше во спалната. Таа беше растроена уште од неодамнешната посета на Митја и претчувствуваше дека оваа ноќ нема да ѝ мине без мигрена, вообичаена во такви ситуации. Таа ја ислуша пријавата на собарицата и се зачуди, па налутено нареди да го одбијат, иако неочекуваната посета на непознатиот „овдешен чиновник" и уште во ова време на ноќта, извонредно ја заинтересира нејзината женска љубопитност. Пјотр Илич овој пат беше упорен како маска. Кога слушна дека е одбиен ,многу решително замоли да го пријават уште еднаш, и на госпоѓата да ѝ се соопшти токму со „истите зборови" дека тој е дојден „поради необично важна работа, и дека тие, можеби, самите после ќе жалат, што не го примиле". „Тогаш како да се затркалав по удолница", после раскажуваше самиот.

Собарицата го погледна зачудено ,и отиде да го пријави по вторпат. Госпоѓа Хохлакова беше изненадена, размисли малку, праша како изгледа, и дозна дека „се многу убаво облечени, млади, и многу учтиви". Да одбележиме во заграда, и патем, дека Пјотр Илич беше доста убав момчак, и дека самиот беше свесен за тоа. Госпоѓа Хохлакова реши да излезе. Таа веќе беше во долг домашен фустан, и влечки, па само преку рамото префрли црн шал. „Чиновникот" го замолија да влезе во салонот, во истиот во кој пред малку беше примен Митја. Домаќинката излезе пред гостинот со строг но прашален израз на лицето, и без да го понуди да седне, започна незаобиколувајќи:

— Што сакате?

— Јас се осмелив да ве вознемирам, госпоѓо, поради нашиот заеднички познаник, Дмитриј Фјодорович Карамазов, — започна Перхотин. Но само што го изговори тоа име, на лицето на домаќинката наеднаш се изрази страшна лутина. Таа за малку што не подвикна, и бесно го прекина.

— Ама до кога, до кога мене ќе ме мачат со тој ужасен човек! — викна таа како надвор од себеси. — Почитуван господине, како сте можеле да се осмелите да вознемирувате непозната дама во нејзината куќа во оваа доба на ноќта . . . И доаѓате кај неа за да ѝ зборувате за човек кој овде, во истиов салон, само пред три часа, дојде за да ме убие, тупаше со нозете, и излезе како што не излегува никој од чесна куќа. Знајте, почитуван господине, дека ќе ве тужам, дека тоа нема да го оставам така, повелете во овој миг да ме оставите. Јас сум мајка, јас веднаш ќе . . . јас . . . јас . . .

— Да ве убие! Тој значи и вас сакал да ве убие?

— А зарем веќе убил некого? — наеднаш праша госпоѓа Хохлакова.

— Имајте добрина да ме ислушате, госпоѓо, само половина минута, и јас со два збора ќе ви објаснам сè — одговори Перхотин решително. — Денеска, во пет часот попладне, господин Карамазов позајми од мене другарски, десет рубли; и јас точно знам дека тој немаше пари, а денеска во девет часот тој дојде кај мене со снопче банкноти од по сто рубли во рацете, приближно две или три илјади. Рацете и лицето му беа крвави, а изгледаше како споулавен. На моето прашање од каде нашол толку пари, тој јасно ми одговори дека пред малку ги добил од вас, дека вие сте му дале на заем три илјади за да оди, наводно, да копа злато.

На лицето на госпоѓа Хохлакова наеднаш се изрази необична и болна возбуда.

— Господи! Тој го убил својот старец! — викна таа плеснувајќи со рацете. — Јас нему не му дадов никакви пари, никакви! О, трчајте ,трчајте! . . . Не кажувајте повеќе ни збор! Спасувајте го старецот, трчајте кај татко му, трчајте!

— Дозволете, госпоѓо, значи, вие не сте му дале пари? Вие добро се сеќавате дека не сте му дале никаква сума?

— Не му дадов, не му дадов! Јас го одбив зашто не умееше да цени. Излезе како споулавен и тупаше со нозете. Се нафрли на мене, јас се повлеков. И јас ќе ви речам како на човек од кој веќе не мислам ништо да кријам, дека тој дури и ме плукна, можете ли да си го претставите тоа? Ама зошто стоите? Ах, седнете... Извинете ,јас... или, подобро, трчајте, трчајте, вие треба да трчате и да го спасите несреќниот старец од ужасна смрт.

— А ако веќе го убил?

— Ах, господи, навистина! Па што да правиме сега? Што мислите, што треба сега да се прави?

Меѓутоа, таа го седна Пјотр Илич, а и самата седна до него. Пјотр Илич накратко, но доста јасно и го изложи текот на настаните, барем оној дел на кој тој и самиот денеска беше сведок. И раскажа и за својата посета кај Фења пред малку, и за сè што слушна за толчникот од аванот. Сите тие подробности многу ја потресоа возбудената дама, која подвикнуваше и си ги покриваше очите...

— Претставете си само: јас го претчувствував тоа! Јас имам таква дарба: тоа што ќе си го помислам — после се случува. Колку, колкупати сум гледала во тој страшен човек, и секогаш сум мислела: ете, тој човек ќе заврши со тоа што ќе ве убие. И сега, така и се случи... Тоест ,ако тој ете, не ме уби мене, туку татка си, тогаш тоа е така само затоа што тука очигледно се замеша прстот божји кој ме зачувал; освен тоа, нему му било срам да ме убие, зашто јас овде, на ова место, му обесив на вратот иконче со моштите на великомаченицата Варвара... А колку блиску до смртта бев во тој момент! Зашто се наоѓав сосем близу до него, и тој накај мене го издолжи целиот врат! Знаете ли, Пјотр Илич... (извинете, ми се чини, вие рековте дека се викате Пјотр Илич?) знаете ли ,јас не верувам во чуда, но икончето и тоа очигледно чудо со мене, сега — тоа ме потресува ,и јас пак почнувам да веру-

вам во сè што сакате. Слушнавте ли за старецот Зосима?... Но, впрочем, јас не знам што зборувам. И замислете само, тој и со иконче на вратот плукна во мене... се разбира, само плукна, не ме уби, и... ете каде отишол! Но што да правиме ние сега? Каде да одиме ние, што мислите?

— Пјотр Илич стана и рече дека ќе оди право кај шефот на околиската полиција и дека ќе му раскаже сè, а тој после нека прави како што знае.

— Ах, тој е прекрасен, прекрасен човек, јас се познавам со Михаил Макарович. Бездруго ,токму кај него! Колку сте снаодлив вие, Пјотр Илич и колку убаво сте го замислиле сето тоа; знаете, да сум на ваше место воопшто не би се сетила за тоа!

— Дотолку повеќе што и јас добро се познавам, со шефот на плицијата — забележи Пјотр Илич, сè уште стоејќи и очигледно сакајќи како било што побргу да се откачи од настојчивата дама, која никако не му даваше да се прости од неа и да си оди.

— И знаете ли, знаете ли — дрдореше таа, — дојдете за да ми кажете сè што ќе видите и ќе дознаете таму... и што ќе се обелодени... и што ќе се реши во однос на него, и на што ќе го осудат... Кажете, ве молам, нема ли кај нас смртна казна? Ама бездруго дојдете, макар и во три часот по полноќ. макар во четири, макар во четири и пол... Речете да ме разбудат, да ме растресат, ако не станувам... Ох, господи, јас нема ни да заспијам! Знаете како би било и јас да дојдам со вас?

— Не — не, туку да напишете со своја рака три реда, за секој случај, дека на Дмитриј Фјодорович не сте му дале никакви пари — тоа можеби нема да биде излишно... за секој случај...

— Секако! — восхитено брзо отиде до своето биро госпоѓа Хохлакова. — Знаете, вие ме изненадувате, просто ме потресувате со вашата снаодливост во тие работи... Овде ли сте на служба? Колку е пријатно да се слушне дека сте овде на служба...

И зборувајќи така, таа набрзина ги напиша, на половина табак за писма, следниве три реда:

„Никогаш во својот живот не сум му дала на заем на несреќниот Дмитриј Фјодорович Карамазов (зашто тој сега сепак е несреќен) три илјади рубли, ниту денеска, ниту некакви други пари, никогаш, никогаш! Во тоа се колнам во сè што е свето на нашиот свет. Хохлакова."

Еве ви го писменцето, — брзо таа се сврти кон Пјотр Илич, — одете, спасувајте. Тоа е голем подвиг од ваша страна.

И таа трипати го прекрсти и истрча да го испрати дури до претсобјето.

— Колку сум ви благодарна! Нема да верувате колку сум ви благодарна сега дека наминавте прво кај мене. Како тоа да не се видиме порано? Мене би ми било многу пријатно отсега да ве гледам во мојава куќа. И колку е пријатно да се слушне дека сте овде на служба... И со каква точност, со каква снаодливост?... Треба да ве ценат, и, најпосле, мораат да ве сфатат ,а сè што би можела јас да направам за вас, верувајте ми... О, јас толку ја сакам младината! Јас сум заљубена во младината! Младите луѓе — тие се темелот на сета денешна наша страдалничка Русија, сета наша надеж... О, одете, одете...

Но Пјотр Илич веќе трчаше, инаку таа немаше да го пушти толку лесно. Впрочем, госпоѓа Хохлакова нему му остави доста пријатен впечаток, кој дури малку ја ублажи неговата загриженост поради тоа што и тој се замеша во толку гадна работа.

Има многу различни вкусови, тоа се знае. „Таа не е ни толку стара", си помисли тој со задоволство, „напротив ,јас побргу би претпоставил дека таа е нејзина ќерка."

Што се однесува до госпоѓа Хохлакова, момчето просто ја воодушеви. „Толкава снаодливост, толкава точност, и тоа кај толку млад човек, во наше време, и, над сето тоа, такво однесување и таква надворешност. Ете, велат за современите момчиња дека не знаат ништо, еве ви пример" итн., итн, така што таа просто го

заборави „страшниот настан“, и кога отиде да спие, наеднаш пак се сети „дека била блиску до смртта“ па изговори: „Ах, тоа е ужасно, ужасно!“ Но веднаш заспа со најцврст и најсладок сон.

Впрочем, јас и немаше да раскажувам толку опширно за толку ситни и споредни подробности ако тој екцентричен состанок на младиот чиновник со уште не толку старата вдовица не послужеше подоцна како темел на целата животна кариера на овој точен и акуратен млад човек, за кое со восхит и сега се зборува во нашиот град, и за кое и ние можеби посебно ќе зборуваме, кога ќе го довршиме нашиот долг расказ за браќата Карамазови.

II

Тревога

Нашиот шеф на околиската полиција, Михаил Макарович Макаров, бивш потполковник, кој во граѓанската служба доби седма класа, беше вдовец и добар човек. Кај нас дојде пред три години, но веќе стекна општи симпатии, главно со тоа што „умееше да собере друштво“. Неговата куќа никогаш не беше без гости; се чинеше дека без нив тој не би можел да живее. Кај него бездруго секој ден ручаше по некој, макар двајца, макар само еден гостин, но без гости кај него не се седнуваше на маса. Имаше и свечени ручеци, од разни, понекогаш дури и од неочекувани поводи. Беа изнесувани, навистина, не многу одбрани јадења, но обилно; питите беа вонредни, а вината, иако не се одликуваа со квалитет, победуваа со количеството. Во првата соба имаше билијард и многу пристоен мебел, тоест дури со слики на англиски тркачки коњи во црни рамки на ѕидовите, што, како што е познато, е неопходен украс на секоја билијардска соба на неоженет човек. Кај него, секоја вечер се играа карти, макар само на една маса. А многу често се собираше и сето најдобро општество на градот, со мамичките и девојките, за да играат. Михаил Макарович, иако вдовец, живееше семеен живот, зашто кај него живееше ќерка му што одамна беше оста-

ната вдовица и имаше две ќерки, внуци на Михаил Макарович. Тие две девојки веќе беа возрасни ,и го имаа завршено образованието. Со пријатна надворешност со весела нарав, иако сите знаеја дека нема да добијат никаков мираз, тие сепак привлекуваа во куќата на дедо си отмена младина. Во официјалната должност Михаил Макарович не беше којзнае каков стручњак, но својата должност не ја вршеше полошо од мнозина други. Ако сакаме да зборуваше како што треба, тој беше доста необразован, човек, и дури небрежен во поглед на јасното сфаќање на границите на својата административна власт. По некои реформи на современата власт не само што не можеше да ги сфати напоално, ами ги сфаќаше со некакви понекогаш многу забележливи грешки, и тоа не поради некаква своја нарочна неспособност, туку просто поради небрежноста на својата нарав, зашто никогаш немаше време да се задлабочи. „Господа ,јас имам повеќе војничка отколку граѓанска душа", — си велеше тој себеси. Дури и за основните начела на селанската реформа, тој како сè уште да немаше стекнато конечен и утврден поим и за нив дознаваше, така да се каже, од година на година, зголемувајќи ги своите знаења практично и патемно; иако и самиот беше спахија Пјотр Илич точно знаеше дека оваа вечер ќе затекне сигурно некој од гостите кај Михаил Макарович, само не знаеше точно кого. А во тој момент кај него седеа и играа карти државниот обвинител и лекарот на нашата обласна самоуправа, Варвински, млад човек, кој штотуку дојде кај нас од Петербург, еден од оние што блескаво ја завршија Петербуршката медицинска академија. Државниот обвинител, пак, тоест, помошниот државен обвинител, кого кај нас сите го викаат државен обвинител, Иполит Кирилович, беше своевиден човек, не многу стар, на околу триесет и пет години, но многу склон кон туберкулоза, оженет со многу дебела и штира дама, самољубив и немирен, но со многу солиден ум, и дури со добра душа. Би рекол човек: сиот недостаток на неговиот карактер, се состоеше во тоа што тој за себе мислеше малку подобро, отколку што дозволуваше

неговата вистинска вредност. Ете зошто постојано изгледаше немирен. Покрај тоа ,имаше и некакви повисоки и дури уметнички стремежи, на пример, да ја познава психологијата на луѓето, добро да ја познава човечката душа, да има посебна дарба да ги познава злосторниците и нивните злосторства. Во таа смисла сметаше дека е донекаде навреден и запоставен во службата, и секогаш беше убеден дека него таму, во вишите сфери, не умееле да го оценат и дека има непријатели. Во тешките часови се заканувaше дека ќе стане адвокат за криминални парници. Неочекуваниот процес на Карамазов за таткоубиство, како да го ободри целиот: „Тоа е таква работа, што би можела да ѝ стане позната на цела Русија“. Но, јас премногу истрчувам напред.

Во соседната соба, со госпоѓиците, седеше и нашиот млад иследник, Николај Парфенович Нељудов, кој дојде кај нас пред два месеца од Петербург. После кај нас се зборуваше и луѓето дури се чудеа, како тоа сите тие лица како намерно да беа собрани во куќата на извршната власт, токму во ноќта на „злосторството.“ Меѓутоа, работата беше многу попроста и се случи сосем природно; сопругата на Иполит Кирилович веќе два дена ја болеа забите, и тој мораше некаде да побегне од нејзиното лелекање; а лекарот, според својата нарав, навечер не можеше да биде на друго место освен да игра карти. А пак, Николај Парфенович Нељудов уште пред три дена имаше определено да дојде таа вечер кај Михаил Макарович, така да се каже, ненадејно, и наеднаш итро да ја изненади неговата постара внука Олга Михајловна, со тоа што знае за нејзината тајна ,дека денеска има роденден и дека таа сакала да го скрие тоа од нашето друштво, за да не мора да го кани на игранка целиот град. Претстоеја, значи, многу смеење и забелешки во поглед на нејзините години, дека таа божем се плаши да ги каже; но бидејќи тој е господар на нејзината тајна, тој, утре ќе им раскаже на сите . . . и друго, и друго. Љубезниот млад човек, во тој поглед беше голем шегација; така и го викаа, нашите дами — шегација, а нему, се чини, тоа мно-

гу му се допаѓаше. Впрочем, тој беше од многу добро друштво, од добро семејство, со добро воспитание, и со добри чувства и, иако веселник, беше многу невин, и секогаш пристоен. Имаше мал раст, слабо и нежно беше граден. На неговите танки и бледи прстиња, секогаш блестеа по неколку необично крупни прстени. А кога ја вршеше должноста, стануваше важен, сфаќајќи ја скоро побожно, својата улога и својата должност. Посебно знаеше при сослушувањето да ги збунува убијците и другите злосторници, простите луѓе, и навистина кај нив предизвикуваше, ако не почитување спрема себеси, тогаш барем восхит.

Пјотр Илич, откога влезе кај шефот на полицијата, беше просто вчудовиден: наеднаш виде дека таму веќе се сè знае. И навистина — ги имаа оставено картите, сите стоеја простум и расправаа, дури и Николај Парфенович кој дојде откај госпоѓиците имаше многу воинствен изглед. Пјотр Илич го пречека глас што го вчудовиди, дека старецот Фјодор Павлович навистина е убиен вечерта во својата куќа — убиен и ограбен. А тоа се дозна дури пред малку, на овој начин:

Марфа Игнатјевна, сопругата на Григориј што беше кутнат крај оградата, иако цврсто спиеше во својата постела, и така можеше да преспие до зорите, наеднаш се разбуди. За тоа придонесе страшниот епилептичарски крик на Смердјаков, кој лежеше во соседната соба, без свест; овој крик, со кој секогаш започнуваа неговите епилептични напади, кои секогаш, целиот живот, многу ја плашеа Марфа Игнатјевна, повлија болно и врз неа. Таа никако не можеше да се навикне на него. Така сонлива, скокна и речиси надвор од себеси, се спушти кон собичката на Смердјаков. Но таму беше темно; се слушаше само како болниот почнува страшно да грчи и шумот од неговите конвулзивни движења. Тогаш Марфа Игнатјевна, фати да вика по својот маж; но наеднаш се сети: кога стануваше, нејзиниот Григориј како да не беше во постелата. Таа отрча до постелата и со пипање провери уште еднаш: навистина постелата беше празна. Значи, тој отишол, но каде? Таа истрча на тремот и со страв

го викна од скалите. Се разбира, не доби одговор, но затоа заслуша, во ноќната тишина, однекаде, како далеку од градината, некакво јачкање. Таа се вслуша: јачкањето се повтори, и ѝ стана јасно дека доаѓа откај градината. „Господи, исто како некогаш Лизавета Смрдливата!“ — и мина низ збунетата глава. Тогаш таа со страв се спушти по скалите, и забележи дека вратичето што води во градината е отворено: „Сигурно е таму тој, кутриот“, си помисли таа, дојде до вратичето, и наеднаш сосем јасно слушна дека нејзиниот Григориј, вика: „Марфа, Марфа!“ со слаб, страшен глас, јачкајќи. „Господи, зачувај нè од несреќа“, прошепоти Марфа Игнатјевна, и се спушти во правецот од кој доаѓаше повикувањето, па така го најде Григорија. Но не го најде кај оградата, на местото, каде што беше соборен, туку на едно дваесетниа чекори од оградата. После се разбра дека тој, кога дошол на себе, почнал да се влечка по земјата, и веројатно се влечкал долго време, по неколку пати паѓајќи во несвест и повторно освестувајќи се. Жената забележи дека Григориј целиот е во крв, и почна да вика помош. Григориј мрмореше тивко и без врска: „Го уби . . . татка си го уби . . . што викаш, лудо . . . трчај, викај . . .“ Но Марфа Игнатјевна воопшто не престануваше ,постојано викаше, и наеднаш, кога забележи дека кај господинот прозорецот е отворен, и има светлина во собата, потрча таму и фати да го вика Фјодора Павлович. Но, кога виде низ прозорецот, пред неа се откри страшна глетка. Господинот лежеше на подот ничкум и неподвижен. Мантилот со отворена боја и белата кошула на градите му беа крвави. Свеќата на масата јасно ја осветлуваше крвта и здрвеното мртво лице на Фјодор Павлович. Тогаш Марфа Игнатјевна во најголем страв, се тргна од прозорецот, истрча надвор од градината, го повлече резето на вратата и трчаница, како без душа, отиде во задниот дел на дворот, кај сосетката Марја Кондратјевна. Обете сосетки мајката и ќерката, веќе беа заспани, но поради силното и незапирливо тропање на прозорските капаци и од викањето на Марфа Игнатјевна, се разбудија и излегоа на прозорецот. Марфа Игнатјевна, неповрзано, јачкајќи и под-

викнувајќи, им го раскажа главното и ги повика на помош. Токму таа ноќ кај нив ноќеваше бескуќникот Фома. Вчас го разбудија и сите тројца отрчаа на местото на злосторството. Патем Марја Кондратјевна се сети дека неодамна, околу девет часот, слушнала силен и пронаклив лелек кој одекнал во сето околина, од нивната градина — се разбира тоа беше, викањето на Григориј, кога откако ја фати со раце ногата на Дмитриј Фјодорович, кој веќе седеше на плетот, викна: „Таткоубиец!“ — „Некој залелека, па наеднаш престана“, кажуваше Марја Кондратјевна трчајќи. Кога стигнаа на местото каде што лежеше Григориј, обете жени, со помош на Фома го пренесоа во куќата. Запалија свеќа и видоа дека Смердјаков сè уште не може да се смири, дека сè уште има конвулзии во својата собичка, дека има превртени очи, и пени на усните. Главата на Григориј ја измија со вода и со оцет. Од водата тој сосем дојде на себе, и веднаш праша: „Дали е убиен господинот?“ Тогаш обете жени и Фома отидоа кај господинот и кога влегоа во градината ,овојпат забележија дека не само прозорецот, туку и вратата што води од куќата во градината стои ширум отворена, а господинот секоја ноќ, веќе цела недела, добро се заклучуваше; дури ни на Григориј воопшто не му дозволуваше да чука кај него. Кога забележија дека е вратата отворена, сиге тие, обете жени и Фома, се исплашија да влезат кај господинот, за „да не биде нешто после“. Григориј, штом се вратија, им нареди веднаш да одат кај шефот на полицијата. Тогаш Марја Кондратјевна отрча и ги растревожи сите кај началникот. Таа пристигна само пет минути пред Пјотр Илич, така што овој дојде не само со своите претчувства и заклучоци, туку и како сведок очевидец, тој со своето кажување уште повеќе го потврди општото насетување за тоа кој е злосторникот, (во кое, впрочем, длабоко во својата душа, сè до последниот момент, не сакаше да верува).

Решија да работат енергично. На помошникот на членот на кварталот веднаш му рекоа да најде четворица сведоци, и според сите правила, што сега овде не ги опишувам, влегоа во куќата на Фјодор Павлович, и

извршија извид на лице место. Околискиот лекар, немирен и нов човек, речиси самиот се наметна да го придружува шефот на полицијата, државниот обвинител и иследникот. Ќе напомнам само кратко: се покажа дека Фјодор Павлович е убиен и дека главата му е дупната. Но со што? Најверојатно со истото орудие со кое после беше кутнат и Григориј. И, ете, го најдоа и орудието; а пред тоа Григориј на кого му беше укажана неопходната лекарска помош, им раскажа доста логично иако со слаб и испрекинат глас како бил соборен. Почнаа да бараат со фенер покрај оградата на градината и го најдоа бакарниот толчник од аван, фрлен токму на патеката на градината, на многу видливо место. Во собата во која лежеше Фјодор Павлович не забележија никаков посебен неред; но, зад шпанскиот ѕид, крај неговата постела, дигнаа од подот еден голем канцелариски плик од дебела хартија со натпис: „Подарок од три илјади рубли на мојот анѓел Грушенка, кога ќе сака да дојде", а долу веројатно самиот Фјодор Павлович после допишал: „И на пиленцето". На пликот имаше три големи печати од црвен восок, но пликот беше скинат и празен ,а парите земени. На подот најдоа и танка црвена панделка, со која бил врзан пликот. Во исказите на Пјотр Илич една околност им остави необичен впечаток на државниот обвинител и на иследникот, а имено, претчувствувањето, дека Дмитриј Фјодорович бездруго ќе се убие пред зорите; дека тој решил за тоа, дека самиот му кажувал на Пјотр Илич, пред него го наполнил пиштолот, напишал писменце, го ставил во џебот, итн, итн. А кога Пјотр Илич, кој сè уште не сакал да му верува на Митја, се заканил дека ќе оди и ќе му каже некому за тоа, за да го испревари самоубиството, тогаш Митја, насмевнат, му одговорил: „Не ќе имаш кога". Значи, требаше да се брза на самото место, во Мокрое ,за да го изненадат злосторникот пред да намисли навистина можеби да се убие. „Тоа е јасно, тоа е јасно", повторуваше државниот обвинител, необично возбуден, „така се случува секогаш кај тие несреќници: утре ќе се убијам, а пред смртта веселба."

Приказната за тоа дека Митја накупувал во бакалницата вино и јадење, само уште повеќе го распали државниот обвинител. „Се сеќавате ли за момчето што го уби трговецот Олсуфјев, му украде илјада и петстотини рубли, па веднаш отиде на бербер за да се накадри, и после, без да ги скрие парите ,исто така, речиси носејќи ги в раце, отиде по девојки.“ Сè ги задржуваше: истрагата, претресот во куќата на Фјодор Павлович, формалностите и друго. Сето тоа бараше време. Затоа, едно два часа порано го упатија во Мокрое полициски от писар Маврикиј Маврикиевич Шмерцов, кој вчера изутрина дојде во градот по плата. На Маврикиј Маврикиевич, му дадоа вакво упатство: кога ќе пристигне во Мокрое, без да прави некаква тревога, да го следи „злосторникот“ постојано, сè додека не пристигнат надлежните власти, како и да приготви сведоци — селски кметови, и друго, и друго. Маврикиј Маврикиевич така и направи; зачува сè инкогнито; во тајната работа само донекаде го упати Трифона Борисич, негов стар познаник. Тоа беше токму тогаш кога Митја во темницата на трѐмот го сретна гостилничарот кој го бараше, при кое веднаш забележи, дека во лицето и во зборовите на Трифон Борисич се има случено некаква ненадејна измена. На тој начин ни Митја, ниту некој друг, не знаеше дека се наоѓаат под надзор. Кутијата со пиштоли Трифон Борисич одамна ја имаше земено и засолнето на скришно место. И дури околу пет часот изутрината, речиси на разденување, пристигна сета власт: шефот на околиската полиција, државниот обвинител и иследникот ,со две коли и со две тројки, а пак докторот, остана дома кај Фјодор Павлович, со намера изутрината да го расечува трупот на убиениот; но што е најважно, тој посебно се заинтересира за состојбата на болниот слуга Смердјаков: „Толку жестоки и толку долги настапи на падавица, што се повторуваат без прекин во текот на два дена и две ноќи, ретко можат да се видат, и тоа ѝ припаѓа на науката“, им рече тој на своите партнери што си заминуваа возбудени. Тие му честитаа за откритието, смеејќи се. Притоа, обвинителот и иследникот многу добро

запаметија оти докторот со најрешителен тон додаде дека Смердјаков нема да го преживее утрото.

А сега, по подолго, но изгледа неопходно објаснување, се враќаме токму на она место од нашата приказна на кое прекинавме во претходната книга.

III

Одењето на душата по маки. Прва мака

Митја, значи, седеше и со вџашен поглед ги разгледуваше присутните, не сфаќајќи што му се зборува. Тој наеднаш стана, ги крена рацете нагоре, и гласно викна:

— Не сум виновен! За таа крв не сум виновен! За крвта на татко ми не сум виновен! . . . Сакав да го убијам, но не сум виновен! Јас не го убив!

Само што го викна тоа, зад завесата скокна Грушенка, и му се фрли право пред нозете на шефот на полицијата.

— Јас, јас, колнатица, јас сум виновна — викна таа со глас што ја раскинуваше душата, сета во солзи и протегајќи ги рацете кон сите, — поради мене уби! Јас го измачив и го доведов до тоа. Јас го измачив и тој стар покоен беден човек, поради својот бес, и го дотерав дотаму! Јас сум виновна, првин јас, јас сум главниот виновник!

— Да, ти си виновна! Ти си главниот злосторник! ти си разуздана. Ти си развратна, ти си главниот виновник! — се развика полицаецот заканувајќи ѝ се со раката.

Но брзо и решително го смирија. Државниот обвинител дури го опфати со рацете.

— Тоа веќе сосем прилега на неред, Михаил Макарович! — викна тој, — вие навистина ја попречувате истрагата . . . Ја расипувате работата . . . — велеше одвај дишејќи.

— Да се преземат чекори против тоа, чекори да се преземат, чекори да се преземат! — страшно пламна

и Николај Парфенович, — инаку сосем е невозможно!...

— Заедно судете ни! — викаше и понатаму Грушенка, како надвор од себеси, се уште клечејќи — заедно казнете нè, ќе одам со него макар и на губилиште!

— Груша, животе мој, крв моја, светињо моја! — падна Митја до неа на колеици, и цврсто ја стегна во прегратка. — Не верувајте ѝ! — викаше — таа не е виновна за ништо, за никаква крв, и за ништо!

Тој после се сеќаваше дека од неа со сила го оттргнале неколку човека, а дека неа наеднаш ја одвеле, и дека тој се созел веќе седејќи на масата. До него и зад него стоеја стражари со метални значки. Спроти него, од другата страна на масата, на канабето седеше Николај Парфенович, иследникот, и постојано го тераше да се поднапие малку вода од чашата на масата.

— Тоа ќе ве освежи, тоа ќе ве смири, не плашете се, не вознемирувајте се, — додаваше тој, необично учтиво.

На Митја наеднаш, (тој после се сеќаваше за тоа), му станаа многу интересни неговите големи прстени: едниот со аметист, а другиот некаков светло жолт, прозирен, и со прекрасен блесок. Долго време уште со чудење се сеќаваше како тие прстени незадржливо го привлекуваа неговиот поглед дури и целото време додека траеја страшните часови на сослушувањето, така што тој воопшто не можеше да го тргне погледот од него и да го заборави, како работа што воопшто не беше во согласност со неговата положба.

Од левата страна на Митја, каде што на почетокот на вечерта седеше Максимов, сега седеше државниот обвинител, а од десната страна, на местото каде што беше Грушенка, сега се смести еден црвен млад човек, во некакво ловечко кусо палто, многу излитено, пред кој се создаде мастилница и хартија. Излезе дека тоа е писарот на иследникот, што овој го повел со себе. Шефот на полицијата сега стоеше крај прозорецот, во другиот крај на собата, покрај Калганов, што беше седнат на стол до истиот прозорец.

— Напијте се малку вода! — благо повтори иследникот веќе по десетти пат.

— Господа, се напив, се напив ... но, што има, господа, здробете ме, убијте ме, решавајте ја мојата судбина, — викна Митја гледајќи неподвижно во иследникот со своите страшни, здрвени и ококорени очи.

— Значи, вие речиси со сигурност тврдите дека не сте виновен за смртта на татко ви Фјодор Павлович? — благо, но упорно праша иследникот.

— Не сум виновен! Виновен сум за друга крв, за крвта на еден друг старец, но не за татко ми! И се каам! Го убив, го убив старецот, го убив и го кутнав ... Но тешко ми е со таа крв да одговарам за друга крв, за страшна крв, за која не сум виновен! ... Страшно обвинување, господа! Како да ме удривте со секира по челово! Но кој го убил татко ми, кој го убил? Кој можел да го убие, штом не го убив јас? Чудо, бесмислица, неоозможно ...

— Да, но кој можел да го убие ... — почна иследникот, но државниот обвинител Иполит Кирилович (помошник на државниот обвинител, но ние за пократко ќе го викаме државен обвинител), откако се погледнаа со иследникот, рече, свртувајќи се кон Митја:

— Вие напразно сте загрижен за старецот, за слугата Григориј Василевич. Знајте дека тој е жив. Дека тој се освести, и покрај сите тешки повреди што сте му ги нанесле, според неговиот и сега според вашиот исказ, веројатно ќе остане жив, барем според мислењето на лекарот.

— Жив? Значи тој е жив! — викна наеднаш Митја, плеснувајќи со рацете. Лицето му блесна. — Господи, ти благодарам за најголемото чудо, што ми го направи мене, грешникот и злосторникот, по мојата молитва! ... Да, да, тоа е по мојата молитва, јас цела ноќ се молев! ...

И тој трипати се прекрсти. Речиси се гушеше.

— Значи, ете, од Григориј добивме важни соопштенија во однос на вас, да ... — продолжи државниот обвинител ...

Но Митја наеднаш скокна од столот.

— Еден момент, господа, живи бога, само да отрчам кај неа... само еден момент!

— Ве молам во овој момент воопшто не е можно! — за малку што не викна Николај Парфенович, па и тој скокна на нозе. Митја го зграпчија стражарите со метални значки на градите. Впрочем, тој и самиот седна на столот.

— Господа, многу ми е жал! Јас сакав да одам кај неа само за еден момент... Сакав да ја известам, дека е чиста, дека исчезнала крвта што синоќа цела ноќ ми го пиеше срцето, и дека јас не сум убиец! Господа, па таа ми е свршеница! — восхитено и со страхопочит проговори тој наеднаш, прелетувајќи со очите преку сите. — Ви благодарам господа! О, колку ме преобразивте, колку ме воскреснавте во еден момент... Старецот — па тој мене ме има носено на раце, господа! Ме има бањато во корито кога ме оставија сите како тригодишно дете — ми беше роден татко!...

— Значи вие... — пак почна иследникот.

— Дозволете, господа, дозволете уште еден момент! — го прекина Митја, ставајќи ги обата лакта на масата и покривајќи си го лицето со рацете — дозволете ми само малку да се приберам, дајте ми малку да здивнам, господа! Зашто сето тоа ужасно го потресува човека, ужасно! Ама човекот не е од камен, господа!

— Напијте се пак малку водичка... — речиси нагалено му рече Николај Парфенович.

Митја ги тргна рацете од лицето и се засмеа. Погледот му беше ведар. Тој како целиот да се измени во еден момент. Се измени и неговиот тон, зашто тука сега веќе седеше човек пак еднаков со сите тие луѓе, со сите тие свои поранешни познаници; сосем така како да се состанале вчера, кога уште ништо не се имаше случено, некаде, во некакво светско друштво.

Патем ќе забележиме дека Митја отпрвин срдечно беше приман и пречекуван кај шефот на полицијата, кога овој дојде кај нас; но после, особено во последниот месец, Митја речиси и не го посетуваше, а шефот кога, на пример, ќе се сретнеше со него на улица, многу се муртеше и само од учтивост му одговараше на поздравот, кое Митја многу добро го забележи. Со др-

жавниот обвинител, се познаваше уште помалку, но понекогаш одеше кај неговата сопруга, нервозна и ќудлива дама, и ѝ правеше многу пристојни посети ни самиот не сфаќајќи, впрочем, зошто оди кај неа, интересирајќи се поради нешто за неа сè до последно време. Со иследникот уште не беше стигнал да се запознае, но и со него се имаше среќавано, па дури и имаше разговарано, еднаш-двапати — обата пати за женскиот пол.

— Вие, Николај Парфенович, како што гледам, сте најискусен иследник — наеднаш весело се насмеа Митја — но сега јас и самиот ќе ви помогнам. О, господа, јас воскреснав, и немојте да ми забележувате што ви се обрнувам толку просто и толку блиско. Притоа малку сум и пијан, тоа ви го кажувам искрено. Изгледа, јас сум имал чест... чест и задоволство да се видам со вас, Николај Парфенович, кај мојот роднина Миусов. Господа, господа, јас не барам еднаквост меѓу вас и мене, зашто сфаќам кој сум сега штом седам пред вас. На мене паѓа... ако против мене сведочел Григориј... на мене паѓа — о, се разбира, паѓа — страшно сомневање! Страшна работа — јас го сфаќам тоа! Но, на работа, господа, јас сум готов, и ние сега тоа ќе го свршиме за еден миг, зашто, слушајте, господа: штом знам дека не сум виновен, тогаш, се разбира, вчас ќе свршиме! Така ли е? Така ли е?

Митја зборуваше брзо и многу, нервозно и експанзивно, како да ги сметаше за свои најдобри пријатели.

— Значи, ние сега ќе запишеме дека вие од основа го порекнувате обвинувањето што се покренува против вас — убедливо рече Николај Парфенович, па свртувајќи се кон писарот, му издиктира полугласно што да запише.

— Ќе запишувате? Тоа ќе го запишувате? Не се противам, запишувајте, се согласувам, ја давам својата целосна согласност, господа... Само, гледајте... чекајте, чекајте, запишете вака: „Виновен е поради незаузданост, поради тешка повреда што му ја нанесол на еден старец, виновен е“. И уште: виновен е во себе, внатре, во длабината на своето срце, но тоа не треба да

се запишува (наеднаш се сврти кон писарот), тоа веќе е мој приватен живот, господа, тоа веќе вас не ве интересува, зашто тоа се длабини на срцето, тоест... но, за убиството на својот стар татко — не е виновен! Тоа е дива мисла! Тоа е наполно дива мисла!... Јас ќе ви докажам, и вие ќе се смеете поради вашето сомневање!

— Смирете се, Дмитриј Фјодорович — го предупреди иследникот, очигледно сакајќи да го победи разнервиранот со својата мирност. — Пред да го продолжиме сослушувањето, јас би сакал, ако се согласите да одговорите, да слушнам од вас да го потврдите фактот дека вие, изгледа не сте го сакале покојниот Фјодор Павлович, дека со него постојано сте се карале... барем пред четврт час, овде, повелавте да изговорите дека дури сте сакале и да го убиете. „Не го убив, викнавте, но сакав да го убијам!"

— Јас ли викнав така? Ох, може да биде, господа! Да, за жал, јас сакав да го убијам, многупати сакав... за жал, за жал!

— Сте сакале! А дали би сте се согласите да ни објасните, всушност, какви побуди ве раководеле во таквата омраза спрема личноста на вашиот родител?

— А што имам тука да ви објаснувам, господа! — намуртено собра раменици Митја, наведнувајќи го погледот. — Јас не ги криев своите чувства, за тоа знае целиот град — знаат сите во кафеанава. Оној пат, во манастирот, тоа го реков во ќелијата на старецот Зосима... Тој ден, вечерта, се тепав со него и за малку што не го убив татко ми, и се заколнив пред сведоци дека ќе дојдам пак и дека ќе го убијам... О, има илјади сведоци! Цел еден месец викав, сите се сведоци!... Фактот е тука, фактот зборува, вика, — но чувствата, господа, чувствата тоа е веќе нешто друго. Гледате, господа, (се намурти Митја), мене ми се чини дека вие немате право да ме прашувате за чувствата. Вие имате власт, јас сфаќам, но тоа е моја работа, моја внатрешна работа, интимна, но... бидејќи јас не ги криев моите чувства порано... во кафеаната, на пример, и им кажував на сите и секому, ни сега... ни сега нема да правам тајна од тоа... Господа, гледате, јас сфаќам

дека во овој случај против мене постојат страшни докази: на сите им велев дека ќе го убијам, и сега, наеднаш — тој е убиен: како може да не бидам јас во таков случај? Ха-ха! Господа, ве извинувам, наполно ве извинувам вас. Јас и самиот сум вчудовиден до кожа бидејќи, навистина, во таков случај, кој го убил ако не јас! Не е ли така? Ако не го убив јас, кој, кој, господа? — наеднаш викна тој. Јас сакам да знам, јас дури барам од вас, господа, да знам, каде е убиен? Каде е убиен, со што и како? Кажете ми, — наеднаш праша тој, меркајќи ги со погледот државниот обвинител и иследникот.

— Ние го најдовме легнат на подот ничкум, во неговиот кабинет, со дупната глава, — рече државниот обвинител.

— Страшно, господа! — затрепери наеднаш Митја, и потпирајќи се на масата со лактите, си го покри лицето со десната рака.

— Да продолжиме, — го прекина Николај Парфенович. — Значи, што ве раководело тогаш во вашите чувства на омраза? Вие, ми се чини, јавно сте кажувале дека тоа било чувството на љубомора?

— Па да, љубомора, и не само љубомора.

— Караница поради пари?

— Да, и поради пари.

— Се чини, во прашање биле трите илјади, кои божем уште не ви биле исплатени од наследството.

— Како три! Повеќе, повеќе! — пламна Митја, — повеќе од шест, можеби повеќе и од десет. Јас им кажував на сите, на сите им разгласив! Но веќе решив — на крајот на краиштата — да се помирам и со три илјади. Мене тие три илјади ми се потребни како животот... Така што пликот со три илјади за кој знаев дека го чува под перницата приготвен за Грушенка — го сметав просто како од мене украден... Ете ви, господа, ги сметав за свои, токму како лична сопственост.

Државниот обвинител важно го погледна иследникот и успеа незабележливо да му намигне.

— На тој предмет ние ќе се вратиме подоцна, — рече иследникот, — а вие сега дозволете ми да го за-

бележиме и да го запишеме тоа пунктче: дека вие парите во пликот сте ги сметале за ваша лична сопственост.

— Бележете, господа! А јас сфаќам дека и тоа е доказ против мене, но од тие докази не се плашам, па и самиот зборувам против себеси. Слушнете го ова: самиот! Гледајте, господа, се чини, вие, ме сметате за сосем поинаков човек, отколку што сум всушност, — додаде тој наеднаш намуртено и со тага. — Со вас зборува благороден човек, најблагородното лице, и што е најважно — тоа не испуштајте го од предвид, човек што направил безброј подлости, но кој секогаш бил и останал најблагородно суштество како суштество, внатре, во длабините — со еден збор, не умеам да се изразам. Токму тоа и ме измачуваше што копнеев за благородност, бев, така да се каже, маченик на благородноста и ја барав со фенер, со фенерот на Диоген; меѓутоа, цел живот правев само пакости, како сите ние, господа, тоест само како јас, господа, не сите, само јас, се збунив, само јас, само јас!... Господа, мене ме боли главата! — се намурти тој болно — гледате ли, господа, мене не ми се допадна неговата надворешност, тоа беше нешто нечесно, фалење и газење на сè што е свето и подбивање и неверување — гадно, гадно! Но сега, кога е веќе умрен, сега мислам поинаку.

— Како поинаку?

— Не поинаку, туку жалам што го мразев толку.

— Чувствувате каење?

— Не, тоа не е каење, не запишувајте така. Туку, ни јас не сум како што треба, господа, ни јас не сум најдобар, па затоа немав право него да го сметам за одвратен, ете, во тоа е работата! Тоа можете и да го запишете.

Откако го рече тоа, Митја наеднаш необично се растажи. Веќе постепено со одговорите на прашањата од истражникот, стануваше сè помрачен, и понамуртен. Наеднаш, токму во тој момент пак изникна неочекувана сцена. Иако пред малку Грушенка ја оддалечија, не ја одведоа многу далеку, само во третата соба од онаа синкавата соба во која сега се вршеше сослушувањето. Тоа беше мала собичка со еден прозорец, вед-

наш зад собата во која ноќеска се играа и се веселеа громогласно. Таму седеше таа, и со неа, засега, само Максимов, многу вчудовиден, многу преплашен, целиот прилепен до неа, како да бара од неа спас. До нивната врата цела ноќ чуваше стража еден селанец со метална значка на градите. Грушенка плачеше, но наеднаш, кога тагата веќе премногу ѝ го исполни срцето, скокна, плесна со рацете, и викнувајќи многу гласно: „Мако моја, мако!“ се втурна од собата накај него, накај нејзиниот Митја, и тоа толку неочекувано, што никој не успеа да ја задржи. А пак Митја, кога го слушна нејзиното викање, затрепери целиот, скокна, лелекна и стрмоглаво ѝ потрча во пресрет, како избезумен. Но не им дозволија да се состанат иако веќе се видоа. Него цврсто го зграпчија за рацете: тој се оттргнуваше, потребни беа тројца или четворица за да го задржат. Ја зграпчија и неа, и тој виде како таа со лелекање ги протега кон него рацете додека ја влечкаа. Кога заврши таа сцена, тој се созеде пак на поранешното место, на масата, спроти иследникот, викаше, обрнувајќи им се ним:

— Што барате од неа? Зошто ја мачите? Таа е невина, невина!...

Државниот обвинител и иследникот го смируваа. Така мина некое време, едно десетина минути: најпосле набрзина во собата влезе Михаил Макарович, кој некое време беше отсутен, па гласно, возбудено му рече на државниот обвинител:

— Таа е оддалечена, таа е долу, дали ќе ми дозволите, господа, да му речам само еден збор на овој несреќен човек? Пред вас, господа, пред вас!

— Повелете, Михаил Макарович — одговори иследникот — во овој случај немаме ништо против.

— Дмитриј Фјодорович, слушај, брате — почна Михаил Макарович, обрнувајќи му се на Митја, и неговото возбудено лице изразуваше пламено, речиси татковско сожалување спрема несреќникот — јас твојата Аграфена Александровна лично ја одведов долу и им ја предадов на ќерките на домаќинот, а со неа постојано е и стариот Максимов, и ја вразумив, слушаш

ли, ја вразумив и ја смирив, ја убедив дека ти сега можеш да се браниш, и дека не треба да ти пречи, да те растажува, зашто инаку можеш да се збуниш и да сведочиш неточно против себеси, сфаќаш ли? Со еден збор, ѝ кажав, а таа ме разбра... Таа е брате, умна, таа е добра; се спушти мене, стар, да ми ги бацува рацете, молеше за тебе. Само ме испрати ваму да ти кажам да не се грижиш за неа, но ,гулапче, сега треба да одам и да ѝ кажам дека си ти мирен и дека не си загрижен за неа. Значи смири се, и сфати го тоа. Јас сум виновен пред неа, таа е христијанска душа, да, господа, таа е кротка душа и не е виновна за ништо. Значи што да и кажам, Дмитриј Фјодорович, ќе се смириш ли?

Добриот човек наприкажа многу непотребни работи, но тагата на Грушенка, човечката тага, проникна во неговата добра душа, па дури и солзи му се наполнија очите. Митја скокна и се спушти кон него.

— Простете, господа, дозволете, о, дозволете! — викна тој, — анѓелска, вие сте анѓелска душа, Михаил Макарович, ви благодарам за неа! Ќе бидам, ќе бидам мирен, ќе бидам весел; кажете ѝ, живи неизмерната добрина на вашата душа, дека сум весел, весел, еве веднаш ќе почнам да се смеам, знаејќи дека со неа е таков анѓел чувар како вас. Веднаш ќе свршам сè, и штом ќе се ослободам, веднаш ќе одам кај неа, тогаш таа ќе види, нека чека!... Господа! — се сврти тој кон државниот обвинител и иследникот — сега ќе ви ја откријам сета моја душа, сета ќе ја излеам, ние вчас ќе завршиме сè, весело ќе завршиме — на крајот уште и ќе се смееме — нели? Господа, таа жена е царица на мојата душа! О, дозволете ми да го кажам тоа, тоа ќе ви го откријам... Јас гледам дека овде сум со најблагородни луѓе: таа е светлина, таа е мое свето нешто, и само кога би знаеле вие! Вие слушнавте кога викаше: „Ќе дојдам со тебе макар и на губилиште!“ А што сум ѝ дал јас нејзе, јас, сиромав и голтар? Од каде таква љубов спрема мене? Заслужувам ли јас, непотребно и срамно суштество, таква љубов за со мене таа да оди на робија? Поради мене пред малку ползеше пред вашите нозе, таа, горда и во сè невина! Па како тогаш да не ја почитувам, да не викам, да не јурам кон неа

како пред малку? О, господа, простете! Ете, сега, сега сум утешен!

Тој падна на столот и откако со обете раце си го покри лицето горчливо зајачка. Но, тие солзи веќе беа од среќа. Вчас се созеде. Стариот шеф на полицијата беше многу задоволен, а изгледа и правниците: тие почувствуваа дека распитот сега ќе влезе во нова фаза. Откако го испратија шефот, Митја просто се развесели.

— Е, господа, сега сум ваш, наполно ваш. И . . . само да ги немаше тие ситници, ние ќе се спогодевме веднаш. Јас, ете, пак за ситниците . . . јас сум ваш, господа, но, ви се колнам, потребна е заемна доверба — ваша спрема мене и моја спрема вас — инаку никогаш нема да завршиме. Јас ова го зборувам поради вас. Да минеме на предметот, господа, на работа, и, што е најважно, немојте толку да чепкате по мојата душа, не измачувајте ја со ситници, туку прашајте само за работата и за фактите ,а јас веднаш ќе ве задоволам. А ситниците, нека одат по ѓаволите.

Тој падна на столот и откако со обете раце си го почна.

IV

Втора мака

— Нема да верувате колку нè охрабрувате, Дмитриј Фјодорович, со вашата готовност . . . — почна Николај Парфенович, со жив израз и со очигледно задоволство што блесна во неговите големи, јасно сиви, ококорени, но многу кратковиди очи, од кои тој, по еден миг, ги симна очилата. — И вие пред малку добро забележивте во однос на нашата заемна доверба, без кое понекогаш дури е и невозможно во работите од вакво значење, а особено во случај ако усомнетото лице сака, се надева, и може да се оправда. Од своја страна, ние ќе употребиме сè, што зависи од нас, а вие и самиот можете да видите како ја водиме работата. Одобрувате ли вие, Иполит Кирилович? — му се обрна тој наеднаш на државниот обвинител.

— О, без сомневање — одобри обвинителот, иако малку суво кога ќе се спореди со поривот на Николај Парфенович.

Забележувам еднаш засекогаш: Николај Парфенович, штом дојде кај нас, и од самиот почеток на своето службување, спрема Иполит Кирилович, државниот обвинител, почувствува необична почит и речиси од срце се зближи со него. Тој беше веројатно единствен човек што безусловно поверува во необичната психолошка и говорничка дарба на нашиот „во службата поставен“ Иполит Кирилович, и наполно веруваше дека тој е запоставен. За него слушна уште во Петербург. Затоа пак, од друга страна, младиот Николај Парфенович, исто така, беше единствен човек во целиот свет, кого искрено го засака нашиот „навреден“ државен обвинител. Доаѓајќи ваму, тие успеаја да се договарат за некои работи и да се спогодат во однос на претстојното судење. И сега, на масата, проникливиот ум на Николај Парфенович веднаш го сфати и го разбра секое упатство, секое движење на лицето на својот постар колега, само по еден збор, по погледот, по едно мигнување.

— Господа, оставете ме самиот да раскажам, и не прекинувајте ме за ситници, а јас веднаш ќе ви изложам сè — се остреше Митја.

— Многу убаво. Ви благодарам. Но пред да го слушнеме вашето раскажување, дозволете ми да констатирам уште еден факт, за нас многу интересен, имено: за десетте рубли што сте ги зеле на заем синоќа, околу пет часот, од вашиот пријател Пјотр Илич Перхотин, на кого како залог сте му ги дале пиштолите.

— Ги заложив, господа, ги заложив, за десет рубли, па што од тоа? Тоа ви е сè. Штом се вратив од пат, ги заложив.

— А, вие сте се вратиле од пат? Вие сте патувале надвор од градов?

— Патував, господа, патував четириесет врсти; зарем не го знаевте тоа?

Државниот обвинител и Николај Парфенович се погледнаа.

— Воопшто, како би било да ја започнете вашата историја со систематски опис на целото ваше вчерашно

утро? Дозволете, на пример, да слушнеме: зошто сте се оддалечиле од градов и кога точно отпатувавте и се вративе... и сите тие факти...

— Па така требаше да прашате отпочеток — гласно се насмеа Митја — и, ако сакате, работата не треба да се почне од вчера, туку од завчерашното утро; дури тогаш ќе разберете каде, како ,и зошто сум отишол и патувал. Господа, јас отидов завчера изутрината кај овдешниот трговец Самсонов, за да побарам од него на заем три илјади, за најсигурен залог; таа мисла наеднаш ме совлада, господа, наеднаш ме совлада, и никако не ми даваше мир.

— Дозволете да ве прекинам — учтиво го прекина државниот обвинител — зашто толку наеднаш ви притребала токму таа сума, тоест токму три илјади рубли?

— Ех, господа, не би требало такви ситници: како, кога и зошто, и зошто толку а не олку пари, и сето тоа заобиколување... Зашто така, ни во три тетратки не ќе собере сè, а ќе биде потребен и поговор.

Сето тоа Митја го изговори со добродушна, но нестрплива фамилијарност на човек, што сака да ја каже целата вистина, и кој е полн со најдобри намери.

— Господа — речиси се стресе тој наеднаш — немојте да забележите дека клоцам. Јас пак ве молам: верувајте ми уште еднаш дека чувствувам полна одговорност и наполно ја сфаќам состојбата на работите. Не мислете дека сум пијан, сега веќе се отрезнив, а и да сум пијан, ништо не би ми пречело, зашто еве како е кај мене:

Се истрезни, му дојде умот — стана глупав,
Се напи, оглупави — стана умен.

Ха-ха! Впрочем, господа, јас гледам дека мене уште не ми прилега да правам шеги пред вас, тоест додека, не се објасниме. А, дозволете, пак, да внимавам и на моето лично достоинство. Ја сфаќам сегашната разлика: јас сега седам пред вас како злосторник, значи, воопшто не сум еднаков со вас, а вам ви е доверено да внимавате на мене. И, секако, нема да ме погалите по гла-

вата поради Григориј, зашто, ако сакаме како што е по право, не може туку-така да им се кршат главите на старците; вие мене поради тоа сигурно ќе ме ставите под клуч едно половина година, а можеби и цела, не знам колку ќе бидам осуден, иако нема да ме лишите од граѓанските права, господин државен обвинителу. Значи, ете, господа, јас ја сфаќам разликата... Но, признајте го и тоа дека вие и бога би можеле да го збуните со прашањата: каде застана, како застана, кога застана, и во што застана? Јас ќе се збунам притоа, а вие притоа веднаш ќе запишете сè до ситница и тогаш што ќе излезе... Ништо нема да излезе! Но, најпосле, штом веќе почнав да зборувам сешто, ќе завршам, а вие господа, како луѓе со повисоко образование, и многу благородни, простете ми. Јас, значи, ќе завршам со молбата: одучете се вие ,господа, од тој шаблонски начин на испитување, тоест, најпрвин ќе дојдеш, па ќе почнеш со нешто бедно, ништожно; божем како си станал, па што си јал, па како си плукнал, па кога си плукнал, па откако ќе го „успиете вниманието на злосторникот", наеднаш ќе го бомбардирате со прашање што ќе го збуни сосем: „Кого си го убил, кого си го ограбил?" Ха-ха! Ете, ви го вашиот бирократизам, кај вас тоа е правило, ете, врз што се засновува сета ваша итрост! Но, така, со тие досетки, можете да ги успиете селаните а не мене. Зашто јас ги разбирам работите, и самиот бев во државна служба, ха-ха-ха! Секако, господа, не се лутите, ми ја простувате дрскоста? — викна тој гледајќи во нив со необична добродушност. — Ама ова го рече Митја Карамазов, значи, може и да се прости; на умен човек не би можело да му се прости, а на Митја може! Ха, ха-ха!

Николај Парфенович слушаше а и самиот се смееше. Државниот обвинител, иако не се смееше, внимателно го загледуваше Митја не тргнувајќи ги очите од него, како да не сакаше да пропушти ни најмал збор, ни најситно движење, ни најмало треперење, ни најмала цртичка на неговото лице.

— Па ние токму така почнавме со вас, — се јави Николај Парфенович, сè уште смеејќи се — така за да не ве збунуваме со прашањата: како сте станале из-

утрина и што сте појале, туку почнавте со премногу суштественото.

— Сфаќам, разбрав и оценив; а уште повеќе ја ценам вашата добрина спрема мене, беспримерна, достојна на најблагородните души. Овде сме собрани тројца благородни луѓе, па сè така и нека ни почива: врз заемна доверба на образовани и галантни луѓе, што се врзани со благородништвото и честа. Во секој случај, дозволете ми да ве сметам за мои најдлабоки пријатели во овој момент на мојот живот, во овој момент на понижување на мојата чест! Господа, вас, секако, не ве навредува тоа, секако не ве навредува!

— Напротив, вие тоа толку прекрасно го рековте, Дмитриј Фјодорович, — се согласи со него Николај Парфенович достоинствено и одобрувачки.

— А ситниците, господа, отфрлете ги сите тие бирократски ситници! — одушевено викна Митја, — инаку, инаку, ѓаволот знае што ќе излезе. Не е ли така?

— Наполно ќе им се придржувам на вашите умни совети, — наеднаш се вмеша државниот обвинител, обрнувајќи му се на Митја, — но сепак, не можам да се откажам од моето прашање. Нам, премногу ни е неопходно да знаеме: зошто ви била потребна токму толкава сума, тоест, токму три илјади?

— Зошто ми била потребна? Па, за ова, за она . . . па да вратам долг. —

— А на кого?

— Господа, решително одбивам да ви го кажам тоа! Гледате ли, не затоа што не би можел да кажам, или не би смеел, или затоа што би се плашел, зашто тоа се ништожни работи и вистински ситници, но, нема да ви кажам, зашто тука е начелото: тоа е мој приватен живот, и јас никому нема да му дозволам да се меша во мојот приватен живот. Тоа е мое начело. Вашето прашање не се однесува на предметот, а сè што не се однесува на предметот, е мој приватен живот! Сакав да вратам долг, сакав да платам долг на честа, а на кого — тоа нема да ви го кажам!

— Дозволете ни да го запишеме тоа, — рече државниот обвинител.

— На драго срце. Запишете вака: дека не сакам да кажам, па нема ни да кажам. Пишете, господа: дека јас дури сметам оти е нечесно да го кажам тоа. Сигурно имате многу време штом запишувате толку многу!

— Дозволете, почитуван господине, да ви напомнам уште еднаш, ако не сте знаеле, — рече државниот обвинител, со посебен и многу строг тон — дека имате полно право да не одговарате на прашањата што ви се поставуваат; а, пак, ние, немаме никакво право да изнудуваме одговори од вас, ако вие, поради оваа или онаа причина, избегнувате да одговорите. Тоа е работа на вашето лично наоѓање. Но, сепак, нашата должност се состои и во тоа, во случај каков што е овој сега, да ви укажеме, и да ви ја објасниме големината на штетата што си ја правите самиот со тоа што не сакате да ни дадете ваков или онаков исказ. А сега, молам да продолжиме.

— Господа, па јас не се лутам!... Јас... — почна да мрмори Митја, збунет од предупредувањето, — еве гледате, господа, Самсонов, кај кого отидов тогаш...

Ние сега, се разбира, нема подробно да го изнесуваме неговото раскажување за она што веќе му е познато на читателот. Митја нестрпливо сакаше да раскаже сè, до најситни подробности, и воедно сакаше што побргу да заврши. Додека ги даваше исказите, нив ги запишуваа, а, се разбира, и го прекинуваа. Дмитриј Фјодорович тоа го осудуваше, но се покоруваше, се лутеше, но засега добродушно. Вистина, понекогаш ќе им подвикнеше: „Господа, ама тоа би го налутило и господа бога“, или „Господа, знаете ли вие дека само напразно ме дразните“, но извикувајќи го тоа, тој не го менуваше своето пријателско експанзивно расположение. На тој начин тој раскажа како го „излажа“ Самсонов завчера. (Тој веќе сега наполно сфати дека тогаш беше излажан). А продавањето на часовникот за шест рубли, за да добие пари за пат, кое уште им беше непознато на иследникот и на државниот обвинител, веднаш предизвика необично внимание кај нив, и, сметаа дека е потребно подробно да го забележат и тој факт, како повторна потврда дека тој спроти денот немал ни грош во џебот, што предизвика негодување кај

Митја. Малку — по малку, Митја се намурти. Потоа, откако го опиша својот пат кај Љагавиј и ноќта помината во задушната куќа и другото, и ја доведе својата приказна до враќањето во градот, почна, без побесна молба, подробно да ги опишува своите љубоморни маки со Грушенка. Го слушаа молкома и внимателно; посебно се задржаа на околноста оти Митја веќе одамна имал своја осматрачница поради Грушенка во задниот дел од градината на Фјодор Павлович, во куќата на Марја Кондратјевна, и на тоа дека податоци му носел Смердјаков: тоа посебно го забележија и го запишаа. За својата љубомора зборуваше пламено и опширно; па иако се срамеше во себе дека ги изнесува своите најинтимни чувства, така да се каже „на општа срамота", сепак, очигледно ја совладуваше срамежливоста, само за да биде вистинит. Рамнодушната строгост на погледите од иследникот, а особено на погледите од обвинителот, упатени кон него за време на неговото раскажување, најпосле многу го збуни: „Тоа момче, Николај Парфенович, со кое само до пред неколку дена зборував за глупости, за жени, и тој болен обвинител не заслужуваат јас да им го раскажувам ова" — тажно му мина низ главата. „Срамота! Трпи, смири се и молчи", ја заврши тој својата мисла со стих, па се созеде и се охрабри да продолжи. Кога мина на раскажувањето за Хохлакова тој пак се налути, и дури сакаше за таа госпоѓа да раскаже посебна анегдота, што не спаѓаше во предметот. Но, иследникот го задржа и учтиво му предложи да мине на она што е „суштествено". Најпосле, штом го опиша својот очај, и штом раскажа за моментот кога, излегувајќи од кај Хохлакова си размислуваше: „некого макар и да заколе, но да дојде до три илјади", пак беше задржан и тоа „дека сакал, да заколе" го запишаа. Митја без приговор ги пушти да го запишат тоа.

Најпосле, работата дојде до оној момент во раскажувањето кога дозна дека Грушенка го излагала и си отишла откај Самсонов штом тој ја одвел таму, и дека рекла оти ќе поседи кај старецот до полноќ. „Зошто тогаш, господа, не ја убив Фења, затоа што немав ко-

га“, му се лизна наеднаш на тоа место од раскажувањето. И тоа го запишаа грижливо. Митја намуртено ги причека, и почна да им раскажува како отрчал кај татко си во градината, но иследникот наеднаш го прекина; тој ја отвори својата голема чанта што лежеше покрај него, на канабето, и од неа го извади толчникот.

— Познат ли ви е овој предмет? — му го покажа тој на Митја.

— Ах, да! — мрачно се насмевна тој — како да не! Дајте да го видам... по ѓаволите, не треба!

— Вие заборавивте да го споменете, — забележи иследникот.

— По ѓаволите! Немаше тоа од вас да го скријам, не плашете се! Без тоа немаше да се заврши работата, секако! Само ми испари од главата.

— Тогаш благоволете опширно да ни раскажете како и каде сте го набавиле.

— На драго срце, ќе благоволам, господа.

И Митја им раскажа како го зеде толчникот и како истрча со него.

— А каква цел сте имале пред себе кога сте се вооружиле со такво орудие?

— Каква цел? Никаква цел! Го зграпчив и истрчав.

— А зошто сте го зеле ако било без цел?

Во Митја зовре бесот. Тој внимателно го погледна „момчето“ и намуртено и зајадливо се насмевна. Работата е во тоа што тој сè повеќе се срамеше што сега толку искрено и толку отворено им ја раскажува на „такви луѓе“ историјата на својата љубомора.

— Плукам јас на тој толчник! — му се откина наеднаш.

— Па сепак.

— Па, го зедов поради кучињата. Мрак... за секој случај.

— А дали и порано кога сте излегувале ноќе од дома, сте земале некакво оружје, ако толку сте се плашеле од темницата?

— Ух, по ѓаволите! Господа, со вас просто не може да се зборува! — викна Митја до крајност разлу-

тен, и откако се сврти кон писарот, целиот поцрвенет од бес, со некаков призвук на избезуменост, брзо рече:

— Запиши веднаш... веднаш... „Го зграпчив толчникот за да одам да го убијам татка ми... Фјодор Павлович... со удар по главата!“ Е, задоволни ли сте сега, господа? Сега полесно ли ви е во срцето? — изговори тој, предизвикувачки погледнувајќи ги истражникот и обвинителот.

— Ние многу добро сфаќаме дека вие овој исказ сега го дадовте налутен на нас, и бесен поради прашањата што ви ги поставуваме, а кои вие ги сметате за ситни, но кои, всушност, се многу суштествени, — суво му одговори државниот обвинител.

— Ама ве молам, господа! Па, го зедов толчикот... А зошто се зема нешто в рака во таквите ситуации? Јас не знам зошто. Го зграпчив и истрчав. Тоа е сè. Срамота, господа, passons[1]), инаку, ви се колнам, јас ќе престанам да раскажувам!

Тој се потпре со лактите на масата. Седеше настрана од нив и гледаше во ѕидот совладувајќи го во себе непријатното чувство. Всушност, тој многу сакаше да стане и да изјави дека нема веќе да им каже ни збор, „па макар сега веднаш да ме одведете на губилиште!“

— Видете, господа, — проговори тој наеднаш, тешко совладувајќи се. — Видете. Јас сега ве слушам и мене ми се чини... јас, знаете ли, понекогаш сонувам... така ,еден сон... често го сонувам, тој се повторува, како некој да ме брка, некој од кој јас многу се плашам, ме брка во мракот, ноќе, ме бара, а јас се кријам некаде од него, зад вратата ,или зад орманот, се кријам така, што тоа ме понижува, а што е најважно, нему му е добро познато каде сум скриен од него, но тој намерно се преправа оти не знае каде сум, за да ме измачи што повеќе, за да ужива во мојот страв... Еве, и вие сега правите така! На тоа прилега!

— Зарем вие такви соништа сонувате? — го праша државниот обвинител.

— Да, такви соништа сонувам... Да не сакате и тоа да го запишете? — горчливо се насмевна Митја.

---

[1]) Доволно, доста (фр.)

— Не, нема да го запишеме, но сепак, интересни се вашите соништа.

— Сега веќе ова не е сон! Реализам, господа, реализам, на вистинскиот живот! Јас сум волк, а вие сте ловци, и вие сега го бркате волкот.

— Напразно зедовте таква споредба . . . — необично благо почна Николај Парфенович.

— Не напразно, господа, не напразно! — пак пламна Митја, иако фати да се орасположува со секој збор, зашто очигледно му олесни од изливот на ненадејната лутина. — Вие можете да не му верувате на злосторникот, или на обвинетиот, измачуван од вашите прашања, но на најблагородниот човек, господа, со најблагородни стремежи во душата (тоа ви го кажувам смело!) — не! Нему не можете да не му верувате . . . вие дури немате ни право . . . Но,

. . . молчи, срце,
трпи, смирувај се и молчи.

Но, дали да продолжам? — мрачно пресече тој.

— Ве-молам, бидете љубезен — одговори Николај Парфенович.

V

Трета мака

Иако Митја почна да зборува остро, сепак, очигледно, сè повеќе се трудеше да не заборави и да не пропушти ни една подробност од тоа што го кажуваше. Тој раскажа како прескокнал преку оградата во градината на татко му, како отишол до прозорецот и, најпосле, сè што се случило под прозорецот. Јасно и вистинито, како да ваја, раскажа тој за чувствата што го исполнуваа во тие моменти во градината кога толку многу сакаше да дознае дали е Грушенка кај татка му или не е. Но, чудно: и државниот обвинител и иследникот сега слушаа некако многу воздржано, гледаа здрвено, постапуваа многу помалку прашања.

Митја ништо не можеше да заклучи од нивните лица. „Се налутија, и се најдоа навредени“ — си помисли тој — па нека одат по ѓаволите! „А кога им раскажа како решил, најпосле, да му даде знак на татко му дека божем дошла Грушенка, па дека овој го отворил прозорецот, државниот обвинител и иследникот воопшто не му обрнаа внимание на зборот **знак**, небаре ни најмалку не сфатиле какво значење има тука тој збор, така што Митја го забележи тоа. Најпосле, штом дојде до моментот, кога откако го забележи татка си како sирка низ прозорецот, — пламнала во него омразата, па го извлекол толчникот од џебот, — тој наеднаш намерно запре. Седеше и гледаше во sидот — знаеше дека нивните очи просто се впиени во него.

— Потоа? — рече иследникот — го извлековте орудието, и . . . што стана потоа?

— Потоа? Е потоа го убив . . . Го удрив по темето и му го здробив черепот . . . Според вашето мислење тоа е така, нели? — ги пресече тој со погледот. Целиот гнев, што се смири во Митја, пак се надигна наеднаш во неговата душа, необично силно.

— Според нашето — рече Николај Парфенович — така, а според вашето?

Митја го наведна погледот и долго време молчеше.

— Според моето, господа, според моето, еве како беше, — тивко проговори тој. — Дали нечии солзи, дали мајка ми го измолила бога, дали светиот дух ме допре во тој момент, не знам, но ѓаволот беше победен Јас отрчав под прозорецот накај оградата . . . Татко ми се уплаши, зашто дури тука ме забележи првпат, викна, и скокна назад од прозорецот, — многу добро се сеќавам за тоа. А јас — преку градината кон оградата . . . И тука тогаш ме настигна Григориј, кога веќе ја имав јавнато оградата.

Митја најпосле го дигна својот поглед на слушателите. Тие со наполно спокојно внимание гледаа во него. Некакво треперење на негодување мина низ душата на Митја.

— А вие, господа, во овој момент ми се подбивате! — прекина тој наеднаш.

— По што го заклучувате тоа? — забележи Николај Парфенович.

— Не верувате ни во еден мој збор, ете по тоа! Ама јас разбирам дека дојдов до главното место: старецот сега таму лежи со дупната глава, а јас — откако трагично опишав како сакав да го убијам, и бидејќи веќе го имав извадено и толчникот, наеднаш бегам од прозорецот... Поема! Во стихови! Да му веруваме на младиов човек! Ха-ха! Вие сте подбивливи, господа!

И тој со целото тело се сврти на столот, така што столот зачкрипи.

— А не забележивте ли, — почна наеднаш државниот обвинител, како да не го интересира возбудата на Митја, — не забележивте ли, кога трчавте откај прозорецот: дали вратата што води во градината, на другиот крај од дворната куќа — дали таа врата беше отворена?

— Не, не беше отворена.

— Не?

— Напротив, беше затворена; а и кој би можел да ја отвори? Охо!... Вратата!... Чекајте! — тој како наеднаш да дојде на себе и за малку што не затрепери — а зарем вие вратата ја најдовте отворена?

— Отворена.

— Па кој можел да ја отвори ако не сте ја отвориле самите вие? — наеднаш многу се зачуди Митја.

— Вратата беше отворена, и убиецот на татко ви сигурно влегол низ таа врата и откако го извршил убиството, од истата врата и излегол — изговори обвинителот полека и сосем јасно. — Тоа ми е сосем јасно. Убиството е извршено, очигледно, во собата, **а не низ** прозорецот, што е наполно јасно врз основа на извршениот извид, по положбата на телото, и по сè. Во тој поглед не може да има никакво сомневање.

Митја беше многу изненаден.

— Ама тоа не е возможно, господа! — викна тој, сосем збунет, — јас... не влегов... Јас решително, јас точно ви кажувам дека вратата беше затворена во сето време додека бев во градината, и кога бегав од градината, јас, само постојав под прозорецот и го ви-

дов низ прозорецот, и ништо повеќе, и ништо повеќе... Се сеќавам до последниот момент. Но, и да не се сеќавав, јас тоа сепак го знам, зашто **знаците** ги знаевме само јас и Смердјаков и тој, покојниот, а тој без тие знаци не би му отворил никому на светот.

— Знаци? Какви знаци? — со лакома, речиси хистерична љубопитност проговори обвинителот, и наеднаш ја изгуби сето своја воздржлива обноска.

Тој праша како да се приближува скришум и со страв. Почувствува важен факт што уште не го познаваше, и веднаш многу се уплаши дека Митја можеби нема да сака да му го открие наполно.

— А вие не знаевте за тоа! — му намигна Митја, насмевнувајќи се зајадливо и злобно. — Ами ако не кажав јас? Тогаш од кого ќе дознаевте? Зашто тие знаци ги знаевме само покојникот, јас и Смердјаков, само ние! И небото знаеше, но тоа нема да ви каже. А фактот е интересен, врз него можете да изградите којзнае што, ха-ха! Смирете се, господа, ќе ви кажам, немојте сешто да си мислите за мене. Вие не знаете со кого имате работа! Вие имате работа со обвинет, кој сведочи сам против себеси, сведочи на своја штета! Да, зашто јас сум рицар на честа, а вие — не сте.

Обвинителот ги голтна сите пилули, и само трепереше од нестрпливост за да го дознае новиот факт. Митја точно и опширно им изложи сè што се однесуваше на знаците што ги измисли Фјодор Павлович за Смердјакова; кажа што значеше секое тропнување на прозорецот, ги отчука дури тие знаци на масата, и на прашањето од Николај Парфенович: дали, значи, и тој, Митја, кога му чукнал на старецот на прозорецот, дали го отчукал токму тој знак што значел: „Грушенка дојде", одговори дека токму така отчукал дека Грушенка е дојдена. — Ете ви го сега тоа, па градете кула! — прекина Митја и презриво се сврти на другата страна.

— И за тие знаци знаевте само вашиот покоен родител, вие и слугата Смердјаков? И никој друг? — уште еднаш препраша Николај Парфенович.

— Да, слугата Смердјаков, и уште небото. Запишете го и тоа, за небото. Не ќе биде излишно да го запишете и тоа. Зашто и вам ќе ви затреба господ.

И, се разбира, запишаа, но додека запишуваа, обвинителот наеднаш рече, како одненадеш да му дошла нова мисла:

— Ако за тие знаци знаел и Смердјаков, а вие сосем одбивате од себе секакво обвинување по повод смртта на вашиот родител, тогаш, можеби тој, отчукувајќи ги здоговорените знаци, го натерал татко ви да му отвори, па потоа и . . . го извршил злосторството?

Митја длабоко подбивно, но во исто време и со страшна омраза погледна во него. Долго време го гледаше и молчејќи, така што обвинителот почна да замижува со очите.

— Пак, фативте лисица! — рече најпосле Митја. — Ѝ ја приклештивте на кутрата опашката, хе-хе! Јас, ве читам, обвинителу! Вие, всушност, мислевте дека веднаш ќе скокнам, дека ќе се фатам за тоа што ми го суфлирате, па ќе викнам колку што ми држи грлото: „Да, да, Смердјаков! Тој е убиецот!“ Признајте дека мислите така, признајте, а потоа ќе продолжам.

Но обвинителот не призна. Тој молчеше и чекаше.

— Се излагавте, нема да го обвинам Смердјакова! — рече Митја.

— Дури не се ни сомневате во него?

— А вие се сомневате?

— Се сомневавме и во него.

Митја здрвено се загледа во подот.

— Оставете ја шегата, — проговори тој мрачно. — Слушајте: уште во почетокот, уште тогаш кога излегов пред вас од зад завесава, мене ми дојде во главата мислата: „Смердјаков!“ Седев овде на маса и викав дека сум невин поради таа крв, а постојано мислев: „Смердјаков!“ И никако Смердјаков да ми се тргне од душава. Најпосле пак наеднаш си помислив: „Смердјаков“, но само за миг: потоа веднаш си реков: „Не, не е Смердјаков!“ Тоа не е негово дело, господа!

— Штом е така, да не се сомневате во некое друго лице? — внимателно го праша Николај Парфенович

— Не знам кој или кое е лице, дали небеската рака или сатаната, но... не е Смердјаков! — решително пресече Митја.

— Ама зошто вие толку цврсто и толку упорно тврдите дека не е тој?

— Од убедување. Таков впечаток имам. Затоа што Смердјаков е ниска природа и страшливец. Тој не е страшливец, туку збир на сите страшливци на светов, земени заедно, што оди на две нозе. Него го има родено кокошка. Кога зборува со мене, тој постојано се плаши да не го убијам, а пак јас ни рака не сум дигнал на него. Тој, клечеше пред моите нозе и плачеше, тој ми ги бацуваше, еве, токму овие чизми, буквално, молејќи ме да не го плашам. Слушате ли: „Да не го плашам" — каков е тој збор? А јас дури и му поддавав по нешто. Тој е болежлива кокошка, со падавица, со слаб ум, којашто може да ја истепа осумгодишно дете. Зарем тој е некаква природа? Не е Смердјаков, господа! А и пари не сака, подароците од мене воопшто не ги примаше... И зошто тој да го убие старецот? Зашто тој е, можеби, негов син, вонбрачен син, знаете ли вие за тоа?

— Сме ја слушале таа приказна. Но, ете и вие сте син на вашиот татко, па сепак, на сите сте им кажувале дека сакате да го убиете татко ви.

— Во мене ли сега нишаните? Грдо и ниско сомневање! Не се плашам! О, господа, можеби е премногу подло што ми го зборувате тоа в очи! Подло затоа што јас самиот ви го кажав тоа, и не само што сакав, туку и можев да го убијам; па уште и доброволно се наклеветив себеси: дека за малку ќе го убиев! Но ете, не го убив, ме спаси мојот анѓел-чувар! — А вие не го зедовте в обзир тоа... Ете, затоа тоа е подло, подло! Зашто јас не го убив, не го убив, не го убив! Слушајте, државен обвинителу, не го убив!

Митја за малку што не се задави од силна возбуда. Додека траеше сослушувањето, ниеднаш не беше во таква состојба.

— А што ви рече тој, господа, Смердјаков? — доврши тој, по кратко молчење. — Можам ли да ве прашам за тоа?

— Вие можете да ме прашате за сè, — му одговори државниот обвинител со студен и строг израз, — за сè што се однесува до фактичката страна на делото, а ние, јас го повторувам тоа, сме должни да ви одговориме по повод секое прашање. Слугата Смердјаков, за кој прашате, го најдовме како лежи в постела, со необично силен настап на падавица, која, можеби, и по десетти пат едноподруго му се повторуваше. Лекарот што беше со нас, откако го прегледа болниот, ми рече дека можеби нема да биде жив до утре.

— Е, во таков случај татко ми е убиен од ѓаволот! — му се откина наеднаш на Митја, како сè до овој момент непрестајно да се прашувал себеси: „Смердјаков е или не е Смердјаков?“

— Ние пак ќе се вратиме на тој факт — рече Николај Парфенович — а сега, дали би сакале да го продолжите вашиот исказ?

Митја замоли за малку одмор. Учтиво му дозволија. Откако се одмори ,тој продолжи. Но очигледно му беше тешко. Беше измачен, навреден, и морално потресен. Притоа обвинителот, сега веќе како намерно, постојано почна да го лути со тоа што се фаќаше за „штогодни ситници“. Само што Митја опиша како, јавнат на оградата, го удрил со толчникот по глава Григорија, кој го фатил за левата нога, по кое Митја скокнал кај собориниот Григориј, кога обвинителот го запре и го замоли поподробно да опише како седел на оградата. Митја се зачуди.

— Па еве како седев ,ја имав јавнато, едната нога таму, а другата ваму . . .

— А толчникот?

— Толчникот в раце.

— Не беше ли во џебот? Точно ли се сеќавате за тоа? Освен тоа, силно ли замавнавте со раката?

— Веројатно силно, а зошто ви е тоа?

— Кога би сакале да седнете на столот точно така како тогаш на оградата, па да ни покажете очигледно, заради разјаснување, како и кога сте замавнале, на која страна?

— Ама да не ми се потсмевате вие мене? — го праша Митја горделиво и погледнувајќи го одвисоко, но овој дури и не мигна со окото.

Митја се растрепери, и се сврти, го јавна столот, па замавна со раката.

— Еве вака го удрив! Еве вака го убив! Да не сакате уште нешто?

— Благодарам. А дали би сакале да ни објасните: зошто сте скокнале долу, со каква намера, што сте имале всушност предвид?

— Па по ѓаволите... скокнав кај сопственикот... Не знам зошто!

— Во таква возбуда? И бегајќи?

— Да, во возбуда и бегајќи.

— Да не сакавте да му помогнете?

— Како да му помогнам... А можеби и за да му помогнам, не се сеќавам.

— Не сте биле присебен. Тоест, сте биле дури некако надвор од себеси?

— О, не! Никако не надвор од себеси, за сè се сеќавам. За сè до најмала ситница. Скокнав за да видам како е, па со шамичето му ја бришев крвта.

— Го видовме вашето шамиче. Сте се надевале дека ќе му го вратите животот на тој што сте го кутнале?

— Не знам дали се надевав. Просто сакав да се уверам дали е жив.

— А, значи, сте сакале да се уверите? Добро, потоа?

— Јас не сум лекар, не можев да утврдам. Погледнав, и си мислев дека сум го убил, а тој ете оживел.

— Многу убаво — довршиот државниот обвинител — ви благодарам. Мене само тоа ми беше потребно. Повелете продолжете понатаму!

За жал на Митја воопшто не му текна, иако добро се сеќаваше за тоа, да каже дека скокна од оградата кај старецот, од сожалување, и, дека откако застана над убиениот, дури изговори неколку зборови на сожалување: „Нагази, старецу, што ти можам — лежи

тука". А обвинителот изведе само еден заклучок: дека тој скокнал „во таков момент и во таква возбуда" само за да се увери точно дали е жив **единствениот** сведок на неговото злосторство. И според тоа, каква сила, решителност, ладнокрвност и присебност морало да има човекот во таков момент и . . . така натаму. Државниот обвинител беше задоволен: го раздразни болно возбудениот човек со „ситници", па му се одврза јазикот.

Митја со мака продолжи понатаму. Сега пак, го прекина Николај Парфенович:

— А како сте можеле да дотрчате кај слугинката Федосја Марковна кога ви биле толку крвави рацете а, како што се виде после, и лицето?

— Па тогаш јас не забележив дека сум крвав! — одговори Митја.

— Точно е тоа, тоа така и се случува — се загледа државниот обвинител во Николај Парфенович.

— Навистина, не ни забележив, тоа убаво го забележивте, државен обвинителу, — потврди Митја. А потоа почна историјата на ненадејното решение на Митја „да се тргне настрана" и „да ги пушти среќните пред себе". Но, не можеше како пред малку, повторно да го открива своето срце и да раскажува за „царицата на својата душа". Нему му беше одвратно пред тие студени луѓе што се „впиваат во него како дрвеници". И затоа, на повторените прашања изјави кратко и со стегнати заби:

— Да, имав решено да се убијам. За што имав да живеам? Тоа прашање само по себе изникнуваше пред мене. Се јави нејзиниот поранешен, неоспорен, нејзиниот навредувач кој дошол со љубов, по пет години, да го замачка злото со законит брак. И тогаш сфатив дека за мене сè е пропаднато . . . А зад мене срамота, и таа крв, крвта на Григориј. Зошто да живеам? Па така, отидов да си ги земам назад заложените пиштоли, да ги наполнам, и пред зорите да си втерам куршум во главата . . .

— А ноќта — бучна веселба?

— Ноќта бучна веселба. Но, по ѓаволите, господа, завршувајте побргу. Всушност, сакав да се убијам, ене, онаму во близина, веднаш зад селово; и ќе се пресметав со себеси, во пет часот изутрина; а имав приготвено во џебов писменце, го напишав кај Перхотин кога ги полнев пиштолите. Еве го писменцето, читајте. Ова не го кажувам поради вас! — додаде тој наеднаш со презир. Тој го извади писменцето од џебот од елекот и им го фрли на масата. Иследниците го прочитаа со задоволство, па, како што му е редот, го „приклучија“ кон актите.

— А сè уште не помислувавте да ги измиете рацете, дури ни кога влегувавте кај господин Перхотин? Значи, не се плашевте од сомневањата?

— Какви сомневања? Без обзир дали ќе се сомнева некој во мене, јас ќе дојдев ваму, и во пет часот ќе се убиев и вие ништо не ќе можевте да направите. Зашто, да не беше случајот со татко ми, ништо немаше да дознаете, немаше да дојдете ваму... О, тоа го сторил ѓаволот, ѓаволот го убил татко ми, преку ѓаволот и вие дознавте толку брзо! Како дојдовте ваму толку брзо? Чудо, фантастично чудо.

— Господин Перхотин ни кажа дека вие, кога сте дошле кај него, сте држеле во рацете... во окрвавените раце, пари, големи пари... Снопче банкноти од по сто рубли, и дека тоа го видело и момчето што го послужува.

— Така е, господа, се сеќавам дека беше така.

— Е, сега тука доаѓа едно мало прашање. Дали би можеле да ни кажете, — необично благо почна Николај Парфенович, — каде најдовте одеднаш толкави пари, кога од сè се гледа, дури и кога ќе се пресмета времето — дека не сте отишле дома?

Државниот обвинител малку се намурти поради тоа што прашањето беше поставено отворено, но не го прекина Николаја Парфенович.

— Не, не отидов дома, — одговори Митја навидум многу спокојно, но гледајќи вземи.

— Тогаш дозволете да го повториме прашањето, во таков случај, — продолжи Николај Парфемович,

како да му се приближува скришно на Митја, — од каде можевте наеднаш да набавите толкава сума штом, според вашето сопствено признание, уште во пет часот истиот ден...

— Имав потреба од десет рубли, па морав да ги заложам пиштолите кај Перхотин, потоа отидов кај Хохлакова, по три илјади, а таа не ми ги даде, и така натаму, сите тие ситници — остро го прекина Митја.

— Да, точно е, господа, немав пари, а наеднаш се појавија цели илјади, нели? Знаете што, господа? Сега и двајцата се исплашивте: „ами ако не каже од каде ги зел?" Така и ќе биде. Нема да ви каже, господа, погодивте, нема да дознаете — пресече Митја необично решително.

Иследниците малку помолчија.

— Сфатете, господине Карамазов, дека нам ни е од суштествена важност да го дознаеме тоа, — тивко и смирено рече Николај Парфенович.

— Разбирам, но сепак нема да ви кажам.

Тука во разговорот се замеша и државниот обвинител, па пак напомна дека обвинетиот, се разбира, може и да не одговара на прашањето, ако смета дека тоа е поповолно за него и тн., но со оглед на тоа каква штета може обвинетиот да си нанесе, со своето премолчување, особено со оглед на прашања од таква важност, како...

— И така натаму, господа, и така натаму. Доста! Веќе ја слушнав таа ваша декламација — пак прекина Митја. — Јас и самиот гледам од каква важност е работата, и дека токму тука е суштинската точка, но сепак нема да ви кажам.

— Најпосле, тоа не нè интересира нас, тоа не е наша работа, туку ваша, самиот си правите штета, — нервозно забележи Николај Парфенович.

— Видете,господа, да ја оставиме шегата! — го дигна Митја погледот и смело се загледа во двајцата. Уште од почетокот претчувствував дека ќе се судрам со вас на таа точка. Но, во почетокот кога пред малку почнав да зборувам, кај мене сè беше во далечна магла, сè беше во воздухот, и јас дури бев толку наивен, што го дадов предлогот за „меѓусебна заемна доверба".

Сега гледам дека не можело да има таква доверба, зашто сепак би дошле до проклетата ограда на градината! Па еве дојдовме! Не можам, и готово. Впрочем, јас не ве обвинувам вас, вие не можете мене да ми поверувате туку-така на гол збор; го сфаќам тоа!

Тој се намурти и замолчи.

— А дали можете, не нарушувајќи го ни најмалку вашето решение да го премолчите најважното, дали можете во исто време макар најмалку да ни загатнете за да насетиме кои се тие толку силни мотиви што ве натерале да молчите во толку опасен момент за вас?

Митја со тага некако замислено се насмевна.

— Јас сум многу подобар отколку што си мислите вие, господа. Ќе ви кажам зошто, и ќе ви овозможам да го насетите тоа, иако вие не заслужувате. Господа, јас молчам зашто тоа за мене е срамно. Во одговорот на прашањето: од каде ги зедов парите, за мене лежи таков срам, со кој не би можело да се спореди ни убиството, ни ограбувањето на татко ми, да, тоест, во случај да го убиев и да го ограбев. Ете зошто не можам да зборувам. Не можам од срам. Па, господа, ќе го запишете ли и тоа?

— Да, ќе го запишеме — промрмори Николај Парфенович.

— Не би требало да го запишувате тоа, тоа за „срамот". Зашто тоа ви го кажав само поради добрината на мојата душа, а можев и да не ви го кажев, јас тоа, така да се каже, ви го подарив, а вие бргу-бргу на хартија. Најпосле, пишете, пишете што сакате — со презир и со гадење заврши тој, — не се плашам од вас и . . . се гордеам пред вас.

— А дали би сакале да ни кажете каков е тој срам? — промрмори Николај Парфенович.

Државниот обвинител страшно се намурти.

— Не, не, c'est fini,[1]) не грижете се. А и не вреди да се валка човек. Веќе и така се извалкав од вас. Вие не заслужувате, ни вие, ни никој . . . Доста, господа — прекинувам!

---

[1]) најпосле (фр.)

Тоа беше изговорено премногу решително. Николај Парфенович престана да настојува, но од погледот на Иполит Кирилович за миг сфати дека овој не губи надеж.

— А дали би можеле барем да објасните колкава беше сумата во вашите раце кога влеговте со неа кај господин Перхотин!, тоест, всушност, колку рубли?

— Тоа не можам да ви го кажам.

— Ми се чини, вие на господин Перхотин сте му споменувале некакви три илјади, кои, наводно, сте ги добиле од госпоѓа Хохлакова.

— Можеби сум споменувал. Доста, господа, нема да ви кажам колку беа.

— Тогаш погрижете се да опишете како тргнавте за ваму и сè што направивте кога дојдовте ваму.

— Ох, за тоа прашајте ги сите овдешни. Најпосле, можам и да ви раскажам.

Тој раскажа, но раскажувањето нема да го наведуваме. Раскажуваше сувопарно, набрзина. За своите љубовни восхитувања, воопшто не зборуваше. Но, објасни како му минала решеноста да се убие, „поради новите факти.“ Раскажуваше не мотивирајќи, не впуштајќи се во подробности. А ни иследниците овој пат не го вознемируваа којзнае колку; и ним им беше јасно дека главната точка сега не е во тоа.

— Ние ќе го провериме сето тоа, на сето тоа ќе се вратиме при распитот на сведоците, кој, се разбира, ќе се врши во ваше присуство, — го заврши сослушувањето Николај Парфенович. — А сега дозволете да ви се обрнам со молба да ги изнесете овде на масава сите предмети што се наоѓаат кај вас, и, што е најважно, сите пари што ги имате.

— Парите, господа? Повелете, знам дека треба. Јас дури се чудам како за тоа досега не бевте љубопитни. Вистина, јас нема никаде да одам, се наоѓам пред вашите очи. Но, еве ги. Еве ги моите пари. Еве ви ги па бројте ги, земете ги, сè е тука, изгледа.

Тој извади од џебовите сè, дури и ситните пари; две парчиња од по дваесет копејќи, извади од џебот на

елекот. Ги изброија парите, имаше осумстотини триесет и шест рубли и четириесет копејки.

— И тоа е сè? — праша иследникот.

— Сè.

— Вие пред малку повелавте да кажете, давајќи ги вашите искази, дека во дуќанот на Плотникови сте оставиле триста рубли. На Перхотин сте му дале десет, на коларот дваесет, потоа на карти сте изгубиле двесте, потоа . . .

Николај Парфенович наброи сè. Митја му помогна со задоволство. Се сетија за секоја копејка и ја пресметаа. Николај Парфенович на брза рака ја направи сметката.

— Со тие осумстотини, значи првобитно сте имале само околу илјада и петстотини.

— Веројатно, пресече Митја.

— Па зошто тогаш сите тврдат дека сте имале многу повеќе?

— Нека тврдат.

— Ама и вие тврдевте.

— И јас тврдев.

— Ние ќе го провериме сето тоа со сведочењето на други лица несослушани. А колку за парите, за тоа не грижете се, тие ќе бидат зачувани каде што треба, и ќе ви стојат на располагање откога ќе заврши сево ова . . . ова што започна . . . ако се покаже или, така да се каже ,ако се докаже дека имате неоспорно право на нив. Да, а сега . . .

Николај Парфенович наеднаш стана и решително му соопшти на Митја дека е „приморан и должен“ да изврши најподробен и најточен преглед „како на вашата облека така и на сè“ . . .

— Повелете, господа. Можам и да ви ги превртам сите џебови, ако сакате.

И навистина тој зеде да ги превртува џебовите.

— Потребно е дури и да се слечете.

— Како? Да се слечам? Ух, по ѓаволите! Па претресете ме вака! Не може ли вака?

— Воопшто не може, Дмитриј Фјодорович. Треба да ја слечете облеката.

— Како што сакате, — им се потчини Митја намуртено. — Само, ве молам, не овде, туку зад завесава, кој ќе ме претресува?

— Се разбира, зад завесава, — нишна со глава Николај Парфенович во знак на одобрување. Неговото лице изрази дури некакво посебно достоинство.

VI

Обвинителот го фати Митја

Започна нешто за Митја сосем неочекувано и чудно. Порано, дури ни една минута пред ова, тој воопшто не можеше да претпостави дека некој би можел така да се однесува спрема него, спрема Митја Карамазов. Што е најважно, настапи нешто понижувачко, а од нивна страна „високомерно и спрема него презриво". Најпосле, не ќе беше ништо да требаше да го слече само палтото, но тие го замолија да се слекува и понатаму. И не само што го замолија, туку, всушност, му наредија. Тој многу добро го сфати тоа. Поради гордост и презир, тој сосем се потчини, без збор. Зад завесата, покрај Николај Парфенович, влезе и државниот обвинител. Присуствуваа и неколку селани, „се разбира, заради сигурност" си помисли Митја, „а, можеби, и поради нешто друго".

— Што, и кошулава ли да ја слечам? — остро праша тој, но Николај Парфенович не му ни одговори: тој заедно со државниот обвинител беше задлабочен во разгледување на палтото, панталоните, елекот и капата, и, очигледно и двајцата многу беа заинтересирани со прегледот. „Ни малку не им е незгодно" — му светна на Митја во главата, — „не внимаваат дури ни на најнеопходната учтивост".

— Ве прашувам по втор пат: треба или не треба да ја слекувам кошулава? — проговори тој уште поостро и пораздразнет.

— Не грижете се, ќе ви кажеме, — некако старешински одговори Николај Парфенович, така барем му се стори на Митја.

Тогаш, иследникот и државниот обвинител се советуваа за нешто со шепот. На палтото, особено на левата пола, одзади, најдоа големи дамки од крв, засирена, поткорена но уште нестврдната. На панталоните, исто така. Николај Парфенович, освен тоа, со своја рака, пред присутните селани помина со прстот по јаката и манжетните, по сите рабови на капутот и панталоните, очигледно нешто барајќи — се разбира, пари. А што е најважно ,од Митја не го криеја сомневањето дека тој можел и дека бил способен да ги зашие парите во костумот. „Значи, исто како со крадец, а не како со офицер," промрмори тој во себеси. А еден на друг си ги соопштуваа мислите пред него чудно отворено. На пример, писарот, кој исто така се најде зад завесата и кој се вртка околу нив, и им помагаше, му обрна внимание на Николај Парфенович на капата, која исто така ја испипаа: „Се сеќавате ли за писарот Гриденка?" — забележи писарот — „Летоска отиде да прими плата за целата канцеларија, а кога се врати, рече, дека ги загубил парите во пијана состојба; а каде се најдоа парите? Ете токму во поработ на капата; стотките беа свиткани во траби, и зашиени во поработ". Фактите со Гриденка добро ги паметеа и иследникот и државниот обвинител, па затоа и капата на Митја ја ставија настрана, и заклучија дека и неа ќе мораат да ја прегледаат внимателно, како целиот костум.

— Дозволете — викна наеднаш Николај Парфенович, кога забележи дека навнатре потвитканата манжетна на десниот ракав од кошулата на Митја сета е извалкана со засирена крв — дозволете, што е ова? Ова, изгледа, е крв?

— Крв — пресече Митја.

— Тоест, каква крв... И зошто е подвиткана внатре.

Митја им раскажа како ја извалка манжетната кога се маткаше околу Григориј, и како ја подвитка уште кај Перхотин, кога си ги миеше рацете.

— Вашата кошула, исто така, ќе ја земеме, тоа е многу важно... како материјален доказ.

Митја поцрвени и се разбесни.

— Значи ,јас ќе останам гол? — викна тој.

— Не грижете се... ќе уредиме некако; а засега погрижете се да ги слечете и чорапите.

— Ама вие се шегувате! Навистина ли е потребно тоа? — ги пресече со погледот Митја.

— Нам не ни е до шега! — строго го одби, Николај Парфенович.

— Најпосле, ако треба... јас... — почна да мрмори Митја, и откако седна на постелата, зеде да ги слекува чорапите. Му беше многу незгодно. Сите облечени, а тој гол, и чудно — така гол, тој како да почувствува дека е виновен пред нив, и, што е најважно, беше речиси согласен дека навистина наеднаш станал подолен од сите, и дека тие сега веќе имаат полно право да го презираат. „Кога се сите голи, некако не ти е срам, а кога си само ти, па те гледаат сите — срамота е!“ — му минуваше постојано низ главата. „Како на сон; на сон понекогаш сум издржувал таков срам“. А да ги слече чорапите, тоа дури му беше и тешко; беа многу нечисти; па и долната облека; и сега сите го видоа тоа. А што е најважно, тој самиот не ги сакаше своите нозе, тој поради нешто постојано наоѓаше дека палците на обете нозе му се криви, особено едниот груб, сплескан, некако надолу свиткан ноктот на десната нога. И ете сега сите ќе го видат тоа. Од неиздржлив срам Митја наеднаш стана уште погруб, — намерно груб. Самиот си ја слече кошулата.

— Да не сакате да побарате уште на некое место, ако не ви е срам?

— Не, засега не е потребно.

— Па зарем вака да останам? — бесно додаде тој.

— Да, за сега тоа е неопходно... Погрижете се засега да седнете овде; можете да го земете и јорганот од постелата, па да се завиткате, а јас... јас ќе уредам сè.

Сите работи им ги покажаа на присутните селани, составија записник на прегледот и претресот, и најпосле Николај Парфенович излезе, а алиштата ги изнесоа по него. Излезе, исто така, и Иполит Кирилович.

Со Митја останаа само селаните, кои стоеја и молчеа, не тргајќи ги очите од него. Митја се завитка во јорганот, фати да му студи. Неговите голи нозе, стрчеа надвор, и тој никако не можеше да го навлече преку нив јорганот за да ги покрие. Николај Парфенович поради нешто долго време не се враќаше, „мачно долго", „ме смета за куче", чкрташе со забите Митја. „Тој гад, државниот обвинител, исто така, си отиде; веројатно од презир; му се згади од гледање гол човек.

Митја сепак сметаше дека неговата облека ќе ја прегледаат некаде и ќе му ја вратат назад. Но какво беше неговото негодување кога Николај Парфенович наеднаш се врати со сосем друга облека што по него ја носеше еден селанец.

— Е, еве ви облеки — рече тој слободно, многу задоволен дека успеал да му најде алишта. Ова ви го подарува господин Калганов во овој необичен случај, исто така, и чиста кошула. За среќа, тој ги имал во неговиот куфер. Колку за долната облека и за чорапите, можете да си ги задржите вашите.

Митја страшно пламна:

— Не сакам туѓа облека! — викна тој заканувачки. — Дајте ми ја мојата.

— Не е можно.

— Дајте ми ја мојата. Пустина да фати и Калганов, и неговата облека!

Долго време го убедуваа. Сепак некако го смирија. Го уверија дека неговото облекло, бидејќи е крваво, мора да биде „приклучено кон збирката на материјалните докази", и дека тие сега „дури немаат ни право" да му ги остават да ги облече ... „со оглед на тоа како може да заврши делото." Митја најпосле успеа да го сфати тоа. Тој намуртен молчеше па, сепак, почна да се облекува. Само, облекувајќи го костумот забележи дека е подобар од неговиот стариот, и дека тој не би сакал да „користи". Освен тоа „е понижувачки тесен". Да не треба да изигрувам кловн во него ... да ве забавувам?

Пак го уверија, дека и во тоа претерува; дека господин Калганов вистина е повисок од него, но само

малку, а дека само панталоните можеби ќе му бидат малку подолги. А палтото навистина му беше тесно во рамениците.

— Ѓавол да го земе, тешко може да се закопча — промрмори Митја, — бидете љубезни, повелете од моја страна сега да му соопштите на господин Калганов дека јас не го барав од него костумов и дека ме облекоа како будала.

— Тој многу добро го сфаќа тоа и му е жал... тоест, не го жали костумот, туку поради целиот случај — рече Николај Парфенович со некакво двоумење.

— Плукам јас на неговото сожалување! А сега каде? Или постојано ќе седам овде?

Го замолија пак да оди во „онаа соба". Митја отиде намуртен и лут, и грижејќи се да не гледа во никого. Во туѓ костум, тој се чувствуваше многу посрамен, дури и пред селаните и пред Трифон Борисич, чие лице наеднаш за миг се покажа на вратата и исчезна. „Дојде да го види кловнот", си помисли Митја. Тој седна на својот поранешен стол. Нему му се приторуваше нешто кошмарно, и бесмислено, му се чинеше дека се мрднал од умот.

— А што ќе правите сега? Ќе почнете да ме тепате или нешто друго? Зашто не останува ништо друго, — зачкрта тој со забите, свртувајќи се кон државниот обвинител.

На Николај Парфенович тој веќе не сакаше да му се обрнува, зашто немаше намера да го удостои да зборува со него. „Премногу внимателно ги разгледуваше моите чорапи, па уште нареди, подлиот, да ги свртам наопаку. Тоа го правеше намерно, за да им покаже на сите колку ми е нечиста облеката".

— Сега ќе мораме да минеме на распит на сведоците, — рече Николај Парфенович одговарајќи на прашањето од Дмитриј Фјодорович.

— Да — проговори замислено државниот обвинител, кој, исто така, нешто размислуваше.

— Дмитриј Фјодорович, ние направивме колку што можевме во ваш интерес — продолжи Николај

Парфенович, — но бидејќи вие решително одбивате да ни дадете објаснување во однос на потеклото на парите, што се наоѓаа кај вас, ние во овој момент . . .

— А каков ви е тој прстен? — наеднаш го прекина Митја, како да излегува од некаква замисленост покажувајќи со прстот еден од трите големи прстени што му ја украсуваа раката на Николај Парфенович.

— Прстен? — праша од своја страна зачудено Николај Парфенович.

— Да, тој . . . Тој на средниот прст, тој со жиличките, каков е тој камен? — настојуваше Митја некако раздразнето, како тврдоглаво дете.

— Тоа е сив топаз, — се насмевна Николај Парфенович, — сакате ли да го видите, да го извадам?

— Не, не, не вадете го! — како низ заби процеди Митја, наеднаш тргнувајќи се и налутувајќи се себеси — не вадете го, не треба . . . По ѓаволите . . . Господа, вие ми ја испоганивте душава! Па зар вие мислите дека јас ќе криев од вас ако навистина го имав отепано татко ми, зарем навистина ќе мрдав, ќе лажев и ќе се криев? Не, не е таков Дмитриј Карамазов, тој не би го издржал тоа; да бев виновен, ви се колнам, немаше да го чекам вашето доаѓање ваму, ниту излезот на сонцето, како што имав намера во почетокот, туку ќе се уништев себеси, без да го дочекам разденувањето! Го чувствувам тоа, сега по себеси. Во дваесеттите години, на мојот живот јас немаше да научам толку колку што дознав во оваа една проклета ноќ . . . И зарем таков, зарем би бил таков оваа ноќ и во овој миг, седнат до вас; зарем би зборувал така, зарем би се грижел така, зарем така ќе гледав во вас и во светот, ако навистина бев таткоубиец, кога дури и убиството на Григориј што не го извршив намерно не ми даваше мир цела ноќ! Не од страв, о! Не само поради страв од вашата казна! Туку од срам! А вие сакате вам, такви подбивачи какви што сте вие, кои ништо не гледаат и во ништо не веруваат, слепи кртици и подбивачи, да ви откријам и да ви раскажам уште една своја нова подлост, уште еден нов срам, дури и ако тоа ме спаси од вашето обвинување? Подобро на робија! Оној што

ја отворил вратата на татко ми, и влегол низ таа врата, тој го убил, тој и го ограбил. Кој е тој — јас не можам да смислам, но тоа не Дмитриј Карамазов, знајте! И, ете, тоа ви е сè што можам да ви кажам, и доста, не додевајте ми... Испратете ме во прогонство, обесете ме, но не раздразнувајте ме повеќе. Јас замолчив. Викнете ги вашите сведоци.

Митја својот ненадеен монолог го изговори, како најпосле да се решил отсега да молчи. Државниот обвинител за сето време го гледаше, и само што Митја замолчи тој со најладнокрвен и најспокоен израз изговори како да кажува некаква нелогична работа:

— Ете токму по повод таа отворена врата, што ја споменавте сега, ние токму во овој момент можеме да ви соопштиме еден необичен интересен и во голема мера и за вас и за сите важен исказ на старецот Григориј Василевич, кого вие го ранивте. Тој, откако дојде на себе, јасно и упорно ни соопштува дека веднаш по доаѓањето на излезните скали, бидејќи слушнал некаков шум во градината решил да влезе во градината низ вратата што била отворена; а, кога влегол во градината, уште пред да ве забележи вас како бегате во темницата откај отворениот прозорец. во кој сте го виделе вашиот родител, — тој, Григориј, фрлајќи поглед влево, го видел навистина отворениот прозорец, а воедно, бидејќи била многу поблиску до него, ја забележил и ширум отворената врата, за која вие изјавивте дека за сето време додека сте биле во градината била затворена. Од вас нема да скријам дека Василевич со сигурност заклучува и тврди дека вие сте морале да истрчате низ вратата, иако, се разбира, не видел со свои очи како сте истрчале, зашто првпат ве забележил веќе на извесно растојание од себе, сред градината, кога сте бегале накај оградата...

Митја го прекина говорот и скокна од столот.

— Глупости! — викна тој, наеднаш надвор од себеси, — дрска лага! Тој не можел да ја види оатворената врата, затоа што таа тогаш беше затворена... Тој лаже...

— Сметам дека ми е должност да ви повторам, дека неговиот исказ е решителен. Тој не се двоуми. Тој останува на своето. Ние неколкупати го препрашувавме.

— Јас навистина неколкупати го препрашав! — пламено потврди и Николај Парфенович.

— Не е вистина, не е вистина. Тоа е или клевета против мене, или халуцинација на полуден, — викаше Митја понатаму. — Просто, ете, така, нему во бесвеста, во крвта, од раните, му се сторило така, кога дошол на себеси... Тој просто блада.

— Да, но тој не забележил дека е отворена вратата кога се освестил по ударот, туку уште пред тоа, кога влегувал во градината од куката во дворот.

— Ама не е вистина, не е вистина, тоа не може да биде! Тој клевети од пакост... Тој не можел да види.. Јас не влегов низ вратата! — се прпелкаше Митја.

Државниот обвинител се сврти кон Николај Парфенович и важно му рече:

— Покажете му.

— Познат ли ви е овој предмет? — наеднаш Николај Парфенович стави на масата голем канцелариски плик од дебела хартија на кој уште се гледаа три цели печати.

Пликот беше празен, и скинат од едната страна. Митја со раширени очи се загледа во него.

— Ова... ова е, веројатно, пликот на татко ми... — промрмори тој — оној во кој се наоѓаа трите илјади... И ако има натпис дозволете: „На пиленцето“... Ете, три илјади — викна тој — три илјади, гледате ли?

— Се разбира, гледаме, само во него не најдовме пари, беше празен и лежеше на подот, крај постелата, зад параванот.

Неколку секунди Митја стоеше како ошумоглавен.

— Господа, тоа е Смердјаков! — викна тој наеднаш со сета сила — тој го убил, тој го ограбил! Зашто само тој знаеше каде го има скриено пликот старецот... Тој е, сега е јасно!

— Но и вие знаевте за пликот и дека лежи под перницата.

— Никогаш јас не сум го знаел тоа, никогаш не сум го видел! Сега го гледам првпат, а порано слушнав само од Смердјаков... Само тој знаеше каде ги чува старецот тие пари, а јас не знаев... — сосем се задуши Митја.

— Меѓутоа, вие самиот пред малку ни посведочивте дека покојникот пликот го чувал под перница. Вие рековте дека бил под перница. Значи, сте знаеле, каде стоел.

— Ние така и напишавме! — потврди Николај Парфенович.

— Бесмислица! Јас не знаев дека е под перницата! А можеби и не се наоѓал под перницата! Јас туку-така реков дека е под перницата... А што вели Смердјаков? Го прашавте ли него каде бил пликот? Што вели Смердјаков? Тоа е важното... Јас нарочно сè префрлав врз себе... Јас ве излажав без да знам дека го држел под перница, а вие сега... Но, знаете, му се лизнува на човека од јазикот и кажува лага. А знаеше само Смердјаков, единствено Смердјаков, и никој повеќе... Тој ни мене не ми довери каде е пликот! Тој е, тој е убиецот; несомнено тој го има убиено; сега тоа ми е јасно како ден, — викаше сè повеќе и повеќе во занес Митја, повторувајќи ги своите зборови без врска, распалувајќи се и збеснувајќи. — Разберете што ви кажувам, уапсете го што побргу, што побргу... Тој го убил кога јас побегнав, и кога Григориј лежеше во несвест, сега тоа е јасно... Тој му дал знак и татко ми му отворил... Зашто само тој ги знаеше тие знаци, а без знаците татко ми не би му отворил никому.

— Вие пак ја заборавате околноста, — забележи државниот обвинител, уште воздржано, но, веќе речиси победоносно, — дека не било ни потребно да се дава знак, кога вратата веќе била отворена уште додека сте биле вие таму, додека вие сте се наоѓале во градината...

— Вратата, вратата, — мрмореше Митја и немо се загледа во државниот обвинител, тој премалено се спушти на столот. Сите замолчија.

— Да, вратата!... Тоа е фантомот! Господ е против мене! — викна тој, сега веќе сосем без мисла гледајќи пред себе.

— Ете гледате, — рече државниот обвинител, со важен изглед — размислете и самиот, Дмитриј Фјодорович: од една страна, исказот за отворената врата, од која сте истрчале вие, што ве притиска и вас и нас; од друга страна, вашето несфатливо, упорно и речиси тврдоглаво молчење во однос на потеклото на парите што се појавија наеднаш во вашите раце, иако вие само пред три часа, според вашето сопствено признание, сте ги заложиле пиштолите за да добиете само десет рубли! Со оглед на тоа, кажете самиот, во што да веруваме, и на што да се задржиме? И немојте да ни префрлате дека сме „студени циници и подбивачи", што не се способни да им веруваат на благородните стремежи на вашата душа... Напротив, пренесете се во нашата положба.

Митја беше возбуден до крајни граници и — блед.

— Добро! — викна тој наеднаш, — ќе ви ја откријам мојата тајна, ќе ви откријам од каде ми се парите! Ќе ви го доверам мојот срам, за да не се обвинувам после себеси, а да не ве обвинувам ни вас.

— И верувајте, Дмитриј Фјодорович — прифати Николај Парфенович со некаков блажен радосен глас, — дека секако вашето искрено и целосно ваше признавање, направено особено во сегашниов момент, подоцна, многу може да влијае за да се олесни вашата судбина ,и освен тоа...

Но државниот обвинител лесно го подбуцна под масата, и овој успеа навреме да прекине. Вистина, Митја не го ни слушаше.

VII

Големата тајна на Митја. Го исвиркаа

— Господа — почна тој во истата возбуденост — парите... ќе ви признам наполно... тие пари беа **мои.**

На државниот обвинител и на иследникот им се издолжија лицата, тие воопшто не очекуваа такво нешто.

— Како ваши — промрмори Николај Парфенович — кога уште во пет часот попладне, според вашето сопствено признание . . .

— Ех, по ѓаволите, и од пет часот истиот ден, и сопственото признание! Сега не е работата во тоа! Тие пари беа мои, мои, тоест мои украдени . . . Не се мои, тоест — туку украдени. Јас ги украдов, и имаше илјада и петстотини, и тие беа кај мене, за целото време кај мене . . .

— Ама од ќаде ги зедовте?

— Од вратов, господа, ги зедов, од вратов, еве од овој мој врат . . . Овде беа, на мојов врат, зашиени во крпа ми висеа на вратов, веќе одамна — еден месец на вратов со срам ги носев.

— А од кого ги . . . присвоивте.

— Вие сакавте да кажете ги „украдовте?“ Сега кажувајте ги зборовите сосема отворено, да, јас сметам дека тоа е така, како да сум ги украл; а ако сакате, јас ги „присвоив“. Но според моето сфаќање, ги украдов. А синоќа веќе сосем ги украдов.

— Синоќа? Па вие сега рековте дека има веќе еден месец како сте ги . . . набавиле!

— Да, ама не од татко ми, не од татко ми, не грижете се, не ги украдов од татко ми, туку од неа. Оставете ме да ви раскажам и не прекинувајте ме. Зашто тоа е тешко. Гледајте: пред еден месец ме викна мене Катарина Ивановна Верховцева ,моја бивша свршеница . . . Ја познавате ли?

— Како да не, ве молам.

— Знам дека ја познавате. Најблагородната душа, најблагородната меѓу најблагородните, но која одамна веќе ме има замразено, о, одамна, одамна . . . Ама и заслужив — заслужив таа да ме замрази!

— Катарина Ивановна? — изненадено го праша истражникот.

Државниот обвинител, исто така, неподвижно се загледа во него.

— О, не изговарајте го нејзиното име напразно! Јас сум подлец, што ја споменувам овде. Да ,јас видов дека ме замрази . . . одамна, од почетокот, уште од нејзината посета таму во мојот стан . . . Но доста, доста,

вие сте дури недостојни да го знаете тоа, тоа воопшто не е потребно . . . Потребно е само ова дека таа ме викна пред еден месец, ми даде три илјади за да ѝ се испратат на нејзината сестра и на уште една роднина во Москва (како да не можеше сама да си ги испрати), а јас . . . тоа беше токму во судбоносниот момент на мојот живот, кога . . . но, со еден збор, кога само што имав засакано друга, неа, сегашнава, ене ја седи онаму долу, Грушенка . . . Тогаш јас неа ја доведов ваму, во Мокрое, и за два дена ги потрошив половината од проклетите три илјади, тоест илјада и петстотини, а другата половина ја задржав кај мене. Е, ете ви ги, тие илјада и петстотини што ги задржав и ги носев со себе на вратов, наместо амајлија ,а вчера ги извадив и ги испив. Остатокот од осумстотини рубли сега е во вашите раце, Николај Парфенович; тоа е кусурот од вчерашните илјада и петстотини.

— Дозволете, како тоа? Вие овде сте потрошиле пред еден месец три илјади, а не илјада и петстотини, сите го знаат тоа.

— А кој го знае тоа? Кој броеше? На кого му дадов јас да брои?

— Ама ве молам, самиот сте им кажувале на сите дека тогаш сте испиле точно три илјади.

— Вистина, кажував, му кажував на целиот град, и, за тоа зборуваше целиот град, и сите сметаа така, и овде, во Мокрое, исто така, сите сметаа дека беа три илјади. Но јас сепак тогаш не испив три илјади, туку илјада и петстотини, а другите илјада и петстотини ги сошив во ќесе; ете, така беше, господа, ете, оттаму беа вчерашните пари . . .

— Тоа е речиси фантастично, — промрмори Николај Парфенович.

— Дозволете да ве прашаме — рече најпосле државниот обвинител — дали вие порано сте зборувале со некого за таа работа? . . . Тоест, дека уште тогаш сте задржале илјада и петстотини, тогаш пред еден месец, сте задржале кај себе?

— Со никого не сум зборувал.

— Тоа е чудно. Зарем навистина сосем со никого?

— Со никого на светов. Со никого, и просто со никого.

— Ама зошто такво молчење? Што ве натера да направите таква тајна од тоа? Или, да се изјаснам поточно: вие најпосле, ни ја соопштивте вашата тајна, според вашите зборови толку „срамна", иако, всушност, тоест, се разбира ,само релативно речено, таа постапка, тоест присвојувањето на туѓите три илјади рубли, и, без сомневање, само привремено — таа постапка, според моето сфаќање, во голема мера, е само лесномислена постапка, но не и толку срамна, ако се земе, освен тоа, во обзир и вашиот карактер... Добро да речеме, прилично неприлега на постапка, признавам, но, не неприлегано уште не значи и срамно... Тоест, јас зборувам во таа смисла дека мнозина во овој месец и без вашето признание сметаат со тие три илјади на госпоѓицата Верховцева, што вие ги потрошивте — и самиот ја имам слушнато таа приказна... Ја има слушнато, на пример, и Михаил Макарович. Така што, најпосле, тоа веќе не е легенда, туку сплетка на целиот град. Освен тоа ,има траги дека и вие самиот, ако не се лажам, на некого сте му признале, тоест, дека тие пари се од госпоѓицата Верховцева, и затоа сега премногу се чудам што досега, до последниов момент, ги завиткувавте во толку необична тајна тие, како што велите, оставени илјада и петстотини, надоврзувајќи за таа ваша тајна дури некаков ужас... Неверојатно е зошто преживувате такви маки за да ја признаете таа тајна... До пред малку викавте дека би било подобро да се оди на робија, отколку да се признае тоа.

Државниот обвинител замолчи. Тој се налути и не ја криеше својата лутина, речиси бес; изложи сè што му беше собрано во срцето, дури не водејќи сметка за убавината на стилот, тоест, без доволно поврзаност и речиси збунето.

— Не беше срамотата во илјадаипетстотините, туку во тоа што илјада и петстотини одвоив од тие три илјади, — цврсто рече Митја.

— Тогаш што има, — зајадливо се насмевна државниот обвинител, — што има срамно, всушност, во тоа што по своето наоѓање сте одвоиле половина од

тие три илјади, кои неприлегано, или ако веќе така сакате, и — срамно сте ги зеле? Поважно е дека сте ги присвоиле трите илјади, а не како сте постапувале со нив. А, навистина, зошто постапивте така, тоест, одвоивте половина од нив? Зошто, за каква цел го направивте тоа?

— О, господа, во таа цел, всушност, и е сета работа! — викна Митја. — Ги одвоив поради својата подлост, тоест од сметка, зашто во тој случај сметката е подлост... И цел месец траеше таа подлост.

— Несфатливо.

— Ви се чудам. Најпосле, да приобјаснам, зашто можеби навистина и не е сфатливо. Гледајте, сега следете ме, јас ги присвојувам трите илјади доверени на мојата чест, со нив пијанчам, ги испивам сите, утредента доаѓам кај неа и ѝ велам: „Катја, виновен сум, ги загубив сите твои три илјади“ — е убаво ли е тоа? Не, не е убаво — нечесно и малодушно е: sвер и човек кој не умее да се заузда до sверство, така ли е, така ли е? А сепак не сум крадец! Не сум вистински крадец, не сум, признајте! Ги испив, но не ги украдов! А сега, еве уште еден, уште поповолен случај — следете ме, господа, инаку пак можеби ќе се збунам, — како да ми се врти умов — значи, друг случај: потрошувам само илјада и петстотини од трите илјади, тоест половината. Утредента доаѓам кај неа, и ѝ ја враќам таа половина: „Катја, земи ја од мене, никаквец и лесномислен подлец, оваа половина, зашто другата половина ја испив, па ќе ја испијам и оваа земи ја, значи, за да бидам што подалеку од гревот.“ Ајде, што би станало во тој случај? Сè што сакате, и sвер и подлец, но сепак не сум крадец; не сум сосем крадец, зашто да бев крадец, сигурно немаше да ги донесам половината пари, туку ќе ги присвоев и нив. Тогаш таа би видела: штом ги донесол половината, ќе ги донесе и другите, тоест, оние што ги испил; цел живот ќе бара, ќе работи, но ќе најде и ќе ги врати. На тој начин јас сум подлец, а не сум крадец, не сум крадец, речете што сакате, но не сум крадец!

— Да речеме дека има некаква разлика, — студено се насмевна обвинителот. — Но чудно е сепак зошто вие во тоа гледате толку кобна разлика.

— Да, јас гледам толку кобна разлика! Подлец може да биде секој, и најпосле и е секој, но крадец не може да биде секој, туку само архиподлец. Да, секако, јас не се разбирам многу од тие нијанси... Само, крадецот е поподал од подлецот, такво е моето убедување. Слушајте, јас ги носам парите цел месец на мене, но утре можам да се решам да ги вратам, и тогаш веќе не сум подлец, но не можам да се решам, тоа е главното, иако секој ден се убедувам ,иако секој ден се поттикнувам: „Реши се, реши се, подлецу!“ и, ете, цел месец не можев да се решам, гледате ли! Како, убаво ли е тоа, според вас, убаво ли е?

— Па, да речеме, не е најубаво; тоа одлично можам да го сфатам, и со вас за тоа не се расправам, — воздржано одговори обвинителот. — Но, воопшто да го одложиме понатаму секое расправање за тие финеси и разлики; и, ако се согласувате, да минеме на делото. А работата е, имено, во тоа, дека вие уште не повелавте да ни објасните ,иако ве прашавме, зошто првобитно ги поделивте тие три илјади, тоест — едната половина ја потрошивте, а другата ја зачувавте? Всушност, зошто ја скривте, всушност, за што сакавте да ги употребите одвоените илјади и петстотини? Јас посебно инсистирам на тоа прашање, Дмитриј Фјодорович.

— Ах, навистина — викна Митја, удирајќи се по челото, — простете, јас ве мачам, а главното не ви го објаснувам, инаку вчас би разбрале; зашто во целта, во таа цел, всушност, и е срамотата! Гледате ли, за сè причина е покојниот старец: тој непрестајно ја збунуваше Аграфена Александровна, а јас бев љубоморен, сметав дека таа се крши помеѓу мене и него; па секој ден си размислував: што ќе биде ако наеднаш реши, ако ѝ здодее да ме мачи ,па ми рече: „Тебе те сакам, а не него, води ме на крајот на светот“ — а јас имам само четириесет копејки во џебот. Како ќе ја одведеш, што ќе правиш тогаш? — ти си пропаднал! Зашто то-

гаш не ја знаев, ниту ја сфаќав; мислев дека нејзе ѝ се потребни пари и дека таа нема да ми прости за моето сиромаштво. И, ете, така подмолно ги избројав половината на трите илјади и ладнокрвно ги сошив со игла, ги сошив со рачна, ги сошив уште пред оргијата, а после, откога веќе ги сошив со другата половина отидов да пијанчам. Ете, тоа е подлоста! Сега сфативте ли?

Државниот обвинител гласно се насмеа, иследникот, исто така.

— Според моето сфаќање, дури е умно и карактерно што сте се воздржале и не сте потрошиле сè! — се засмеа Николај Парфенович, — тука нема ништо особено.

— Ама тоа дека украдов ,ете што. О, господи, вие мене ме вцашувате со несфаќањето! Целото време, додека ги носев тие илјада и петстотини сошиени на градите ,јас секој ден и секој час си велев: „Ти си крадец ,ти си крадец!“ Затоа и беснеев така тој месец, затоа и се тепав во крчмата, затоа го истепав и татко ми, зашто се чувствував како крадец! Дури и на Аљоша, на брат ми, не се осмелив, ниту смеев да му се доверам за тие илјада и петстотини: толку чувсвтував дека сум подлец и никаквец! Но знајте, додека го носев тоа, јас секој ден и секој час си велев: „Не, Дмитриј Фјодорович, ти можеби и не си крадец! Зошто? Па, ете, затоа што утре можеш да одиш и да ѝ ги вратиш тие илјада и петстотини на Катја“. И дури вчера кога одев откај Фења кај Перхотин се решив да ја тргнам амајлијата од вратот, а во тој момент не можев да се решам; и само што ја тргнав, истиот момент, станав вистински и несомнен крадец, крадец и нечесен човек, за целиот свој живот! Зошто? Затоа што заедно со амајлијата ја прекинав и својата мечта дека ќе одам кај Катја и ќе ѝ речам: — „Јас сум подлец, но не сум крадец!“ Сфаќате ли сега? Сфаќате ли?

— А зошто на тоа се решивте токму синоќа? — го прекина Николај Парфенович.

— Зошто? Смешно прашање. Затоа што се осудив себеси на смрт, во пет часот изутрина, овде, во зорите: „И така е сеедно си помислив, дали ќе се умре како

подлец или како чесен човек"! Но излезе дека не е сеедно! Верувате ли, господа: во таа ноќ мене не ме мачеше најмногу тоа дека го убив стариот слуга и дека ми се заканува Сибир, — и тоа кога? — тогаш кога се круниса мојата љубов, и кога небото повторно ми се отвори! — О, и тоа ме мачеше, но не така, сепак не така ,како проклетата мисла најпосле сум ги откинал од градите проклетите пари и сум ги потрошил, поради што сега сум веќе вистински крадец. О, господа, ви повторувам со крвта на соето срце: во таа ноќ дознав многу! Дознав не само дека не е возможно да се живее како подлец ,туку дека не е возможно и да се умре како подлец . . . Не, господа, треба да се умре чесно . . .

Митја беше блед. Неговото лице имаше израз на исцрпен и измачен човек, иако беше згорештен до крајност.

— Јас почнувам да ве сфаќам, Дмитриј Фјодорович, — развлече државниот обвинител благо и божем сочувствено, — но сепак, сето тоа, според моето сфаќање — речете вие што сакате — произлегува од нервите . . . Од вашите болни нерви, тоа е. Зошто, на пример, вие со цел да се спасите од толкави маки, скоро еден месец не отидовте да му ги вратите тие илјада и петстотини на лицето што ви ги доверило, па откако би се објасниле со него, со оглед на вашата тогашна положба, многу ужасна, како што ја прикажувате, зошто не би направиле обид за нешто што во таква ситуација на човека природно му доаѓа на ум, тоест, откако благородно би сте ја признале вашата грешка, зошто не би ја замолиле неа да ви ја даде сумата потребна за вашите издатоци, која таа, со своето великодушно срце, и гледајќи ја вашата збунетост, се разбира, не би ви ја откажала, особено ако ѝ дадевте некаков документ или, најпосле, макар гаранцијата што сте им ја предложиле на трговецот Самсонов и на госпоѓа Хохлакова? Вие и сега тоа обезбедување го сметате за важечко.

Митја наеднаш поцрвени.

— Зарем вие мене ме сметате за толку голем подлец? Не верувам дека тоа е сериозно . . . — рече тој со

негодување, гледајќи во очите на државниот обвинител и речиси не верувајќи дека тоа го слушнал од него.

— Ве уверувам, дека тоа е сериозно . . . Зошто мислите дека не е сериозно? — се зачуди сега и државниот обвинител.

— О, колку подло би било тоа! Господа, знаете ли вие, дека ме измачувате? Повелете, најпосле, јас ќе ви кажам сè добро, сега веќе јас ќе ви ја признам сета моја инфернално ст, и тоа за и јас да ве посрамотам вас: вие ќе се зачудите до каква подлост може да дојде комбинацијата на човековите чувства. Знајте, значи, дека и јас ја имав таа комбинација, токму таа за која сега зборувате вие, државен обвинителу! Да, господа, и јас ја имав таа мисла, во овој проклет месец, и речиси веќе се имав решено да одам кај Катја, толку бев подал! Но, да одам кај неа, да ѝ го соопштам моето неверство и поради тоа неверство, и поради извршувањето на тоа неверство, поради претстојните трошоци на тоа неверство — нејзе, на Катја, да ѝ се молам за пари (да ѝ се молам, слушајте: да ѝ се молам!) и потоа откај неа да избегам со друга, со нејзината соперничка, со онаа што таа ја мрази, и која ја навредила — бог да чува ,ама вие сте мрднати од умот, државен обвинителу!

— Мрднат од умот или не, се разбира, јас во лутината не се сетив . . . во однос на таа женска љубомора . . . ако навистина можело да има љубомора, како што тврдите вие . . . Впрочем, изгледа има нешто слично на тоа, — се насмевна државниот обвинител.

— Тоа веќе би било таква гадост, — бесно чукна со тупаница по масата Митја — тоа толку би смрдело што јас веќе не знам . . . зашто, знаете ли вие, дека таа би можела да ми ги даде тие пари ,и би ми ги дала, сигурно би ми ги дала, би ми ги дала за да ми се одмазди, би ми ги дала за да ужива во одмаздата, би ми ги дала, зашто ме презира, зашто и таа е инфернална душа и жена со голем гнев! А јас ќе ги земев парите, о, ќе ги земев, ќе ги земев, и тогаш цел живот . . . о, господи! Простете ми, господа, јас викам, затоа што и самиот имав таква мисла до неодамна, до завчера, ток-

му кога во ноќта се измачував со Љагавиј, и после вчера, да, вчера, цел ден вчера, се сеќавам, сè до овој случај . . .

— До кој случај? — дофрли Николај Парфенович љубопитно, но Митја не го слушна.

— Јас ви направив страшно признание — мрачно заклучи тој. — Оценете го, господа. Но тоа не е доволно; малку е да се оцени, немојте да го оцените, туку ценете го, ако пак не успеете, ако и тоа мине покрај вашите души, тогаш просто не ме почитувате, господа, тоа ви го велам; и јас ќе умрам од срам дека се исповедав пред такви како вас! О, јас ќе се убијам! Да, јас веќе гледам, гледам дека не ми верувате! Што? Зарем и тоа сакате да го запишете? — викна тој веќе исплашен.

— Па тоа што го кажавте сега — зачудено гледаше во него Николај Парфенович — тоест, дека сè до последниот момент непрестајно сте имале намера да одите кај госпоѓицата Верховцева, да ја замолите да ви ја даде таа сума . . . ве уверувам, тој исказ е многу важен за нас, Дмитриј Фјодорович ,тоест за сиот овој случај . . . а особено за вас, особено за вас е важен.

— Смилувајте се ,господа, — плесна со рацете Митја, — барем тоа не запишувајте го, имајте срам! Та јас, така да се каже, душава на две половини ја расцепив пред вас, а вие го користите тоа, па сега со прсти чепкате по расцепеното место во двете половини . . . О, господи!

Тој го покри лицето со раце.

— Не вознемирувајте се толку, Дмитриј Фјодорович — заврши државниот обвинител — сè што ќе се запише сега, после вие самиот ќе го слушнете уште еднаш, и со она со кое нема да се согласите, тоа ние ќе го измениме, според вашите зборови, а сега, едно прашање по третпат, ќе ви повторам: зарем навистина никој, просто никој на светов ништо не чул од вас за парите што сте ги сошиле во ќесе? Да ви кажам, тоа е просто невозможно да се замисли.

— Никој, никој, ви реков, значи, ништо не сте разбрале! Оставете ме на мир.

— На драго срце, но таа работа мора да се разјасни. Впрочем, имаме уште доста време за тоа, а засега размислете: имаме едно десетина докази за тоа дека токму вие самиот сте раскажувале на сите страни, и дека насекаде сте разгласиле за трите илјади што сте ги потрошиле, за три, а не за илјада и петстотини; па и сега, кога се појавија вчерашните пари; пак на мнозина сте им дале на знаење оти повторно сте донесле со вас три илјади . . .

— Не десетина, туку стотици докази имате во рацете, двесте докази — двесте луѓе слушнаа, илјада слушнаа! — викна Митја.

— Па, ете, гледате! Сите, сите сведочат. Тогаш, секако, значи нешто зборат **сите?**

— Ништо не значи, јас излагав, а по мене сите лажеа.

— А зошто ви беше потребно да „лажете", како што се изразувате вие?

— Ѓаволот знае! Можеби за да се пофалам . . . туку-така — за да се покажам колку многу пари сум потрошил . . . Можеби за да ги заборавам зашиените пари . . . да, токму за тоа . . . По ѓаволите! . . . Колкупати веќе ми го поставувате тоа прашање. Ете, излагав, и готово, еднаш излагав, и повеќе не сакав да поправам. Зошто лаже човекот понекогаш?

— Многу е тешко да се објасни тоа, Дмитриј Фјодорович, зошто лаже човекот — убедливо проговори државниот обвинител. Туку, кажете ни, голема ли беше, таа, како што ја викате вие, амајлијата на вашиот врат?

— Не, не беше голема.

— А приближно колку голема?

— Банкнота од сто рубли да ја свиткате на половина, — ете ви ја големината.

— Подобро да ни ги покажете нејзините остатоци. Сигурно се некаде кај вас.

— Ех, по ѓаволите, какви глупости . . . Не знам каде се.

— Сепак, дозволете: каде и кога сте ја тргнале од вратот? Зашто вие, како што велите самиот, не сте биле дома.

— Па кога излегов откај Фења и отидов кај Перхотин патем ја откинав од вратот и ги извадив парите.

— Зарем по темница?

— Зошто ми е свеќа? Тоа го направив со едно тргнување со прстот.

— Без ножици, на улица?

— На плоштад, зошто ми се ножици? Крпата беше стара, веднаш се скина.

— А после што направивте со неа?

— Па ја фрлив таму!

— А каде точно?

— Па на плоштад, воопшто на плоштад! Ѓаволот знае каде на плоштад. И зошто ви е тоа?

— Тоа е необично важно, Дмитриј Фјодорович, материјални докази токму во ваша корист, зошто не сакате да го сфатите тоа? Кој ви помогна да ги сошиете парите ,пред еден месец?

— Никој не ми помогна, самиот ги сошив.

— Знаете ли вие да шиете?

— Војникот мора да знае да шие, а за тоа, всушност, и не требаше никакво знаење.

— А каде најдовте материјал, тоест крпа, за да ги зашиете парите.

— Да не ми се подбивате?

— Ни најмалку, нам воопшто не ни е до смеење, Дмитриј Фјодорович.

— Не се сеќавам каде ја најдов крпата; некаде ја најдов . . .

— Како да не се запамети такво нешто?

— Ама, богами, не се сеќавам; можеби скинав нешто од облеката.

— Тоа е многу интересно: во вашиот стан утре би можело да се најде таа облека, кошула, можеби, од која сте откинало парче. Од што беше крпата, од погрубо или од пофино платно?

— Ѓаволот знае од што. Чекајте . . . ми се чини од ништо не скинав. Таа беше од тантела . . . Изгледа, во ноќната капа на мојата газдарица ги сошив парите.

— Во капата на газдарицата?

— Да, ја зедов нејзината капа.

— Како тоа, сте ја зеле?

— Гледајте, јас навистина се сеќавам, зедов од неа една капа, да ми се најде како крпа, можеби за да го бришам перото. Ја зедов без да ѝ кажам, зашто не беше употреблива за ништо, и се наоѓаше меѓу парталите што се меткаа во мојата соба, па тогаш тие илјада и петстотини рубли ги извадив од џебот и ги сошив . . . Ми се чини токму во таа крпа ги сошив. Стара тантелена крпа, прана илјадапати.

— И за тоа добро се сеќавате?

— Не знам дали сосем добро. Изгледа дека беше капа; но, по ѓаволите.

— Ако е така, тогаш, секако, вашата газдарица би можела да се сети дека ѝ исчезнал тој предмет.

— Бог да чува, таа не забележи. Стара крпа, ви велам, обична крпа, не вреди ни скршена пара.

— А иглата од каде ја зедовте, и конецот?

— Јас прекинувам, не сакам повеќе! Доста! Доста! — се налути најпосле Митја.

— Па сепак чудно е дека сосем сте заборавиле на кое место точно на плоштадот сте ја фрлиле . . . амајлијата.

— Па наредете утре да го исчистат плоштадот, можеби ќе ја најдат, — се насмевна Митја. — Доста, господа, доста! — рече тој со измачен глас. — Јасно гледам, вие не ми верувате! Ништо, ни трошка. Виновен сум јас, а не вие; не требаше да се плеткам. Зошто, зошто се извалкав себеси, со тоа што ви ја признав мојата тајна? А вам тоа ви е за подбив, јас ве познавам по очите. Вие, вие, државен тужителу, ме насочивте во тој правец! Пејте си себеси химна, ако можете . . . Проклети да сте, мачетели!

Митја ја наведна главата, и си го покри лицето со раце. Државниот обвинител и иследникот молчеа. По еден момент тој ја дигна главата, и некако отсутно

погледна во нив. Неговото лице изразуваше доживеано и неповратно очајување, и тој некако замолчи сосем, седеше и како да не знаеше за себеси. Меѓутоа, требаше да се доврши работата. Требаше неодложно да се мине на распит на сведоците. Веќе беше осум часот изутрина. Свеќите веќе одамна ги имаа угаснато. Михаил Макарович и Калганов, кои додека траеше распитот влегуваа и излегуваа од собата, пак излегоа двајцата. Државниот обвинител и иследникот, исто така, изгледаа необично уморни. Утрото што настапуваше беше тегобно, сето небо беше покриено со облаци, а дожд истураше како од крбла. Митја тапо гледаше во прозорците.

— А можам да гледам низ прозорецов? — го праша тој наеднаш Николаја Парфенович.

— О, колку што сакате — му одговори тој.

Митја стана и дојде до прозорецот. Дождот ги плискаше малите зеленикави прозорски окна. Право под прозорецот се гледаше калниот пат, а понатаму, во маглата од дожд, црните бедни, неугледни редови на селски куќи, кои од дождот изгледаа уште поцрни и посиромашни. Митја се сети за златокосиот Феб и дека сакаше да се убие при неговиот прв зрак: „Во вакво утро би било речиси уште подобро“ — се насмевна тој, и наеднаш, мавнувајќи одозгора надолу со раката, се сврти кон „мачителите“.

— Господа! — викна тој — јас јасно гледам дека сум пропаднат. А таа? Кажете ми за неа, ве молам, и таа ли ќе настрада заедно со мене. Зашто таа е невина, вчера таа не беше при себе кога викаше дека „за сè е виновна таа“. Таа за ништо, сосем за ништо не е виновна! Мене ми беше тешко поради неа цела ноќ, додека седев овде со вас... Дали би било можно, дали би можеле да ми кажете: што ќе и правите нејзе?

— Во тој поглед, бидете наполно мирен, Дмитриј Фјодорович — му одговори државниот обвинител, веднаш и очигледно брзајќи — ние засега немаме никакви важни поводи за со нешто да го вознемириме лицето за кое толку се интересирате вие. Во натамошниот тек на истрагата, се надевам ќе биде, исто така... напро-

тив, во таа смисла ќе направиме сè што е можно од наша страна. Бидете наполно мирен.

— Господа, ви благодарам; јас знаев дека вие сте чесни, и праведни луѓе, без обзир на сè. Ми симнавте товар од душава... А што ќе правиме сега? Јас сум готов.

— Па, еве, би требало да побрзаме. Без одлагање треба да минеме на распит на сведоците. Сето тоа бездруго треба во ваше присуство, и затоа...

— Не е ли подобро најпрвин да се напиеме чај? — го прекина Николај Парфенович — веројатно сте заслужиле.

Решија, ако има чај долу — (зашто Михаил Макарович сигурно отиде да се почести со чај), да се напијат по еден филџан, а после да „продолжат и да продолжат". А пак вистинскиот чај и „закуската" да ги остават за после кога ќе имаат повеќе слободно време.

Долу навистина најдоа чај ,и брзо го донесоа горе. Митја првин го одби филџанот, што му го понуди љубезно Николај Парфенович, но после самиот побара и лакомо го испи чајот. Изгледаше некако чудно измачен. Со оглед на херојската сила што ја имаше тој, би рекле, што може да значи една ноќ пијанчење, и тоа во услови на најсилни чувства. Но тој самиот чувствуваше дека одвај седи, а одвреме-навреме просто сите предмети почнуваа да се движат и да се вртат пред неговите очи. „Уште малку, и богами ќе почнам и да бладам", си помисли во себе.

VIII

Искази на сведоците. Детенцето

Распитот на сведоците започна. Ние нема да го продолжиме нашето раскажување толку подробно како што правевме досега. И затоа ќе изоставиме како Николај Парфенович го убедуваше секој повикан сведок дека треба да сведочи праведно и совесно, дека после ќе мора да го повтори својот исказ под заклет-

ва, дека од секој сведок се бара да го потпише записникот на своите искази, итн., итн. Ќе забележиме само едно: најглавната точка, на која ѝ посветуваше внимание иследникот беше, во прв ред, едно исто прашање за трите илјади, тоест, дали биле три илјади, или илјада и петстотини првиот пат — тоест, при првата оргија на Митја овде во Мокрое, пред еден месец, и дали биле три илјади, или илјада и петстотини, при втората оргија на Дмитриј Фјодорович. За жал, сите искази, сите до еден, излегоа против Митја, а ниеден во негова корист; а некои искази внесоа дури и нови факти, речиси вчудовидувачки, што беа спротивни на неговите искази. Прв го распитаа Трифон Борисич. Тој застана пред иследниците, без ни најмалку страв, напротив, со изглед на строго и остро негодување против обвинетиот, и со тоа си даде себеси изглед на необична вистинитост и достоинство. Зборуваше малку, воздржано; ги очекуваше прашањата, одговараше точно, и промислено. Решително и без заобиколување изјави дека пред еден месец не можело да бидат потрошени помалку од три илјади; дека овде селаните ќе потврдат оти слушале за трите илјади од самиот „Дмитриј Фјодорович": „Само на Циганките колку пари им изнафрла! Само ним, овој пат им паднаа, веројатно, преку илјада!"

— Не им дадов дури ни петстотини, — намуртено забележи Митја. — Само што тогаш не броев, бев пијан, многу ми е жал . . .

Митја седеше настрана, со грбот свртен кон завесата, слушаше мрзливо, на лицето имаше тажен и уморен израз кој како да велеше: „Сеедно ми е! Изјавувајте што сакате, сега ми е сеедно!"

— Повеќе од илјада отидоа за нив, Дмитриј Фјодорович, — решително го побиваше Трифон Борисич — ги фрлавте во воздухот, а тие само ги собираа. Зашто такви ви се тие — само крадци и неранимајковци; тие се арамишта, ги истераа одовде, инаку и тие можеби ќе посведочеа колку добиле од вас. Тогаш јас ја видов во вашите раце таа сума — вистина, не ја броев, не ми дозволивте, но така одоко, се сеќавам, имаше

многу повеќе од илјада и петстотини . . . Какви ти илјада и петстотини! И ние сме виделе пари, и ние умееме да оцениме . . .

Во поглед на вчерашната сума, Трифон Борисич отворено посведочи дека самиот Дмитриј Фјодорович, едно слегување од колата, му соопштил оти донесол три илјади.

— Да не не беше така, Трифоне Борисич, — му забележи Митја, — зарем навистина реков дека сум донесол три илјади?

— Рековте, Дмитриј Фјодорович. Рековте и пред Андреј. Ене го тука е и Андреј, уште не е отиден, викнете го. А онаму во салана, кога ги честевте пејачите, просто викнавте дека овде ја оставате шестата илјада, то ест со поранешните, тоа така треба да се сфати. Степан и Семјон слушнаа, и Петар Фомич Калганов тогаш стоеше до вас, и тие можеби ќе се сетат . . .

Исказот за шестата илјада им остави необичен впечаток на иследниците. Им се допадна новата редакција: три и три, значи шест, значи, три илјади порано, три илјади сега, ете ги сите шест — јасна работа.

Ги распитаа сите селани што ги спомна Трифон Борисич — Степан и Семјон, коларот Андреј, како и Петар Фомич Калганов. Селаните и коларот без заобиколување го потврдија исказот на Трифон Борисич. Освен тоа, иследниците од исказот на Андреј, посебно го забележија неговиот разговор со Митја, кога овој му рече: „Каде ќе одам јас Дмитриј Фјодорович: дали на небо или во пеколот, и дали ќе ми биде простено на тој свет или не.“ „Психологот“ Иполит Кирилович сето тоа го ислуша со мудра насмевка, и најпосле предложи и исказот за тоа каде ќе оди Дмитриј Фјодорович да се „вклучи во актот“.

Повикан на сослушување, Калганов влезе против своја волја, намуртен, пркосен, и со државниот обвинител, и со Николај Парфенович разговараше така небаре сега првпат ги видел во животот, а им беше одамнешен и секојдневен познаник. Тој започна со тоа дека „ништо не знае ,и не сака да знае.“ Но се пока-

жа дека слушнал за шестата илјада, и призна дека тогаш стоел покрај Митја. Според неговото мислење, Митја имал во рацете пари „не знам колку“. Што се однесува до тоа дека Полјаците лажеле кога играл карти, потврди оти е вистина. При повторените прашања објасни дека кога Полјаците беа истерани, позицијата на Митја кај Аграфена Александровна се поправи, и оти таа самата рече дека го сака. За Аграфена Александровна зборуваше воздржливо и со почит, како да е госпоѓа од најубавото општество, и дури ниеднаш не си дозволи да ја нарече „Грушенка“. И покрај сета очигледна одвратност кај младиот човек спрема сведочењето, Иполит Кирилович го прашуваше долго време, и дури од него ги дозна сите подробности за она што го сочинуваше така да се каже „романот“ на Митја во таа ноќ. Митја ниеднаш не го прекина Калганова. Најпосле, момчето го пуштија, и тоа се оддалечи со негодување кое не сакаше да го прикрие.

Ги распитаа и Полјаците. Тие во својата соба биле легнати да спијат, но таа ноќ не заспале, а кога дошла власта, тие набрзина се облекле и се приготвиле, знаејќи и самите дека бездруго ќе ги бараат. Се појавија достоинствено иако не без извесен страв. Излезе дека главниот, тоест малиот пан е чиновник од дванаесетта класа, во пензија, служел во Сибир како ветеринарен лекар, презимето му беше Мусјалович. Пан Врублевскиј беше приватен дентист, по руски забен лекар. Двајцата ,кога влегоа во собата, иако ги прашуваше Николај Парфенович, почнаа да му одговараат на Михаил Макарович, кој стоеше отстрана, сметајќи го, поради незнаење, за лице со највисок чин и шеф ,и при секој збор наречувајќи го „пан пулковник“. И дури по некое време откако им укажа самиот Михаил Макарович, сфатија дека одговорите треба да му ги упатуваат само на Николај Парфенович. Излезе дека тие знаат правилно да зборуваат руски, а само по некои зборови изговараа неточно. За своите поранешни и сегашни односи спрема Грушенка, пан Мусјалович, почна да зборува пламено и гордо, така што Митја веднаш се запали и фати да вика како тој нема да дозволи

еден „подлец“ пред него така да се изразува. Пан Мусјалович веднаш му обрна внимание за зборот „подлец“ и замоли да се внесе во записникот, а Митја пламна од гнев.

— Тој е подлец, тој е подлец! Тоа внесете го, а внесете уште дека и покрај тој записник, сепак викам оти е подлец! — викна тој.

Николај Парфенович, иако тоа го внесе во записникот, при овој непријатен случај покажа многу пофално познавање на работата и снаодливост: по строгото предупредување на Митја веднаш ги прекина сите натамошни распитувања во однос на романтичната страна на делото, па бргу мина на она што е суштествено. Во тоа суштествено изникна едно сведочење на пановите што предизвика необично љубопитство кај иследниците: се работеше имено за тоа што Митја во онаа соба сакаше да го поткупи панот Мусјалович, па му нудеше три илјади ако отстапи, со тоа што седумстотини да му даде в рака, а другите, двете илјади и триста „веднаш утре в град“, при кое даваше чесен збор, изјавувајќи дека овде, во Мокрое, засега нема толку пари, ами дека парите му се в град. Митја, забележи во лутината дека не рекол оти сигурно ќе му ги даде утре в град; но пан Врублевски го потврди истото; а и самиот Митја, кога поразмисли малку, мрачно се согласи дека тогаш бил лут, па дека можеби и рекол така. Државниот обвинител веднаш се фати за исказот: му стануваше јасно (како што и навистина после заклучија) дека половината, или еден дел од трите илјади што дојдоа во рацете на Митја навистина можеле да останат некаде засолнети в град, можеби дури некаде овде, во Мокрое, така што на тој начин, се разјасни и заплетканата околност: зошто во рацете на Митја се најдоа само осум стотини рубли — околност што досега беше единствена и доста безначајна, но сепак каков-таков доказ во корист на Митја. Сега и тој единствен доказ во негова корист пропаѓаше! На прашањето од државниот обвинител: каде би ги зел другите две илјади и триста, за да му ги даде утре на панот, штом веќе самиот тврди дека имал само илјада

и петстотини, а од друга страна, го уверувал панот со својот чесен збор, — Митја решително одговори дека имал намера на „Полјачето“ утредента да не му понуди пари, ами формалниот документ за своето право над имотот во Чермашња, правото што им го предлагаше на Самсонова и на Хохлакова. Државниот обвинител се насмевна поради таквиот „наивен изговор“.

— И вие мислите дека тој ќе се согласеше да го земе тоа „право“ наместо две илјади и триста рубли во готово?

— Бездруго ќе се согласеше, — пламено пресече Митја. — Ве молам, тој би можел тука да спечали не само две, туку и четири, па дури и шест илјади! Тој веднаш би собрал свои адвокати, Полјаци и Евреи, па тие не само три илјади, туку просто целата Чермашња би му ја истргнале на татко ми.

Се разбира, сведочењето на панот Мусјалович го внесоа во записникот најподробно. Потоа ги отпуштија пановите. Лажењето кога играа карти речиси не се ни споменуваше. Николај Парфенович и без тоа им беше премногу благодарен, па не сакаше да им додева со ситници, дотолку повеќе што тоа беше неважна караница во пијана состојба и ништо повеќе. Зарем малку се пиело и се лудувало ноќта . . . На тој начин, парите, двесте рубли, останаа во џебовите на пановите.

Потоа го викнаа чичко Максимов. Тој влезе со страв, пристапи со ситни чекори; беше возбуден и многу тажен. Тој целото време се криеше долу, покрај Грушенка. Седеше со неа молчејќи, и „малку — нешто, па туку се мрсулави, а очите ги брише со сина карирана шамија“, како што кажуваше после Михаил Макарович. Така што, веќе таа самата го смирувала и го тешела. Старчето веднаш со солзи призна дека е виновен, што зел од Дмитриј Фјодорович на заем „десет рубли поради мојата сиромаштија“, и дека е готов да ги врати . . . На директното прашање од Николај Парфенович: дали забележил колку пари имало во рацете на Дмитриј Фјодорович, зашто тој подобро од сите можел да ги види парите во неговите раце, кога

го добивал заемот, Максимов најрешително одговори дека имало: „дваесет илјади".

— А сте виделе ли некогаш некаде дваесет илјади? — го праша Николај Парфенович, насмевнувајќи се.

— Се разбира дека сум видел, само не дваесет, туку седум, кога мојата сопруга го заложи моето селце, ми даде оддалеку да ги видам, се пофали пред мене. Тоа беше многу дебело снопче — сите банкноти со боите на божилакот. И Дмитриј Фјодорович имаше само такви со бои на божилакот.

Стариот брзо го пуштија. Најпосле ѝ дојде редот и на Грушенка. Иследниците очигледно се плашеа од впечатокот што можеше да го остави нејзината појава кај Дмитриј Фјодорович, и Николај Парфенович промрмори неколку збора за да го посоветува, но Митја наместо да одговори, молкома ја наведна главата, давајќи со тоа да се разбере дека „не ќе има неред". Грушенка ја воведе Михаил Макарович. Таа влезе со строго и мрачно лице, навидум речиси мирна, па полека седна на столот што ѝ го покажаа спроти Николај Парфенович. Беше многу бледа, се чинеше дека ѝ е ладно, го завиткуваше околу себе својот прекрасен црн шал. Вистина, неа тогаш почнуваше да ја мачи некаква треска, — почеток на долгата болест што потоа, по таа ноќ, ја одболедува. Нејзиниот строг изглед, отворениот и сериозен поглед и спокојното држење им остави пријатен впечаток на сите. Николај Парфенович дури веднаш малку и се „занесе". Тој признаваше, кажувајќи овде-онде, подоцна, дека дури од тој момент сфатил колку е „убава" таа жена, а порано, иако ја гледал, секогаш ја сметал за некаква „околиска хетера". „Има манири, како да е од највисокото општество", му се откачи некако во едно друштво, во момент кога беше одушевен. Го ислушаа со полно негодување, и веднаш за тоа го нарекоа „шегација", со кое тој остана многу задоволен. Влегувајќи во собата, Грушенка, само некако патем го погледна Митја, кој ја гледаше возбудено; но нејзиниот поглед веднаш го смири и него. По првите неопходни прашања и упат-

ства, Николај Парфенович, иако малку подзапирајќи, но сепак со многу учтив израз ја праша „во какви односи била спрема поручникот во оставка Дмитриј Фјодорович Карамазов?“ На тоа Грушенка тивко и сигурно одговори:

— Ми беше познаник, во последниот месец го примав како познаник.

На натамошните љубопитливи прашања, таа директно и наполно искрено изјави: иако тој „понекогаш“ ѝ се допаѓал, таа не го сакла, но го залажувала, поради својата „гнасна лошотија“, исто како и „старичиштето“. Видела дека Митја поради неа е љубоморен на Фјодора Павлович и на сите, но со тоа само се забавувала. Воопшто немала намера да оди кај Фјодор Павлович ами само му се смеела. „Целиот тој месец, не ми беше до нив двајца; јас чекав друг човек, кој беше виновен пред мене... само, јас мислам,“ — додаде таа — „вие немате потреба да прашувате за тоа, ниту јас треба да ви одговорам, зашто тоа е моја лична работа“.

Веднаш така и постапи Николај Парфенович: тој престана да им посветува внимание на „романтичните“ точки, туку веднаш мина на сериозното, тоест, сè уште на истото и најважното прашање за трите илјади. Грушенка потврди дека во Мокрое, пред еден месец навистина биле потрошени три илјади рубли; и макар што парите не ги броела сама, од самиот Дмитриј Фјодорович, слушнала дека биле три илјади рубли.

— Дали тоа ви го кажуваше насамо, или пред некој друг, или пак вие само сте слушнале како тој пред вас им зборува на други? — праша веднаш државниот обвинител.

Тогаш Грушенка изјави дека тоа го слушнала пред луѓе, и дека за тоа тој зборувал со други, а дека го слушнала и од него насамо.

— Дали тоа го слушнавте од него насамо само еднаш, или повеќепати? — прашуваше пак државниот обвинител, и дозна дека Грушенка го слушнала еднаш.

Иполит Кирилович остана многу задоволен од тој исказ. Од натамошните прашања се разјасни дека на Грушенка ѝ било познато од каде се тие пари, и дека Дмитриј Фјодорович ги зел од Катарина Ивановна.

— А дали сте слушнале, макар еднаш, дека пред еден месец не биле потрошени три илјади, ами помалку, и дека Дмитриј Фјодорович зачувал половина за себе?

— Не, за тоа никогаш не сум слушнала — изјави Грушенка.

— Понатаму се разјасни дека Митја напротив, често во тој месец кажувал оти нема ни скршена пара. „Постојано се надеваше дека ќе добие од својот родител," заврши Грушенка.

— А не зборуваше ли некогаш пред вас... или како било патем, или налутен, — се вмеша наеднаш Николај Парфенович — дека има намера да крене рака на татка си?

— Оф, зборуваше! — воздивна Грушенка.

— Еднаш или неколку пати?

— Тоа го споменуваше неколку пати, секогаш во лутина.

— И вие верувавте дека ќе го направи тоа? —

— Не, никогаш не верував! — решително одговори таа. — Верував во неговата благородност.

— Господа, дозволете — викна наеднаш Митја — дозволете пред вас да ѝ речам на Аграфена Александровна ,само еден збор.

— Речете ѝ — одобри Николај Парфенович.

— Аграфена Александровна — потстана Митја од својот стол — верувај му на господа и мене: јас не сум виновен за крвта на татко ми, кој е убиен вчера!

Го рече тоа и пак седна на столот. Грушенка стана, и побожно се прекрсти накај иконата.

— Ти благодарам, господи! — изговори таа, со пламенен, длабок глас, па уште неседната на местото, обрнувајќи му се на Николај Парфенович, додаде: — Верувајте му така како што рече сега! Зашто јас го познавам: тој љуби понекогаш што било да каже, или поради шега или поради тврдоглавост, но кога е про-

тив неговата совест, никогаш нема да излаже. Ќе ја каже вистината точно, слободно верувајте му.

— Ти благодарам, Аграфена Александровна, ми ја поткрепи душава! — се јави Митја со треперлив глас.

На прашањето за вчерашните пари таа изјави дека не знае колку биле, но дека слушнала оти на луѓето повеќепати им вели дека донесол со себе три илјади. А во поглед на тоа, од каде ги зел парите, тој ѝ рекол нејзе дека „ги украл" од Катарина Ивановна, а дека таа му одговорила оти не ги украл, ами дека парите треба веднаш да ги врати утре. На упорното прашање од државниот обвинител: за кои пари велел оти ги украл од Катарина Ивановна: дали за вчерашните, или за оние три илјади што биле потрошени овде пред еден месец, таа изјави дека зборувал за тие од пред еден месец ,и дека таа така го сфатила.

Грушенка најпосле ја пуштија, при кое Николај Парфенович веднаш изјави дека таа, ако сака може веднаш да се врати в град, и ако тој, од своја страна, може со нешто да ѝ помогне, на пример, во поглед на кола или ако, на пример, посака придружник, тој ... од своја страна ...

— Покорно ви благодарам, — му се поклони Грушенка, — јас ќе си заминам со стариот, со спахијава, ќе го поведам него; но, сепак ќе почекам долу, ако дозволите за да видам што ќе направите со Дмитриј Фјодорович.

Таа излезе. Митја беше мирен, и дури имаше сосем охрабрен изглед, но само за момент. Постојано сè повеќе и повеќе го совладуваше некаква чудна физичка немоќ. Очите му се склопуваа од умореност. Сослушувањето на сведоците најпосле заврши. Пристапија кон конечна редакција на записникот. Митја стана, и мина од својот стол во аголот крај завесата, легна на големиот домашен сандак, покриен со ќилим, па вчас заспа. Сонуваше чуден сон кој никако не се согласуваше ни со местото, ни со времето. Божем патува некаде во степата, таму каде што служел одамна, а по лапавица го вози селанец на кола со два коња.

На Митја божем му е студено; почетокот на ноември, вее снег, крупни влажни снегулки, па како што паѓаат наземи, веднаш се топат. А мужикот добро го вози: ги бодина коњите со камшикот, има костенлива долга брада, и уште не е старец, ами така на околу педесет години, а на него има чиста селска гуња. И во близината има некакво село, се гледаат куќите, црни, прецрни, а половината куќи се изгорени, стрчат само почрнетите греди. На влезот во селото, се наредиле селанки, многу селанки, цела редица, на сите лицата им се испиени, некако темни. И, ете, особено едната од крајот, некако ковчеста, со висок раст, изгледа како да има четириесетина години, а можеби нема повеќе од дваесет, со долго, испиено лице, на рацете ѝ плаче детенце, а градите веројатно ѝ се толку исушени, што во нив нема ни капка млеко. И плаче, плаче детето, и си ги протега раченцата, голите тупаничиња од студот некако сосем потсинати.

— А зошто плачат? — Зошто плачат? — прашува Митја брзо минувајќи покрај нив.

— Детенце — му одговара коларот — детенце плаче.

И Митја го изненадува тоа што тој на својот селански начин рече „детенце“ а не дете. И нему му се допаѓа што селанецот рече детенце: како во тоа да има повеќе сожалување.

— Ама зошто плаче? — се мачи Митја, како глупак, да добие одговор. — А зошто му се голи раченцата, зошто не го завиткуваат?

— Па настинало детенцето, му настинала кошулката, па не го топли.

— А зошто е така? Зошто? — воопшто не престанува глупавиот Митја.

— Па сиромаштија, куќите им изгореле, немаат леб, питаат затоа што се изгорени.

— Не, не, — како уште да не разбира Митја — кажи ми ти мене: зошто стојат така мајките со изгорени куќи, зошто се луѓето сиромашни, зошто е бедно

детето, зошто е гола степата, зошто тие не се гушкаат, не се бацуваат, зошто не пеат радосни песни, зошто жените се толку поцрнети од црната неволја, зошто не го нахранат детенцето? — и чувствува во себе, иако прашува лудо и без смисла, дека сепак, незадржливо му се сака токму така да прашува, и дека токму така и треба да се прашува. И уште чувствува дека во срцето му се буди некаква милина, која никогаш не ја почувствувал; дека би сакал да плаче, дека би сакал на сите да им направи нешто за да не плаче веќе детенцето, за да не плаче ни поцрнетата исушена мајка, да нема веќе воопшто солзи од тој момент кај никого, и веднаш, веднаш сега да се направи тоа, без одлагање и без обзир на сè, со сета сила и со карамазовската незапирливост.

— А и јас ќе дојдам со тебе, сега нема да те оставам, идам со тебе за цел живот! — ечат околу него милите зборови на Грушенка проникнати со чувство.

И ете, сето негово срце, пламнува и се упатува кон некаква светлина, би сакал да живее и да живее, да оди и да оди на некаков пат, кон нова светлина, што го мами, и тоа што побргу, што побргу, уште сега, веднаш!

— Што? Каде? — викнува тој, отворајќи ги очите и седнувајќи на својот сандак, како сосем да се разбудил од несвест, и радосно насмевнат.

Врз него стои Николај Парфенович и го повикува да го слушне и да го потпише записникот. На Митја му текна дека спиел еден час или повеќе, но, не го слушаше Николаја Парфенович. Него го изненади тоа, дека под главата му се најде перница, кое го немаше кога немоќно се спушти на сандакот.

— Кој ми донесе перница под главата? Кој беше толку добар? — викна тој со чувство на восхит и благодарност, со некаков плачлив глас, и како да му направиле незнамкакво добро дело.

Тој добар човек остана непознат; некој од присутните сведоци, можеби и писарот на Николај Парфенович, се сети да му стави перница, од сожалување,

но сета негова душа како да се тресеше од солзи. Тој, дојде до масата и рече дека ќе потпише сè што сакаат.

— Јас сонував убав сон, господа, — рече тој некако чудно, со некакво ново, како со некаква радост осветлено лице.

IX

Го одведоа Митја

Откога беше потпишан записникот, Николај Парфенович свечено му се обрна на обвинетиот и му ја прочита „Наредбата", која гласеше дека во таа и таа година, тој и тој ден, во тоа и тоа место, судскиот истедник на тој и тој окружен суд: откако го распита тој и тој (тоест Митја) како обвинет за тоа и тоа, (сите вини беа грижливо внесени), и откако, зеде во обзир оти обвинетиот, не признавајќи дека е виновен за престапите за кои се обвинува, ништо не изнесе за свое оправдување, а меѓутоа сведоците (тие и тие) и околностите (такви и такви) наполно ја докажуваат неговата вина — со оглед на тие и тие параграфи, од „Кривичниот законик" итн., реши: за да го спречи тој и тој (Митја) да ја избегне истрагата и судот, да го затвори во тој и тој затвор, за кое да се извести обвинетиот, а преписот на оваа наредба да му се соопшти на замениот на државниот обвинител итн. итн. Со еден збор, на Митја му соопштија дека од овој момент, тој е уапсен и дека веднаш ќе го одведат в град, каде што ќе го затворат во едно многу непријатно место. Митја внимателно ислуша и само собра раменици.

— Па сега, што да правиме, господа, јас не ве обвинувам вас, јас сум готов. Сфаќам дека не ви останува ништо друго.

Николај Парфенович благо му разјасни дека веднаш ќе го одведе полициискиот пристав Маврикиј Маврикиевич, кој се најде тука.

— Чекајте! — го прекина наеднаш Митја и со некакво несовладливо чувство изговори, обрнувајќи им се на сите во собата: — Господа, сите ние сме немилосрдни, сите ние сме изроди, сите ние ги доведуваме

луѓето до плачење, мајките и дечињата, но од сите — ете, нека се утврди тоа сега — од сите јас сум најподал гад! Па добро. Секој ден, тупајќи се в гради, ветував дека ќе се поправам, и секој ден правев исти гадости. Сега разбирам дека на таквите како мене им е потребен удар, удар на судбината, за да ги фати како во јамка, за да ги скрши со надворешна сила. Никогаш, никогаш не би се подигнал сам! Но громот загрми. Ја примам маката на обвинувањето и својата јавна срамота, сакам да страдам, и со страдањето ќе се исчистам! Зашто можеби ќе се исчистам, господа, нели? Но сепак, слушнете последен пат: за крвта на татко ми ,јас не сум виновен! Ја примам казната, не затоа што го убив, туку затоа што сакав да го убијам, и затоа што можеби навистина ќе го убиев... Но сепак, имам намера да се борам со вас, и тоа ви го кажувам отворено. Ќе се борам со вас до последниот час, а после ќе реши господ! Збогум, господа ,не лутете се, што ви викав за време на сослушувањето. О, тогаш јас уште бев многу глупав... По еден момент ќе бидам уапсен, а сега последен пат Дмитриј Карамазов, уште како слободен човек, ви ја подава раката. Простувајќи се од вас, ќе се простам од луѓето!...

Неговиот глас затрепери, и тој навистина ја подаде раката, но Николај Парфенович, кој беше најблиску до него, со некаков брз гест си ја скри раката зад грбот. Митја в миг го забележи тоа и затрепери. Веднаш ја спушти својата подадена рака.

— Иследувањето уште не е завршено — промрмори Николај Парфенович, малку збунет — ќе го продолжиме в град, и јас, се разбира, од своја страна, готов сум да ви пожелам најголем успех... да се оправдате... Што се однесува до вас, Дмитриј Фјодорович, јас секогаш сум наклонет да ве сметам за така да се каже, повеќе несреќен отколку виновен човек... Сите ние овде, ако смеам да се изразам од името на сите, сите ние сме готови, да ве признаеме за млад човек, благороден во својата основа, но, за жал, малку повеќе занесен со извесни страсти.

Малата фигура на Николај Парфенович пред крајот на говорот доби целосна достоинственост. На Митја

наеднаш му мина низ главата дека „момчето“ овој час ќе го земе под рака, ќе го одведе во другиот агол, па таму со него ќе го обнови неодамнешниот нивни разговор за „девојчиња“. Но зарем малку сосем споредни мисли, што не се однесуваат на делото, му поминуваат понекогаш низ главата дури и на злосторникот кога го водат на губилиште?

— Господа, вие сте добри, вие сте хумани! Можам ли да ја видам неа? Да се простам за последен пат? — праша Митја.

— Без сомневање, но со оглед ... со еден збор, сега веќе не е возможно без присуство ...

— Повелете, присуствувајте.

Ја доведоа Грушенка, но простувањето излезе кратко, со малку зборови, и такво што Николај Парфенович остана незадоволен. Грушенка, длабоко му се поклони на Митја.

— Ти реков дека сум твоја, и ќе бидам твоја, ќе појдам со тебе засекогаш, без обзир каде ќе те осудат. Збогум, човеку, кој невин се запусти себеси!

Усничките ѝ затреперија, солзи ѝ потекоа од очите.

— Прости ми, Грушка, за мојата љубов, затоа што со мојата љубов, те запустив и тебе.

Митја сакаше уште нешто да рече, но наеднаш запре и излезе. Околу него веднаш се најдоа луѓе кои не го испуштаа од очите. Долу, кај влезните скали, до кои тој вчера со шум се довезе на тројката од Андреј, веќе стоеја две готови коли. Маврикиј Маврикиевич, снизок полничок човек, со подискривено лице, малку беше раздразнет поради некаков неред, се лутеше и викаше. Некако премногу остро го повика Митја да се качи во колата. „Порано, кога го честев во крчмата, овој човек имаше сосем поинакво лице“, си помисли Митја кога се качуваше. Од скалите слезе и Трифон Борисич. Кај вратата се беа насобрале луѓе, селани, селанки, колари ,и сите ги беа управиле погледите кон Митја.

— Збогум, простете, божји луѓе! — им викна тој од колата.

— И ти прости ни — се слушнаа два-три гласа.

— Збогум и тебе, Трифон Борисич!

Но Трифон Борисич не се ни сврти — веројатно беше зафатен со нешто друго. Тој, исто така ,нешто викаше и трчкаше. Се покажа дека на другата кола, на која требаше да го придржуваат Маврикиј Маврикиевич двајца чувари, уште не беше приготвено сè. Селанчето, на кое му наредија да оди на другата тројка, ја облекуваше гуњата и упорно се караше дека не треба да оди тој ами Аким . . . Но Аким не беше тука; испратија да го побараат; селанецот настојуваше и молеше да се причека.

— Ама нашиов народ, Маврикиј Маврикиевич, нема никаков срам! — викаше Трифон Борисич. — Тебе Аким завчера ти даде четврт рубља, ти тоа го испи, а сега викаш. Се чудам поради вашата добрина со овој расипан свет, Маврикиј Маврикиевич, само тоа ви го велам!

— Ами зошто ни е друга тројка? — се замеша Митја — да одиме на една, Маврикиј Маврикиевич; сигурно нема да се разбунтувам, нема да ти побегнам, зошто ви е придружба?

— Повелете, господине, да внимавате како ќе зборувате со мене, ако не сте научиле уште; јас за вас не сум ти, немојте да ми се обрнувате со ти, а и советите зачувајте ги за другпат . . . , — наеднаш пресече грубо Маврикиј Маврикиевич, како да се зарадува што си го испразни срцето.

Митја замолчи. Тој целиот поцрвени. По малку наеднаш почувсвтува дека многу му студи. Дождот престана, но матното небо целото беше покриено со облаци, остар ветар дуваше право во лицето. „Сигурно ме сполазија морници“, си помисли Митја и си ги собра рамениците. Најпосле, во колата се качи и Маврикиј Маврикиевич, арно го згмечи седиштето, зафати доста место, и божем не забележувајќи, многу го стесни Митја. Вистина, тој беше лошо расположен, и нему воопшто не му се допаѓаше работата што му ја имаа доверено.

— Збогум, Трифоне Борисич! — пак викна Митја и почувствува дека сега тоа не го викна добродушно, ами бесно, и дека вика против својата волја.

Но Трифон Борисич стоеше гордо, со обете раце зад грбот. Беше загледан во Митја, го гледаше строго и налутено и ништо не му одговори.

— Збогум, Дмитриј Фјодорович, збогум! — наеднаш се слушна гласот на Калганов, кој изникна однекаде.

Притрча до кочијата и му подаде рака на Митја. Беше гологлав. Митја успеа уште да ја фати и да ја стегне неговата рака.

— Збогум, мил човеку, нема да ја заборавам твојата великодушност! — пламено му викна тој.

Но, колата тргна, нивните раце се разделија. Засвони свончето — го одвезоа Митја.

А Калганов отрча во тремот, седна во аголот, ја наведна главата, си го покри лицето со рацете и заплака. Долго време седеше така и плачеше — плачеше како да е уште мало момче а не веќе дваесетгодишник. О, тој речиси сосем веруваше во вината на Митја! „Ама какви се тие луѓе, какви луѓе можат да бидат по тоа“, липаше тој без врска, горчливо ужален, речиси во очај. Во тој момент немаше волја ни да живее на светов. „Вреди ли, вреди ли!“ — викна огорченото момче.

ЧЕТВРТ ДЕЛ

Десетта книга

МОМЧИЊА

I

Коља Красоткин

Првите денови на ноември. Кај нас настапи студ од единаесет степени, а со него и голомразица. На замрзнатата земја во текот на ноќта падна малку сув снег, а ветрот, „сув и остар“, го подига и го расфрла по опустените улици на нашето гратче, а особено по пазарниот плоштад. Утрото е матно, но снегот престана. Недалеку од пазарот, во близина на дуќанот на Плотникови, стои малечка, и однадвор и однатре многу чиста куќарка на вдовицата на чиновникот Красоткин. Губернискиот секретар Красоткин, умре одамна, пред речиси четиринаесет години, но неговата вдовица, триесетгодишна и уште и денеска убавичка госпоѓа, живее во својата чиста куќичка, „од својот капитал“. Живее чесно и повлечено, има нежна, но доста весела нарав. Остана вдовица на осумнаесет години, откако проживеа со мажот, само околу. една година, и само што му роди син. Оттогаш, од неговата смрт, таа сета му се посвети на воспитувањето на тоа свое златно галениче Коља, и макар што сите четиринаесет години го сакаше безумно, се разбира, поради него поднесе извонредно повеќе маки, отколку што доживеа радости, плашејќи се и умирајќи од страв речиси секој ден да не ѝ се разболи детето, да не настине, да не направи

некаков немирлак, да не се качи на стол па да падне, и слично. А кога Коља почна да оди на училиште, и после во нашата гимназија, мајка му се фрли на изучување на целокупната наука заедно со него, за да му помага и со него ги работеше задачите, бараше можност да се запознае со наставниците и со нивните жени, беше љубезна дури и со другарите на Коља, ученици, и им се умилкуваше, само за да не го закачаат Коља, да не му се подбиваат, да не го тепаат. На тој начин стаса дотаму, што децата навистина почнаа поради неа да му се подбиваат, и да го задеваат дека е мајчино галениче. Но малиот умееше да се брани. Тоа беше смело момче, „многу силно", како што наскоро се пронесе глас во одделението, беше вешт, упорен, смел и претприемчив. Учеше добро, и дури се зборуваше дека од сметање и од општа историја ќе го „тепа" и самиот наставник Дарданело. Но иако детето на сè гледаше одвисоко, со подигнато носе, сепак беше добар другар и не се правеше важен. Почитта од своите другари, ја примаше како нешто што му припаѓа, но спрема нив се однесуваше пријателски. Што е најважно, знаеше за мера, умееше во определен момент да се воздржи, а спрема школските власти никогаш не ја пречекоруваше извесната последна и света граница, зад која грешката веќе не може да се трпи, зашто преминува во неред, бунт и беззаконие. Па сепак, тој уште како љубеше да беснее во секој погоден случај, да биде немирен како најлошо детиште, и не толку да биде немирен, колку нешто да измисли, да направи некоја чудесија, да му намести некому игра, да излезе вешт, да се перчи. Што е најважно, беше многу самољубив. Дури и својата мама умееше да ја доведе во потчинета положба, постапувајќи со неа речиси деспотски. Таа и му се потчини, о, одамна веќе му се потчини, само никако не можеше да поднесе една мисла: дека детето „недоволно ја сака". Нејзе непрестајно ѝ се чинеше дека Коља спрема неа е „без чувства", и се случуваше гушејќи се во хистерични солзи, да почнува да му префрла дека е ладен спрема неа. Детето не го љубеше тоа, и колку што повеќе се бараше од него да си го излева

срцето, тој како намерно стануваше понепопустлив. Но, тоа кај него не се случуваше намерно, туку несакајќи — таков му беше карактерот. Мајка му се лажеше: тој многу си ја сакаше мајка си, само не сакаше „сентименталности", како што се изразуваше на својот ученички јазик. Од татко му остана еден шкаф во кој се чуваа малку книги; Коља љубеше да чита и веќе имаше прочитано неколку од тие книги. Мајка му не ја бунеше тоа и само понекогаш се чудеше како тоа детето, наместо да оди да си игра, по цели часови останува крај шкафот над некаква книга. На тој начин Коља прочита по нешто што не требаше да го чита во неговите години. Во последно време, впрочем, иако момчето во своите палавости не љубеше да пречекорува извесни граници, почнаа да се јавуваат некои немирлаци, кои сериозно ја уплашија мајката — вистина, не некакви неморални, но затоа претерано смели, вратоломни. Некако токму во тоа лето, во јули, за време на распустот, се случи така што мајката со синот отиде една недела на гости во друг округ, седумдесет врсти далеку, кај една далечна роднина, чиј маж служеше на железничката станица (на станицата што му беше најблиска на нашето гратче и од која пред еден месец Иван Фјодорович Карамазов си замина за Москва). Коља тука, пред сè, подробно ја разгледа железничката станица, го проучи распоредот, сфаќајќи дека со своите нови знаења ќе може да се покаже меѓу школските другари кога ќе се врати дома. Но во тоа време таму се најдоа уште неколку дечиња, со кои тој се среќаваше; едни од нив живееја на станицата, други во близината — така се здружија шест-седум дечиња, сите од дванаесет до петнаесет години, а двајца од нив, беа од нашето гратче. Момчињата заедно си играа и беа немирни, кога наеднаш, четвртиот или петтиот ден по доаѓањето на Коља на гости, на станицата, меѓу глупавите дечишта дојде до еден сосем невозможен облог во две рубли, а имено: Коља, кој беше речиси најмлад, така што постарите по малку го презираа, — од самољубие, или од вратоломна смелост, предложи, ноќе, кога ќе

наиде возот во единаесет часот тој да легне на мев меѓу шините и да остане така неподвижен додека возот со најголема брзина и татнеж минува над него. Вистина, беше преземено претходно проучување на околностите, кое покажа дека човек навистина може да се испружи и да се прилепи до земјата надолж помеѓу шините, така што возот да пројури а да не го закачи оној што лежи, но сепак, како ли му е на оној што лежи таму! Коља цврсто остануваше на своето: дека ќе лежи додека не пројури возот. Отпрвин му се смееја, го нарекоа лажго и фалбација, но со тоа само уште повеќе го поттикнаа. А што е најважно, тие петнаесетгодишници, премногу си го дигаа носот пред него, отпрвин дури не сакаа да го сметаат ни за другар, бидејќи е „мал"; тоа веќе беше неподносливо навредливо. И ете, решија вечерта да се оддалечат една врста од станицата, за возот, кога ќе тргне од станицата, да има време да земе доволно брзина. Децата се собраа. Ноќта беше без месечина, не само мрачна, туку речиси црна. Во определеното време, Коља легна помеѓу шините. Другите петмина што се беа обложиле чекаа под насипот покрај пругата во грмушките, со страв во срцата, но, и со каење. Најпосле, возот, кој тргна од станицата зататни во далечината. Заблестеа од темницата два црвени фенера, загрми чудовиштето што се приближуваше. „Бегај, бегај од шините!" Му викнаа на Коља децата од грмушките, ни живи ни мртви од страв; но беше предоцна. Возот наиде, и протатни покрај нив. Дечињата се спуштија накај Коља: тој лежеше неподвижно. Почнаа да го влечат, да го дигаат. Тој наеднаш стана, и молчејќи слезе од насипот. Кога слезе долу, им рече дека намерно лежел како онесвестен за да ги уплаши, но вистина беше тоа дека всушност се онесвести, како што после призна и самиот, многу подоцна, пред мајка си. На тој начин мислењето за него како „бестрашен" се зацврсти засекогаш. Се врати дома на станица блед како крпа. Утредента се разболи од лесна нервна треска, но беше многу весел, радосен и задоволен. За настанот не се дозна веднаш, туку само во нашиот град; гласот за тоа проникна и во гимназијата до

школските власти, но тогаш мајка му на Коља побрза да се моли за своето момче, и се заврши со тоа што за него се зазеде и го одбрани почитаниот и влијателен наставник Дарданелов, неоженет и средовечен човек, кој беше страсно и веќе многу години заљубен во госпоѓа Красоткина, и веќе еднаш пред една година, со најголема почит и умирајќи од страв, и големи обзири, се осмели да ѝ ја понуди својата рака; но таа решително го одби, сметајќи го своето согласување за мажење како предавство спрема своето синче, иако Дарданелов, според извесни таинствени знаци, можеби дури имаше некакво право да му се предава на мечтаењето дека не ѝ е непријатен на прекрасната, но и премногу чесната и нежна вдовица. Безумната шега на Коља како да го скрши мразот, па на Дарданелов, поради неговото заземање, му беше навестено дека може да одгледува некаква, вистина уште слаба надеж, но бидејќи и самиот Дарданелов беше образец на чистота и фини чувства, нему засега и тоа му беше доволно за да биде наполно среќен. Тој го сакаше детето, иако би сметал за понижување да му се умилкува и спрема него во училиштето се однесуваше строго и непопустливо, но Коља и самиот го држеше на пристојно растојание; задачите ги приготвуваше одлично, во одделението беше втор, на Дарданелов му се обрнуваше суво и целото одделение цврсто веруваше дека Коља по општа историја е толку силен, што ќе го „тепа“ дури и Дарданелова. И навистина, Коља еднаш му постави прашање: кој ја основа Троја? на кое Дарданелов одговори само општо за народите, нивните движења и преселби, за длабината на времето, за прастарите преданија, но за тоа, кој ја основал, всушност, Троја, тоест, всушност, кои лица, не можеше да одговори и дури сметаше дека прашањето е некако залудно и беспредметно. Но, децата останаа со уверување дека Дарданелов не знае кој ја основал Троја. Коља за основачите на Троја прочита кај Смарагдов, што беше чуван во шкафот со книги што му останаа по смртта на татко му. Заврши така што најпосле сите, па дури и малите деца, почна да ги интересира: кој ја основал, всушност, Троја, но Кра-

соткин не ја откри својата тајна, и славата на знаењето остана непоколебливо врзана за него.

По случајот на железничката пруга, во однесувањето на Коља спрема мајка си, се јави некаква промена. Кога Ана Фјодоровна (вдовицата Красоткина) дозна за подвигот на својот син, за малку што не се мрдна од умот од страв. Доби толку страшни хистерични напади, што со прекини траеја по неколку дена, така што веќе сериозно уплашениот Коља, ѝ даде чесен збор дека нема да се повторат веќе слични немирлаци. Се заколна на коленици пред иконата, се заколна во споменот на татка си, како што бараше самата госпоѓа Красоткина, при кое „храбриот" Коља од големо „чувство" и самиот се расплака како шестгодишно момче, па мајката и синот целиот тој ден, се гушкаа еден со друг, и липаа. Утредента, Коља се разбуди „нечувствителен" како порано, но стана помолчалив, поскромен, построг, позамислен. Вистина, по шест недели пак направи немирлак и името му стана познато дури и на нашиот мировен судија, но оваа палавост веќе беше сосем поинаква, дури и смешна и глупавичка, и, како што се констатира, не ја направил самиот Коља, ами само бил замешан во неа. Но за тоа некаде подоцна. Мајка му и понатаму се плашеше и се мачеше, а Дарданелов колку што се зголемуваше нејзината загриженост, толку повеќе се надеваше. Мораме да напомнеме, дека Коља во тој поглед го сфати и го прочита Дарданелова и, се разбира, длабоко го презираше поради неговите „чувства"; порано дури беше толку безобѕирен, што тој презир го изразуваше пред мајка си, навестувајќи ѝ дека сфаќа кон што се стреми Дарданелов. Но, по случајот на железничката пруга, тој и во тоа го измени своето држење: сега веќе не си дозволуваше навестување, дури ни сосем оддалеку; а за Дарданелов пред мајка си почна да се изразува со поголема почит, кое чувствителната Ана Фјодоровна и веднаш го сфати со безгранична благодарност во срцето, но затоа при најмала, сосем случајна напомена за Дарданелов, дури и од страна на некој надворешен гостин, ако се затекнеше тука и Коља, наеднаш пламнуваше сета од срам, како роза. А пак Коља во таквите моменти или намур-

тено гледаше низ прозорецот, или си ги разгледуваше чизмите да не му се скинале некаде, или бесно го викаше Перезвон, бушаво, големо и крастосано куче, кое пред еден месец наеднаш го најде однекаде, во вовлече во куќата, и поради нешто го држеше во тајност во собите, не покажувајќи му го на никого од другарите. А многу го тиранизираше, обучувајќи го на секакви шеги и вештини, така што кутрото кученце толку беше свикнато со него што виеше во негово отсуство, кога ќе си одеше на училиштe, а кога ќе дојдеше дома потскокнуваше од радост, како лудо, легнуваше наземи и се преправаше како мртво и слично, накратко, ги покажуваше сите вештини на кои беше научено, и тоа не по барање, туку само поради своето големо чувство на приврзаност и благородност во срцето. Навистина, заборавив да напомнам дека Коља Красоткин е детенцето кое малиот Иљуша (на читателот веќе му е познат) син на бившиот капетан Снегирјов, го боцна со нож во бутот, бранејќи го татка си, на кого учениците му се подбиваа наречувајќи го „распарана пачавра".

II

Дечишта

Значи, тоа студено остро ноемвриско утро, момчето Коља Красоткин, седеше дома. Беше недела, па не одеше на училиштe. Веќе удри единаесет часот, бездруго требаше да излезе од дома, поради „една многу важна работа", меѓутоа, во целата куќа беше останат само тој и, всушност, како нејзин чувар, зашто излезе така, што сите постари станари, поради некои извонредни и необични околности, беа излегле од дома. Во куќата на вдовицата Красоткина, во ходникот спроти станот во кој живееше, се издаваше уште еден стан од две мали соби, а во него живееше една докторка со две малолетни деца. Докторката беше на исти години како Ана Фјодоровна и нејзина голема пријателка, а пак лекарот уште пред една година беше отпатувал најпрвин од Оренбург, а потоа

во Ташкент и веќе половина година од него немаше ни трага ни глас, така што докторката, да не беше пријателството со госпоѓата Красоткина, кое донекаде ѝ ја ублажуваше тагата на напуштената жена, просто ќе си ги исцедеше очите плачејќи од жал. И, ете, како врв на сите досегашни удари на судбината, мораше уште да се случи таа ноќ, помеѓу саботата и неделата, Катарина, единствената слугинка на докторката, наеднаш и за госпоѓата сосем неочекувано, да соопшти дека до зорите ќе роди дете. Како можело тоа никој да не го забележи порано, за сите беше вистинско чудо. Вчудовидената докторка реши, додека уште има време, да ја одведе Катарина во едно прифатилиште во нашето гратче, што беше уредено кај бабицата за таквите случаи. Бидејќи многу ја ценеше таа слугинка, веднаш ја реализира својата намера, ја одвезе, па и остана таму покрај неа. Потоа, пред зорите, поради нешто беше потребно уште и сето пријателско учество и помош на самата госпоѓа Красоткина, која тука можеше да замоли некого за нешто, и да даде некаква заштита. Поради тоа обете дами беа отсутни, а слугинката на госпоѓата Красоткина, баба Агафја, отиде на пазар, и Коља на тој начин за некое време се најде како чувар и стражар на „дечиштата", тоест на детенцето и девојченцето на докторката, кои останаа сосем сами. Коља не се плашеше да ја чува куќата, освен тоа, со него беше и кучето Перезвон на кое му беше наредено да лежи на мев во претсобјето под клупата „без да се мрдне", па токму затоа, штом Коља ќе влезеше во претсобјето, ја нишкаше главата и умилкувачки по двапати силно удираше со опашката по подот, но воопшто не го слушаше она повикувачкото свирнување. Коља заканувачки го погледнуваше несреќниот пес, а пак овој премираше во послушна здрвеност. Но ако нешто го збунуваше Коља, тоа беа само „дечиштата". На неочекуваниот настан со Катарина, се разбира, тој гледаше со најдлабок презир, но кутрите малечки деца многу ги сакаше и веќе им однесе некаква детска книшка. Настја, поголемкото девојче, која веќе имаше наполнето осум години, знаеше да чита; а

помалото, седумгодишното дете Костја, многу љубеше да слуша кога му чита Настја. Се разбира, Красоткин би можел да ги забавува и подобро, тоест да ги намести двете едноподруго, и да си игра со нив војници, или криеница по целата куќа. Тој не еднаш го правеше тоа и порано, и не се срамеше од тоа, така што дури и во одделението се расчу оти Красоткин дома со своите мали кирации си игра коњчиња, скока како циркузан и ја свиткува главата, но Красоткин горделиво го одби тоа обвинување, изнесувајќи им дека со врсниците, тринаесеттодишните, навистина би било срамота да си игра „во нашите години" коњчиња, но дека тој го прави тоа поради љубов спрема „дечиштата", зашто ги сака, а во неговите чувства, никој не смее да завлегува. Затоа, обете „дечиња" го почитуваа. Но овој пат, на Коља не му беше до играње. Го очекуваше една многу важна лична работа, навидум дури и таинствена; меѓутоа, времето си минуваше, а Агафја, на која можеше да ѝ ги довери децата, воопшто не се враќаше од пазар. Тој веќе неколку пати минуваше преку ходникот, ја отвораше вратата од станот на докторката, и загрижено ги погледнуваше „дечиштата", што по негова наредба седеа со книшка во раката, и секогаш кога ќе ја отвореше вратата молчејќи му се насмевнуваа со широко развлечена уста, и очекувајќи да влезе тој, и да направи нешто прекрасно и интересно. Но, Коља, беше вознемирен во душата, и не влегуваше. Најпосле удри и единаесет, и тој цврсто и конечно реши дека, ако таа „проклета" Агафја не се врати за десет минути, ќе си оди од дома без да ја дочека, се разбира, откако ќе добие ветување од малечките оти нема да се плашат ако останат сами, дека нема да се палаваат, ниту ќе плачат од страв. Со такви мисли тој си го облече зимското палтенце поставено со памук, со јака од некакво мачкино крзно, ја префрли преку рамо торбичката и не обрнувајќи се на поранешните молби од мајка си: кога ќе излегува од дома по „таков студ" секогаш да ги облекува и галошите, само со презир погледна во нив, минувајќи низ претсобјето, и излезе во чизми. Перез-

вон, штом го забележи облечен, почна силно да тропа со опашката по подот, потреперувајќи возбудено со целото тело, и дури тажно заквичи, но Коља, кога ја виде толку страсната желба на својот пес, заклучи, дека тоа е штетно за дисциплината и го остави уште под клупата, макар само една минута, и дури откако ја отвори вратата во ходникот, наеднаш му свирна. Кучето скокна како лудо, и фати да скока пред него од големо одушевување. Кога го мина ходникот, Коља ја отвори вратата на собата кај „дечиштата". Обете, како и порано, си седеа на маса, но веќе не читаа, туку, веројатно, се расправаа за нешто. Тие дечиња често се расправаа за разни возбудливи предмети на секојдневицата, при тоа Настја, како повозрасна, секогаш победуваше; а пак Костја, ако не се согласеше со неа, речиси секогаш одеше да вложи жалба кај Коља Красоткин, и што ќе решеше тој, тоа остануваше конечна пресуда за обете страни. Овој пат, расправијата на „дечиштата" го заинтересира Красоткина, и тој застана за да слушне покрај вратата. Малечките видоа дека тој слуша, па својата расправија ја продолжија со уште поголема жестокост.

— Никогаш, никогаш нема да поверувам, — запалено дрдореше Настја — дека малите деца бабиците ги наоѓаат во градина меѓу леите со зелка. Сега веќе е зима, и нема никакви леи, и бабицата не можела да ѝ ја донесе ќерката на Катарина.

— Фи! — си потсвирна Коља.

— Или еве како: тие од некаде ги носат децата, но само кај оние што се омажени.

Костја неподвижно гледаше во Настја и длабоко замислен слушаше и се обидуваше да сфати.

— Настја, ти си будала! — рече тој најпосле, решително и без лутење, — па како може Катарина да има детенце, штом не е омажена?

Настја многу се разлути.

— Ти не разбираш ништо! — го прекина таа налутена. — Можеби имала маж, но мажот ѝ лежи во апс, а таа, ете, родила.

— Па зарем мажот ѝ лежи во апс? — важно препрашуваше трезвениот Костја.

— Или, еве, што, — наеднаш го прекина Настја, сосем отфрлувајќи ја својата прва претпоставка. — Таа нема маж, тоа е точно, но таа сака да се омажи, па почнала да мисли како да се омажи, и постојано мислела, мислела, и само мислела додека, ете, не добила, не маж, туку детенце.

— Е, можеби е така, — се согласи наполно убедениот Костја — а порано не рече така, па како може тогаш да знам.

— Е, дечишта, — рече Коља, зачекорувајќи во собата, — гледам дека сте опасен народ!

— И Перезвон ли е со вас? — се насмевна Костја и фати да потпукнува со прстите, и да го повикува Перезвон.

— Дечишта, јас сум во незгодна положба — почна Красоткин, сериозно, и вие морате да ми помогнете: Агафја сигурно ја скршила ногата, штом ја нема досега, тоа е решено и потпишано, а јас морам да си одам дома. Ќе ме пуштите ли?

Децата се загледаа загрижени, нивните насмеани лица сега изразуваа страв. Тие, впрочем, уште немаа сфатено наполно што се бара од нив.

— Нема да бидете немирни кога ќе си одам? Нема да се качувате на орманот, нема да си ги кршите нозете? Нема да плачете од страв, сами?

На детските лица се изрази страшна тага.

— А јас за тоа би ви покажал нешто, мал топ од месинг, од кој може да се пука со вистински барут.

Детските лица веднаш светнаа.

— Покажете го топчето! — рече Костја целиот заинтересиран.

Красоткин ја стави раката во торбичката, го извади од неа малиот бронзен топ и го стави на маса.

— Значи, да ви го покажам. Гледајте на тркалца, — ја растркала тој играчката, на масата, — а може и да се пука. Да се наполни со сачми и да пука.

— А дали може и да убие?

— Се ќе испоубие, само треба да се нанишани.

И Красоткин им објасни каде се става барутот, каде се реди сачмата, покажа еден мал отвор во цевката, и им рече дека топот ќе пука и ќе се повлекува

назад. Децата слушаа со огромно љубопитство. Особено ги изненади помислата дека се враќа назад.

— А имате ли вие барут? — праша Настја.

— Имам.

— Покажете го и барутот — рече таа со развлечена молбена насмевка.

Красоткин пак побара во торбичката, и од неа извади едно шишенце во кое навистина имаше турено малку вистински барут, а во една хартиичка најде неколку зрна сачми. Тој дури го отвори шишенцето, и тури малку барут на дланката.

— Еве, само да не има некаде оган, инаку може да експлодира, и сите да нè испотепа, — ги предупреди Красоткин, за да им направи впечаток.

Децата го посматраа барутот со страхопочит, кое уште повеќе им го зголеми уживањето. Но на Костја повеќе му се допаднаа сачмите.

— А гори ли сачмата? — праша тој.

— Сачмата не гори.

— Дајте ми малку сачми, — изусти тој со гласче полно со молба.

— Ќе ти дадам малку сачми, еве, на, само не покажувај ѝ ги на мајка ти, додека не се вратам јас, зашто ќе помисли оти тоа е барут, па ќе умре од страв и ќе ве натепа.

— Мама никогаш не нè тепа со стап, — веднаш забележи Настја.

— Знам, јас тоа го реков само заради убав стил. А и вие мама ви никогаш немојте да ја лажете, само сега, — додека дојдам јас. Значи, дечишта, можам или не можам да си одам? Нема ли да плачете од страв кога ќе си одам?

— Ќе пла-че-ме, — развлечено рече Костја, веќе готвејќи се да заплаче.

— Ќе плачеме, сигурно ќе плачеме, — прифати со страв, брзајќи во зборувањето и Настја.

— Ех, деца, деца, колку се опасни вашите години! Што ќе правам, птички мои, ќе морам со вас да седам којзнае колку време. А времето времето си лета, ех!

— Ајде, наредете му на Перезвон, да се направи мртов, — замоли Костја.

— Што да правам, ќе морам да прибегнам и кон Перезвон. Ісі, Перезвон! — и Коља почна да му заповеда на песот, а овој да изигрува сè што знае. Тоа беше разбушавѐно куче, големо колку обичен чувар на куќа, со некакви сиво-лилакови влакна. Беше слепо со десното око, а левото уво којзнае откаде му беше дупнато. Потквичнуваше и потскокнуваше, служеше, одеше на задните нозе, паѓаше на грб дигајќи ги сите четири шепи нагоре, и лежеше неподвижно како умрено. За време на последната мајсторија, се отвори вратата и Агафја, дебела слугинка на госпоѓа Красоткина, неуредна жена, на четириесетина години, се покажа на прагот, враќајќи се од пазар со торба полна со накупувани продукти во рацете. Таа застана и, држејќи ја во левата рака торбата, се загледа во кучето. Коља, колку и да ја чекаше досега Агафја, не ја прекина претставата, и дури откако Перезвон определено време лежеше како мртов, му свирна: кученцето се исправи и почна да поскокнува од радост дека си ја извршило должноста.

— Види ти пес! — проговори поучно Агафја.

— А зошто задоцни ти, женска главо? — ја праша Красоткин остро.

— Женска главо ли? Види го ти детиштето!

— Детиште?

— А што си ако не детиште? Што ти е грижа оти задоцнив, сигурно требало штом сум задоцнила, — мрмореше Агафја работејќи нешто околу печката, но ни малку незадоволна, ниту лута, туку, напротив, многу задоволна, како да се радува поради можноста малку да подрдори со веселото господинче.

— Слушај лесномислена бабо — почна Красоткин, — станувајќи од канабето, — можеш ли ти мене да ми се заколнеш во сè што е свето на овој свет, и уште во нешто, дека неуморно ќе ги чуваш овие дечишта, додека бидам отсутен? Јас излегувам од дома.

— А зошто да ти се колнам? — се засмеа Агафја — јас и така ќе ги чувам.

— Не, никако поинаку, туку да ми се заколнеш во вечното спасување на твојата душа. Инаку нема да си одам.

— Не мораш да си одиш. Што ме интересува, надвор е студено, седи дома.

— Слушајте, дечишта — им се обрна Коља на децата — женава ќе остане со вас додека се вратам јас, или додека дојде мајка ви, зашто одамна веќе требаше и таа да се врати. Освен тоа, ќе ви даде и да појадете. Ќе им дадеш нешто, нели Агафја?

— Може.

— Догледање, птички мои, сега си одам со спокојно срце, а ти, бабо, — ѝ рече на Агафја полугласно и достоинствено, поминувајќи покрај неа, — се надевам нема да им дрдориш обични ваши женски глупости за Катарина, ќе ги поштедиш детските години. Ајде, Перезвон!

— Ама оди со здравје! — му се нафрли веќе налутено Агафја. — Многу е чуден. Би требало да се натепа поради таквите зборови.

III

Ученик

Но Коља веќе не слушаше. Најпосле можеше да си оди. Кога излезе од врата, се обзрна, ги собра рамениците и рече: „Студено!“ се упати право по улицата, а потоа по десната уличка накај пазарниот плоштад. Кога стигна до последната куќа пред пазариштето, застана пред вратата, ја извади од џебот свирката, и свирна со неа со сета сила, како да дава договорен знак. Не мораше да чека повеќе од една минута, од вратата наеднаш излезе и се упати кон него едно црвено момче на единаесет години, исто така, облечено во топло, чисто, и дури фодулско палтенце. Тоа беше малиот Смуров од забавиштето (додека Коља Красоткин беше поголем од него за две одделенија), син на еден имашлив чиновник, на кого родителите, изгледа, не му дозволуваа да се дружи со

Красоткин, како со многу познато дрско и палаво дете, така што Смуров сега очигледно истрча скришум. Тој Смуров, ако читателот не заборавил беше едно од онаа група момчиња што пред два месеца му фрлаа камења на Иљуша преку ендекот и кое тогаш на Алјоша Карамазов му кажуваше за Иљуша.

— Јас веќе цел час ве чекам, Красоткине, — со решителен израз проговори Смуров, и обете деца тргнаа накај пазариштето.

— Задоцнив, — одговори Красоткин. — Такви беа околностите. А тебе нема ли да те натепаат што идеш со мене?

— Ама што зборувате, зарем ме тепаат? Види, и Перезвон е со вас?

— И Перезвон!

— И него ли ќе го водите таму?

— И него.

— Ах, да е тука Жучка.

— Не може Жучка. Жучка не постои. Жучка исчезна во мракот на неизвесноста.

— Ах, не би можело ли вака, — наеднаш застана Смуров. — Бидејќи Иљуша вели, дека Жучка исто така била влакнеста, исто така бела, пепелава, како Перезвон — зарем не би можеле да речеме дека тој е Жучка, тој можеби ќе поверува?

— Ученичe, гнаси се од лагата, тоа ти е едно, дури и заради добро дело, тоа ти е два. А што е најважно, јас се надевам дека ти таму не си кажал ништо за моето доаѓање.

— Бог да чува, па јас знам. Но нема да го утешиш со Перезвон. — Воздивна Смуров. — Знаеш што: татко му, капетанот, „распарана пачавра“, ми кажа дека денеска ќе му донесе кученце, вистинско медаљанско, со црна муцка: тој мисли дека со тоа ќе го утеши Иљуша, само дали ќе може?

— А како му е нему, на Иљуша?

— Оф, лошо, лошо! Јас мислам дека тој има офтика. Уште е при свест, но само дише, дише, лошо дише. Пред некој ден, молеше малку да го прошетаат, му ги облекоа чизмичките, кутриот тргна, но постојано паѓаше. „Ах, ти велев, тато, дека не ми се добри овие

чизмички, — вели — тие се од порано, во нив и порано не можев добро да одам.“ Тој си мисли дека паѓа поради чизмичките, а, всушност, од слабост. Нема да поживее ни една недела. Кај него доаѓа Херценштубе. Сега пак се богати, имаат многу пари.

— Неранимајковци.

— Кои се неранимајковци?

— Лекарите, и сиот тој медицински џган, општо речено, а веќе, се разбира, и посебно. Јас ја порекнувам медицината, некорисна установа. Впрочем, јас сè проучувам. Туку, какви сентименталности се појавиле кај вас? Вие, изгледа, целото одделение, сите одите таму.

— Не целото одделение, туку така едно десетина од нашите одат секогаш, секој ден. Па тоа не е лошо.

— Во сето тоа ме изненадува улогата на Алексеј Карамазов: брат му утре или задутре ќе го судат поради такво злосторство, а тој наоѓа толку време за сентименталничење со дечишта!

— Тука нема никакво сентименталничење. Еве, и ти самиот сега одиш да се смириш со Иљуша.

— Да се смирам! Смешен израз. Јас, впрочем, на никого нема да му дозволам да ги анализира моите постапки.

— А колку ќе ти се израдува Иљуша! Тој не ни сонува дека ќе дојдеш. Зошто, зошто толку долго време не сакаше да го посетиш? — запалено вика Смуров.

— Мило мое детиште, тоа е моја работа, а не твоја. Јас одам сам од себе, затоа што така ми се сака, а сите вас таму ве одвлече Алексеј Карамазов, значи, има разлика. А од каде знаеш ти, можеби јас воопшто не одам за да се смирам? Глупав израз.

— Воопшто не Карамазов, всушност, не тој, нашите просто самите почнаа да одат таму, се разбира, најпрвин со Карамазов. И тука немаше ништо, никакви глупости. Најпрвин еден, потоа друг, татко му многу ни се радуваше. Знаеш, тој просто ќе полуди ако умре Иљуша. Тој гледа дека ќе умре Иљуша. А колку се радува дека се смиривме со Иљуша! Иљуша праша за тебе, ништо повеќе не додаде. Праша, и за-

молкна. А татко му ќе полуди, или ќе се обеси. Зашто тој и порано се однесуваше како луд. Знаеш, тој е благороден човек, и тогаш стана грешка. За сè е виновен таткоубиецот што го натепа тогаш.

— А сепак Карамазов за мене е загатка. Јас со него можев одамна да се запознам, но во по некои случаи љубам да бидам горд. Покрај тоа, за него имам мислење, што треба уште да се провери и да се анализира.

Коља важно замолчи; Смуров, исто така. Смуров, се разбира, со страхопочит гледаше во Коља Красоткин и не се ни осмели да помисли да се израмнува со него, а сега беше многу заинтересиран за тоа што го објасни Коља дека оди „сам од себе", па тука, сигурно, се крие некаква загатка во тоа што на Коља наеднаш му текнало сега, и тоа денеска да дојде. Одеа по пазариштето на кое овојпат имаше многу коли од околните села и многу довезена живина. Под шатори се продаваа ѓевреци, конци и друго. Таквите неделни собири кај нас во гратчето наивно се наречуваат панаѓури, и такви панаѓури има многу во годината. Перезвон трчкаше највесело расположен, непрестајно провлекувајќи се десно и лево, за нешто да може да лапне. Сретнувајќи се со други кучиња, тој со посебна сладост се душкаше со нив според сите кучешки правила.

— Сакам да го посматрам реализмот, Смурове, — рече наеднаш Коља. — Си забележил ли како кучињата се среќаваат и се гушкаат? Тука кај нив има некаков општ закон на природата.

— Да, некаков чуден закон.

— Тоест, не е чуден, ти грешиш. Во природата нема ништо смешно, без обзир како му изгледа тоа на човека со неговите предрасуди. Кога би можеле кучињата да размислуваат и да критикуваат, тие сигурно, од своето становиште, би нашле исто толку, ако не и многу повеќе чудно во меѓусебните социјални односи на луѓето, нивните господари — ако не и уште повеќе; тоа го повторувам, зашто сум цврсто убеден дека кај нас, луѓето, има многу повеќе глу-

пост, таа мисла е Ракитинова, — важна мисла. Смурове, јас сум социјалист.

— А што е тоа социјалист?— праша Смуров.

— Тоа е кога се сите еднакви, сите имаат едно заедничко мислење, нема бракови, а религијата и сите закони — кој како сака, и сè друго таму. Ти уште не си дораснат за тоа, за тебе е рано... туку, студено е денеска.

— Да, дванаесет степени. Пред малку татко ми го виде термометарот.

— И, дали си забележил Смурове, оти сред зима, кога има едно петнаесет или дури и осумнаесет степени, не е толку студено, како, на пример, сега, во почетокот на зимата, кога одненадеж ќе стегне студ од дванаесет степени, а снег има малку. Тоа значи дека луѓето уште не се навикнале. Кај луѓето во сè има навика, дури и во државен и политички поглед. Навиката е главен подвижник. Но, види колку смешен е селанецон.

Коља покажа еден крупен селанец во кожуф со добродушно лице, кој покрај својата кола си плескаше со раце во нараквици за да се загрее. Долгата отворено, костенлива брада сета му беше со укит од студ.

— Му замрзнала брадата на селанецов! — гласно и предизвикувачки викна Коља, поминувајќи покрај него.

— На мнозина им замрзнала — спокојно и поучно одговори селанецот.

— Не задевај го, — забележи Смуров.

— Ништо, нема да се налути, тој е добар. Збогум, Матвеју.

— Збогум.

— Ти ли си Матвеј?

— Матвеј. А ти ме знаеш ли?

— Не знаев; туку така реков.

— Види, те молам. Сигурно си ученик.

— Ученик.

— Па, те маваат ли на училиште? —

— Не многу, само така.

— И боли ли?

— Па, се разбира!

— Ех, и тоа ти е некаков живот! — воздивна селанецот од срце.

— Збогум, Матвеју.

— Збогум. Ти си добро момче, навистина.

Момчињата продолжија понатаму.

— Тој е добар селанец, — фати Коља да му зборува на Смуров. — Јас љубам да поразговарам со народов, и секогаш сум готов да му оддадам признание.

— А зошто го излажа дека нè маваат? — праша Смуров.

— Па треба да го задоволиш.

— Со што?

— Види, Смурове, јас не љубам да прашуваш а да не сфаќаш веднаш. Има такви на кои не можеш да им ги објасниш работите. Според мислењето на селаните, ученикот го маваат и мораат да го маваат. Каков ученик е тој, вели, ако не го тепаат? И сега наеднаш да му речам дека кај нас не тепаат, тоа би го налутило. Но ти тоа не го разбираш. Треба да знаеш како се разговара со народот.

— Само немој да се задеваш, те молам, зашто пак ќе излезе наопаку, како тогаш со гуската.

— А се плашиш ли?

— Не смеј се, Коља, жими бога се плашам. Татко ми страшно ќе ми се лути. Мене строго ми е забрането да одам со тебе.

— Не плаши се, овојпат нема да се случи ништо. Здраво, Наташа, — и викна тој на една продавачка на зеленчук под шаторот.

— Од каде знаеш дека сум Наташа? Кога, всушност, сум Марија, — одговори со крескав глас продавачката, уште доста млада жена.

— Многу ми е мило дека си Марија, збогум.

— Ах, ти палавец, една шапка човек, а и ти веќе знаеш нешто.

— Немам, немам време да разговарам со тебе, ќе ми кажеш идната недела — почна да мавта со рацете Коља, како таа нему да му додеваше, а не тој нејзе.

— А што да ти кажам, в недела? Ти се закачи за мене, а не јас за тебе, безобразнику — се развика Марија. — Треба да те натепаат, ако сакаш да знаеш, ти си познат по дрскоста.

Меѓу другите продавачки на зеленчук, чии тезгиња се наоѓаа покрај Марија, се слушна смеа, кога наеднаш, под аркадата на градските дуќани, којзнае зошто излезе, некаков налутен човек, сличен на трговски помошник, а не е наш трговец, туку од некое друго место, во сино палто со долги поли, во каскет, уште млад, со костенлива кадрава коса и долго бледо, мазолесто лице. Беше во некаква глупава возбуденост и веднаш фати да му се заканува на Коља со тупаница.

— Те знам јас тебе, — викаше налутено, — те знам тебе.

Коља го погледна внимателно. Не можеше да се сети како можел да дојде во некаков судир со овој човек. Но зарем малку судири имаше тој по улиците, сите не беше способен ни да ги запамети.

— Мене ли ме знаеш? — го праша иронично.

— Тебе те знам! Тебе те знам! — се заинаети граѓанецот како будала.

— Толку подобро за тебе. Туку, јас немам време, збогум!

— Многу си безобразен? — викна граѓанецот. — Пак си безобразен. Те знам јас тебе! Пак си безобразен!

— Брате, ако сум безобразен не е твоја грижа, рече Коља, застанувајќи и гледајќи во овој и понатаму.

— Како не е моја грижа?

— Така, не е твоја грижа.

— Ами чија е? Чија? Тогаш, чија е?

— Брате, тоа сега е грижа на Трифон Никитич, а не твоја.

— Кој е сега тој Трифон Никитич? — се загледа човекот во Коља глупаво зачуден и сè уште лутејќи се. Коља достоинствено го измери со погледот.

— Си бил ли кај Вознесение? — го праша тој наеднаш строго и решително.

— Кај какво Вознесение? Зошто, Не, не сум бил, — малку се подзбуни човекот.

— А го познаваш ли Сабанеев? — продолжи Коља уште поенергично и уште построго.

— Кој Сабанеев? Не, не го познавам.

— Ѐ, тогаш потака фати! — пресече наеднаш Коља и скршнувајќи десно, почна брзо да чекори одејќи си по својот пат, како божем да не сака ни да зборува со таков глупав човек што не го познава дури ни Сабанеева.

— Чекај, еј! Кој ти е тој Сабанеев? — се освести човекот, пак целиот возбуден. — Што рече тој? — им се сврти наеднаш на продавачките, гледајќи ги тапо.

Жените гргнаа да се смеат.

— Ѓаволесто момче, — проговори едната.

— Ама кој му е тој Сабанеев? — непрестајно занесено повторуваше човекот, мафтајќи со десната рака.

— Веројатно оној Сабанеев што служеше кај Кузмичови, сигурно е тој, — наеднаш се сети една продавачка.

Човекот се сврти кон неа и ги ококори очите.

— Кај Куз-ми-чови? — рече друга продавачка. — Па зошто тогаш Трифон? Тој е Кузма, а не е Трифон, а момчето го нарече Трифон Никитич. Значи, не е тој.

— Па тогаш тој не е ни Трифон, ни Сабанеев, туку е Чижов, — прифати наеднаш трета продавачка, што дотогаш молчеше и сериозно слушаше. — Тој се вика Алексеј Иванович, Чижов Алексеј Иванович.

— Токму така, тој е Чижов, — решително потврди четвртата продавачка на зеленчук.

Збунетиот човек, гледаше де во едната де во другата.

— Ама зошто ме праша, зошто ме праша, добри луѓе? — викаше сега веќе речиси очајно: „Го познаваш ли Сабанеев?“ Ѓаволот знае кој му е тој Сабанеев.

— Ти си глупав човек, убаво ти се вели дека не е Сабанеев, туку Чижов, Алексеј Иванович Чижов — ете кој е! — убедливо му викна едната продавачка.

— Каков Чижов? Ајде, каков? Кажувај, ако знаеш.

— Па, висок, влакнест, тргуваше летоска овде на пазаров.

— А зошто ми е, пустина да фати, тој Чижов, добри луѓе, а?

— А од каде да знам јас, зошто ти е Чижов.

— А кој да знае зошто ти е — прифати друга — самиот треба да знаеш зошто ти е, штом правиш врева. Зашто момчето тебе ти велеше, а не нам, глупаку. Зарем навистина не го познаваш?

— Кого?

— Чижов.

— Ѓавол нека го земе Чижов, заедно со тебе! — Ќе го измавам, ете така! Ми се подбива.

— Ти ќе го измаваш Чижова? или тој тебе! Ти си вистински будала!

— Не Чижова, не Чижова, ти пакосна, лоша жено, детиштето ќе го измавам? Дајте ми го ваму, тој ми се подбиваше.

Продавачките на зеленчук се кикотеа. А Коља веќе чекореше далеку, со победоносен израз на лицето. Смуров одеше покрај него, одвреме-навреме погледнувајќи кон толпата што викаше далеку зад нив. Тој, исто така, се чувствуваше многу пријатно, иако сè уште се плашеше да не дојде во некаква незгодна положба поради Коља.

— За кој Сабанеев го праша? — му се обрна тој на Коља, претчувствувајќи каков ќе биде одговорот.

— Ама од каде да знам за кој? Сега тие така ќе викаат до стемнување. Јас Љубам да ги вознемирам будалите во сите општествени слоеви. Ене, пак еден глупавичок стои, ене, оној селанецон. Запамети, велат: „Ништо не е поглупаво од глупавиот Французин“, но и руската физиономија се открива себеси. Зарем на оној не му пишува на лицето дека е будала, ене, на селанецон, нели?

— Остави го, Коља, да одиме.

— Воопшто нема да го оставам, сега зедов замав. Еј! Здраво, селанецу!

Крупниот селанец, што полека поминуваше покрај нив, изгледа беше поднапиен, и имаше тркалесто простичко лице и беловласа брада, тој ја крена главата, и го погледна момчето.

— Е, здраво, ако не правиш шега, — одговори тој полека.

— А ако правам шега? — се засмеа Коља.

— Ако се шегуваш, шегувај се, просто нека ти е. Сеедно, може и така. Секогаш можеш да се пошегуваш.

— Прости, брате, се пошегував.

— Па, господ нека ти прости.

— А простуваш ли ти?

— Како да не простувам. Продолжи.

— Види, те молам, па ти си, изгледа, умен човек.

— Поумен од тебе — одговори селанецот неочекувано, и, исто така, достоинствено.

— Не верувам — малку се збуни Коља.

— Вистина, ти велам.

— Па речиси така е.

— Така е, така е, брате.

— Збогум, селанецу.

— Збогум,

— Има разни селани, — му рече Коља на Смуров, по кратко молчење.

— Од каде можев да знам дека ќе наидам на разумен. Јас секогаш сум готов да му го признам умот на народот.

Во далечината црковниот часовник отчука единаесет и пол. Момчињата забрзаа, па другиот, уште доста долг пат, до живеалиштето на капетанот Снегирјов, го минаа брзо, и речиси без да разговараат. На дваесет чекори од куќата, Коља застана и му нареди на Смуров да оди напред и да му го доведе Карамазова.

— Претходно треба да се подушкаме еден со друг — му забележи тој на Смуров.

— А зошто да го повикам надвор, — му одговори Смуров, — влези вака, тие многу ќе се зарадуваат. Зошто да се запознаваш на студ?

— Ама јас знам зошто ми е потребен тој овде на студов — деспотски пресече Коља (што многу љубеше да го прави со „малечките"), а Смуров отрча да ја изврши наредбата.

IV

Жучка

Коља со важен израз на лицето се потпре на оградата и почна да го чека појавувањето на Аљоша. Да, тој одамна сакаше да се запознае со него. Многу имаше слушано за него од децата, но досега секогаш презриво — рамнодушно слушаше кога му зборуваа за него, дури и го „критикуваше" Аљоша, следејќи го она што му се кажуваше за него. Но во себе уште како сакаше да се запознае: во сите приказни што ги слушна за Аљоша имаше нешто симпатично и привлечно. Според тоа, сегашниов момент беше важен; пред сè, требаше да се зачува своето достоинство, да се покаже независноста: „Инаку може да си помисли дека имам тринаесет години, па ќе ме смета за исто момче како другиве. И зошто му се тие момчиња? Ќе го прашам кога ќе се запознаеме подобро. Но, не чини што сум толку низок. Тузиков е помлад од мене, а повисок е од мене за половина глава. Впрочем, лицето ми е умно; не сум убав, знам дека изгледам гадно, но лицево ми е умно. А не треба многу ни да го отвораш своето срце, зашто ако почнам веднаш да се гушкам, тој ќе си помисли... Уф, колку гадно ќе биде ако си помисли!...

Така се возбудуваше Коља трудејќи се со сета сила да изгледа што посамостоен. Што е најважно, него го мачеше тоа дека е мал, не толку „гадното" лице, колку нискиот раст. Тој дома, во аголот на ѕидот, уште пред една година, со молив повлече црта со која си ја забележи висината, и оттогаш секои два месеца доаѓаше тука со возбуда да се мери; за колку пораснал? Но, не! Растеше многу бавно, и тоа понекогаш просто го доведуваше до очај. Колку за ли-

цето, тоа ни малку не беше „гадно“, напротив, доста мило, белузлаво, бледо, со дамки. Сивите не многу големи, но живи очиња, гледаа смело, и често пламнуваа од чувство. Јаболчниците на лицето широчки, усните мали, не многу дебели, но многу црвени; носот мал и со решително нагоре свртен врв: „сосем чпртав, сосем чпртав!“ си мрмореше во себе Коља, кога ќе се гледаше во огледалото, и секогаш откај огледалото си одеше со негодување.„ А тешко да ми е и умно лицето“ си помислуваше понекогаш, сомневајќи се дури и во тоа. Впрочем, не треба да се мисли оти грижата за лицето и за растот ја ангажира сета негова душа. Напротив, колку и да беа мачни моментите пред огледалото, тој брзо го забораваше тоа, и дури за долго време, „целиот им се предаваше на идеите и на вистинскиот живот,“ како што самиот ја забележуваше својата активност.

Аљоша набргу се појави и брзо дојде до Коља; овој веќе од неколку чекори оддалеченост забележи дека лицето на Аљоша е сосем радосно. „Зарем навистина толку му е мило што ме гледа?“ — си помисли Коља со задоволство. Патем забележуваме дека Аљоша многу се измени од времето кога го оставивме: ја фрли мантијата, и сега носеше прекрасно сошиено палто, мека тркалеста шапка и кратко потстрижена коса, сето тоа значително го разубави, и тој изгледаше како вистински убавец. Неговото миловидно лице секогаш имаше весел израз, но таа веселост беше некако тивка и спокојна. Коља многу се зачуди кога виде дека Аљоша излезе пред него така како што седел во собата, без зимско палто, очигледно брзал. Веднаш му ја подаде раката на Коља.

— Најпосле, дојдовте и вие — многу ве очекувавме сите.

— Имаше причина, за која ќе дознаете веднаш. Во секој случај, мило ми е да се запознаеме. Одамна чекав прилика и многу слушав за вас — промрмори Коља, малку задишен.

— Па јас и вие и така ќе се запознаевме, јас исто така многу слушав за вас, но овде, за овде задоцнивте.

— Кажете, како е овде?

— На Иљуша му е многу лошо, тој сигурно ќе умре.

— Што зборувате? Признајте дека невистината е ништожество, Карамазове! — викна Коља запалено.

— Иљуша често, многу често ве споменуваше, дури, знаете, и на сон, кога бладаше. Се гледа дека сте му биле многу драг, порано... пред тој случајот... со ножето. Освен тоа, има уште една причина... кажете ваше ли е кучево?

— Мое. Перезвон.

— А не е ли Жучка? — тажно погледна Аљоша во очите на Коља.

— Зарем таа навистина исчезна?

— Знам дека сите би ја сакале Жучка, слушнав — загадочно се насмеа Коља. — Слушајте, Карамазове, јас ќе ви ја објаснам сета работа, јас главно за тоа и дојдов, затоа и ве викнав надвор, за претходно да ви го објаснам целиот случај, пред да влеземе, — живо почна тој. — Видете, Карамазове, пролетоска Иљуша стапи во забавиштето. А се знае какво е нашето забавиште: дечишта, палавци. Иљуша веднаш почнаа да го задеваат. Јас сум постар за две одделенија и, се разбира, гледам оддалеку, отстрана. Гледам, момчето малечко, слабичко, но не се потчинува, дури и се бие со нив, горд е, очињата му горат. Јас ги љубам таквите. А тие него уште повеќе го закачаат. А, што е најважно, тој тогаш имаше некакво сиромашко палтенце, панталончиња над коленици, а чевли „со прстите надвор". Тие го закачаа и за тоа. Го понижуваа. Не, јас веќе не можев да го трпам тоа, веднаш се замешав, и добро им ги истрив носовите. Зашто јас ги тепам нив, но тие ме почитуваат, знаете ли, Карамазове? — неумерено се пофали Коља. — И воопшто сакам дечишта. Мене, и сега дома две птички ми стојат на вратот, па и денеска ме задржаа. Па така, престанаа да го тепаат Иљуша, а јас го зедов под моја заштита. Гледам, момчето гордо, ви велам, гордо, но заврши со тоа што ми се предаде ропски, ги извршува и моите најмали наредби, ме слуша како бога, и во сè ме имитира. За време на одморите помеѓу школските часови, веднаш ми пристапува, па заедно

шетаме. Во недела, исто така. Кај нас во гимназијата се смеат, кога постаро момче толку блиску ќе се спријатели со малечко, но тоа е предрасуда. Таква ми е ќудта, и што се може, ќе е ли така? Јас го учам, го развивам, кажете, зошто да не го развивам, кога тој ми се допаѓа? Па, ете, и вие Карамазове, се спријателивте со тие малечки деца; значи, сакате да влијаете врз младото поколение, да го развивате, да бидете корисен? И признавам, таа црта на вашиот карактер, за која дознав по раскажувањето, најмногу ме заинтересира. Впрочем, да минеме на предметот: забележувам дека кај детето се развива некаква чувствителност, сентименталност, а да знаете, јас сум решителен непријател на сите можни „сентименталности", таков сум уште од раѓање. А, покрај тоа уште и противречности: горд е, а и мене ми е верен ропски — да, ропски верен, но наеднаш почнуваат да му горат очињата, па не сака дури ни да се согласи со мене, се расправа, ми скока во очите како осичка. Јас понекогаш спроведував разни идеи: а тој не дека не се согласува со идеите, туку просто гледам дека лично против мене се бунтува затоа што јас одговарам со ладнокрвност на неговите нежности. Па така, за да го направам поцврст — колку тој понежен — толку јас поладнокрвен, намерно постапувам така, такво е моето убедување. Имав на ум да му го изградам карактерот, да го исправам, од него да создадам човек... И така... вие, секако, ме сфаќате со половина збор. Наеднаш, гледам јас, еден ден тој е збунет, па другиот ден, па третиот, тагува, но не повеќе поради некакви нежности, туку поради нешто друго, посилно, повисоко. Си мислам, каква ли е оваа трагедија сега? Се нафрлувам на него и дознавам интересна работа: тој некако се запознал со слугата на вашиот покоен татко (кој тогаш уште беше жив), Смердјаков, а овој, будалата, го научува една глупава шега, тоест sверска шега, гадна шега — зема парче леб, средина, забуцува во него игла и му фрла на некој пес чувар во дворот, од оние, што се изгладнети, зашто тие го голтаат залакот, без да го џвакаат, за да види што ќе излезе од тоа. Значи, приготвиле такво парче и ѝ го фрлиле

токму на влакнестата Жучка, поради која сега се направи цела приказна, куче од некој двор каде што просто никој не го хранел, така што тоа везден лаеше по ветар. (Го сакате ли вие, Карамазове, тоа глупаво лаење? Јас не го поднесувам). Па веднаш се нафрлува, голтнува и заквичува, почнува да се врти и фаќа да бега. Трча и постојано квичи и — исчезна. — Така ми опишуваше самиот Иљуша. Ми призна, и плаче — плаче, ме гушка, целиот се тресе. „Трча и квичи, трча и квичи“ — само тоа го повторува, го вчудовидела таа слика. Гледам, како го гризе совеста. Јас тоа го примив сериозно. Што е најважно, сакав да му дадам совет и за она од порано, така што признавам, смислив итрост: изигрував такво негодување, какво што можеби воопшто не бев способен ни да чувствувам: „Ти, му реков, направи никаквечко дело; ти си подлец, се разбира, нема да разгласам, но засега прекинувам со тебе. За оваа работа ќе размислам, и ќе те известам преку Смуров (момчево што дојде сега со мене и кое секогаш ми било верно): дали понатаму ќе го продолжам дружењето со тебе, или ќе те отфрлам засекогаш, како подлец!“ Тоа сосем го разочара. Признавам, јас уште тогаш почувствував дека можеби постапив премногу строго, но што да правам, таква ми беше тогашната замисла. Утредента, му го испраќам Смурова и преку него му порачувам дека со него веќе „не зборувам“, тоест, така се вели кај нас, кога двајца другари ги прекинуваат меѓусебните односи. Тајната е во тоа што сакав малку да го измачам, само неколку дена, а после, откако ќе видам дека се кае, пак да му ја подадам раката. Тоа беше мое цврсто решение. Но, што мислите: тој ислушал што му рекол Смуров, и наеднаш му светнале очите: „Речи му, викнал тој на Красоткин дека сега на сите кучиња ќе им фрлам парчиња со игли, на сите, на сите!“ — „Види, си помислувам јас, како да се појавил во него некаков дух устремен кон слободата, тоа треба што побргу да се истера“, и започнав да покажувам целосен презир, кога и да се сретнеме, ја свртувам главата или иронично се смешкам. И наеднаш се случува, тоа со татко му, се сеќавате ли — „рас-

парана пачаврa“ имајте на ум дека тој уште порано беше склон кон страшна раздразнетост. Децата кога видоа дека го напуштив јас, почнаа да му се нафрлаат, и да го задеваат: „распарана пачаврa“, „распарана пачаврa.“ Ете така, почнаа борбите меѓу нив, поради кои многу ми е жал, зашто еднаш станаа многу жестоки. Еднаш тој, ете, се нафрли на сите нив во дворот, кога излегуваа од одделението, јас стоев на десетина чекори од него и го гледав. И, ви се колнам, не се сеќавам дали се смеев, напротив, тогаш мене ми беше многу ,многу жал за него, и малку требаше за да се спуштам да го бранам. Но наеднаш неговиот поглед се сретна со мојот: што му се стори нему — не знам, но тој го извади ножето, се нафрли на мене, и ми го забуца во бутов, еве овде, во горниот дел на деснава нога. Јас не се мрднав, јас, признавам, понекогаш сум храбар, Карамазове, само го погледнав со презир, како да имам намера да му речам со погледот: „Да не сакаш уште поради сето мое пријателство? Ако сакаш, ти стојам на располагање“. Но тој не се нафрли по вторпат не издржа, се уплаши, го фрли ножето, гласно заплака, и почна да бега. Се разбира, јас никому не му се поплакав, и им наредив на сите да молчат, за да не стигне до школските власти, дури и на мајка ми ѝ кажав откога зарасна сè, а и раничката беше малечка, гребнатинка. Потоа, слушам, истиот ден фрлал камења и ви го гризнал прстот — значи сфаќате во каква состојба бил! Но, што да се прави, постапив глупаво, кога се разболи, не отидов да му простам, тоест да се смириме, и сега се каам. Тогаш всушност имав посебни намери. И, ете, тоа ви е цела приказна... Само, изгледа, направив глупост...

— Ах, каква штета, — викна возбудено Аљоша, — што јас порано не знаев за тие ваши односи, инаку уште одамна ќе дојдев кај вас, да ве молам да дојдете заедно со мене кај него. Веруваш ли, во треска, болен, бладаше за вас. Не ни знаев колку сте му драг! А навистина ли не го најдовте Жучка? Татко му и сите дечиња ја барале по целиот град. Верувате ли, тој, така болен, целиот во солзи, веќе трипати пред

мене му повторуваше на татка си: „Тато, болен сум затоа што тогаш ја убив Жучка, па господ ме казни“, таа мисла не можеш да му ја извадиш од главата никако! И да може некако сега да се најде таа Жучка, па да му покажеме дека не е скапана, ами дека е жива, ми се чини, тој ќе воскресне од радост. Сите се надевавме во вас.

— А како сте можеле да се надевате дека Жучка ќе ја пронајдам токму јас? — праша Коља со необично љубопитство, — зошто сте сметале токму со мене, а не со некој друг?

— Како да се слушна нешто дека вие ја барате и дека ќе ја доведете штом ќе ја пронајдете. Смуров кажуваше такво нешто. А што е најважно, сите ние се трудиме да го увериме дека Жучка е жива, дека сме ја виделе некаде. Дечињата однекаде му набавиле жив зајак, но тој само го погледна, одвај малку се насмевна, и замоли да го пуштат в поле. Така и направивме. Токму сега татко му се врати и му донесе медељанско кученце, го набавил однекаде, мислеше да го развесели со него, но изгледа излезе само уште полошо.

— Кажете ми, Карамазове: каков човек е татко му? Јас не го познавам, но што е тој според вашето мислење: будала, кловн?

— О, не, има луѓе што чувствуваат длабоко, но како постојано да ги притиска нешто. Нивните будалштини се како некаква злобна иронија исправена против оние на кои не смеат в очи да им ја кажат вистината поради долготрајниот понижувачки срам од нив. Верувајте, Красоткине, такво будалење понекогаш е многу трагично. За него сега сè, сè на светов е сосредоточено на Иљуша, и ако умре Иљуша ,тој или ќе полуди од жал, или ќе си го одземе животот. Јас сум речиси убеден во тоа кога го гледам сега!

— Ве разбирам, Карамазове, гледам дека го познавате човекот, — додаде Коља трогнат.

— А јас, кога ве видов со кучето, си помислив дека сте ја довеле името Жучка?

— Почекајте, Карамазове, можеби ќе ја најдеме, а ова — ова е Перезвон. Сега јас ќе го пуштам во со-

бата, па Иљуша можеби повеќе ќе се зарадува од него отколку од медељанското кученце. Почекајте, Карамазове, сега ќе дознаете нешто. Ах, господи, колку ве задржувам! — викна наеднаш Коља вознемирено. — Вие имате на себе само танко палто на ваков студ, а јас ве задржувам. Гледате ли, гледате ли, колку сум егоист. О, сите ние сме егоисти, Карамазове!

— Не грижете се, вистина, студено е, но, не сум зиморлив. Сепак, да одиме. Навистина: како се викате вие, јас знам, дека сте Коља, а понатаму?

— Николај, Николај Иванов Красоткин, или како што се вели официјално: син Красоткин — се насмеа поради нешто Коља, па наеднаш додаде:

— Јас, се разбира, го мразам своето име: Николај.

— А зошто?

— Тривијално, службено . . .

— Вие имате тринаесет години? — праша Аљоша.

— Тоест сум во четиринаесеттата. По две недели ја наполнувам чеиринаесеттата, значи, сосем наскоро. Признавам однапред една слабост, Карамазове, тоа заради почетокот на нашето познанство, за веднаш да ја видите сета моја природа: мразам кога некој ме прашува за годините, мразам повеќе отколку . . . и најпосле . . . за мене, на пример, се шири клевета дека минатата недела сум играл разбојници со мали деца од забавиштето. Вистина е, играв, но , дека сум играл заради себеси, за да си направам себеси задоволство, тоа е најобична клевета. Јас имам причини да мислам дека тоа е дојдено и до вас, но јас не играв заради себеси, ами играв од љубов спрема дечиштата, зашто тие без мене ништо не умееја да смислат. Кај нас, ете, секогаш шират некакви глупави гласови. Ова е град на сплетки, те уверувам.

— Па, и за свое задоволство да сте играле, што има тука?

— Ех, заради себеси . . . секако нема да играте коњчиња,

— Но, земете ја работата вака, — се насмевна Аљоша — на театар, на пример, одат возрасни, а во театарот, исто така, се претставуваат доживувања на

разни херои, понекогаш и со разбојници, и со војна — па зарем тоа не е исто, се разбира, на свој начин? И кога младината за време на одморот си игра војна, или, да речеме, разбојници, тоа, исто така, е уметност во зачеток, потреба од уметност што се раѓа во младата душа, и тие игри понекогаш се измислуваат похармонично, отколку претставите во театарот, сета разлика е во тоа што на театар луѓето одат да ги гледаат артистите, а овде артисти се самите млади луѓе. Па тоа е природно.

— Вие мислите така? Тоа е вашето убедување? — внимателно го погледна Коља. — Знаете ли, вие изрековте доста интересна мисла; кога ќе одам дома, ќе промислам малку за таа работа. Признавам, јас се надевав дека од вас човек може нешто и да научи. Дојдов за да учам од вас, Карамазове, — со убеден и претерано возбудлив глас заврши Коља.

— А јас од вас — се насмевна Аљоша, стегнувајќи му ја раката.

Коља беше необично задоволен со Аљоша. Тој беше и изненаден што овој со него се однесува како со наполно еднаков на себе и што зборува со него како „со сосем возрасен".

— Јас сега веднаш ќе ви покажам една мајсторија, Карамазове, исто така, една театарска претстава, — нервозно се насмевна, — поради тоа и дојдов.

— Да одиме најпрвин влево, кај газдите, таму сите ваши си ги оставаат палтата, зашто во собата е тесно и жешко.

— Ама јас дојдов само за момент; јас ќе влезам и ќе поседам со палто. Перезвон ќе остане овде, во ходников, и ќе умре: „Ваму, Перезвон, легни и умри!" — гледате умре. Јас ќе влезам првин, за да видам како е таму, а после кога ќе затреба, само ќе свирнам: „Ісі, Перезвон!" и вие ќе видите тој веднаш ќе дотрча како споулавен. Само потребно е Смуров да не заборави во тој миг да ја отвори вратата. Јас ќе уредам сè, и вие ќе ја видите мајсторијата . . .

V

Покрај постелката на Иљуша

Во собата, што веќе ни е позната, во која живееше семејството на познатиот бивш капетан Снегирјов, во тој момент беше и задушно и тесно поради многубројната собрана публика. Неколку дечиња седеа покрај Иљуша, и макар што сите беа готови, како и Смуров да порекнуваат дека со Иљуша ги зближил и ги смирил Аљоша, всушност, сепак тоа беше така. Сета вештина на Аљоша во овој случај се состоеше во тоа што ги смири со Иљуша, без секакви „сентименталности", туку, како сосем случајно и неочекувано. А на Иљуша тоа му донесе големо олеснување во неговото страдање. Кога го забележи речиси нежното пријателство и сочувство што сите тие дечиња, негови бивши непријатели, го изразуваа спрема него, беше многу трогнат. Му недостигаше само Красоткин, и тоа како камен го притискаше неговото срце. Ако во горчливите спомени на Иљуша постоеше нешто најгорчливо, тоа беше токму случајот со Красоткин, негов некогашен единствен пријател и заштитник, кого тогаш го боцна со ножот. Така мислеше и умното момче Смуров, кое прво дојде да се смири со Иљуша. Но самиот Красоткин, кога Смуров оддалеку му навести дека Аљоша сака да дојде кај него „поради една работа", веднаш го прекина и му го пресече пристапот кон себе, наредувајќи му на Смуров да му соопшти на „Карамазов" дека и самиот знае како да постапи, дека не бара совет од никого, и, ако треба да отиде кај болниот, тој самиот знае кога ќе оди, зашто има некаква „своја сметка". Тоа беше четиринаесет дена пред оваа недела. Ете, зошто Аљоша не отиде кај Красоткина, како то имаше намера. Впрочем, иако чекаше, сепак го испрати Смурова кај Красоткина уште двапати. Но обата пати Красоткин одговори со најрешително и најнадмено одбивање, порачувајќи му на Аљоша дека ако самиот дојде по него, токму поради тоа никогаш нема да оди кај Иљуша, и — веќе да не му додеваат. Дури и до последниот ден ни Смуров не

знаеше дека Коља има решено да отиде кај Иљуша изутринава, дури синоќа, на разделување Коља наеднаш тврдо му соопшти на Смурова: изутрина да го чека дома, зашто заедно со него ќе одат кај Снегирјов, но, воопшто да не се осмелува никому да му јави за неговото доаѓање, зашто сака да дојде одненадеж. Смуров го послуша. Мечтаењето, пак, за тоа, дека Коља ќе ја доведе изгубената Жучка кај Смурова се појави врз основа на патем реченитe зборови на Красоткин, дека „сите тие се магариња штом не можат да го најдат кучето, ако е живо". А кога Смуров од страв начекувајќи погодно време, навести оти речиси го погодува тоа за кучето, Красоткин веднаш страшно се налути: „Какво магаре сум јас да барам туѓи кучиња по целиов град, кога го имам својот Перезвон? И можно ли е и да се сонува дека кучето што голтнало игла ќе остане живо! Глупава сентименталност, ништо повеќе!"

Меѓутоа, Иљуша веќе две недели како речиси и не ја напушта својата постелка во аголот покрај иконите. А на училиште нема отидено од случајот кога се сретна со Аљоша и му го гризна прстот. Впрочем, тој дента и се разболи, иако уште еден месец можеше понекогаш да чекори вака-така по собичката и по ходникот, кога ќе станеше од својата постелка. Најпосле сосем заслабна, така што без помошта на татка си не можеше да се движи. Татко му со страв го гледаше, дури и сосем престана да пие, речиси полуди од страв дека ќе му умре, и често, особено откога ќе го прошеташе по собичката држејќи го подрака, и по кое го сместуваше во постелката — наеднаш ќе истрчаше во ходникот, во мрачниот агол, па потпрен со челото на ѕидот, грчливо се расплачуваше тресејќи се целиот придушувајќи го гласот за да не може Иљуша да го чуе неговото јачкање.

Кога ќе се вратеше во собата, обично започнуваше да се забавува со што било и да го утешува своето мило момче, му раскажуваше бајки, смешни приказнички, или претставуваше смешни луѓе, што ги видувал некогаш, дури ги имитираше животните како смешно рикаат и се дерат. Но Иљуша никако не љу-

беше татко му да се лигави и да приправа како будала. Иако момчето се трудеше да не покаже дека му е тоа непријатно, тој со болка во срцето увидуваше дека татко му е понижен во општеството, и секогаш незадржливо му се наметнуваше сеќавањето за „распараната пачавра“, и „тој страшен ден“. Ниночка, куца, тивка и кротка сестра на Иљуша, исто така, не љубеше татко ѝ да се преправа (што се однесува пак до Варвара Николаевна, таа одамна беше отидена во Петербург, за да слуша предавања на универзитетот), но затоа малоумната мамичка многу се забавуваше и од сè срце се смееше кога нејзиниот сопруг ќе почнеше да претставува или да прави некакви смешни гестови. Само со тоа и можеше да се разоноди, а сето друго време непрестајно мрмореше и се плачеше дека сите ја заборавиле, дека никој не ја почитува, дека ја навредуваат, и слично. Но во последниве денови, како и таа наеднаш сосем да се измени. Често погледнуваше во аголот на Иљуша и се замисли. Стана многу помолчалива, се смири, па и ако почнеше да плаче, тоа го правеше тивко, за да не ја чуе никој. Капетанот со тага и со збунетост ја забележи таа промена. Отпрвин детските посети не ѝ се допаѓаа и само се лутеше, но подоцна веселите извици и приказните на дечињата почнаа да ја забавуваат, така што многу тажеше ако дечињата престанеа да доаѓаат. Ако децата нешто раскажуваа, или ако фатеа да играат, таа се смееше и плескаше со рацете. Некои викаше кај себе и ги бацуваше. Особено го засака малиот Смуров. Што се однесува пак до капетанот, појавата на дечињата во неговиот стан, што доаѓаа да му го развеселат Иљуша, ја исполни неговата душа со радосно одушевување уште од почетокот тој дури се надеваше дека Иљуша ќе престане да тагува и, можеби, од тоа побргу ќе оздрави. Тој во ниеден момент, сè до последните денови, и покрај сиот свој страв за Иљуша, не се сомневаше дека неговото синче ќе оздрави наеднаш. Ги пречекуваше малите гости со покорна восхитеност, се вртеше околу нив, им стоеше на располагање, се согласуваше и да ги качува на грбот, почна дури и да ги носи, но тие игри не му се допаѓаа на

Иљуша па ги напуштија. Капетанот зеде да им купува слатки, медени колачиња, ореви, им вареше чај, им мачкаше леб со путер. Треба да се напомене, дека за сето тоа време не остануваше без пари. Двестете рубли од Катарина Ивановна ги прими точно така како што претскажа Аљоша. А подоцна Катарина Ивановна, кога се информира подробно за нивната ситуација и за болеста на Иљуша, самата дојде во посета во нивниот стан, се запозна со целото семејство, и дури успеа да ја одушеви полулудата жена на капетанот. Од тоа време, нејзината рака не остануваше празна, а капетанот убиен од помислата дека ќе му умре синчето ја заборави својата поранешна гордост, и покорно ја примаше милостињата. За сето време докторот Херценштубе, по покана од Катарина Ивановна, кај болниот доаѓаше постојано и точно секој втор ден, но од неговите посети имаше малку корист, само го колкаше детето со многу лекови. Тој ден, меѓутоа, тоест во неделата изутрината, кај капетанот очекуваа еден нов доктор, пристигнат од Москва, каде што беше многу ценет. Него посебно го викна од Москва Катарина Ивановна, за голема пара — не нарочно за Иљуша, туку за една друга цел, за која ќе стане збор подоцна и на соодветно место, но кога веќе дојде, таа го замоли да го посети и Иљуша, за кое капетанот однапред беше известен. А доаѓањето на Коља Красоткин тој не го насети порано, иако одамна сакаше веќе еднаш да дојде тоа момче поради кое толку се мачи неговиот Иљуша. Токму во моментот кога Красоткин ја отвори вратата и се појави во собата, сите, капетанот и момчињата, беа собрани околу постелката на болниот, загледувајќи го пред малку донесеното мало медељанско кученце, кое беше скоро окучено, но кое капетанот уште пред една недела го имаше порачано за да го развесели и забави Иљуша, кој непрестајно тагуваше по исчезнатата и, се разбира, сега веќе пцовисана Жучка. Но, макар што Иљуша, кој уште пред три дена слушна и знаеше дека ќе добие како подарок мало кученце, и тоа не просто, туку вистинско медељанско (што, се разбира, беше извонредно важно), за да искаже внимание се преправаше

дека му се радува на подарокот, а сите, и татко му и дечињата, јасно гледаа дека новото кученце, можеби само уште повеќе го оживеало во неговото срце споменот за кутрата Жучка, која тој ја упропасти. Кученцето лежеше и се тркалаше покрај него, и тој со болна насмевка, го галеше со својата истанчена, бледа, ослабната рака; дури се гледаше дека кученцето му се допаѓа, но... сепак Жучка ја нема, сепак тоа не е Жучка, а да се тука заедно Жучка и кученцето, тоа би било вистинска среќа.

— Красоткин! — викна наеднаш едно од децата, што прво го забележа влегувањето на Коља. Настапи очигледна возбуда, дечињата се размрдаа, и се разместија на обете страни на постелата, така што Иљуша можеше да го види целиот. Капетанот наеднаш му се спушти во пресрет на Коља.

— Повелете, повелете... мил гостину! — промрмори тој. — Иљушечка, господин Красоткин повелал да ти дојде...

А Красоткин, подавајќи му ја набрзина раката, наеднаш го изрази своето извонредно познавање на отменото однесување. Тој веднаш, и пред сè, ѝ се обрна на сопругата на капетанот, што седеше во својата фотелја (таа токму тогаш беше многу незадоволна и негодуваше дека дечињата застанале пред постелата на Иљуша, па не ѝ даваат да го гледа малото кученце), и необично учтиво ѝ се поклони, повлекувајќи ја ногата по подот, а потоа се сврти кон Ниночка, исто така ѝ се поклони и нејзе, како на дама. Таа учтивост на болната госпоѓа ѝ остави необично пријатен впечаток.

— Ете, веднаш се гледа убаво воспитано момче — гласно изговори таа, раширувајќи си ги рацете — а овие другиве наши гости: како да си доаѓаат еден кај друг.

— Како тоа, мамичке ,еден кај друг, што зборуваш — промрмори капетанот, вистина љубезно, но подисплашен малку поради „мамичката".

— Па, така влегуваат. Во ходникот се качуваат еден на друг и така јавнати влегуваат во едно отмено семејство. Каков гостин е тој?

— Ама кој, кој влегол така јавнат, мамичке?

— Па ене, оној малион денеска влезе качен на оној онаму...

Но Коља веќе стоеше покрај постелата на Иљуша. Болниот очигледно побледи. Тој се исправи на постелата и внимателно — внимателно се загледа во Коља. Овој веќе два месеца не го имаше видено својот поранешен мал пријател, и сега наеднаш застана пред него вчудовиден. Не можеше ни да си замисли дека ќе види толку испиено и пожолтено лице, очи што горат толку трескаво и кои како неверојатно да се зголемиле, толку слабички раченца. Со тажно чудење гледаше како Иљуша длабоко и забрзано дише, и како му се усничките подгорени. Тој, зачекори накај него, му ја подаде раката, и речиси сосем збунет, рече:

— Па, како е, стари... Како ми живееш?

Но гласот му се пресече, ја изгуби присебноста, лицето некако наеднаш му се искриви и нешто затрепери околу неговите усни. Иљуша болно му се смешкаше, уште воопшто не наоѓајќи сили да каже макар еден збор. Коља ја крена раката и помина со дланката по косата на Иљуша.

— Ништо, ништо! — му рече тој тивко со гласовен глас храбрејќи го, а, всушност, ни самиот не знаејќи зошто му го рече тоа. По малку пак замолчија.

— Ова ли е новото кученце? — наеднаш со најчувствителен глас го праша Коља.

— Да-а-а! — одговори Иљуша со долг шепот, тивко, дишејќи.

— Муцката му е црна, значи лошо е, од оние што се држат на синџир, — важно и со сигурност забележи Коља, ќако сета работа да е во кученцето и во неговата црна муцка. Но, важно беше тоа што тој сè уште со сета сила се трудеше да го совлада во себе чувството за да не заплаче како „малечко дете", и сè уште не можеше да го победи. — Кога ќе попорасне, ќе морате да го врзете со синџир, знам сигурно.

— Ќе биде огромно! — викна едно дете.

— Се разбира, медељанско е, огромно, еве олкаво, како теле — наеднаш се слушнаа неколку гласчиња.

— Како теле, како високо теле, се замеша и капетанот. — Јас нарочно барав такво, најлошо, и родителите исто така му се многу големи и многу лути, еве олку високи... Седнете, овде на креветов, покрај Иљуша, или еве овде на клупава. Повелете, мил гостину, гостин одамна очекуван... Да не дојдовте со Алексеј Фјодорович?

Красоткин седна на постелата, покрај нозете на Иљуша. Иако можеби се готвеше по пат разговорот да го започне со нешто слободно и весело, сега сосем ја изгуби самоувереноста.

— Не... јас дојдов со Перезвон... Сега имам такво куче, Перезвон. Словенско име. Ене го онаму чека... Само да свирнам, веднаш ќе дотрча. Да, и јас имам куче — наеднаш тој му се обрна на Иљуша, — се сеќаваш ли, стари, за Жучка? — наеднаш го жежна со прашањето.

Лицето на Иљуша се искриви. Тој страдалнички го погледна Коља. Аљоша, што стоеше покрај вратата, се намурти и скришум му даде знак на Коља да не започнува разговор за Жучка, но овој не го забележи тоа, или не сакаше да забележи.

— А каде е... Жучка — праша Иљуша со испрекинат глас.

— Е, пак ти со твојата Жучка — ја имаше некогаш и веќе ја нема! Ја нема твојата Жучка.

Аљоша молчеше, но внимателно — внимателно уште еднаш го погледна Коља. Аљоша, го фати погледот на Коља, со сета сила пак почна да му дава знак со главата, но овој пак погледна настрана, правејќи се дека ни сега ништо не забележил.

— Заскитала некаде и се изгубила. А како нема да се изгуби по таков залак, — немилосрдно сечеше Коља, меѓутоа, поради нешто како и самиот да дишеше тешко. — Затоа јас го имам Перезвон. Словенско име... Ти го доведов...

— Не ми треба! — наеднаш проговори Иљуша.

— Не, не, треба, бездруго види го... Ти ќе се развеселиш. Јас нарочно го доведов... Но, бушав е како неа... Ќе дозволите ли, госпоѓо, да го викнеме

моето куче, — наеднаш тој ѝ се обрна на госпоѓата Снегирјова, со некакво веќе несфатливо возбудување.

— Не треба, не треба! — со болен напор во гласот викна Аљоша. Во неговите очи се појави прекор.

— Подобро да... — му се откина наеднаш на капетанот, што седеше на сандакот крај ѕидот, — подобро тоа... другпат... — промрмори тој; но Коља, незадржливо настојувајќи и брзајќи наеднаш му викна на Смуров: „Смуров, отвори ја вратата!“ И само што ја отвори, Коља свирна со своето свирче. Перезвон, како стрела дотрча во собата.

— Скокни, Перезвон, мрдни, мрдни! — му викна Коља скокнувајќи од место, а кученцето исправајќи се на задните шепи, се оптегна токму пред постелата на Иљуша. Се случи нешто што не го очекуваше никој. Иљуша затрепери, и наеднаш со сета сила се наведна напред, над Перезвон, и речиси губејќи го здивот, се загледа во него:

— Тоа е... Жучка! — викна тој наеднаш, со глас ослабнат од болка и среќа.

— А што мислеше ти? — викна со сета сила Красоткин, со звучен, среќен глас, се наведна, го фати кучето и го дигна до кај Иљуша.

— Гледај, стари, гледаш ли: слепа е со едното око, а левото уво ѝ е дупнато, сосем истите белези за кои ми кажуваше. По тие белези ѝ ја пронајдов, додека беше уште топла трагата. Зашто не беше ничија, не беше ничија! — објаснуваше тој, брзо свртувајќи се кон капетанот, неговата сопруга, кон Аљоша, па после пак кон Иљуша — беше кај Федотови, во задниот двор, таму се чувствуваше како дома, но тие не ја хранеа, а таа е бегалка — бегалка од селото... И така ја пронајдов... Гледаш, стари, таа значи ,не го голтнала твојот залак, да го голтнела, се разбира, ќе умрела! Значи, успеала да го плукне, штом е сега жива. А ти, не си ни забележил дека го плукнала. Го плукнала, но сепак си го боцнала јазикот, ете затоа тогаш квичела. Трчала и квичела. А ти си мислел дека сосем го голтнала. Сигурно многу квичела, зашто кучињата имаат многу нежна кожа во устата... Понежна отколку луѓето, многу понежна! — запалено

викаше Коља, со лице што беше вжештено и блестеше од восхит.

Иљуша, пак, не можеше да проговори ни збор. Го гледаше Коља со своите големи и некако страшно ококорени очи, со отворена уста, блед како крпа. А да знаеше Красоткин, кој ништо не насетуваше, колку мачно и убиствено можеше да влијае врз здравјето на болното момче таквиот момент, тој по никоја цена немаше да се реши да приреди вакво нешто. Но во собата тоа го сфати можеби само Аљоша. Колку за капетанот, тој како целиот да се претвори во сосем мало дете.

— Жучка! Значи, ова е Жучка — викаше со блажен глас. — Иљушечка, еве ти ја Жучка, твојата Жучка! Мамичке, ова е Жучка! — само што не плачеше.

— А јас не се ни сетив! — тажно викна Смуров. — Да живее, Красоткин! Секогаш сум велел дека тој ќе ја најде Жучка, и ете ја најде!

— Ја најде! — радосно се одзва уште некој.

— Сила е Красоткин! — се одгласи трето гласче.

— Сила е, сила! — викаа сите деца и фатија да плескаат.

— Ама чекајте, чекајте, — запнуваше да ги надвика сите Красоткин. — Да ви раскажам како се случи тоа, зашто сета работа е во тоа како се случи и во ништо друго! Јас го пронајдов кучето, го довлечкав кај мене дома, и веднаш го скрив. А куќата — под клуч, и никому не му го покажувам до последниот ден. Само Смуров дозна за него пред две недели, но јас го уверив дека тоа е Перезвон, и тој не се сети, меѓутоа, јас ја научив Жучка на разни вештини, видете само видете какви мајстории знае таа! Ја учев за да ја доведам научена кај тебе, стари, дресирана, и да ти речам: „Еве ти, стари, види, каква е сега твојата Жучка! Туку имате ли кај вас, парче говедско? Таа веднаш ќе ви покаже таква вештина што ќе попаѓате од смеа — парченце говедско, зарем немате?

Капетанот стрмоглаво истрча преку ходникот во куќата кај газдите, каде што се готвеше и неговото јадење. А пак Коља, за да не губи скапоцено време,

му викна на Перезвон: „Умри!“ Овој наеднаш фати да се врти, легна на грб, и се направи речиси како умрен дигајќи ги сите четири шепи нагоре. Дечињата се смееја, Иљуша гледаше со својата поранешна страдалничка насмевка; но, од сите најмногу ја задоволи „мамичката“. Таа фати да се смее, да пука со прстите, и да го вика:

— Перезвон, Перезвон!

— Воопшто нема да стане, по никоја цена! — нека му вика и целиот свет, но ако го викнам јас, веднаш ќе скокне; ваму, Перезвон! — кучето брзо стана, и почна да скока, квичејќи од радост. Капетанот дотрча со парче варено говедско месо.

— Не е ли жешко? — брзо и деловно праша Коља, земајќи го парчето. — Не, не е врело, зашто кучињата не љубат врело. А сега гледајте сите, Иљушечка, гледај, ама гледај, гледај, стари, зошто не гледаш? Јас му го доведов, а тој не гледа!

Новата вештина се состоеше во тоа, што примамливото парче му се ставаше на рилката од кучето кое стои неподвижно со издадена муцка. Кутрото куче со залакот на муцката мораше да стои неподвижно колку што ќе му наредеше господарот, да не се движи, да не се мрда, макар и половина час. Но Перезвон сега така го држеа само кратко време.

— Земи! — викна Коља, и парчето месо вчас мина од муцката во устата на Перезвон. Публиката, се разбира, изрази восхит и чудење.

— Па зарем навистина, зарем вие навистина за да го научите кучето не доаѓавте сево ова време! — викна Аљоша со небрежен прекор.

— Само поради тоа — викна Коља на најпростодушен начин. — Сакав да го покажам во сета негова светлина!

— Перезвон! Перезвон! — запука наеднаш со тенките прсти Иљуша, повикувајќи го кучето.

— Ама што правиш? Нека ти скокне самиот на постелата. Ваму, Перезвон! — тропна Коља со дланката на постелата, и Перезвон како стрела се најде кај Иљуша. Овој, вознемирено му ја гушна главата со обете раце, а Перезвон, за тоа наеднаш му го за-

лижи образот. Иљуша се припи до него, се протегна на постелата, и си го скри лицето во неговите разбушавени влакна.

— Господи, господи! — викаше капетанот.

Коља пак седна на постелата, до Иљуша.

— Иљуша, можам да ти покажам уште нешто. Ти донесов топче. Се сеќаваш ли, уште тогаш ти кажував за топчето, а ти рече: „Ах, да можам и да го видам!“ Па еве сега ти го донесов.

И Коља наеднаш го извади од својата торбичка топчето од месинг. Тој брзаше, зашто и самиот беше многу среќен. Да беше инаку, ќе почекаше да помине впечатокот што го остави Перезвон, но сега брзаше презирајќи секоја воздржливост: „И така сте среќни, но еве ви уште среќа!“ а и самиот беше сосем опиен.

— Јас тоа предметче одамна го меркав кај чиновникот Морозов, за тебе, стари, за тебе. Тоа таму стоеше напразно, го добил од брат му; се разменив со него, за него му дадов една книшка од орманот на татко ми. „Роднината на Мухамед, или лековита будалштина“. Таа книшка има сто години, излегла во Москва кога уште немало цензура, а Морозов е голем љубител на такви работи. Дури ми се заблагодари...

Топчето Коља го држеше во рацете пред очите на сите, така што сите можеа да го гледаат и да уживаат во него. Иљуша се подигна и, и понатаму со десната рака гушкајќи го Перезвон, восхитено ја разгледа играчката. Дејството достигна висок степен, кога Коља соопшти дека тој има барут, и дека сега веднаш може да се пукне со него, „ако тоа не ги вознемири дамите“. „Мамичка“ веднаш замоли да ѝ ја подадат за одблиску да ја разгледа играчката, што беше сторено веднаш. Топчето од месинг, со тркала, многу ѝ се допадна, и таа фати да го влече на скутот. Кога ја замолија да дозволи да пукаат од топот, таа одговори со целосно одобрување, иако, впрочем, не разбра за што ја молат. Коља го покажа барутот и сачмите. Капетанот, како поранешен војник, сам зеде да го наполни топчето, стави една мала лажичка барут, а сачмите замоли да ги остават за другпат. Топчето го постави на подот, цевката ја сврти накај што не-

маше никој, наколкаа во цевката малку барут, и го запалија со кибрит. Истрелот беше прекрасен. „Мамичка“ малку затрепери, но веднаш се засмеа од радост. Дечињата гледаа со некаков триумф, но најсреќен беше капетанот кој го гледаше Иљуша. Коља го зеде топчето и му го подари на Иљуша, заедно со сачмите и барутот.

— Ова е за тебе, за тебе! Одамна ти го приготвив, — повтори тој уште еднаш, на врвот од среќата.

— Ах, подарете ми го мене! Подобро е топчето да ми го подарите мене! — наеднаш фати да моли „мамичка“, како мало дете. Нејзиното лице изразуваше тажен немир поради тоа што се плашеше дека нема да ѝ го подарат. Коља се збуни. Капетанот загрижено се вознемири.

— Мамичке, мамичке! — дојде тој кај неа, — топчето е твое, но нека биде кај Иљуша, зашто нему му е подарено, но тоа како да е твое, Иљушечка, секогаш ќе ти го дава да си поиграш, нека ви биде заедничко, заедничко . . .

— Не, не сакам да бидс заедничко, не, туку да биде сосем мое, а не од Иљуша — продолжи „мамичка“, готвејќи се сосем да се расплаче.

— Мамо, земи го за тебе, еве ти, земи го! — викна наеднаш Иљуша. — Красоткине, можам ли да ѝ го подарам на мама? — наеднаш му се обрна со молбен израз на Красоткина, плашејќи се да не се навреди подарувачот што неговиот подарок му се подарува на друг.

— Се разбира дека можеш! — веднаш се согласи Красоткин и го зеде топчето од рацете на Иљуша и самиот ѝ го предаде на „мамичка“, поклонувајќи ѝ се многу учтиво.

Таа се расплака од милина.

— Иљушечка, мил мој, ете кој си ја сака мамичка! — викна таа сета среќна, и веднаш почна да го вози топчето на својот скут.

— Мамичке, дај да ти бацам рака — притрча кон неа сопругот и веднаш ја изврши својата намера.

— А мојот најмил млад човек, е ова добро момче! — проговори благодарната госпоѓа, покажувајќи го Красоткина.

— А барут отсега, Иљуша, ќе ти донесувам колку што сакаш. Ние сега сами правиме барут. Боровиков научи како се прави: дваесет и четири дела шалитра, десет сулфур, и шест делови брезов јаглен, сето тоа заедно ќе се истолчи, ќе се тури вода, ќе се измеша за да стане како тесто, ќе се истрие на затегната кожа — и ете ти барут.

— Смуров веќе ми кажуваше за вашиот барут, но татко ми вели дека тоа не е вистински барут, — се јави Иљуша.

— Како не е вистински! — поцрвени Коља. — Нам тој ни пали. Најпосле, не знам...

— Не, јас ништо не... — се јави наеднаш капетанот, на чие лице имаше израз на виновник. — Јас, вистина, велев дека вистинскиот барут не се прави така, но тоа нема врска, може и така...

— Не знам, вие знаете подобро. Ние го запаливме во тегла од помада, прекрасно гореше, сиот изгоре, останаа само малку саѓи. Но тоа е само тесто, а ако се истрие на кожа. Впрочем, вие подобро знаете, јас не знам... А Булкина татко му го истепа поради нашиот барут, си чул ли? — му се обрна тој наеднаш на Иљуша.

— Слушнав — одговори Иљуша. Тој со бескрајно интересирање и уживање го слушаше Коља.

— Имавме приготвено цела тегла барут, а тој ја држеше под креветот. Татко му го забележи. Вели, може да експлодира. И веднаш го натепа. Сакаше да ме каже во гимназијата. Сега Булкин не го пуштаат со мене, сега никого не го пуштаат со мене. Не го пуштаат ни Смуров, на сите страни се прославив — велат дека сум вратоломно смел — со презир се насмевна Коља — сето тоа почна од случајот на железничката пруга.

— Ах, слушнавме и за тој ваш подвиг! — викна капетанот — како издржавте таму? Па зарем навистина ни најмалку не се уплашивте, кога лежевте под возот? Дали ви беше страв,

Капетанот многу му се умилкуваше на Коља.

— Н-не сосем! — небрежно се одзва Коља. — Мојот углед овде го уништи проклетата гуска — се сврти тој пак кон Иљуша. Иако Коља додека раскажувате се правеше рамнодушен, навистина не можеше да се совлада, и продолжуваше некако збунето.

— Ах, и за гуската слушнав! — се засмеа Иљуша и целиот светна. — Ми кажуваа, но не разбрав, зарем навистина те суделе кај судијата?

— Најглупава работа, најништожна, од која, како и обично кај нас, направија цел слон, — почна слободно Коља. — Одам јас еднаш по пазарот, а штотуку имаа донесено некакви гуски. Застанав и фатив да ги гледам гуските. Наеднаш еден овдешен момчак, Вишњаков, тој сега служи како момок кај Плотникови, го свртил погледот во мене и вели: „А зошто ги гледаш гускиве?“ Јас го погледнувам: глупава тркалеста муцка, има едно дваесетина години — јас, знаете, никогаш не се тргам настрана од простиот народ. Сакам да сум со народот. Ние сме заостанати зад народот — тоа е аксиом — вие, ми се чини, повелавте да се насмеете, Карамазове?

— Не, бог да чува, јас уште како ве слушам, — се одзва Аљоша со најпростодушен израз на лицето, и сомнежливиот Коља веднаш се охрабри.

— Мојата теорија, Карамазове, е јасна и проста — пак тој почна да брза. — Јас верувам во народот, и секогаш со задоволство му искажувам признание, но ни најмалку не го галам, тоа е sine qua... но јас започнав за гуската. Значи, се свртувам јас кон будалиштето, па му одговарам: „Па ете, размислувам за што мисли гуската“. Тој ме гледа сосем глупаво: „А за што мисли гуската?“ вели тој. — „Па ете, гледаш, му велам јас нему, стои колата со овес, од врека̀та се истура овес, а гуската го истегнала вратот дури под тркалото, па колве зрна — гледаш ли?“ — „Се разбира, гледам, гледам“, вели тој. — „Е, па штом гледаш, му велам јас, ако колата само малку се поттурне напред, дали тркалото ќе ѝ го пресече вратот на гуската или не?“ — „Сигурно ќе ѝ го пресече,“ — вели тој, а се расположил — целиот се топи од милина.

— „Е, сега, — реков, момче, ајде да ја мрднеме колата!“ — „Ајде“, вели тој. И не моравме многу да дотеруваме; тој некако незабележливо застана пред коњите, а јас отстрана, за да ја упатиме гуската каде што треба. А селанецот некаде се загледал, разговара со некого, така што воопшто не морав ништо да дотерувам: гуската, самата си го истегна вратот по овесот, под колата, над тркалото. Јас му намигнав на момокот, тој потргна, и — к-крк, тркалото ѝ го пресече вратот на гуската на две половини! И тогаш, како за пакост ,токму во тој момент нѐ видоа сите селани, па сите наеднаш се развикаа: „Намерно го направи!“ — „Не, не го направив намерно!“ — „Не, намерно!“ — се развревија; „На суд!“ — ме зграпчија и мене. „И ти беше тука, — велат, — ти помагаше, тебе те познава целиот пазар!“ А мене, којзнае зошто ме познава целиот пазар — додаде Коља самољубиво. Сите заедно отидовме кај мировниот судија, ја зедоа и гуската. Гледам: мојот момок се уплашил, се расплака, плаче како жена. А гускарот вика: „Вака можеш да задавиш колку што сакаш гуски!“. Се разбира, тука имаше и сведоци. Мировниот судија пресече: за гуската да му се даде на гускарот една рубла, а гуската да си ја земе момокот и отсега вакви шеги да не прави. А момокот непрестајно плаче како жена: „Не сакав јас, — вели, — тој ме натера“ — и ме покажува мене. Јас одговарав сосем ладнокрвно, дека не го терав, ами дека само ја изразив основната мисла, дека зборував како за една можност. Судијата Нефедов се насмевна, но во истиот миг и се налути, поради тоа што се насмевна: „Јас веднаш ќе ве пријавам на школските власти, — ми вели тој мене, — за отсега да не се впуштате во такви потфати, туку да седите со книга в раце и да си ги учите уроците.“ Всушност, не ме пријави на школските власти, само се шегуваше, но работата навистина се раструби низ градот, па дојде и до ушите на школските власти, зашто нашите уши се прилично долги! Особено се разви ка класичарот Колбасников, но пак ме одбрани Дарданелов. Колбасников сега им е лут на сите, како рис. Слушна ли ти Иљуша: тој се ожени, зеде од Михаиј-

лови илјада рубли мираз, а невестата му е грдотија од прва класа, и последен степен. Во трето одделение веднаш составија епиграм:

„Третото одделение разбра чудна новина:
маслосаниот Колбасников се ожени".

И така натаму, многу смешно, после ќе ти ги донесам стиховите. За Дарданелов не кажувам ништо: човек со знаење, со несомнено знаење. Таквите ги почитувам, и воопшто не затоа што ме одбрани . . .

— А ти сепак го збуни со прашањето: кој ја основа Троја! — се уфрли Смуров, очигледно во тој миг гордеејќи се со Красоткин. Многу му се допадна приказната за гуската.

— И навистина ли го збунивте — умилкувачки прифати капетанот, — со прашањето: кој ја основа Троја? Веќе слушнавме дека сте го збуниле. Ми кажуваше тогаш Иљушечка . . .

— Тато, тој знае сè, тој кај нас на училиште знае подобро од сите! — прифати Иљушечка, — тој само се прави дека е таков, а кај нас е прв ученик по сите предмети . . .

Иљуша со бескрајно блаженство гледаше во Коља.

— Ех, тоа за Троја е глупост, ситница. Тоа прашање јас го сметам за бесмислено — се одзва Коља со горделива скромност.

Тој веќе наполно го погоди тонот, иако чувствуваше и некаков немир: чувствуваше дека се наоѓа во голема возбуда, и дека, на пример, за гуската раскажуваше премногу искрено, меѓутоа, Иљуша молчеше за целото време на неговото раскажување и беше сериозен па поради тоа самољубивото момче почна веќе по малку и да се плаши: „Тој можеби молчи затоа што ме презира, мислејќи дека јас барам пофалба од него. Во тој случај, ако тој се осмелува така да мисли, јас ќе" . . .

— Тоа прашање го сметам наполно бесмислено — пресече тој наеднаш горделиво.

— А јас знам кој ја основа Троја — рече сосем неочекувано едно од децата кое досега речиси сосем молчеше. молчаливо и очигледно страшливо, многу

убаво, на единаесетина години, со презиме Карташов. Седеше до самата врата. Коља со чудење и важно погледна во него. Работата беше во тоа што прашањето: „Кој ја основал, всушност, Троја?“ во сите одделенија најпосле се претвори во тајна, а за да се проникне во неа, требаше да се чита Смарагдов. Но, Смарагдова го немаше никој освен тој, Коља. Но еднаш малиот Карташов, кога Коља беше свртен, скришум го отвори Смарагдова, што се наоѓаше меѓу другите книги на Коља, и наиде токму на местото каде што се зборуваше за основачите на Троја. Тоа се случи веќе прилично одамна, но момчето сè некако се плашеше, и не можеше јавно да открие дека и тој знае кој ја основал Троја, плашејќи се да не му се случи нешто непријатно, поради кое Коља би можел некако да го посрами. А сега наеднаш, којзнае зошто, не издржа и рече. Одамна сакаше да каже.

— Добро, тогаш кој ја основал? — надуено и одвисоко го праша Коља, кој уште по лицето му погоди дека навистина знае, и, се разбира, — веднаш беше подготвен да ги издржи сите последици. Во општата расположба, како што се вели, настапи дисонанца.

— Троја ја основале Тевкар, Дардан, Илис и Трос — пресече момчето, и целото поцрвени, толку поцрвени што гревота беше да се погледне. А дечињата сите гледаа во него со здрвени погледи, гледаа цела минута, а потоа сите тие здрвени погледи наеднаш се пренесоа на Коља. Овој сè уште со презрива ладнокрвност го меркаше со погледот дрското момче.

— Тоест, како ја основале? — најпосле се осмели да проговори, — и што значи воопшто да се основа град или држава? Што правеле тие: дошле и секој поставил по една тула?

Одекна смеа. Малиот виновник од ален стана темно црвен. Молчеше и беше готов да заплаче. Коља го подржа така уште некој миг.

— Кога некој сака да зборува за такви историски настани, како што е основањето на народностите, треба пред сè да сфаќа што значи тоа, — строго ја истресе тој својата поука. — Јас, впрочем, на сите тие бабини приказни не им припишувам никакво значе-

ње, и воопшто светската историја не ја ценам многу, — додаде тој небрежно, обрнувајќи им се веќе на сите.

— Зарем светската историја? — праша наеднаш капетанот, некако уплашен.

— Да, светската историја. Изучување на низа човечки глупости, и тоа е сè. Јас ја ценам само математиката и природните науки, — рече Коља и бегло го погледна Аљоша: овде тој се плашеше само од неговото мислење. Но Аљоша сè уште молчеше и како порано беше сериозен. Ако Аљоша сега речеше нешто, со тоа ќе завршеше сè, но Аљоша замолчи, а „неговото молчње можеше да биде презриво", и Коља веќе сосем се разбесни.

— Па после и класичните јазици кај нас: само лудост и ништо повеќе... Вие, изгледа, пак не се согласувате со мене, Карамазове.

— Не се согласувам, — воздржано се насмевна Аљоша.

— Класичните јазици. се, — ако го сакате целото мое мислење за нив — полициска мерка, ете зошто се воведени, — Коља пак почна по малку да го губи здивот, — и воведени се затоа што се здодевни, и затоа што ја затапуваат способноста. Било здодевно, па како да се уреди да биде уште поздодевно. Било бесмислено, па како да се уреди да биде уште побесмислено? И тогаш ги измислија класичните јазици. Тоа ви е сето мислење за нив, и се надевам дека никогаш нема да си го изменам, — остро доврши Коља.

На обата негови образа се појави една голема дамка црвенило.

— Тоа е вистина — со звучно и убедено гласче наеднаш се согласи Смуров кој слушаше внимателно.

— А ваму е прв по латински јазик! — наеднаш викна некој меѓу децата.

— Да, тато, ете тој така зборува, а во нашето одделение е прв по латински јазик — се одзва и Иљуша.

— Па што тогаш? — сметаше за потребно да се брани Коља, иако пофалбата му беше пријатна. — Латински учам наизуст затоа што морам, затоа што

ѝ ветив на мајка ми дека ќе го завршам училиштето, а според моето сфаќање, она со кое си се зафатил, треба да го завршиш; но јас од дното на душата го презирам класицизмот и сета таа подлост... Не се согласувате ли, Карамазове?

— А зошто „подлост", — пак се насмевна Аљоша.

— Ама, ве молам, па сите класици се преведени на сите јазици, значи, латинскиот јазик воопшто не им бил потребен заради изучување на класиците, туку само како полициска мерка и заради затапување на способностите. Па како тогаш да не е подлост?

— А кој ве научил така? — најпосле викна зачудениот Аљоша.

— Пред сè, јас и самиот можам да го сфатам тоа и не е потребно некој да ме учи, а второ, знајте, токму ова што ви го реков сега за преведените класици, јавно го зборуваше пред целото трето одделение самиот наставник по латински јазик, Колбасников...

— Дојде докторот! — викна наеднаш Ниночка, која цело време молчеше.

Вистина, пред куќната порта запре колата на госпоѓа Хохлакова. Капетанот, кој цело утро го очекуваше докторот, како без глава отрча кон вратата за да го пречека. „Мамичка" се прибра и си даде себеси достоинствен израз. Аљоша се доближи до Иљуша и фати да му ја наместува перницата. Ниночка од својата фотелја немирно следеше како тој му ја наместува постелата. Момчињата набрзина почнаа да се збогуваат, некои од нив ветија дека ќе наминат квечерина. Коља го викна Перезвон, и овој скокна од постелата.

— Не, нема да си одам, нема да си одам! — му рече набрзина Коља на Иљуша, — јас ќе причекам во ходникот, и ќе се вратам кога ќе си оди докторот. Ќе дојдам со Перезвон.

Но докторот веќе влегуваше — достоинствена појава, во мечешка бунда, со долги темни зулуфи, и мазно избричена брада. Кога го пречекори прагот, наеднаш запре, како збунет: нему сигурно му се стори дека не влегол каде што треба: „Што е ова? Каде сум?" — промрмори тој не соблекувајќи ја бундата и

не симнувајќи си ја шапката од крзно на мачка, со штит од исто крзно. Многуте луѓе, сиромаштвото на собата, испраните облеки обесени во аголот на јаже — го збунија. Капетанот се поклони пред него, речиси доземи.

— Вие сте тргнале за ваму, ваму, — мрмореше тој ропски покорно — ваму, кај мене, вие треба да дојдете кај мене...

— Сне-гир-јов? — изговори докторот гласно и достоинствено. — Господин Снегирјов — вие ли сте тој?

— Да, јас сум.

— А!

Докторот уште еднаш со гадење ја разгледа собата и ја отфрли од себе бундата. На сите им блесна пред очите некаков крупен орден на вратот на докторот. Капетанот ја фати во воздух бундата на докторот, а докторот си ја симна шапката.

— А каде е пациентот? — праша тој гласно и строго.

VI

Ран развиток

— Што мислите вие, што ќе рече докторот? — брзо проговори Коља. — Туку, колку одвратна муцка, нели, Не ја поднесувам медицината!

— Иљуша ќе умре. Ми се чини, тоа е веќе сигурно — тажно одговори Аљоша.

— Лажливци! Медицината е измамник. Но јас се радувам што се запознав со вас, Карамазове. Одамна сакав да се запознам. Само ми е жал, што нашиот состанок беше во толку тажна ситуација...

Коља многу сакаше да каже нешто потопло, уште попретерано, но нешто како да го тиштеше. Аљоша го забележи тоа, се насмевна и му ја стисна раката.

— Јас одамна научив во вас да ценам ретко суштество. — пак промрмори Коља. Збунувајќи се и заплеткувајќи се. — Сум слушнал дека сте мистик, и дека сте биле в манастир. Јас знаев дека сте вие мистик, но... тоа не ми пречеше. Допирот со стварноста

ќе ве излекува... Со природите како што сте вие не се случува поинаку.

— Кого го викате мистик? Од што да ме излекува? — малку се зачуди Аљоша.

— Па, таму некаков бог и такви работи.

— Што? Зарем вие не верувате во бога?

— Напротив, јас немам ништо против бога. Се разбира, бог е само претпоставка... Но... признавам дека е тој потребен заради ред... Заради светски ред и така натаму... И кога не би постоел, би требало да го измислиме — додаде Коља, почнувајќи да црвенее. Нему наеднаш му се стори дека Аљоша ќе помисли оти тој сака да ги истакне своите знаења и да покаже дека е веќе „голем". „А јас воопшто не сакам пред него да ги истакнувам моите знаења", — си помисли Коља со негодување. И му стана многу непријатно.

— Признавам, јас не трпам да влегувам во сите тие расправии, — пресече тој, — човек може и без да верува во бога да го сака човештвото, што мислите вие? Ете, Волтер не верувал во бога, а го сакал човештвото! (Пак, пак! — си помисли тој во себе).

— Волтер верувал во бога, но изгледа малку, а се чини, и човештвото го сакал малку — тивко воздржано и сосем природно рече Аљоша, како да разговара со свој врсник, па дури и со човек постар од себе.

Коља го изненади токму таа, би се рекло, неувереноста на Аљоша во своето мислење за Волтер и што тој како токму нему, на малиот Коља, да му го остава решавањето на тоа прашање.

— А зарем вие сте го читале Волтера? — заврши Аљоша.

— Не, не, да речеш сум го читал... Впрочем, сум ја читал **Кандида**, сум ја читал во руски превод... Тоа беше стар, многу лош превод, смешен... (Пак, пак!)

— И сте го сфатиле?

— О, се разбира, сè... тоест... а вие мислите, дека јас не би го сфатил? Се разбира, таму има многу мрсни работи... се разбира, јас сум способен да

сфатам дека тој роман е филозофски, и дека е напишан за да ја претстави идејата... — веќе сосем се збуни Коља. — Јас сум социјалист, Карамазове, јас сум непоправлив социјалист, — исфрли тој наеднаш сосем неочекувано.

— Социјалист? — се засмеа Аљоша. — Ама кога стигнавте до тоа? Ми се чини вие штотуку наполнивте тринаесет години.

Коља се стаписа.

— Прво, не се тринаесет, туку четиринаесет, по две недели — четиринаесет, — пламна тој, — а второ, воопшто не сфаќам каква врска има тоа со моите години? Работата е во тоа какви се моите убедувања, а не колку години имам, не е ли така?

— Кога ќе имате повеќе години, и самиот ќе сфатите од какво значење се годините за убедувањето. Мене, исто, така, ми се стори дека вие не кажувате свои зборови, — скромно и спокојно одговори Аљоша, но Коља пламено го прекина.

— Ама, ве молам, вие би сакале манастирска послушност и мистицизам. Признајте дека, на пример, христијанската вера им послужи само на богатите и на силните за да ја држат нижата класа во ропство, не е ли така?

— Ах, знам каде сте го прочитале тоа, без сомневање некој ве научил така! — викна Аљоша.

— Ве молам, зошто да морам да го прочитам тоа? И никој не ме научил. Јас можам и самиот... И, ако сакате, јас не сум против Христоса. Тој бил наполно хумана личност, и да живеел во наше време, тој бездруго ќе им се придружел на револуционерите, и можеби ќе играл истакната улога... Тоа е дури и сигурно.

— А каде, каде сте го насобрале тоа? Со каков будала сте се спријателите? — викна Аљоша.

— Ве молам, вистината не може да се скрие. Јас, се разбира, поради една работа, често разговарам со господин Ракитин, но..., велат, тоа веќе го зборувал и старецот Белински.

— Белински, Не се сеќавам. Тој никаде не го има напишано тоа.

— Ако не го напишал ,велат, го кажувал тоа. Јас тоа го слушав од еден... впрочем, ѓавол да го...

— А сте го читале ли вие Белински?

— Е, да видите... не... не го имам читано целиот, но... местото за Татјана, зошто не се омажила за Онегин сум го читал.

— Како не се омажила за Онегин? Па зарем вие веќе... разбирате такви работи?

— Ама ве молам, вие мене, ми се чини, ме споредувате со малиот Смуров — налутено се насмевна Коља. — Впрочем, ве молам, немојте да мислите дека јас сум токму таков револуционер. Јас многу често не се согласувам со господин Ракитин. Ако зборувам за Татјана, јас уште не сум за еманципација на жените. Јас сметам дека жената е потчинето суштество и мора да слуша. Les femmes tricottent,[1]) како што рекол Наполеон — се насмевна Коља, — и барем во тоа наполно го делам убедувањето на тој псевдовелик човек. Исто така, на пример, сметам дека бегањето од татковината во Америка, — е болна работа, полошо од тоа глупост. Зошто во Америка, кога и кај нас може нешто корисно да се направи за човештвото? Особено сега. Цела низа плодни дејности. Така му одговорив.

— Како одговоривте? На кого? Зарем некој ве викал во Америка.

— Признавам, ме подлажуваа, но јас одбив. Ова, се разбира, меѓу нас, Карамазове. Слушате ли, никому ни збор! Ова ви го кажав само вам. Никако не сакам да дојдам во рацете на Третото одделение, и да земам часови кај Верижниот мост.

Ќе ја запаметиш зградата
кај Верижниот мост!

Се сеќавате ли? Чудесно. Зошто се смеете? Или можеби мислите дека цело време ве лажев? — (А што ќе правиме ако дознае дека во орманот на татко ми го имам само тој том на „Колокол“ и дека освен тој том не сум читал ништо друго? — наеднаш си помисли Коља, со страв во срцето.)

---

[1]) Жените плетат (фр.)

— Ох, не, јас не се смеам и ни најмалку не мислам дека ме лажете. Токму во тоа и е работата: јас не мислам така затоа што сето тоа, за жал, е гола вистина! А, кажете ми, дали сте го читале Пушкина: Онегина... Ете, пред малку зборувавте за Татјана.

— Не, уште не сум го читал, но ќе го прочитам. Јас сум без предрасуди, Карамазове. Јас сакам да ја ислушам и едната и другата страна. А зошто прашате?

— Така.

— Кажете ми, Карамазове, многу ли ме презирате? наеднаш пресече Коља, и целиот се истегна пред Аљоша, како да зазема став „мирно". — Бидете добар, кажете ми без заобиколување.

— Вас да ве презирам? — зачудено го погледна Аљоша. — Ама зошто? Мене само ми е жал што толку прекрасна природа каква што е вашата, која уште и не почнала да живее, веќе е изопачена со сите тие груби будалштини.

— Не грижете се за мојата природа, — го прекина Коља очигледно задоволен со себеси, — а дека сум сомнежлив, претерано чувствителен, тоа е точно, глупаво сомнежлив, грубо сомнежлив. Вие пред малку се насмевнавте, а мене ми се стори како да...

— Ах, јас се насмевнав поради нешто сосем друго. Еве зошто се насмевнав: неодамна го прочитав мислењето на еден Германец, што живеел во Русија, за денешната школска младина: „Покажете му ја — вели тој — на рускиот ученик картата на ѕвездената небо, за која тој дотогаш немал ни поим, и тој уште утре ќе ви ја врати таа карта поправена!" Никакво знаење, а неограничното преценување на себеси — ете што сакал да каже Германецот за рускиот ученик.

— Ех, па тоа е наполно вистинито — наеднаш се засмеа Коља, — сосем вистинитисимо! Браво, Германецу! Но, Германчето не ја забележило добрата страна, а, што мислите вие? Преценување на себеси — добро, тоа е поради младоста, тоа ќе се поправи, ако е потребно да се поправи, но затоа тука е и независниот дух, можеби уште од најраното детство, затоа

таа смелост на мислата и убедувањето, а не духот на нивното колбасичарско ползење пред авторитетите... Но сепак, Германецот добро кажа! Браво, Германецу! Иако Германците сепак треба да се задавуваат. Иако се толку силни во науките, сепак треба да се задавуваат...

— А зошто треба да се задавуваат? — се насмевна Аљоша.

— Јас тука можеби реков глупост, признавам. Понекогаш умеам да бидам страшно детиште, и кога ми е нешто мило, не можам да се воздржам, и готов сум сешто да издрдорам. Слушајте, јас и вие овде разговараме како безделници, а докторот онаму нешто многу се задржа. Впрочем, тој можеби ќе ја прегледа и „мамичка", па и куцата Ниночка. Знаете, ми се допаѓа Ниночка. Таа еднаш ми шепна, кога излегував: „Зошто не доаѓавте порано?" И со каков глас, со каков прекор! Ми изгледа дека е многу добра и за жалење.

— Да, да! Е, сега штом ќе доаѓате, ќе видите каково суштество е таа. За вас е многу корисно, да запознаете такви суштества, за да можете да цените и многу други нешта што ќе дознаете благодарение на познанството со тие суштества, — запалено забележи Аљоша. — Тоа ќе ве измени подобро од што и да е друго.

— О, колку жалам, и се прекорувам себеси, што не доаѓав порано! — со горчина викна Коља.

— Да, штета. Видовте колку радосен впечаток му направивте на кутрото момче! И колку се мачеше тој, очекувајќи ве!

— Не зборувајте ми за тоа! Ми ја дразните раната. Но, впрочем, и сум заслужил: не доаѓав, од самољубие, од егоистичко самољубие, и подло самовластие, од кое не можам да се спасам цел живот, иако постојано се кршам. Сега го гледам тоа, јас сум голем подлец, Карамазове!

— Не, вие сте чудесна природа, иако изопачена, и јас премногу добро разбирам зошто сте можеле да имате толкаво влијание врз тоа благородно и болно впечатливо момче! — пламено одговори Аљоша.

— И тоа ми го кажувате! — викна Коља — а јас, претставете си, јас си мислев, веќе неколкупати, откако сум овде, си помислив дека вие ме мразите. Кога би знаеле колку високо го ценам вашето мислење!

— А зарем навистина сте толку претерано чувствителен во тие години! Претставете си, јас штотуку си помислив, таму, во собата, гледајќи ве додека зборувавте, оти мора да сте многу чувствителен.

— Навистина, веќе си помисливте? Види, значи, какво ви е окото! Се обложувам дека тоа било тогаш кога зборував за гуската. Мене токму тогаш ми се стори дека длабоко ме презирате затоа што брзам да се претставам како јуначиште, и јас наеднаш дури ве замразив поради тоа, и почнав да зборувам глупости. Потоа ми се стори (тоа веќе сега, овде) кога велев: „ако не постои бог, би требало да го измислиме“ дека премногу брзам да го истакнам своето образование, дотолку повеќе што таа фраза ја прочитав во книга. Но ви се колнам, јас не брзав да се истакнам поради суета, туку така, ни самиот не знам зошто, од радост, живи бога, токму како од радост... Иако е многу срамотно кога човек од радост им се качува на другите на глава. Знам. Но затоа сега сум убеден дека вие не ме мразите, дека јас тоа просто си го вообразив. О, Карамазове, јас сум длабоко несреќен. Понекогаш си вообразувам, којзнае што, дека сите ми се смеат, целиот свет, и тогаш, тогаш сум просто готов да го уништам целиот ред на работите.

— И ги мачите сите околу вас — се насмевна Аљоша.

— И ги мачам сите околу мене, особено мајка ми. Карамазове, кажете ми, дали сега сум многу смешен?

— Ама не мислете за тоа, воопшто не мислете за тоа! — викна Аљоша. — А и што значи тоа смешен? Зарем малкупати човекот е или изгледа смешен, Притоа денеска сите надарени луѓе многу се плашат да не бидат смешни, и поради тоа се несреќни. Мене само ме чуди што вие толку рано сте почнале да чувствувате, иако јас тоа вистина уште одамна го забележувам, и не само кај вас, сега веќе дури и децата почнаа да страдаат од тоа. Тоа е речиси лудило! Во тоа са-

мољубие, се има отелотворено ѓаволот, и се има вовлечено во целото денешно поколение, токму ѓаволот, — додаде Аљоша, ни најмалку не насмевнувајќи се, како што би помислил Коља кој го гледаше без да се мрдне. — Вие сте како сите, — заврши Аљоша, — тоест како мнозина други, но не треба да се биде како сите, ете во што е работата.

— Зарем и без обзир на тоа што се сите такви.

— Да, без обзир на тоа што се сите такви. Вие макар и единствен не бидете таков. А вие и не сте таков како сите: ете, вие сега не се срамевте да ја признаете вашата лоша, па дури и смешна постапка. А денеска кој признава такво нешто? Никој. Луѓето дури сосем престанаа да чувствуваат потреба да се осудуваат себеси. Значи, не бидете како сите други; макар само вие единствен да не останете таков, сепак не бидете таков!

— Прекрасно! Не се излажав во вас. Вие сте способен да го утешите човека. О, колку се стремев кон вас, Карамазове, колку одамна веќе барам можност да се сретнам со вас! А навистина ли и вие мислевте за мене? Пред малку рековте дека и вие сте мислеле за мене?

— Да, слушав за вас, па и мислев за вас... Иако донекаде и самољубието ве натера да ми го поставите сега тоа прашање, сеедно.

— Знаете ли, Карамазове, ова наше објаснување прилега на изјава на љубов, — рече Коља, со некаков радосно возбуден и срамежлив глас. — Не е ли тоа смешно, не е ли смешно?

— Ни најмалку не е смешно, а, најпосле, и да е смешно, пак ништо. Зашто е добро, — се разведри и се насмевна Аљоша.

— А знаете ли што, Карамазове, признајте дека и вас сега по малку ви е срам од мене... По очите ви познавам — се насмевна Коља некако итро, но, и речиси среќно.

— А што има тука за срамење?

— Тогаш зошто поцрвенивте? —

— Па, ете, вие придонесовте да поцрвенам! — се насмевна Аљоша, и навистина целиот поцрвени. — Па,

добро, малку ми е срам, бог знае зошто, не знам ни самиот зошто..., — мрмореше тој речиси збунет.

— О, колку ве сакам и ве ценам во овој момент, токму затоа и вас ви е срам поради нешто пред мене! атоа што и вие сте како мене! — навистина восхитен, викна Коља.

Образите му пламтеа ,очите му блестеа.

— Слушајте, Коља, вие, покрај другото, ќе бидете и многу несреќен човек во животот, — рече наеднаш Аљоша.

— Знам, знам! Вие сето тоа однапред го знаете! — веднаш потврди Коља.

— Но сепак, во целост ќе го благословите животот.

— Токму така! Да сте ми жив! Вие сте пророк. О, ние, ќе се согласиме, Карамазове. Знаете, мене најмногу ме восхитува тоа што вие пред мене се држите како спрема еднаков на себеси. А ние не сме еднакви, не, не сме еднакви, вие сте повисок! Но ние ќе се согласиме. Знаете, јас во последниов месец постојано си велев: „Или ќе се спријателиме веднаш, засекогаш, или од првиот пат ќе се разидеме како непријатели до гроб!“

— И, велејќи така, се разбира, вие ме сакавте! — весело се насмеа Аљоша.

— Ве сакав, многу ве сакав, ве сакав и мечтаев за вас! А сето тоа вие го знаете однапред. Ах, еве го и докторот. Господи, што ли ќе каже, видете какво му е лицето!

VII

Иљуша

Докторот излегуваше од собата пак завиткан во бундата, и со шапката на главата. Лицето му беше речиси налутено и со израз на гадење, како непрестајно да се плашеше дека ќе се извалка од нешто. Бегло го измери со поглед ходникот, и притоа строго погледа во Аљоша и во Коља. Аљоша му мавна од

вратата на коларот, и колата што го довезе докторот, се приближи до излезната врата. Капетанот наеднаш излезе зад докторот и, целиот подведен му се извини и го задржа за да го чуе од него последниот збор. Кутриот тој, лицето му беше како убиено, погледот заплашен.

— Ваше превосходство, ваше превосходство... Навистина ли?... почна тој, но не доврши, само плесна со рацете во очај, иако сè уште со последна молба гледајќи во докторот, како навистина од тој сегашен збор на докторот да можеше да се измени пресудата над кутрото момче.

— Што да се прави! Јас не сум господ, — одговори докторот со небрежен, иако по навика убедлив глас.

— Докторе... Ваше превосходство... И наскоро ли, наскоро ли?

— Би-де-те го-то-ви на сè! — пресече докторот нагласувајќи го секој слог и спуштајќи го погледот се приготви за да го пречекори прагот за да оди накај колата.

— Ваше превосходство, живи Христоса! — уплашено уште еднаш го задржа капетанот. — Ваше превосходство!... Зарем ништо, зарем ништо, зарем навистина ништо не може да го спаси?...

— Не за-ви-си повеќе од мене, — нестрпливо проговори докторот, — меѓутоа, хм, — застана тој наеднаш, — кога би можеле, на пример, кога би можеле... вашиот пациент да го... у-па-ти-те... веднаш и без најмало исчекување (зборовите „веднаш и без најмало исчекување докторот ги изговори не толку строго, колку речиси налутено, така што капетанот дури затрепери) во Си-ра-ку-за, тогаш поради... поради новите по-во-лни кли-мат-ски услови, можеби би можело да се случи...

— Во Сиракуза! — викна капетанот, како уште ништо да не разбира.

— Сиракуза — тоа е на Сицилија, — пресече гласно Коља, заради објаснување.

Докторот го погледна.

— На Сицилија! Жити бога, ваше превосходство — се збуни капетанот — па вие видовте! — ги рашири тој обете раце пред себе, укажувајќи на својата ситуација — а мамичка, а семејството?

— Не, не, семејството не на Сицилија, ами вашето семејство на Кавказ, во рана пролет... А ќерка ви-на Кавказ, а сопругата... откако ќе го издржи баньското лекување, исто така, на Кавказ, поради неј-зиниот ревматизам... Веднаш потоа да се упати во Париз, во болницата на докторот пси-хи-ја-тр Ле-пелетје, би можел да ви дадам писменце за него, и тогаш... би можело, можеби да се случи...

— Докторе, докторе! Па вие гледате! — му мавна пак со рацете капетанот, со очај покажувајќи ги голите дрвени ѕидови на ходникот.

— Е, тоа веќе не е моја работа, се насмевна докторот, јас само ви го кажав она, на кое можеше да одговори на-у-ка-та на вашето прашање за последните средства, а другото... за жал, за жал...

— Не плашете се, лекару, моето куче нема да ве касне, — гласно рече Коља, откога го забележи малку неспокојниот поглед на докторот управен кон Перезвон, што стоеше на прагот.

Во гласот на Коља одекна призвук на лутина, а зборот „лекар", наместо доктор, тој го рече нарочно но и, како што самиот призна „за да го навреди".

— Што е тоа, — ја поттргна главата докторот, зачудено загледувајќи се во Коља. — Кој е овој овде? — наеднаш му се обрна на Аљоша како да го вика на одговорност.

— Тој е сопственикот на Перезвон, лекару, не грижете се за мојата личност — пак плесна Коља.

— Звон? — повтори докторот, не сфаќајќи што е тоа Перезвон.

— Не знае каде е тој. Збогум, лекару, ќе се видиме во Сиракуза.

— Кој е овој? Ко е, кој е? — пламна наеднаш докторот.

— Тој е овдешен ученик, докторе, ѓавол со сто глави, не обрнувајќи му внимание, — брзо рече Аљоша намуртувајќи се. — Коља, замолкнете! — му вик-

на тој на Красоткин. — Не треба да му обрнувате внимание, докторе — повтори тој веќе понестрпливо.

— Да се ис-те-па, да се ис-те-па, треба да се истепа! — почна да тупка докторот со нозете, сега веќе премногу разлутен.

— А знаете ли, лекару, овој мој Перезвон, богами, може и да касне! — проговори Коља со растреперен глас, побледен и со светнати очи. — Ісі, Перезвон!

— Коља, ако кажете само уште еден збор, јас ќе раскинам со вас засекогаш, — заповеднички му викна Аљоша.

— Лекару, постои само едно суштество на целиот свет, што може да му наредува на Николај Красоткин, тоа е еве, овој човек (Коља го покажа Аљоша), нему му се покорувам, одете си со здравје!

Тој се мрдна од местото и, откако ја отвори вратата, брзо влезе во собата. Перезвон, дотрча по него. Докторот постоја уште едно пет секунди, како здрвен, гледајќи го Аљоша, потоа наеднаш плукна, и, со брзи чекори отиде кај колата, гласно повторувајќи: „Тоа, тоа, тоа, јас просто не знам што е тоа!“ Капетанот побрза да го смести во колата. Аљоша отиде во собата по Коља. Овој веќе стоеше крај постелата на Иљуша. Иљуша го држеше за рака и го викаше татка си. Набргу се врати и капетанот.

— Тато, тато, дојди ваму . . . Ние . . . — мрмореше Иљуша во најголема возбуда, но очигледно неспособен да продолжи, наеднаш ги протегна напред своите две слабички раченца, и силно, колку што можеше, наеднаш ги прегрна двајцата, и Коља и татка си, соединувајќи ги во една прегратка, и самиот се прилепи до нив. Капетанот наеднаш целиот се затресе од немо липање, а на Коља му затреперија усните и брадата.

— Тато, тато! Колку ми е жал за тебе, тато! — горчливо застенка Иљуша.

— Иљушечка . . . чедо мое . . . докторот рече . . . дека ќе оздравиш . . . ќе бидеме среќни . . . докторот . . . — почна капетанот.

— Ах, тато! Јас знам што ти рече за мене новиот доктор... Та јас видов... — викна Иљуша и пак силно, со сета сила, ги притисна двајцата кон себе, криејќи го на татковото рамо своето лице.

— Не плачи, тато... а кога ќе умрам јас, земи некое добро дете, друго... одбери си помеѓу сите нив, некое добро, стави му име Иљуша, и сакај го наместо мене...

— Молчи, стари, ќе оздравиш! — викна Красоткин, како да се разлути.

— А мене, тато, мене никогаш немој да ме заборавиш — продолжи Иљуша, — доаѓај ми на гробот... и знаеш што, тато, закопај ме крај нашиот голем камен, до кој одевме на прошетка јас и ти, и дојди ми таму некогаш навечер со Красоткин... и со Перезвон... А јас ќе ве чекам... тато, тато!

Неговиот глас се пресече, сите тројца стоеја прегрнати и молчеа. Во својата фотелја тивко плачеше и Ниночка; наеднаш, кога забележи дека плачат сите, заплака и мамичка.

— Иљушечка! Иљушечка! — јачкаше таа.

Тогаш Красоткин се ослободи од прегратката на Иљуша:

— Збогум, стари, ме чека мајка ми за ручек, — рече тој брзо. — Жалам што не и кажав! Многу ќе се грижи... Но по ручекот веднаш ќе дојдам кај тебе, цел ден, цела ноќ, па толку ќе ти зборувам, толку ќе ти зборувам! Ќе го доведам и Перезвон, а сега ќе го одведам, зашто ако остане без мене, ќе почне да вие, па ќе ти здодева, догледање.

И тој истрча во ходникот. Не сакаше да се расплаче, но во ходникот сепак се расплака. Во таа состојба го затекна Аљоша.

— Коља, вие бездруго морате да си достоите на зборот, и да дојдете, зашто тој инаку, многу ќе тагува, — настојчиво проговори Аљоша.

— Бездруго! О, колку се колнам себеси, што не доаѓав порано, — промрмори Коља плачејќи и веќе и не срамејќи се од тоа дека плаче.

Во тој момент наеднаш, како да скокна од собата капетанот и веднаш ја затвори вратата зад себе.

Лицето му беше како избезумено, усните му трепереа. Тој застана пред двајцата и ги крена нагоре обете раце.

— Не сакам добро момче! Не сакам друго момче!, — шепотеше како споулавен, чкрипејќи со забите. — Ако те заборавам, Ерусалиме, нека ми се . . .

Тој не доврши, како да се засркна, и се спушти изнемоштено пред дрвената клупа на колеици. Си ја стисна главата со обете тупаници и почна горчливо да плаче, некако грдо цимолејќи, но сепак со сета сила се совладуваше за неговото цимолење да не се слушне во собата. Коља отрчна на улица.

— Збогум, Карамазове! Ќе дојдете ли и вие? — му викна тој остро и луто на Аљоша.

— Вечер сигурно ќе дојдам.

— А што рече тој, за Ерусалим . . . што му е тоа?

— Тоа е од Библијата „Ако те заборавам Ерусалиме", тоест, ако заборавам сè што имам најскапоцено, ако тоа го разменам за нешто друго, тогаш нека ми се" . . .

— Сфаќам, доста. Дојдете и вие! Ici, Перезвон! — веќе сосем жестоко му викна тој на кучето и со крупни, брзи чекори си отиде дома.

Единаесетта книга

БРАТОТ ИВАН ФЈОДОРОВИЧ

I

Кај Грушењка

Аљоша се упати кон плоштадот, накај соборната црква, за да оди во куќата на трговката Морозова, кај Грушењка. Таа уште рано изутрината ја беше испратила кај него Фења со настојчива молба да отиде кај неа. Откако ја распраша Фења, Аљоша дозна дека госпоѓата е во некаква голема и особена тревога уште од вчера. Тие два месеца по апсењето на Митја Аљоша често наминуваше во куќата на Морозова и по сопствена желба и по порачка на Митја. Три дена по апсењето на Митја Грушењка тешко се разболи и боледуваше речиси пет седмици. Една недела од петте лежеше во несвест. Таа многу се беше изменила во лицето, ослабна и пожолти, иако веќе близу две недели како можеше да излегува од дома. Но според Аљоша, лицето како да ѝ беше станало уште попривлечно и тој љубеше влегувајќи кај неа, да ѝ го среќава погледот. Како да ѝ се беше затврдило во погледот нешто цврсто и осмислено. Се чувствуваше некаков духовен преврат, се појавуваше некаква сигурна, смирена но блага и неповратна решителност. Меѓу веѓите на челото ѝ се појави мала вертикална брчка, која на нејзиното мало лице му придаваше израз на концентрирана размисла, речиси дури и сурова на прв поглед. Од поранешната лесномисленост,

на пример, не беше останата ни трага. За Аљоша беше страшно и тоа дека и покрај несреќата што ја снајде кутрата жена, свршеница на свршеник уапсен за страшно злосторство, речиси во истиот миг кога му стана свршеница, без обзир на болеста после и на речиси неминовното решение на судот што се закануваше однапред, Грушењка сепак не ја изгуби својата поранешна младешка веселост. Во нејзините порано горди очи сега засвети некаква тивкост иако... иако, впрочем тие очи понекогаш сепак пламнуваа со некаков злокобен оган, кога осамена ја посетуваше поранешната грижа, која не само што не се беше изгубила ами се беше зголемила во нејзиното срце. Ист беше предметот на нејзината грижа: Катарина Ивановна, која Грушењка, уште кога беше болна, ја споменуваше дури во бладањето. Аљоша сфаќаше дека таа е страшно љубоморна на неа поради Митја, затвореникот Митја, иако Катарина Ивановна ни еднаш не го посети него во затворот, а можеше тоа да го стори кога сакаше. Сето тоа за Аљоша се претвори во некаква тешка задача, зашто Грушењка само нему му го доверуваше своето срце и непрекинато бараше од него совети; тој понекогаш воопшто не беше способен да ѝ каже нешто.

Со загриженост тој влезе во куќата. Таа веќе беше дома; пред половина час се имаше вратено откај Митја, и веќе по тоа брзо движење со кое таа скокна од фотељата од зад масата за да го пречека него, тој заклучи дека таа го чекаше со голема нестрпливост. На масата лежеа карти и беше завршена играта пасијанс. На кожното канабе од другата страна на масата беше послана постела и на неа беше прилегнат во домашен мантил и со памучна ноќна шапка на главата Максимов, очигледно болен и ослабнат иако слатко се насмевнуваше. Тоа бескуќно старче како што се врати тогаш, уште пред два месеца со Грушењка од Мокрое, така остана кај неа и не се делеше од неа. Кога дојдоа тогаш по дожд и лапавица, тој накиснат и исплашен, седна на канабето и остана на него молчалив постојано гледајќи во неа со прашална насмевка. Грушењка која преживуваше страшна тага и веќе

почна да чувствува треска, па речиси го имаше заборавено во првиот половина час по доаѓањето, поради разните главоболија, — сега наеднаш некако вцашено го загледа: тој жалосно и збунето и се насмеа во очите. Таа ја викна Фења и нареди да му даде да касне нешто. Целиот тој ден тој го преседи на своето место речиси без да се помрдне, кога веќе се стемни и ги затворија капаците на прозорците, Фења ја праша госпоѓата:

— Што, госпоѓо, да не останува да спие тој?

— Да, постели му на канабето, — одговори Грушењка.

Откако го распраша поподробно, Грушењка дозна од него дека токму сега тој навистина нема кој крај да го фати и дека „господин Калганов, мојот благотворител, недвосмислено ми рекоа дека нема да ме примаат понатаму и ми подарија пет рубли". — „Тогаш, нека ти е господ на помош, остани овде", — рече тажната Грушењка насмевнувајќи му се со сожалување. Старецот беше трогнат од нејзината насмевка и усните му затреперија од благодарствен плач. Така, оттогаш остана кај неа скитникот-храненик. Дури и кога беше болна тој не го напушти нејзиниот дом. Фења и мајка ѝ, готвачка на Грушењка, не го истераа ами продолжуваа да го хранат и да му ја постилаат постелата на канабето. Потоа Грушењка дури свикна со него и кога ќе се вратеше откај Митја (кај кого, почна да оди веднаш штом малку се зеде себеси, иако уште не беше сосем оздравена) за да си ја убие тагата седнуваше и почнуваше да разговара со „Максимушка" за секакви ситници, само за да не мисли за својата тага. Се покажа дека старчето умее по нешто и да раскаже, така што најпосле ѝ стана дури и неопходен. Освен Аљоша кој, може да се каже, не доаѓаше секој ден, и секогаш бргу си одеше, Грушењка речиси никого не примаше. А нејзиниот старец, трговецот, во тоа време лежеше страшно болен, „си заминуваше", како што велеа во градот и навистина умре само една недела по судењето на Митја. Три недели пред смртта, кога го почувствува блискиот крај, тој ги викна кај себе горе своите синови сосе

жените и децата и им рече веќе да не се оддалечуваат од кај него. А тогаш строго им нареди на слугите Грушењка никако да не ја пуштаат во куќата, но ако дојде да ѝ речат: „Порачува вие долго и весело да живеете, а него сосем да го заборавите". Па сепак Грушењка постојано испраќаше некого за да се распраша за неговото здравје.

— Најпосле дојде! — викна таа фрлајќи ги картите и радосно поздравувајќи се со Аљоша, — а Максимушка така ме плашеше дека веќе можеби нема да дојдеш. Ах, колку си ми потребен! Седни на маса; па што сакаш, можеби кафе?

— А, добро е тоа, — рече Аљоша, седнувајќи на масата — многу огладнив.

— Така значи, Фења, Фења, донеси кафе! — викна Грушењка — тоа одамна врие, те чека тебе, и пирошки донеси, но да се топли. Не, чекај. Со тие пирошки денеска мене гром ме стресе. Јас му ги однесов нему в затвор, а тој, веруваш ли, ми ги фрли назад и не јадеше. Една пирошка сосем ја фрли на подот и ја изгази. А јас му реков: „Ќе му ги оставам на стражарот, ако не ги изедеш до вечер, значи, тебе те храни ехидната злоба!" — и си излегов. Пак се скаравме, веруваш ли. Штом ќе отидам, ќе се скараме.

Сето тоа Грушењка го изговори како плотун, во возбуда. Максимов, кој малку се подисплаши, се насмевнуваше со наведнати очи.

— За што се скаравте овој пат? — праша Аљоша.

— Јас воопшто не очекував! Претстави си: љубоморен е поради „претходниот" — „Зошто, вели, ти го издржуваш. Значи ти си почнала да го издржуваш?" — И постојано е љубоморен! И кога јаде, и кога спие го мачи љубомората. На Кузма беше љубоморен минатата недела.

— Па нели знаеше тој за „претходниот",

— Оди разбери се, де! Од почетокот до денешниов ден знаеше а денеска наеднаш се нафрли и почна да се подбива. Ми е срам и да кажам што зборуваше. Будала! Штом излегов јас кај него дојде Ракитка. Да не го подбуцнува него Ракитка, а? Што мислиш ти? додаде таа некако расеано.

— Те сака тој, ете што, многу те сака. А сега тој е и раздразнет.

— Како да не е раздразнет, утре го судат. И отидов за да му дадам совет за утре, поради тоа Аљоша, страшно ми е дури и да си помислам за тоа што ќе се случи утре! Еве, ти велиш дека тој е раздразнет, а јас како да не сум раздразнета. А тој: за Полјакот, е, будала! А еве не е љубоморен на Максимушка.

— Мојата сопруга, исто така, беше многу љубоморна, — рече Максимов.

— А, на кого — се засмеа Грушењка — на кого ти беше љубоморна?

— На слугинките.

— Ајде, молчи Максимушка, сега мене не ми е до смеење, дури и лутина ми иде. Не туку зинувај во пирошките, нема да ти дадам, штетни се за тебе, нема да ти дадам ни ликерче. Ете ти и со него да се расправам, како мојава куќа да е прифатилиште, навистина, — се засмеа таа.

— Јас не сум достоен за вашите добри дела, јас сум безвреден, — проговори со плачлив глас Максимов. — Подобро правете им добри дела на оние кои се понужни од мене.

— Ех, секој е нужен, Максимушка, и како да се разбере кој од кого е попотребен. Барем да го немаше тој Полјакот, Аљоша, и тој денеска нашол да се разболи. Бев и кај него. И нарочно ќе му испратам пирошки, јас не му испратив, а Митја ме обвини дека му испраќам. Ете затоа сега ќе му испратам нарочно! Ах, ете ја и Фења со писмо! Па така е, пак од Полјаците, пак бараат пари!

Пан Мусјалович навистина имаше испратено извонредно долго и како обично красноречиво писмо, во кое молеше да му бидат позајмени три илјади рубли. Кон писмото беше додадена расписка за приемот со обврска дека ќе бидат платени во текот на три месеци; под расписката беше потпишан и пан Врублевски. Такви писма и со такви расписки Грушењка имаше добивано многу од својот „поранешен“. Тоа почна со оздравувањето на Грушењка, пред две недели. Таа со сигурност знаеше дека двата пана доаѓале за да се

распрашаат за нејзиното здравје. Првото писмо што го прими Грушењка беше долго, на поштенски лист од голем формат, потпечатено со голем семеен печат и многу сентиментално и красноречиво, така што Грушењка го прочита до половината и го фрли, бидејќи ништо не разбираше во него. А тогаш и не ѝ беше до писма. По првото писмо утредента дојде второ во кое пак Мусјалович бараше да му бидат позајмени две илјади рубли за многу краток рок. Грушењка и тоа писмо го остави без одговор. Потоа следуваа цела низа писма, секој ден по едно, сите такви важни и красноречиви но во кои сумата што беше барана на заем постојано спуштајќи се дојде до сто рубли, до дваесет и пет, до десет рубли и, најпосле, наеднаш Грушењка доби писмо, во кое обата пана бараа од неа само една рубла и беа приложиле расписка, на која беа потпишани двајцата.. Тогаш наеднаш Грушењка се сожали, и во квечерината, самата отиде кај панот. И двајцата Полјаци таа ги најде во голема беда, речиси во сиромаштија, без храна, без дрва, без цигари, задолжени кај газдарицата. Двестете рубли добиени на коцка од Митја во Мокрое, некаде бргу исчезнале. Но Грушењка ја зачуди дека двата пана ја пречекаа со занесна важност и независност, со најголема етикеција, со надуени зборови. Грушењка само се засмеа и на својот „поранешен" му даде десет рубли. Тогаш, смеејќи се за тоа му раскажа на Митја и тој воопшто не искажа љубомора. Но оттогаш Полјаците се фатија за Грушењка и секој ден ја бомбардираа со писма со молба за пари, а таа секојпат испраќаше по малку. И, ете, денеска му текнало на Митја да стане љубоморен.

— Јас будала, наминав и кај него, само за миг, кога одев кај Митја, зашто се беше разболел и тој, — мојот поранешен пан — пак започна Грушењка, суетно и со страв, — се смеам јас и му раскажувам на Митја: претстави си, велам, мојот Полјак решил на гитара да ми ги пее поранешните песни, си мисли, јас ќе се расчувствувам и ќе појдам за него. А Митја кога скокна со едни прекорни зборови... Штом така, зошто, ќе им испратам пирошки на пановите! Феноч-

ка, што, да не го испратиле девојчено? Еве, дај ѝ три рубли и завиткај им во хартија десетина пирошки и заповедај да им се однесат, а ти Аљоша бездруго кажи му на Митја, дека јас им испратив пирошки.

— Никако нема да кажам, — рече насмевнувајќи се Аљоша.

— Ех, ти, си мислиш дека тој се измачува; тој така нарочно стана љубоморен, а, всушност, нему му е сеедно — со горчина проговори Грушењка.

— Како така нарочно? — праша Аљоша.

— Ама си глупав, Аљошенка, еве што, ти ништо не разбираш од оваа работа и покрај сиот ум, така да знаеш. Мене не ме навредува тоа што тој спрема мене ваква изразува љубомора, напротив ќе ме навредеше ако останеше сосем нељубоморен. Јас сум таква. Мене нема да ме навреди љубомората, јас самата имам жестоко срце, јас самата можам да бидам љубоморна. Но мене ме навредува само тоа дека тој воопшто не ме сака и сега нарочно стана љубоморен, ете што. Не сум слепа, па да не гледам! Тој мене за неа, за Каќка, и сега ми зборува: била ваква, била таква, од Москва зела доктор за мене, за на суд, за да ме спаси мене, зела најпрв адвокат, најучен, исто така, зела. Значи, ја сака, штом пред мене почна да ја фали, безобзирност. Самиот е виновен пред мене, тој и се врза за мене за да ме направи виновна пред себеси и за да струполи врз мене сè: „Ти ,вели, пред мене го имаше Полјакот, затоа и мене ми беше дозволено со Катенка". Такви работи! Сака сета вина да ја растовари само врз мене. Нарочно се врза за мене, нарочно, ти велам јас тебе, само јас...

Грушењка не се доискажа што мисли да стори, си ги покри очите со шамијата и ужасно се расплака.

— Тој не ја сака Катарина Ивановна, — рече цврсто Аљоша.

— Е, дали ја сака или не ја сака, тоа ќе го дознам јас самата — со заканувачка нотка во гласот проговори Грушењка, тргнувајќи си ја шамијата од очите.

Лицето ѝ беше искривено. Аљоша беше огорчен кога виде како наеднаш нејзиното лице од кротко и тивко-весело стана намуртено и лошо.

— Сита сум со такви глупости! — пресече таа веднаш — јас не те викнав само за тоа. Аљоша, гулапче, утре, што ќе биде утре? Тоа ме мачи! И тоа само мене ме мачи! Ги гледам сите, никој не мисли за тоа, никој не се ангажира со тоа. Дали барем ти мислиш за тоа? Утре веќе е судењето! Кажи ми како ќе го судат! Лакејот го уби, лакејот го уби, лакејот! Господи! Секако нема него да го осудат заради лакејот, и никој нема за него да се застапува. А лакејот не го ни гибнаа, нели?

— Него строго го распитуваа, — забележи Аљоша замислено — но сите заклучија дека не е тој. Сега тој е многу болен. Оттогаш е болен, од таа падавицата. Навистина болен, — додаде Аљоша.

— Господи, да одеше ти кај адвокатот и да му раскажеше нему изочи-вочи сè. Зашто, велат, го зеле од Петербург за три илјади.

— Него го зедовме ние тројца: јас, брат ми Иван и Катарина Ивановна и заедно дадовме три илјади, а докторот од Москва за две илјади го зеде таа самата. Адвокатот Фетјукович ќе бараше повеќе, но бидејќи делото се прочу низ цела Русија, за него зборат во сите весници и списанија, Фетјукович повеќе поради слава се согласи да дојде, затоа што тоа стана многу познато дело. Јас вчера го видов него.

— И што? Му кажа ли? — викна бргу-бргу Грушенка.

— Тој ме ислуша и ништо не рече. Рече дека веќе си има создадено определено мислење. Но ми вети дека моите зборови ќе ги земе предвид.

— Како тоа предвид! Ах, тие се неранимајковци! Тие ќе го погубат. Добро, а докторот, зошто таа зеде доктор,

— Како експерт. Сакаат да извадат дека брат ми е мрднат од умот и дека убил при поматен ум, не знаејќи за себеси — тивко се насмевна Аљоша, — само што брат ми нема дас е согласи со тоа.

— Ах тоа е вистина ако е тој убиецот, — викна Грушенка. — Тој бил полуден, сосем полуден бил тогаш, и јас, јас, јас подла сум виновна за тоа! Само што тој не е убиецот, не е тој убиецот! А сите него го

сметаат за убиец, целиот град. Дури и Фења, и таа кажа така што излегува дека тој е убиецот. А во дуќанот тој чиновникот, а во крчмата порано што го слушале! Сите, сите се против него, само дрдорат.

— Да, ужасно се намножија укажувањата, — намуртено забележи Аљоша.

— А Григориј, а Григориј Василевич, си стои на своето дека вратата била отворена, не отстапува од своето дека видел, не можеш да го побиеш, јас бев кај него, и зборував со него. Тој уште и се подбива!

— Да тоа е можеби најсилниот доказ против брат ми, — проговори Аљоша.

— А тоа дека Митја е луд, тој и сега си е таков, — започна Грушенька со некаков израз на загриженост и таинственост. — Знаеш Аљошенка, одамна сакав да ти кажам за тоа: одам кај него секој ден и просто се чудам. Кажи ми ти мене што мислиш: за што почна тој сега да зборува? Ќе кажува, ќе кажува нешто — ништо не можам да го разберам, си мислам зборува за нешто умно, а пак јас сум глупава, па неможам да разберам, си мислам; туку започна тој мене да ми зборува за некакво дете, тоест за некакво дете, „зошто, вели, е бедно детето? За детето јас сега и во Сибир ќе одам, јас не го убив, но треба да одам во Сибир!“ Што е тоа кое е тоа дете — сосем ништо не разбрав. Само се расплакав, кога зборуваше, затоа што тој тоа многу добро го зборуваше, и самиот плачеше, па и јас се расплакав, тој наеднаш и ме баци и ме прекрсти со рака. Што е тоа, Аљоша, кажи ми ти какво е тоа „дете“?

— Којзнае зошто се намлади кај него да оди Ракитин — се насмевна Аљоша, — впрочем... тоа не потекнува од Ракитина. Јас не сум бил кај него. Ќе одам денеска.

— Не, не Ракитка, туку му го мати умот брат му Иван Фјодорович, тој го посетува, ете што, — проговори Грушенка и наеднаш како да се стаписа.

Аљоша го запре на неа погледот како вчудовиден.

— Како, го посетува? Па зарем тој оди кај него? Митја самиот ми кажуваше дека Иван ниеднаш не бил.

— Ете... Ете, каква сум! Сè издрдорив! — викна Грушенка збунето, сета наеднаш поцрвенувајќи. — Запри, Аљоша, молчи, добро, штом веќе сè издрдодив, ќе ти ја кажам сета вистина: Иван бил кај него двапати, првиот веднаш по доаѓањето ваму — кога допатува од Москва, јас уште не бев ни разболена, а вторпат дојде пред една недела. На Митја му рече да не кажува за тоа, и никому да не му кажува, скришум дојде.

Аљоша седеше длабоко замислен; нешто размислуваше. Таа вест очигледно го вчудовиди.

— Брат ми Иван не зборува со мене ништо околу Митја, — проговори тој полека, — и инаку со мене за овие два месеца многу малку зборуваше, а кога одев кај него, секогаш беше незадоволен што сум дошол, така што веќе три недели и не одам кај него... Хм... Ако бил пред една недела- тогаш... во текот на оваа недела кај Митја навистина има настапено некаква промена...

— Промена, промена! — брзо прифати Грушенка. — Тие имаат некаква тајна, тие имаат некаква тајна! Митја самиот ми рече дека е тајна, и знаеш ли, таква тајна што Митја воопшто не може да се смири. А порано беше весел, само, знаеш, кога ќе почне вака да ја нишка главата, и да чекори по собата, и, еве, со овој десниов прст овде, на слепоочницата, да си ја скубе косата, тогаш веќе знам дека е вознемирен во душата... јас веќе знам!... А беше весел, денеска е весел!

— А ти рече: лут е.

— Да, и лут е, но и весел. Тој постојано е лут, но само за малку, а после, е весел, па потоа наеднаш пак лут. И знаеш ли Аљоша, јас постојано му се чудам: пред него такво страшно нешто, а тој понекогаш на таквите будалштини се смее како да е дете.

— Вистина ли е дека ти рекол да не ми кажуваш мене за Ивана? Токму така ти рекол: не кажувај?

— Токму така рече: не кажувај. Митја од тебе се плаши најмногу. Зашто тука има некаква тајна, самиот рече дека е тајна... Аљоша, драги мој, оди таму, и дознај: каква е таа нивна тајна, и дојди да ми кажеш — потскокна Грушенка, и почна да го моли — изведи ме, мене кутрата, на чистина, и веќе да ја дознам мојата проклета судбина! Затоа те викнав.

— Ти мислиш дека е нешто во врска со тебе? Па Митја тогаш не би ти велел тебе дека има некаква тајна.

— Не знам. Можеби тој и сакаше да ми каже, ама не смее. Ме подготвува. Вели, има тајна, а каква е тајната — не кажа.

— А што мислиш ти?

— Што мислам? Тука ми е крајот, ете што мислам. Тие тројца ми го приготвиле крајот, зашто тука е и Катја. Сето тоа е од Катја, од неа доаѓа сè. „Таа е таква и таква", значи, јас не сум добра. Тој однапред го зборува тоа, однапред ме подготвува. Сака да ме остави, тоа ти е сета тајна! И тоа го измислиле тие тројца — Митја, Катја и Иван Фјодорович. Аљоша, одамна сакав да те прашам: пред една недела тој наеднаш ми довери дека Иван е заљубен во Катја, зашто често оди кај неа. Дали тоа што ми го кажа е вистина или не? Зборувај според совеста, убиј ме.

— Јас нема да те излажам. Иван не е заљубен во Катарина Ивановна, така мислам.

— Ете, и јас веднаш така си помислив! Ме лаже, бесрамникот!... И се прави љубоморен, за после мене да ми натовари сè. Зашто тој е будала, тој не умее да ги крие трагите, тој е отворен... Само јас нему ќе му покажам, ќе му покажам. „Ти, — вели, — веруваш дека јас убив" — тоа тој ми го кажува мене, тој ми префрла мене за тоа! Господ да му е на помош! А-а, почекај само, тешко на Катја од мене, на суд! Јас таму такво нешто ќе кажам... Јас таму ќе кажам сè!

И таа пак горчливо заплака.

— Еве, што можам со сигурност да ти кажам, Грушенка — рече Аљоша, станувајќи — прво дека тој те сака, те сака повеќе од сè на светов, и само тебе, ве-

рувај ми. Јас знам. Јас го знам тоа. Второ што ќе ти речам, тоа е дека јас него нема да го испитувам за тајната, а ако тој самиот ми ја каже денеска, веднаш ќе му речам дека сум ветил оти ќе ти ја соопштам. Тогаш ќе дојдам уште денеска и ќе ти ја кажам. Само . . . нема тука ни спомен за Катарина Ивановна, туку таа тајна е за нешто друго. И тоа сигурно е така. И воопшто не изгледа дека е нешто за Катарина Ивановна, така ми се чини. А сега збогум!

Аљоша се ракува со неа. Грушенка сè уште плачеше. Тој виде дека таа малку поверува во неговите утехи но нејзе и тоа добро ѝ дојде, барем си го излеа својот јад, си го олесни срцето. Му беше жал да ја остави во таква состојба но брзаше. Го чекаа уште многу работи.

II

Болно ноже

Првата од тие работи, беше во куќата на госпоѓа Хохлакова, и тој брзаше таму што побргу да сврши сè што треба за да не задоцни за кај Митја. Госпоѓа Хохлакова веќе три недели нешто не беше арна: ѝ беше отечена ногата, и таа, иако не лежеше в постела, сепак денски, во привлечен, но пристоен утрински фустан се тркалаше на канабето во својот будоар. Аљоша еднаш забележи во собата со невина насмевка како госпоѓа Хохлакова, и покрај сета своја болест, почнала повеќе да се дотерува: се појавија некакви шапки, панделки, отворени блуски, и тој сфати зошто е тоа така, иако ги тераше од себе таквите мисли како несериозни. Во последните два месеца госпоѓа Хохлакова почна да ја посетува, меѓу другите нејзини гости, и младиот Перхотин. Аљоша не беше дојден веќе едно четири дена и кога влезе во куќата, побрза да оди право кај Лиза, зашто кај неа имаше работа, бидејќи Лиза уште вчера беше испратила кај него девојка со жешка молба, веднаш да дојде кај неа „поради една многу важна работа“, што од извесни причини

многу го заинтересира Аљоша. Но, додека девојката одеше кај Лиза за да јави, госпоѓа Хохлакова веќе дозна од некого за неговото доаѓање и веднаш испрати да го замолат Аљоша да дојде кај неа „само за малку". Аљоша заклучи дека е подобро првин да ја задоволи молбата на мајката, зашто таа постојано ќе испраќа кај Лиза додека тој седи таму. Госпоѓа Хохлакова лежеше на канабето некако посебно свечено облечена, и очигледно во необична нервна возбуда. Аљоша го пречека со извици на восхит.

— Векови, векови, цели векови не сум ве видела! Цела недела, живи бога, ах, вие впрочем, бевте кај нас пред четири дена, во средата. Дојдовте кај Lise, уверена сум дека сакавте да одите право кај неа на врвовите од прстите за да не слушнам. Мил, мил Алексеј Фјодорович, да знаете, да знаете колку сум загрижена поради неа! Но за тоа после. Иако тоа е најглавното, но за тоа после. Мил Алексеј Фјодорович, јас наполно ви ја доверувам мојата Lise. По смртта на старецот Зосима, бог да го прости! (таа се прекрсти), по него, јас гледам на вас како на испосник, иако вие многу љупко го носите вашето ново облекло. Каде најдовте овде таков шивач? Но, не, не, тоа не е главното, тоа после. Простете ми што понекогаш ве викам Аљоша, јас сум стара, мене ми е дозволено сè, — се насмевна таа кокетно, — но и за тоа после. Важно е да не го заборавам главното! — ве молам, потсетете ме и самиот, штом ќе се зазборувам, вие само речете ми: „А главното?" — Ах, од каде да знам, сега што е главното? Од она време кога Lise го зеде назад од вас своето ветување — своето детско ветување, Алексеј Фјодорович — дека ќе се омажи за вас, вие, се разбира, сфативте дека сето тоа беше само разиграна детска фантазија на болно девојче, кое долго време мораше да седи во фотелја — фала му на бога, сега таа веќе може да оди. Новиот доктор, што го повика Катја од Москва, поради вашиот несреќен брат, кого утре . . . да, а како ќе биде утре? Јас умирам и од помислата за утрешниот ден! А што е најважно, од љубопитство . . . Со еден збор, докторот вчера беше кај нас, па ја виде Lise . . . За визитата му платив педе-

сет рубли. Но сето тоа не е, пак не е главното. Гледате, сега веќе сосем се збунив. Брзам, а зошто брзам, ни самата не знам. Јас сега престанав да ги знам работите. За мене сега сè е заплеткано во некакво клопче. Само се плашам дека ќе тргнете и ќе избегате од мене од здодевност и дека веќе никогаш нема да ве видам. Ах, господи! Седиме овде, а пред сè — кафе, Јулија, Глафира, кафе!

Аљоша набрзина се заблагодари и објасни дека пред малку пиел кафе.

— Кај кого?

— Кај Аграфена Александровна.

— Тоа е... тоа е кај таа жена! Ах, таа ги запусти сите нив, впрочем, не знам, велат дека сега станала светица, иако доцна. Подобро да беше таква порано, кога требаше, зошто и е сега тоа, каква е користа од тоа? Молчете, молчете, Алексеј Фјодорович, зашто јас толку многу работи сакам да кажам, што, изгледа, најпосле ништо нема да кажам. Тоа ужасно судење... Бездруго ќе дојдам. Се подготвувам. Мене ќе ме внесат во фотелја, а после, можам да седам, со мене ќе бидат моите слуги, вие знаете, јас сум меѓу сведоците. Како ли ќе зборувам, како ли ќе зборувам! Не знам што ќе зборувам. Треба да се заколнам, нели?

— Да, но јас не верувам дека би можеле да дојдете.

— Ама јас можам да седам; ах, вие ме збунувате! Тоа судење, таа грозна постапка, па после сите во Сибир, па некои ќе се оженат, и сето тоа брзо, брзо, и сè се менува, и, најпосле, ништо, сите се старци и в гроб гледаат. Најпосле, сеедно, јас се уморив. Ама Катја — cette charmante personne[1]) — таа ги уништи сите мои надежи. Сега таа по еден ваш брат ќе оди во Сибир, а другиот ваш брат пак ќе оди по неа, и ќе живее во соседниот град, и сите ќе се мачат еден со друг. Тоа ме доведува до лудило, а што е најважно, разгласувањето: во сите весници во Петербург и во Москва милион пати пишуваат за тоа. Ах, да, претставете си, и за мене пишуваат, дека сум му била „дра-

---

[1]) Таа шармантна персона

га пријателка“ на вашиот брат, не сакам ни да го изговорам тој гаден збор, претставете си, претставете си!

— Не е можно! Каде и како пишувало?

— Веднаш ќе ви покажам. Вчера добив — вчера и прочитав. Еве, овде, во весникот Г л а с о в и, во петербуршкиот. Весникот Г л а с о в и почна да излегува оваа година, јас многу го сакам, па се претплатувам — за свое зло: еве какви се тие „гласови“. Еве, овде, еве овде на ова место, читајте.

И таа му подаде на Аљоша еден број од весникот, што ѝ стоеше под перницата.

Таа не беше нерасположена, ами беше некако сета скршена и, навистина, во нејзината глава, изгледа, сè беше заплеткано во клопче. Дописот во весникот беше многу карактеристичен, и се разбира, мораше да дејствува врз неа деликатно, но таа, за своја среќа, можеби не беше ни способна во овој момент да се концентрира на една точка, и затоа веќе во идниот момент, можеше да заборави и на весникот и да прескокне нешто сосем друго. За тоа пак, дека на сите страни по цела Русија се рашири глас за ужасните судења, Аљоша знаеше одамна и, господи, какви страшни вести и дописи имаше можност да прочита за овие два месеци, покрај точните извештаи, за својот брат, за Карамазови воопшто, па дури и за себе. Во еден весник дури беше речено дека тој од страв по злосторството на брат му се покалуѓерил и се повлекол од светов; во друг тоа се побиваше, и, напротив, пишуваше, дека тој заедно со својот старец Зосима ја скршил манастирската каса и „избегал од манастирот“. А пак сегашниот допис во весникот „Гласови“ носеше наслов: „Од Скотопригоневск (за жал, така се вика нашето гратче, јас долго време го криев неговото име), по повод судењето на Карамазов“. Дописот беше доста краток, и за госпоѓа Хохлакова ништо отворено не се спомнуваше и воопшто сите имиња беа прикриени. Само се јавуваше дека злосторникот, на кого сега со таква врева му се подготвува судење е капетан во оставка, дрска природа, мрзливец и феудалец, кој ништо друго не работел ами се занимавал со љубовни авантури и дека особено имал влијание

кај некоја „дама на која ѝ било здодевно да биде сама“. Таа, како една таква дама, „вдовица на која и е здодевно“ и се прави млада, иако веќе има возрасна ќерка, е толку восхитена од него, што само два часа пред злосторството, му предлагала три илјади рубли, со тоа што веднаш да избега заедно со неа на некакви си златни рудници. Но злосторникот повеќе сакал да го убие татка си, и да го ограби токму за три илјади, сметајќи дека тоа ќе може да го изведе без да биде казнет, отколку да се влече во Сибир со четириесетгодишните привлечности на својата дама на која ѝ е здодевно. Тој шеговен допис, како што е редно, завршуваше со благородно негодување на сметка на неморалноста на таткоубиството и на бившиот феудален поредок. Откако го прочита тоа со љубопитство, Аљоша го свитка весникот и ѝ го врати на госпоѓа Хохлакова.

— Е, не сум ли јас таа? — почна таа пак да дрдори, — јас сум таа, јас еден час пред тоа му предлагав златни рудници и сега наеднаш „четириесетгодишни привлечности!“ Па зарем мене ми е до тоа? Тоа е намерно така напишано! Вечниот судија нека му прости за четириесетгодишните привлечности, како што му простувам и јас, но тоа... ама, знаете ли кој го пишувал тоа? Вашиот пријател, Ракитин.

— Можеби, — рече Аљоша — иако не сум слушнал ништо.

— Тој е, тој, а не „можеби“! Зашто јас него го истерав. Вие секако ја знаете сета таа приказна?

— Знам дека го замоливте да не ве посетува повеќе, но, всушност, зошто — тоа јас... барем од вас — не сум го чул.

— Вие, значи, од него сте го слушнале тоа! И што вели, се лути ли многу?

— Да, тој ви се лути, но тој на секого му се лути. А зошто сте го одбиле — тоа не сум го слушнал од него. Воопшто, јас многу ретко се гледам со него. Ние не сме пријатели.

— Е, тогаш ќе ви кажам сè и, што знам друго, ќе се покаам, зашто тука има една црта за која, можеби, јас сум виновна. Само мала, мала цртичка, нај-

мала, така што можеби и воопшто ја нема. Гледате ли, драги мој (госпоѓа Хохлакова направи некаков чуден израз на лицето, и на нејзината уста вчас се покажа мила, иако загадочна насмевка), гледате ли, јас претпоставувам... вие ќе ми простите Аљоша, јас ви зборувам како мајка... о, не, не, напротив, јас сега ви зборувам како на свој татко... зашто, мајка овде никако не прилега... Но сеедно, како пред старецот Зосима на исповед, и тоа е најточно, тоа сосем одговара. Јас пред малку ве нареков испосник — и, ете, тоа кутро момче, вашиот пријател Ракитин (о, господи, јас просто не можам нему да му се налутам! Јас се лутам, јас сум бесна, но не многу) со еден збор, на тој лесномислен млад човек, наеднаш, претставете си, како да му падна на ум да се заљуби во мене. Јас тоа подоцна, дури подоцна го забележив, а тој отпрвин, тоест пред еден месец, почна да доаѓа кај мене почесто, речиси секој ден, иако се познававме и порано. Јас ништо не забележувам... кога наеднаш, како нешто да блесна на мене, и јас, многу зачудена, почнав да забележувам. Вие знаете, јас уште пред два месеца почнав да го примам скромното, мило и чесно момче, Пјотр Илич Перхотин, кој служи овде. Вие многупати и самиот овде сте го гледале. Не е ли вистина: тој е чесно, сериозно момче. Тој доаѓа секој трет ден, а не секој ден (иако — зошто не и секај ден), и секогаш е многу убаво облечен, и воопшто јас ги сакам младите луѓе, Аљоша, надарените, скромните, ете таквите како вас, а тој има речиси државнички ум, тој зборува многу мило, и јас бездруго ќе се заземам за него. Тој е иден дипломат. Тој мене во страшниот ден, така да се каже, ме спаси од смрт, доаѓајќи кај мене ноќе, а вашиот другар Ракитин, секогаш доаѓа во некакви чизми, па ќе ги испружи на килимот... Накусо, тој дури почна нешто да ми навестува, а еднаш кога си заминуваше, ете така, необично цврсто ми ја стисна раката. Само што ми ја стисна раката, кога наеднаш ми се разболи ногата. Тој и порано го гледаше кај мене Пјотр Илич и, верувате ли, постојано го дразнеше, непрестајно го дразнеше, сè нешто 'ржи на него. Јас само ги гледам двајцата, кога ќе се сре-

нат, а во себе се смеам. И наеднаш, седам јас така сама, тоест, не, тогаш веќе лежев, еднаш лежам јас сама, а ете ти го Михаил Иванович и, преставете си, носи свои песни, сосем кратки, за мојата болна нога, тоест во стихови, ја опишал мојата болна нога. Чекајте, како беше тоа:

Тоа ноженце, тоа ноженце
малку ми е болно...

како ли беше — јас воопшто не можам да паметам стихови — ги имам овде кај мене — ќе ви ги покажам после, прекрасно, прекрасно, и, знаете, песната не е само за ноженцето, туку е морално поучна, со прекрасна идеја, само ја заборавив, со еден збор, просто да ја ставите во албум. Се разбира, јас му заблагодарувам, и тој очигледно се почувствува поласкан. Само што му заблагодарив, кога наеднаш влегува и Пјотр Илич, а Михаил Иванович се смрачи како ноќ. Јас веќе гледам дека Пјотр Илич во нешто му пречи, зашто Михаил Иванович сигурно сакал нешто да каже веднаш по стиховите, јас го претчувствував тоа, но Пјотр Илич влезе. Тогаш јас му ја покажувам песната на Пјотр Илич, но не кажувам кој ја состави. Но, сум уверена, уверена сум дека тој веднаш се сети, иако денеска не признава, ами тврди дека не се сетил: но тоа го вели намерно. Пјотр Илич веднаш се засмеа и почна да критикува: „Тоа не е никаква песна, вели, веројатно ја составил некој богословец — и знаете ли, тоа го рече со таква смелост, со таква сигурност! А вашиот пријател, наместо да се насмее, наеднаш сосем се разлути... Господи, мислев дека ќе се степаат: „Ова го напишав јас, вели тој. Јас го напишав, вели, на шега, зашто сметам дека пишувањето песни е долна работа... Само, моите стихови се добри. На вашиот Пушкин за женските ножиња сакаат да му подигнат споменик, а ова кај мене е со извесна идеја, а вие сте, вели, феудалец, вие, вели, не чувствувате никаква хуманост, вие сегашните просветени чувства воопшто не ги чувствувате, до вас не допрел развитокот, вие сте, вели, чиновник

и примате мито!“ Тогаш веќе и јас почнав да викам и да ги молам. А Пјотр Илич, вие знаете, не е страшливец, тој наеднаш фати со најотмен тон: го гледа подбивно, слуша, и се извинува: „Јас, вели, не знаев. Да знаев, немаше да го кажам тоа, јас тогаш, вели, ќе ги пофалев ... Сите поети, вели, се претерано чувствителни“ ... Со еден збор, исмевање со најблагороден тон. После самиот ми објасни дека сето тоа било исмевање, а јас мислев дека зборува сериозно. Но наеднаш, лежам јас еве како сега пред вас, и си мислам; дали ќе биде отмено ако Михаил Иванович го истера затоа што непристојно вика во мојата куќа на мојот гостин? И ете, верувате ли, лежам, сум ги затворила очите и си мислам, дали ќе биде отмено или нема да биде, и не можам да решам, и се мачам, се мачам, а срцево ми тупка: да викнам, или да не викнам? Еден глас ми вели: викај! а друг вели: не, не викај! Само што го рече своето вториот глас, јас наеднаш викнав, и наеднаш паднав во несвест. Се разбира, настапи метеж. А јас наеднаш станувам и му велам на Михаил Иванович: „Мене ми е непријатно да ви го соопштам тоа, но јас не сакам повеќе да ве примам во мојава куќа“. И ете така го истерав. Ах, Алексеј Фјодорович! И јас знам, дека постапив лошо, воопшто не му бев лута нему, но наеднаш ми се стори дека тоа ќе биде многу убаво, таа сцена ... само, дали верувате, таа сцена сепак излезе природна, зашто дури и се расплакав, и неколку дена потоа плачев, а после знаете, по ручекот, заборавив сè. Па така тој веќе две недели не доаѓа кај мене, а јас си размислувам: па зар навистина воопшто веќе нема да дојде? Тоа беше вчера, а наеднаш, вечерта, доаѓаат тие „Гласови“. Прочитав и викнав од чудо, кој го напишал тоа, тоа го напишал тој, дошол тогаш дома, седнал — напишал; испратил — а тие таму го печателе. Зашто тоа беше пред две недели. Само, Аљоша, страшно е што го зборувам сево ова, а воопшто не зборувам за она за кое би требало. Ах, само зборувам и зборувам!

— Многу ми е потребно денеска навреме да стасам кај брат ми — со несигурен глас промрмори Аљоша.

— Да, да! Вие ме потсетивте на сè! Слушајте, што е тоа афект?

— Каков афект? — се зачуди Аљоша.

— Судски афект. Афект поради кој се простува сè, што и да направите — веднаш ви простуваат.

— Ама за што зборувате?

— Па еве за што: таа Катја ... ах, тоа мило, мило суштество, само воопшто не знам во кого е заљубена, скоро седеше овде кај мене, и јас ништо не можев да дознам од неа. Дотолку повеќе што таа сега со мене почнува да разговара површно, со еден збор, само ме прашува какво ми е здравјето, и ништо повеќе, и уште со некаков чуден тон, а јас си реков во себе: па добро, бог да ви е на помош. Ах, да, значи, афект? дојде докторот. Знаете ли дека дојде докторот? Се разбира, како да не знаете, тој што може да познае кој е полуден, вие и го повикавте, тоест не вие, туку Катја! Сè Катја! Е, гледате: си седи човекот кој не е ни најмалку луд, па наеднаш паѓа во афект, и знае за себеси, и знае што прави, меѓутоа, се наоѓа во афект. Е па тогаш и кај Дмитриј Фјодорович сигурно тоа било афект. Откако ги воведоа новите судови, веднаш дознаа и за афектот. Тоа ви е благодетот од новите судови. А докторот дојде кај мене, па ме праша за таа вечер, ме праша за златните рудници, вели, каков беше тогаш тој? Се разбира дека беше во афект: дојде и вика: пари, пари, три илјади, дајте три илјади, а после си отиде, и наеднаш го убива старецот. Вели, нема да убивам, а наеднаш уби. Ете, затоа ќе му простат, зашто се противеше, а уби.

— Па тој не го уби татко ми, — малку остро ја прекина Аљоша. Неспокојството и нестрпливоста го обземаа сè повеќе и повеќе.

— Знам, го уби старецот Григориј ...

— Како Григориј? — викна Аљоша.

— Тој, тој, Григориј. Како што го удрил Дмитриј Фјодорович, така останал да лежи, а после станал, видел дека е вратата отворена, отишол и го убил Фјодора Павлович.

— Ама зошто, зошто?

— Па добил афект. Кога Дмитриј Фјодорович го удрил по главата, тој се стресол и добил афект, а потоа отишол и го убил човекот. А тоа што вели дека не го убил, тој можеби и не се сеќава. Само, гледате ли, подобро, многу подобро ќе биде ако го убил Дмитриј Фјодорович. А така и било, иако реков дека го убил Григориј, но сигурно го убил Дмитриј Фјодорович, и така е многу, многу подобро! Ах, не е подобро затоа што синот го убил татка си, тоа не го одобрувам, децата, напротив, треба да ги почитуваат родителите ,но сепак е подобро ако е убиец тој, затоа што вие тогаш нема зошто да плачете, зашто тој го убил татка си не знаејќи за себе, или, подобро речено, знаејќи сè, но не знаејќи како се случило тоа со него. Нека му простат; тоа е многу хумано, и нека се види благодетот на новите судови, јас не го знаев тоа, а велат дека тоа е веќе одамна така, а кога дознав вчера, тоа многу ме вчудовиди, па веднаш сакав да испратам по вас, а после, ако му простат, веднаш од судот ќе го доведеме кај мене на ручек, јас ќе ги поканам познаниците, па ќе пиеме за здравје на новите судови. Јас не мислам дека е тој опасен, а освен тоа, ќе поканам многу гости, така што да можеме да го изведеме надвор ако посака нешто да стори, а после, тој може некаде во друг град да биде мировен судија, или што било, зашто оние што претрпеле несреќа судат подобро од сите. А што е најважно, денеска кој не е во афект, вие, јас, сите сме во афект, и колку примери има: си седи човек, пее романса, наеднаш нешто не му се допаѓа, вади пиштол и убива кого било, а после сè му се простува. Јас неодамна читав за тоа, и сите доктори го потврдуваат тоа. Докторите сега го потврдуваат, сè потврдуваат. Ве молам, мојата Lise е во афект, јас уште вчера плачев поради неа, плачев и завчера, а денеска се сетив дека кај неа тоа е просто афект. Ох, Lise, толку ме разжалува! Јас мислам дека таа сосем е полудена. Зошто ли ве викнала вас? Таа ве викна, или самиот дојдовте кај неа?

— Да, таа ме викна, и јас сега веднаш ќе одам кај неа, — стана решително Аљоша.

— Ах, мил, мил Алексеј Фјодорович, тука можеби и е најважното — викна госпоѓа Хохлакова, која наеднаш се расплака. — Гледа господ дека јас искрено ви ја доверувам Lise, и покрај тоа што таа ве викнала скришум од мајка си. А кај Иван Фјодорович, вашиот брат, ќе ме извините, не можам толку едноставно да му ја доверам ќерка ми, иако и понатаму го сметам за рицарско момче. Претставете си наеднаш излезе дека тој бил кај Lise, без да знам јас за тоа.

— Како? Што? Кога? — се стаписа Аљоша. Не сакаше повеќе да седне, ами слушаше простум.

— Ќе ви кажам, можеби затоа и ве викнав, јас сега веќе и не знам зошто ве викнав всушност. Еве што: Иван Фјодорович бил кај мене само двапати по своето враќање од Москва, првиот пат дојде како познат, за да ми направи посета, а вториот пат, тоа беше неодамна, Катја беше овде, па тој намина кога дозна дека е таа кај него. Јас, се разбира, не очекував од него чести посети, знаејќи дека тој сега и така има многу грижи, vous comprenez, cette affaire et la mort terrible de votre papa[1]) — но наеднаш дознавам дека пак дошол, само не кај мене, туку кај Лиза, и тоа пред едно шест дена, дошол, поседил пет минути, и си отишол. А за тоа дознав цели три дена подоцна, од Глафира, така што тоа ме фрапира. Веднаш ја викнав Lise, а таа се смее: „Тој, вели, мислел дека вие спиете, па наминал кај мене за да праша за вашето здравје!“ Се разбира, така и било. Само Lise, о, господи, колку ме разжалостува! Замислете, една ноќ — пред четири дена, веднаш по вашата последна посета — наеднаш, ноќе, таа добива напад, вика, вриска, хистерија! А зошто јас никогаш немам хистерични напади? Потоа, утредента, пак напад, а после и третиот ден, и вчера, и ете вчера тој афект. Таа наеднаш фати да ми вика: „Јас го мразам Иван Фјодорович, барам да не го примате повеќе, да не му дозволите да влегува во нашава куќа!“ — Јас сета се избезумив

---

[1]) Вие разбирате: тој настан и страшната смрт на татко ви.

кога слушнав такво неочекувано нешто, и ѝ забележив: Зошто да не му дозволам да доаѓа во мојава куќа на толку чесен млад човек и притоа толку учен и толку несреќен, зашто сепак, сите тие настани — тоа е несреќа, несреќа, нели? Таа наеднаш се закикоти по моите зборови и знаете, многу навредливо. Но мене ми е мило, си мислам во себе, дека ја насмеав, и нападите сега ќе минат, дотолку повеќе што и самата сакав да не му дозволам да доаѓа на Иван Фјодорович поради неговите чудни посети без моја согласност. Но наеднаш, изутрина, Lise се разбудува и ѝ се лути на Јулија, и претставете си, и удира шлаканица. Тоа е монструозно, јас со сите мои слугинки сум на **Ви.** А после, по еден час, таа ја прегрнува, и ѝ ги бацува нозете на Јулија. А кај мене испрати да ми кажат дека воопшто нема да дојде, и дека отсега нема да доаѓа, а кога јас самата отидов кај неа, таа ми притрча и почна да ме бацува и да плаче, и, бацувајќи ме, просто ме истурка надвор, без збор, па така ништо и не дознав. А сега, мил Алексеј Фјодорович, во вас се положени сите мои надежи и, се разбира, судбината на целиот мој живот е во ваши раце. Јас ве молам да одит кај Lise, да дознаете од неа сè ,како што умеете само вие, па да дојдете кај мене, мајката, и да ми кажете, зашто, сфаќате ли, јас ќе умрам, просто ќе умрам ако продолжи сето тоа, или ќе избегам од дома. Повеќе не можам повеќе, јас имам стрпливост, но јас можам да ја изгубам, а тогаш . . . тогаш ќе настапат страшни работи. Ах, господи, одвај најпосле и вие, Пјотр Илич! — викна госпоѓа Хохлакова, сета светнувајќи во лицето, кога го забележи влегувањето на Пјотр Илич Перхотин. — Задоцнивте, задоцнивте! Е, па, што има, седнете, зборувајте, решавајте ја судбината, значи, што вели адвокатот? А каде ќе одите вие, Алексеј Фјодорович,

— Јас ќе одам кај Lise.

— Ах, да! И нема да заборавите, нема да заборавите за она што ве молев? Тука сега се решава за судбината, за судбината!

— Се разбира, нема да заборавам, само ако биде можно... Но, толку многу сум задоцнил, — промрмори Аљоша, повлекувајќи се со брзање.

— Не, вистина, вистина дојдете, а не „ако биде можно", инаку ќе умрам! — викна по него госпоѓа Хохлакова, но Аљоша веќе беше излезен од собата.

III

Бесница

Кога влезе кај Лиза, тој ја затекна прилегната во фотељата во која ја возеа кога не можеше да се движи. Таа не стана за да го пречека, но нејзиниот внимателен и остар поглед речиси се впи во него. Погледот ѝ беше многу вжештен, лицето бледо-жолто. Аљоша се вчудовиди кога виде колку е изменета за три дена, дури и ослабната. Таа не му ја подаде раката. Тој самиот ги допре нејзините танки, долги прстиња, што неподвижно лежеа на фустанот, а потоа молчејќи седна спроти неа.

— Јас знам дека вие брзате за в затвор, — остро проговори Лиза — а мама ве задржа два часа, ви кажуваше за мене и за Јулија.

— Од каде знаете?

— Прислушнував. Зошто се загледавте така во мене? Сакам да прислушнувам, и прислушнувам, во тоа нема ништо лошо. Не молам за прошка.

— Вие сте нерасположена поради нешто.

— Напротив, многу сум радосна. Токму сега веќе по триесетти пат размислувам: колку е добро што ве одбив, па нема да ви бидам жена. Вие, не сте за маж: зашто, да речеме, јас се омажувам за вас, па наеднаш ви давам писменце, да му го однесете на оној што ќе го засакам по вас, вие го земате и бездруго го носите и донесувате и одговор. И ќе имате четириесет години а сè уште ќе носите такви мои писма.

Таа наеднаш се насмеа.

— Во вас има нешто зло, и воедно нешто простодушно — се насмевна Аљоша.

— Простодушното е во тоа што не се срамам од вас. И не само што не се срамам, туку и нема да се срамам токму пред вас, токму од вас. Аљоша, зошто јас не ве почитувам? Јас многу ве сакам, но не ве почитувам. Ако ве почитував, намаше да ви зборувам вака без срам, не е ли така?

— Така е.

— А верувате ли дека не се срамам од вас?

— Не, не верувам.

Лиза пак нервозно се засмеа; зборуваше набрзина, брзо.

— На брат ви Дмитриј Фјодорович в затвор му испратив слатки. Аљоша, знаете ли вие колку сте убав! Јас многу ќе ве сакам, затоа што многу брзо ми дозволивте да не ве сакам.

— Зошто, ме викнавте денеска, Lise?

— Сакав да ви соопштам една моја желба. Јас сакам некој да ме мачи, да се ожени со мене, а после да ме измачи, да ме излаже, да ме остави и да си оди. Не сакам да бидам среќна.

— Да не љубите неред?

— Ах, јас сакам неред. Сè би сакала да запалам — и куќава. Си замислувам: како ќе ја запалам скришум, бездруго кришум, тие ја гаснат, а таа гори. А јас знам, па си молчам. Их, глупости! И колку е здодевно!

Таа мрзоволно одмавна со раката.

— Живеете во богатство, — тивко проговори Аљоша.

— Зошто, подобро ли е да бидеш сиромав?

— Подобро?

— Тоа ви го кажувал вашиот покоен монах. Тоа не е вистина. Јас се согласувам да бидам богата, а сите други сиромаси, јас да јадам слатки, да пијам јогурт а на другите да не им давам. Ах, не зборувајте, не зборувајте ништо (фати да мавта со раката, иако Аљоша немаше ни уста отворено), вие мене и порано ми го кажувавте тоа, сето тоа јас го знам напамет. Здодевно. Ако бидам сиромашка, јас ќе убијам некого — а и ако бидам богата, пак можеби ќе убијам некого — зошто да седам така. А знаете ли, јас би сакала да

жнеам, да жнеам 'рж. Јас ќе појдам за вас ако станете селанец, вистински селанец, па да имаме ждребе, сакате ли? Вие го познавате Калганова.

— Го познавам.

— Тој постојано шета наоколу и мечтае. Вели: зошто да се живее вистински живот, подобро е да се мечтае. Зашто мечтаејќи може да се долови сè што е највесело, а здодевно е да се живее. А ваму наскоро ќе се ожени, веќе и мене ми изразуваше љубов. Знаете ли вие да вртите вртимушка?

— Знам.

— Е, па, ете, тој ви е како вртимушка: само треба да се заврти и да се пушти, а потоа да се мава, да се мава, да се мава со камшик: ќе се омажам за него, па цел живот, ќе го пуштам така. Не ви е ли срам, што седите со мене.

— Не.

— Вие многу се лутите што јас не зборувам за свети работи. Јас не сакам да бидам светица. Што ќе ми направат на оној свет за најголемиот грев? Вам, тоа мора точно да ви е познато.

— Господ ќе ве осуди — внимателно се загледа во неа Аљоша.

— Е, тоа и го сакам. Да дојдам, да ме осудат, па на сите да им се смеам в очи. Многу ми се сака да ја запалам куќава, Аљоша, нашава куќа, а вие мене, изгледа, уште не ми верувате?

— Зошто? Има дури и деца, деца од дванаесет години, кои многу сакаат да запалат нешто, и навистина палат. Тоа е како некаква болест.

— Не е вистина, не е вистина, нека има такви деца, но јас не зборувам за тоа.

— Вие и лошото го сметате за добро: тоа е момент на криза, за тоа е можеби виновна вашата поранешна болест.

— А вие мене сепак ме мразите? Јас просто не сакам да правам добро, сакам да правам зло, тука нема никаква болест.

— А зошто да правите зло?

— Да не остане никаде ништо! Ех, колку добро би било кога би можело никаде ништо да не остане.

Знаете, Аљоша, јас понекогаш мислам да направам мошне многу зла и сешто лошо, и долго време скришум да правам зло, сè додека наеднаш не дознаат сите. Сите ќе се соберат околу мене, и ќе ме покажуваат со прст, а јас сите ќе ги гледам. Тоа е многу пријатно. Зашто е тоа толку пријатно, Аљоша?

— Така. Потребата да згазите нешто добро, или, како што рековте, да запалите. Се случува и тоа.

— Но не само што зборувам, јас тоа и ќе го направам.

— Верувам.

— Ах, колку ве сакам дека велите: верувам! И вие воопшто, воопшто не лажете. А можеби мислите дека сево ова намерно ви го кажувам, за да ве задевам?

— Не, не мислам... Иако, вие, можеби имате и таква потреба.

— Да, имам малку. Никогаш вас нема да ве излажам — рече таа а во очите ѝ светна некакво пламенче.

Аљоша најмногу го вчудовиди нејзината сериозност: ни трага од насмевката и шегата сега ја немаше на нејзиното лице, иако порано веселоста и шегата не ја напуштаа ни во нејзините „најсериозни" моменти.

— Има моменти кога луѓето го сакаат злосторството — замислено рече Аљоша.

— Да, да! Вие ја погодивте мојата мисла, сакаат. Сите го сакаат, и секогаш го сакаат, а не само во одделни „моменти". Знаете, што се однесува до тоа, како сите да се договорени да лажат, и од тоа време сите лажат. Сите велат дека го мразат она што е лошо, а во себе сите го сакаат.

— А вие сè уште како порано, читате лоши книги?

— Читам. Мама чита и ги крие под перница, а јас ги крадам.

— Како не ви е срам да се запустувате?

— Сакам да се запустувам. Еве, овде има едно момче, тоа лежело помеѓу шините додека врз него јуреле вагоните. Блазеси му! Слушајте, вашиот брат

сега го судат, затоа што го убил татка си, и на сите им е мило што го убил.

— Мило им е што го убил татка си?

— Мило, на сите им е мило! Сите велат дека тоа е страшно, но во душата многу им е мило. Прво мене ми е мило!

— Во вашите зборови секогаш има по малку вистина, — проговори тивко Аљоша.

— Ах, какви мисли има во вас! — писна таа одушевено, — и тоа во монах! Нема да верувате колку ве почитувам, Аљоша, затоа што никогаш не лажете. Ах, да ви раскажам еден мој смешен сон: понекогаш сонувам ѓаволи, божем е ноќ, јас сум во својата собичка, гори свеќа, и наеднаш насекаде ѓаволи, по сите агли, и под масата, и ја отвораат вратата, а таму зад вратата цела толпа, сакаат да влезат, и да ме зграпчат. И веќе ми се доближуваат, веќе ме фаќаат. Тогаш јас наеднаш се прекрстувам, а тие сите — се повлекуваат, се плашат, но не си одат сосем, туку стојат крај вратата, и чекаат по аглите. Наеднаш ми доаѓа желба на глас да го кудам господа, и почнувам да го кудам, а тие сите ми се нафрлаат, се радуваат, и веќе пак ме фаќаат, тогаш јас пак се прекрстувам, а сите тие — назад. Многу весело, ми се стегна сето срце.

— И јас сонував таков сон, — наеднаш рече Аљоша.

— Навистина! — викна Лиза зачудено. — Слушајте, Аљоша, немојте да се смеете, тоа е многу важно: можно ли е две разни лица да имаат ист сон?

— Веројатно е можно.

— Аљоша, ви велам, ова е многу важно, — продолжи Лиза веќе обземена со некакво необично чудење. — Не е важен сонот, ами што сте можеле вие да сонувате ист сон како мене. Вие никогаш не ме лажете, па немојте да ме лажете ни сега: Вистина ли е тоа? Вие не се шегувате.

— Вистина е.

Лиза поради нешто беше страшно вчудовидена и некое време молчеше.

— Аљоша, доаѓајте, доаѓајте кај мене почесто — проговори таа наднаш со молбен глас.

— Јас ќе доаѓам, секогаш, цел живот ќе доаѓам — решително одговори Аљоша.

— Зашто ова ви го кажувам само вам, — почна Лиза, — си го зборувам сама со себе, и ви го кажувам само вам. Само вам, во целиов свет. И вам ви го кажувам со поголемо задоволство отколку себеси. И, воопшто не се срамам од вас. Аљоша, вистина ли е дека Евреите на Велигден крадат деца и ги колат?

— Не знам.

— Имам една книга, читав за некаков суд, и како еден Евреин на едно четиригодишно детенце првин му ги пресекол сите прсти на обете раченца, а после го распнал на ѕид, го заковал со клинци и го распнал. И после на судот рекол дека малиот умрел брзо, по четири часа. Ама брзо! Вели: лелекал, постојано лелекал, а тој стоел и уживал, гледајќи го. Тоа е убаво!

— Убаво?

— Убаво. Јас понекогаш си замислувам дека и самата имам распнато дете. Тоа виси и лелека, а јас седнувам пред него и јадам компот од ананас. Многу љубам компот од ананас. Да не љубите и вие?

Аљоша молчеше и гледаше во неа. Нејзиното бледо-жолто лице наеднаш се искриви, очите ѝ светнаа.

— Знаете, кога го прочитав тоа за Евреинот, цела ноќ се тресев од солзи. Си замислувам како вика и како лелека детето (зашто четиригодишните деца веќе разбираат), а мислата за компотот никако не ми излегува од глава. Изутрината му испратив писмо на еден човек б е з д р у г о д а д о ј д е кај мене. Тој дојде, јас му го раскажав тоа за детето и за компотот, сè. Му раскажав, сè и му реков дека „тоа е убаво". Тој наеднаш се насмеа и рече дека тоа навистина е убаво. Потоа стана, и си отиде. Седеше само пет минути. Што мислите дали ме мразел? Кажете, кажете, Аљоша, дали ме мразел или не? — се исправи таа на канабето, светкајќи со очите.

— Кажете ми — проговори возбудено Аљоша — вие самата ли го викнавте, тој човек?

— Самата.

— Му напишавте писмо?

— Писмо.

— Само за да го прашате за детето?

— Не, воопшто не за тоа. Воопшто не. Но штом влезе, јас веднаш го прашав за тоа. Тој одговори, се насмеа, стана и си отиде.

— Тој човек чесно постапил со вас, — тивко одговори Аљоша.

— А дали ме мразеше? Дали ми се смееше?

— Не, зашто можеби и самиот верува во компототот од ананас. И тој сега е многу болен, Lise.

— Да, веројатно! — светна со очите Лиза.

— Тој никого не го мрази, — продолжи Аљоша. — Само никому не му верува. А штом не верува, тогаш, се разбира, и мрази.

— Значи, и мене? И мене ли?

— И вас.

— Тоа е добро, — некако прочкрипи Лиза. — Кога излезе и се засмеа јас почувствував дека е убаво да бидеш презрен. И детето со пресечените прсти е убаво, и да бидеш презрен е убаво...

И таа некако зло и како во оган му се насмеа на Аљоша в очи.

— Знаете ли, Аљоша, знаете ли, јас би сакала... Аљоша, спасете ме! — наеднаш таа скокна од канабето, се спушти кон него и цврсто го гушна со раце-те. — Спасете ме! — речиси лелекна таа. — Зарем ќе му го кажам на некој друг на светов ова што ви го кажав вам? А јас ја кажав вистината, вистината, вистината! Јас ќе се убијам, зашто сè ми е гадно! Јас не сакам да живеам, зашто сè ми е гадно! Мене ми е гадно, сè ми е гадно! Аљоша, зошто вие ни малку не ме сакате? — заврши како избезумена.

— Јас ве сакам! — запалено одговори тој.

— А дали ќе плачете за мене, ќе плачете ли?

— Ќе плачам.

— Не затоа што не сакав да ви бидам жена, туку просто да плачете заради мене, просто?

— Ќе плачам.

— Ви благодарам! Мене само вашите солзи ми беа потребни. Сите други нека ме мачат, и нека ме газат со нога, сите, сите, не исклучувајќи никого! Зашто јас не сакам никого. Слушате ли, ни-ко-го! Напротив, мразам! Одете си, Аљоша, време е да одите кај брат ви! — се откина таа наеднаш од него.

— А како ќе останете вие? — скоро исплашен изговори Аљоша.

— Одете кај брат ви, додека не го затвориле затворот, одете, еве ви ја шапката! Бацете го Митја, одете, одете!

Таа речиси сосила го истурка Аљоша низ вратата. Овој гледаше со тажна недоумица кога наеднаш почувствува во својата десна рака писмо, мало писменце, цврсто свиткано и запечатено. Тој погледна и вчас ја прочита адресата: „За Иван Фјодорович Карамазов“. Брзо ја погледна Лиза. Нејзиното лице доби речиси заканувачки израз.

— Предајте го, секако, предајте го! — заповедаше таа како надвор од себеси, сета треперејќи, — денеска, веднаш. Инаку ќе се отрујам! Затоа и ве викнав!

И брзо ја тресна вратата. Бравата чкрипна. Аљоша го стави писменцето во џебот и се упати право кон скалите, не наминувајќи кај госпоѓа Хохлакова, зашто дури и ја беше заборавил неа. А Лиза, само што се оддалечи Аљоша, ја сврти бравата, ја подотвори малку вратата, го стави прстот во тесниот отвор и, треснувајќи ја вратата со сета сила — си го потфати. По десетина секунди, откако ја ослободи раката, таа тивко, полека си отиде до фотељата, седна, сета се исправи, и со здрвен поглед фати да го гледа својот поцрнет прст и крвта што беше пробиена под ноктот. Усните ѝ трепереа, и таа брзо, брзо си шепотеше во себе: „Подла, подла, подла, подла!“

IV

Химна и тајна

Веќе беше сосем доцна (ноемврискиот ден и така е краток) кога Аљоша заѕвони на затворската врата. Фати да се стемнува. Но Аљоша знаеше дека ќе го пуштат кај Митја без никакви пречки. Сето тоа кај нас, во нашето гратче, е како и секаде. Отпрвин, се разбира, по завршувањето на целата предходна истрага, пристапот до Митја заради видување со роднините и со некои други лица, беше врзан за некои неопходни формалности, но подоцна не дека попуштија формалностите, но барем за некои личности што доаѓаа кај Митја, некако сами од себе се утврдија извесни исклучоци. И тоа во толкава мера, што понекогаш состаноците со затвореникот во посебно определената просторија се одржуваа речиси во четири очи. Впрочем, таквите лица ги имаше сосем малку: само Грушенка, Аљоша и Ракитин. На Грушенка особено ѝ беше наклонет самиот управник на полицијата Михаил Макарович. Старецот сè уште го тиштеше тоа дека ѝ се издра во Мокрое. А кога ја дозна сета суштина на работите, тој сосем го измени своето мислење за неа. И, чудна работа: иако цврсто беше убеден дека Митја го има извршено злосторството, сепак, откако Митја дојде в затвор, некако сè поблаго гледаше на него: „Можеби човекот имал и добро срце, а, ете, пропадна, како никој друг од неговите, поради пијанство и неуредност!“ Наместо поранешниот ужас, во неговото срце, се појави некакво сожалување. Што се однесува до Аљоша, управникот него многу го сакаше, и го познаваше одамна, а Ракитин, кој после се намлади, па често доаѓаше кај затворникот, беше еден од најблиските познаници на „господиците на управникот“ како што ги викаше тој, и секој ден поседуваше во нивната куќа. А кај надзорникот на затворот, добродушен старец, иако ревносен чиновник, тој беше домашен учител. Аљоша, пак, беше посебен и одамнешен познаник и на надзорникот, а надзорникот љубеше со него да разговара за „премудроста“.

Иван Фјодорович, на пример, старецот, не само што го почитуваше, туку и се плашеше по малку од него, а најмногу од неговото умување, иако и самиот беше голем филозоф, се разбира, „доаѓајќи до тоа со својот сопствен ум“. Но спрема Аљоша имаше некаква непоколеблива наклоност. Во последната година старецот се беше зафатил со апокрифни евангелија, и постојано своите впечатоци му ги соопштуваше на својот млад пријател. Порано дури и одеше кај него в манастир и расправаше со него и со иеромонасите по цели часови. Накратко, ако Аљоша задоцнеше за в затвор, требаше само да оди кај надзорникот, и работата ќе се наредеше. Освен тоа, на Аљоша сите во затворот беа навикнати, сите до последниот чувар. Стражата, се разбира, не му пречеше, само ако имаше дозвола од повисоката власт. Митја, кога ќе го викнеа, секогаш слегуваше од својата собичка на местото определено за состаноци. Кога влезе во собата, Аљоша се судри со Ракитина, кој веќе си одеше откај Митја. Обајцата зборуваа гласно. Митја, испраќајќи го, за нешто многу се смееше, а Ракитин како да мрмореше. Ракитин, особено во последно време, не љубеше да се состанува со Аљоша, речиси и не зборуваше со него, дури и одвај му се јавуваше. Кога забележи дека влегува Аљоша, сега тој посебно ги намурти веѓите и го сврти погледот настрана, како да е целиот зафатен со закопчувањето на своето широко зимско палто со јака од крзно. Потоа веднаш фати да го бара својот чадор.

— Да не си заборавам нешто мое, — промрмори тој, само колку нешто да каже.

— Внимавај, да не заборавиш нешто туѓо! — се пошегува Митја, и веднаш самиот си се насмеа на шегата. Ракитин наеднаш пламна.

— Ти така советувај ги твоите Карамазови, спахиски изроди, а не Ракитина! — викна тој и целиот се затресе од лутина.

— Што ти е? Јас само се шегував! — рече Митја. — Уф, по ѓаволите! Ете, сите се такви, — му се обрна тој на Аљоша, со глава покажувајќи му го Ракитина, кој со брзање си одеше, — сè досега седеше,

се смееше и беше весел, а сега наеднаш пламна. Тебе дури ни со глава не ти нишна, сигурно нешто сте се скарале. А зошто ти идеш доцна? Не само што те чекав, туку копнеев по тебе цело утро. Туку сеедно. Ќе надоместиме.

— Зошто тој ти доаѓа толку често? Да не се спријателил со него? — праша Аљоша, со главата покажувајќи накај вратата од која излезе Ракитин.

— Сум се спријателил со Михаил? Не, не многу. А и зошто, тој е свиња! Смета дека јас сум подлец. А и шега не знаат тие луѓе, тоа им е главна црта. Тие никогаш нема да те разберат. Суви се во душата, празни и суви. Токму како јас кога се приближував кон затворов и гледав во затворските ѕидови. Но умен човек е тој, умен. Е, Алексеј, ми отиде главата!

Тој седна на клупата а Аљоша го седна до себе.

— Да, утре е судењето. А ни ли малку немаш надеж, брате? — изговори Аљоша со страв.

— За што зборуваш? — некако неопределено го погледна Митја — ах, за судењето! Ама ѓаволот да го земе! Јас и ти досега зборувавме само за будалштини, само за судењето, а за најважното молчевме. Да, утре е судењето, но јас не реков поради судењето дека ми отиде главата, не сум ја изгубил главата, туку тоа што беше во главата, тоа го изгубив. Што ме гледаш со таков критички израз?

— За што зборуваш, Митја?

— Идеи, идеи, ете, за што! Етика. А што е тоа етика?

— Етика? — се зачуди Аљоша.

— Да, да не е некаква наука тоа?

— Да, постои таква наука... Само... јас, признавам, јас не можам да ти објаснам, каква е таа наука.

— Ракитин знае. Многу знае Ракитин, ѓаволот да го земе! Тој нема да стане монах. Се готви да оди во Петербург, таму, вели, ќе пишува критики, но со благородна тенденција. Да, можеби ќе биде од корист и ќе направи кариера. Уф, мајстори се тие луѓе за кариера. Туку по ѓаволите и етиката. Значи, јас сум изгубен, Алексеј, јас, божји човеку! Тебе те сакам

повеќе од сите други. Ми затреперува срцево кога ќе те видам, ете! А каков бил тој Карл Бернар?

— Карл Бернар? — пак се зачуди Аљоша.

— Не, не Карл, чекај, згрешив: Клод Бернар. Што е тоа, Хемија или нешто друго?

— Тој мора да е некој научник — одговори Аљоша — само, си признавам, ни за него не ќе умеам многу да ти кажам. Сум слушнал дека е научник, а каков — не знам.

— Е, па, нека го земе ѓаволот, не знам ни јас — опцу Митја. — По сè изгледа некој подлец, а сите тие се подли. А Ракитин ќе исплива на површина, Ракитин ќе се промолкне, низ олкаво дупче, зашто и тој ти е Бернар. Уф, бернаровци! Многу се накотиле!

— Ама што ти е тебе? — упорно го прашуваше Аљоша.

— Тој сака за мене, за моето судење, да напише статија и со тоа да ја започне својата улога во литературата, затоа доаѓа кај мене, така ми објаснуваше самиот. Сака нешто со тенденција: не можел, вели, да не убие, го запустила средината, и така натаму, ми објаснуваше. Таа негова статија, вели, ќе биде со некаков призвук на социјализам. Впрочем, ѓаволот да го земе! — ако е со призвук, нека биде со призвук, мене ми е сеедно. Брат ми Ивана не го сака, го мрази, а за тебе не му е грижа. А јас, еве, не го терам, зашто е умен човек. Меѓутоа, многу се фали. Пред малку му велев: „Карамазови не се подлеци, туку филозофи, зашто сите вистински луѓе се филозофи, а ти, иако си учел школи, не си филозоф, ти си простак". Се смее, така, пакосно. А јас му велам: де мислибус non est disputandum, добра духовитост, нели? Така и јас влегов во класицизмот, — наеднаш се засмеа Митја.

— А зошто си пропаднал? Зошто го рече тоа пред малку? — го прекина Аљоша.

— Зошто сум пропаднал? Хх! Всушност... ако се земе сè во целост — ми е жал за господа, ете зошто.

— Како тоа: ти е жал за господа?

— Претстави си: таму во нервите, во главата, тоест во мозокот ги има тие нервите... (и да ги земе ѓаволот!)) постојат така некакви опавчиња, нервите имаат опавчиња, е, штом ќе затреперат тие... тоест, гледаш, јас ќе видам нешто со очите, еве вака, а тие затреперуваат, опавчињата... А штом ќе затреперат, се јавува слика, и не се јавува веднаш, поминува малку време, некаква секунда, и се јавува, божем, некаков момент, тоест не е момент — ѓавол да го земе моментот — туку слика, тоест предмет, или настан, ѓаволот знае — ете како гледам, а после мислам... затоа што ги има нив опавчињата, а не затоа што имам душа, и што ти знам јас таму, некаква слика и прилика, сето тоа се глупости. Брате, вчера тоа ми го објаснуваше Михаил, и како нешто да ме изгори. Нешто величествено ти е, Аљоша, таа наука! Ќе дојдат нови луѓе, тоа го разбирам: но сепак ми е жал за господа!

— Па и тоа е убаво, рече Аљоша.

— Тоа дека ми е жал за господа? Хемијата, брате, хемијата! Немате каде, ваша преподобност, скријте се малку — хемијата доаѓа! А не го љуби господа тој Ракитин, уф, навистина не го љуби! Тоа на сите им е најчувствителното место! Но го кријат! Лажат. Се преправаат! „Ти ќе изнесуваш такви мисли во критиката нели?“ — го прашувам јас. — „Хе, јавно нема да ми дозволат“, — вели тој. Се смее. — „А тогаш што ќе правиш?“ — прашувам јас, — „што ќе стане потоа со човекот, без бог и без задгробен живот? Тоа значи дека сега е сè дозволено, сè може да се прави,“ — „Па зарем ти не го знаеш тоа?“ — вели тој. Се смее. — „Умниот човек, вели, може сè, умниот човек знае како се ловат ракови; а ти, ете, уби и — в затвор, и гниеш в затвор!“ — Тој ми го вели ова мене! Родена свиња! Таквите порано јас — за врат и надвор, а сега ги слушам. Зашто кажува и многу умни нешта. А умно и пишува. Пред една недела, почна да ми чита една статија, јас три реда посебно запишав, чекај, еве ги овде.

Митја брзо извади едно ливче од џебот на елекот, и прочита:

„За да се реши тоа прашање, многу е потребно, пред сè, својата личност да ѝ ја спротивставиш на својата стварност“.

— Го сфаќаш ли ова? —

— Не, не го сфаќам. — рече Аљоша.

Тој љубопитно се загледа во Митја, слушајќи го.

— Ни јас не го сфаќам. Матно е и нејасно, но затоа е умно. „Сега сите пишуваат така, вели, зашто сега таква ти е срединатa“ ... Се плашат од срединатa. И стихови пишува, подлиот, ги опеал ноженцата на Хохлакова, ха, ха, ха!

— Слушнав, — рече Аљоша.

— Си слушнал? И песната ли?

— Не.

— Јас ја имам, еве, ќе ти ја прочитам. Ти не ја знаеш, не сум ти ја прочитал, тоа ти е цела приказна. Нѐбидник. Пред три недели, му текнало да ме задева: „Еве, вели, ти падна во стапица, како будала, заради три илјади, а јас ќе дрпнам сто педесет илјади, еднаш ќе се оженам со вдовицата и во Петербург ќе купам ѕидана куќа.“ И ми раскажа како ја залажувал Хохлакова, а таа ни како млада не беше умна, а сега во четириесеттите години сосем го изгубила умот. „Да, сентиментална е, вели, и тоа премногу, а јас ќе ги искористам тоа за да ѝ се приближам. Ќе се оженам, ќе ја одведам во Петербург, и таму ќе почнам да издавам весник,“ — и некаква одвратна сладострасна плунка му тече од устата — и не за Хохлакова, туку за тие сто педесет илјади. И ме увери, ме увери, постојано ми доаѓа секој ден: „Попушта,“ — вели, сиот светнат од радост. А ете, сега наеднаш го истерала: од седлото го извадил Пјотр Илич Перхотин, јуначиште! Просто би ја избацил таа будала што го истерала! А тогаш кога дојде кај мене, ја состави песничката. „Првпат, вели, си ги валкам рацете, пишувам песна, за да ја занесам, значи, поради корисна работа. Кога ќе направам капитал од таа будала после можам да бидам од граѓанска корист!“ Зашто тие луѓе, ете, за секоја гадост ќе најдат по некое „граѓанско оправдување!“ — „А сепак, вели, напишав песна подобра од твојот Пушкин, зашто и во шеговна песна

умеев да ја внесам граѓанската тага.“ — А тоа што го вели за Пушкина — го разбирам. Штом бил навистина надарен човек, а пишувал само за ноженца! И уште како се гордеел со своите песни! Ех, колку си е заљубен светов во себе! „За оздравување на болното ноженце на мојот предмет“, таков наслов измислил — ѓаволскиот човек!

Па какво е тоа ноженце,
ноженце малку што ми отече!
Доаѓаат доктори, и го лекуваат,
го завиткуваат и го осакатуваат.

Не тагувам поради ноженцата —
Ете, Пушкин нека ги опее:
Жал ми е за главата,
Што не ги сфаќа идеите.

Сфаќаше веќе по малку,
Но ноженцето се расипа!
Нека оздрави ноженцето,
За да може да сфати главичката.

Свиња, вистинска свиња, а на никаквецот му пошло по рака! И навистина внесол, „граѓанска“ идеја! А колку се налутил кога го истерала. Постојано чкрипеше со забите.

— Тој веќе ѝ се одмазди, — рече Аљоша. — За Хохлакова напиша дописка во весникот.

И Аљоша на брза рака му раскажа за дописот во весникот „Гласови“.

— Тоа е тој, тој! — потврди Митја, намуртувајќи се, — тоа е тој! Тие дописи... зашто јас знам... тоест, колку подлости веќе беа напишани за Груша, на пример!... Па и за онаа за Катја... Хм!

Тој загрижено се раздвижи по собата.

— Брате, не можам многу да останам кај тебе — рече Аљоша, по кратко молчење. — Утре е страшен, голем ден: божјиот суд ќе се изврши над себе... И јас ти се чудам: ти се движиш, зборуваш за којзнае што, наместо за најважната работа...

— Не, немој да се чудиш — пламено го прекина Митја. — За што да зборувам, зарем за она смрдливоно куче? За убиецот? Доста разговаравме за тоа и јас и ти. Не сакам повеќе да зборувам за смрдливиот, за синот на Смрдливата! Него бог ќе го убие, ете, ќе видиш, молчи!

Тој така возбуден, му се доближи на Аљоша и наднаш го баци. Очите му пламнаа.

Ракитин не го разбира тоа, — започна тој, некако целиот восхитен — а ти, ти разбираш сè. Затоа и копнеев да дојдеш кај мене. Гледаш, јас одамна сакав да ти кажам нешто, овде меѓу овие изгребани ѕидови, но молчев за најважното... сè некако како да не е уште дојдено времето. А сега го дочекав последниот ден, за да ја излеам пред тебе сета душа. Брате, јас во себе во овие два последни месеца почувствував нов човек, во мене воскресна нов човек! Беше затворен во мене, но никогаш немаше да се јави ако го немаше овој громогласен потрес. Страшно! И што ми е грижа оти во рудниците дваесет години ќе копам руда — воопшто не се плашам од тоа — сега ми е страв од друго: да не ми побегне воскреснатиот човек! Јас можам и таму, во рудниците, под земјата, покрај мене, во ист таков робијаш и убиец, да најдам човечко срце, и да се спријателам со него, зашто и таму може да се живее и да се сака, и да се страда! Можеш да му го преродиш и воскреснеш на тој робијаш-човек замреното срце, со години можеш да се грижиш за него, и најпосле, да извадиш од бездната на светлина една веќе возвишена душа, страдалничка совест, да преродиш еден анѓел, да воскреснеш еден херој! А такви има многу, нив ги има стотици, и сите ние сме виновни за нив! Зошто мене во таков момент ми се јави на сон „детенце“? „Зошто е толку бедно тоа детенце?“ Тоа ми беше пророштво во тој момент!. Поради тоа „детенце“ јас и ќе отидам на робија. Зашто сите сме виновни за сè, за секое „детенце“ ,зашто има мали деца и големи деца. Сите се — „детенца“. За сите ќе одам, зашто мора некој да оди за сите. Јас не го убив татко ми, но морам да одам. Прифаќам! Мене сето тоа ми дојде на ум овде... еве меѓу овие изгребани ѕи-

дови. А нив ги има многу, нив ги има со стотици таму — под земјата, со копачи во рацете. О, да, ние ќе бидеме во синџири, и не ќе сме слободни, но во нашата голема тага, повторно ќе воскреснеме во радост, без која човекот не може да живее, а бог мора да постои, зашто бог дава радост, тоа е негова привилегија, голема... Господи, нека се стопи човекот во молитва! Како би можел јас да бидам таму под земјата без бога? Лаже Ракитин: ако го истераат господа одовде на земјава, ние ќе го најдеме под земја! Робијашот не може да опстане без бог, нему без бог му е потешко отколку на неробијашот! И тогаш ние, подземните луѓе, од земјините пазуви ќе запееме трагична химна за бога, во кој се наоѓа радоста! Да живее бог и неговата радост! Го сакам!

Митја, кога ја изнесуваше својата дива беседа, речиси збиваше. Побледи, усните му трепереа, а од очите му потекоа солзи.

— Не, животот е насекаде, живот има и под земјата! — пак почна тој. — Нема да веруваш, Алексеј, колку сакам да живеам сега, каква жед се роди во мене да постојам и да спознавам. Токму во овие изгребани ѕидови! Ракитин не го сфаќа тоа, тој сака само да изгради куќа, и да добие кирации, но јас те чекам тебе. А што е страдањето? Јас не се плашам од него, дури и ако е неизмерно. Сега не се плашам. А порано се плашев. Знаеш, јас можеби нема ни да одговарам на судењето... И, ми се чини, во мене сега има толку сила што ќе совладам сè, сите страдања, само за да можам секој миг да си речам: јас сум! Во илјади маки! — јас сум, целиот се грчам во маки — но сум! Јас сум во стапица, но постојам, го гледам сонцето, а кога не го гледам сонцето, знам дека тоа постои. А да знаеш оти сонцето постои —тоа веќе е цел живот. Аљоша, херувиме мој, мене ме убиваат разни филозофии, ѓавол да ги земе! Братот Иван...

— Што братот Иван, — го прекина Аљоша, но Митја не слушна.

— Гледаш, порано немав никакви сомневања, но сето тоа се криеше во мене. Можеби токму затоа што во мене вриеја непознати идеи — и пијанчев, и се

тепав, и беснеев. Се тепав за да ги смирам, за да ги задушам. Братот Иван е свиња, молчи, само молчи. А мене бог ме мачи. Само тоа и ме мачи. А што ќе правиме да го нема него? А што ќе правиме ако Ракитин има право кога вели дека тоа е идеја вештачки создадена во човештвото? Тогаш, ако го нема него, човекот е господар на земјава и на вселената. Чудесно! Само, како ќе биде човекот добар без бога? Прашање! Јас само за тоа размислувам. Зашто кого ќе сака тогаш истиот тој човек? На кого ќе му биде благодарен, на кого ќе му пее химна? Ракитин се смее, Ракитин вели дека може да се сака човештвото и без бога. Верувај, само еден лигдо може да тврди такво нешто, а јас не можам да го разберам. Лесно му е да живее на Ракитина; „Ти," — ми вели тој мене денеска, — „подобро да се заземеш за проширување на граѓанските права на човекот, или макар за тоа да не се покачи цената на говедското месо. Со тоа попросто и поблиску ќе ја изразиш љубовта спрема човештвото, отколку со филозофии. А јас му одговорив: „А ти, реков, без бога, уште и ќе ја покачиш цената на говедското, само ако ти се укаже можност, и ќе заработиш рубља на копејка". Се налути. Зашто што е добродетелта? Кажи ми ти, Алексеј. Јас имам една добродетел а Кинезот друга — значи, таа работа е релативна. Не е ли така? Или можеби не е релативна? Подмолно прашање! Секако, нема да се насмееш ако ти кажам дека поради тоа не спиев две ноќи. И сега само се чудам како живеат луѓето, без да мислат за тоа. Суета! Иван нема бог. Тој има идеја. Надвор од моите размери. Но тој молчи. Јас мислам дека тој е масон. Го прашувам — молчи. Сакав да се напијам водичка од неговиот извор. Тој молчи. Само еднаш кажа едно зборче.

— Што кажа? — набрзина прифати Аљоша.

— Јас му реков: ако е така тогаш сè е дозволено! Тој се намурти: „Фјодор Павлович", — вели, — „нашиот татко, беше прасе, но мислеше правилно". Ете што пресече. Само толку ми рече. Сепак тоа е појасно од Ракитина.

— Да, — горчливо потврди Аљоша. — А кога беше тој кај тебе?

— За тоа после, а сега друго. Досега речиси ништо не ти зборував за Ивана. Одлагав за на крајот. Кога ќе заврши оваа моја работа овде, и кога ќе ја изречат пресудата, тогаш ќе ти кажам нешто, ќе ти кажам сè. Тука има една страшна работа... А ти ќе ми бидеш судија за таа работа. А сега немој ни да започнуваш за тоа, сега молчи. Ете, ти зборуваш за утрешното, за судот, а ми веруваш ли, јас не знам ништо.

— Си зборувал ли со адвокатот?

— Ах, авокатот! Му кажав сè. Слабак и нерани-мајко престолнички, Бернар! Само, мене ни трошка не ми верува. Замисли, уверен е дека јас сум го убил татета — гледам. „Тогаш, зошто дојдовте да ме браните?“ — му реков. Плукам јас на нив. И доктор набавиле, сакаат да ме прогласат за луд. Нема да дозволам! Катарина Ивановна сака докрај да си ја исполни должноста. Се напнува! — (Митја горчливо се насмевна). — Мачка! Немилосрдно срце! А знае дека тогаш во Мокрое реков за неа оти е жена со „голем гнев“! И кажале. Да, доказите се намножија како морски песок! Григориј останува на своето. Григориј е чесен, но будала. Има многу луѓе чесни, затоа што се будали. Тоа е мисла на Ракитин. Григориј ми е непријател. Има и такви што подобро е да ги имаш меѓу непријателите, отколку меѓу пријателите. Ова го велам за Катарина Ивановна. Се плашам, ох, се плашам, дека таа на судот ќе каже како тогаш ми се поклонила длабоко до земјата по оние четири илјади и петстотини. Докрај! Сè ќе отплати докрај, последната рата. Не ја сакам нејзината жртва! Ќе ме посрамоти пред судот. Но ќе издржам некако. Оди кај неа, Аљоша, и замоли ја да не кажува за тоа пред судот. Не можеш? Ах, по ѓаволите, сеедно, ќе издржам. А за неа не ми е жал. Сето тоа го сака самата. Што бара — ќе си најде. Јас, Алексеј, ќе ти го кажам мојот збор, — пак горчливо се насмевна. — Само... само Груша, Груша, господи! Зошто таа врз себе да прими таква мака? — викна тој наеднаш со солзи. — Ме

убива Груша, ме убива помислата за неа. Таа пред малку беше кај мене...

— Ми кажа. Денеска многу ти се лутеше.

— Знам. Ѓавол да ме земе, поради мојата нарав. Бев љубоморен. Кога тргна да си оди, се покаав, ја бацував. Не ја замолив да ми прости.

— А зошто не ја замоли? — викна Аљоша. Митја наеднаш речиси весело се засмеа.

— Бог да те чува, мило мое момче — никогаш саканата жена да не ја молиш за прошка поради својата вина. Особено, особено саканата жена, колку и да ќи виновен пред неа! Зашто жената — тоа ти е, брате, ѓаволот знае што е, барем нив добро ги познавам! Само обиди се пред неа да ја признаеш сопствената вина: „Виновен сум", — речи, — „прости ми, извини" — ќе ти упати цел порој префрлања. Воопшто таа нема да ти прости веднаш и просто, туку ќе те понижи како крпа, ќе ти го нареди и она што не било, сѐ ќе земе, ништо нема да заборави, дури и ќе додаде нешто свое, и дури тогаш ќе ти прости. И тоа најдобрата, најдобрата меѓу нив! Ќе ти истружи сѐ што може, потоа сѐ ќе ти натовари на главата — во нив се крие некакво мршојадство, во сите до последната, во тие анѓели, без кои не можеме да живееме. Види ваму, гулапче, јас ќе ти кажам отворено и просто: секој чесен човек мора да биде под влечка, под влечката на каква и да е жена. Такво е моето убедување; не убедување, туку чувство. Мажот треба да е великодушен, и мажот тоа нема да го изгнаси! Дури ни хоројот нема да го изгнаси, Цезара нема да го изгнаси! Но сепак немој да молиш за прошка, никогаш и за ништо. Запомни го правилото: ти го дава брат ти Митја — кој просто пропадна поради жени. Не, за мојата грешка пред Груша јас ќе ја уредам работата без да барам прошка. Јас неа длабоко ја почитувам, Алексеј, длабоко ја почитувам! Но таа не го гледа тоа, не, постојано ѝ се чини дека мојата љубов е мала. И ме мачи, ме мачи со љубов. Што беше она порано! Порано ме мачеа само инферналните облини; а сега сета нејзина душа ја примив во својата и низ неа и станав човек! Дали ќе сакаат да нѐ венчаат? А без

тоа ќе умрам од љубомора. Секој ден нешто ми се привидува на сон... Што ти кажуваше таа за мене?

Аљоша ги повтори сите денешни зборови на Грушенка. Митја сè ислуша внимателно, за многу нешта препраша, и остана задоволен.

— Значи, не се лути што сум љубоморен? — викна тој. — Вистинска жена! „И јас имам женствено срце". Уф, ги сакам таквите жестоки, иако не трпам кога се љубоморни, не ги трпам! Ќе се тепаме. Колку до сакањето — ќе ја сакам бескрајно. Дали ќе сакаат да нè венчаат? Можат ли да се венчаваат робијашите? Прашање! А јас не можам да живеам без неа...

Митја намуртено прошета неколку пати по собата. Во собата веќе сосем беше стемнето. Тој наеднаш страшно се загрижи.

— Значи, тајна, вели, тајна, а? Смета дека ние тројца правиме заговор против неа, и вели, оти во тоа е замешана и „Каќка". Не, Грушенка, не е тоа. Тука си погрешила, онака глупаво, женски си погрешила! Ех, Аљоша, гулапче, сега е сеедно. Ќе ти ја кажам нашата тајна.

Тој се обврна на сите страни, дојде сосем близу до Аљоша, кој стоеше пред него, и почна да му шепоти со таинствен израз, иако, всушност, не можеше да ги слушне никој: старецот-чувар дремеше во аголот на клупата, а до војникот-стражар не можеше да допре ниеден збор.

— Јас ќе ти ја доверам сета наша тајна! — брзајќи почна да шепоти Митја. — Сакав да ти ја доверам после, зарем би можел јас да се решам за нешто без тебе? Ти си ми сè. Иако реков дека Иван е над нас, виш, ти си ми херувим. Само твојот збор ќе реши. Можеби ти си тој вишиот човек, а не Иван. Гледаш, тука се работи за совест, се работи за виша совест — толку важна тајна што јас самиот не можам да излезам на крај со неа, и сè одложив додека не дојдеш ти. Но, сепак, сега е рано да се решава, треба да се чека пресудата; кога ќе биде изречена пресудата, тогаш ти ќе ја решиш судбината. Сега немој да решаваш, јас веднаш ќе ти ја кажам работата, ќе слушнеш, но не решавај. Стој и молчи. Јас нема ни

да ти доверам сè. Ќе ти ја кажам само замислата, без подробности, а ти молчи. Ни прашање, ни помрднуваше, се согласуваш ли? Но, уф, господи, твоите очи, што ќе правам со нив, Аљоша? Се плашам: твоите очи ќе го кажат решението, дури и ако молчиш. Уф, се плашам! Аљоша, слушај: братот Иван ми предлага да бегам. Подробностите не ти ги кажувам: сè е предвидено. Сè може да се уреди. Молчи, не решавај. Во Америка со Груша. Зашто без Груша јас не можам да живеам. Да, а што ќе биде ако не ја пуштат неа таму? Можат ли да се венчаваат робијаши? Братот Иван вели дека не можат. А што ќе правам јас без Груша таму под земјата, со копач? Јас таму ќе си ја здробам главата со копачот! А, од друга страна: совеста? Зашто тоа би значело — избега од страдањето! Доби налог — го отфрли налогот, го имаше пред себе патот за исчистување — се сврти налевокруг, Иван вели дека во Имерика „со добри наклоности", може да се даде поголем придонес отколку под земјата. Знам, тогаш каде ќе се отпее нашата подземна химна? Што е Америка, Америка е пак суета! А мислам и дека Америка е полна со измами. Бегам од распнувањето! Алексеј, ова ти го кажувам само тебе, затоа што само ти можеш да го сфатиш, и никој друг, за другите сето тоа што ти го кажував за химната се глупости, бладање. Ќе речат: полудел, или е будала. А јас ниту сум полудел, ниту сум будала. Тоа за химната го сфаќа и Иван, уф, го сфаќа, но ништо не одговара за тоа, молчи. Не ѝ верува на химната. Не зборувај, не зборувај, зашто знам: ти веќе реши! Не решавај, поштеди ме, јас не можам да живеам без Груша, почекај до судењето!

Митја доврши како надвор од себеси. Го држеше Аљоша за рамениците со обете раце, и сиот беше впиен во неговите очи со својот жежен врел поглед.

— Можат ли да се венчаваат робијашите? — по трет пат праша тој со глас полн со молба.

Аљоша слушаше со неизмерно чудење, длабоко потресен.

— Кажи ми едно — рече тој — дали Иван многу настојува, и кој прв го измислил тоа?

— Тој, тој го измисли, тој настојува! Воопшто не доаѓаше, и ете ти, наеднаш, пред една недела, дојде, и веднаш почна со тоа. Многу настојува. Не моли, туку заповеда. И не се сомнева дека ќе го послушам, иако јас му го открив сето мое срце, како сега тебе, а му зборував и за химната. Тој ми објасни како ќе се уреди сè, ги собра сите податоци, но за тоа после. Толку сака да се изврши тоа што веќе паѓа во хистерија. А што е најважно, пари: десет илјади, вели, тебе за бегство, а дваесет за Америка, за десет илјади, вели, ќе уредиме величествено бегство.

— И рече воопшто да не ми кажуваш за тоа? — повторно го праша Аљоша.

— На никого на светов, а особено не тебе: тебе воопшто! Сигурно се плаши дека ти како совест ќе застанеш пред мене. Не кажувај му дека ти соопштив. Уф, не кажувај!

— Имаш право, — рече Аљоша — тоа не може да се реши пред судската пресуда, а по судот самиот ќе решиш; тогаш во себе ќе најдеш нов човек, па тој ќе реши.

— Нов човек, или Бернар, а тој ќе реши бернаровски! Зашто изгледа, и јас сум презрениот Бернар! — горчливо се насмеа Митја.

— Ама, зарем ти, брате, воопшто, воопшто не се надеваш дека ќе се оправдаш од обвинувањето?

Митја грчевито си ги дигна раменицте и одречно нишна со главата.

— Аљоша, гулапче, време е да си одиш? — наеднаш му рече тој. — Надзорникот викаше во дворот, сега ќе дојде овде. За кај нас ова е веќе доцна. Не е редно. Прегрни ме што побргу, баци ме, прекрсти ме, гулапче, прекрсти ме за утрешниот страдалнички крст.

Тие се прегрнаа и се избација.

— Иван, — рече наеднаш Митја, — ми предлага да бегам, што значи верува дека сум убиец.

На неговите усни се појави тажна насмевка.

— Си го прашал: дали верува или не верува, — рече Аљоша.

— Не, не го прашав. Сакав да го прашам, но не можев, немав сили. Сеедно, јас му познавам и по очите. А сега збогум.

Уште еднаш набрзина се избација, и Аљоша веќе тргна да излегува, кога Митја наеднаш пак го викна:

— Застани овде пред мене, ете така.

И пак цврсто го фати Аљоша за рамениците со обете раце. Неговото лице наеднаш сосем побледи, така што тоа можеше да се забележи дури и во темницата. Усните му се искривија, погледот му се впи во Аљоша:

— Аљоша, кажи ми искрено, како пред господ бог, веруваш ли дека сум јас убиецот? Веруваш ли ти, токму ти? Но искрено, не лажи, — викна Митја надвор од себеси.

Аљоша сиот се стресе, а низ неговото срце, тој го почувствува тоа, како да мина нешто остро.

— Ама што велиш..., — промрмори тој како изгубен.

— Искрено, искрено! Не лажи! — повтори Митја.

— Ни еден момент не верувам дека си ти убиецот! — наеднаш изговори Аљоша со растреперен глас, и ја крена својата десна рака нагоре, како да го повикува господа да му посведочи за зборовите. Вчас, блаженство светна на сето лице на Митја.

— Ти благодарам! — рече тој развлечено, како да испушта воздух од градите по несвест. — Сега ме прероди... Дали ќе ми веруваш: сè досега се плашев да те прашам тебе! А сега оди си, оди си! Ми даде сили за утре, господ да те благослови! Оди си, и сакај го Ивана! — беа последните зборови на Митја.

Аљоша излезе, целиот во солзи. Таквиот степен на сомнежливост на Митја, таквиот степен на неговата недоверба дури и спрема него, спрема Аљоша, — сето тоа наеднаш откри пред Аљоша бездни на безизлезна тага и очај во душата на неговиот несреќен брат, какви што не можеше ни да претпостави. Длабоко, бескрајно сожалување го обзеде наеднаш и вчас го измачи. Неговото погодено срце, страшно го болеше. „Сакај го Ивана!“ наеднаш се сети за последните

зборови на Митја. Сега и се упати кон Ивана. Уште изутрина требаше да се види со него. Иван го мачеше исто како Митја, а сега, по состанокот со Митја, повеќе од секогаш.

V

Не си ти, не си ти!

Одејќи кај Ивана, мораше да мине покрај куќата во која живееше Катарина Ивановна. Прозорците беа осветлени. Тој наеднаш запре и реши да влезе. Катарина Ивановна, не ја имаше видено веќе една недела. Но сега му текна дека Иван во овој момент можеби е кај неа, особено спроти таквиот ден. Откако засвони и влезе, тој на скалите, слабо осветлени со кинески фенер, забележи еден човек што слегуваше одозгора. Кога му се приближи, во него го позна брата си. Иван, значи, веќе си одеше откај Катарина Ивановна.

— Ах, тоа си ти, — рече суво Иван Фјодорович. — Па, збогум. Кај неа ли одиш?

— Да.

— Не ти препорачувам, таа е „во возбуда“, и ти ќе ја растроиш уште повеќе.

— Не, не! — викна наеднаш еден глас одозгора од вратата што се отвори во тој момент: — Алексеј Фјодорович, од кај него ли доаѓате?

— Да, бев кај него.

— Да не ве испратил да ми кажете нешто? Влезете, Аљоша! А и вие, Иване Фјодорович, бездруго, бездруго вратете се. Слу-ша-те ли?

Во гласот на Катја прозвучи толку заповедничка нота што Иван Фјодорович, откако причека малку, сепак се реши повторно да се качи горе заедно со Аљоша.

— Наслушнувала! — прошепоти тој раздразнето, но Аљоша не го чу.

— Дозволете ми да не го соблекувам палтово, — рече Иван Фјодорович, влегувајќи во салонот. — Не-

ма ни да седнам. Не ќе останам повеќе од една минута.

— Седнете, Алексеј Фјодорович, — рече Катарина Ивановна, но таа не седна. Таа беше малку изменета за ова време, но во нејзините темни очи блестеше злокобен оган. Аљоша подоцна се сеќаваше дека во тој момент му се сторила необично убава.

— Па што ви нареди да ми соопштите?

— Само едно, — рече Аљоша, — гледајќи ја право во лицето, — да се штедите себеси, и да не кажувате на судот ништо за она (тој малку се збуни)... што било меѓу вас... за време на вашето најрано познанство... во градот...

— А, за она дека доземи му се поклонив за парите! — прифати таа, горчливо насмевнувајќи се. — А за себе, или за мене се плаши, а? Рекол: да штедам — но кого? Него или себеси? Кажете, Алексеј Фјодорович,

Аљоша се загледа во неа многу внимателно, трудејќи се да ја сфати.

— И себеси и него, — изговори тој тивко.

— Да, да, — некако злорадо пресече таа, и наеднаш поцрвени.

— Вие уште не ме познавате, Алексеј Фјодорович, — рече заканувачки, — а ни јас уште не се познавам себеси. Можеби, по утрешниот распит на сведците, ќе посакате да ме изгазите со нозе.

— Вие ќе сведочите чесно, — рече Аљоша, — и само тоа е потребно.

— Жената често е нечесна — зачкрипи таа. — Јас до пред еден час мислев дека ми е страшно да се допрам до тој изрод... како до некаков гад... но, ете, не, тој за мене сè уште е човек! Но, дали е убиец? Дали е убиец? — викна таа наеднаш хистерично, набрзина свртувајќи се кон Ивана Фјодорович. Аљоша вчас разбра дека истото прашање веќе му го поставила на Ивана Фјодорович, можеби само една минута пред неговото доаѓање, и тоа не првпат, туку по стоти пат, и дека тој разговор го завршиле со караница.

— Јас бев кај Смердјаков... Ти, ти ме убеди дека е тој таткоубиец. Јас само тебе ти поверував! —

продолжи таа, сè уште обрнувајќи му се на Ивана Фјодорович. Овој како да се насмеа изнасилено. Аљоша затрепери, кога го слушна тоа **ти**. Тој не можеше ни да претчувствува такви односи меѓу нив.

— Е, сега доста! — пресече Иван. — Јас си отидов. Ќе дојдам утре! — и наеднаш се сврти, излезе од собата, и се упати право кон скалите. Катарина Ивановна наеднаш со некакво заповедничко движење го зграпчи Аљоша за обете раце:

— Одете по него! Стасајте го. Не оставајте го ни за момент, — почна таа брзо да шепоти. — Тој е полуден. Не знаете ли дека е мрднат од умот? Тој има треска, нервно е растроен! Мене ми кажа докторот, одете, трчајте по него...

Аљоша скокна и отрча по Иван Фјодорович. Овој уште не беше оддалечен ни педесетина чекори.

— Што ти е? — му се сврти тој наеднаш на Аљоша, кога виде дека овој сака да го стигне, — ти нареди да трчаш по мене, зашто сум полудел. Знам, — додаде тој раздразнето.

— Се разбира, таа се лаже, но има право кога вели дека си болен, — рече Аљоша. Јас пред малку, го гледав твоето лице, лицето ти е многу болно, многу, Иване!

Иван одеше понатаму без да се запира, Аљоша по него.

— А знаеш ли ти, Алексеј Фјодорович, како е кога се мрднуваш од умот? — го праша Иван наеднаш, со сосем тивок, веќе ни малку нераздразнет глас, во кој неочекувано се почувствува најпростодушна љубопитност.

— Не, не знам, — претпоставувам дека има многу видови лудило.

— А може ли човек себеси да се посматра кога се мрднува од умот?

— Јас мислам дека човек не може јасно да се посматра себеси во таква ситуација, — одговори Аљоша со чудење. Иван за миг замолчи.

— Ако сакаш да разговараш со мене за нешто, тогаш те молам да го промениш предметот на разговорот, — рече тој наеднаш.

— А, да не заборавам, за тебе имам едно писменце — со страв рече Аљоша и, откако го извади од џебот писмото од Лиза, му го подаде. Притоа дојдоа до еден фенер, Иван веднаш го позна ракописот.

— А, тоа е од бесницата! — се засмеа тој злорадо и без да го отвори завитканото белевче, наеднаш го искина на неколку парчиња и го фрли. Парчињата се разлетаа.

— Изгледа уште нема ни шеснаесет години, а веќе се мести! — со омраза проговори тој, и пак почна да чекори по улицата.

— Како ти се мести, — викна Аљоша.

— Па се знае како се местат развратните жени.

— Што зборуваш, Иване, што зборуваш? — фати да прашува Аљоша со жал и пламено. — Таа е дете, ти го навредуваш детето! Таа е болна, таа и самата многу е болна, таа можеби, исто така, се мрднува од умот... Јас не можев да не ти го предадам нејзиното писменце, напротив, јас сакав од тебе да слушнам нешто... за да ја спасиме.

— Ништо нема да слушнеш од мене. Ако е дете, јас не сум ѝ одгледувачка. Молчи, Алексеј. Не продолжувај. Јас и не мислам за тоа.

Извесно време молчеа.

— Таа сега цела ноќ ќе ѝ се моли на мајката господова за да ја упати како да постапи утре на судот. — проговори Иван наеднаш и остро и злобно.

— За... за Катарина Ивановна ли зборуваш?

— Да. Дали утре да се појави како спасителка или како уништувачка на Митја? За тоа ќе се моли, за да ѝ влезе совест во душата. Зашто таа, знаеш, уште не е начисто, немаше кога да се подготви. И таа ме смета за одгледувачка, сака јас да ја заспијам!

— Катарина Ивановна те сака тебе, брате, — тажно проговори Аљоша.

— Можеби. Но не сум заинтересиран за неа.

— Тешко ѝ е. Зошто и зборуваш... понекогаш... такви зборови, да се надева? — продолжи Аљоша со прекор и со страв. — Зашто јас знам дека ти ѝ даваше надеж, прости ми што зборувам вака, — додаде тој.

— Јас тука не можам да постапам како тебе, да прекинам и да ѝ кажам отворено! — се лутина изговори Иван. — Треба да се причека додека му се изрече пресудата на убиецот. Ако сега прекинам со неа, таа од одмазда спрема мене веднаш утре ќе го запусти оној бедник на судот, зашто него го мрази и знае дека го мрази. Тука сѐ е лага, лага врз лага. А вака, додека уште не сум прекинал со неа, таа сѐ уште се надева и нема да го запусти оној изрод, знаејќи колку јас држам до тоа да го извлечам од неволјата. И кога ли ќе дојде таа проклета пресуда!

Зборовите „убиец“ и „изрод“ болно го трогнаа Аљоша во срцето.

— Ама со што може таа да го запусти братот, — праша тој, задлабочувајќи се во смислата на зборовите од Ивана. — Што би можела таа пред судот да изнесе што веднаш би го запустило Митја?

— Ти уште не го знаеш тоа. Таа во рацете има еден документ, своерачен, од Митја, кој математички докажува дека тој го има убиено Фјодор Павлович.

— Тоа не може да биде! — викна Аљоша.

— Како не може? Јас го прочитав.

— Не може да постои таков документ, — запалено повтори Аљоша. — Не може да постои, зашто тој не е убиецот. Тој не го уби татета, не!

Иван Фјодорович наеднаш застана.

— Па кој е убиецот, според вашето мислење? — некако студено праша тој, и дури некаков горделив призвук прозвучи во неговото прашање.

— Ти знаеш кој е — тивко и од дното на душата проговори Аљоша.

— Кој? Мислиш на бајката за оној полуденион идиот епилептичар за Смердјаков?

Аљоша наеднаш почувствува дека трепери.

— Ти знаеш кој е, — не сакајќи му се откина. Одвај дишеше.

— Ама кој е, кој е? — речиси свирепо викна Иван. Сета негова воздржливост наеднаш исчезна.

— Знам само едно, — рече Аљоша, исто така, со шепот, — татета **не го уби ти.**

— „Не го уби ти!“ Што значи тоа „не го уби ти“! — се вчудовиди Иван.

— Ти не го уби татета, не! — решително потврди Аљоша.

Половина минута молчеа.

— Па и самиот знам дека не го убив јас, ти бладаш, — изговори Иван, насмевнувајќи се бледо и некако изнасилено. Тој како да се впи со очите во Аљоша. И двајцата пак стоеја покрај фенерот.

— Не, Иване, ти неколку пати си велел — дека убиецот си ти.

— Кога сум го велел тоа? Јас бев во Москва... Кога сум го зборувал тоа? — збунето промрмори Иван.

— Ти тоа си го велеше неколкупати, кога оставаше сам, во овие два страшни месеца, — продолжи Аљоша, како порано тивко и јасно. Но веќе зборуваше како избезумен, не како со своја волја, покорувајќи ѝ се на некаква незапирлива заповед. — Ти се обвинуваше себеси, и си признаваше дека убиец не е никој друг, освен ти. Но, ти не го уби, се лажеш, не си ти убиецот, ме слушаш ли! Не си ти! Мене господ ме испрати да ти го кажам тоа.

И двајцата молчеа. Една цела долга минута се развлече тоа молчење. И двајцата стооеја и само си гледаа еден на друг во очите. И двајцата беа бледи. Наеднаш Иван се затресе и цврсто го зграпчи Аљоша за рамота.

— Ти си бил кај мене! — шепотејќи и чкрипејќи со забите проговори тој. — Ти си бил кај мене ноќе, кога доаѓаше тој... Признај... Го виде ли, го виде ли?

— За кого зборуваш... за Митја ли, — праша Аљоша во недоумица.

— Не зборувам за него, пустина нека фати тој изрод! — бесно зарика Иван. — Знаеш ли ти дека тој доаѓа кај мене? Како дозна, кажувај?

— Кој тој? Не знам за кого зборуваш, — промрмори Аљоша сега веќе исплашен.

— Не, знаеш... Инаку, од каде... не може да не знаеш...

Па наеднаш како да се совлада. Стоеше и како да размислуваше за нешто. Чудна насмевка ги искриви неговите усни.

— Брате — пак почна Аљоша со треперлив глас, — јас ти реков така затоа што ти ќе поверуваш во мојот збор, јас го знам тоа. И тие зборови ти го реков за цел живот: **не си ти.** Слушаш ли, за цел живот! Господ ме натера да ти го кажам тоа, дури и ако ме замразиш од овој час засекогаш...

Но Иван Фјодорович очигледно веќе успеа сосем да се соземе.

— Алексеј Фјодорович, — проговори тој со студена насмевка, — јас не трпам пророци и епилептичари, а особено не господови пратеници, вие премногу добро го знаете тоа. Од овој момент јас раскинувам со вас, и, ми се чини, засекогаш. Ве молам да ме оставите уште сега, на оваа раскрсница. Одовде ве води патот кон вашиот стан. Особено внимавајте да не дојдете кај мене денеска! Слушате ли?

Тој се сврти и, чекорејќи цврсто, се упати право без да се обврне.

— Брате, — викна по него Аљоша, — ако се случи нешто денеска со тебе, сети се, пред сè, за мене!...

Но Иван не му одговори. Аљоша остана на малата раскрсница покрај фенерот сè додека Иван сосем не се изгуби во мракот. Тогаш се сврти и полека се упати кон дома. Тој и Иван Фјодорович живееја посебно, во разни станови: ни едниот ни другиот не сакаа да живеат во запустената куќа на Фјодор Павлович. Аљоша држеше под наем наместена соба во семејството на некои граѓани, а Иван Фјодорович живееше прилично далеку од него, во широк и доста удобен стан во убава куќа, што ѝ припаѓаше на една поимашлива чиновничка вдовица. Но во целата куќа послужуваше само една многу стара и сосем глува баба, сета ревматична, која си легнуваше во шест часот навечер, а стануваше во шест изутрина. Иван Фјодорович во овие два месеца, за чудо малку бараше, и многу сакаше да остане сам. Дури и собата во која живееше ја уредуваше самиот, а другите соби на својот стан, ретко ги посетуваше. Кога дојде до вратата

на својата куќа, веќе се пушти да ја фати дршката на ѕвончето, но запре. Почувствува дека уште сиот трепери од бес. Наеднаш го остави ѕвончето, плукна, се сврти и брзо тргна во сосем друг, спротивен крај на градот, на едно две врсти од својот стан, во една мала, накривена дрвена куќарка, во која живееше Марја Кондратјевна, бившата сосетка на Фјодор Павлович, која доаѓаше во неговата кујна по чорба, и на која Смердјаков тогаш ѝ пееше песни и ѝ свиреше на гитара. Таа ја имаше продадено својата поранешна куќичка и сега со мајка си живееше во некаква речиси селска визба, а болниот Смердјаков, кој беше речиси на умирање, веднаш по смртта на Фјодор Павлович дојде да живее кај нив. Ете, кај него се упати сега Иван Фјодорович, повлечен од една ненадејна и незадржлива мисла.

VI

Прва средба со Смердјаков

Иван Фјодорович сега веќе по трет пат одеше да разговара со Смердјакова, по своето враќање од Москва. Првпат по катострофата го виде и разговараше со него веднаш дента кога дојде, потоа пак го посети, по две недели. Но, по вториот пат, тој ги прекина своите состаноци со Смердјаков, така што сега веќе еден месец, па и повеќе, не го имаше видено, и речиси ништо немаше слушнато за него. А Иван Фјодорович се врати од Москва дури пет дена по смртта на родителот, така што не го затекна на мртовечкиот одар: закопот се изврши токму спроти неговото враќање. Иван Фјодорович задоцни затоа што Аљоша, не знаејќи ја точно неговата московска адреса, ја замоли Катарина Ивановна таа да му испрати телеграма, а оваа, исто така, незнаејќи ја точната адреса, ѝ испратила телеграма на својата сестра или тетка, сметајќи дека Иван Фјодорович штом ќе стигне во Москва ќе намине кај нив. Но тој нив ги посетил дури четвртиот ден по своето доаѓање, а кога ја прочитал телеграмата, веднаш,

се разбира, наглава-нашија се приготвил да отпатува назад. По доаѓањето, прво се виде со Аљоша, но по разговорот со него, многу се изненади што овој и не помислува да се сомнева во Митја, туку отворено укажува на Смердјакова, како на убиец, што беше наполно спротивно на сите други мислења во нашиот град. Откако подоцна се виде со управникот на полицијата и со државниот обвинител, и ги дозна подробностите на обвинителниот акт и на апсењето, Иван уште повеќе му се зачуди на Аљоша и неговото мислење му го припиша на прекумерно возбуденото братовско чувство и сожалување спрема Митја, кого Аљоша многу го сакаше, Иван добро го знаеше тоа. Патем да кажеме само два збора, еднаш засекогаш, за чувствата на Иван спрема брата му Дмитриј Фјодорович: тој воопшто не го сакаше, и одвај некогаш да чувствувал спрема него сожалување, но и тогаш тоа било помешано со длабока омраза, што се граничела со гадење. Митја целиот, дури и со својата појава, му беше многу несимпатичен. На љубовта од Катарина спрема него, Иван гледаше со негодување. Со обвинетиот Митја, Иван, исто така, се виде на денот на своето доаѓање, и таа средба не само што не го ослабна во него убедувањето за вината на Митја, туку уште повеќе го зацврсти. Тогаш тој брата си го затекна вознемирен, болно возбуден. Митја беше зборлив, но расеан, скокаше од предмет на предмет, зборуваше многу остро, ја префрлаше вината на Смердјакова, и многу се збунуваше. Најмногу зборуваше за трите илјади што покојникот му ги „украл". „Парите беа мои, мои беа" — повторуваше Митја — „дури и да ги украдев, ќе имав право". Сите докази што постоеја против него, речиси, не ги ни порекнуваше, а ако ги толкуваше фактите во своја корист, тоа пак го правеше сосем збунето, и бесмислено, воопшто така како да не сака да се брани пред Ивана, или пред кој и да било друг; напротив, се лутеше, гордо ги потценуваше обвинувањата, се караше и се разгневуваше. За сведочењето на Григориј за отворената врата, само презриво се смееше и уверуваше дека ја отворил „ѓаволот". Не можеше да изнесе никакви поубедливи објаснувања за тој

факт. На првиот состанок, тој дури успеа и да го навреди Ивана Фјодоровича, велејќи му остро дека најмалку можат да се сомневаат оние што и самите тврдат дека „сè е дозволено“. Воопшто тогаш со Иван Фјодорович беше многу нељубезен. Веднаш по таа средба со Митја, Иван Фјодорович се упати право кај Смердјаков.

Уште во вагонот, кога идеше од Москва, тој непрестајно мислеше за Смердјаков и за својот последен разговор со него, вечерта спроти заминувањето. Многу нешта го загрижија, многу нешта му се сторија сомнителни. Но, кога ги даваше своите искази пред иследникот, Иван Фјодорович за некое време го премолчи тој разговор. Сè одложи до состанокот со Смердјаков, кој тогаш се наоѓаше во градската болница. Докторот Херценштубе и лекарот Варвински, што ги најде Иван Фјодорович во болницата, решително одговараа на упорните прашања од Иван Фјодорович дека падавицата на Смердјаков не е преправање, и дури се чудеа поради неговото прашање: „Да не се преправал на денот на катастрофата?“ Лекарите на Ивана му дадоа да разбере дека тој настап бил дури и необичен, дека траел и се повторувал неколку дена, така што животот на болниот бил во несомнена опасност, и дека дури сега, по преземените мерки, може со сигурност да се тврди оти болниот ќе остане жив, иако многу е можно (додаде доктор Херценштубе) да му остане умот делумно растроен, „ако не за цел живот, тогаш доста долго време“. На нестрпливото прашање од Иван Фјодорович, „Значи, тој сега е луд?“ — му одговорија: „Тоа во полната смисла на зборот уште го нема, но се забележуваат извесни ненормалности“. Иван Фјодорович реши сам да дознае какви се тие ненормалности. Во болницата веднаш му дозволија средба. Смердјаков се наоѓаше во одвоена просторија, и лежеше на кревет. Веднаш до него имаше уште една постела, што ја заземаше еден стар тукашен болен, целиот потечен од водна болест, очигледно готов да умре по еден или два дена; не можеше да пречи во разговорот. Смердјаков недоверливо се насмевна кога го виде Ивана Фјодоровича, и отпрвин дури како мал-

ку да се уплаши. Така барем му се стори на Иван Фјодорович. Но тоа беше само моментно, во сето друго време, напротив, Смердјаков речиси го вчудовиди со своето спокојство. Уште на прв поглед Иван Фјодорович несомнено се убеди дека Смердјаков се наоѓа во сосем необична болна состојба: беше многу слаб, зборуваше полека, со тешка мака го мрдаше јазикот, и беше пожолтен. Во сите дваесет минути колку што траеше средбата се жалеше на болки во главата, и на бодежи во сите зглобови. Неговото ќосо суво лице како сосем да беше смалено, зулуфите му беа извиткани, наместо коса на главата му стрчеа само тенки кичури. Но полустиснатото лево око, кое како да навестуваше нешто, го покажуваше поранешниот Смердјаков. „Интересен е разговорот со умен човек!", тие негови зборови веднаш му дојдоа во умот на Иван Фјодорович. Тој седна покрај неговите нозе на стол без потпирач. Смердјаков со болка си го размрда телото во постелата, но не проговори прв, молчеше, а, изгледа и не беше веќе толку љубопитен.

— Можеш ли да зборуваш со мене? — го праша Иван Фјодорович, — нема многу да те изморам.

— Како да не можам, — промрмори Смердјаков со слаб глас. — Одамна ли повелавте да дојдете? — додаде тој покорно, како да сакаше да го охрабри збунетиот посетител.

— Дури денеска . . . за да обидам од вашата чорба.

Смердјаков воздивна.

— Зошто воздивнуваш, ти не знаеше! — просто се нафрли на него Иван Фјодорович.

Смердјаков мирно молчеше.

— Како да не знам, однапред можеше да се знае. Само кој се надеваше дека дотаму ќе стигне работата?

— Како ќе стигне? Немој сега да мрдаш, Па ти претскажа дека ќе ти дојде падавица штом ќе отидеш во визбата? Токму визбата ја спомна.

— Го изјавивте ли вие веќе тоа на сослушувањето? — спокојно се заинтересира Смердјаков.

Иван Фјодорович наеднаш се разлути.

— Не, уште не го изјавив, но бездруго ќе го кажам тоа, и сега, братче, мене мораш да ми разјасниш

многу нешта, и, да знаеш, гулапче, дека јас нема да ти дозволам да си играш со мене!

— А зошто ми е таква игра, кога јас се надевам само во вас, како во господа! — велеше Смердјаков, сè уште така спокојно, и само за момент си ги затвори очите.

— Пред сè, — почна Иван Фјодорович, — јас знам дека падавицата не може да се претскаже. Се распрашав за тоа, немој да ми мрдаш. Денот и часот не може однапред да се каже. Тогаш, како си можел ти да ми го претскажеш и денот, и часот, па дури и визбата? Како си можел однапред да знаеш дека кога ќе добиеш напад ќе пропаднеш токму во таа визба, ако не си се преправал намерно дека имаш падавица?

— Во визбата и така требаше да се оди, и тоа по неколку пати на ден! — развлече Смердјаков. — Исто така, и лани се истркалав од таванот. Сосем точно е дека падавицата не може да се претскаже однапред, ни денот ни часот, но секогаш можно е да се има претчувство.

— А ти го претскажа и денот и часот!

— Во однос на мојата болест-падавица, најдобро е господине, да се известите кај овдешниве лекари: дали сум имал вистинска или невистинска болест, а јас за таа работа немам ништо повеќе да ви кажам.

— А визбата? Како знаеше однапред за визбата?

— Ама зошто постојано ми ја спомнуваш визбата? Тогаш, кога слегов во визбата, јас многу се посомневав, но уште повеќе се плашев затоа што бев лишен од вас и од никого во целиов свет не можев да се надевам на некаква заштита. Слегувам јас тогаш во визбата и си мислам: „Ете, сега ќе ме фати, сега ќе ми дојде, дали ќе се истркалам?“ И при тоа сомневање, наеднаш ме стегна за гуша неизбежниот грч... па така се струполив. Сето тоа, и сиот мој поранешен разговор со вас, спроти денот, вечерта крај вратата, кога ви го соопштив мојот страв и кога ви кажав за визбата — сето тоа јас подробно му го исповедав на господин доктор Херценштубе, и на иследникот Николај Парфенович, и сето тоа тие го внесоа во записникот. А овдешниот доктор господин Варвински, пред

сите нив посебно објаснуваше дека токму од самата помисла дошло до настапот, тоест од пустиот страв „дали ќе паднам, или нема да паднам?“ Па ете така и ме зграпчи. Така и запишаа: дека така неминовно морало да биде, тоест само поради мојот страв.

Кога го изговори тоа, Смердјаков, како измачен од умор, длабоко воздивна.

— Значи ти веќе тоа си го кажал на сослушувањето, — праша малку збунет Иван Фјодорович. Тој сакаше да го уплаши токму со тоа дека ќе го соопшти нивниот тогашен разговор, кога ете, овој веќе и самиот кажал сè.

— А зошто ад се плашам? Нека ја дознаат сета вистина — решително рече Смердјаков.

— И мојот разговор со тебе покрај вратата им го раскажа од збор до збор?

— Не, не им го раскажав, сосем од збор до збор.

— А дека умееш да се преправаш како божем имаш падавица, како што ми се фалеше тогаш, и тоа ли им го кажа?

— Не, ни тоа не им го кажав.

— Кажи ми сега зошто тогаш ме испраќаше во Чермашња?

— Се плашев дека ќе одите во Москва, а во Чермашња сепак е поблиску.

— Лажеш, ти самиот ме наговоруваше да одам; одете, рече, за да бидете подалеку од злото?!

— Тоа тогаш го правев само од пријателство спрема вас, и поради мојата искрена верност, претчувствувајќи несреќа во куќата, затоа што ми беше жал за вас. Но себеси уште повеќе се жалев. Затоа и велев: тргнете се настрана од злото, за да сфатите дека дома ќе се случи несреќа, па да останете да го браните родителот.

— Па зошто тогаш не го кажа тоа појасно, будала? — пламна наеднаш Иван Фјодорович.

— А како можев тогаш појасно да кажам? Од мене зборуваше само стравот, а и вие можевте да се разлутите. Јас, се разбира, можев да се плашам дека Дмитриј Фјодорович ќе направат некакво чудо, и дека ќе ги однесат парите, зашто тие ги сметаа како свои,

но кој можеше да знае дека ќе заврши со такво убиство? Мислев дека тие ќе дојдат само да ги подигнат тие три илјади рубли, што лежеа под перницата на господарот во пакет, а тие ете, го убија. Ни вие не би можеле да го погодите тоа, господине!

— Па кога велиш самиот, дека не можело да се погоди, тогаш како можев да се сетам јас и да останам? Зошто сега пак заплеткуваш? — рече Иван Фјодорович замислено.

— Па можевте да се сетите за тоа бидејќи јас ве упатував во Чермашња наместо во Москва.

— Ама, кој би се сетил поради тоа?

Смердјаков изгледаше многу уморен, па пак помолчи малку.

— Можевте да се сетите по тоа што, јас ве одвратував од заминувањето во Москва и ве упатував во Чермашња, значи, јас сакав вие да бидете блиску присутен овде, зашто Москва е далеку, а Дмитриј Фјодорович, кога ќе знае дека сте тука блиску, нема да биде толку смел. А ќе бевте и до мене, ако дојдеше до нешто, можевте брзо да пристигнете, и да ме одбраните, па затоа вам ви зборував и за болеста на Григориј Василевич, и дека се плашам од падавица. А кога ви кажав за тропкањето на прозорецот, со кое можеше да се влезе во собата кај покојникот, и дека сето тоа преку мене му е познато на Дмитриј Фјодорович, мислев дека тогаш веќе ќе се сетите и самиот оти тие сигурно нешто ќе направат, па, дека не само што нема да одите во Чермашња, ами ќе останете овде.

„Зборува многу поврзано, си помисли Иван Фјодорович иако мрмори; тогаш зошто Херценштубе зборува за растројство на умствените способности".

— Нешто многу ми заобиколуваш, ѓавол да те земе! — пламна тој, налутувајќи се.

— А јас, признавам, тогаш си помислив дека ви е сосем јасно — со најпростодушен израз на лицето Смердјаков го одби неговиот напад.

— Да се сетев, ќе останев! — викна Иван Фјодорович, пак пламнувајќи.

— Да, а гледате јас, си мислев дека вие бидејќи сте се сетиле за сè, бегате што побрзо од гревот, само

колку да се засолните некаде, за да се спасите од стравот.

— Ти си мислел дека сите се такви страшливци како тебе.

— Простете, јас си помислив дека и вие сте како мене.

— Се разбира, требаше да се сетам! — се возбудуваше Иван, — а јас и се досетував дека ти ќе направиш нешто гадно... Но ти лажеш, пак лажеш! — викна тој, наеднаш сетувајќи се за нешто. — Се сеќаваш ли како тогаш дојде до колата и ми рече: „Интересен е разговорот со умен човек". Значи, ти беше мило што си заминувам, штом го пофали моето решение?

Смердјаков воздивна еднаш, па уште еднаш. На неговто лице како да се појави црвенило.

— Ако ми беше мило, — рече тој, губејќи по малку здив, — тоа беше така единствено затоа што се согласивте да одите во Чермашња а не во Москва. Зашто сепак е поблиску; само јас тие зборови не ви ги реков вам како пофалба, туку како прекор. Не сте ме разбрале.

— Каков прекор?

— Па тоа што, претчувствувајќи таква несреќа, сопствениот татко го оставате и не сакате да нè браните нас, зашто мене, за тие три илјади секогаш можеа да ме повикаат на одговорност оти сум ги украл.

— Ѓавол да те земе! — пак се нафрли на него Иван. — Чекај: значи ти за знаците, за тропкањето си му кажал на иследникот и на државниот обвинител.

— Им кажав сè како што беше.

Иван Фјодорович пак се зачуди во себе.

— Ако сум помислил нешто тогаш, — почна тој пак — тоа било само дека ти ќе направиш некаква гадост. Дмитриј можеше да убие, но дека ќе украде — тогаш не верував во тоа... А од тебе очекував секаква гадост. Ти самиот ми рече дека знаеш да се преправаш дека божем имаш падавица. Зошто ми го рече тоа?

— Само од простодушност. А освен тоа, јас никогаш во животов не сум се преправал намерно дека

имам падавица, тоа го реков само така, за да се пофалам пред вас. Проста глупост. Тогаш многу ве засакав, и спрема вас бев сосем простодушен.

— Брат ми Дмитриј отворено те обвинува дека ти си го убил стариот и си ги украл парите.

— А што им останува друго ним? — горчливо се насмевна Смердјаков. — Само, кој ќе им поверува по сите тие докази? Зашто Григор Василевич ја видел отворена вратата, а што има да се каже потоа. Најпосле сеедно, пушти го! Сака да се спаси, па се плаши . . .

Тој помолчи, па наеднаш, како да се сетил за нешто, додаде:

— Да, пак истото: тие сакаат да натоварат врз мене дека тоа е дело на моите раце, го слушнав веќе тоа — а, ете, да земеме дека јас и умеам да се преправам, оти имам падавица: зарем јас однапред ќе ви кажував оти умеам да се преправам, ако навистина тогаш имав замислено некакво зло против вашиот родител? Ако имав смислено такво убиство, зарем може да се биде толкав будала па однапред да се каже против себеси таков доказ, па уште на роденият син, ве молам?! Дали може да се поверува во тоа? Зарем би можело да се случи некогаш такво нешто? Напротив, Никогаш во животот. Ете, сега овој наш разговор не го слуша никој, освен Провидението, а ако тоа му го соопштите на државниот обвинител и на Николај Парфенович, вие би можеле со тоа да ме одбраните: зашто каков е тој злосторник, кога е однапред толку простодушен? Сето тоа тие можат многу убаво да го сфатат.

— Слушај, — стана Иван Фјодорович, вчудовиден од последната причина на Смердјаков, и прекинувајќи го разговорот. — Јас во тебе не се сомневам ни најмалку, и сметам дури дека е смешно да те обвинувам . . . Напротив, ти благодарам што ме смири. Сега си одам, но ќе дојдам пак. Збогум, гледај да оздравиш. Дали ти треба нешто,

— За сè ви благодарам. Марфа Игнатјевна не ме заборава, и во сè ми помага кога ќе ми затреба нешто,

според својата поранешна добрина. Секојдневно ме посетуваат добрите луѓе.

— Догледање Јас, впрочем, нема да зборувам за тоа дека умееш да се преправаш . . . А и тебе те советувам да не кажуваш за тоа, — рече наеднаш Иван.

— Разбирам многу добро. И ако вие тоа не го кажате, тогаш ни јас нема да го соопштам сиот наш тогашен разговор покрај вратата . . .

Иван Фјодорович наеднаш излезе, но откога веќе направи десетина чекори по ходникот, веднаш се сети дека во последната реченица на Смердјаков се крие некаква навредлива смисла. Веќе сакаше да се врати, но таа желба беше само мигновена, и откако рече: „Глупости!“ тој набрзина ја напушти болницата. Што е најважно, навистина се чувствуваше смирен, а особено со тоа дека виновникот не е Смердјаков, туку брат му Митја, иако, би рекол човек, би требало да излезе обратно. Зошто беше така — тој тогаш не сакаше да испитува, дури чувствуваше одвратност да пребарува по своите чувства. Како да сакаше што побргу нешто да заборави. Потоа, во идните неколку дена, тој конечно се убеди дека Митја е виновен, откога поблиску и потемелно се запозна со сите докази што го обвинуваа. Имаше и најништожни сведочења, но имаше и потресни. На пример, сведочењата на Фења и на мајка ѝ. А за Перхотин, за крчмата, за бакалницата на Плотникови, за сведоците во Мокрое и да не зборуваме. Што е најважно, го обвинуваа детали. Соопштението за тајното „тропкање“ ги вчудовиди иследникот и државниот обвинител — речиси исто колку и исказот на Григориј за отворената врата. Жената на Григориј, Марфа Игнатјевна, на Иван Фјодорович отворено му изјави дека Смердјаков цела ноќ прележал кај нив зад преградата, „ни три чекори нема од нашата постела“, и макар што таа цврсто спиела, многупати се будела, слушајќи како тој тука стенка: „Целото време стенкаше, непрекинато стенкаше“. Во разговорот со доктор Херценштубе, кога му го соопшти своето мислење дека Смердјаков ни најмалку не изгледа луд, ами само слаб, зборовите на Ивана кај старецот-доктор, предизвикаа само фина насмевка. „А

знаете ли со што се занимава тој посебно"? — го праша Ивана Фјодорович. — „Учи напамет француски зборови, под перница чува една книшка, а во неа некој запишал француски зборови со руски букви, хе-хе-хе!" Иван Фјодорович најпосле сосем престана да се колеба. На братот Дмитриј веќе и не можеше да помисли без одвратност. Сепак, една работа беше чудна: зошто Аљоша упорно и понатаму остануваше на тоа дека убиецот не е Дмитриј, туку, „по сè изгледа" Смердјаков. Иван отсекогаш мислењето на Аљоша го чувствуваше како непобитно, па затоа сега беше во голема недоумица во поглед на Аљоша. Чудно беше и тоа што Аљоша не бараше да разговараат за Митја, и никогаш не почнуваше самиот, туку само одговараше на прашањата од Ивана. Иван Фјодорович тоа исто така јасно го забележи. Впрочем, во тоа време него го окупираше една сосем друга околност: кога дојде од Москва, тој уште првите денови целиот ѝ се предаде на својата пламена и безумна страст спрема Катарина Ивановна. Овде не е место да зборуваме за таа нова страст на Иван Фјодорович, која после остави трага врз целиот негов живот: тоа би можело да послужи како основа за сосем друг расказ, за друг роман, кој не знам дали ќе го напишам некогаш. Но сепак, не можам ни сега да премолчам: кога Иван Фјодорович, како што веќе опишав, ноќта кога си заминуваше од Катарина Ивановна, му рече на Аљоша: „таа не ме интересира" — многу лажеше во тој момент: тој неа ја сакаше безумно, иако е точно и тоа дека понекогаш толку ја мразеше што дури можеше и да ја убие. Тука се собраа голем број причини: сета потресена од настанот со Митја, таа се сврти кон Ивана Фјодорович, кој, пак, се врати кај неа, како кај некој свој спасител. Беше навредена, налутена, понижена во своите чувства. И, ете, пак се јави човек, кој и порано многу ја сакаше — о, таа многу добро го знаеше тоа, — и чиј ум и срце таа секогаш ги поставуваше високо над себе. Но оваа строга девојка не се жртвува целата, и покрај сета Карамазовска незаузданост на желбите од својот сакан, и покрај сето занесно влијание што го имаше тој врз неа. Воедно неа непрекинато ја мачеше

и каењето што го изневерила Митја, и во страшните моменти на караници со Ивана (а такви караници имаше многу) отворено му го кажуваше тоа. Тоа во разговорот со Аљоша тој го нарече: „лага врз лага“. Навистина тука имаше многу лаги, и тоа повеќе отколку сè друго го лутеше Ивана Фјодорович. Но за сето тоа после. Со еден збор, тој некое време речиси заборави за Смердјакова. Па, сепак, две недели по првата посета кај Смердјаков, Ивана пак почнаа да го мачат истите чудни мисли како порано. Доволно е да се каже дека почна непрестајно да се прашува себеси: зошто тој тогаш, во својата последна ноќ во куќата на Фјодор Павлович пред своето заминување слегуваше полека, како крадец, по скалите и наслушнуваше што прави долу татко му? Зошто со одвратност после се сеќаваше за тоа, зошто утредента изутрината, патем, наеднаш му беше толку тешко, па влегувајќи во Москва си рече: „јас сум подлец“! И ете, сега понекогаш му се чинеше дека тој поради сите тие мачни мисли, е готов речиси да ја заборави дури и Катарина Ивановна, толку многу го имаа исполнето тие наеднаш повторно! Само еднаш пак си го помисли тоа, кога го сретна Аљоша на улица. Веднаш го запре и ненадејно му го постави прашањето:

— Се сеќаваш ли, кога по ручекот Дмитриј втрча во куќата и го истепа татета, а јас после во дворот, ти реков дека си го задржувам „правото да сакам“ — кажи ми, дали тогаш си помисли оти јас ја сакам смртта на татета?

— Си помислив, — тивко одговори Аљоша.

— Впрочем, така и беше, немаше ни што да се погодува. Но дали тогаш помисли уште дека јас сакам „едниот гад да го изеде другиот гад“, тоест, токму Дмитриј да го убие татета, и тоа што побрзо . . . и дека јас ни самиот не би бил против дури и да му помогнам во тоа.

Аљоша малку побледи, и немо се загледа во очите на брата си.

— Кажувај! — викна Иван. — Со сите сили сакам да знам што си помислил ти тогаш. Мене ми е потре-

бна вистината, вистината! — Тој тешко воздивна, веќе однапред гледајќи во Аљоша со некаква злоба.

— Прости ми, јас и тоа го помислив тогаш — прошепоти Аљоша и замолкна, не додавајќи ни една „олеснителна околност".

— Благодарам! — пресече Иван, па, напуштајќи го Аљоша, брзо си го продолжи патот.

Од тоа време Аљоша забележуваше дека брат му Иван почна остро да се трга настрана од него, и дека дури некако како да го замразил, така што постепено и самиот престана да оди кај него. Но, во тој момент, веднаш по состанокот со Аљоша, Иван Фјодорович, не наминувајќи кај себе дома, наеднаш се упати кај Смердјакова.

VII

Втора посета кај Смердјаков

Смердјаков во тоа време веќе ја имаше напуштено болницата. Иван Фјодорович го знаеше неговиот нов стан: токму во таа накривена дрвена куќарка — со две соби одвоени со ходник. Во едната соба беше сместена Марја Кондратјевна со мајка си, а во другата Смердјаков. Еден бог знае како се беше сместил кај нив: дали живееше бесплатно, или нешто им плаќаше? Подоцна се мислеше дека кај нив живее во својство на свршеник на Марја Кондратјевна, па засега бесплатно. И мајката и ќерката многу го почитуваа и го гледаа како човек кој по сè е над нив. Иван Фјодорович откако тропна влезе во ходникот, и според упатството на Марја Кондратјевна скршна лево, во „гостинската соба", во која живееше Смердјаков. Во таа соба имаше ѕидана печка од глеѓосани тули која беше многу загреана. По ѕидовите се истакнуваа сини тапети, вистина сосем изгребани, а под нив, пукнатините вриеја од лебарки, така што постојано се слушаше шушкање. Мебелот беден: клупи покрај обата ѕида, и два стола покрај масата. А масата, иако сосем проста, беше покриена со чаршав со црвеникави шари.

На секој од двата мали прозореца, по една саксија со здравец. Во аголот неколку икони. На масата малечок, многу исчукан, самовар од месинг, и послужавник со два филџана. Смердјаков веќе имаше пиено чај, и самоварот беше угаснат... А самиот тој седеше на масата на клупа и гледајќи во некаква тетратка, нешто забележуваше во неа со перо. Тука, исто така, имаше и мастилница, како и железен низок свеќник, но со старинска свеќа. Иван Фјодорович веднаш заклучи според лицето на Смердјаков дека тој е наполно оздравен. Лицето му беше посвежо, пополничко, косата побујна, а на слепоочниците замачкана. Седеше во шарена и широка памучна долама, но многу износена и прилично искината. На носот му стоеја очилата што Иван Фјодорович дотогаш не ги имаше видено на него. Таа безначајна околност наеднаш како двојно да го разбесни Ивана: „Таков гад, па и тој натнал очила!“ Смердјаков полека ја крена главата и внимателно преку очилата го погледна дојдениот; потоа полека ги симна, се исправи на клупата, но не како порано со полно почитување, туку дури некако мрзливо, само колку да ја исполни најпотребната учтивост, без која не се може. Сето тоа вчас му мина на Ивана низ главата, и сето тоа тој наеднаш го забележи и го сфати, а, што е најважно — погледот на Смердјаков, навистина лош, нељубезен и дури надмен како да велеше: „зошто ми додеваш, зарем веќе не се наразговаравме за сè, зошто си дошол сега пак?“ Иван Фјодорович одвај се совлада.

— Кај тебе е жешко! — рече тој стоејќи, и си го откопча палтото.

— Па слечете се — дозволи Смердјаков.

Иван го слече палтото и го фрли на клупата, со треперливите раце зеде стол, брзо го доближи до масата и седна. Смердјаков беше седнат на својата клупа пред него.

— Пред сè, дали сме сами? — строго и наеднаш праша Иван. — Да не нè чуе некој од другана страна?

— Никој ништо нема да чуе. Самиот видовте: таму има ходник.

— Слушај, гулапче, зошто кога си заминував од кај тебе од болницата ми рече: тоест, ако јас премолчам дека си мајстор да се преправаш оти божем имаш падавица, тогаш ни ти нема да му кажеш на истражникот за тоа што разговаравме јас и ти покрај вратата? Што е тоа? Што си можел ти тогаш да подразбереш? Да не ми се заканувaше, ти мене? Дека сум стапил во некаков сојуз со тебе, дека се плашам од тебе, можеби, што?

Иван Фјодорович тоа го изговори со лутина, очигледно и посебно давајќи му на Смердјаков да разбере дека мрази секакво заобиколување и дека игра со отворени карти. Очите на Смердјаков злорадо светнаа, левото око му заигра, и тој веднаш даде одговор иако, по својот обичај, воздржано и одмерено: „Штом сакаш, начистина, убаво, тогаш еве ти ја таа чистина", вели.

— Па јас тогаш мислев и поради тоа тогаш реков, дека вие, знаејќи однапред за убиството на вашиот роден татко, го оставивте татка си тогаш на милост и немилост, та за да не заклучат после луѓето нешто лошо, за вашите чувства, а можеби уште и за нешто друго, впрочем. — Ете, зошто тогаш ви ветив дека нема да им кажувам на властите.

Смердјаков тоа го изговори вистина, без брзање и очигледно владеејќи со себеси, но во неговиот глас веќе се слушна нешто решително и упорно, налутено и бесрамно предизвикувачко. Тој дрско се загледа во Ивана Фјодорович а на овој, отпрвин, речиси му затрепери пред очите.

— Како? Што? Ама дали си ти при себе? —

— Јас сум сосем при себе.

— Па знаев ли јас тогаш за убиството? — викна најпосле Иван, и силно тресна со тупаница по масата. — Што значи тоа: „и за нешто друго, впрочем?" — Кажувај, никаквецу!

Смердјаков молчеше и сè уште со истиот дрзок поглед и понатаму го меркаше Ивана Фјодорович.

— Зборувај, смрдлив небиднику, за што „друго впрочем?" — викаше Иван.

— Да, во тоа „друго впрочем“ овој момент разбрав дека вие, можеби, и самиот тогаш многу ја сакавте смртта на својот родител.

Иван Фјодорович скокна и со сета сила го удри Смердјакова со тупаница по рамото, така што овој се затетерави накај ѕидот. Во еден миг на Смердјаков сето лице му се навлажни од солзи, и рече: „Срамота е господине, да се тепа слаб човек!“ Па наеднаш си ги покри очите со памучно, сосем извалкано шамиче со сини четвртести шари и фати тивко да плаче. Мина една минута.

— Доста! Престани! — најпосле строго му рече Иван, седнувајќи пак на столот. — Не вади ме сосем од стрпливоста!

Смердјаков го тргна од очите своето шамиче. Секоја цртичка на неговото збрчкано лице ја изразуваше штотуку истрпената навреда.

— Значи, никаквецу, ти тогаш си помислил дека јас заедно со Дмитриј сакам да го убијам татко ми?

— Јас не ги знаев вашите тогашни мисли, — навредено проговори Смердјаков, — па затоа тогаш ве задржав кога влегувавте во вратата, за да ве испитам токму во таа точка.

— Што да ме испиташ? Што?

— Па, ете, токму за таа околност: дали би сакале, или не би сакале што побргу да биде убиен вашиот родител?

Ивана најмногу го лутеше тој упорен наметлив и дрзок тон, кој Смердјаков воопшто не сакаше да го напушти.

— Ти го уби него! — викна Иван наеднаш.

Смердјаков се насмевна со омраза.

— Вие знаете многу добро дека јас не го убив. Си мислев дека на умен човек не треба повеќе ни да му се зборува за тоа.

— Но, од каде, тогаш, од каде можело кај тебе да се појави такво сомневање спрема мене?

— Како што ви е веќе познато, само од страв. Зашто тогаш јас бев во таква положба што, тресејќи се се од страв, се сомневав во сè. Па имав намера да ве испитам и вас, зашто си реков, ако и вие го сакате она

што го сака брат ви, тогаш настапил крај на секаква работа, и јас ќе пропаднам заедно со вас како бубачка.

А пред две недели не велеше така.

— Истото го имав на ум и во болницата кога разговарав со вас, но си мислев дека вие и без мојот разговор ќе сфатите, и дека и самиот не сакате отворен разговор, како многу умен човек.

— Види, види, те молам. Но, одговарај, одговарај, сакам да чујам: со што сум можел тогаш да внесам во твојата подла душа такво долно сомневање за мене?

— Вие самиот воопшто не можевте, а и не сакавте да го убиете. Но, дека сакавте да го убие некој друг, тоа го сакавте.

— И колку спокојно, колку спокојно зборуваш. А зошто би го сакал тоа, поради кој ѓавол би можел да го сакам тоа?

— Како тоа: поради кој ѓавол? А наследството? — зајадливо и дури некако одмазнички прифати Смердјаков. — Па тогаш, по вашиот родител на секој од тројцата браќа би можело да ви припаднат речиси по четириесет илјади, а моежби и по повеќе. А, Фјодор Павлович тогаш да се оженеше со госпоѓата Аграфена Александровна, таа, богами, по венчавањето, сиот капитал ќе си го пренесеше врз себе, зашто таа ни малку не е глупава, така што вам, на тројцата браќа немаше да ви останат ни две рубли по смртта на родителот. А тогаш не беше ни далеку од венчавањето! Само за влакно: таа госпоѓа требаше еве вака пред него да мрдне со малото прсте, и тој веднаш со јазикот надвор ќе потрчаше по неа в црква.

Иван со мака се воздржа.

— Добро, — проговори тој најпосле, — гледаш, не скокнав, не те натепав, не те убив. Зборувај понатаму: значи, според твоето мислење, јас брат ми Дмитриј го определив за тоа, сметав со него?

— А како не би сметале со него, зашто ако го убиеја тие, тогаш тие би биле лишени од сите благороднички права, и од чинот и од имотот, и би отишле во прогонство. И тогаш така нивниот дел по родите-

лот би ви останал вам и на вашиот брат Алексеј Фјодорович, на еднакви делови, значи не веќе по четириесет, туку по шеесет илјади би ви припаднале на секој еден. Вие тогаш со сигурност сметавте со Дмитриј Фјодорович.

— Е, веќе доста те трпам! Слушај гаде: ако јас тогаш сметав со некого, тоа се разбира, беше со тебе, а не со Дмитриј, и, ти се колнам, дури и очекував ти да направиш некаква гадост... тогаш... се сеќавам за тој впечаток!

— И јас тогаш си помислив за момент, дека вие сметате со мене, — подбивно се исчепати Смердјаков, — така што токму со тоа тогаш уште повеќе се откривте себеси пред мене, зашто ако сте очекувале јас да го направам тоа, а во исто време, отпатувавте одовде, значи, со тоа, токму како да ми рековте: Можеш слободно да го убиеш мојот родител, јас не ти пречам.

— Подлец! Така си сфатил!

— И само поради таа Чермашња. Живи бога! Се подготвувате за во Москва, и не се одгласувате на сите молби од татко ви да заминете за Чермашња. А, при еден единствен убав збор наеднаш се согласивте! Што ви стана па тогаш се согласивте да одите во Чермашња? Штом не отидовте во Москва, ами отидовте во Чермашња, без причина, единствено поради мојот збор, тогаш, значи, нешто очекувавте од мене.

— Не, ти се колнам, не очекував ништо! — викна Иван, чкрипејќи со забите.

— Како тоа, не очекувавте? Напротив, мене, за моите тогашни зборови, упатени вам, синот на вашиот татко, требаше, пред сè, да ме испратите во квартот и да ме истепате... Ако не друго, барем на самото место, да ме плеснете по муцката, меѓутоа, вие, ви се молам, ни најмалку не се лутевте, ами веднаш точно пријателски постапувате според мојот навистина глупав збор и заминувате, кое беше сосем лошо, зашто вие, бевте должен да останете и да го чувате животот на вашиот родител... Па како тогаш да не си направам заклучок?

Иван седеше намуртен, грчевито потпрен со обете тупаници на своите колена.

— Да, жалам што не те плеснав по муцката! — горчливо се насмевна Иван. — Тогаш не можев да те одведам во квартот: кој ќе ми поверуваше, и на што можев да се повикам? А што се однесува до муцката... Уф, штета што не се сетив; зашто, иако е забрането да се удираат шлаканици, сепак, од твојата муцка ќе направев пита.

Смердјаков речиси со уживање гледаше во него.

— Во обични случаи, — проговори со оној задоволно, доктринерски тон со кој понекогаш се расправаше со Григорија Василевич за верата и го задеваше, стоејќи покрај масата на Фјодор Павлович, — во обични случаи денеска навистина шлаканиците се забранети со закон, и сите престанаа да маваат, но во извонредни случаи, и тоа не само кај нас, туку во целиот свет, па дури и во целата француски република, сеедно, и понатаму удираат шлаканици, како за време на Адама и Ева, а тоа воопшто нема ни да престане, но вие, тогаш, не се осмеливте ни во таа извонредна ситуација.

— А зошто ти учиш француски зборови? — ја покажа Иван со главата тетратката што лежеше на масата?

— А зошто да не учам, за со тоа да придонесам за своето образование, сметајќи дека и јас некогаш можеби ќе имам можност да бидам во тие среќни места на Европа.

— Слушај, изроде — светна со очите Иван, и целиот се затресе. — Јас не се плашам од твоите обвинувања, сведочи против мене што сакаш, а сега не те истепав до смрт, само благодарение на сомневањето во тебе за ова злосторство, и ќе те дадам на суд. Јас веќе ќе обелоденам кој си ти.

— А јас мислам дека е подобро да молчите. Зашто, што можете вие да сведочите против мене, кога сум наполно невин, и кој ќе ви поверува? А ако почнете, тогаш и јас ќе раскажам сè; зошто да не се бранам себеси.

— Да не мислиш дека сега се плашам од тебе?

— Во судот дури и да не им поверуваат на моите зборови што ви ги кажував сега, ним ќе им поверува публиката, и вас ќе ви биде срам.

— Тоа е, значи, твоето: „Интересен е разговорот со умен човек“, нели? — чкрипна со забите Иван.

— Токму повелавте да ја погодите точката. Треба да бидете умен.

Иван Фјодорович стана, целиот треперејќи од негодување, си го облече палтото, и без да му одговара веќе на Смердјаков, дури и не гледајќи го, брзо излезе од куќата. Свежиот вечерен воздух го прибра. На небото јасно светеше месечината. Во неговата душа, вриеше страшен кошмар од мисли и чувства. „Да одам и веднаш да го пријавам Смердјакова. А што имам да јавам: тој сепак е невин. Напротив, тој ќе ме обвини мене. Навистина, зошто јас тогаш отидов во Чермашња, зошто, зошто?“ — се прашуваше Иван Фјодорович. — „Да, се разбира, нешто очекував, и тој има право!“ — и пак, по стоти пат, се сети како во последната ноќ во куќата на татко му прислушнуваше на скалите покрај собата на татка си, но сега при тоа сеќавање веќе му беше толку мачно што застана наместо како здрвен: „Да, јас тогаш го очекував тоа, тоа е вистина! Јас го сакав, јас го сакав убиството! Дали го сакав убиството, дали го сакав? . . . Смердјаков треба да биде убиен . . . И ако сега јас не смеам да го убијам Смердјакова, тогаш не вреди повеќе ни да се живее! Иван Фјодорович, не наминувајќи кај себе дома, тогаш се упати право кај Катарина Ивановна, и ја исплаши со својот изглед: беше како луд. Ѝ го соопшти својот разговор со Смердјакова, сиот, до подробности. Не можеше да се смири, колку и да го наговараше таа, непрестајно шеткаше по собата, и зборуваше испрекинато, чудно. Најпосле седна, се потпре на лактовите, ја навали главата на обете раце, и изговори чуден афоризам:

— Ако не го убил Дмитриј, ами Смердјаков, тогаш, се разбира, јас сум солидарен со него, зашто јас го подбуцнував, дали го подбуцнував — уште не знам. Но, ако е тој убиецот, а не Дмитриј, тогаш, се разбира, и јас сум убиец.

Откако го слушна тоа, Катарина молчејќи стана, отиде кај масата за пишување, ја отвори кутијата, што стоеше на масата, извади некаква хартија, и ја стави пред Ивана. Таа хартиичка беше документ за кој Иван подоцна му зборуваше на Аљоша како за „математички доказ" дека Дмитриј го убил татка им. Тоа беше писмото што Митја пијан ѝ го напиша на Катарина Ивановна истата вечер кога во полето се сретна со Аљоша, кој одеше во манастирот, по сцената во куќата на Катарина Ивановна, кога Грушенка ја навреди неа. Откога се раздели со Аљоша, Митја отрча кај Грушенка; не се знае дали се виде со неа, но, во квечерината се појави во крчмата „Престолнина", каде што арно се напи. Така пијан, побара перо и хартија, и напиша еден важен документ против себеси. Тоа писмо — беше безумно, красноречиво и без некаква смисла, „пијано" писмо. Тоа прилегаше на она кога пијан човек, откога ќе се врати дома, почнува со необичен жар да ѝ докажува на жена си, или на некој од домашните дека пред малку го навредиле, дека тој што го навредил е голем подлец, а дека тој, напротив, е прекрасен човек, и дека тој на подлецот ќе му покаже — и сето тоа нашироко и надолго, без никаква логика и возбуденост, со тупање со тупаница на масата и со пијани солзи. Хартијата што му ја дадоа на Митја во крчмата беше извалкано парче хартија за писма, проста, и на нејзината задна страна беше напишана некаква сметка. Очигледно на пијаната многузборливост ѝ недостигаше место, и Митја го испиша не само целиот простор отстрана, ами последните зборови ги смести накрсно преку веќе напишаните редови. Писмото имаше ваква содржина: „Кобна Катја! Утре ќе набавам пари и ќе ти ги вратам твоите три илјади, и остани со здравје — жено со голем гнев, но збогум и моја љубов! Да завршиме! Утре ќе барам пари по целиот свет, а ако не ги најдам кај луѓето, ти давам чесен збор, ќе одам кај татко ми, ќе му ја здробам главата, и ќе му ги земам парите од под перница, само ако си замине Иван. Ќе одам на робија, но трите илјади ќе ти ги вратам. А ти — збогум! ти се клањам до земја, зашто пред тебе сум подлец. Про-

сти ми. Не, подобро да не ми простуваш: полесно е и за мене ,и за тебе. Подобро на робија, отколку твоја љубов, зашто јас сакам друга, а неа денеска премногу добро ја запознa, па како ќе можеш да ѝ простиш? Ќе го убијам мојот ограбувач! Ќе си одам од сите вас на исток, за да не знам веќе за никого, и за неа зашто не си мачителка, само ти, туку и таа Збогум!

P. S. Проклетство пишувам, а тебе те обожавам! Тоа го чувствувам во своиве гради. Остана една струна, па уште sуни. Најдобро е да ми пукне срцево! Ќе се убијам, но сепак најпрвин она куче. Ќе му измолкнам три и ќе ти ги фрлам. Пред тебе нека бидам подлец, а не крадец! Очекувај ги трите илјади. Кај кучето под перница, црвена панделка. Јас не сум крадец, ами ќе го убијам својот крадец. Катја, не гледај со омраза: Дмитриј не е крадец, ами убиец! Татка си го убил и себе си се запустил, за да се одржи и за да не мора да ја сносува твојата гордост. Ниту да те сака тебе.

P. P. S. Ти ги бацувам нозете, Збогум!

P. P. S. S. Катја, моли бога луѓето да ми дадат пари. Тогаш нема да бидам во крв, а ако не ми дадат — ќе бидам во крв! Убиј ме!

Роб и непријател
Д. Карамазов"

Откога го прочита „документот", Иван се убеди. Значи, убиец е брат му, а не Смердјаков. А штом не е Смердјаков, тогаш не е ни тој, Иван. Тоа писмо наеднаш во неговите очи доби математичка смисла. За него сега веќе не можеше да има никакви сомневања во вината на Митја. Патем напоменуваме дека кај Ивана никогаш не се појавиле сомневања во тоа оти Митја можел да изврши убиство заедно со Смердјаков а тоа не се ни поклопуваше со фактите. Иван беше наполно смирен. Утредента изутрината тој само со омраза се сеќаваше на Смердјаков и на неговото подбивање. По неколку дена дури и се чудеше како можел да се почувствува толку тешко навреден со неговите сомневања. Реши да го замрази и да го забо-

рави. Така помина еден месец. За Смердјаков веќе не се распрашуваше кај никого, но еднаш, двапати, сепак случајно слушна дека овој е тешко болен, и дека не е при чиста свест! „Ќе заврши така што ќе полуди“, рече еднаш за него младиот лекар Варвински, и Иван го запамети тоа. Во последната недела од тој месец, Иван исто така почна да се чувствува многу лошо. Веќе отиде да го праша за совет лекарот што го имаше повикано Катарина Ивановна, и што пристигна од Москва спроти судењето. Токму во тоа време неговите односи со Катарина Ивановна беа заострени во најголема мера. Тоа беа двајца непријатели заљубени еден во друг. Враќањето на Катарина Ивановна кон Митја, моментно но силно, веќе Ивана го доведуваше до целосна избезуменост. Чудно е дека до последната, порано опишана сцена кај Катарина Ивановна, кога Аљоша дојде кај неа од кај Митја, Иван, немаше слушнато од неа ниеднаш во текот на целиот тој месец дека макар најмалку се сомнева во вината на Митја, и покрај сите нејзини „враќања“ кон него, кои Иван толку ги мразеше. Важно е уште и тоа, што тој, чувствувајќи дека Митја со секој ден сè повеќе го мрази, воедно сфаќаше дека не го мрази поради тоа што му се „враќаше“ Катја, ами токму **поради тоа што го убил татка си!** Тој и самиот го чувствуваше и наполно го сфаќаше тоа. И покрај сето тоа, тој десетина дена пред судењето одеше кај Митја, и му предлагаше план за бегство — план кој очигледно беше замислен многу порано. Тука, освен главната причина што го поттикна на таков чекор, беше виновна и извесна незарасната раничка во неговото срце поради едно зборче на Смердјаков, дека божем нему, на Ивана, би му било згодно брат му да биде осуден за убиство, зашто тогаш сумата што ќе ја наследат од татка им тој и Аљоша, ќе се покачи од четириесет на шеесет илјади. Тој самиот, од своја страна, реши да жртвува триесет илјади за бегството на Митја. Тогаш враќајќи се од кај него, необично тажен и збунет, наеднаш почна да чувствува дека тој го сака бегството не само затоа што за него ќе жртвува триесет илјади, за да му зарасне раничката, туку и поради нешто друго.

„Дали затоа што во душава и јас сум ист таков убиец,“ — се праша тој еднаш себеси. Нешто оддалечено, но остро го жежеше во душата. А што е најважно, неговата гордост, целиот тој месец, страшно страдаше, но за тоа после... Откако посегна да заѕвони во својот стан, по разговорот со Аљоша, и откако наеднаш реши да оди кај Смердјаков, Иван Фјодорович му се покори на едно посебно негодување што наеднаш зовре во неговите гради. Тој одненадеж се сети како Катарина Ивановна пред малку му викна пред Аљоша: „Ти, само ти ме увери дека убиецот е тој (тоест Митја)“ Сеќавајќи се за тоа Иван дури се вчудовиди: никогаш во животот тој не ја уверувал неа дека Митја е убиецот. Напротив, тој се сомневаше во себеси пред неа, тогаш кога се врати откај Смердјаков. Сосем обратно, тогаш таа нему му го изнесе „документот“ и му ја докажа вината на брат му! И сега наеднаш вика: „И јас бев кај Смердјаков!“ Кога била, Иван немаше поим за тоа. Значи, таа не е сосем уверена во вината на Митја! И што можел да ѝ каже Смердјаков? Што, што ѝ рекол, всушност? Страшен гнев пламна во неговото срце. Не сфаќаше како можел, пред половина час, да ги пропушти тие зборови, и да не ѝ викне тогаш веднаш. Тој го остави ѕвончето и отрча кај Смердјаков. „Овој пат можеби ќе го убијам“, си мислеше патем.

VIII

Трета и последна средба со Смердјаков

На половина пат задува остар, сув ветар, таков каков што имаше дента рано изутрината, и почна да вее ситен, густ, сув снег, кој, носен од ветрот, не се прилепуваше при паѓањето за земјата, ами под ударите на ветрот правеше витли, па наскоро настана вистинска виулица. Во оној дел на нашето гратче каде што живееше Смердјаков речиси и нема фенери. Иван Фјодорович чекореше по темница, не распознавајќи ја ни улицата, туку-така погодувајќи го патот. Го болеше главата, и чувствуваше тешки удари во слепооч-

ниците. Зглобовите на рацете грчевито му трепереа. Близу до куќичката на Марја Кондратјевна, Иван ненадејно сретна еден сам, пијан снизок селанец, во крпена гуња, како се тетерави во одењето, мрмори и пцуе, па наеднаш престана да пцуе и со зарипнат пијан глас фати да пее:

Ах, Ванька ми отиде во Питер,
Нема да го чекам.

И постојано ја прекинуваше песната при вториот стих, па пак почнуваше да кара некого, потоа пак развлечено ја пееше истата песна. Иван Фјодорович почна да чувствува страшна омраза спрема селанецот, уште пред да помисли за него, некако наеднаш тој му проникна во свеста. Вчас го исполни некаква незадржлива желба да го тресне селанецот со тупаница по главата. Токму во тој момент тие се доближија еден до друг, и селанецот, затетеравајќи се наеднаш со сета сила удри во Ивана. Овој разлутено го турна. Селанецот се заниша и падна како трупец на замрзнатата земја; болно јачна само еднаш: „Оф-леле!“ — и толку. Иван му се доближи. Селанецот лежеше ничкум, сосем неподвижен, без свест: „Ќе замрзне!“ — си помисли Иван и продолжи да чекори во правец на станот на Смердјаков.

Марја Кондратјевна, која со свеќа во рацете, истрча да ја отвори вратата, му шепна уште во ходникот дека Павел Фјодорович (тоест Смердјаков) „се многу болни, не само што лежат, туку и како да не се при чиста свест и дури рекоа чајот да се врати назад, не сакаа да го испијат“.

— Што има, беснее? — грубо праша Иван Фјодорович.

— Како беснее, напротив, сосем се смирија, но вие немојте долго да разговарате со него... — замоли Марја Кондратјевна.

Иван Фјодорович ја отвори вратата и влезе во собата.

Печката беше загреана како и последниот пат, но во собата се забележуваа некакви измени. Едната од

двете странични клупи беше извадена, а наместо неа се беше појавило големо кожно канабе од лажен махагон, на него наместена постела, со прилично чисти бели перници. На постелата седеше Смердјаков, во истиот домашен мантил. Масата беше преместена пред канабето, така што во собата беше многу тесно. На масата лежеше дебела книга со жолти корици, но Смердјаков не ја читаше, тој седеше и ништо не правеше. Ивана Фјодорович го пречека со долг нем поглед, и очигледно ни малку не се зачуди поради неговото доаѓање. Многу беше изменет во лицето, сосем испиен и пожолтен. Очите му беа пропаднати, долните очни капаци потсинети.

— Па ти си навистина болен? — застана Иван Фјодорович. — Јас нема многу да се задржувам, дури ни палтото не си го соблекувам. Каде да седнам?

Тој дојде од другата страна на масата, привлече стол до масата и седна.

— Зошто ме гледаш и молчиш? Јас дојдов со едно прашање и, ти се колнам, нема да си одам откај тебе, додека не добијам одговор: дојде ли кај тебе госпоѓа Катарина Ивановна?

Смердјаков молчеше подолго време, како и пред тоа постојано тивко гледајќи во Ивана, па наеднаш одмавна со раката и го сврти лицето на друга страна.

— Што ти е? — викна Иван.

— Ништо.

— Како ништо?

— Па беше, но, вам тоа ви е сеедно. Оставете ме.

— Не, нема да те оставам! Зборувај, кога била?

— Јас заборавив и да се сеќавам за неа, — со омраза се насмевна Смердјаков, но наеднаш, свртувајќи го лицето кон Ивана, пак се загледа во него со некаков бесен поглед полн со омраза, со истиот поглед со кој го гледаше на средбата пред еден месец.

— Па и вие сте, изгледа, болен; видете само како сте се истанчиле, не може човек да ве познае, — му се обрна тој на Ивана.

— Остави го моето здравје, одговарај на прашањето.

— А зошто ви се пожолтени очите, белката ви е сосем жолта. Изгледа, многу се мачите?

Неговата уста се развлече во насмевка полна со омраза, а потоа и гласно се засмеа.

— Слушај, ти реков дека нема да си одам откај тебе без одговор! — викна Иван страшно разбеснет.

— Зошто се нафрлате врз мене? Зошто ме мачите? — страдалнички проговори Смердјаков.

— Ех, по ѓаволите! Многу ми е грижа за тебе! Одговори на прашањето, па ќе си одам веднаш.

— Нема што да ви одговорам! — пак се наведна Смердјаков.

— Те уверувам дека ќе те присилам да ми одговориш.

— А зошто вие се вознемирувате постојано? — се загледа Смердјаков наеднаш во него, но не толку со презир колку скоро веќе со некаква гадливост — дали затоа што утре ќе почне судењето? Па нема ништо да ви се случи, бидете веќе еднаш уверен! Одете си дома, легнете мирно и спијте, и не грижете се за ништо.

— Не те разбирам... што има јас да се плашам утре? — зачудено изговори Иван, а наеднаш навистина некаков страв му дувна, како студен ветар, во неговата душа. Смердјаков го измери со очите.

— Не, раз-би-ра-те? — развлече тој со прекор. — Зарем може умен човек да не го мрзи да прави таква комедија!

Иван го гледаше молчејќи. Го изненадуваше неочекувано премногу надуениот тон, со кој сега му се обрнуваше неговиот бивш слуга. Тоа беше необично. Таков тон сепак немаше минатиот пат.

— Ви велам, нема од што да се плашите. Против вас ништо нема да сведочам, нема докази. Види како ви се тресат рацете! Зошто така ви мрдаат прстите? Одете си дома, **не го убивте вие.**

Иван се стресе, се сети за Аљоша.

— Знам дека не го убив јас..., — промрмори тој.

— Зна-е-те? — пак прифати Смердјаков.

Иван скокна и го зграпчи за раменици.

— Кажувај сè, гаду ниеден! Кажувај се!

Смердјаков воопшто не се лутеше. Тој само со безумна омраза ги впи во него очите:

— Е, па штом е така вие го убивте, — разлутено прошепоти тој.

Иван се спушти на столот како да се сетил за нешто. Злобно се насмевна.

— Ти уште зборуваш за она што го кажуваше тогаш, минатиот пат?

— Па вие и минатиот пат стоевте пред мене и разбравте сè, разбирате и сега.

— Разбирам, само дека си ти луд.

— Како да не му здодее на човека! Седиме сами, очи-вочи. Што има да се лажеме, да правиме комедија? Или можеби сè уште сакате само врз мене да стоварите сè, и тоа пред мои очи? Вие го убивте, вие сте главниот убиец, а јас сум само ваш помошник, верен слуга на Личард, и според вашиот збор ја извршив таа работа.

— Ја изврши? Зарем ти го уби? — се стресе Иван.

Нешто како да се разниша во неговиот мозок, и тој целиот затрепери со оладеното тело. И самиот Смердјаков зачудено го погледна: очигледно го изненади искреноста на стравот на Ивана.

— Па зарем вие навистина ништо не знаете? — промрмори тој недоверливо, смеејќи му се в очи на Ивана со искривено лице.

Иван само го гледаше, како да му се беше фатил јазикот.

„Ах, Ванька ми отиде во свет
нема да го чекам“,

му зазвучи наеднаш во главата.

— Знаеш што: јас се плашам да не си ти сон, да не седиш пред мене како привидение, — промрмори Иван.

— Тука нема никакво привидение, освен нас двајца, и уште некој трет. Без сомневање, тој третиот сега се наоѓа овде, меѓу нас двајцата.

— Кој? Кој се наоѓа? Кој е третиот? — уплашено проговори Иван Фјодорович обрнувајќи се околу себе, и забрзано бараше со очите некого по сите агли.

— Па, третиот е — господ, провидението сега е овде покрај нас, но вие немојте да го барате, нема да го најдете.

— Ме излажа дека си го убил! — бесно рикна Иван. — Ти, или си луд, или ме дразниш, како минатиот пат!

Смердјаков како пред малку, воопшто не плашејќи се, и понатаму го посматраше. Тој уште не можеше да ја победи својата недоверливост, сè уште му се чинеше дека Иван „знае сè", но дека се преправа за тука, пред очи, „сè да натовари врз него".

— Почекајте, — проговори тој, најпосле, со слаб глас. Потоа наеднаш тој ја извлече од под масата својата лева нога и почна да ја запрегнува ногавицата нагоре. Ногата му беше во долг бел чорап и облечена во плиток собен чевел. Полека, Смердјаков го спушти ластикот и прстите ги пикна длабоко во чорапот. Иван Фјодорович гледаше во него и наеднаш се затресе грчевито исплашен.

— Тој е полуден! — викна Иван, брзо скокнувајќи од своето место но се затетерави, така што со грбот удри во ѕидот, и прилепен до него, целиот се исправи како колец. Во безумен страв го гледаше Смердјакова. Овој, ни малку незбунет од неговиот страв, сè уште баркаше во чорапот, напрегнувајќи се да напипа нешто со прстите и да го извлече. Најпосле, го напипа и зеде да го измолкнува. Иван Фјодорович виде некакво пакетче од хартии. Смедјаков го извлече пакетчето и го стави на маса.

— Еве ви! — рече тој тивко.

— Што? — одговори Иван, тресејќи се!

— Повелете погледајте — исто така тивко рече Смердјаков.

Иван се доближи до столот, го зеде пакетчето и фати да го одвиткува, па нагло ги тргна прстите, како да допрел некаква одвратна гадинка.

— Прстите постојано ви треперат — забележи Смердјаков, па зеде самиот полека да ги одвиткува

хартиите. Под обвивката се покажаа три снопчиња шарени банкноти од по сто рубли.

— Овде се сите, сите три илјади, не морате ни да ги броите. Повелете, — го покани Ивана, покажувајќи му ги парите со главата. Иван се спушти на столот. Беше блед како крпа.

— Ти ме уплаши... Тоа со чорапот... — проговори тој, некако чудно смешкајќи се.

— Па зарем вие, досега навистина не знаевте? — го праша уште еднаш Смердјаков.

— Не, не знаев. Јас постојано мислев на Дмитриј. Брате! Брате! Ах! — тој наеднаш со обете раце се фати за главата. — Слушај; ти сам ли го уби, без брат ми, или заедно со брат ми?

— Само заедно со вас, заедно со вас го убив, а Дмитриј Фјодорович, тука се просто невини.

— Добро, добро... За мене после. Ама зошто јас постојано треперам... Не можам да проговорам ни збор.

— Па вие тогаш бевте смел: „сè е дозволено“ — велевте, а сега, ете, колку сте се уплашиле! — промрмори Смердјаков чудејќи се. — Сакате ли лимонада? Веднаш ќе порачам. Убаво може да ве освежи. Само првин да ги покриеме овие овде.

И пак покажа со главата на снопчињата банкноти. Веќе тргна за да ѝ викне низ вратата на Марја Кондратјевна да направи лимонада, но бидејќи не знаеше со што да ги покрие парите, за да не ги забележи таа, најпрвин си го извади шамивчето, но тоа беше сосем нечисто, па ја зеде од масата дебелата жолта книга, што Иван ја забележи кога влегуваше, и со неа ги пригмечи парите. Книгата носеше наслов: **Беседа на светиот наш Отец Исак Сирин.** Иван Фјодорович успеа механички да го прочита насловот.

— Не сакам лимонада, — рече тој. — За мене после. Седни и кажи ми: како го изврши тоа? Кажи ми сè...

— Слечете си го барем палтото, зашто премногу ќе се загреете.

Иван Фјодорович како дури тогаш да се сети, го симна палтото и го фрли на клупата, без да стане од столот.

— Зборувај, те молам, зборувај!

И како да се смирил, чекаше со уверување дека Смердјаков ќе каже сè.

— За тоа како е извршено? — воздивна Смердјаков. — Па, извршено е на најприроден начин, сосем според вашите зборови!...

— За моите зборови, после, — пак го прекина Иван, но не со викање, како порано, туку со цврсто изговарање на зборовите и како сосем да се беше совладал. — Раскажи подробно како го изврши тоа. Сè по ред. Немој ништо да заборавиш. А, што е најважно, подробностите, подробностите! Те молам.

— Вие отпатувавте, а јас тогаш поднав во визбата...

— Навистина ли имаше напад на падавица или се преправаше.

— Се разбира, се преправав. Во сè се преправав. По скалите на визбата слегов полека, сосем до долу, па мирно легнав, а кога легнав почнав да викам за помош. И се тресев, сè додека ме изнесоа.

— Чекај! И целото време, и подоцна, и во болницата постојано се преправаше.

— Не. Утредента изутрина, уште пред да ме однесат в болница, ми дојде првата падавица, и тоа многу силна, многу години не сум имал таква. Два дена сосем бев надвор од себеси.

— Добро, добро. Продолжи.

— Ме легнаа на кревет, јас знаев дека ќе ме стават тука зад завесата, зашто секогаш кога ќе бев болен Марфа Игнатјевна ноќе ме ставаше зад таа преграда во својот стан. Тие беа нежни спрема мене, уште од денот на моето раѓање. Ноќе јачкав, но тивко. Постојано ги чекав Дмитриј Фјодорович.

— Како си го чекал? Да дојде кај тебе?

— Зошто кај мене? Ги чекав да дојдат во куќата, зашто веќе немав никакви сомневања оти тие ќе дојдат токму во таа ноќ, зашто се лишени од мене, и немајќи никакви известувања, бездруго мораат сами

да влезат во куќата преку оградата, па да направат нешто.

— А ако не дојдеше?

— Тогаш ништо немаше да биде. Да не дојдеа тие, јас немаше да се решам.

— Добро, добро... Зборувај поразбирливо, не брзај, а што е најважно, ништо не испуштај!

— Јас очекував тие да го убијат Фјодора Павлович... Со сигурност. Затоа што јас веќе така ги подготвив... во последните денови... А што е најважно — знаците им станаа познати. Со оглед на сомнежливоста и разбеснетоста, што во нив беше собрана во тие денови, тие мораа да влезат во куќата со помошта на знаците. Бездруго така. Јас така и ги очекував.

— Чекај! — го прекина Иван, — па ако тој го убиеше татета, тој ќе си ги земеше и парите; токму така си морал да сметаш? А што ќе ти останеше тебе? Не гледам.

— Тие никогаш не би ги нашле парите. Јас ги имав известено дека парите се наоѓаат под перницата. Но тоа не беше вистина. Порано парите стоеја во кутија, да, така беше. А после Фјодора Павлович, бидејќи тие од целото човештво само во мене имаа доверба, го посоветував пакетчето со парите да го пренесе во аголот зад иконата, зашто никој на светов нема да се сети да го побара таму, особено кога ќе влезе набрзина. Па така тој, пакетчето, го стави во аголот зад иконите. А воопшто би било дури и смешно да го држи под перница, барем така во заклучена кутија. А овде сега сите поверуваа дека парите божем се наоѓале под перница. Глупаво резонирање. Значи, ете, ако Дмитриј Фјодорович го извршеа убиството, бидејќи не ќе најдеа ништо, или набрзина ќе избегаа, плашејќи се од секакво шушкање, како што секогаш се случува со убијците, или ќе беа уапсени. И така, јас можев утредента, или уште истата ноќ, да се пикнам зад иконите и да си ги земам парите, па сè да се натовари врз Дмитриј Фјодорович. Со тоа можев да сметам секогаш.

— Знам, но ако тој не го убиеше, ами само ако го истепаше татка си?

— Ако не го убиеше, тогаш, се разбира, немаше да смеам да ги земам парите и сè ќе беше напразно. Но, и тогаш правев сметка: тие толку ќе го истепаат што стариот ќе се онесвести, а јас, во меѓувреме, ќе успеам да ги земам парите, а после ќе му лепортирам на Фјодор Павлович дека парите не ги зел никој друг, туку Дмитриј Фјодорович, откако го натепале.

— Чекај... уште не ми е јасно сè. Значи, сепак убиецот е Дмитриј, а ти само си ги зел парите?

— Не, тие не го убија. Ами, јас би можел сега да ви речам дека го убиле тие... Но јас не сакам да лажам сега пред вас, зашто... зашто иако вие навистина, како што гледам и самиот, досега не сте сфатиле ништо, ниту сте се преправале пред мене со намера вашата очигледна вина да ја префрлите врз мене, сепак вие сте виновен за сè, зашто сте знаеле за убиството, и мене сте ми порачале да го убијам, сте отпатувале, иако сте знаеле за сè. Затоа и сакам вечерва в очи да ви докажам дека овде вие сте главниот убиец, а јас сум најмалку важниот, иако јас сум извршител на убиството. А, всушност, вие сте најзаконитиот убиец!

— Зошто, зошто да сум јас убиец? О, господи! — најпосле не издржа Иван, заборавајќи дека сите забелешки што се во врска со него ги одложи за на крајот од разговорот. — Ама, да не е сето тоа Чермашња? Чекај, кажи, зошто ти требаше посебно одобрување од мене ако Чермашња ја прими како некакво одобрување? Како ќе го објасниш тоа?

— Бидејќи бев убеден во вашето одобрување, знаев дека вие ни поради тие изгубени три илјади нема да правите врева кога ќе се вратите, ако некако власта ме усомни мене, наместо Дмитрија Фјодорович, или дека сум во договор со Дмитриј Фјодорович, напротив вие ќе ме браневте од другите... а откако ќе го добиевте наследството, можевте некогаш подоцна во идниот живот и да ме наградите, зашто сепак наследството ќе повелавте да го добиете со моја помош, бидејќи ако старецот се ожени со Аграфена Александровна, ќе добиевте само шипак.

— А! Значи, ти си имал намера и после да ме мачиш цел живот! — прочкрта со забите Иван. — А што ќе правеше ако јас тогаш не отпатував, ами ако те пријавев?

— А што би можеле тогаш да пријавите? Тоа, дека ве терав да заминете во Чермашња? Глупост! А, освен тоа, вие по нашиот разговор, или ќе отпатувавте, или ќе останевте. Да останевте тогаш, немаше ништо да се случи, јас ќе знаев дека вие не ја сакате таа работа, и ништо немаше да преземам. А штом отпатувавте, со тоа, значи, ме уверивте дека не ќе смеете да ме пријавите на суд и дека ќе ми ги оставите трите илјади. А, воопшто не би можеле ни да ме гоните, зашто тогаш јас пред судот ќе кажев сè, тоест не тоа дека јас украдов или убив, тоа не би го кажал, — туку дека вие сте ме подбуцнувале да украдам и убијам, а дека јас не сум се согласил. Ете, затоа тогаш ми требаше вашето одобрување, за со ништо да не можете да ме доведете во тесно, зашто каде ви е доказот, а јас секогаш можев да ве втерам во тесно, изнесувајќи пред луѓето дека жедно сте ја сакале смртта на татко ви, и еве, ви давам збор — сите на светов ќе поверуваа во тоа, и вие ќе бевте посрамен за цел живот.

— Значи, велиш, жедно сум го сакал тоа? — чкрипна со забите Иван.

— Без сомневање го сакавте, и со вашето одобрување тогаш премолчно дозволивте да го извршам делото, — рече Смердјаков и решително го погледна Ивана. Беше многу слаб, и зборуваше тивко и уморно, но го распалуваше нешто внатрешно и потајно, очигледно имаше некаква намера. Иван го претчувствуваше тоа.

— Продолжи, — му рече тој, — продолжи за таа ноќ.

— Што има понатаму! Ете лежам јас и слушам како да викна господарот. А Григориј Василевич пред тоа, наеднаш станаа и излегоа, и наеднаш викнаа, а потоа сè тивко, темница. Значи, јас лежам, чекам, срцето ми тупка, не можам да издржам. И најпосле станувам, и одам — гледам, од левата страна прозоре-

цот кон градината отворен, јас уште малку се доближувам влево, за да наслушнам дали тие таму седат живи, и слушам како господарот нешто многу се раздвижил по собата, и воздивнува, значи, живи се. „Ех!“ — си помислувам јас. Се доближувам до прозорецот, и му викнувам на господарот: „Јас сум, јас“. Тој ми рече: „Беше, беше, избега!“ Тоест, значи, биле тука Дмитриј Фјодорович. „Го уби Григорија!“ — „Каде?“ му шепотам јас. — „Онаму во аголон“, ми покажува тој, и исто така шепоти. — „Чекајте“, велам. Отидов во аголот и покрај ѕидот го најдов Григориј Василевич како лежи целиот во крв и без свест. Значи, точно е дека дошол Дмитриј Фјодорович, ми светна во главата, па тука вчас, решив сè да завршам наеднаш, зашто Григориј Василевич ако се уште живи, тие така во несвест засега нема да видат ништо. Ризикував само едно, дека одненадеж можеше да се разбуди Марфа Игнатјевна. Вмиг го почувствував тоа, но, лакомоста веќе ме беше исполнила целиот, просто веќе одвај дишев. Пак доаѓам под прозорецот на господарот, па му велам: „Таа е овде, дојдена е, Аграфена Александрозна е дојдена, моли да ја пуштите“. А тој, веднаш целиот затрепери, како дете: — „Каде овде? Каде?“ — само 'ржи, но уште не верува. — „Ене“, — реков, — „стои онаму, отворете!“ Тој гледа во мене низ прозорецот, па и верува и не верува, а се плаши да отвори; „Значи“, си помислив, „тој веќе се плаши и од мене“. И смешно: мене наеднаш ми текна на прозорецот да му ги отчукам знаците како божем да е дојдена Грушенка, и ги отчукав пред неговите очи: како да не им веруваше на моите зборови, а кога ги отчукав знаците, тие веднаш потрчаа да ја отворат вратата. Ја отворија. Јас сакав да влезам, а тој стои, со своето тело не сака да ме пушти внатре. — „Ама каде е таа? Каде е таа,“ — гледа во мене и трепери. „Е“, — си помислувам, — „штом толку се плаши од мене — тогаш е лошо!“ — И тогаш и мене почнаа да ми се потсечуваат нозете од страв дека нема да ме пушти во собата, или дека ќе викне, или дека ќе дотрча Марфа Игнатјевна, или дека ќе се случи такво нешто, сега веќе не се сеќавам, сигурно сум стоел

тогаш пред него блед како крпа. Му шепотам: — „Ама ене ја, ене ја под прозорецон“, велам, „како не ја видовте?“ — „Па доведи ја, доведи ја!“ — „Ама се плаши,“ велам, „се уплашила од викањето, скриена е во грмушкана, викнете ја вие самиот однатре, од собата.“ Тој потрча, дојде до прозорецот, ја стави свеќата на прозорецот: „Грушенка! вика, Грушенка, тука ли си?“ Вика така а воопшто не се наведнува низ прозорецот, нејќе да се оддалечи од мене, од голем страв. „Ама ене ја,“ велам, (дојдов до прозорецот и сосем се наведнав) „ене ја во грмушкана, ви се смее, зарем не ја гледате?“ Тие наеднаш поверуваа, целите се затресоа, зашто жестоко беа заљубени во неа, и целите се наведнаа низ прозорецот. Тогаш јас го зграпчив железниот притискач од неговата маса, се сеќавате за него, тежи, изгледа, три фунти, замавнав, па одзади со аголот на притискачот го удрив во самото теме. Ни глас не пушти. Само наеднаш се свлечка надолу, а јас и по втор, и по трет пат. Третиот пат почувствував дека сум му го пробил черепот. Тие сосем се струполија наземи, со лицето нагоре, сето во крв. Јас погледнав: на мене нема крв, не сум испрскан, притискачот го избришав, го оставив на своето место, отидов зад иконите, ги извадив парите од пакетчето, а обвивката и црвена панделка ги фрлив на подот, покрај огништето. Слегувам во градината, целиот се тресам. Право одам кон шупливата јаболкница, — вие ја знаете нејзината дупка, јас одамна ја имав забележано, во неа веќе имаше крпа и хартија, отпорано ги имав приготвено; ги завиткав парите во хартијата, а потоа во крпата, и ги пикнав длабоко во дупката. Повеќе од две недели парите стоеја таму, ги извадив кога излегов од болница. Значи, се вратив во постелата, легнав, и си мислев во страв: „Ако е убиен Григориј Василевич, тогаш поради тоа може да излезе сосем лошо, а ако не е убиен, и ако дојде на себеси, ќе излезе многу добро, бидејќи тие тогаш ќе бидат сведоци дека дошле Дмитриј Фјодорович, па, значи, тие го убиле татка си, и си ги зеле парите“. Тогаш од сомневање и од нестрпливост почнав да јачкам, за што побрзо да ја разбудам Марфа Игнатјевна. Нај-

после таа стана, дојде кај мене, но кога забележи дека го нема Григориј Василевич — истрча и, слушам, почна да лелека во градината. Ете така мина целата ноќ, а јас веќе бев сосем смирен.

Раскажувачот запре. Иван целото време го слушаше во гробно молчење, без да се помрдне, не тргнувајќи си ги очите од него. А пак Смердјаков додека раскажуваше, само одвреме-навреме погледнуваше во него, но повеќе гледаше настрана. Кога го доврши раскажувањето, тој очигледно и самиот се возбуди, и одвај дишеше. На лицето му се појави пот. Но не можеше да се погоди дали чувствува каење или нешто друго.

— Стој! — викна Иван, размислувајќи за нешто. — А вратата? — Ако тој вратата ти ја отворил тебе, како можел Григориј пред тебе да ја види отворена? Зашто Григориј пред тебе видел оти вратата е отворена!

Важно е тоа дека Иван прашуваше со најмирен глас, дури и со поинаков тон, ни најмалку не огорчен, така што ако сега некој ја отвореше вратата од нивната соба, и ги погледнеше од прагот, бездруго ќе заклучеше дека тие седат мирно и разговараат за некој обичен, иако интересен предмет.

— Што се однесува до вратата и до тоа дека божем Григориј Василевич видел оти таа е отворена, тоа нему така само му се сторило, — се насмевна Смердјаков, искривувајќи си го лицето. — Зашто, да ви кажам, тој не е човек, туку нешто како ќудлив коњ, и не видел, туку само му се сторило дека видел, — но сега веќе никој не може да го разубеди. За мене и за тебе вистинска среќа е што тој го измислил тоа, зашто врз основа на тоа сигурно ќе се докаже дека виновник е Дмитриј Фјодорович.

— Слушај, — проговори Иван Фјодорович како пак да почна да се губи, а трудејќи се и нешто да смисли, — слушај. Сакав да те прашам уште за многу работи, но заборавив... Јас постојано заборавам и мешам... Да! Кажи ми уште: зошто си го распечатил и пакетчето а неговата обвивка си ја ставил на подот? Зошто просто не си ги зел парите сосе обвика... До-

дека раскажуваше мене ми се стори како да сакаше да кажеш оти така требало да се направи... а зошто требало — не можам да сфатам...

— Па тоа го направив така, поради извесна причина. Зашто ако тоа бил човек упатен и што ги познава работите, како, на пример, јас, кој тие пари сум ги видел и порано, па можеби и самиот сум ги завиткувал во обвивката и со сопствени очи сум гледал како се запечатуваат и како им се става натписот, тогаш зошто таквиот човек ако, на пример, тој го уби старецот, по убиството го распечатил пакетчето, и уште во брзаницата, кога веќе и така сосем точно знаел, дека парите со сигурност се наоѓаат во тоа пакетче? Напротив, ако тоа бил човек крадец како мене, на пример, тој просто би си го ставил пакетчето в џеб, без да го распечати, и со него што побрзо би избегал. Сосем друго се тука Дмитриј Фјодорович: тие за пакетот имаа само слушано, не го имаа видено, па кога го нашле, на пример, да речеме под перницата, тогаш брго-брго го распечатиле, за да се уверат дали се тука навистина парите? А обвивката веднаш ја фрлиле тука, зашто немале време да размислат дека таа после ќе остане како доказно средство против нив, зашто тие се невешт крадец, и порано никогаш ништо јавно не украле, зашто од старо време се благородници, а што се решиле сега да украдат, тоа всушност и како да не дошле да украдат, ами само да си ги земат назад сопствените пари, зашто претходно за тоа разгласиле по целиот град, и дури порано на глас се фалеле пред целиот свет дека ќе одат и ќе си ја земат од Фјодор Павлович својата сопственост. Кога ме распитуваа, таа моја мисла, не му ја кажав јасно на државниот обвинител, туку, напротив, божем така патем, ја нафрлив, божем и самиот не сфаќам, па излезе како државниот обвинител самите да го измислиле, а не дека јас тоа им го внесов во главата — така што на господинот обвинител од таа моја напомена лиги му потекоа низ устата...

— Па зарем ти уште тогаш на самото место, го измисли сето тоа? — викна Иван здрвен од вчудовиденост. Пак со страв го гледаше Смердјакова.

— Ама ве молам, зарем би можел некој да го измисли тоа во таква брзаница? Тоа беше измислено уште порано.

— Значи, тебе... тебе ти помагал самиот ѓавол! — викна Иван — не, ти не си глупав, ти си многу поумен отколку што мислев!...

Тој стана со очигледна намера да се прошета по собата. Беше многу тажен. Но бидејќи масата му го попречуваше патот, па речиси мораше да се провлекува помеѓу масата и ѕидот, тој само се сврти наместо и пак седна. Тоа што не успеа да прошета, можеби наеднаш го разлути, така што бесно завика:

— Слушај, несреќен и омразен човеку! Не гледаш ли ти: досега не те убив затоа што те чувам за утре да одговараш пред судот, Господ гледа (Иван ја крена раката нагоре) — можеби и јас бев виновен, можеби навистина имав потајна желба татко ми... да умре, но, ти се колнам, не бев толку виновен како што мислиш ти, и можеби воопшто не те подбуцнував. Не, не, не те подбуцнував! Но сеедно, јас самиот ќе сведочам против себеси, утре, на судењето, се решив! Сè ќе кажам, сè. Но ќе излезам заедно со тебе! И без обѕир што ќе кажуваш против мене пред судот, без обѕир што ќе сведочиш — примам сè и не се плашам од тебе, сè ќе потврдам! Но и ти мораш да признаеш пред судот! Мораш, мораш, заедно ќе одиме! Така ќе биде!

Иван тоа го изговори свечено и енергично, а дека ќе биде така, се познаваше по неговиот поглед кој гореше.

— Вие сте болен, гледам јас, многу сте болен. Сосем ви се жолти очите. — рече Смердјаков, но без подбивање, дури како да чувствуваше сожалување.

— Заедно ќе одиме, — повтори Иван, — а ако не дојдеш ти, — сеедно, јас самиот ќе признам.

Смердјаков помолчи малку, како да размислува за нешто.

— Од тоа нема да излезе ништо, и вие нема да одите — заклучи тој, најпосле, речиси неотповикливо.

— Ти не ме сфаќаш мене! — прекорно му викна Иван.

— Премногу ќе ви биде срам сето тоа да го признаете против себеси. А што е најлошо, сè ќе ви биде напразно, сосем, зашто јас отворено ќе кажам, дека никогаш не сум ви зборувал такво нешто, ами дека вие тоа го тврдите или поради некаква болест (а на тоа и ми прилега), или просто толку ви е жал за брат ви што се жртвувате себеси, а тоа против мене сте го измислиле, зашто и така целиот живот ме сметавте за бубачка, а не за човек. Е, па кој ќе ви поверува, добро каков доказ имате, макар еден?

— Па сега ми ги покажа парите, се разбира за да ме убедиш.

Смердјаков го тргна „Исак Сирин" од над парите и го стави настрана.

— Париве земете ги и однесете ги со вас, — воздивна Смердјаков.

— Се разбира дека ќе ги земам! А зошто ми ги даваш ако си го убил старецот поради нив? — многу зачудено го погледна Иван.

— Воопшто не ми се потребни веќе, — со треперлив глас изговори Смердјаков, одмавнувајќи со раката. — Порано имав ваква мисла: со тие пари ќе започнам живот во Москва, или уште подобро во странство; имав таква мечта, но најмногу поради тоа што „сè е дозволено". Вистина, така ме учевте вие, и многу такви нешта ми наприкажавте: зашто ако го нема бесконечниот господ, тогаш нема и никаква добродетел, и воопшто не е ни потребна. Вие тоа навистина го кажувавте. А јас после заклучив дека е навистина така.

— Дали до тоа дојде со твојот ум? — изнасилено се насмевна Иван.

— Под вашето раководство.

— А сега, значи, веруваш во бога зашто ги враќаш париве?

— Не, не верувам — прошепоти Смердјаков.

— А зошто ги враќаш?

— Ах, мавнете се . . . Ништо! — одмавна пак Смердјаков со раката. — Порано самиот секогаш велевте дека „сè е дозволено а зошто сега сте толку вознемирен?" Дури сакате да одите да се обвините себеси! Са-

мо, од сето тоа нема да биде ништо! Вие нема да се обвините себеси! — пак заклучи Смердјаков решително и убедено.

— Ќе видиш! — проговори Иван.

— Тоа не може да биде. Вие сте многу умен. Ги сакате парите, јас знам, угледот и почитувањето, исто така ги сакате, зашто сте многу горд, женската убавина ја сакате прекумерно, а над сè сакате живот во мирно изобилство, и на никого да не морате да му се клањате — најмногу тоа. Вие не сакате засекогаш да си го расипете животот, откако на судот ќе примите врз себе таква срамота. Вие сте како Фјодор Павлович, вие најмногу од сите негови деца, најмногу личите на него, душата ви е иста како неговата.

— Ти не си глупав — проговори Иван речиси како вчудовиден; крвта му удри во лицето. — Порано мислев дека си глупав. Сега ти си сериозен — забележи тој наеднаш некако со нови очи гледајќи го Смердјакова.

— Вие поради вашата гордост мислевте дека сум глупав. Земете ги париве.

Иван ги зеде трите снопчиња банкноти и ги стави в џеб, без да ги завиткува во нешто.

— Утре ќе ги покажам пред судот — рече тој.

— Таму никој нема да ви верува, бидејќи сега вие и ваши пари имате доста, просто сте ги зеле од кутијата и сте ги донесле.

Иван стана.

— Ти повторувам: денеска не те убив, само затоа што си потребен за утре, запомни, не заборавај!

— Па добро, убијте ме. Убијте ме сега — наеднаш и некако чудно изговори Смердјаков, необично гледајќи го Ивана. — Не смеете ни тоа да го сторите! — додаде тој, горчливо насмевнувајќи се, — вие сега немате смелост за ништо, вие — некогаш смел човек.

— За утре! — викна Иван и стана да си оди.

— Чекајте... Покажете ми ги уште еднаш.

Иван ги извади парите и му ги покажа. Смердјаков ги гледаше десетина секунди.

— Е, сега одете си, — рече тој, мавнувајќи со раката. — Иване Фјодорович — пак наеднаш викна тој по него.

— Што сакаш? — се обрна Иван во одењето.

— Збогум!

— До утре! — му викна пак Иван и си излезе од собата.

Виулицата уште не беше престаната. Првите чекори, ги направи сигурно, но наеднаш како да почна да се тетерави. „Тоа е нешто физичко“, — си помисли тој насмевнувајќи се. Сега, како некаква радост да му ја исполни душата. Во себе почувствува некаква безгранична решителност: крај на колебањата што го измачуваа толку многу во последно време! Решението е донесено „и сега веќе нема да се измени“, целиот среќен си помисли тој. Во тој момент на нешто се сопна и за малку ќе падне. Се запре, и покрај своите нозе го забележи селанецот што го собори наземи и кој уште така лежеше на истото место, без свест и неподвижен. Виулицата веќе речиси му го имаше покриено целото лице. Иван го зграпчи и го натовари на грб. Во една куќичка од десната страна, забележи светлина, тропна на прозорските капаци и го замоли сопственикот на куќичката кој му се одзва, да му помогне да го одвлечат селанецот в полиција, и за тоа му вети три рубли. Човекот се приготви и излезе. Јас сега нема подробно да опишувам како Иван Фјодорович тогаш успеа да ја постигне целта и да го смести селанецот во квартот, така што веднаш да го прегледа лекар, при кое и тука многу штедро даде „за трошок“. Ќе кажам само дека оваа работа му одзеде речиси еден час. Но Ивван Фјодорович беше многу задоволен. Мислите му скокаа и работеа: „да немав решено толку цврсто за утре“, си помисли тој наеднаш со уживање, „немаше да се задржам овде цел час за да го засолнувам селанецот, ами ќе поминев покрај него, и само ќе го плукнев затоа што тој беше замрзнат... Туку, види колку сум способен сега да се посматрам себеси!“ — си помисли тој во истиот момент со уште поголемо уживање: „А тие таму заклучија дека побудалувам!“ Кога дојде до својата куќа, наеднаш за-

стана под влијание на ненадејното прашање: „Да не треба веднаш да се оди кај државниот обвинител и сè да му се раскаже?“ Тоа прашање го реши, откако отиде дома: „Утре ќе свршиме сè!“ си прошепоти во себе, и, чудна работа — речиси сета радост, сето задоволство од себеси, за миг му исчезнаа. А кога влезе во својата соба, нешто ледено наеднаш го допре неговото срце, како некаков спомен или поточно, сеќавање на нешто мачно и одвратно, што се наоѓа во собава токму сега, во овој миг, и што било тука и порано. Тој целиот изнемоштен се спушти на канабето. Старицата му донесе самовар, тој свари чај, но не го ни обиде; — старицата ја ослободи и ѝ рече да не доаѓа кај него до утре. Седеше на канабето и чувствуваше како да му се врти умот. Чувствуваше дека е болен и немоќен. Почна да го фаќа дремка, но стана вознемирен, и се раздвижи во собата за да го растера сонот. Во одделни моменти му се чинеше како да е во несвест. Но, сега болеста не беше тоа што го интересираше најмногу: откако седна повторно, тој почна да се обрнува ваму-таму, наоколу, како да бара нешто со погледот. Така неколку пати. Најпосле погледот му се запре и се зацврсти на една точка. Иван се насмевна, но лицето му се облеа со гневно црвенило. Долго време седеше наместо потпирајќи си ја главата со обете раце, и откосо погледнувајќи во поранешната точка на канабето, што стоеше покрај ѕидот отспротива. Очигледно нешто таму го лутеше, некаков предмет го вознемируваше и го мачеше.

IX

Ѓавол. Кошмарот на Иван Фјодорович

Јас не сум лекар, но чувствувам дека е дојден моментот кога ми е многу потребно на читателот колку-толку да му ја објаснам природата на болеста на Иван Фјодорович. Одејќи напред, ќе речам само едно: тој тогаш, таа вечер, всушност, се наоѓаше пред напад на бела треска, која најпосле сосем го совлада

неговиот организам, кој одамна беше растроен, но сè уште упорно ѝ се спротивставуваше на болеста. Не знаејќи ништо за медицината, ќе се осмелам, да ја изнесам претпоставката, дека тој, можеби, со страшно напрегање на својата волја успеал за некое време да ја отстрани болеста, се разбира, мечтаејќи сосем да ја совлада. Знаеше дека не е здрав. Но со одвратност одбиваше да биде болен во кобните моменти на својот живот што настапуваа кога требаше да се биде тука, слободно и решително да се каже својот збор, и „самиот пред себеси да се оправда". Впрочем, тој еднаш го посети новиот лекар, што го доведе од Москва Катарина Ивановна покорувајќи ѝ се на една своја ќуд, што веќе ја споменав. Откако го ислуша и го прегледа, докторот заклучи дека тој има некакво растројство во мозокот, и ни малку не го зачуди признанието на Ивана. „Халуцинациите во ваквата состојба, се многу возможни", — изјави лекарот, — „иако би требало да се испитаат . . . И воопшто, неопходно е да се започне сериозно лекување, без да се губи ниеден момент, инаку ќе биде лошо". Но Иван Фјодорович, не го послуша неговиот разумен совет, и пропушти да легне и да се лекува: „Еве се движам, уште имам сили, а кога ќе легнам в постела — тоа е друга работа, тогаш нека ме лекува кој сака" — реши тој одмавнувајќи со раката. Значи ,тој сега седеше, и речиси и самиот чувствуваше дека е пред загубување на свеста, и, како што веќе реков, упорно се загледуваше во некаков предмет на канабето покрај спротивниот ѕид. Таму наеднаш му се виде: седи некој, кој којзнае како дошол тука, зашто кога влезе Иван во собата враќајќи се од кај Смердјакова него го немаше. Тоа беше некаков господин, или подобро речено некаков руски џентлемен, веќе не млад „qui frisait la cinquataine,"[1]) како што велат Французите, со малку бели влакна во темната, доста долга и уште густа коса, и со клинесто потстрижена брадичка. Беше облечен во некакво сино кратко палто, очигледно сошиено од многу добар шивач, но веќе износено, со-

[1]) Само што не влегол во педесеттата (фр.)

шиено приближно во предминатата година и веќе сосем излезено од мода, така што никој од „светските“ имашливи луѓе такво палто не носеше веќе две години. Кошулата, долгата врска како шарпа, сè му беше како кај сите други џентлемени — модисти, но кошулата, ако се погледаше од поблиску, му беше прилично нечиста, а широката шарпа сосем износена. Панталоните со четвртести шари, му стоеја прекрасно, но тие пак беа со премногу отворени бои и некако премногу тесни, какви што сега веќе не се носат, исто како и меката шапка од филц, кој веќе премногу не е во согласност со годишното време. Со еден збор, изглед на пристојност, со многу слаби парични средства. Би можело да се каже дека тој џентлемен ѝ припаѓа на класата на некогашните безработници-спахии, што џутеа во времето на кметството ,очигледно човек што го видел светот и отменото општество, кој некогаш имал врски и можеби ги зачувал и денеска, но кој, полека осиромашувајќи, по веселиот живот во младоста и по неодамнешното укинување на кметството, станал нешто како угладен подлизурко, кој, талка по куќите на добрите стари познајници, каде што го примаат поради неговата приспособлива питома нарав, а и затоа што сепак тој, е пристоен човек, што можеш да го седнеш на маса со кого сакаш, иако, се разбира, на скромно место. Таквите подлизурковци-џентлемени, со питома нарав, што знаат да раскажат интересна приказна, да изиграат партија карти, но никако не сакаат да им натураат некакви пораки, обично се самци, ергени или вдовци, може да имаат деца, но децата секогаш им се воспитуваат некаде далеку, кај некакви тетки, кои џентлеменот никогаш и не ги споменува во пристојно друштво, како да се срами малку од таквите роднини. А од децата малку-помалку сосем се одвикнува, и само ако добие од нив честитки за својот именден и за божик, понекогаш одговара на нив. Лицето на неочекуваниот гостин не беше сосем добродушно, но сепак беше питомо и готово, според ситуацијата, за секаков љубезен израз. Немаше кај себе часовник, но, на црна лента му висеше лорнет со рамка од желка. На средниот прст од

десната рака му светкаше тежок златен прстен со евтин опал. Иван Фјодорович бесно молчеше и не сакаше да започне разговор. Гости́нот чекаше, всушност седеше како човек што живее од љубов во туѓа куќа и кој од собата што му е доделена штотуку слегол долу на чај за да му прави друштво на домаќинот и кој мирно молчи, зашто домаќинот нешто работи, и мрачно размислува; а инаку е готов за секаков љубезен разговор, само ако го започне домаќинот. Наеднаш неговото лице изрази некаква ненадејна загриженост.

— Слушај — му рече тој на Иван Фјодорович — извини, јас би сакал само да те потсетам: ти отиде кај Смердјаков, за да дознаеш за Катарина Ивановна. А си отиде без да дознаеш нешто за неа, сигурно си заборавил . . .

— Ах, да! — наеднаш му се откина на Ивана, и лицето му се стемни од загриженост, — да, заборавив . . . Впрочем, сега е сеедно, до утре, — промрмори тој за себе. — А ти, — налутено му се сврти на гостинот, — јас сега и самиот ќе се сетев, зашто токму тоа ме измачуваше и ме растажуваше! А бидејќи сега ти се појави однекаде, мислиш дека јас веднаш ќе поверувам оти тоа ти ми го шепна, а не дека се сетив јас?

— Тогаш не верувај — милно се насмевна џентлменот. — Всушност, каква е таа вера со насилство? Освен тоа, кај верата не помагаат никакви докази, особено материјални. Тома поверувал не затоа што го видел воскреснатиот Христос, ами затоа што уште порано сакал да поверува. Ете, на пример, спиритистите . . . Јас многу ги сакам . . . Замисли, тие сметаат дека се корисни за верата, зашто ѓаволите од оној свет им ги покажуваат рокчињата. „Тоа е веќе, така да се каже и материјален доказ, велат, дека постои оној свет!“ Оној свет и материјални докази, остави! И, најпосле, ако е докажан ѓаволот, уште со сигурноста не е докажано и за бога? Сакам да се запишам во идеалистичкото друштво, па таму ќе бидам опозиција: „Јас сум реалист, а не материјалист — хе-хе!“

— Слушај! — наеднаш стана од кај масата Иван Фјодорович. — Јас сега како да имам несвестица... и, навистина несвестица... можеш да кажуваш што сакаш, мене ми е сеедно! Но нема да ме доведеш до избезуменост, како последниот пат. Мене ми е срам само од нешто... Сакам да шеткам по собава... јас понекогаш не те гледам, и дури не ти го слушам ни гласот, како последниот пат, но секогаш го претпоставувам она што ми го мелеш тука, затоа што јас, **јас зборувам, а не ти!** Не знам само дали спиев последниот пат, или те видов најаве, А сега ќе го наквасам пешкирот со студена вода, и ќе си го ставам на глава, па ќе даде господ да исчезнеш.

Иван Фјодорович отиде во аголот, го зеде пешкирот, направи како што рече, па со влажниот пешкир на главата почна да шетка горе-долу по собата.

— Мене ми се допаѓа што јас и ти минавме на „ти", — почна гостинот.

— Будала, — се насмевна Иван. — Секако, нема и тебе да ти се обрнувам со **ви**, сега сум весел, само ме боли овде кај слепово око... и на темево... но, те молам, немој да ми филозофираш како последниот пат. Ако веќе не можеш да фатиш крајот, тогаш кажувај нешто весело. Прави сплетки, зашто ти си неранимајко, значи кажувај сплетки! Како може човек наеднаш да падне во кошмар! Но јас не се плашам од тебе. Јас ќе издржам. Нема да ме одведат во лудница!

— C'est charmant неранимајко. Да, тоа е навистина мојот вистински облик. Да, што сум јас на земјава, ако не неранимајко? Впрочем, јас те слушам, и малку ти се восхитувам: жими бога, ти како да почнуваш по малку да сметаш оти постои нешто сериозно, а не дека е само плод на твојата фантазија, како што упорно тврдеше минатиот пат...

— Ниеден момент не ќе прифатам како реална вистина! — некако бесно викна Иван. — Ти си лага, ти си мојата болест, ти си привидение. Само не знам со што да те уништам, и гледам дека некое време ќе морам да се мачам. Ти си моја халуцинација, ти си мое отелотворување, впрочем, само на една моја стра-

на... На моите мисли и чувства, и тоа само на најгадните и најглупавите, во тој поглед за мене ти би можел да бидеш и интересен, само да имам време да излезам накрај со тебе...

— Дозволи, дозволи да ти докажам дека не е така: пред малку, покрај фенерот, кога се нафрли на Аљоша и му викна: „Ти, од **него** го дозна тоа! Од каде знаеш дека **тој** доаѓа кај мене?“ — притоа ти мислеше на мене. Значи, еден мал момент сепак поверува дека јас навистина постојам, — благо се насмевна џентлменот.

— Да, тоа беше слабост на природата... но јас не можев да верувам во тебе. Не знам дали спиев минатиот пат, или стоев простум. Тогаш можеби те видов на сон, а не најаве...

— А зошто пред малку беше толку суров со него, со Аљоша? Тој е мил, јас пред него сум виновен поради старецот Зосима.

— Молчи за Аљоша! Како се осмелуваш, ти, ла кеј! — пак се насмевна Иван.

— Се лутиш и се караш, а во исто време се смееш, — добар знак. Впрочем, денеска си многу пољубезен со мене, отколку минатиот пат и јас знам зошто: Тоа е големо решение...

— За решението да молчиш! — разлутено викна Иван.

— Знам, знам, c'est noble, c'est charmant[1]) ти утре одиш да го браниш брата си, и себеси се принесуваш како жртва... c'est chevalersque[2])...

— Молчи, зашто ќе те измавам!

— Донекаде тоа и ќе ми беше мило, зашто тогаш мојата цел ќе биде постигната: ако ме удриш, значи дека веруваш во мојата реалност, зашто привидението не се тепа. Но, шегата настрана: знаеш, мене ми е сеедно, карај ме колку што сакаш, но сепак е поубаво да бидеш барем за трошка поучтив, па макар и со мене. А не вака: де „будала“, де „слуга“, какви се тие зборови! —

---

[1]) Тоа е благородно, тоа е прекрасно (фр.)
[2]) Тоа е рицарски (фр.)

— Кога те карам тебе, се карам себеси! — пак се насмевна Иван. — Ти си јас, истиов овој јас, само со друго лице. Ти, всушност, го зборуваш она што веќе јас го мислам... И не си способен да ми кажеш ништо ново.

— Ако се согласувам со тебе во мислите, тоа само ми прави чест, — рече џентлменот, деликатно и достоинствено.

— Ги земаш само моите гадни мисли, и, што е најважно — глупавите. Ти си глупав и прост. Ти си премногу глупав. Не, не ќе можам да те трпам! Што да правам, што да правам! — прочкрта со забите Иван.

— Пријателу мој, јас сепак сакам да бидам џентлемен и како таков да бидам и пречекуван, — почна гостинот обземен од некакво чисто неранимајковско и веќе однапред попустливо и добродушно самољубие. — Јас сум сиромав, но... не сакам да кажам оти сум и многу чесен, но... обично во општеството е прифатено како аксиом дека сум пропаднат анѓел. Богами, не можам да замислам како сум можел да бидам некогаш анѓел. Ако сум бил некогаш, тогаш толку одамна што не би било грев и да се заборави. Сега ми е само до тоа да ме сметаат за пристоен човек, и живеам како што се може ,трудејќи се да бидам пријатен. Јас искрено ги сакам луѓето — о, јас сум многу наклеветен! Кога ќе се преселам за некое време кај вас овде, мојот живот минува како нешто реално, и тоа најмногу ми се допаѓа. Зашто јас и самиот како тебе, страдам од фантастичното, па затоа и го љубам вашиот земски реализам. Овде кај вас сѐ е оцртано, тука е формулата, тука е геометријата, а кај нас само некакви неопределени равенки! Овде јас доаѓам и мечтаам. Јас љубам да мечтаам. Покрај тоа, станувам суеверен на земјава — немој да се смееш, те молам: всушност, мене ми се допаѓа тоа што станувам суеверен. Јас овде ги примам сите ваши навики: го засакав одењето во јавна бања, можеш ли тоа да си го претставиш, јас љубам таму да седам со трговците и поповите во врела пара. Мојот сон е да се отелотворам, и тоа најпосле неповратно, во некаква дебела трговка од седум пудови, и да поверувам во сѐ во што

верува и таа. Мојот идеал е — да влезам в црква, и да запалам свеќа со чисто срце, така е жими бога. Тогаш би им дошол крајот на моите страдања. А почнав да сакам и да се лекувам кај вас: пролетоска се јавија големи сипаници, и јас отидов во домот за сирачиња, се вакцинирав против сипаници, да знаеш колку бев задоволен тој ден! За браќата Словени жртвував десет рубли!... Ама ти и не слушаш. Знаеш, денеска си нешто многу лошо расположен, — по кратко молчење рече центлеменот.

— Знам, вчера го посетив докторот.

— Тогаш, како ти е здравјето? Што ти рече докторот?

— Будала! — му се нафрли Иван.

— Но ти си умен! Пак ме караш? Јас тоа не го реков поради соучество, туку-така. Па добро. Не одговарај. Сега пак завладеаја ревматизми...

— Будала! — повтори Иван.

— Ти пак твоето, а јас лани добив таков ревматизам што го паметам и сега.

— Зарем ѓаволот се разболел од ревматизам?

— А зошто не, штом понекогаш се отелотворувам. Се отелотворувам, и ги примам и последиците. Сатана sum et nihil humanum a me alienum puto.[1])

— Како, како? Сатана sum et nihil humanume... тоа за ѓаволот не е глупаво.

— Мило ми е, што најпосле ти угодив.

— Ама тоа не го зеде од мене, — наеднаш Иван застана како стаписан — тоа мене никогаш не ми доаѓало на ум, тоа е чудно...

— Co'est du nouvou, n'est-ce pas?[2]) Овој пат ќе постапам чесно, и ќе ти објаснам. Слушај: во соништата, а особено кога го измачува кошмар, ете, да речеме, од растроен стомак или од нешто друго, човекот понекогаш гледа такви уметнички соништа, толку заплеткана и реална стварност, такви настани, или дури цел свет на настани, поврзан толку интригантски, со толку неочекувани подробности, почнувајќи од вашите

[1]) Сатана сум и не сметам дека сè што е човечко ми е туѓо (лат.)

[2]) Тоа е ново, нели (фр.)

највозвишени појави, па до последното копче на манжетната, што такво нешто, ти се колнам, не би составил ни Лев Толстој, меѓутоа, такви соништа понекогаш гледаат оние луѓе кои воопшто не се никакви писатели, туку сосем секојдневни луѓе, чиновници, фељтонисти, попови... Во таа смисла, е целата загатка... Еден министер дури и самиот ми призна, дека сите најдобри замисли му доаѓаат кога спие. Ех, така е и сега. Иако јас сум твоја халуцинација, јас сепак, како во кошмар, зборувам оригинални работи, такви какви што досега тебе не ти доаѓале на ум, така што јас воопшто не ги повторувам твоите мисли, а, меѓутоа, јас сум само твојот кошмар и ништо повеќе.

— Лажеш. Твојата цел е да ме увериш оти постоиш сам по себеси, а дека не си мојот кошмар, и ете сега и самиот потврдуваш дека си сон.

— Гулапче, денеска јас применив посебен метод, тоа ќе ти го објаснам после. Чекај, каде запрев? Да, јас тогаш настинав, само не кај вас, ами уште таму...

— Каде таму? Кажи, дали ќе останеш кај мене уште долго време, зарем не би можел да си одиш, — викна Иван речиси во очај. Тој престана да шетка, седна на канабето, пак се налакти на масата и со обете раце си ја стисна главата. Потоа го тргна влажниот пешкир од главата и налутено го фрли: очигледно не му помогна.

— Тебе ти се растроени нервите, — забележи џентлеменот, слободно, небрежно, но сосем искрено и пријателски. — Ти ми се лутиш мене дури и затоа што сум можел да настинам, а тоа, всушност, се случи на најприроден начин. Тогаш јас брзав да одам на една дипломатска вечер, кај една отмена петербуршка дама, која сакаше да биде министерка. Фрак, бела врска, нараквици, се разбира; меѓутоа, јас уште бев многу далеку, и за да стигнам кај вас на земјава, требаше уште да го прелетам целото вселенско пространство... Се разбира, тоа е само еден момент, но и зракот на сончвата светлина патува цели осум минути, а тука, претстави си, во фрак, и со отворен елек. Духовите не замрзнуваат, но бидејќи веќе бев отелотворен, тоа... со еден збор направив глупост и се пуштив, а во тие

пространства, во етерот, во таа вода, „јаже бје над твердију“[1]), таков студ... Тоест каков студ — тоа веќе не може да се нарече студ, претстави си: сто педесет степени под нулата! Позната е забавата на селските девојки: на студ од триесет степени под нулата, на новодојдениот му даваат да лиже секира; јазикот вчас замрзнува и се лепи за железото, а тој небидник му ја одерува кожата и му го раскрвавува јазикот; тоа е само на триесет степени, а таму се стопедесет, тука, секако, само прст да ставиш на секирата — и како да го немало, само... ако може да се случи таму да се најде секира...

— А може ли таму да се најде секира? — наеднаш праша Иван Фјодорович расеан и со гадење. Тој со сета сила се оттргнуваше да не му поверува на своето бладање и најпосле да не падне во лудило.

— Секира? — праша гостинот зачудено.

— Па да, што ќе стане таму со секирата? — викна Иван Фјодорович наеднаш со некаква свирепа и тврдоглава упорност.

— Што ќе стане со секирата во пространството? Quelle idée![1]) — Ако стигне некаде подалеку, тогаш, мијслам, ќе зајде, и ќе лета околу земјава, ни самата не знаејќи зошто, како сателит. Астрономите ќе го пресметаат раѓањето и заоѓањето на секирата, Гатцук тогаш тоа ќе го внесе во календарот и тоа е сè.

— Ти си глупав. Ти си многу глупав! — рече Иван инаетејќи се. — Лажи поумно. Или нема да те слушам. Сакаш да ме победиш со реализмот. Да ме увериш дека постоиш, нема да поверувам.

— Но јас не лажам, сето тоа е вистина; за жал, вистината речиси секогаш е неостроумна. Ти, како што гледам, бездруго од мене чекаш нешто големо, а можеби и убаво. Многу ми е жал за тоа, зашто јас го давам само она што можам...

— Не филозофирај, магаре низаедно!

— Каква филозофија, кога ми се фати сета десна страна, па јачкам и се дерам. Бев кај целокупната ме-

---

[1]) Што беше над копното (црковнословенски)

[1]) Каква идеја

дицина: болеста умеат да ја распознаат многу добро, сета болест ќе ти ја раскажат на прсти, но не знаат да те излекуваат. Тука се најде еден одушевен студент: „Ако умрете, вели, барем точно ќе знаете од каква болест сте умреле!“ Па после тој нивни обичај да те испраќаат кај специјалистите: велат, ние само распознаваме каква е болеста, а вие сега одете кај тој и тој специјалист, па тој ќе ве излекува. Ти велам, сосем, сосем ги снема некогашните лекари, кои лекуваа од сите болести, сега сите се специјалисти и сите даваат огласи во весниците. Ќе те заболи носот, ќе те испратат во Париз: таму, велат, европскиот специјалист лекува носеви. Ќе дојдеш во Париз, тој ќе ти го прегледа носот: јас, ќе ви рече, можам да ви ја излекувам само десната ноздра, зашто не лекувам леви ноздри, тоа не е моја специјалност, но откај мене одете во Виена, таму посебен специјалист ќе ви ја излекува левата ноздра. Што да правиш? Јас прибегнав кон народни лекови, еден германски лекар ми препорача во парна бања да се истријам со мед и сол. Јас само колку уште еднаш да одам на бања, отидов: целиот се измачкав, но ништо не помогна. Очаен му напишав писмо на грофот Матеја во Милано, ми испрати книга и капки, бог да му помогне! И замисли, Хофовиот екстракт од млеч ми помага! Случајно го купив, испив шишенце и половина, и толку ми олесни, што убаво можев да си поиграм, сè како да е однесено со рака! Решавам бездруго да му напечатам јавна благодарност во весниците, во мене се јави чувството на благодарност, кога, што мислиш, тука веќе започна друга приказна: ни една редакција не прима! „Ќе биде премногу назадно, велат, никој нема да верува, le diable n'existe point.[1]) Но ве советуваат: „печатете го тоа без потпис“. Тогаш каква е таа јавна благодарност без потпис. Им се смеам јас на службениците во администрацијата на весникот: „Назадно е во нашето време да се верува во бога, а јас сум ѓавол, во мене слободно можете да верувате“. — „Сфаќаме, велат, кој не верува сега во ѓаволот, но сепак не е можно, може

[1]) Ѓаволот не постои (фр.)

да му нанесе штета на правецот на нашиот весник. Освен во облик на шега? — „Ех“, си помислив, „во шега нема да биде остроумно“. Па така и не го напечатија. А дали ќе веруваш, тоа и до денеска ми остана во срцево. Моите најубави чувства, како, на пример, благодарноста, мене формално ми се забранети само поради социјалната положба.

— Пак, залута во филозофија? — прочкрта со забите Иван, полн со омраза.

— Бог да чува, да не можеш понекогаш ни да се пожалиш! Јас сум наклеветен човек. Ти, ете, едно-две туку ќе речеш дека сум глупав. Веднаш се гледа дека си млад човек. Драги мој, не е сета работа само во умот! Јас по природа имам добро и весело срце, „и јас можам да направам разни водвиљчиња“.[1]) Ти како мене навистина да ме сметаш за некој остарен Хлестаков, меѓутоа, мојата судбина е многу посериозна. Со некаков си праисконски инстинкт, кој никако не можам да го сфатам, сум определен сè да „порекнувам“, а јас, всушност, искрено сум добар и сосем сум неспособен за порекнување. Не, да одиш долу и да порекнуваш, без порекнување нема критика, а какво е тоа списание ако нема рубрика „Критика“? Без критика, сè ќе биде само „осана“. Но, за животот не е доволно само „осана“, таа „осана“, треба да поминува низ огнот на сомневањето, и така натаму, сè во таа смисла. Јас впрочем, не се мешам во сето тоа, не сум создавал јас, па за ништо и не одговарам. Тогаш одбраа еден јарец определен за жртва, го натераа да пишува во рубриката за критика, и така се создаде животот. Ние ја сфаќаме таа комедија: јас, на пример, отворено и просто го барам моето уништување. Не, ти мораш да живееш, велат тие, зашто без тебе нема да биде ништо. Кога на земјава сè би било разумно, никогаш ништо не би се случило. Без тебе никогаш не би имало никакви настани, а треба да има настани. — Па така јас служам, стегнувајќи го срцето, за да има настани, и правам неразумни работи по наредба. Луѓето, сета

[1]) Алузија на зборовите на Хлестаков од „Ревизор“ од Н. В. Гоголь

таа комедија ја сметаат за нешто сериозно. И покрај сиот свој неоспорен ум. И во тоа е нивната трагедија. И се разбира, страдаат, но... но затоа живеат, живеат реално, не фантастично, зашто страдањето и е живот. Што би ибло задоволството во животот без страдањето? Сè би се претворило во една бесконечна молитва: тоа е свето, но здодевно. Добро, а јас? Јас страдам, а сепак не живеам. Јас сум икс во неопределена равенка. Јас сум некакво привидение што ги изгубило сите краишта и почетоци, па, најпосле, заборавило и како се вика. Ти се смееш... Не, ти не се смееш, ти пак се лутиш. Ти вечно се лутиш, тебе ти е само до умот, а јас пак ти повторувам дека би го дал сиот овој надсвезден живот, сите чинови и почести, само за да се отелотворам во душата на некоја трговка од седум пудови, и на бога да му палам свеќа.

— Па зарем и ти не веруваш во бога, — се насмевна Иван со омраза.

— Тоест, како да ти кажам, ако ти сериозно...

— Дали има бог, или нема? — викна пак Иван со дива најстојчивост.

— А, ти сериозно ли прашуваш? — Гулапче мое, богами, не знам, ете, изговорив голем збор.

— Не знаеш, а го гледаш господа? Не, ти не постоиш сам по себеси, ти си — **јас**, ти си **јас**, и ништо повеќе! Ти си — трици, ти си — плод на мојата фантазија!

— Тоест, ако сакаш, јас и ти се придржуваме кон една филозофија, ете тоа ќе биде прваедно. Je pense donc je sui[1]) — тоа го знам со сигурност, а пак сè друго што е околу мене, сите тие светови, господ, па дури и самиот сатана, — сето тоа за мене не е докажано дали постои само по себе, или е само една моја еманација, доследно развивање на моето **јас** кое постои праисконски и еднолично... Со еден збор, јас брзо прекинувам, зашто, изгледа, сега веднаш ти ќе скокнеш да се тепаш.

— Подобро да кажеш некаква анегдота! — немоќно проговори Иван.

---

[1]) Мислам, значи постојам (фр.)

— Имам и анегдота, и токму за нашава тема, всушност, тоа не е анегдота, туку така, легенда. Ете, ти ме прекоруваш дека не верувам: — „Гледаш, а не веруваш“. Но, пријателу, не сум само јас таков, кај нас сега сите се збунети, и тоа само од тие ваши науки, додека уште беа атомите, петте сетила, четирите елемента, тогаш уште одеше некако. Зашто атоми имало и во древниот свет. Но, кога се дозна кај нас дека се пронашле „хемиска молекула“, потоа „протоплазма“, и ѓаволот знае уште што — кај нас просто сите си ги свиткаа опашките. Се направи вистинска збрка, а, што е најважно — празноверица, сплетки, зашто и кај нас има сплетки колку што има кај вас, дури и малку повеќе, па, најпосле, и поткажување, зашто и кај нас постои едно такво одделение каде што се примаат некои „известувања“. Значи, тоа е една чудна легенда, уште од нашиот среден век — не вашиот, туку нашиот — и никој не верува во неа, дури ни кај нас, освен трговките од седум пудови, тоест пак не вашите, туку нашите трговки, Сè што имате вие — имаме и ние; всушност поради пријателство ти кажувам една наша тајна, иако е забрането. Таа легенда е за рајот. Божем, овде кај вас на земјава имало некаков си мислител и филозоф, кој, „порекнувал сè, законите, совеста ,верата“, а пред сè — идниот живот. Тој умрел, мислејќи дека оди право во мрак и смрт, кога пред него — идниот живот. Тој се вчудовидил и се налутил: „Тоа е во спротивност со моите убедувања“ — рекол. И ете, затоа и го осудиле . . . тоест, гледаш ли, мораш да ме извиниш, зашто јас го зборувам само она што сум го слушнал, тоа е само легенда . . . Го осудиле, ете, во темница да помине квадрилион километри (и кај нас сега се смета со километри), и дури кога ќе го мине тој квадрилион ќе му се отвори рајската врата и сè ќе му биде простено . . .

— А уште какви маки имате на тој свет, освен квадрилионот? — го прекина Иван, наеднаш чудно живнувајќи.

— Какви маки? Ах, подобро не прашувај: порано беше и вака и така, а сега сè повеќе се држат за духовните маки „гризење на совеста“ и слични глупос-

ти. А тоа исто така дојде од вас, од „ублажувањето на вашите нарави“. А кој беше во добивка притоа? Само бессовесните, зашто какво гризење на совеста може да има кај нив, штом воопшто немаат совест. Затоа настрадаа исправните луѓе, кои уште имаа совест и чест... Значи, тоа се реформи на неприготвена почва, а уште и копирани од туѓи установи, — само штета и ништо друго. Сепак подобар е древниот оган. Значи, оној што го осудиле на квадрилион постојал малку, погледал, па легнал отспротива: „Не сакам да одам, поради принцип не сакам да одам!“ Земи ја душата на рускиот просветен атеист, па смешај ја со душата на пророкот Јон, кој во утробата на китот бдеел три дена и три ноќи — ете ти го карактерот на мислителот што легнал на патот.

— А на што легнал таму?

— Па, по сè изгледа, имало на што да легне. Да не ми се смееш?

— Браво! — викна Иван сè уште така живо расположен. Сега слушаше со некакво неочекувано љубопитство. — Добро, а и сега ли така лежи?

— Во тоа е работата, што не лежи. Одлежал речиси илјада години, а потоа стана и си отишол.

— Види какво магаре! — викна Иван, нервозно засмевајќи се, а сè уште како да размислуваше напрегнато за нешто.

— Не е ли сеедно, дали ќе лежиш вечно, или ќе чекориш квадрилион врсти? Па тоа се билион години одење!

— И многу повеќе, само немам моливче и хартија, а би можело да се пресмета. Но, тој одамна е стигнат, и дури тука и почнува анегдотата.

— Како стигнат! Па каде му се билион години!

— Ама ти постојано мислиш на нашава сегашна земја! Ама денешнава земја можеби самата се повторувала билион пати, тоест изумирала, се покривала со мраз, се распрскувала, сè распаѓала, на составните елементи, пак вода „јаже бје над твердију“, потоа пак комета, пак сонце, пак од сонцето земја. Зашто тој развиток можеби веќе бесконечно многупати се повтору-

ва, и постојано во еден и ист облик, до најмали ситници. Најнеподнослива здодевност.

— Но, што станало кога пристигнал?

— Па, му ја отвориле вратата, тој влегол во рајот, но тука не поминал ни две секунди — и тоа според часовникот, според часовникот (иако неговиот часовник, според моето мислење, одамна требало да се распадне на составните елементи, во неговиот џеб, патем) — значи, не поминал ни две секунди, и викнал дека за тие две секунди може да се мине не само квадрилион, туку квадрилион квадрилиони, и уште подигнат на квадрилионит степен! Накратко, испеал „осана", дури и претерал, така што некои таму, со малку поблагороден начин на мислење, отпрвин не сакале да му подадат ни рака, зашто премногу брзо прескокнал кај конзервативците. Руска природа. Повторувам: легенда. Па, тоа што сум го купил, тоа ти го продавам. Ете, значи, какви поими владеат таму кај нас, за сите тие предмети.

— Те фатив! — викна Иван со некаква, речиси детска радост, како најпосле да се сетил за нешто: анегдотата за квадрилион години јас ја измислив, јас! Тогаш имав тринаесет години, учев во гимназија... Јас ја измислив таа анегдота и му ја раскажав на еден другар, со презиме Коровкин, тоа беше во Москва... Таа анегдота е толку карактеристична што не можев да ја земам од никаде. Веќе ја имав заборавено... Но сега несвесно се сетив за неа — самиот се сетив — не ми ја раскажа ти! Како што човек понекогаш за илјадници работи се присетува несвесно, дури и кога го водат на бесилка... На сон се сетив за неа. А ти, и си тој сон! Ти си сон и не постоиш.

— Според жестокоста со која ме отфрлаш — се насмевна џентлменот — јас доаѓам до убедување дека сепак веруваш во мене.

— Ни малку! Ни стотти дел не верувам!

— Ама веруваш илјадити дел. Зашто Хомеопатските делови се можеби најсилни. Признај дека веруваш, ама, макар еден десетилјадити дел...

— Ниеден момент! — бесно викна Иван. — Впрочем, јас би сакал да поверувам во тебе! — наеднаш додаде чудно.

— Аха! види, сепак признание! Но јас сум добар, јас и ќе ти помогнам. Слушај: јас те фатив, тебе, а не ти мене! Јас имав намера да ти ја раскажам твојата анегдота, што веќе ја имаше заборавено, за веќе конечно да се разубедиш во однос на мене.

— Лажеш! Целта на твојата појава е да ме увериш дека постоиш.

— Да, но, колебањата, но неспокојството, но борбата на верата и недовербата — тоа понекогаш е таква мака за совесниот човек, каков што си ти, што подобро е да се обесиш. Јас, знаејќи дека малкуцка веруваш во мене, всушност, ти дозволив конечно неверување, откога ти ја раскажав анегдотата. Јас те водам помеѓу верата и неверувањето наизменично, и тука имам своја цел. Нов метод: зашто ќе се разувериш сосем кога во однос на мене, ти пред очи ќе почнеш да ме уверуваш дека не сум сон, туку дека навистина постојам, јас веќе те познавам тебе; и, ете, тогаш ќе ја постигнам својата цел, а мојата цел е благородна. Јас во тебе ќе фрлам само едно ситно зрнце вера а од него ќе израсне даб — и тоа таков даб што ти седејќи на тој даб ќе посакаш да станеш „отец испосник и непорочна жена", зашто ти имаш многу, многу потајни желби во тебе, ќе јадеш скакулци, и ќе одиш во пустина за да си ја спасуваш душата!

— Значи, ти, небиднику, се грижиш за спасот на мојата душа?

— Па барем еднаш треба да се направи и добро дело. Но, многу се лутиш, кога ќе те погледнам!

— Шут. А дали некогаш си искушавал такви, такви што јадат скакулци, и по седумнаесет години се молат во голата пустина, и се обраснати со мов?

— Гулапче мое, само тоа работев. Целиот свет, и световите ќе ги заборавиш, а ќе се закачиш за еден таков, зашто тоа е премногу скапоцен брилијант, една таква душа понекогаш вреди колку цело соѕвездие. Зашто ние си имаме наша аритметика. Скапоцена победа! А некои од нив, жими бога, не се под тебе со

развитокот, иако ти не сакаш да поверуваш: тие се способни таквите бездни на вера и неверување да ги гледаат во исто време, што, навистина, понекогаш ти се чини дека човекоѓ, само уште за влакно ќе летне „со петиците нагоре“, како што рекол артистот Горбунов.

— Добро, а дали се враќаше со дигнат нос?

— Пријателе, — забележи гостинот мудрувајќи — подобро е да се вратиш и со дигнат нос, отколку сосем без нос, како што тука скоро еден болен маркиз (веројатно го лекувал специјалист) му рекол на исповедта на својот духовен отец — језуит. Јас, присуствував, — просто чудесно .„Вратете ми го, вели, мојот нос!“ — и се тупа во градите. — „Сине мој, мрда патерот, сè се случува по неискажливите судбини на Провидението, и големата неволја понекогаш повлекува по себе, извонредна, иако невидлива корист. Ако судбината ве лишува од носот, вашата корист е во тоа што во целиот ваш живот никој нема да се осмели да ви каже дека сте го дигнале носот“. — „Свети отец, тоа не е утеха!“ — вика очајникот, јас, напротив, би бил најсреќен целиот живот, секој ден, да бидам со дигнат нос — само тој да ми е на своето место!“ — „Сине мој, воздивнува патерот, не може да се бараат сите добра наеднаш, и ова е веќе бунтување против Провидението, кое не ве заборавило дури ни сега, зашто кога се плачете, како што се плачете сега, дека би биле најсреќен цел живот да останете со подигнат нос, тогаш и тука посредно е исполнета вашата желба: зашто, со тоа, што сте го изгубиле носот, вие како да сте останале со подигнат нос“...

— Уф, колку глупаво е тоа! — викна Иван.

— Гулапче мое, јас сакав само да те насмеам, но ти се колнам, тоа е вистинска езуитска казуистика, и ти се колнам, сето тоа се има случено од збор до збор, како што ти раскажав. Тој случај е скорешен. И ми зададе доста мака. Несреќното момче кога се врати дома, истата ноќ се уби, јас бев покрај него до последниот момент... Колку пак за езуитските исповедни места, тоа, навистина е мојата најмила разонода, во тажните моменти на животот. Еве ти уште еден слу-

чај, забележан овие денови. Доаѓа кај старецот-патер една русокоса Норманка, девојка на дваесетина години. Убавица, тело, природа — лиги да ти потечат од устата. Се наведнува, и му шепоти на патерот низ прозорчето за својот грев. — „Што зборувате, ќерко моја, пак ли сте потклекнале? . . .“ викнува патерот. — „О, Sancta Maria, што слушам, и сега не со тој. Па до кога ќе трае тоа, и како не ви е срам!“ — „Ah, mon pére“,[1]) одговара грешницата сета во покајчинчки солзи: „Ça lui fait tant de plaisir et à moi si pen de peine!“[2]) е, претстави си таков одговор! Тука веќе и јас отстапив: тоа е глас на самата природа, тоа е, ако сакаш, подобро и од самата невиност! Јас веднаш ѝ го простив гревот, и се свртив за да си одам, но морав да се вратам: слушам, патерот низ прозорчето закажува состанок за вечерта, а старецот цврст како кремен, и ете падна за миг. Природата, вистината на природата си го зема својот дел! Што е, пак си го муртиш носот, пак се лутиш? Е, јас веќе не знам со што да ти угодам.

— Остави ме, ми чукаш по мозокот како наметлив кошмар, — болно викна Иван, немоќен пред своето привидение — со тебе ми е здодевно, неиздржливо и мачно! Би дал многу да можам да те истерам!

— Повторувам, направи ги твоите барања умерени, не барај од мене „сè големо и прекрасно“, па ќе видиш колку добро ќе се сложиме јас и ти — проговори центлеменот убедливо. — Вистина, ти ми се лутиш мене, затоа што не ти се јавив некако во црвен блесок, „грмејќи и блестејќи“, со подгорени крилја, ами ти се јавив во ваков скромен облик. Навреден си, пред сè, поради своите естетски чувства, а второ, поради гордоста: од каде, велиш ти, на олку голем човек да му дојде толку простачки ѓавол? Да, во тебе постои онаа романтична жица што ја исмеа уште Белински. Момче, што да се прави. Ете, јас пред малку мислев, кога се готвев да дојдам кај тебе, да ти се јавам, на шега, во вид на пензионерски статски совет-

---

[1]) Ах, татко (фр.)

[2]) Тоа нему му прави многу задоволство, а мене многу малку маки (фр.)

ник, што служел на Кавказ, со ѕвезда „Лев и сонце“ на фракот, но навистина ми беше страв, зашто ти би ме истепал само затоа што сум се осмелил да закачам на фракот „Лев и сонце“, а не сум ја закачил барем Поларната ѕвезда или Сириј. И постојано повторуваш дека сум глупав. Па, жити бога, јас и немам претензии да се токмам со тебе со умот. Мефисто, кога му се јавил на Фауст, рекол за себе дека сака лошо, а прави само добро. Но, тој нека прави што сака, а јас ќе правам спротивно. Јас сум можеби единствениот човек во целава природа што ја сака вистината, и искрено сака добро. Бев присутен кога бог што умре на крстот се издигна кон небото, носејќи ја на своите гради душата на разбојникот распнат од десната страна, го слушнав радосното врискање на херувимите кои пееја и викаа: „Осана“, и громогласниот восхитен крик на серафимите, од кои се затресе небото и сета вселена. И, еве, ти се колнам, во сè што е свето, сакав да му се придружам на тој хор, па да викнам заедно со сите: „Осана“! Веќе сакаше да ми излезе од градите . . . зашто, ти знаеш, јас сум многу чувствителен, и приемчив за уметноста. Но, здравиот ум — о, таа најнесреќна особина на мојата природа — и тука ме задржа, во потребните граници, и јас го испуштив моментот! Зашто, што, си помислив во истиот момент — што би излегло од моето „Осана“? Во истиот час сè би се здрвило на светов и не би се случувале никакви настани. Па така, само по службена должност и по својата социјална положба, бев приморан да го задушам во себе добриот момент и да останам со пакосните. Честа на доброто, некој ја зема сета за себе, а мене ми останаа само пакостите. Но јас не ѝ завидувам на честа да се живее на туѓа сметка, јас не сум честољубив, зошто од сите суштества на светов само јас и сум осуден на проклетство од сите чесни луѓе, па дури и на удари со чизми, зашто кога се отелотворувам, понекогаш јас морам да примам и такви последици. Знам, вистина, дека тука има една тајна, но таа тајна воопшто не сакаат да ми ја откријат зашто јас, можеби, досетувајќи се во што е работата, би се издрал „Осана“ и веднаш би исчезнал потребниот

минус, па во светот би настапила разумност, а со неа, се разбира, и крај на сè, дури и на весниците и списанијата, зашто кој би се претплатувал на нив? Знам дека на крајот на краиштата и јас ќе се помирам, и јас ќе дојдам до својот квадрилион, и ќе ја дознам тајната. Но, додека не се случи тоа, јас се муртам, и стегајќи си го срцето, ја вршам својата задача: запустувам илјадници, за да спасам еден. Колку души, на пример, би морале да се запустат и колку чесни имиња да се осрамотат, за да се добие само еден праведен Јов, со кој толку гадно ме излажаа „во времја оно"! Не, додека не се обелодени тајната, за мене постојат две вистини: една тамошна, нивна, за мене засега сосем непозната; а друга мојата, и уште не се знае која ќе биде поубава... Да не заспа?

— Ами како, — бесно викна Иван, — секакви глупости, што ги има во мојата природа, и кои веќе одамна сум ги преживеал и сум ги пресомлел во мојот ум, и сум ги отфрлил како отпадоци — сега ти ми ги поднесуваш како некаква новост!

— Ни тука не погоди! А мислев да те соблазнам со литературно излагање: тоа „осана" на небото, мислам дека навистина убаво ми појде по рака? па после, веднаш тој саркастичен тон а ла Хајне, нели?

— Не, јас никогаш не сум бил таков лакеј! Како можела мојава душа да роди таков лакеј како тебе?

— Пријателу, јас познавам, едно најпрекрасно и најмило руско господинче: млад мислител, и голем љубител на литературата и на убавите работи, автор на поема што ветува, под наслов „Големиот инквизитор"... Јас само него го имав на ум!

— Ти забранувам да зборуваш за „Големиот инквизитор" — викна Иван, целиот поцрвенет од срам.

— А „Геолошкиот преврат"? Се сеќаваш ли? Ете, тоа веќе е поемичка!

— Молчи, или ќе те убијам!

— Зарем мене да ме убиеш? Не, ќе извиниш, јас моето мислење ќе го искажам докрај. Дојдов за да се почестам себеси со тоа уживање. О ,јас ги љубам фантазирањата на немирните, на младите, на моите пријатели растреперени од жедта за живот. „Таму се

новите луѓе“ — заклучи ти уште во минатата пролет. Тргнувајќи за ваму, тие имаат намера сè да разурнат, и да почнат со човекојадство. Глупаци, зошто не ме прашаа! Според моето сфаќање, нема што да се урива, треба да се уништи во човештвото идејата за бога, ете со што треба да се почне! Со тоа, со тоа треба да се почне — о, слепци што не сфаќате•ништо! Штом целото човештво ќе се откаже од бога, (а јас верувам дека тој период, паралела на геолошките периоди, ќе настапи), тогаш самите од себе, без човекојадство, ќе паднат и сите поранешни погледи на светов и, што е најважно, сиот поранешен морал, и сè ново ќе настане. Луѓето ќе се здружат за да земат од животот сè што може да им даде, но бездруго за среќа и радост само на овдешниов свет. Човекот ќе се издигне со духот со божествена, титанска гордост и ќе се појави како човек-бог. Секој час, безгранично победувајќи ја природата со својата волја и со науката, човекот со самото тоа секој миг ќе чувствува толку високо уживање што тоа ќе му ги замени сите поранешни надежи во небеските уживања. Секој ќе дознае дека целиот е смртен, без воскреснување, и смртта ќе ја прими гордо и спокојно, како бог. Тој од чиста гордост ќе сфати дека не треба да се бунтува против тоа што животот е само момент и ќе го засака својот живот без каква било награда. Љубовта ќе задоволува само еден момент од животот, но веќе свеста за нејзината нетрајност ќе го зголеми нејзиниот пламен за толку за колку што се распрснувала по надежите за задгробна и бесконечна љубов . . .“ и така натаму и така натаму, сè во таква смисла. Многу убаво, нели?

Иван седеше, со раце ги имаше затнато своите уши и гледаше во земјата, но почна да му трепери целото тело. Гласот продолжи.

— Сега прашањето е во тоа, си мислеше мојот млад филозоф: дали е можно некогаш да настапи таков период? ако настапи, тогаш сè е решено, и човештвото, најпосле, ќе си го уреди животот. Но, бидејќи тоа, поради вкоренетата човечка глупост, со сигурност нема да настапи ни уште по илјада години, на секој што сега ја познава вистината му е дозволено својот

живот да си го уреди сосем онака, како што му се допаѓа нему, врз нови начела. Во таа смисла нему „сè му е дозволено“. И не само тоа: ако овој период никогаш и не настапи, а бидејќи бог и бесмртност сепак нема, на новиот човек му е дозволено да стане човек-бог, дури и ако остане сам на целиот свет, и тогаш, се разбира, со нов чин, тој со лесно срце ќе прескокне секоја поранешна морална преграда од поранешниот роб-човек, ако се укаже потреба. За бога не постои закон! Каде што ќе застане господ — тоа место веќе е господово! Каде што ќе застанам јас, тука веднаш ќе биде првото место... „Сè е дозволено“ и готово! Сето тоа е многу убаво; само, штом посакал да лаже, зошто му е и санкцијата на вистината? Но таков ти е нашиот современ Русин: тој без санкција нема да се реши ни на измама, во толкава мера ја има засакано вистината...

Гостинот зборуваше очигледно занесувајќи се со својата красноречивост, сè повеќе и повеќе подигајќи го гласот и подбивно загледувајќи се во домаќинот; но не доврши: Иван наеднаш грабна една чаша полна со чај од масата и така со неа замавна и ја фрли по говорникот.

— Ah, mais c'est bête enfin[1]) — викна овој, скокнувајќи од канабето и тресејќи си ги со прсти капките од истурениот чај, — се сетил човекот за мастилницата на Лутер! Ваму ме смета за сон, а фрла чаши по сонот! Тоа е сосем женски! но јас и се сомневав дека ти само се правиш оти си ги затнал ушите, а всушност слушаше...

На рамката од прозорецот наеднаш од дворот се слушна силно и упорно чукање. Иван Фјодорович скокна од канабето.

— Слушаш ли, подобро отвори, — викна гостинот — тоа е брат ти Аљоша, со најнеочекувана и најинтересна вест, ти гарантирам!

— Молчи, измамнику, јас пред тебе знаев дека е Аљоша, јас претчувствував, и, се разбира, тој не до-

[1]) Ах, тоа е многу глупаво (фр.)

аѓа напразно, туку сигурно со „вест“! — викна збеснето Иван.

— Ама отвори му, ама отвори му! Надвор е вулица, а тој ти е брат. M-r, sait-il le temps qu'il fait? C'est à ne pas mettre un chien dehors . . .[1])

Чукањето се повторуваше. Иван сакаше да стрчне кон прозорецот, но нешто како наеднаш да му ги врза и нозете и рацете. Тој со сета сила се напрегнуваше за да ги искине тие окови, но напразно. Чукањето на прозорецот стануваше сè погласно. Најпосле оковите наеднаш се раскинаа, и Иван Фјодорович скокна од канабето. Вцашено погледна околу себе. И двете свеќи речиси беа догорени, чашата која што туку ја фрли по својот гостин стоеше пред него на масата, а на канабето отспротива немаше никого. Чукањето на прозорската рамка, вистина уште продолжуваше упорно но не веќе толку гласно како што му се стори пред малку во сонот, туку напротив многу воздржано.

— Тоа не е сон! Не, се колнам, тоа не беше сон, до пред малку сè беше вистинито! — викна Иван Фјодорович, се спушти кон прозорецот, и го отвори малото зимско крило.

— Аљоша, па јас ти реков да не доаѓаш кај мене! — опоро му викна на брата си. — Со два збора, што сакаш? Со два збора . . .

— Пред еден час се обеси Смердјаков, — одговори Аљоша од дворот.

— Дојди на тремот, веднаш ќе ти отворам, — рече Иван и отиде да му отвори на Аљоша.

X

„Тоа го кажа тој!“

Аљоша едно влегување му соопшти на Ивана дека пред нешто повеќе од еден час дотрчала во неговиот стан Марја Кондратјевна, и му јавила дека Смер-

---

[1]) Знаете ли господине какво е времето надвор, ни куче да не истераш надвор (фр.)

дјаков си го одзел животот. „Влегувам јас кај него во собата за да го тргнам самоварот, кога таму, тој виси на ѕидот на клинец.“ На прашањето од Аљоша: „Дали јавила каде што треба?“ — одговорила дека уште никому не му јавила ами дека — „право кај вас дотрчав, и цел пат трчав како без душа“. — Таа како да полудела, соопштуваше Аљоша, и сега трепереше како прачка. А кога Аљоша дотрча заедно со неа во нивната куќичка, го затекнал Смердјакова како уште виси. На масата лежело писменце: „Животот си го уништувам по сопствена волја и желба, затоа не треба да се обвинува никој“. Аљоша писменцето го остави на масата и отиде право кај управникот на полицијата, му пријави сè, „а оттаму право кај тебе“, — доврши Аљоша, внимателно загледувајќи се во лицето на Ивана. И додека раскажуваше, не ги тргаше очите од него, како сосем вчудовиден со нешто во изразот на неговото лице.

— Брате, — викна тој наеднаш — ти мора да си многу болен! Ме гледаш, а како да не разбираш што зборувам.

— Добро е што дојде, — проговори Иван некако замислено, и како воопшто да не ги чу извиците на Аљоша. — А јас знаев дека тој се обеси.

— Од кого дозна?

— Не знам од кого. Но знаев. Да, тој ми кажа. Тој ми кажуваше пред малку . . .

Иван седеше во средината на собата и зборуваше исто така замислено и гледајќи во земјата.

— Кој, — праша Аљоша, и не сакајќи се обврна наоколу.

— Ја спраштил.

Иван ја крена главата и чисто се насмевна:

— Се уплаши од тебе, од тебе, гулаб. Ти си „чист херувим“. Дмитриј тебе те вика херувим. Херувим . . . Громогласен восхитен крик на серафими! Што е тоа серафим? Можеби цело сосѕвездие. А можеби целото сосѕвездие е само некаков мал хемиски молекул . . . Постои сосѕвездие Лев и Сонце, не знаеш ли?

— Брате, седни! — проговори Аљоша уплашен — седни, жити бога, на канабето. Ти бладаш, прилег-

ни на перницава, ете така прилепни. Сакаш ли влажен пешкир на главата? Можеби ќе ти биде подобро?

— Дај го пешкирот, ете го на столот, пред малку го фрлив тука.

— Овде го нема. Не грижи се, јас знам каде е; еве го — рече Аљоша, откако го најде во другиот агол на собата, кај Ивановото масиче за тоалетата, чист, уште свиткан и неупотребен пешкир. Иван чудно го погледна пешкирот; како наеднаш да му се врати помнењето.

— Чекај — потстана тој од канабето — пред малку, пред еден миг, истиот пешкир јас го зедов оттаму и го наквасив со вода. Го ставив на главата, и го фрлив ваму... Зошто е сега сув? Немаше друг?

— Овој пешкир си го ставил на глава? — праша Аљоша.

— Да, и шеткав по собава пред еден час... А зошто се толку догорени свеќиве? Колку е часот?

— Речиси дванаесет.

— Не, не не! — викна наеднаш Иван — тоа не беше сон! Тој беше, тој седеше овде, еве овде на канабево. Кога ти чукаше на прозорецот, јас ја фрлив по него чашата... ене онаа... чекај, јас и порано сум спиел, но тој сон всушност не е сон. И порано се случувало такво нешто. Аљоша, јас сега гледам привиденија... но тие не се соништа, туку јаве, јас се движам, зборувам, и гледам... А спијам. Но тој седеше, тој беше овде, еве на канабево... Тој е страшно глупав, Аљоша, многу глупав — наеднаш се насмеа Иван и почна да шетка по собата.

— Кој е глупав? За кого зборуваш брате, — тажно пак праша Аљоша.

— Ѓаволот! Се намладил да ми доаѓа. Ми дојде двапати, всушност трипати. Ме предизвикуваше тврдејќи дека јас се лутам оти тој е просто ѓавол, а не сатана со подгорени крилја, што грми и блести. Но тој не е сатана, тој лаже за тоа. Тој е самозванец. Тој е просто ѓавол. Еден ништожен, малечкав ѓавол. Тој оди на бањата. Слечи му ги облеките, па сигурно ќе најдеш опашка, долга, мазна, како кај данските кучиња, аршин долга, со кафена боја... Аљоша, ти си

настинат, ти идеше по снег, сакаш ли чај? Што? Студен е? Ако сакаш, да нарачам да направат? C'est à m'est pas mettre un chien dehors.[1])

Аљоша брзо отиде до мијалникот, го накваси пешкирот, го натера Ивана пак да седне, и со влажниот пешкир му ја завитка главата. Потоа седна до него.

— Што ми зборуваше ти некни за Лиза? — пак почна Иван. (Стануваше многу разговорлив). — Лиза мене ми ќе допаѓа. За неа јас ти реков нешто лошо. Излажав, таа ми се допаѓа . . . Утре се плашам за Катја, за неа се плашам најмногу. За иднината. Таа утре ќе ме отфрли и ќе ме изгази со нозе. Таа мисли дека јас од љубомора спрема неа го запустувам Митја! Е, не е така! Утре доаѓа крстот, а не бесилката. Не, јас нема да се обесам. Знаеш ли, јас никогаш не би можел да си го одземам животот, Аљоша? Дали е тоа од подлост, или од друго. Јас не сум страшливец. Од жед за живот. Од каде знаев јас дека Смердјаков ќе се обеси? Да, тоа ми го кажа тој . . .

— И ти си цврсто уверен дека тој седел овде некаде? — праша Аљоша.

— Еве на ова канабе, во аголов. Ти би го истерал. Па ти и го истера: исчезна штом се појави ти. Јас го љубам твоето лице; знаеш ли дека јас го љубав твоето лице? А **тој**, — тоа сум јас, Аљоша, јас самиот. Сè што е долно, сè што е подло, и презрено од моето јас! Да, јас сум „романтичар", тој го забележа тоа . . иако тоа е клевета. Тој е многу глупав, но токму со тоа победува. Тој е итар, животински итар, тој знаеше со што ќе ме разбесни. Непрестајно ме предизвикуваше дека јас верувам во него, и со тоа ме натера да го слушам. Ме излажа, како некакво дете. Тој впрочем, рече за мене многу вистински работи. Јас никогаш тоа не би го кажал за себе. Знаеш, Аљоша, знаеш ли, — додаде Иван многу сериозно и доверливо, — јас многу би сакал навистина да биде **тој**, а не јас!

— Тој те измачил — рече Аљоша, — гледајќи го брата си со жалење.

---

[1]) Та човек ни куче не би истерал надвор (фр.)

— Ме предизвикуваше! И, знаеш, вешто: „Совест! Што е тоа совест? Јас самиот ја правам. Зошто се мачам? По навика! По општата човечка навика, во текот на седум илјади години. Штом е така, да се одвикнеме и да бидеме како богови!“ — тоа го кажа тој, тоа го кажа тој!

— А не ти, нели? — викна Аљоша, гледајќи во брата си со бистар поглед. — Па остави го, мавни се од него, и заборави го! Нека земе со себе сè што ти сега проколнуваш, и нека не ти доаѓа повеќе.

— Да, но тој знаеше. Тој ми се смееше. Тој беше дрзок, Аљоша, — рече Иван затреперувајќи од навреда. — Тој ме клеветеше, многу ме клеветеше. Лажеш за мене пред моите очи. „О, ти одиш да го извршиш подвигот на добродетелта, ќе изјавиш пред судот дека си го убил татка си, дека слугата по твоето упатство го убил татка ти“ . . .

— Брате, — го прекина Аљоша, — воздржи се: не го уби ти. Тоа не е вистина!

— Така кажа тој, тој, а тој го знае тоа. „Ти, одиш да го извршиш подвигот на добродетелта, а не веруваш во добродетелта — ете што те лути и што те мачи тебе, ете зошто си толку сомнежлив“ — рече. Тоа го рече тој пред мене и за мене, а тој знае што зборува . . .

— Тоа го зборуваш ти, а не тој! — тажно викна Аљоша. — И зборуваш болен, без свест, мачејќи се себеси.

— Не, тој знае што зборува. „Ти ќе одиш од гордост; ќе одиш и ќе речеш: „Јас сум убиецот, и зошто тука се вцашувате, само се преправате! Го презирам вашето мислење, го презирам вашето вцашување.“ — тој ми го вели тоа а потоа наеднаш продолжува: „Знаеш ти би сакал тие да те пофалат: „Злосторник, убиец, а ваму какви великодушни чувства има, сака да го спаси брата си, па признава!“ А тоа веќе му е чиста лага. Аљоша! — викна наеднаш Иван, светкајќи со очите. — Јас не сакам кој било да ме фали! Тој излажа, Аљоша, излажа, ти се колнам! Затоа јас фрлив по него чаша, и таа му се скрши од муцката.

— Брате, смири се, престани! — молеше Аљоша.

— О, тој умее да мачи, тој е виновникот — продолжи Иван не слушајќи го. — Јас секогаш претчувствував зошто доаѓа кај мене. „Иако, вели, ќе одиш од гордост, сепак имаш надеж дека ќе го фатиш Смердјакова и ќе го испратиш на робија, дека ќе го ослободат Митја, а тебе ќе те осудат само **морално**, — (Слушај, тој тука се смееше!) — а другите уште и ќе те пофалат. Но, ете, Смердјаков умре, се обеси — и сега кој ќе ти поверува на суд? А ти ќе одиш, ќе одиш, ти сепак ќе одиш, ти реши да одиш. А зошто одиш по ова што се случи? . . .“ Тоа е страшно, Аљоша, јас не можам да поднесам такви прашања. Кој смее мене да ми поставува такви прашања?

— Брате, — го прекина Аљоша, целиот треперејќи од страв, но сè уште надевајќи се дека ќе го вразуми Ивана, — како можел да ти зборува за смртта на Смердјаков пред моето доаѓање, кога уште никој не знаеше за неа, а и немаше време некој да дознае за тоа?

— Тој ми кажуваше — решително рече Иван, не дозволувајќи никакво сомневање. — Тој само за тоа и зборуваше, ако сакаш да знаеш. „Па барем да веруваш во добродетелта, — вели — па да можеш да кажеш: дури и ако не ми поверуваат, одам од принцип, но ти си прасе, како и Фјодор Павлович, и зошто ти е добродетелта? Зошто би отишол ти таму, кога твојата жртва нема да послужи за ништо? Па затоа што ни самиот не знаеш зошто одиш! О, ти би дал многу за да дознаеш зошто одиш! А уште не си решил! Ти уште немаш решено! Ти цела ноќ ќе седиш и ќе се решаваш . . . да одиш, или да не одиш? Но сепак ќе одиш, и знаеш дека ќе одиш, знаеш дека без обзир како ќе решиш, решението не зависи повеќе од тебе. Ќе одиш затоа што не смееш да не одиш. А зошто не смееш, — тоа погоди го сам, ете ти загатка!“ Пак стана и си отиде. Ти дојде, а тој си отиде. Ме нарече страшливец, Аљоша! Le mot de l'ènigme,[1]) дека сум бил страшливец! „Не се такви орлите што летаат над земјава!“ Тоа го додаде тој, тоа го додаде тој!

[1]) Решение на загатката (фр.)

Смердјаков го кажа тоа. Тој треба да биде убиен! Катја ме мрази, има веќе еден месец како го гледам тоа, а Лиза ќе почне да ме презира! „Одиш за да те пофалат“ — тоа е сверска лага! И ти ме мразиш, Аљоша. А сега пак јас ќе те замразам! И оној изрод го мразам, и изродот го мразам! Не сакам да го спасуваш изродот, нека згние на робија! Запеа химна! О, утре ќе одам, ќе застанам пред нив, и на сите ќе им плукнам во очите.

Тој скокна избезумен, го фрли од себеси пешкирот и пак почна да шетка по собата. Аљоша се сети за зборовите од пред малку: „како да сонувам буден... Се движам, зборувам и гледам, а спијам“. Тоа како да се чувствуваше сега. Аљоша не се оддалечуваше од него. Во еден миг му дојде на ум да отрча да доведе доктор, но му беше страв да го остави брата си сам: а немаше кому да го остави. Најпосле, Иван малку-помалку сосем почна да го губи умот. И понатаму зборуваше, зборуваше непрестајно, но веќе сосем неповрзано. Дури и лошо ги изговараше зборовите, и наеднаш силно се заниша на местото. Аљоша успеа да го прифати. Иван дозволи брат му да го доведе до постелата. Аљоша некако го слече и го легна во постелата. Потоа остана покрај него уште едно два часа. Болниот цврсто спиеше, неподвижно, тивко и рамномерно дишејќи. Аљоша зеде перница и легна на канабето, без да се слекува. Пред да заспие, тој му се помоли на бога за Митја и за Ивана. Тој почна да ја сфаќа болеста на Ивана: „Маки на гордото решение, длабока совест!“ Бог, во којшто не веруваше, и неговата правда, го победуваа срцето кое уште не сакаше да се покори. „Да — му мина низ главата на Аљоша, која веќе лежеше на перница — да, откако умре Смердјаков, сега на исказот од Ивана веќе никој нема да му поверува. Но тој ќе оди и ќе посведочи.“ Аљоша тивко се насмевна. „Бог ќе победи!“ — си помисли тој. — „Или ќе воскресне во светлината на вистината, или... ќе загине во омраза, одмаздувајќи си себеси и на сите, затоа што му послужил на она во кое не верува“, горчливо додаде Аљоша, па пак се помоли за Ивана.

Дванаесетта книга

СУДСКА ГРЕШКА

I

Судбоносен ден

Утредента по настаните што ги опишав, во десет часот изутрината, беше отворено заседанието на нашиот окружен суд и започна судењето на Дмитриј Карамазов.

Однапред ќе кажам, и тоа посебно го подвлекувам: воопшто не се сметам за способен да раскажам за сè што се случи во судот, и не само во потребната целосност, туку дури ни во соодветен редослед. Сè ми се чини дека кога би сакал да спомнам и да разјаснам сè како што треба, би било потребна цела книга, дури и премногу голема. Па затоа читателот нека не ми се лути што ќе го раскажам само она што ме вчудовиди мене лично, и што го запаметив посебно. Можеби нешто споредно сум сфатил како важно, можеби сосем сум ги изоставил најреските и најнеопходните црти... Но, впрочем, гледам дека е подобро да не се извинувам. Ќе направам како што умеам, а читателите и самите ќе разберат дека сум направил само така како што сум умеел.

Пред сè, пред да влеземе во судската сала, ќе наспомнам за тоа што ме зачуди посебно тој ден. Впрочем, тоа не ме зачуди само мене, ами како што излезе, и сите други. Имено: сите знаеја дека оваа работа заинтересира мнозина, дека сите гореа од нестрпливост

кога ќе почне судењето, дека кај нас во градот многу се зборуваше, се претпоставуваше, се извикуваше, се фантазираше веќе цели два месеца. Сите знаеја дека таа работа е разгласена по цела Русија, но сепак не очекуваа дека толку незадржливо и толку раздразливо ги потресла сите и секого, и не само кај нас, ами на сите страни, што и се покажа на судот тој ден. Дента ни пристигнаа гости не само од нашиот губернискиград, туку и од некои други градови на Русија, па дури и од Москва и Петербург. Дојдоа правници, дојдоа дури и неколку угледни личности, па и дами. Сите влезни билети беа разграбени. За посебно угледните, и уважени посетители-мажи беа определени сосем необични места, зад масата на која седеа судиите; таму се појави цела низа фотеља, што ги заседоа разни лица, што кај нас порано никогаш не беше дозволено. Особено многу имаше дами, наши и отстрана, — мислам, не помалку од половината на целокупната публика. Само правници, што беа дојдени од сите страни, имаше толку многу, што веќе не се знаеше каде да им најдат место, зашто сите влезници одамна беа разделени, преку врски и со големи молења. Самиот видов како на крајот на судската сала, зад подиумот, имаше привремено и на брза рака оградено посебно место во кое ги пуштија сите тие придојдени правници, а тие се сметаа за среќни, што можеа макар и да стојат, зашто, за да се добие повеќе простор, сите столови беа извадени надвор и сета таа насобрана толпа целиот процес го следеше простум, густо збиена рамо до рамо. Некои од дамите, особено од тие што беа дојдени отстрана, во судската сала се појавија наконтени, но голем број од нив беа заборавиле дури и да се дотераат. На нивните лица се читаше хистерична, жедна, речиси болна љубопитност. Една од најкарактеристичните особености на сето друштво собрано во судската сала, тоа е потребно да се забележи, се состоеше во тоа што речиси сите дами, или како што се виде после, огромно мнозинство дами, беа за тоа Митја да се ослободи. Можеби првенствено затоа што за него се создаде претстава дека е освојувач на женските срца. Се знаеше дека пред судот ќе се појават две жени соперници.

Едната од нив, тоест Катарина Ивановна, особено ги интересираше сите; за неа се зборуваа многу необични нешта; за нејзината страст спрема Митја, без обѕир на неговото злосторство, се шириа чудни приказни. Посебно се зборуваше за нејзината гордост (таа не отиде во посета речиси кај никој од нашиот град) за нејзините „аристократски врски". Се зборуваше дека има намера да ја моли владата да ѝ се дозволи да го придружува злосторникот на робија и да се венча со него некаде во рудниците, под земја. Со не помала возбуда, се очекуваше пред судот да се појави Грушенка, како соперничка на Катарина Ивановна. Со мачно љубопитство се очекуваше пред судот средбата на двете соперници — аристократски гордата девојка и „хетерата". Грушенка, впрочем, повеќе им беше позната на нашите дами, отколку Катарина Ивановна. Неа, „уништувачката на Фјодор Палович и на неговиот несреќен син", нашите дами ја гледаа и порано, и сите, речиси до последната, се чудеа како можеле во толкава мера да се заљубат и таткото и синот во „најобичната, ни најмалку не убавата руска граѓанка". Со еден збор, имаше многу и различни приказни.

Мене ми е познато со сигурност дека во нашиов град, избија неколку сериозни семејни расправии поради Митја. Голем број дами жестоко се караа со своите сопрузи поради разликите во погледите за таа ужасна работа; па според тоа природно е што мажите на тие дами во судската сала дојдоа не само нерасположени туку и лути спрема обвинетиот. Воопшто, со сигурност можеше да се каже дека, спротивно на дамите, сиот машки род беше расположен против обвинетиот. Можеа да се видат голем број строги, намуртени лица, некои и сосем лути. Вистина е дека Митја успеа мнозина од нив лично да навреди за време на својот престој кај нас. Се разбира, некои од посетителите беа речиси весели и многу рамнодушни спрема судбината на Митја, но не спрема делото што се разгледуваше; сите беа заинтересирани за крајот на расправата, и мнозина луѓе решително бараа казна за претстапникот, освен можеби, правниците за кои беше нескапоцена моралната страна на расправата, ами, така

да се каже, современо — правничката. Сите ги возбудуваше доаѓањето на прочуениот Фетјукович. Неговиот талент беше познат насекаде, и ова не му беше прво доаѓање во провинција, како бранител во крупни криминалистички процеси. По неговата одбрана таквите процеси стануваа прочуени и долго време се пометеа во цела Русија. Се ширеа неколку анегдоти и за нашиот државен обвинител и за претседателот на судот. Се зборуваше дека нашиот државен обвинител се плашел од средбата со Фетјукович, дека тие биле стари непријатели уште од Петербург, уште од периодот на почетокот на нивната кариера, дека нашиот самољубив Иполит Кирилович — кој вечно сметаше оти е навреден од некого уште во Петербург, затоа што неговиот талент не бил оценет како што треба — во овој карамазовски процес душевно воскреснал и дека мечтаел со тој процес да ја воскресне и својата зачмаена кариера; но дека му било страв само од Фетјукович. Но во поглед на стравот од Фетјукович, мислењата не беа сосем оправдани. Нашиот државен обвинител не беше од оние карактери што паѓаат духовно пред опасноста, туку напротив од оние чие самољубие расте и добива крилја дотолку повеќе доколку расте опасноста. Воопшто треба да се забележи дека нашиот државен обвинител беше премногу пламенен и болно чувствителен. Во по некоја парница ја вложуваше сета своја душа и ја водеше така, како од нејзиното решение, да зависи сета негова судбина и сето негово достоинство. Во правничките кругови, не му се подбиваа многу поради тоа, зашто нашиот државен обвинител токму со таа своја особина, имаше здобиено некаква слава, вистина не надалеку, но многу поголема отколку што можеше да се претпостави според неговото скромно место во нашиот суд. Особено му се подбиваа поради неговата страст кон психологијата. Според моето сфаќање, сите се лажеа: нашиот државен обвинител, како човек и карактер, ми се чини, беше многу посериозен, отколку што мислеа за него мнозина. Но, тој чувствителен човек, уште од првите чекори, уште во почетокот на кариерата, просто не умееше

да се постави, и така тоа после остана во целиот негов живот.

Што се однесува до претседателот на нашиот суд, за него може да се каже само тоа дека беше образован, хуман човек, добар познавач на практиката, проникнат со најновите идеи. Беше доста суетен, но за својата кариера, не се грижеше многу. Главната цел на неговиот живот се состоеше во тоа да биде напреден човек. Притоа, имаше врски и беше имашлив. Процесот на Карамазови, како што се покажа после, го сфаќаше доста запалено, но само општо земено. Него го интересираше самата појава, нејзината класификација, погледот кон неа, како производ на нашите социјални услови, како карактеристика на рускиот елемент и друго. Спрема самиот карактер на процесот, спрема неговата трагедија, како и спрема учесниците, почнувајќи од обвинетиот, тој се постави доста рамнодушно, и апострактно, како што, впрочем, можеби и требаше.

Многу пред доаѓањето на судиите, судската сала беше преполна со луѓе. Кај нас судската сала е најубава сала во градот, широка, висока, акустична. Десно од членовите на судот, чии столови беа поставени на подиум, беше приготвена маса и два реда фотељи за поротниците. Од левата страна беше местото за обвинетиот и за неговиот бранител. На средината на салата, близу до подиумот на кои седеа судиите, се наоѓаше масата за „доказниот материјал". На неа лежеа: крвавиот свилен, бел домашен мантил на Фјодор Павлович; кобниот толчник со кој, како што се претпоставуваше беше извршено убиството; кошулата на Митја со крвав ракав; неговиот рединготот полн со крвави дамки одзади, околу џебот во кој тогаш го стави крвавото шамиче, потоа самото шамиче, сето поткорено од засирена крв, сега веќе сосем пожолтена; пиштолот, што Митја со намера да се убие, го наполни кај Перхотина, и кој, скришум, во Мокрое му го одзеде Трифон Борисич; пликот со натпис во кој беа ставени трите илјади за Грушенка, и танката црвена панделка, со која беше врзан пакетот; и многу предмети, за кои и не се сеќавам. Малку понатаму од дру-

гата страна, во дното на салата, почнуваа местата за публиката; пред подиумот имаше и неколку фотељи за оние сведоци што веќе беа дале исказ, а кои беа задржани во салата. Во десет часот се појавија судиите — претседателот, еден член на судот и еден почесен мировен судија. Се разбира, веднаш дојде и државниот обвинител. Претседателот беше полн, темелен човек, од среден раст, со хемороидално лице, на околу педесет години; имаше темна коса што веќе почнала да побелува, кратко потстрижена; и со црвена лента — веќе не се сеќавам од каков орден. А обвинителот ми се стори — и не само мене туку на сите, некако премногу блед, речиси зелен во лицето, кое некако наеднаш ослабнало, можеби за една ноќ, зашто кога го видов пред три дена, изгледаше сосем обично. Претседателот почна со прашање до судскиот пристав: „Дали се дојдени сите поротници?“ ... Но, гледам дека не ќе можам да продолжам така, едно затоа што многу работи не слушнав добро, во нешто, пак, не успеав да се задлабочам, а трето и заборавив; а што е најважно, затоа што, како што веќе реков, ако сакам да спомнам сè што беше речено, и што се случи, тогаш буквално не ќе имам доволно ни време, ниту место. Знам само дека обете страни, тоест и бранителот и обвинителот, одбија многу малку поротници. А составот на дванаесетминатa поротници го запаметив: четворица наши чиновници, двајца трговци и шестмина селани и граѓани од нашето место. Во нашето општество, се сеќавам, уште доста пред судењето луѓето со чудење се прашуваа, а особено дамите: „Па зарем толку фина, компликувана и психолошка работа ќе им се предаде за судбоносно решавање на некакви чиновници и, најпосле, селани, и што може тука да разбере некој си чиновник, а особено селанец?“ А всушност, сите четворица чиновници, што влегоа во бројот на поротниците, беа неважни луѓе, со мал чин, со белузлави коси — само еден од нив беше малку помлад — малку познати во нашето општество; тие живкаа со мала плата, сигурно имаа стари жени, што не ги водеа никаде и едночудо деца, можеби и голомешести; тие луѓе своето слободно време можеа да го минат само во играње

карти и, се разбира, веќе никогаш не прочитале ни една книга. Двајцата трговци, иако имаа достоинство и изглед, беа необично молчаливи и неподвижни; едниот од нив ја бричеше брадата и беше облечен на германски начин; другиот, со белузлава брада, имаше некаков медал, на црвена лента на вратот. За граѓаните и за селаните нема што да се каже. Нашите скотопригоневски граѓани се речиси исто како селани; тие дури и самите ораат. Двајца од нив беа, исто така, во германска облека, понечиста и понеугледна отколку на другите четворица. Така што навистина на човека можеше да му се наметне мислата, како што и ми се наметна мене, на пример, штом ги разгледав: „Што можат овие да сфатат во едно вакво дело?“ Сепак, нивните лица оставија некаков, чуден сугестивен и речиси заканувачки впечаток, беа строги и намуртени.

Најпосле, претседателот го објави почетокот на расправата за убиството на титуларниот советник во оставка Фјодор Павлович Карамазов — не се сеќавам точно како се изрази. На судскиот пристав му беше наредено да го внесе обвинетиот, — и се појави Митја. Во салата стивна сè, мува можеше да се слушне. Не знам каков впечаток им остави на другите, но изгледот на Митја мене ми остави најнепријатен впечаток. Што е најважно, тој изгледаше неверојатно фодулски, во сосем нов рединготот. После дознав дека за овој ден посебно нарачал рединготот во Москва кај својот стар шивач, кој, ја имаше зачувано неговата мера. Имаше сосем нови црни кожни нараквици, и елегантна кошула. Мина со своите долги аршински чекори, како скулптура здрвено гледајќи пред себе, и седна на своето место без да покаже ни најмалку страв. Набргу се појави и бранителот, прочуениот Фетјукович; некаква пригушена врева се рашири низ салата. Тој беше висок човек, со танки долги нозе, со необично долги танки раце со бледи прсти, со избричено лице, со скромно исчешлана и доста кратка коса, со танки усни, кои понекогаш му се искривуваа од насмевка што не беше подбивна, па дури и не прилегаше на насмевка. Одоко имаше триесетина години. Лицето ќе му беше пријатно да не беа неговите очи, малечки и не толку из-

разити, но сместени необично близу, така што ги дели само едно танко ковче од неговиот долг танок нос. Со еден збор, таа физиономија, во себе имаше нешто изразито птичје, што вчудовидуваше. Бранителот беше во фрак и со бела врска. Се сеќавам на првите прашања што му ги постави на Митја претседателот, тоест за името, занимањето и друго. Митја одговори остро, и некако неочекувано силно, така што претседателот дури ја заниша главата и речиси изненадено го погледна. Потоа беше прочитан списокот на лицата што беа повикани на судската расправа, тоест на сведоците и на вештите лица. Списокот беше долг, четворица сведоци не дојдоа: Миусов, кој во тоа време веќе беше во Париз, но чиј исказ го имаа од поранешното иследување, госпоѓата Хохлакова, и спахијата Максимов, поради болест и Смердјаков, — поради ненадејната смрт, за кое беше приложено полициско уверение. Веста за Смердјаков предизвика живост и шепот во салата. Се разбира, меѓу публиката, мнозина уште не знаеја за тој ненадеен случај на самоубиство. Но, посебно вчудовидлив беше ненадејниот испад на Митја: само што јавија за случајот на Смердјаков, тој наеднаш од своето место викна, така што да се слушне во целата сала:

— Кучето како куче и пцовиса!

Се сеќавам дека неговиот бранител се стрчна кон него, а претседателот му се обрна со заканување оти ќе преземе строги мерки ако се повтори уште еднаш сличен испад. Митја нагло и одмавнувајќи со главата, но изгледа без најмало каење, неколку пати му повтори на бранителот полугласно:

— Не, нема! Ми се откачи! Нема повеќе!

Се разбира дека таа кратка епизода, остави лош впечаток за него кај поротниците и судиите. Си го покажа карактерот, и самиот за себе зборуваше каков е. Под тој впечаток, секретарот на судот го прочита обвинителниот акт. Обвинителниот акт беше краток, но содржаен. Во него се излагаа само најглавните причини, зошто е тој и тој изведен пред судот, зошто морал да биде предаден на суд и така натаму. Сепак, обвинителниот акт мене ми остави силен впечаток. Секре-

тарот го прочита јасно, гласно, разбирливо. Како повторно да се појави пред сите сета трагедија, релјефно, концентрирано, осветлена со кобната, неумолива светлина. Се сеќавам, како веднаш по читањето претседателот гласно и сериозно го праша Митја:

— Обвинет, дали се чувствувате виновен?

Митја нагло стана:

— Признавам дека сум виновен за пијанство и разврат, — викна тој со некаков неочекуван, речиси бесен глас, — и за мрзливост и за пијанчење. Сакав засекогаш да станам чесен човек токму во оној момент кога ме погоди судбината! Но за смртта на старецот, мојот непријател и татко — не сум виновен! А ни за ограбувањето — не, не, не сум виновен, ниту можам да бидам виновен. Дмитриј Карамазов е подлец, но не и крадец!

Тоа го изговори со висок глас и седна, очигледно целиот растреперен. Претседателот пак му се обрна со краток но поучен совет: да одговара само на прашањата, а да не се впушта во споредни работи и да не вика разлутено. Потоа нареди да се мине на расправата. Ги воведоа сите сведоци за да се заколнат. Тогаш ги видов сите наеднаш. Браќата на обвинетиот беа пуштени да сведочат без заклетва. Откако свештеникот и претседателот им ги дадоа своите совети и укажувања — ги зазедоа своите седишта кои ги одвојуваа еден од друг. Потоа почнаа да ги прозиваат, еден по еден.

II

Опасни сведоци

Не знам дали претседателот сведоците на обвинението и на одбраната ги подели некако по групи, и по кој ред решија да ги прозиваат. Веројатно тоа беше предвидено. Знам само дека најпрвин почнаа да ги прозиваат сведоците на обвинението. Повторувам немам намера да го опишувам целиот распит и чекор по чекор. Освен тоа, мојот опис би излегол некаде излишен, зашто во говорите на државниот обвинител и на

бранителот, кога се пристапи кон завршната расправа, целиот тек и смислата на сите направени и ислушани искази беа сведени во една точка, со јасно и карактеристично осветлување, а тие два важни говора, јас барем делумно ги запишав во целост и ќе ги соопштам кога ќе дојде ред за тоа, исто како и една извонредна и сосем неочекувана епизода на процесот, што се одигра ненадејно, уште пред говорот на државниот обвинител и која, без сомневање, влијаеше врз неговиот страшен и кобен крај. Само ќе забележам дека од првите моменти на судењето јасно се покажа извесна посебно карактеристична особина на тој процес, што ја забележија сите, имено: необичната сила на обвинението, во споредба со средствата со кои располагаше одбраната. Тоа го сфатија сите од првиот миг кога во страшната судска сала почнаа да се концентрираат и групираат фактите и малку-помалку да избиваат на површина сиот ужас и сета крв. Можеби, на сите веќе им беше јасно уште при првите чекори дека тука се работи за сосем неоспорно дело, дека тука и нема сомневање, дека тука, всушност, не е потребен никаков процес, дека тоа ќе биде само заради форма, а дека злосторникот е виновен, виновен очигледно, виновен сигурно! Јас мислам дека дури и сите дами, сите до една, кои нестрпливо го очекуваа ослободувањето на интересниот обвинет, во исто време беа наполно уверени дека е тој виновен. И не само тоа, туку ми се чини оти дури би им било криво ако неговата вина не се докаже во толкава мера, зашто ако го ослободат престапникот, расплетот не би имал таков ефект. А дека тој ќе биде ослободен — во тоа, чудна работа, сите дами беа наполно убедени, сè до последниот момент: „Виновен е, но ќе биде ослободен од хуманост, поради новите идеи, новите чувства што се сега во мода“, и така натаму. Поради тоа и тие овде беа собрани со таква нестрпливост. А луѓето најмногу ги интересираше борбата помеѓу обвинителот и прочуениот Фетјукович. Сите се чудеа и се прашуваа: што може да направи од таква изгубена работа, од толку црвосан орев, дури и таквиот талент, каков што е Фетјукович? И затоа, со напрегнато внимание ги следеа неговите подвизи. Но

Фетјукович сè до крајот, сè до својот говор, за сите остана загатка. Искусните луѓе претчувствуваа дека тој има свој систем, дека кај него веќе нешто се има склопено, дека тој има пред себе цел, но каква — тоа беше речиси невозможно да се погоди. Неговата самоувереност, меѓутоа, ја забележуваа сите. Освен тоа, сите со задоволство веднаш забележија дека тој за време на краткиот престој кај нас, само за некои три дена, умееше, за чудо, точно да се запознае со предметот ,и дека го „проучи до подробности". Со уживање, на пример, после се раскажуваше како тој на сите сведоци на обвинението умеел во погоден момент да ги доведе „во тесно" и по можност да ги збуни и што е најважно, малку да го извалка нивниот углед, а со тоа да ги извалка и нивните искази. Впрочем, се сметаше, дека тој тоа го прави најмногу заради игра, така да се каже, заради некаков правнички блесок, само колку ништо да не се заборави од вообичаената адвокатска практика; зашто сите беа убедени дека тој не може да постигне некаква голема и крајна корист од сите тие „подбивања", и дека самиот тој, веројатно подобро од сите го знае тоа, но дека сепак мора да има некаква своја идеја во резерва, некакво засега уште скриено средство за одбрана, што наеднаш ќе го изнесе на показ кога ќе му дојде времето. А дотогаш, чувствувајќи ја својата сила, тој просто си играше и беше немирен. Така, на пример, кога го распитуваа Григориј Василевич, бившиот собар на Фјодор Павлович, кој го даде најважниот исказ за „отворената врата во градината", бранителот кога му дојде редот да поставува прашања, добро го поткачи стариот. Мора да се забележи дека Григориј Василевич дојде во судската сала без да се збуни ни од величественоста на судот, ни од присуството на многуте луѓе што го слушаа — со спокоен, и речиси величествен изглед. Своите искази ги даваше со таква сигурност како да разговара насамо со својата Марфа Игнатјевна, само можеби со поголема почит. Беше невозможно да се збуни. Обвинителот отпрвин долго го распитуваше за сите подробности од животот на семејството Карамазови. Семејната слика јасно излезе пред неговите очи. Се

чувствуваше, се гледаше дека сведокот е простодушен и непристрасен. И покрај сета најдлабока почит спрема споменот на својот покоен господин, тој сепак, на пример, изјави дека овој спрема Митја бил неправичен, и дека „не ги воспитал децата како што треба". „Да не бев јас, него како мало дете ќе го изедеа вошки" — додаде тој, кога раскажуваше за детството на Митја. „А не беше добро ни тоа што таткото, му куси на синот од неговиот мајчински, семеен имот". А на прашањето од обвинителот, врз основа на какви причини тој тврди дека Фјодор Павлович при пресметката го оштетил синот, Григориј Василевич не изнесе никакви сигурни податоци, но сепак остана на тоа дека пресметката со синот била „неправилна" и дека навистина „требало да му бидат доплатени уште неколку илјади" што многу ги зачуди сите. Забележувам дека обвинителот прашањето: дали навистина Фјодор Павлович нешто не му исплатил на Митја — со посебно настојување после им го поставуваше и на сите сведоци на кои можеше да им го постави, не исклучувајќи го ни Аљоша, ни Иван Фјодорович, но од ниеден сведок не доби никакви точни податоци; сите само го тврдеа фактот, а никој не можеше да наведе колку-толку јасни докази. Кога Григориј ја опиша сцената на маса та, како втрча Дмитриј Фјодорович и го истепа татка си заканувајќи се дека пак ќе се врати за да го убие — тежок впечаток ја исполни судската сала, дотолку повеќе што стариот слуга зборуваше спокојно, без непотребни зборови, со својот посебен јазик, што излезе многу красноречиво. За навредата што му ја нанесол Митја тогаш, кога го удрил по лицето, и го соборил на земјата, тој рече дека не се лути, и дека одамна му простил. За покојниот Смердјаков рече, прекрстувајќи се, дека тој бил способен момок, но глупав и скршен од болеста, а над сè безбожник, а на безбожништво го учеле Фјодор Павлович и постариот син. Но дека Смердјаков е чесен, Григориј тоа го потврди речиси пламено, и веднаш додаде оти Смердјаков еднаш не ги скрил парите на господинот што биле изгубени, и кои ги нашол тој, ами му ги однесол на господинот, а овој за тоа „му подарил златник", и оттогаш почнал

да му верува во сè. Дека вратата што води кон градината била отворена, тоа и сега го потврди упорно. Впрочем, него толку многу го прашуваа, што јас не можам да се сетам за сè. Најпосле, дојде редот да го праша и бранителот; овој веднаш почна да го прашува за пликот во кој „наводно“ имало три илјади рубли за „извесна личност“. „Дали вие тоа го видовте, вие, човек толку одамна близок на вашиот господин?“ — Григориј одговори дека не го видел, и дека дури и не слушнал за парите од никого „сè додека за тоа не почнаа да зборуваат сите“. Прашањето за пликот, Фетјукович, од своја страна, им го поставуваше на сите сведоци, што можеше да ги праша за тоа, исто онака упорно како што обвинителот прашуваше за делбата на имотот, — и од сите добиваше само еден одговор: дека никој не го видел пликот, иако за него слушнале мнозина. Сите веднаш ја забележаа упорноста на бранителот во поставувањето на тоа прашање.

— А сега, дали можам да ви се обрнам со прашањето, ако дозволите, — наеднаш и сосем неочекувано праша Фетјукович, — од што беше направен балсамот или тинктурата со која вечерта пред спиење, како што се знае од иследната постапка сте си ги истриле вашите болни слабини со надеж дека ќе се излекувате?

Григориј тапо го погледна прашувачот, и по кратко молчење, промрмори:

— Имаше додадено жалфија.

— Само жалфија, Не можете ли да се сетите за уште нешто?

— Имаше и слез.

— А можеби и црн пипер? — се интересираше Фетјукович.

— Имаше и црн пипер.

— И така натаму. И сето тоа во ракиичка?

— Во шпиритус.

Во салата се слушна лесна смеа.

— Значи во шпиритус? Откако си го истривте грбот, вие останатата содржина на шишето, со некаква благочестива молитва што ја знае само вашата сопруга, — повелавте да ја испиете, така ли е?

— Ја испив.

— А приближно колку испивте? Приближно. Чашка, две?

— Па, ќе имаше една чашка.

— Значи чашка. А можеби чашка и пол?

Григориј замолчи. Како да сфати нешто.

— Чашка и пол пречистен шпиритус, — тоа не е лоша работа, што мислите? Човек по тоа може да види и „отворени рајски врати," а не само вратата што води кон градината.

Григориј сè уште молчеше. Пак се слушна смеа во салата. Претседателот се размрда.

— А вие сигурно знаете, — сè повеќе настојуваше Фетјукович — дали сте спиеле во моментот кога сте ја забележиле отворената врата во градината?

— На нозе стоев.

— Тоа уште не е доказ дека не сте спиеле (и пак смеа во салата). Дали сте можеле, на пример, да одговорите во тој момент, ако ве прашал некој, еве, да речеме, која година е сега?

— Не знам.

— А дали знаете која година од нашата ера, од раѓањето на Христоса е сега?

Григориј стоеше збунет, гледајќи право во својот мачител. Чудно — изгледаше дека тој навистина не знае која година е сега.

— А можеби сепак знаете колку прсти имате на раката?

— Јас сум потчинет човек, — рече наеднаш Григориј гласно и јасно — ако и е на власта по волја, да се подбива со мене, јас морам да трпам.

Фетјуковича нешто како да го потсече; тука се замеша и претседателот и поучно го потсети бранителот дека треба да поставува поумесни прашања. Фетјукович го ислуша тоа, достоинствено се поклони и изјави дека го завршил својот распит. Се разбира, и кај публиката и кај поротниците можеше да остане мало црвче на сомневање во сведочењето на човекот што имал можности да „види и рајски врати" во извесна состојба на лекување, и кој, освен тоа, не знае ни која година е од раѓањето на Христоса; така што бранителот на Митја сепак си ја постигна целта. Но

пред заминувањето на Григориј, се случи уште една епизода. Претседателот, обрнувајќи му се на обвинетиот го праша дали и тој има нешто да забележи по повод дадените искази.

— Освен за вратата, сè што кажа е вистина — викна Митја гласно. — Што ме чистел од вошките — му благодарам; што ми простил за ударите — му благодарам; старецот беше чесен цел живот и му беше верен на татко ми, како седумстотини кучиња.

— Обвинет, одбирајте зборови, — строго изговори претседателот.

— Јас не сум куче — промрмори Григориј.

— Па добро, тогаш јас сум куче — јас! — викна Митја. — Ако е навреда, ја примам врз себе, а него го молам да ми прости: бев звер, и свиреп спрема него! и спрема Езоп бев свиреп.

— Спрема кој Езоп? — строго прифати пак претседателот.

— Па, со комендијантот . . . Со татко ми, со Фјодор Павлович.

Прседателот пак и повторно убедливо и најстрого му препорача на Митја внимателно да ги одбира своите изрази.

— Вие со тоа само си правите штета во очите на вашите судии.

Исто така, многу вешто постапи бранителот и при сослушувањето на сведокот Ракитин. Забележувам дека Ракитин беше еден од најважните сведоци и, за обвинителот, без сомневање, скапоцен. Се покажа дека тој знаел сè, за чудо многу знаел; бил кај сите, видел сè, разговарал со сите, најподробно ја знаеше биографијата на Фјодор Павлович и на сите Карамазови. Вистина, за пликот со трите илјади и тој слушнал само од Митја. Но затоа пак подробно ги опиша подвизите на Митја во крчмата „Престолнина“, сите зборови и движења што го компромитираа, а го раскажа и случајот со „распарана пачавра“, капетанот Снегирјов. А во поглед на посебната точка: дали Фјодор Павлович му останал должен на Митја при пресметката околу имотот, за тоа дури ни Ракитин не можеше нешто да соопшти и се извлече само со општи презриви изрази.

Тој рече: „Кој би можел да сфати кој е виновен меѓу нив, и да пресмета кој на кого му останал должен, во таа луда карамазовштина, во која никој не можел ни да се најде ниту да се определи себеси?“ Сета трагедија на злосторството, за кое сега се суди, тој ја претстави како производ на застарените обичаи на кметството и на Русија потоната во неред, која страда без соодветни установи. Со еден збор, нему му дозволија да каже и нешто повеќе. На тој процес господин Ракитин првпат се покажа и беше забележен; обвинителот знаеше дека овој сведок подготвува статија за злосторството за списание, и после во својот говор (што ќе го видиме подоцна) цитираше неколку мисли од таа статија — значи, со неа веќе беше запознат. Сликата што ја изнесе сведокот излезе мрачна и кобна, и му даде голема сила на „обвинението“. Воопшто, излагањето на Ракитин ја освои публиката со независноста на мислата и необичното благородство на занесот. Дури и ненадејно се слушнаа два-три аплаузи, и тоа на оние места каде што се зборуваше за кметството и за Русија што страда поради несреденост. Но сепак, Ракитин, како млад човек, направи мала грешка која бранителот веднаш вонредно умееше да ја искористи. Одговарајќи на некои прашања во поглед на Грушенка, тој, занесен од успехот што, се разбира, го чувствуваше и самиот, и со вистината на благородството на кое се беше издигнал — си дозволи да се изрази за Аграфена Александровна, донекаде презриво, како за „метреса на трговецот Самсонов“. Многу би платил тој потоа да можеше да го повлече тој збор, зашто на него веднаш го фати Фетјукович. Ракитин воопшто не сметаше дека овој за толку кратко време можел да се запознае со целиот случај, — толку интимни ситници.

— Дозволете да дознам, — почна бранителот, со најљубезна и дури учтива насмевка, кога му дојде редот да поставува прашања, — веројатно, вие, сте оној господин Ракитин, чија брошура, издадена од Епархиската управа **„Животот на кај господа преминатиот старец, отец Зосима“**, полна со длабоки и религиозни мисли, со вонредна убава и благочестива посвета до владиката, неодамна ја прочитав со такво задоволство.

— Јас не го напишав тоа за печат . . . Тоа го печатеа после — промрмори Ракитин, како да беше наеднаш вчудовиден од нешто и речиси со срам.

— О, тоа е чудесно! Мислителот како вас, може, дури и мора да гледа многу широко на секоја општествена појава. Под покровителство на владиката вашата многу корисна брошура се прочу и донесе извесна корист . . . Но, еве главно за што би сакал да ве прашам: вие токму во овој момент изјавивте дека сте ѝ биле многу близок познат на госпоѓата Светлова? (Nota bene. Се покажа дека презимето на Грушенка е „Светлова". Тоа јас првпат го дознав дента во текот на процесот.)

— Јас не можам да одговарам за сите свои познанства . . . јас сум млад човек . . . и кој може да одговара за сите оние со кои се среќава . . . — просто пламна Ракитин.

— Ве сфаќам, уште како ве сфаќам! — викна Фетјукович, божем и самиот збунет, и речиси брзајќи да се извини — вие, како и секој друг, сте можеле да бидете заинтересиран за познанството со младата и убава жена, која на драго срце го примала цветот на овдешната младина, но . . . сакам да се информирам: нам ни е познато дека Светлова, пред едно два месеца, необично сакала да се запознае со најмладиот Карамазов, Алексеј Фјодорович. И само за да го доведете кај неа, и тоа токму во неговата тогашна калуѓерска облека, таа ветила дека ќе ви исплати дваесет и пет рубли, веднаш откако ќе ѝ го доведете. Како што е познато, тоа било токму оној ден што заврши со трагичната катастрофа која послужи како основа за овој процес. Вие сте го довеле Алексеј Карамазов кај госпоѓа Светлова — па, дали тогаш сте добиле дваесет и пет рубли како награда од Светлова, ете, тоа би сакал да го слушнам од вас.

— Тоа беше шега . . . Јас не гледам зошто би морало да ве интересира тоа. Ги примив на шега . . . за после да ги вратам.

— Значи, ги зедовте. Но вие ни до денеска не сте ги вратиле . . . или сте ги вратиле?

— Тоа не е важно . . . — мрмореше Ракитин — не можам да одговарам на такви прашања . . . Се разбира, јас ќе ги вратам парите . . .

Се замеша претседателот, но бранителот објави дека ги завршил своите прашања за господин Ракитин. Господин Ракитин слезе од сцената малку извалкан; впечатокот од неговиот високоблагороден говор сепак беше расипан; и Фетјукович, испраќајќи го со погледот, како да си велеше посочувајќи и го него на публиката: „Еве какви се вашите благородни тужители!“ Се сеќавам, ни тогаш не мина без испад од страна на Митја: разлутен поради тонот со кој Ракитин се изрази за Грушенка, тој наеднаш од своето место викна: „Бернар!“ А кога претседателот, откако заврши сослушувањето на Ракитин, му се обрна на обвинетиот . . . дали сака да забележи нешто од своја страна, Митја продорно викна:

— Тој и од мене, веќе како обвинет, извлекуваше пари на заем! Омразен Бернар, и кариерист, и не верува во бога, и го излажал владиката.

Митја, се разбира, пак беше предупреден поради незаузданост во изразите, но господин Ракитин беше дотепан. Немаше поголема среќа со своето сведочење ни капетанот Снегирјов, од сосем друга причина. Тој дојде сосем искинат, во нечиста облека, во кални чизми, а наспроти сета предострожност и претходната „експертиза“, се покажа дека е сосем пијан. На прашањата за навредата што му ја нанесол Митја, не сакаше да одговори.

— Господ нека го казни! Не ми дозволува Иљушечка. Мене господ ќе ми плати.

— Кој не ви дозволува да сведочите? Кого го споменувате?

— Иљушечка, моето синче: „татенце, татенце, колку те понижи!“ — тоа го рече кај каменот. А сега е на умирање . . .

Капетанот наеднаш горчливо заплака, и се трупна пред нозете на претседателот. Брзо го изведоа надвор, со смеа на публиката. Па така, не остана ништо од впечатокот што го подготви обвинителот.

А бранителот и понатаму ги користеше сите средства, и сè повеќе и повеќе ги зачудуваше луѓето со своето познавање на работите до најситни подробности. Така, на пример, сведочењето на Трифон Борисич остави многу силен, а се, разбира, многу неповолен впечаток за Митја. Зашто Трифон за малку што не пресметал на прсти дека Митја, кога дошол првпат во Мокрое, речиси еден месец прд катастрофата, не можел да потроши помалку од три илјади или можеби само нешто малку помалу. „Само на Циганките колку им фрлаа! А на нашите, на нашите вошливи селани, не само што им фрлаа „полтинки по улицата", туку и банкноти од најмалку дваесет и пет рубли им подаруваа — помалку не им даваа. А колку тогаш им е и украдено! Се разбира, тој што украл, не ја оставил таму раката: каде ќе го фатиш крадецот, кога самите тие безмилосно расфрлаа! Нашиот свет е разбојник, не си ја чува душата. А на нашите девојки, на нашите селски девојки, колку ли за нив отиде! Од тоа време нашите се збогатија ,ете ви; порано сето тоа беше гола сиромаштија!" Со еден збор, гостилничарот го спомна секој издаток, и пресмета сè како на сметалка. На тој начин, претпоставката дека биле потрошени илјада и петстотини, а дека другото било зашиено во ќесе на градите — стануваше невозможна. „Самиот видов, во рацете им видов три илјади, како една копејка, со моите сопствени очи гледав, зарем ние не знаеме да пресметаме!" викаше Трифон Борисич напрегајќи се со сета сила, и сакајќи да ѝ угоди на власта. Но кога му дојде редот на бранителот да прашува, овој речиси не обидувајќи се да го побие тој исказ, наеднаш зафати разговор за тоа како коларот Тимофеј и еден друг селанец, Аким, при првата оргија, еден месец пред апсењето, нашле во Мокрое, во ходникот, на подот сто рубли, кои Митја ги изгубил во пијана состојба и му ги предале на Трифон Борисич, а дека овој за тоа им дал по една рубла. „Ех, дали вие тогаш му ги вративте тие сто рубли на господин Карамазов?" — Трифон Борисич, колку и да се обидуваше да се извлече, најпосле, откако ги сослушаа селаните, призна дека се најдени сто рубли, додавајќи само дека тој тогаш бо-

жем сè му вратил на Дмитриј Фјодорович, и сè му дал в раце „на најчесен начин, но тие самите, бидејќи тогаш беа пијани, тешко да можат сега да се сетат за тоа". Но бидејќи Трифон пред да бидат сослушани селаните откажуваше оти се најдени сто рубли, неговиот исказ за враќањето на таа сума на пијаниот Митја, сосем природно, беше примен со големо сомневање. И на тој начин, еден од најопасните сведоци што ги истакна обвинението си отиде, исто така, усомнет и со многу извалкан углед. Исто така, беше и со Полјаците. Тие се појавија гордо и независно. Бучно посведочија дека, пред сè, и двајцата „ѝ служеле на круната", и дека „пан Митја" им нудел три илјади за да ја купи нивната чесност, и дека тие лично виделе големи пари во неговите раце. Пан Мусјалович во своите реченици вметнуваше страшно многу полски зборови, а кога забележи дека тоа го подига во очите на претседателот и обвинителот, сосем си го издигна својот дух, и почна да зборува чисто полски. Но, Фетјуковиќ и нив ги фати во своите стапици: колку и да мрдаше Трифон Борисич, кого пак го извикаа да сведочи, тој мораше да признае оти пан Врублевскиј неговиот шпил карти го заменил со свои карти, и дека пан Мусјалович, делејќи ги картите, обележил една карта. Тоа го потврди и сведокот Калганов, така што двајцата пановци се оддалечија по малку посрамотени, дури и исмеани од публиката.

Исто така минаа и сите други најопасни сведоци. Секој од нив Фетјукович умееше морално да го оцрни и да го отпушти донекаде насамарен. Љубителите и правниците просто уживаа, но сепак не можеа да видат кон што големо и конечно може да послужи сето тоа, зашто, повторувам, сите ја чувствуваа непобитноста на обвинението, кое стануваше сè потешко и потрагично. Но, по сигурноста на „големиот волшебник" се гледаше дека е мирен, и се чекаше: „таквиот човек," секако не дошол напразно од Петербург; секако тој нема туку-така, без ништо да се врати дома.

III

Медицинска експертиза и фунта лешници

Медицинската експертиза, исто така, не му помогна многу на обвинетиот. Само Фетјукович, изгледа, не полагаше многу во тоа, како што ѝ се покажа подоцна. Во својата основа таа беше извршена само поради настојувањето на Катарина Ивановна, која посебно го повика прочуениот лекар од Москва. Се разбира, одбраната ништо не можеше да изгуби со тоа, а во најдобар случај можеше нешто и да добие. Впрочем, се случи дури и нешто комично, и тоа поради лекарска несогласица. Експерти беа: прочуениот лекар од Москва, потоа нашиот доктор Херценштубе и, најпосле, младиот лекар Варвински. Последните двајца фигурираа и како сведоци, повикани од државниот обвинител. Прв, како стручно лице, беше прашан доктор Херценштубе. Тој беше седумдесетгодишен старец, белокос и речиси ќелав, со среден раст, со цврст состав. Кај нас во гратчето него сите многу го ценеа и почитуваа. Тој беше совесен лекар, прекрасен човек и — побожен, некаков хернхутер или „Моравски брат", не знам сосем сигурно. Живееше меѓу нас многу одамна, и се однесуваше необично достоинствено. Беше добар и човекољубив, бесплатно ги лекуваше сиромашните и селаните, самиот одеше во нивните куќарки и оставаше пари за лекови. Покрај тоа, беше и тврдоглав како маска. Ако му влезеше во главата некоја идеја, беше невозможно да се поколеба. На сите во градот веќе им беше познато дека пристигнатиот прочуен лекар во текот на два-три дена колку што престојуваше кај нас си дозволил неколку необично навредливи зборови во поглед на способностите на доктор Херценштубе. Работата е во ова: иако московскиот лекар за визита земаше не помалку од дваесет и пет рубли, некои во нашиот град многу се зарадуваа, поради неговото доаѓање, не ги жалеа парите и отидоа кај него за совет. Сите тие болни, се разбира, дотогаш ги лекуваше доктор Херценштубе, а сега прочуениот лекар необично остро го осуди тоа лекување. Најпосле, влегу-

вајќи кај болниот, просто прашуваше: „Кој мешкал овде кај вас, Херценштубе? Хе-хе!“ Доктор Херценштубе, се разбира, дозна за сето тоа. А сега, ете, тие тројца лекари се појавија, еден по еден, за да бидат сослушани. Доктор Херценштубе отворено изјави дека „ненормалноста на умствените способности на обвинетиот се покажува сама по себеси“. Потоа, откако ги изнесе своите причини, кои јас овде ги изоставам, додаде дека таа ненормалност се гледа не само од поранешните многубројни постапки на обвинетиот, туку и сега, дури и во овој момент. А кога го замолија да објасни во што се гледа во овој момент, тогаш стариот доктор со сета искреност на својата простодушност укажа на тоа како обвинетиот, влегувајќи во судската сала „имаше необичен и за ова априлика чуден изглед, чекореше како војник, со поглед управен пред себе, а, всушност, побргу би требало да гледа на левата страна, каде што во публиката седат дамите, зашто тој е голем љубител на женскиот пол и дека мораше многу да мисли за тоа што ли ќе речат сега за него дамите“, — заврши старецот со својот оригинален јазик. Морам да додадам дека тој со задоволство зборуваше на руски јазик, но некако секоја реченица му излегуваше на германски начин, кое, всушност, него воопшто не го збунуваше, зашто и целиот живот имаше слабост својот руски говор да го смета за совршен „за подобар отколку кај Русите“, и многу љубеше да се служи со руски поговорки, уверувајќи секојпат дека руските поговорки се најдобри и најизразити од сите поговорки на светот. Патем напомнувам дека тој во разговорот, веројатно поради некаква расеаност, често ги забораваше најобичните зборови, кои ги знаеше одлично, но кои, ете, така, наеднаш му се губеа од умот. Впрочем, исто се случуваше и кога ќе зборуваше на германски: тој притоа секогаш мавташе со рака пред лицето, како да се труди да го фати изгубениот збор, и никој не би бил способен да го натера да го продолжи започнатиот говор пред да го најде изгубениот збор. Неговата забелешка дека обвинетиот при влегувањето требало најпрвин да гледа во дамите, предизвика немирно шепотење во публиката. Нашите дами многу го сакаа старецот, а се зна-

еше, исто така дека е неженет човек, побожен и чесен, на жените гледаше како на виши и идеални суштества. И затоа неговата неочекувана забелешка излезе многу чудна.

Московскиот доктор, кога го прашаа, остро и решително потврди дека смета оти умствената состојба на обвинетиот е ненормална, „и тоа во голема мера". Тој многу и умно зборуваше за „афектот" и за „манијата", и заклучуваше дека обвинетиот, според сите собрани податоци, се наоѓал во несомнен болен афект, уште неколку дена пред апсењето, па иако извршил злосторство и бил свесен за тоа, сепак го извршил речиси несакајќи, немајќи ни малку сила да се бори со болниот морален порив што завладеал со него. Освен афектот, докторот наоѓаше дека кај обвинетиот постои и манија, што, според неговите зборови, го претскажува вистинскиот пат кон целосно лудило. (Н. Б. Сево ова јас го раскажувам со мои зборови, а докторот се изразуваше на многу учен и специјален јазик). „Сите негови постапки се противни на здравата смисла и на логиката, — продолжуваше тој. — Да не зборувам за она што не сум го видел, тоест за самото злосторство, и за сета оваа катастрофа; но, ете, завчера, за време на разговорот со мене, тој имаше необјаснето здрвен поглед. Неочекувана насмевка кога за тоа воопшто немаше место. Несфатлива постојана раздразнетост, чудни зборови: „Бернар", „етика", и други, што не се потребни." Докторот манијата ја гледаше посебно во тоа што обвинетиот не може ни да зборува за оние три илјади рубли, за кои смета дека е излажан, без необична раздразнетост, додека за сите други незгоди и навреди зборува и ги споменува доста лесно. Најпосле, како што дознал тој, обвинетиот и порано, секојпат кога се однесувало на тие три илјади, паѓал речиси во некаков бес; меѓутоа, луѓето сведочат дека тој е несебичен, и дека не е лаком. „Што се однесува пак до мислењето на мојот учен колега — иронично додаде московскиот доктор, довршувајќи го својот говор, — дека обвинетиот, влегувајќи во судската сала, требало да гледа кон дамите, а не право пред себе, ќе го речам само ова: дека таквиот заклучок, освен што

е малку скокотлив, и од темел е погрешен: зашто, иако јас наполно се согласувам со тоа дека обвинетиот влегувајќи во салата, во која се решава за неговата судбина не требаше толку здрвено да гледа пред себе, и дека тоа навистина би можело да се смета како знак за неговата ненормална душевна состојба во дадениот момент — јас во исто време тврдам дека требаше да гледа не влево, кон дамите, туку напротив токму в десно, барајќи го со погледот својот бранител, во чија помош лежат сите негови надежи, и од чија одбрана зависи сета негова судбина.“ Своето мислење докторот го изрази решително и енергично. Посебна комичност на несогласувањето на двајцата учени стручњаци, му придаде неочекуваниот заклучок на лекарот Варвински, кој одговараше последен. Според неговото сфаќање, обвинетиот, како порано, така и сега, се наоѓа во наполно нормална состојба; навистина, пред да го уапсат, морал да се наоѓа во нервозна и необична возбудена состојба, но според него за тоа имало голем број најочигледни причини: љубомора, гнев, непрестајно пијанство и друго. Но таа нервозна состојба не можела да има во себе никаков посебен „афект“, за кој се зборуваше пред малку. А што се однесува до тоа, дали обвинетиот требало да гледа влево или вдесно, според неговото „скромно мислење“, тој морал да гледа право пред себе, како што навистина гледаше, зашто право пред него седеа претседателот и членовите на судот, од кои зависи сета негова судбина, „и токму гледајќи право пред себе, тој докажуваше дека во дадениот момент неговата состојба на умот е нормална“, го заклучи својот исказ младиот лекар, кој беше пламенен но и „скромен“.

— Браво, лекаре! — викна Митја од своето место. — Сосем точно!

Митја, се разбира, беше предупреден, но мислењето на младиот лекар имаше најрешавачко влијание врз судот, така и врз публиката, зашто како што се покажа после, сите се согласија со него. Инаку, доктор Херценштубе, кога после го распитуваа како сведок, сосем неочекувано му беше од корист на Митја. Како одамнешен жител на нашиот град, кој одамна

го познава семејството Карамазови, тој даде неколку искази, многу интересни за обвинението, и наеднаш, како да се сети за нешто, додаде:

— Но, сепак, ова кутро момче можеше да постигне многу подобра судбина, зашто имаше добро срце, и во детството и по детството, зашто јас го знам тоа. Но, руската поговорка вели: „Ако некој има ум, тоа е добро; а ако му дојде на гости уште и умен човек, тогаш тоа е уште подобро, зашто тогаш ќе има два ума, а не само еден“ . . .

— „Еден ум, е добро, а два уште подобро“ — нестрпливо му помогна обвинителот, кој одамна го познаваше обичајот на старецот да зборува полека, развлечено, не збунувајќи се поради впечатокот што ќе го остави кај слушателите, ниту дека го чекаат — напротив, многу ценејќи ја својата крута, компирска и секогаш радосно-самозадоволна германска духовитост. А старецот љубеше да биде духовит.

— О, да, да, и јас го велам истото — упорно прифати тој. — Еден ум е добро, а два многу подобро. Но, друг со ум не дојде кај него, а тој го пушти својот . . . Како тоа, каде го пушти? Тој збор — каде го пуштил умот, јас го заборавив — продолжи тој мавтајќи со раката пред своите очи, ах, да, шпацирен.

— На прошетка?

— Па да, на прошетка, и јас го велам тоа. Па, ете, така, неговиот ум отиде на прошетка, и дојде на толку длабоко место на кое се изгуби. Меѓутоа, тој беше благодарен и чувствителен момчак, о, јас многу добро се сеќавам за него, уште кога беше олку малечкав и кога татко му го турна во дворот, кога трчаше без чевлички и во панталончиња со едно копче . ..

Некаква топла и трогателна нота наеднаш се почувствува во гласот на чесниот старец. Фетјукович просто затрепери, како да претчувствуваше нешто, и вчас целиот се претвори во внимание.

— О, да, и јас тогаш уште бев млад човек . . . Мене . . . Па, да, јас тогаш имав четириесет и пет години, и само што бев дојден ваму. Тогаш ми стана жал за детето и се прашав себеси: а зошто не би можел да му купам една фунта . . . Ех, фунта што? Заборавив

како се вика тоа... Една фунта од она што многу го сакаат децата, како се вика тоа... е, како се... — докторот пак фати да мавта со рацете — расте на дрво, го берат и му го даваат на секого...

— Јаболко?

— О, не, не, не! Фунта, фунта, јаболката се продаваат на парче, а не на фунта... Не, тие се многу, сите се ситни, ги стави в уста и кр-р-т!...

— Лешници?

— Па да, лешници, и јас така велам — потврди докторот на најмирен начин, сосем како да не го барал зборот — и јас му донесов една фунта лешници, зашто на детето никој никогаш уште не му донесол фунта лешници, и го дигнав прстот и му реков: „Момче! Gott der Vater“,[1]) тој се насмеа и вели: „Gott der Vater. — Gott der Sohn.“[2]) Тој пак се насмеа и плеска: „Gott der Sohn. — Gott der heilige Geist.“[3]) Тогаш тој пак се насмеа, и изговори како што можеше: „Gott der heilige Geist“, потоа јас си отидов. По три дена поминувам, а тој и самиот ми вика: „Чичко, Gott der Vater, Gott der Sohn“, заборавил само Gott heilige Geist, но го потсетив, и пак ми стана жал за него. А после го одведоа и веќе не го гледав. Кога, види, минаа дваесет и три години, седам јас едно утро во својот кабинет, веќе со побелена глава, наеднаш влегува млад човек, во најубавите години, кој воопшто не можам да го познам, но тој го дига прстот и смеејќи се вели: „Gott der Vater, Gott der Sohn und Gott der heilige Geist.“ Јас сега пристигнав и дојдов да ви заблагодарам за фунтата лешници, зашто мене тогаш никој не ми имаше купено фунта лешници, вие единствен ми купивте фунта лешници.“ Дури тогаш се сетив за својата среќна младост и за едно момче во дворот, без чевлички, и мене радосно ми затупка срцево, па реков: ти си благодарен млад човек, зашто цел живот си се сеќавал на фунтата лешници, што ти ги донесов во твоето детство. И го прегрнав и го благословив.

---

[1]) Бог отец (герм.)
[2]) Бог син (герм.)
[3]) Бог свети дух (герм.)

И се расплакав. Тој се смееше, но и плачеше... Зашто Русинот многу често се смее таму каде што треба да плаче. Но тој плачеше, јас видов, а сега, леле...

— И сега плачам, Германецу, и сега плачам, божји човеку! — наеднаш викна Митја од своето место.

Како и да било, оваа приказничка остави кај публиката извесен поволен впечаток. Но, главниот ефект во корист на Митја го направи исказот на Катарина Ивановна, за кој веднаш ќе зборувам. И воопшто, кога почнаа сведоците à decharge, тоест оние што ги повика бранителот, судбината наеднаш, дури и сериозно му се насмевна на Митја и — што е најважно од сè — неочекувано и за самиот бранител. Но, пред Катарина Ивановна го распитаа Аљоша, кој се сети за седен факт, што доби изгле на речиси сигурно сведоштво против една многу важна точка од обвинителниот акт.

IV

Среќата му се насмевнува на Митја

Тоа се случи неочекувано, дури и за самиот Аљоша. Тој сведочеше без заклетва, и јас се сеќавам дека спрема него обете страни, од првите зборови на распитот, се држеа необично благо и со симпатија. Се гледаше дека ужива добар глас. Аљоша сведочеше скромно и воздржано, но од неговите искази очигледно избиваше пламена симпатија спрема несреќниот брат. Одговарајќи на едно прашање, тој го опиша својот брат како човек можеби и претерано занесен со страсти, но воедно и благороден, горд и великодушен, готов и за жртва ако некој ја бара од него. Впрочем, Аљоша признаваше дека брат му во последните денови, поради страстите спрема Грушенка, поради соперништвото со татка си ,бил во неиздржлива состојба, но Аљоша со негодување ја отфрли помислата за тоа дека брат му можел да убие со намера да ограби, иако признаваше дека тие три илјади во главата на Митја станале нешто како манија, дека тој сметал оти

татко му му скусил од наследството и дека, иако не беше користољубив, сепак за тие три илјади не можел да зборува без лутина и бес. За соперништвото на двете „лица", како што се изрази обвинителот, тоест на Грушенка и Катја, одговараше неопределено, и на едно или на две прашања не сакаше ни да одговори.

— А дали брат ви зборуваше дека има намера да го убие татка ви? — го праша обвинителот. — Можете и да не одговорите на ова, ако најдете дека е така потребно, — додаде тој.

— Директно не зборуваше, — одговори Аљоша.

— Ами како? Индиректно?

— Ми зборуваше еднаш за својата лична омраза спрема татета и дека се плаши оти... во последниот момент... во момент на омраза... можеби би можел и да го убие.

— А вие дали поверувавте во тоа, кога слушнавте.

— Се плашам да речам дека поверував, но секогаш бев убеден дека некое више чувство ќе го спаси во судбоносниот момент, како што навистина и го спаси, зашто **тој не е** убиец на татко ми, — решително заврши Аљоша со висок глас што одекна во судската сала.

Обвинителот затрепери како воен коњ што слушнал труба.

— Бидете уверен, дека јас сосем верувам во целосната искреност на вашето убедување, не доведувајќи го, во зависност и не изедначувајќи го ни најмалку со љубовта спрема вашиот несреќен брат. Вашиот оригинален поглед на целата трагична епизода што се одигра во вашето семејство, веќе ми е познат од истрагата. Нема да кријам од вас, дека вашиот поглед во голема мера се издвојува и им противречи на сите други искази што ги доби обвинението. Па затоа и наоѓам дека е потребно да ве прашам, сега веќе енергично, какви причини, всушност, ја раководеле вашата мисла и ја упатиле на конечното убедување дека вашиот брат е невин, и дека, напротив, е виновно друго лице, кое веќе директно го посочивте во истрагата?

— Во истрагата јас само одговарав на прашањата — тивко и спокојно проговори Аљоша, — а не одев кон тоа да го обвинувам Смердјакова.

— А сепак укажавте на него,

— Укажав според зборовите на брат ми Дмитриј. Мене уште пред сослушувањето ми кажуваа за сè што се случило кога бил уапсен, и дека тој тогаш укажал на Смердјакова. Јас наполно верувам дека брат ми не е виновен. А штом не убил тој, тогаш...

— Тогаш Смердјаков?... А зошто Смердјаков? И од каде вие толку конечно сте се убедиле дека вашиот брат е невин?

— Јас не можев да не му верувам на брат ми. Јас знам дека тој мене нема да ме излаже. Од неговото лице заклучив дека не ме лаже.

— Само од лицето? Во тоа ли се сите ваши докази?

— Немам повеќе докази.

— И во поглед на тоа дека е виновен Смердјаков вие, исто така, не се потпирате врз никаков друг, макар и најмал доказ, освен на зборовите од вашиот брат, и на изразот од неговото лице?

— Да, немам друг доказ.

На тоа обвинителот го прекина распитот. Одговорите на Аљоша ѝ оставија на публиката впечаток кој многу ја разочара. За Смердјаков кај нас се шушкаше уште пред судењето; некој имаше слушнато нешто, некој укажуваше на нешто. За Аљоша се зборуваше дека тој има собрано некакви извонредни докази во корист на братот, а за виновноста на слугата, кога тамму-ништо, никакви докази, Освен некакви морални убедувања, толку природни кога ќе се земе дека тој му е роден брат на обвинетиот. Но сега почна да прашува и Фетјукович. На прашањето кога, всушност, обвинетиот му зборувал нему, на Аљоша, за својата омраза спрема татка им, и за тоа дека тој би бил во состојба да го убие, ѝ дали тој тоа го слушнал од него, на пример, при последното видување пред катастрофата — Аљоша, одговарајќи, наеднаш како да затрепери, како дури сега да се сети за нешто и како нешто дури сега да сфати.

— Сега се сеќавам за една околност, која веќе сосем ја имав заборавено; тогаш таа ми беше многу нејасна, а сега...

И Аљоша со одушевување, очигледно дури сега, откако ненадејно наиде на идејата, се сети како при последното видување со Митја вечерта, покрај дрвото, на патот за в манастир тупкајќи се во градите, „во горниот дел од градите", Митја неколку пати повтори дека тој има едно средство за да си ја врати честа, дека тоа средство е овде, еве овде, на неговите гради... „Јас тогаш си помислив дека тој, тупајќи се во градите, зборува за своето срце", — продолжи Аљоша, за тоа дека во неговото срце би можел да пронајде сили за да излезе од некоја страшна срамота што го очекувала, а која дури ни мене не смееше да ми ја признае. Признавам, јас тогаш помислив дека зборува за татко ни и дека му е тешко од помислата да оди кај татко ми и да изврши над него некакво насилство; меѓутоа, тој токму тогаш кога укажуваше на нешто на своите гради, се сеќавам, ми мина низ главата мислата дека срцето воопшто не е на таа страна, дека е подолу, а тој се удираше многу погоре, еве овде, веднаш под вратот, и непрестајно го покажуваше тоа место. Мојата мисла тогаш ми се стори глупава, а тој тогаш го покажуваше токму ќесето во кое биле зашиени илјада и петстотините!"...

— Така е! — викна Митја од местото. — Тоа беше. Аљоша, тоа — тогаш јас со тупаницата удирав по него.

Фетјукович брзо се спушти кон него, молејќи го да се смири, и во истиот момент грчевито се фати за Аљоша. Аљоша, и самиот одушевен, од своето сеќавање, пламено ја изрази својата претпоставка дека најверојатно срамот се состоел во тоа што, имајќи ги на себе тие илјада и петстоитни рубли, кои би можел да ѝ ги врати на Катарина Ивановна, како половина од она што ѝ го должи — сепак решил да не ѝ ги враќа, ами тие пари да ги употреби за нешто друго, тоест за тоа да ја одведе Грушенка, ако таа се согласи...

— Така е, навистина така е! — викаше во ненадејна возбуда Аљоша. — Брат ми тогаш посебно нагласуваше дека половината, половината срамота (тој неколку пати изговори п о л о в и н а т а!) би можел веднаш да ја симне од себе, но дека е во толкава мера несреќен поради слабоста на својот карактер што тоа нема да го стори... Знае однапред дека не може и не е способен да го стори!

— И вие сигурно јасно се сеќавате дека тој се тупкаше токму во тоа место на градите? — жедно прашуваше Фетјукович.

— Јасно и сигурно, зашто и си мислев: зошто ли се удира толку високо, кога срцето е подолу, и тогаш таа мисла ми се стори глупава... Сосем се сеќавам дека ми се стори глупава... тоа ми мина низ главата. Ете, за тоа се сетив сега. А како ли можев да го заборавам тоа се досега! Токму на тоа ќесе покажуваше, како да сакаше со тоа да рече: има можности, но дека нема да ги даде тие илјада и петстотини! А кога го уапсија во Мокрое, нарочно викал— јас знам, ми кажуваа — дека го смета за најсрамна постапка на сиот свој живот тоа што имајќи можност да ја врати половината (токму половината!) од долгот на Катарина Ивановна, и да застане пред неа не како крадец, — сепак не се решил да ѝ ја врати, и повеќе сакал да остане во нејзините очи крадец, отколку да се раздели од парите! А колку го мачеше, колку го мачеше тој долг! — викна Аљоша на крајот.

Се разбира, се замеша и обвинителот. Тој го замоли Аљоша уште еднаш да опише како се случило сето тоа, и неколку пати настојчиво прашуваше: дали обвинетиот, удирајќи се во градите, навистина покажувал нешто? Можеби просто така се удирал себеси со тупаница во градите?

— И тоа не со тупаница! — викна Аљоша. — Токму со прсти покажуваше, и покажуваше тука, многу високо... Како ли можев тоа сосем да го заборавам, сè до овој момент!

Претседателот му се обрна на Митја со прашање што може да каже во врска со последниов исказ. Митја потврди дека било така, дека тој навистина ги по-

кажувал своите илјада и петстотини, што се наоѓале на неговите гради, веднаш под вратот, и дека, се разбира, тоа било срамотата — „срамота што не ја порекнувам, најсрамотниот чин во сиот мој живот!“ — викна Митја. „Можев да вратам, а не вратив. Повеќе сакам во нејзините очи да останам крадец, но не вратив, а најголемата срамота беше во тоа што однапред знаев дека нема да вратам! Точно кажа Аљоша! Ти благодарам, Аљоша!“

Со тоа заврши сослушувањето на Аљоша. Важна и карактеристична беше околноста што се најде, ете, макар само еден, макар најситен доказ, нешто одвај како доказ, но кој сепак макар за една трошка сведочеше дека тоа ќесе навистина постоело, дека во него имало илјада и петстотини и дека обвинетиот не лажел во истрагата кога во Мокрое тврдеше дека „тие илјада и петстотини, беа мои“. На Аљоша му беше мило, и целиот поцрвенет тој си отиде на местото што му беше определено. Долго време потоа си повторуваше во себе: ама како ли можев да го заборавам тоа? Како ли можев да го заборавам! И како за тоа дури сега наеднаш се сетив!...

Започна сослушувањето на Катарина Ивановна. Само што се појави таа, во салата се случи нешто необично. Дамите си ги наместија лорнетите и дурбините, мажите се размрдаа, некои потстануваа за да видат подобро. Подоцна сите тврдеа дека кога влезе таа Митја наеднаш побледил „како крпа“. Сета во црно, таа скромно и речиси со страв се приближи до определеното место, по лицето не можеше да ѝ се познае дека е вознемирена; но во нејзиниот темен, мрачен поглед блескаше решителност. Треба уште да се забележи: после мнозина тврдеа дека била извонредно убава во тој момент. Таа фати да зборува тивко, но јасно, така што се слушаше во целата сала. Зборуваше необично мирно, или барем, трудејќи се да биде мирна. Претседателот почна со своите прашања внимателно, извонредно учтиво, како да се плашеше да се допре до „некои жици“, и почитувајќи ја големата несреќа. Но Катарина Ивановна уште од првите зборови, решително изјави на едно од поставе-

ните прашања, дека таа му била свршеница на обвинетиот, „сè додека не ме остави“ ... тивко додаде таа. Кога ја прашаа за трите илјади, што му ги довери на Митја, за да им ги испрати по пошта на нејзините роднини, таа решително рече: „Јас нив не му ги дадов сосем изречно за на пошта; претчувствував дека нему многу му се потребни пари ... во тој момент ... Тие три илјади му ги дадов да ги испрати, ако сака во текот на еден месец. Не требало после толку да се мачи поради тој долг ...“

Јас овде не ги наведувам сите прашања, ниту точно сите нејзини одговори, ами само ја изнесувам суштествената смисла на нејзините искази.

— Цврсто бев убедена дека тој секогаш ќе може да ги испрати тие три илјади штом ќе добие пари од татка си, — продолжи таа, одговарајќи на прашањето. — Јас секогаш бев уверена во неговата некористољубивост, и неговата чесност ... висока чесност ... во паричните работи. Тој цврсто беше убеден дека ќе добие од татка си три илјади рубли и неколку пати ми зборуваше за тоа. Знаев дека има некаков спор со татка си, и секогаш, па и сега сум уверена дека татко му го оштетил. Не се секавам за никакви заканувања спрема татко му од негова страна. Барем пред мене ништо не зборувал, немало никакви заканувања. Ако тогаш дојдеше кај мене, јас веднаш ќе ја смирев неговата грижа поради тие несреќни три илјади што ми беше должен; но тој повеќе не доаѓаше кај мене ... А јас ... јас бев доведена во положба ... што не можев да го викам кај себе. А и немав никакво право да бидам спрема него строга поради тој долг, — додаде таа наеднаш, и нешто решително одекна во нејзиниот глас. — Јас еднаш примив од него парична услуга, поголема од тие три илјади, и ја примив, иако тогаш не можев ни да претчувствувам дека некогаш ќе бидам во состојба да му го вратам тој долг ...

Во тонот на нејзиниот глас како да се почувствува некакво предизвикување. Токму во тој момент му дојде редот на Фетјукович да поставува прашања.

— Тоа, секако, не беше овде, туку во почетокот на вашето познанство, — внимателно се надоврза Фе-

тјуковиќ, кој претчувствуваше нешто поволно. (Забележувам во заграда дека тој, иако од Петербург, во извесна смисла, го повика и самата Катарина Ивановна, сепак не знаеше ништо за случајот со петте илјади кои Митја ѝ ги даде уште во оној град, ниту за „нискиот поклон до земја“. Таа тоа не му го кажа, ами го скри! И тоа беше чудно. Можеше дури со сигуност да се претпостави, дека ни таа самата до последниот момент не знаела дали ќе ја каже на судот таа епизода, или нема да ја каже, и очекувала некакво надахнување).

Не, јас никогаш не можам да ги заборавам тие моменти! Таа почна да зборува, таа кажа сè, целата епизода, што му ја раскажа Митја на Аљоша, и „поклонот до земја“, и причините, и за татка си, и како дошла кај Митја, а со ниеден збор, со ниедна напомена, не спомна дека Митја преку сестра ѝ, самиот предложил да му ја испратат по пари Катарина Ивановна. Тоа великодушно го премолчи, и не се срамеше да изнесе дека таа, таа самата по своја волја, дотрчала тогаш кај младиот офицер, верувајќи во нешто... да измоли пари од него. Тоа беше нешто потресно. Јас, треперев и се плашев слушајќи, салата беше замрена и го фаќаше секој збор. Тоа беше нешто беспримерно, дури и од толку самоволна и презривогорда девојка, каква што е таа, беше речиси невозможно да се очекуваат толку длабоко искрени искази, такви жртви, такви самоуништувања. И зошто, за кого, за да го спаси својот неверник и злодеј, да направи макар нешто, макар нешто мало, за неговото спасување, предизвикувајќи поголем впечаток во негова корист. И навистина, ликот на офицерот што ги дава своите последни пет илјади рубли — сè што му останало, и кој со почит ѝ се клања на невината девојка, го прикажа многу симпатично и привлечно, но... моето срце болно се стегна! Јас почувствував дека после можеби ќе излезе (а и излезе после, излезе!) клевета! Со злобен потсмев после се зборуваше по целиот град дека таа приказна можеби и не е сосем вистинита, и тоа токму на она место каде што офицерот ја пушта девојката да си оди, „наводно само

со поклон полн со почит". Навестуваа дека тука нешто е „изоставено". „А и да не беше изоставено, дури и сето тоа да беше вистина" — велеа дури и нашите најуважени дами — „дури и тогаш е прашање: дали било сосем пристојно за девојка да постапи така, дури и заради спасување на татка си"? И зарем Катарина Ивановна, со својот ум, со својата болно чувствителна проникливост, не насетила порано дека ќе почне да се зборува така? Сигурно насетувала, но, ете, сепак се решила да каже сè! Се разбира, сите тие нечисти сомневања, во вистинитоста на кажувањето започнаа дури отпосле, а отпрвин сите беа потресени. Што се однесува до членовите на судот, тие Катарина Ивановна ја ислушаа, така да се каже, со страхопочит, дури и со некакво срамежливо молчење. Обвинителот не си дозволи ни едно натамошно прашање за тоа. Фетјукович длабоко ѝ се поклони. О, тој речиси триумфираше. Многу е добиено: човекот што во благороден занес ги дава последните пет илјади, после, истиот тој човек ноќта го убива татка си со намера да го ограби за три илјади, — тоа беше нешто што некако не можеше да се поврзе. Ако не друго, Фетјукович сега барем можеше да ја отстрани кражбата. „Случајот" наеднаш се осветли со некаква нова светлина. Нешто симпатично изникна во корист на Митја. А тој . . . за него се зборуваше дека еднаш или двапати за време на сведочењето на Катарина Ивановна скокнал, потоа пак се спуштал на клупата и си го покривал лицето со раце. А кога таа довршила, наеднаш, со солзи во гласот, викнал протегајќи ги кон неа своите раце:

— Катја, зошто ме запусти!

И заплака горчливо и толку гласно што ечеше во салата. Впрочем, тој за миг се совлада, и пак викна:

— Сега сум осуден!

А потоа како да се здрви на местото, ги стисна забите и цврсто си ги прекрсти рацете на градите. Катарина Ивановна остана во салата и седна на столот што ѝ беше покажан. Таа беше бледа и седеше со наведнат поглед. Оние што седеа близу до неа, кажуваа дека долго време сета треперела како во треска. Дојде ред на Грушенка.

Јас се приближувам до онаа катастрофа, која, избувнувајќи ненадејно, можеби навистина го запусти Митја. Зашто јас сум убеден, а и сите други, и сите правници после велеа така, дека злосторникот, ако не друго, ќе добиеше поблага казна да не беше таа епизода. Но за тоа еве сега. Првин два збора за Грушенка.

Таа влезе во салата исто така, сета во црно, со прекрасен црн шал преку рамениците. Лесно, со својот нечуен од, малку како нишкајќи се, како што понекогаш чекорат полничките жени, се приближи до оградата внимателно гледајќи во претседателот и ни еднаш не погледнувајќи ни вдесно, ни влево. Како што ми се чини мене, таа беше многу убава во тој момент и не беше ни малку бледа, како што уверуваа после дамите. Некои кажуваа дека таа во тој миг имала некаков концентриран и налутен израз на лицето. Јас пак мислам дека само беше многу возбудена и дека ѝ беше тешко да ги чувствува на себе презриво — љубопитните погледи на нашата публика, желна за скандали. Таа беше горд карактер, кој не можеше да го поднесе презирот, еден од таквите кои штом ќе се посомневаат оти некој ги презира, веднаш пламнуваат гневно со желба за отпор. Освен тоа, се разбира, имаше и малку страв, и внатрешен срам поради тој страв, така што не е никакво чудо што нејзиниот говор беше неизедначен, — де со лутина, де со презир, де пак посебно груб, или пак се слушаше искрена срдечна нота на самоосудување, самообвинување. Понекогаш зборуваше како да лета кон некаква бездна — како да вели: „Сега сеедно, нека биде што ќе биде, но јас ќе ви кажам“ . . . Во однос на своето познанство со Фјодор Павлович, таа остро забележи: „Сето тоа се глупости. Јас ли сум виновна што ми се закачи?“ А потоа, по една минута додаде: „Јас сум виновна за сè, јас си играв и со едниот и со другиот — и со старецот и со овој, и двајцата ги доведов дотука. Поради мене се случи сè“. Во еден миг работата го засегна Самсонова: „Што му е грижа на некого за тоа — веднаш се нафрли таа со некакво дрско предизвикување — тој беше мој добротвор, тој од улица ме зеде боса, кога ме исфрлија од дома роднините“. Претсе-

дателот впрочем, многу учтиво ѝ напомни дека треба да одговара директно на прашањата не впуштајќи се во излишни подробности. Грушенка поцрвени, а очите само ѝ пламнаа.

Пликот со парите таа не го видела, ами само од „злосторникот“ слушнала дека Фјодор Павлович има некаков плик со три илјади. „Но сето тоа се глупости — јас само му се подбивав, и немаше таму да одам по никоја цена“

— Кого го споменавте сега како „злосторник“? — праша обвинителот.

— Па слугата, Смердјаков, дека го уби својот господин, а вчера се обеси.

Се разбира, веднаш ја прашаа: какви се нејзините причини за толку решителното обвинување, но ни кај неа не се најдоа никакви причини.

— Така ми велеше Дмитриј Фјодорович, нему верувајте му. Заводничката го запусти, ете ви, таа е причина за сè, ете ви! — додаде Грушенка, сета растреперена од омраза, и некаква зла нота прозвучи во нејзиниот глас.

Пак ја прашаа на кого мисли.

— Па на госпоѓицата, еве овде, на Катарина Ивановна. Тогаш ме излажа да дојдам кај неа, ме почести со чоколада, сакаше да ме придобие. Таа, има малку вистински срам, ете што е...

Тука претседателот строго ја опомени, молејќи ја да биде поумерена во своите изрази. Но срцето на љубоморната жена веќе беше распалено, таа беше готова дури и да летне во бездна.

— При апсењето во селото Мокрое, — ја праша обвинителот присетувајќи се, — сите виделе и слушнале како вие, сте истрчале од другата соба, и сте викнале: „Јас сум виновна за сè, заедно ќе одиме на робија!“ Значи, вие уште во тој момент сте биле уверена дека тој е таткоубиец?

— Јас не се сеќавам за моите тогашни чувства, — одговори Грушенка, — тогаш сите навикнаа дека тој го убил татка си, па јас сочувствував дека сум виновна, дека го убил поради мене. А кога тој рече дека не е виновен, јас му поверував веднаш, па и сега ве-

рувам, и секогаш ќе верувам: тој не е човек што лаже.

Прашања почна да поставува Фетјукович. Помеѓу другото, се сеќавам дека праша за Ракитин и за дваесет и петте рубли „затоа што ви го довел Алексеја Фјодорович Карамазов".

— Па што има чудно во тоа дека примил пари, — се насмевна Грушенка со презрива злоба, — тој инаку секогаш доаѓал кај мене да моли за пари, ми извлекуваше по триесетина рубли месечно, и тоа повеќето за глупости: зашто за пиење и за јадење, — за тоа имаше и без мене.

— Од кои причини вие бевте толку дарежлива спрема господин Ракитин? — продолжи Фетјукович, иако претседателот некако се вознемируваше.

— Па тој ми е братучед од тетка. Мајка ми и неговата мајка се родени сестри. Само секогаш ме молеше никому да не му кажувам за тоа, зашто многу се срамеше од мене.

Овој нов факт беше вистинско изненадување за сите, за тоа досега никој не знаеше во целиот град, дури ни во манастирот, не знаеше дури ни Митја. Се зборуваше дека Ракитин на својот стол целиот поцрвенил од срам. Грушенка уште пред да влезе во салата некако дозна дека тој сведочеше против Митја, па затоа беше лута. Сиот говор на господин Ракитин од пред малку, сето негово благородство, сите негови истапи против кметството, против граѓанската неуреденост на Русија — сето тоа сега конечно беше избришано и уништено кај јавното мислење. Фетјукович беше задоволен: пак водата беше свртена накај неговата воденица!

Грушенка не ја сослушуваа долго време, и таа, се разбира, не можеше да им соопшти нешто посебно ново. Кај публиката остави многу непријатен впечаток. Стотици презриви погледи се свртија кон неа кога таа, откако го доврши својот исказ, седна во салата доста далеку од Катарина Ивановна. За сето време додека ја сослушуваа, Митја молчеше како скаменет, со спуштен поглед.

Како сведок се појави Иван Фјодорович.

V

Ненадејна катастрофа

Забележувам дека него го повикаа уште пред Аљоша. Но, судскиот пристав му соопшти на претседателот дека сведокот, поради ненадејна слабост или некаков напад не може да дојде веднаш, но штом ќе му биде подобро, готов е во секое време да го даде својот исказ. Тоа, впрочем, некако никој не го слушна и за тоа дознаа дури подоцна. Неговото доаѓање отпрвин речиси не беше ни забележано: главните сведоци, особено двете соперници, веќе беа распитани; љубопитноста засега беше задоволена. Во публиката се чувствуваше дури и умор. Останаа за сослушување уште неколку сведоци, кои, по сè изгледа, не можеа да соопштат ништо посебно, со оглед на сето што веќе беше соопштено. А времето минуваше. Иван Фјодорович се приближи некако чудно полека, во никого не гледајќи и со наведната глава, како да смислува нешто мрачно. Беше облечен беспрекорно, но неговото лице, барем мене, ми остави тежок впечаток: во тоа лице имаше нешто слично на земја, нешто што прилегаше на човек што умира. Очите му беа матни, тој ги подигна, и полека прошета по салата. Аљоша наеднаш скокна од столот и ахна: ах! Јас се сеќавам за тоа. Но и тоа малцина го забележија.

Претседателот почна: дека тој (Иван) е незаконат сведок, така што може и да сведочи и да премолчи, но дека, се разбира, сè што ќе искаже, треба да биде речено совесно и тн. Иван Фјодорович слушаше и со матните очи гледаше во него; но наеднаш лицето почна полека да му се развлекува во насмевка, и само што претседателот, кој го гледаше со чудење, го заврши говорот, Иван наеднаш се засмеа.

— Добро, и уште што? — гласно праша тој.

Во салата стивна сè, нешто како да се претчувствуваше. Претседателот се вознемири...

— Вие... можеби уште не сте сосем здрав? — проговори тој барајќи го судскиот пристав.

— Не грижете се, ваше превосходство, јас сум доволно здрав и можам да ви раскажам нешто интересно, — одговори сосем спокојно и учтиво Иван Фјодорович.

— Вие имате да дадете некакво посебно соопштение? — продолжи претседателот сè уште со недоверба.

Иван Фјодорович го спушти погледот, почека неколку секунди и, откако повторно ја дигна главата, одговори некако со пелтечење:

— Не... немам. Немам ништо посебно.

Почнаа да му поставуваат прашања. Тој одговараше некако не со задоволство, некако премногу кратко, дури со некаква одвратност, која растеше сè повеќе и повеќе, иако инаку одговараше разумно. На многу прашања одговори дека не знае. За сметките меѓу татко му и Дмитриј Фјодорович не знаеше ништо. „Тоа не ме интересуваше", рече. Слушнал дека обвинетиот се заканувал оти ќе го убие татка си. За парите во пликот слушал од Смердјакова...

— Едно и исто — прекина тој наеднаш, со уморен израз на лицето, — не можам ништо посебно да му соопштам на судов.

— Јас гледам дека вие не сте здрав, и ги сфаќам вашите чувства, — почна претседателот. И веќе им се обрна на странките, на обвинителот и на бранителот, повикувајќи ги, ако наоѓаат за потребно, да постават прашање, — кога наеднаш Иван Фјодорович со изнемоштен глас замоли:

— Отпуштете ме, превасходство, се чувствувам многу слаб.

И со тие зборови, не чекајќи одобрување, се сврти и тргна да си оди од салата. Но направи три-четири чекори, се запрè, како да смислил нешто наеднаш, тивко се насмевна и пак се врати на своето место.

— Јас, ваше превосходство, како онаа селската девојка... знаете како она: „Ако сакам — скокнам, ако нејќам — не скокнам", по неа одат со котел, или со вреќа, за штом ќе скокне да ја врзат и да ја одведат на венчавање, а таа вели: „Ако сакам — скок-

нам, ако нејќам, — не скокнам". Тоа го има кај еден од нашите народи...

— Што сакате да кажете со тоа? — строго го праша претседателот.

— Па, еве — извади наеднаш Иван Фјодорович снопче банкноти, — еве ви пари... Парите што беа, ене, во оној плик — (тој посоче накај масата со материјалните докази) и поради кои е убиен татко ми. Каде да ги ставам? Господине судски приставе, пренесете ги таму.

Судскиот пристав го зеде снопчето пари и му го предаде на претседателот.

— Како можело овие пари да си најдат кај вас... ако се токму тие пари? — изговори претседателот зачуден.

— Ги добив од Смердјаков, од убиецот, вчера... Бев кај него пред да се обеси. Татко ми го уби тој, а не брат ми. Тој е убиецот, а јас го научив да го убие... Кој не ја сака смртта на татко ми?...

— Дали сте вие при чиста свест? — му се откина несакајќи на претседателот.

— Во тоа и е работата што сум при свест... при подла свест, како вас, како сиве овие овде...м-муцки! — се сврти наеднаш накај публиката. — Го убија татка ми, а се прават дека се уплашени — зачкрта тој со забите од бесна омраза. — Си бијат шега еден со друг. Лажговци! Сите ја сакаат смртта на татка ми. Еден гад изедува друг гад.. .Да не е таткоубиството — сите би се налутиле и би се разотишле бесно... им треба разонода! „Леб и игри!" Впрочем, и јас сум прекрасен! Имате ли вода, или немате, дајте ми да се напијам, живи Христоса! — се фати тој наеднаш за главата.

Судскиот пристав веднаш му се приближи. Аљоша скокна и викна: „Тој е болен, не верувајте му, тој е во оган!" Катарина Ивановна нагло стана од столот и здрвена од страв гледаше во Ивана Фјодорович. Митја стана, и со некаква вцашена и искривена насмевка жедно гледаше и го слушаше братот.

— Смирете се, јас не сум луд, јас сум само убиец! — пак почна Иван. Од убиецот не може да се бара

красноречивост... — додаде тој поради нешто и кисело се насмевна.

Обвинителот, очигледно збунет, се наведна над претседателот. Членовите на судот вознемирено почнаа да си шепотат меѓу себе. Фетјукович внимателно ги наслушнуваше. Сета сала просто беше премрена од исчекување. Претседателот како наеднаш да се освести.

— Вашите зборови, сведоку, се неразбирливи, и овде невозможни. Смирете се, ако можете, и раскажете... ако навистина имате што да кажете. Со што можете да го потврдите таквото признание... ако воопшто не бладате?

— Во тоа и е работата што немам сведок. Кучето Смердјаков нема да ви го испрати својот исказ од оној свет... во плик. Вие би сакале само во плик, доста ви е и еден, нема сведоци!... Освен можеби еден — замислено се насмевна тој.

— Кој е тој сведок?

— Има опашка, ваше превосходство, не ќе биде според прописот. Le diable n'existee point! Не обрнувајте внимание, некаков беден ситен ѓавол, — додаде тој, наеднаш престанувајќи да се смее и сосем доверливо, — сигурно е овде некаде, еве, под масава со материјални докази, да, каде ќе биде ако не таму? Гледате, слушајте ме, јас му реков — нема да молчам, а тој фати да ми зборува за геолошки преврат... Глупости! Но, ослободете го изродот... Тој запеа химна, затоа што му е лесно! Тоа е исто како кога пијаниот цган ќе почне да се дере по улица како „Вањка заминал за Петербург", а јас за две секунди радост би дал квадрилион квадрилиони. Вие не ме познавате мене! О, колку е глупаво сето тоа кај вас! Но, значи, фаќајте ме мене, наместо него! Секако, дојдов поради нешто... Зашто, зашто сè што постои е толку глупаво?...

И тој пак почна полека, и некако замислено да гледа по салата. Но веќе сè беше вознемирено. Аљоша се спушти од своето место накај него, но судскиот пристав веќе го имаше фатено Ивана Фјодорович за рака.

— Што е сега ова? — викна овој, остро загледувајќи се во лицето на приставот, и откако го зграпчи за рамениците, бесно го тресна наземи.

Но пристигна веќе и стражата, го фатија, тогаш тој викна бесно. И за целото време додека го изнесуваа, тој викаше и зборуваше нешто неповрзано.

Настапи мешаница. Јас не се сеќавам за сè по ред, и самиот бев возбуден, и не можев сè ни да забележам. Знам само дека после кога веќе сите се смирија и сфатија во што е работата, судскиот пристав сепак го доби своето, иако убаво ѝ објасни на власта дека сведокот цело време бил здрав, дека го прегледал лекар кога му се слошило пред еден час, но дека сè до влегувањето во судската сала зборувал разумно, така што ништо не можело да се предвиди, и дека тој самиот, напротив, настојувал и бездруго сакал да даде исказ. Но, пред да се смират и да се соземат сите, веднаш по таа сцена се одигра и втора: Катарина Ивановна доби напад на хистерија. Таа, почна да липа, гласно потпишнувајќи, но не сакаше да си оди, се отргнуваше, молеше да не ја одведуваат, и наеднаш му се развика на претседателот:

— Јас морам да дадам уште една изјава, веднаш... веднаш!... Еве ви документ, писмо... Земете, прочитајте побрзо, побрзо! Тоа е писмо од овој изрод, ев од овој, од овој! — таа го покажуваше Митја! — Тој го убил татка си, веднаш ќе видите, ете тој тука ми пишува дека ќе го убие татка си! А оној е болен, болен, има температура! Јас веќе три дена гледам дека е во оган!

Така викаше таа надвор од себеси. Судскиот пристав ѝ ја зеде хартијата што му ја подаваше на претседателот, а таа се спушти на столот, си го покри лицето и почна грчевито и беззвучно да липа, целата тресејќи се, придушувајќи го и најмалиот лелек, од страв да не ја оддалечат од салата.

Хартијата што ја даде беше писмото од Митја, од крчмата „Престолнина“, што Иван Фјодорович го викаше документ од „математичка“ важност. За жал, на тоа писмо навистина и му ја призна математичноста; да не беше тоа писмо, Митја немаше да биде из-

губен, или можеби барем немаше да пропадне толку страшно! Повторувам, тешко беше да се следат сите подробности. Јас и сега сето тоа го гледам во некаква збрка. Претседателот новиот документ изгледа веднаш да му го соопштил на судот, државниот обвинител, поротниците. Се сеќавам само како фатија да ја прашуваат жената-сведок. На прашањето дали се смирила, што благо ѝ го упати претседателот, Катарина Ивановна нагло викна:

— Јас сум готова, готова! Јас сум сосем во состојба да ви одговорам — додаде, очигледно се уште многу плашејќи се дека можеби нема да ја ислушаат.

Ја замолија подробно да објасни: какво е тоа писмо, и по кој повод го добила.

— Го добив спроти самото злосторство, а го напишал еден ден пред тоа во крчмата, значи, два дена пред самото злосторство — еве погледајте, пишувано е на некаква сметка! — викна таа ,гушејќи се. — Тогаш тој ме мразеше, затоа што направив подла постапка и тргна со оваа гадна жена... А и затоа што ми беше должен три илјади... О, нему му беше криво за тие три илјади, поради неговата нискост! Тие три илјади, еве како беше — јас ве молам, јас ве молам да ме ислушате... Три недели пред да го убие татка си, една изутрина тој дојде кај мене. Јас знаев дека нему му требаат пари, а знаев и зошто — еве, еве, за да ја соблазни оваа гадна жена и да ја одведе со себе. Јас тогаш веќе знаев дека ме изневерил и сака да ме остави, и јас, јас, самата тогаш му ги дадов парите, самата му ги понудив, наводно за да ѝ ги испрати на сестра ми во Москва, — и кога му ги давав го погледнав во лицето и му реков дека може да ги испрати кога сака, „макар и по еден месец". А како, како да не сфатил дека со тоа му реков право в очи: „Тебе ти требаат пари за да ме изневериш со својата гадна жена, па еве ти пари, ти ги давам, земи ги, ако си толку нечесен да ги земеш!" Сакав да го фатам, и што мислите? Тој ги зеде, ги зеде и ги однесе, и ги потроши со таа гадна жена, за една ноќ... Но тој сфати, тој сфати дека јас знам сè, ве уверувам дека тој тогаш сфати и дека јас, давајќи му ги парите само

го испитувам: дали ќе биде толку нечесен да ги земе од мене. Го гледав во очите, и тој мене ме гледаше во очите, и се разбра, сфати сè, и ги зеде, и ги зеде, и ги однесе моите пари!

— Вистина е, Катја! — наеднаш молбено прозборува Митја. — Во очите те гледав и сфатив дека ме посрамотуваш, па сепак ги зедов твоите пари. Презирајте го подлецот, презирајте го сите, заслужил.

— Обвинет! — викна претседателот, — уште еден збор и ќе заповедам да ве оддалечат.

— Го мачеа парите, — продолжи Катја, трескаво брзајќи, — тој сакаше да ми ги врати, тој сакаше, тоа е вистина, но парите му беа потребни и за таа гадна жена. Затоа и го уби татка си, а парите сепак не ми ги врати, ами со неа се одвезе во селото каде што беше уапсен. Таму пак, ги потроши парите што ги украде од татка си, кого го уби. А еден ден пред да го убие татка си, ми го напиша писмово, го пишувал пијан, веднаш го откриј тоа, го напишал од бес и знаејќи, со сигурност знаејќи дека јас никому нема да му го покажам тоа писмо, дури и да убие. Инаку, немаше да ми го напише! Тој знаеше дека јас нема да сакам да му се одмаздам, и да го запустам. Но прочитајте, прочитајте внимателно, ве молам, повнимателно, и вие ќе се уверите дека тој во писмото има опишано сè, сè однапред: дека ќе го убие татка си, и каде стојат неговите пари. Видете, ве молам, немојте да го прескокнувате, таму има една реченица: „Ќе го убијам, само ако си оди Иван". Тој, значи, отпорано имал смислено како ќе го убие! — злорадо и подмолно им дофрлаше на судиите Катарина Ивановна. О, се гледаше дека таа подробно го има проучено тоа кобно писмо, и дека во него ја знае секоја цртичка. — Да не бил пијан, тој немало да ми пише, но погледајте, таму однапред е опишано сè, секоја ситница, така како што подоцна го извршил убиството, целата програма.

Така таа викаше надвор од себеси, и, се разбира, не обрнувајќи им внимание на сите последици за себеси, иако, се разбира, ги предвиде можеби уште пред еден месец, зашто можеби уште тогаш, тресејќи се од лутина, се прашуваше: „Дали да го прочитам ова

пред судот?“ А сега, како да се стрмоглави во бездна. Се секавам, таму писмото го прочита секретарот, и тоа остави потресен впечаток; му се обрнаа на Митја со прашање, дали тоа писмо го признава за свое.

— Мое е, мое! — викна Митја. — Да не бев пијан, немаше да го напишам!... За многу работи ние се мразевме еден со друг, Катја, но ти се колнам, ти се колнам, кога сум те мразел, сум те сакал, а ти мене — не!

Тој се спушти на својот стол кршејќи си ги раце-те во очај. Обвинителот и бранителот почнаа да поста-вуваат вкрстени прашања, главно во таа смисла: „Што ве побудило пред малку да го скриете тој докумен, а сега да сведочите во сосем поинаква смисла и тон?“

— Да, да, јас пред малку лажев, сè лажев; про-тив честа и совеста. Но пред малку сакав да го спа-сам, токму затоа што толку ме мразеше и толку ме презираше! — викна Катја како безумна. — О, тој многу ме презираше, отсекогаш ме презираше, знаете ли? Знаете ли — тој ме презираше од оној момент ко-га поради парите му се поклонив до земја. Јас го гле-дав тоа... Јас веднаш, уште тогаш, го почувствував тоа, но долго време не си верував себеси. Колку пати сум читала во неговите очи: „Ти, сепак тогаш самата дојде кај мене“. О, тој не разбираше, тој воопшто не сфаќаше зошто јас тогаш дотрчав кај него, тој е спо-собен да види само нискост! Тој судеше според себеси, мислеше дека сите се како него — зачкрипи со забите од бес Катја, веќе сосем надвор од себеси. — А са-каше да се ожени за мене само затоа што добив на-следство, — затоа, затоа! Јас од секогаш се сомневав дека е затоа! О, тој е звер! Тој секогаш бил уверен, дека јас вечно пред него ќе треперам од срам, затоа што дојдов тогаш кај него, и дека може вечно да ме презира поради тоа и да биде над мене! Ете зошто са-каше да ме земе за жена! Тоа е така, сето тоа е така! Се обидував да го победам со мојата љубов, љубов без крај, сакав дури да го истрпам и неговото невер-ство, но тој ништо, ништо не сфати. А зарем и може тој да сфати нешто! Та тој е изрод! Тоа писмо го до-бив дури утредента навечер, ми го донесоа од крчмата,

а уште изутрината, изутрината истиот тој ден, јас сакав сè да му простам, сè, дури и неговото неверство!

Се разбира, претседателот и обвинителот ја смируваа. Јас сум уверен, дека ним можеби дури им беше и срам да се користат од нејзината избезуменост и да ги слушаат таквите признанија. Се сеќавам, слушнав како и велеа: „Ние разбираме колку ви е тешко, верувајте, ние го чувствуваме тоа“, и така натаму и така натаму, — но, од избезумената жена, која се наоѓаше во хистеричен напад, сепак извлекоа искази. Таа најпосле опиша со необична јасност, која многу често, иако моментно избива дури и во мигови на толку напрегната состојба, како Иван Фјодорович речиси се мрднува од умот, во овие два месеца за да го спаси „изродот и убиецот“, својот брат.

— Тој се измачи себеси! — подвикнуваше таа — тој сакаше да ја намали неговата вина признавајќи ми мене дека ни самиот не го љубел татка си, и дека можеби и тој ја сакал неговата смрт. О, тој, има длабока, длабока совест. Тој се запусти себеси, со својата совест. Тој ми се доверуваше за сè, за сè, тој доаѓаше кај мене и разговараше со мене, секој ден, како со сво јединствен пријател. Јас ја имам честа да бидам единствен негов пријател! — викна таа наеднаш, речиси со некакво предизвикување и светкајќи со очите. — Тој двапати отиде кај Смердјакова. Еднаш дојде кај мене и ми рече: ако брат ми не е убиец, ами Смердјаков (зашто бајката дека Смердјаков е убиец овде ја раскажуваат сите), тогаш можеби сум виновен и јас, затоа што Смердјаков знаеше дека не го љубам татко ми и можеби мислеше дека сакам тој да умре. Тогаш го извадив писмото и му го покажав. И тогаш тој сосем се увери дека убиецот е брат му, и тоа сосем го пресече. Не можеше да поднесе неговиот роден брат да биде — таткоубиец! Уште пред една недела видов дека поради тоа е болен. Последните денови седејќи кај мене, бладаше. Гледав дека се мрднува од умот. Одеше и бладаше, таков го гледале по улиците. Докторот што дојде во градов завчера по моја молба го прегледа и рече дека тој е близу до бела треска, а само поради него, само поради изродот!

А вчера дозна дека Смердјаков умрел — тоа толку го вчудовиди што полуди... И само поради изродот, само за да го спаси изродот!"

О, се разбира, да зборуваш така, да се исповедаш така, можно е можеби само еднаш во животот — во претсмртен момент, на пример, при качување на губилиште. Но, Катја сега, всушност, и беше „во својот карактер и во својот момент". Таа беше истата нагла Катја што некогаш дојде кај младиот развратник за да го спаси татка си; истата Катја што пред малку сева оваа публика, горда и чесна, се жртвуваше себеси, и својот девојчински срам раскажувајќи за „благородната постапка" на Митја, за со тоа колку-толку да ја ублажи судбината што го очекува. А, еве, сега, таа, исто така, се жртвуваше себеси, но сега веќе за друг, и можеби само сега, само во овој момент првпат имаше почувствувано, и сфатено наполно колку ѝ е мил тој друг човек! Таа се жртвува себеси, од страв за него, наеднаш вообразувајќи си, дека тој, се запустил себеси со својот исказ дека тој убил, а не брат му, се жртвуваше себеси, за да го спаси него, неговата слава, неговиот углед! Меѓутоа, изникна една страшна работа: дали таа лажеше против Митја опишувајќи ги своите поранешни односи спрема него, — тоа е прашање. Не, не, таа намерно не клеветеше, кога викаше дека Митја ја презирал затоа што му се „поклонила до земја". Таа веруваше во тоа, таа беше длабоко убедена, можеби уште од тоа клањање, дека простодушниот Митја кој тогаш ја обожаваше, ѝ се смее и ја презира. И само од гордост, таа самата тогаш, му се наметна со својата љубов, хистерична и измачена, од навредена гордост, и таа љубов не прилегаше на љубов, ами на одмазда. О, можеби таа мачна љубов, мина и во вистинска љубов, можеби Катја ништо друго не сакаше освен тоа, но Митја со неверството ја навреди до дното на душата, и душата не му прости. А моментот на одмаздата ѝ дојде неочекувано, и сè што толку долго и болно беше насобрано во градите на навредената жена, наеднаш, и пак неочекувано, изби на видело. Таа го поткажа Митја но се поткажа и себеси! И, се разбира, само што го кажа она што са-

каше да го каже, напрегнато се прекина и ја притисна срамот. Пак почна хистеријата, таа падна, горчливо јачкајќи и викајќи. Ја однесоа. Во моментот кога ја изнесуваа, Грушенка со молбен извик се спушти од своето место накај Митја, но така што не можеа да ја задржат.

— Митја — викаше таа — те запусти твојата змија! Ете, сега се покажа која е! — им викна таа на судиите, треперејќи од лутина.

На знакот од претседателот, ја фатија и почнаа да ја изнесуваат од судската сала; не дозволуваше, се оттргнуваше назад, накај Митја. И Митја почна да вика и се спушти кон неа. Го совладаа.

Да, мислам дека нашите присутни дами беа задоволни: сцената беше богата. Потоа, се сеќавам, се појави московскиот доктор. Претседателот, уште пред тоа, изгледа, го беше испратил судскиот пристав за да се направи што треба и на Ивана Фјодорович да му се укаже помош. Докторот му соопшти на судот дека болниот е во најопасен напад на бела треска, и дека треба веднаш да биде одведен. На прашањето од обвинителот и од бранителот, докторот потврди дека пациентот дошол кај него завчера, и дека тој уште тогаш му претскажал дека наскоро ќе добие бела треска, но дека болниот не сакал да се лекува. „Тој очигледно не беше во здрава душевна состојба, самиот ми призна дека буден гледа сеништа, на улицата среќава разни лица што се веќе изумрени, и дека ескоја вечер му доаѓа на гости сатаната“ — довршии докторот. Откако го даде својот исказ, прочуениот лекар се оддалечи. Писмото што го поднесе Катарина Ивановна, го приклучија кон материјалните докази. Откако се посоветува, судот реши судењето да продолжи, а обата неочекувани искази на (Катарина Ивановна и на Иван Фјодорович) да се внесат во записникот.

Јас нема да го опишувам натамошниот тек на претресот. Впрочем, исказите на другите сведоци, беа само повторување и потврда на поранешните, иако секој со свои карактеристични особини. Повторувам, сето тоа ќе се собере во една точка во говорот на обви-

нителот, на кој ќе минам веднаш. Сите беа возбудени, сите беа наелектризирани од последната катастрофа, и со големо нетрпение што побргу го очекуваа расплетот, говорите на обете страни, и пресудата. Фетјукович очигледно беше потресен од исказите на Катарина Ивановна. Затоа пак обвинителот триумфираше. Кога довршн судскиот распит, беше објавен прекин на заседанието, што траеше речиси еден час. Најпосле, претседателот отвори судска расправа. Ми се чини дека беше точно осум часот навечер кога нашиот обвинител Иполит Кирилович, го започна изнесувањето на својот обвинителен акт.

VI

Говорот на обвинителот. Карактеристика

Иполит Кирилович го започна своето обвинение целиот растреперен од нервоза, со студена, болна пот на челото и слепоочниците, чувствувајќи де морници, де оган во телото. За тоа самиот кажуваше после. Тој говор го сметаше за ремек-дело, за ремек-дело на сиот свој живот, за своја лебедова песна. Вистина, девет месеци по тоа, умре од лошата туберкулоза така што навистина, како што излезе, имаше право да се спореди себеси со лебед што ја пее својата последна песна, само ако порано го претчувствувал својот крај. Во говорот го имаше внесено сето свое срце, и сиот свој ум, колку што го имаше, и неочекувано докажа, дека во него се криело и чувството на добар граѓанин и „проклетите" прашања, барем во онаа мера во која можеше да ги има нашиот кутар Иполит Кирилович. Неговиот говор освои главно со тоа што беше искрен. Тој искрено веруваше дека обвинетиот е виновен; тој не го обвинуваше по порачка, ниту само по должност, и кога повикуваше на „одмазда", навистина целиот трепереше од желбата да го „спаси општеството". Нашата женска публика, која во основата беше непријателски расположена спрема Иполит Кирилович, призна дека тој говор и оставил нејзе необичен впечаток. Обвинителот започна со рапав, неизедначен глас, но многу бргу

гласот му се засили, па одекнуваше во судската сала, и така до крајот на говорот. А само што го доврши, за малку што не падна во несвест.

„Господа поротници, — почна обвинителот — гласот за овој процес се разнесе по сета Русија. Но, би рекол човек, зошто да се чудиме, од што се вцашуваме посебно? И тоа ние, особено ние? Та ние сме луѓе толку навикнати на сето тоа! Во тоа е и нашиот ужас што толку мрачните дела речиси веќе престанаа за нас да бидат страшни! И затоа треба да се вцашуваме од таа наша навикнатост, а не од поединечното злосторство на овој или оној индивидум. Па каде се причините за нашата рамнодушност, на нашето млако држење спрема таквите појави, спрема таквите знаци на времето, што ни претскажуваат незавидна иднина? Дали во нашиот цинизам, дали во прераната истрошеност на умот и фантазијата на уште толку младото наше општество, кое толку прерано старечки се под ведна? Дали во сосем разнишаните наши морални начела, или, најпосле, во тоа што ние такви морални начела можеби воопшто и немаме. Јас не давам конечен одговор на тие прашања, но тие и покрај сето тоа се мачни, и секој граѓанин не само што треба, туку мора да страда поради тоа. Но, нашиот почетнички и уште страшлив печат веќе му направи некакви услуги на нашиот јавен живот, зашто без него никогаш немаше да ги дознаеме ,колку-толку поцелосно, оние страшни производи на разузданата волја и моралниот пад што печатот непрестајно ги изнесува на своите колони, и кои поради тоа сега веќе им се познати на сите, а не само на оние што ги посетуваат салите на јавното судење — што ни ги подари денешниот царски режим. Па што читаме речиси секој ден? О, постојано такви работи пред кои и денешново злосторство избледува и прилега на нешто обично. Но најважно е тоа што голем број наши руски, наши национални криминалистички процеси, сведочат за нешто општо, за некаква општа несреќа што е срасната со нас и со која, како со општо зло веќе тешко можеме да се бориме. Ене онаму, млад гиздав офицер од вишето општество, кој штотуку го започнал животот

и кариерата подло, потајно, без најмалку гризење на совеста коле еден мал чиновник кој донекаде му бил и добротвор, и неговата слугинка — за да може така да го украде документот за своите долгови, а воедно и парите на чиновникот: „Добро ќе ми дојде за моите големосветски уживања и за кариерата што е пред мене“. Откако го заколува, тој си оди, наместувајќи им на мртовците перници под главите. Овде пак, млад јунак, полн со одликувања за храброст, разбојнички ја отепува на пат мајката на својот водач и добротвор, и наговорувајќи ги своите другари заеднички да го извршат тоа дело, ги уверува: „таа него го сака како сопствено дете, и затоа ќе ги послуша сите негови совети и нема да преземе никакви мерки за предострожност“. Да речеме, дека тоа е изрод, но денеска, во нашите денови, јас веќе не се осмелувам да речам дека тоа е само еден изрод. Другите можеби нема да колат, но ќе мислат и ќе чувствуваат сосем исто како него, во својата душа се нечесни како него. Во тишината, кога е насамо со својата совест, тој можеби се прашува: „Па што е тоа чест, и дали крвта не е предрасуда?“ Можно е да се повика на мене и да каже дека сум болен, хистеричен човек, дека многу клеветам, бладам и преувеличувам. Добро, добро, и, господи, јас првиот би му се радувал на тоа! О, не верувајте ми, сметајте ме за болен, но запомнете ги моиве зборови: зашто дури и ако е секој десетти, секој дваесетти дел од моите зборови вистинит — и тоа е страшно! Видете, господа, видете кај нас како се убиваат млади луѓе: о, без најмали хамлетовски прашања за тоа „Што ќе биде **таму?**“, дури и без најмали прашања, небаре рубриката за нашиот дух и за сè што нè очекува од другата страна на гробот одамна да е избришана во нивната природа, закопана со песок. Погледајте, најпосле, каков е нашиот разврат, нашите развратници. Фјодор Павлович, несреќна жртва на овој процес, е речиси невино дете наспрема некој од нив, а сите го познававме — „тој живееше меѓу нас“ ... Да, со психологијата на руското злосторство можеби некогаш ќе се занимаваат првите умови, и нашите и европските, зашто темата го заслужува тоа. Но тоа проучување ќе

се изврши некогаш подоцна, во слободно време, кога сета трагична распашаност и безобзирност на нашиот сегашен момент ќе одмине во малку подалечна заднина, за да може да се разгледа поумно и понепристрасно, отколку што тоа можат да го сторат луѓе како мене, на пример, јас. Сега пак, ние или се вџашуваме, или се преправаме дека се вџашуваме, а ваму со уживање ја гледаме сцената како љубители на силни, ексцентрични чувства што ја скокоткаат нашата цинична тромава мрзливост, или, пак, како мали деца им мавтаме со раце на страшните привиденија и си ги пикаме главите под перници додека не мине страшното сениште, за после што побрзо да го заборавиме во веселба и забава. Но, еден ден и ние ќе мораме својот живот да го започнеме трезвено и промислено, и ние ќе мораме да се погледнеме себеси како општество, и ние ќе мораме да разбереме нешто подлабоко во нашиот јавен живот, макар само да почнеме да разбираме. Големиот писател од претходната епоха, во финалето на своето најголемо дело, олицетворувајќи ја сета Русија во бесна руска тројка што лета кон непозната цел, извикува: „Ах, тројко, птицо тројко, кој ли те измисли!“ — и гордо восхитен додава дека пред руската тројка што вратоломно јури напред со почит се тргаат настрана сите народи. Е, господа, оставете ги, нека се тргаат настрана, со почит и без неа, но според моето погрешно сфаќање, генијалниот уметник своето дело го завршил така или затоа што имал напад на детска и наивна красноречивост, или затоа што се плашел од тогашната цензура. Зашто, ако во таа негова тројка се впрегнат неговите херои собакевичевците, ноздровците и чичиковците — без обѕир кој ќе биде колар, до ништо умно нема да се дојде на таквите коњи! А тоа се само тогашните коњи, кои се далеку од сегашните, многу посилни од нив...“

Говорот на Иполит Кирилович тука беше прекинат со плескање. Либерализмот во сликата на руската тројка остави допадлив впечаток. Всушност, се слушнаа само дватри аплауза, така што претседателот не најде за потребно ни да ѝ се обрне на публиката со заканување дека „ќе ја испразни салата“ ами само

строго погледна во правецот каде што плескаа. Но тоа го охрабри Иполита Кирилович, зашто нему никогаш досега не му се аплаудирало! Толку години не сакале да го слушаат човекот, и сега наеднаш можност да се чуе по цела Русија!

„Навистина — продолжи тој — какво е тоа семејство на Карамазови, кое наеднаш заслужило толку жалосна слава по цела Русија? Јас можеби и претерувам, но ми се чини дека во сликата на тоа семејство се одразија некакви општи основни елементи на нашето современо интелигентно општество — о, не сите елементи, а и се појавија само во микроспоски вид, „како сонце во мала капка вода", но сепак нешто светна, сепак нешто се покажа. Погледајте го само тој несреќен, разуздан и развратен старец, тој „татко на семејство", кој толку жалосно го заврши своето живеење. Благородник од раѓање, што ја започнал својата кариера како сиромашен арамолебец, кој со неочекувана и ненадејна женачка добил како мираз малку пари, отпрвин ситен лажго и будала, што се умилкува ,со никулец на умствени способности, впрочем, и не толку слаби, и, пред сè, неранимајко. Со годините, тоест со зголемувањето на капиталот тој станува сè похрабар. Покорноста и умилкувањето исчезнуваат, останува само подбивниот и злобен циник и развратник. Сета духовна страна изветреала, а жедоста за живот му била голема. Сè се сведува на ова: освен сладострасните уживања тој ништо друго во животот и не гледа, па така ги учи и своите деца. Немал никакви татковски духовни обврски. Тој им се смеел, ги воспитувал своите слабички деца меѓу слугите, и му било мило што ги тргнуваат откај себе, просто сосем ги заборавал. Сите морални правила на старецот биле: aprés moi le dèluge.[1]) Сè што е спротивно на поимот за граѓанинот, дури и најцелосното непријателско издвојување од општеството: „Целиот свет нека гори во оган, само мене да ми е добро". И нему му е добро, тој е наполно задоволен, тој копнее да прживее така уште дваесет-триесет години. При пресмет-

[1]) по мене потоп (фр.)

ката тој го лаже сопствениот син, и со неговите сопствени пари, со неговата мајковина, што не сака да му ја даде, му ја одзема љубовницата на својот син. Не, јас нема да му ја отстапам одбраната на обвинетиот, на високо надарениот бранител, кој дојде од Петербург, јас и самиот ќе ја кажам вистината, и јас го сфаќам сето негодување што тој го натрупа во срцето на својот син. Но, доста, доста за тој несреќен старец. Тој го доби тоа што заслужуваше. Да се сетиме, впрочем, дека тој беше татко, и еден од денешните татковци. Дали ќе ја излажам јавноста ако речам дека тој е еден од многуте современи татковци? За жал, голем број современи татковци, иако не се покажуваат толку цинични како овој, затоа што се подобро воспитани, подобро образовани, всушност имаат речиси иста филозофија како него. Добро, јас сум песимист, добро! Ние веќе се погодивме да ми простувате. Да се договориме однапред: вие мене не верувајте ми, не верувајте ми, јас ќе зборувам, а вие не верувајте. Но дозволете ми да се искажам, па сепак, немојте да заборавите по нешто од моите зборови. А сега да ги погледаме и децата на старецот, таткото на семејство: едниот е пред нас на обвинителната клупа, за него допрва ќе стане збор; за другите ќе речам нешто само патем. Од тие двајца постариот е еден од современите млади луѓе со блескаво образование, со доста силен ум, но кој веќе не верува во ништо, кој веќе многу нешта, премногу нешта во животот оставил и избришал, токму онака како што направил татко му. Сите ние го слушавме, во нашето општество тој беше примен пријателски. Не го криеше своето мислење, дури напротив, сосем напротив, што ми дава смелост сега да зборувам за него донекаде отворено, се разбира, не како за приватно лице, ами само како за член на семејството Карамазови. Овде, на крајот на градот вчера изврши самоубиство еден болен идиот, цврсто врзан за оваа парница. Тоа е бившиот слуга и можеби вонбрачен син на Фјодор Павлович, Смердјаков. Тој хистерично плачејќи при претходниот распит ми кажуваше дека младиот Карамазов, Иван Фјодорович, го вчудовидел со својата душевна разузданост: „Спо-

ред нивното сè е дозволено, сè на светот, и во иднина ништо не мора да биде забрането — ете на што ме учеа тие“ — рече тој. Идиотот, изгледа, поради таа поставка, на која го научиле, најпосле и полуди, иако, се разбира, за неговото умствено растројство имаше влијание и епилепсијата и сета страшна катастрофа што се случи во нивната куќа. Но, на тој идиот му со пушти една многу, многу интересна забелешка, што би можела да му послужи за чест и на поумен посматрач, па поради тоа и почнав да зборувам за ова. „Ако некој од синовите на Фјодор Павлович — ми рече — најмногу прилега на него по наравот, тогаш тоа, без сомневање е тој, Иван Фјодорович!“ При таа забелешка ја прекинувам започнатата карактеристика, бидејќи сметам дека не е деликатно да продолжам. Да, јас нема да изведувам натамошни заклучоци и како гавран да ѝ кобам на таа млада судбина само пропаст. Ние уште денеска видовме, овде во салава, дека непосредната сила на вистината, уште живее во неговото младо срце, дека чувствата за семејна верност во него уште не се задушени од неверувањето и од моралниот цинизам, што го има добиено повеќе по наследство отколку со вистинско убедување. Потоа вториот син, о, тоа момче е побожно и смирено, спротивност на мрачните и разурнувачки начела на својот брат. Тој бара, така да се каже, да се припие до „народните начела“, или до она што се наречува со тој нејасен израз во по некои теоретски агли на нашата ителигенција. Тој, гледате ли, се прилепи за манастирот: за малку што не се потстрижи за монах. Во него, се чини, речиси несвесно и толку рано се изрази оној страшлив очај со кој денеска толкумина од нашето несреќно општество, уплашени од неговиот цинизам и разврат и погрешно припишувајќи ѝ го сето тоа зло на европската просветеност, летаат, како што велат тие, кон „родната почва“, тоест во мајчинска прегратка на родната земја, како деца заплашени од сеништа — па на пресушените гради на болната мајка копнеат макар само спокојно да заспијат, и целиот живот да го преспијат, само да не ги гледаат стравотиите што ги плашат. Од своја страна, на тоа добро

и надарено момче јас му пожелувам сè најдобро; му пожелувам неговата момчешка наивност и стремежот кон народните начела подоцна, како што често се случува, да не се претвори во морален поглед — во мрачен мистицизам, а во граѓански поглед — во тап шовинизам — две особини што ѝ се закануваат на нацијата можеби и со поголемо зло отколку што е раното распаѓање до лажно сфатената и тукутака добиена европска просветеност, од кое боледува неговиот постар брат".

За шовинизмот и мистицизмот пак се слушнаа два-три аплауза. Се разбира, Иполит Кирилович се затрча; сето тоа имаше малку врска со делото, а да не зборуваме дека сето тоа излезе доста нејасно. Но, туберкулозниот и разлутен човек премногу силно сакаше да се искаже, макар еднаш во животот. Кај нас после се зборуваше дека тој, карактеризирајќи го Ивана Фјодорович, се раководел дури и со неделикатното чувство затоа што овој еднаш или двапати јавно го надвикал во расправиите, и Иполит Кирилович, секавајќи се за тоа, сега сакаше да му се одмазди. Јас не знам дали смееше така да се заклучува. Во секој случај, сето тоа беше само увод, по кој говорот на обвинителот се упати по вистинскиот тек и поблиску кон делото.

„Па, еве го и третиот син на таткото на современото семејство — продолжи Иполит Кирилович — тој е на обвинителнава клупа, тој е пред нас. Пред нас се и неговите подвизи, неговиот живот и неговите дела. Дојде време сè да се открие, сè да се обелодени. Спротивно на „европеизмот" и на „народните начела" на своите браќа, тој како со себеси да ја претставува непосредната Русија, — о, не сета, не сета, и бог да чува, ако беше сета! Па сепак, таа, нашата Русиичка е тука, таа мириса, се чувствува мајчичката. О, ние сме непосредни, ние сме зло и добро во најчудна смеса, ние сме љубители на просветата и на Шилера, а воедно беснееме по крчмите и им ги скубеме брадите на нашите другари — пијаничишта. О, и ние знаеме да ви бидеме добри и прекрасни, но само тогаш ако нам ни е добро и прекрасно. Ние сме дури и занесени,

всушност, преплавени од најблагородни идеали, но само под услов тие да се постигнат самите по себе, да ни паѓаат на маса од небо, и што е најважно, бадијала, бадијала, за нив да не мора да се плаќа ништо. Ние, воопшто не љубиме да плаќаме, но затоа многу љубиме да добиваме, и тоа во сè. О, дајте, дајте ни ги сите можни животни богатства (токму така сите можни ,со помалку не се согласуваме), и особено не пречете ѝ на нашата нарав во ништо, и тогаш и ние ќе докажеме дека сме способни да бидеме добри и прекрасни. Ние не сме лакоми, не, но сепак, дајте ни што повеќе пари, што повеќе, колку што е можно повеќе пари, па ќе видите колку великодушно, со каков презир спрема презрениот метал ќе испофрламе за една ноќ во незауздана оргија. А ако не ни се дадат пари, ние ќе покажеме како знаеме да ги добиеме, ако многу го посакаме тоа. Но за тоа после, а сега, да се држиме на редот. Пред сè, пред нас е едно напуштено дете, „меѓу слугите без чевлички", како што се изрази пред малку нашиот почитуван и угледен сограѓанин, за жал, од странско потекло! Уште еднаш повторувам, јас никому нема да му ја отстапам одбраната на обвинетиот! Јас сум и обвинител и бранител: Да, и ние сме луѓе, и ние ќе бидеме способни да измериме од какво влијание врз карактерот може да бидат првите впечатоци од детството и од родното гнездо. Но, глеј, момчето веќе пораснало, веќе е момчак, офицер, поради незаузданите постапки, и поради предизвикувањето на двобој, него го прогонуваат во едно од оддалечените погранични гратчиња на нашата благословена Русија. Таму тој служи, таму тој прави оргии и, се разбира: за големата лага големо море. Ни требаат пари, пари пред сè, и по долгите пазарења тој со татка си се спогодува дека ќе биде намирен со шест илјади, и тие пари му ги испраќаат. Имајте на ум, тој дал расписка, и постои негово писмо во кое тој се откажува од другото, и со тие шест илјади го завршува својот спор со татка си околу наследството. Притоа тој среќава млада девојка со возвишен карактер и развиток. О, јас не смеам да повторувам подробности, вие ги слушнавте пред малку, тука е честа, тука

е самопожртвувањето, и јас молчам. Ликот на младиот човек, лесномислен и развратен, кој се поклонил пред вистинското благородство, пред вишата идеја — за миг пред нас се покажа многу симпатичен. Но наеднаш потоа, во истава сала, се виде сосем неочекувано другата страна на медалот. Јас пак не смеам да се впуштам во претпоставки и нема да анализирам — зошто дојде до тоа. Истото тоа лице, сето во солзи од негодување, што ги криело долго време, ни соопштува дека токму тој, тој прв ја презирал поради нејзиниот невнимателен, можеби незауздан порив, но кој сепак е возвишен, сепак е великодушен. Кај него, кај свршеникот на девојката, изникна побрзо отколку кај некој друг онаа иронична насмевка што таа единствено од него не можеше да ја истрпи. Знаејќи дека ја изневерил (ја изневерил убеден дека таа отсега мора од него да трпи сè, па дури и неговото неверство), знаејќи го тоа, таа намерно му предлага три илјади рубли, и јасно, и премногу јасно притоа му дава да разбере дека тие пари му ги дава токму за неверството што ќе го направи спрема неа: „Што е, ќе ги примиш или нема да ги примиш, дали ќе бидеш толку безобразен?“ — му вели таа со својот поглед молчејќи, со поглед што суди и испитува. Тој гледа во неа, наполно ги сфаќа нејзините мисли (овде самиот призна пред вас дека разбрал сè) и безусловно ги присвојува трите илјади, и ги потрошува за два дена со својата нова избраница! Во што да веруваме сега? Дали во првата легенда — за настапот на висока благородност, кога ги дал своите последни средства за живот и се поклонил пред добродетелта, или во опачината на медалот, која е толку одвратна? Во животот обично се случува така што при две спротивности вистината треба да се бара на средината; во овој случај тоа не е толку буквално. Најверојатно од сè е дека тој во првиот случај бил искрено благороден, а во другиот случај, исто така, искрено долен. Зошто? Па, ете, затоа што ние сме широки природи, карамазовски — јас токму тоа сакам да го покажам, — природи способни во себе да имаме секакви можни спротивности и во исто време да ги посматраме обете бездни: бездната

над нас, бездната на нашите идеали, и бездната под нас, бездната на најдолното и најсрамното паѓање. Сетете се само за оние блескави мисли, изречени пред малку од младиот посматрач што длабоко и одблизу го посматрал сето семејство Карамазови, господин Ракитин: „Чувството за нискоста на своето паѓање, им е потребно на разузданите, недодржливите природи исто како и чувството на највисока благородност“ — и тоа е вистина: ним им, е потребна таа неприродна смеса, постојано и непрекинато. Две бездни, две бездни господа, во еден ист момент — без тоа ние сме несреќни и незадоволни, нашето постоење не е целосно. Ние сме широки како и сета наша мајчичка Русија, ние сето тоа ќе го сместиме во себе, ќе се помириме со сè. Но, господа поротници, сега ги засегнавме трите илјади рубли, и јас ќе си дозволам да одам малку напред. Замислете само дека тој, таа природа, добивајќи ги тогаш тие пари и уште на таков начин, по цена на таков срам, и по цена на крајно понижување — замислете дека тој уште дента наводно бил способен да ги одвои половината пари, да ги сошие во ќесе, и дека цел месец после имал сили да ги носи на вратот, и покрај сите соблазнувања и извонредната потреба од пари! Ни во пијанките по крчмите, ни тогаш кога морал да оди на пат за да набавува којзнае од кого пари, премногу потребни за да ја засолни својата сакана од соблазнувањето на татко му — негов соперник — тој не се осмелува да го гибне ќесенцето. Ако не за друго, тогаш барем за да ја зачува својата сакана од соблазнувањето на старецот, на кого беше толку љубоморен — тој би морал да го одврзе ќесето и да остане дома како сигурен чувар на својата сакана, очекувајќи го моментот кога, најпосле, таа ќе му рече: „Јас сум твоја“, па да летне со неа некаде далеку од сегашните кобни прилики. Ама не, тој не ја гиба својата амајлија, и тоа под каков изговор! Првобитната причина, како што рековме, била: кога ќе му се рече: „јас сум твоја, води ме каде што сакаш“ — да има со што да ја одведе. Но таа прва причина, според сопствените зборови на обвинетиот, избледува пред втората. До кога, вели, овие пари ќе ги носам на себе —

„јас сум подлец, но не сум крадец“, зашто секогаш можам да одам кај свршеницата што ја навредив, и ставајќи пред неа половина од целата сума што ја присвоив од неа со измама, секогаш можам да ѝ речам: „Гледаш, јас ги испив половината твои пари, и докажав дека сум слабак, и неморален човек, и, ако сакаш, подлец, (јас се изразувам со јазикот на самиот обвинет) — но, иако сум подлец, не сум крадец, зашто кога би бил крадец, немаше да ти ги вратам половината преостанати пари, туку ќе ги присвоев како првата половина.“ Чудно објаснување на фактот. Истиот тој, побеснет но слаб човек, што не беше способен да се откаже од искушението да ги прими тие три илјади со таква срамота — истиот тој човек наеднаш во себе чувствува толку стоичка цврстина и носи на вратот илјадници рубли не осмелувајќи се да ги гибне. Дали тоа макар малку се согласува со карактерот што го разгледуваме овде, Не, и јас ќе си дозволам да ви раскажам како би постапил во таков случај вистинскиот Дмитриј Карамазов, ако навистина се решил да ги сошие парите во ќесе. При првото искушение — да речеме, макар само за пак да ја забави својата нова сакана, со која веќе ја потроши првата половина од парите — при првото искушение тој ќе го раскинеше ќесето и ќе одвоеше од него, првин, да речеме, макар сто рубли, зошто пак бездруго да враќа половина тоест илјада и пет стотини, доста се и илјада и четиристотини, — зашто излегува истото: „тој е подлец, а не крадец, бидејќи барем илјада и четиристотини донесол назад, а крадецот би зел сè и не би вратил ништо“. Потоа, по некое време, пак би го отворил ќесето и пак би ја извадил сега втората, па третата, па четвртата стотка, и не понатаму, туку пред крајот на месецот, најпосле би ја извадил и претпоследната стотка: велејќи, дури и една стотка ако вратам назад, пак ќе излезе исто — подлец, а не крадец. Дваесет и девет стотки, потрошил, но сепак една вратил, а „крадецот не би ја вратил ни таа една“. И, најпосле, откако би ја потрошил и таа претпоследна стотка, би погледнал во последната и би си рекол: „Па навистина не вреди ни да се враќа оваа една! — да ја потроши-

ме и неа!“ Ете како би постапил вистинскиот Дмитриј Карамазов, каков што го познаваме ние! А легендата за ќесето — е толкава противречност на реалноста што не може да се замисли поголема. Сè може да се замисли, но тоа не може. А ние пак ќе се вратиме на тоа.“

Откако потсети на сè по ред што му беше познато од судското иследување за имотните спорови и за семејните односи на таткото и синот и откако уште еднаш извлече заклучок дека што се однесува до делбата на наследството, од изнесените податоци, нема ни најмала можност да определи кој кого го излажал, или кој на кого му купил, — Иполит Кирилович, по повод трите илјади рубли што беа влегле во главата на Митја како фикс-идеја, ја спомна медицинската експертиза.

VII

Историски преглед

„Медицинската експертиза, се стремеше да ни докаже дека обвинетиот не е при чиста свест и дека е манијак. Јас тврдам дека тој е при чиста свест и дека токму тоа е најлошото: да не беше при чиста свест, можеби ќе се покажеше многу поумен. Што се однесува пак до тоа дека е манијак, со тоа би можел да се согласам, но само во една точка — во онаа на која укажа и експертизата, имено како гледа обвинетиот на трите илјади што божем не му биле доисплатени од татко му. Сепак можеби може да се најде многу поприфатливо гледиште за да се објасни постојната занесеност на обвинетиот во однос на тие пари, отколку што е неговата склоност кон лудилото. Што се однесува до мене, јас наполно се согласувам со мислењето на младиот лекар, кој наоѓа дека обвинетиот располага и дека располагал со наполно нормални умствени способности, дека тогаш бил само раздразнет и разлутен. Ете, во тоа и е целата работа: не, во трите илјади, во сумата на парите не се содржеше предме-

тот на постојаната бујна озлобеност на обвинетиот, туку во тоа што постоеше една посебна причина што ја предизвика неговата лутина. Таа причина е љубомората!“

Тука Иполит Кирилович опширно ја разви својата слика за кобната страст на обвинетиот спрема Грушенка. Тој почна од моментот кога обвинетиот отиде кај тоа „младо лице“ да го „натепа“ — изразувајќи се со неговите зборови, објасни Иполит Кирилович — но наместо да ја натепа, остана покрај нејзините нозе — тоа е почетокот на љубовта. Во истото време и старецот, таткото на обвинетиот, фрла око на истото лице — чуден и кобен стек на околностите, зашто обете срца пламнуваат наеднаш, во исто време, иако пред тоа и едниот и другиот го знаеле и го гледале тоа лице; и обете срца пламнуваат со најнезадржлива, најкарамазовска страст. Тука го имаме нејзиното сопствено признание: „Јас му се подбивав и на едниот и на другиот“ — вели таа. Да, таа посакала наеднаш да му се подбие и на едниот и на другиот: порано не го сакала тоа, а сега наеднаш ѝ дошла во главата таква намера, — и заврши со тоа што двајцата паднаа пред неа победени. Старецот, кој им се клањаше на парите како на бог, веднаш приготви три илјади, надевајќи се дека со тоа ќе ја привлече во своето гнездо, но набргу беше доведен дотаму што за среќа го сметаше и тоа пред нејзините нозе да го положи своето име и сиот свој имот — само таа да се согласи да му биде законита сопруга. За тоа имаме веродостојни сведоштва. Колку за обвинетиот, неговата трагедија е очигледна, таа е пред нас. Таква беше „играта“ на младата личност. На несреќниот млад човек заводницата не му даваше дури ни надеж, зашто надежта, вистинската надеж му беше дадена дури во последниот момент, кога тој, клечејќи пред својата мачителка, си ги протегаше кон неа рацете веќе извалкани со крвта на својот татко и соперник: во таа положба и беше уапсен. „Мене, мене испратете ме на робија заедно со него, јас го доведов до таму, јас сум највиновна!“ — викаше таа жена искрено каејќи се, во моментот кога тој беше апсен. Надаренот момчак,

што си презеде на себе да ја опише целата оваа работа — истиот господин Ракитин, кого веќе го спомнав — со неколку збиени и карактеристични реченици го одредува наравот на таа хероина: „Прерано разочарување, прерана измама и пад, неверство на заводникот свршеник што ја напуштил, потоа сиромаштија, проклетство на чесното семејство и, најпосле, покровителство на еден богат старец, кого таа, впрочем, и сега го смета за свој добротвор. Во младото срце, кое можеби криело во себе многу добро, се притаил гнев уште во многу младото време, се создала сметкациска природа, што трупала пари. Во неа се развила подбивност и одмаздољубивост спрема општеството". По таа карактеристика, сфатливо е дека можела да му се подбива и на едниот и на другиот, само заради игра, заради злобна игра. И ете, во текот на тој месец на безнадежна љубов, морален пад, неверство на својата свршеница, присвојување на туѓи пари доверени на неговата чест, — обвинетиот доаѓа речиси до избезуменост, до беснило од непрекината љубомора, и тоа на кого, на својот татко! И што е најважно, безумниот старец го лаже и го соблазнува предметот на неговата страст токму со тие три илјади што неговиот син ги смета за свои сопствени, за наследство од мајка си, и поради кои го обвинува татка си. Да, признавам, тешко можело да се поднесе тоа! Тука можело да се појави и манија: работата не е во парите, туку во тоа што токму со тие пари со толку одвратен цинизам се запустуваше неговата среќа!"

Потоа Иполит Кирилович мина на тоа како кај обвинетиот се раѓала мислата за таткоубиство, и ја разгледа според фактите.

„Отпрвин само викаме по крчмите — цел месец викаме. О, ние сакаме да живееме со луѓе и веднаш им соопштуваме на тие луѓе сè, дури и своите најинферналии и најопасни идеи, сакаме да ги поделиме мислите со другите и, не се знае зошто, тука веднаш, уште во тој момент сакаме тие луѓе веднаш да ни одговорат со најцелосна симпатија, да влезат во сите наши грижи и вознемирувања, да ни одобруваат и да не ја кочат нашата природа. Инаку, ќе се занесеме

и ќе ја урнеме сета крчма. (Тој го раскажа случајот со капетанот Снегирјов). Оние што го гледале и слушале обвинетиот во овој месец, најпосле почувствуваа дека тука веќе не може да се остане само на извици и заканување спрема татка си, туку дека при таквата лутина од заканувањето може да се мине и на дело.“ (Државниот обвинител го опиша семејниот состанок во манастирот, разговорите со Аљоша, и грдата сцена на насилство во татковата куќа, кога обвинетиот се втурна внатре по ручекот.)

„Не мислам упорно да тврдам — продолжуваше Иполит Кирилович, дека пред таа сцена обвинетиот веќе смислувал и однапред решил да заврши со татка си, убивајќи го. Но, таа идеја му се јавувала веќе неколку пати и тој свесно ја испитувал, — за тоа имаме факти, сведоци и признанието на обвинетиот. Признавам, господа поротници — додаде Иполит Кирилович — дека до денеска се колебав на обвинетиот да му припишам целосна и свесна умисла во злосторството, што се наметнуваше. Цврсто бев уверен дека неговата душа веќе многупати во иднината си го замислувала кобниот момент, но само си го замислувала, само си го претставувала како можност, а уште не го определувала ни рокот на извршувањето, ни околностите. Но моето колебање траеше до денеска, до овој кобен документ што му го поднесе на судот госпоѓицата Верховцева. Господа, вие самите го слушнавте нејзиниот извик: „Тоа е план, тоа е програма за убиство!“ Ете, како го окарактеризира таа несреќното „пијано“ писмо, на несреќниот обвинет. И навистина, тоа писмо има полно значење на програма и умисла. Тоа е пишано два дена пред злосторството — и на тој начин нам сега ни е сосем јасно дека обвинетиот два дена пред извршувањето на својата страшна замисла се заколнал и изјавил: ако не набави утре пари, ќе го убие татка си за да ги земе од него парите од под перницата „во пликот со црвена панделка, само да си оди Иван.“ Слушате ли, „само да си оди Иван“ — значи, веќе сè е смислено, околностите измерени, и, се разбира, после сè е така и извршено, како по план! Умислата и свесноста се несомнени, злосторството тре-

баше да се изврши заради ограбување, тоа е изјавено отворено, тоа е напишано и потпишано, обвинетиот и не се откажува од својот потпис. Некој можеби ќе рече: тоа го пишувал пијан човек. Но тоа не значи ништо, писмото со тоа станува уште поважно: во пијана состојба го напишал она што го мислел трезвен. Да не решил така кога бил трезвен, како пијан не би го напишал. Можеби некој ќе рече: а зошто разгласувал за таа своја намера по крчмите? Тој што се решава за таква работа со умисла тој молчи и крие. Така е, но тој викал тогаш кога уште немало ни планови, ни намера, ами постоела само желба, допрва созревал стремежот. После, тој веќе вика помалку. Вечерта кога е напишано писмото, кога се опијанил во крчмата „Престолнина" тој, спротивно на својот обичај, бил молчалив, но играл билијард, седел настрана, не зборувал со никого, само од местото истерал еден овдешен трговски помошник, и тоа веќе речиси несвесно, од навика за караница, без која не можел, кога влегувал во крчма. Вистина, заедно со конечното решение, на обвинетиот во главата морало да му се стави и стравот дека премногу рано разгласил по градот и дека тоа многу може да придонесе да го фатат и да го обвинат кога ќе го изврши тоа што го беше решил. Но, што да прави — работата веќе беше разгласена, назад не се можеше, па, најпосле „и порано ме извлекуваше слепа среќа, ќе ме извлече и сега". Ние, се надевавме во својата ѕвезда, господа! Притоа морам да признам, дека тој многу правел за да го заобиколи кобниот момент, дека употребил многу напори за да го избегне крвавиот крај. „Ќе барам утре три илјади од сите луѓе — како што пишува со својот оригинален јазик, — а ако не ми дадат луѓето, ќе се пролее крв." И пак пијан пишува, и пак трезвен, како по план извршува!"

Тука Иполит Кирилович пристапи кон подробен опис на напорите на Митја да набави пари, да го избегне злосторството. Ја опиша неговата посета кај Самсонов, патувањето кај Љагавиј, — сè според документите. „Измачен, исмеан, гладен, продавајќи го часовникот поради тој пат (имајќи, меѓутоа, на себе ил-

јада и петстотини рубли, божем, о, божем), мачен од љубомора поради предметот на љубовта што го остави во градот, сомневајќи се дека таа можеби за време на неговото отсуство ќе оди кај Фјодор Павлович — тој се враќа, најпосле, во градот. Фала му на бога! Таа не беше кај Фјодор Павлович. Тој самиот ја придружува до кај нејзиниот покровител Самсонов. (Чудна работа, тоа е многу карактеристична психолошка црта во оваа парница!) Потоа отрчува на осматрачницата, во задниот дел на градината, и таму — таму дознава дека Смердјаков има напад на падавица, дека другиот слуга е болен — патот е отворен, „знаците“ му се во раката. Какво искушение! Но, и покрај сето тоа, тој сепак се бори; тој оди кај госпоѓа Хохлакова, од сите нас високо почитувана привремена наша сограѓанка. Таа госпоѓа која веќе одамна чувствува сожалување спрема неговата судбина, му дава еден од најумните совети, да го напушти пијанчењето, и таа лоша љубов, тоа скитање по крчмите, неплодното трошење на младите сили, па да оди во Сибир во рудниците за злато: „Таму е излезот за вашата немирна сила, за вашата романтична природа, што копнее по авантури.“

Откако го опиша крајот на разговорот и моментот кога обвинетиот наеднаш ја доби веста дека Грушенка воопшто не била кај Самсонова, откако ја опиша моментната лутина на несреќниот, нервно измачениот, љубоморен човек, при помислата дека го излажала, и дека сега е кај него, кај Фјодор Павлович — Иполит Кирилович заврши обрнувајќи внимание на кобното значење на овој случај, зашто, ако слугинката имала кога да му каже дека неговата сакана е во Мокрое, со „поранешниот и неоспорниот“ — немало да има ништо. Но таа, целата преплашена, почнала да се колне и да заколнува, и обвинетиот тука не ја убил само затоа што како без глава летнал по својата неверница. Но обрнете внимание: без обзир колку тој бил надвор од себеси во тој момент ,сепак го зел со себе толчникот од аванот. А зошто токму толчникот, зошто не некое друго оружје? Ха, кога цел месец сме ја имале пред очи таа слика и сме се приготвувале за неа, тогаш, штом излезе пред очи нешто

јаков беше самиот обвинет, во моментот кога го апсеа; но тој ни до својот прв извик, па ни до овој момент на судењето, не изнесе ниеден факт за да го потврди своето обвинување — не само факт, туку дури ни едно навестување на факт што би било колку-толку сфатливо за човека. Потоа, тоа обвинување го потврдуваат само три лица: двајцата браќа на обвинетиот и госпоѓа Светлова. Но постариот брат на обвинетиот своето сомневање го изрази дури денеска, болен, при неоспорно умствено растројство и висока температура; а пред цели два месеца, како што ни е познато со сигурност, наполно го делел мислењето дека брат му е виновник, никогаш не се обидел ниту да забележи нешто против таа идеја. Но со тоа посебно ќе се занимаваме после. Потоа, помладиот брат на обвинетиот пред малку изјавува: дека тој нема никакви, ни најмали факти со кои би можел да ја потврди својата мисла оти Смердјаков е виновник, ами заклучува така, само врз основа на зборовите на обвинетиот и „од изразот на неговото лице", дека тој колосален доказ пред малку двапати го изговорил неговиот брат. А госпоѓа Светлова, се изрази можеби уште поколосално: „Верувајте во тоа што ќе ви го каже обвинетиот, тој не е човек што лаже". Ете тоа се сите вистински докази против Смердјакова, од три лица кои се премногу заинтересирани за судбината на обвинетиот. Меѓутоа, обвинувањето против Смердјакова се шириле и се поддржуваше и се поддржува — дали може да се поверува во тоа, дали може да се замисли тоа?"

Тука Иполит Кирилович сметаше дека е потребно малку да го опише покојниот Смердјаков, „кој својот живот го прекрати болен, избезумен и во лудило". Тој го прикажа како човек со слаб ум, со никулец на некаква нејасна образованост, збунет од филозофските идеи што го надминувале неговиот ум, и како човек кој се уплашил од некои современи учења за должноста и за обврските, што му биле предавани постојано — практично со неуредниот живот на неговиот покоен господар, а, можеби и татко, Фјодор Павлович, а теориски со разни чудни филозофски

слично на оружје, веднаш тоа го земаме како оружје. А тоа, дека некој предмет од таков вид може да ни послужи како оружје — за тоа веќе размислувавме цел еден месец. И затоа толку веднаш и неоспорно го признавме како оружје! И затоа обвинетиот не го зграпчил несвесно и несакајќи тој кобен толчник. Еве го сега во градината на татка си — патот му е отворен, сведок нема, длабока ноќ, мрак и љубомора. Сомневањето дека е можеби таа тука, со него, со неговиот соперник, во неговата прегратка, и дека можеби му се смее во тој миг — го дави, не му дава да дише. И тоа сега веќе не е само сомневање, — какво сомневање, сега, кога е очигледно изневерувањето: таа е тука, во осветлената соба, таа е кај него, таму зад параванот — и несреќниот скришум се доближува до прозорецот, но со респект свирнува внатре, и добродушно се смирува, и умно заминува, што понатаму од несреќата, за да не се случи нешто опасно и неморално, — нас сакаат да нè уверат во тоа нас што го знаеме наравот на обвинетиот, нас што знаеме во каква душевна состојба бил, состојба што ни е позната од фактите и, што е најважно, кога располага со знаците со кои веднаш можел да ја отвори куќата и да влезе!“ Тука, по повод „знаците“, Иполит Кирилович го остави за некое време своето обвинение, и сметаше дека е неопходно малку поопширно да зборува за Смердјакова, за конечно да ја расветли вметнатата епизода, која за убиството го усомнуваше Смердјакова, за да ја отфрли таа мисла еднаш засекогаш. Тој тоа го направи многу опширно, и сите сфатија дека таа претпоставка ја сметал како многу важна и покрај сиот свој презир што го покажуваше спрема неа.

VIII

Трактат за Смердјаков

„Пред сè, од каде се појави можноста за такво сомневање?“ — со тоа прашање започна Иполит Кирилович. — „Првиот што викна дека убиец е Смерд-

разговори со постариот син на господарот Иван Фјодорович, кој многу слободно си ја дозволувал таа забава, по сè судејќи од немање што да прави, или од потреба за исмевање, на која не можел да ѝ најде попогодна примена. Смердјаков самиот ми кажуваше за својата душевна состојба во последните денови на престојувањето во куќата на својот господар — објасни Иполит Кирилович — но за тоа сведочат и други: самиот обвинет, брат му, па и слугата Григориј, тоест сите оние што морале да го познаваат поблиску. Освен тоа, исцрпен од падавицата, Смердјаков беше „страшлив како кокошка". „Тој паѓаше на коленици пред мене ,и ми ги бацуваше нозете", ни соопшти обвинетиот во моментот, кога уште не чувствуваше дека таквите негови соопштенија се донекаде незгодни за него. — „Тој е кокошка со падавица", се изрази тој за него со својот карактеристичен јазик. И, ете тој, и таков Смердјаков обвинетиот (кое го сведочи и самиот) го одбира за свој доверлив човек и толку го заплашува што овој најпосле се согласува да му служи како шпион и известувач. Во тоа својство на домашен шпион тој го изневерува својот господар, му соопштува обвинетиот и за пликот од парите, и за знаците со кои може да се дојде до господарот — а и како би можел да не му ги соопшти! „Ќе ме убие, убаво видов дека ќе ме убие!" — ми велеше Смердјаков, за време на распитот, дури и треперејќи пред нас, иако неговиот мачител, кој го заплашил, тогаш веќе беше уапсен, и веќе не можеше да дојде да го казни. „Се сомневаа во мене, секој момент ,а јас непрестајно плашејќи се, само за да го ублажам нивниот гнев, брзав да им ја соопштам тајната за на тој начин да видат дека не сум им виновен, и да ме остават жив на мира." Еве ги сопствените зборови на Смердјаков, јас ги запишав и ги запаметив: „Кога ќе ми се издерат јас ќе паднам пред нив на коленици" — рече тој. Бидејќи по својата природа бил многу чесен млад човек, со кое ја придобил довербата на својот господар кој почнал да ја цени неговата чесност, откога овој му ги вратил изгубените пари, несреќниот Смердјаков морало многу да го мачи каењето поради неверството

спрема господарот, кого го сакал како добродетел. Личностите што многу страдаат од падавица, според сведочењето на најдобрите стручњаци, секогаш се наклонети кон непрекинато, се разбира, болно самообвинување. Нив ги мачи „вина“ поради нешто и поради некој, ги мачи гризењето на совеста, често без никаква причина, претеруваат, дури и самите измислуваат против себеси, разни вини и злосторства. И еден таков субјект навистина и станува виновник и престапник од страв и застрашување. Освен тоа, тој претчувствувал дека од околностите што се создаваат пред неговите очи може да излезе нешто лошо. Кога постариот син на Фјодор Павлович, Иван Фјодорович, пред самата катастрофа, заминувал за Москва, Смердјаков го молел да остане, но не смеел, бидејќи бил многу плашлив, да му го каже својот страв на јасен и категоричен начин. Се задоволил со навестувања, но навестуваньата останале неразбрани. Треба да се забележи дека тој во Ивана Фјодоровича, гледал еден вид своја одбрана, нешто како гаранција оти додека е тој, дома, нема да дојде до несреќа. Сетете се само за оној израз во „пијаното“ писмо на Дмитриј Карамазов: „Ќе го убијам старецот, само ако си оди Иван“; значи, присуството на Иван Фјодорович сите го сметаа како некаква гаранција за мирот и редот во куќата. Но ете, токму тој си оди, а Смердјаков набргу, еден час по заминувањето на младиот господар, добива напад на болеста. Но тоа е сосем разбирливо, овде треба да се напомне, дека Смердјаков, измачен од стравот, и од своевидниот очај, во последните денови, посебно ја чувствувал можноста за приближување на нападот на падавицата, што доаѓала и порано кога бил морално напрегнат и потресен. Се разбира не е можно да се погоди денот и часот на тие напади, но симптомите на нападот секој епилептичар може да ги почувствува отпорано. Тоа го вели медицината. И ете, само што си оди од куќата Иван Фјодорович, Смердјаков, целиот под впечатокот, така да се каже, на својата осаменост и незаштитеност, оди по домашни потреби во визбата, слегува по скалите и си мисли: „Дали ќе ми дојде падавицата, што ќе

правам ако ми дојде?“ — И токму од тоа расположение, од тоа сомневање, од тие прашања — го фаќа грч во грлото, што секогаш и претходи на падавицата, и тој се стркалува во визбата онесвестен. И сега во таа најприродна случајност, сакаат да видат нешто сомнително, наоѓаат божем некаков знак, некакво навестување дека Смердјаков **намерно** се преправал оти е болен! Но, ако е намерно, веднаш се јавува прашањето: поради што? Од каква сметка, и со каква цел? Нема да зборувам за медицината, велат дека науката лаже, науката се лаже, докторите не умееле да направат разлика помеѓу вистината и преправањето — добро, и така да е, но одговорете ми на прашањево: зошто му било потребно да се преправа? Секако не, за откако го смислил убиството, со тој свој напад — однапред и што побрзо да го привлече вниманието во куќата врз себе? Господа поротници, во куќата на Фјодор Павлович, во ноќта кога е извршено злосторството, имало пет луѓе: прво самиот Фјодор Павлович — но тој секако не се убил самиот, тоа е јасно; второ, неговиот слуга Григориј, но и него самиот за малку што не го убија; трето, жената на Григориј, слугинката Марфа Игнатјевна — но би било просто срамота неа да ја претставиме како убиец на својот господар. Пред нас остануваат уште двајца: обвинетиот и Смердјаков. Но бидејќи обвинетиот уверува дека не е тој убиецот, тогаш значи убиецот е Смердјаков, друг излез нема, зашто не може да се најде никој друг, не може да се создаде никаков друг убиец. Ете, значи, од каде произлезе „итрото“ и колосално обвинување против несреќниот идиот, кој вчера се самоуби! Просто оттука што никој друг не можел да се најде! Да имало барем сенка, барем само сомневање на некој друг, на какво и да е шесто лице, јас сум убеден, дека тогаш обвинетиот би се срамел да го посочува Смердјакова, ами би го покажал тоа шесто лице, сосем апсурдно е да се обвинува Смердјаков за тоа убиство.

Господа, да ја оставиме психологијата, да ја оставиме медицината, да ја оставиме дури и логиката и да се свртиме само кон фактите, единствено кон фак-

тите, и да видиме што ќе ни речат фактите. Смердјаков убил, но како? Дали самиот, или заедно со обвинетиот? Да го разгледаме првин првиот случај, тоест, дека Смердјаков убил сам. Се разбира, ако убил, тоа морало да биде поради нешто, поради некаква корист. Но, немајќи ни сенка од таквите побуди за убиство, какви што имаше обвинетиот, тоест омраза, љубомора и друго, Смердјаков природно, можел да убие само заради пари, да ги присвои трите илјади што ги видел кога господарот ги ставал во плик. И ете, откако решил, да убие, тоа му го соопштува на друго лице — и згора на тоа, на лице во најголема мера заинтересирано, на самиот обвинет — му ги соопштува сите околности во поглед на парите и знаците: каде стои пликот, што е напишано на него, во што е завиткан, и, што е најважно, најважно, го известува за „знаците", со кои може да се влезе кај господарот. Значи, тоа го прави просто за да се поткаже себеси или да најде соперник кој и самиот ќе посака да влезе и да дојде до пликот со парите? Да, ќе ни се рече, но тој зборуваше од страв. А како тоа? Зарем човек кој не трепнал ни со окото кога смислил толку дрско и sверско дело и после да го извршил — ги соопштува податоците што ги знае само тој во целиот свет, и за кој никогаш никој во целиот свет, немаше да се сети ако ги премолчел; не, без обзир колку бил страшлив, ако веќе смислил таква работа, не би му кажал за тоа никому, по никоја цена, барем не би кажувал за пликот и за знаците, зашто тоа би значело дека однапред се поткажува себеси. Тој, што било намерно би измислил, би лажел што било ако од него бездруго се барало известување, но тоа секако би го премолчел! Напротив, јас тоа го повторувам, ако тој премолчел само за парите, па убил и ги присвоел тие пари, тогаш никој во целиот свет не би можел да го обвини, барем не за убиство со намера за ограбување, зашто тие пари освен него не ги видел никој, никој не знаел дека постојат во куќата. А дури и кога би бил обвинет, секако, би се сметало дека убиството го извршил од некаква поинаква побуда. Но бидејќи таа поинаква побуда кај него претходно никој не ја забележил, на-

против, сите гледале дека него го сака господарот, дека е почестен со довербата на господарот, тогаш, се разбира, тој би бил последниот во кого би се посомневале, а би се посомневале побргу во некој кај кого би постоеле такви побуди, кој и самиот викал, дека има такви побуди, што не ги криел, ами ги кажувал пред сите, со еден збор би се посомневале во синот на убиениот, во Дмитриј Фјодорович. Смердјаков ќе убие и ограби, а синот ќе го прогласат за виновник — тоа би му одговарало на убиецот Смердјаков, нели? И ете, на тој син, Дмитриј, Смердјаков откако решил да убие, однапред му соопштува за парите, за пликот и за знаците — колку е логично, колку е јасно тоа!

„Доаѓа денот на смисленото убиство, а Смердјаков паѓа, се преправа дека има напад — зошто? Па, живи бога, пред сè, за слугата Григориј, кој реши да пристапи кон своето лекување, и кој виде дека нема кој да ја чува куќата, да го одложи лекувањето и да чува стража! Второ, се разбира, за господарот, откако ќе види дека никој не го чува, тогаш кога тој страшно се плаши од доаѓањето на синот, кое не го криеше, да ја удвои својата недоверливост и својата претпазливост. Најпосле, што е најважно, се разбира, него, Смердјакова, исцрпен од падавицата, веднаш да го пренесат од кујната, каде што секогаш спиеше одвоено од сите, и каде што имаше свој посебен влез и излез, на другиот крај од куќата, во собичката на Григориј, кај двајцата старци, зад преградата, три чекори од нивната постела, како што се случуваше секогаш штом ќе добиеше напад на падавица, по наредба на господарот, и чувствителната Марфа Игнатјевна. Таму, лежејќи зад преградата, тој најверојатно, за што подобро да се претстави како болен, ќе почне да јачка, тоест, да ги буди цела ноќ, како што и било, според сведочењето на Григориј и на жена му ,и сето тоа, сето тоа за што позгодно наеднаш да стане и да го убие господарот!

„Но можеби ќе ми се рече, тој се направил болен за во него како во болен да не се изразува сомневање, а на обвинетиот му кажал за парите и за знаците за овој да се полакоми и да дојде да го убие, а гле-

дате ли откога ќе го убие, ќе си ги земе парите и ќе излезе и притоа веројатно ќе направи врева, ќе се развика, ќе ги разбуди сведоците, тогаш, гледате ли, ќе стане и Смердјаков, и ќе оди, и — што ќе направи? Е, па ќе оди, всушност, по вторпат да го убие господарот, и по вторпат да ги земе веќе земените пари! Вие се смеете, господа? Мене, ми е срам и да правам вакви претпоставки, меѓутоа, претставете си, обвинетиот токму тоа и го тврди: по мене, вели, кога јас веќе си отидов од куќата, откако го соборив Григорија и направив врева, Смердјаков стана, отиде, го уби и го ограби. Да не зборувам за тоа како би можел Смердјаков сето тоа однапред да го пресмета и сè да знае однапред, како да гатал на грав, тоест дека налутениот и побеснет син ќе дојде само за учтиво да sирне низ прозорецот и макар што располагал со знаците, ќе се повлече оставајќи му го нему, на Смердјаков, својот плен! Господа, јас сериозно го поставувам прашањето: каде е моментот кога Смердјаков го извршил злосторството, покажете го тој момент, зашто без него не може да се обвинува.

„А можеби нападот на падавица бил вистински. Болниот наеднаш се разбудил, слушнал викотници, излегол — и што? Погледал, па си рекол себеси: ајде да одам да го убијам господарот! А како можел тој да дознае што се случило? Што станувало таму, па тој дотогаш лежел во бесвест. Впрочем, господа, и фантазиите секако треба да имаат граници.

„Добро — ќе речат проникливите луѓе, — а што ќе правиме ако тие двајца биле договорени, а што ќе правиме ако двајцата заеднички го извршиле убиството и си ги поделиле паричките, а, тогаш што?

„Да, навистина важно сомневање, и веднаш колосални докази што го поткрепуваат тоа сомневање, едниот убива, и целиот труд го зема врз себе, а другиот ортак се откалил, се преправил дека има напад на падавица — и само за да предизвика кај сите сомневање, вознемиреност кај господарот, вознемиреност кај Григориј. Интересно е, врз основа на какви побуди двајцата ортаци би моежле да измислат токму таков будалест план? А можеби тоа и не било активно

ортачење од страна на Смердјаков, туку, така да се каже, пасивно и страдалничко: можеби преплашениот Смердјаков сѐ согласил само да не го попречува убиството и, претчувствувајќи дека со сигурност него ќе го обвинуваат оти дозволил да му го убијат господарот — не викал, не се противел, а однапред измолил од Дмитриј Карамазов дозвола да го прележи тоа време божем во напад на падавица, „Ти таму убивај како што сакаш, а јас ни лук јал, ни лук мирисал". Но во таков случај, бидејќи падавицата би морала да направи тревога во куќата, Дмитриј Карамазов, предвидувајќи го тоа, сигурно не би можел да се согласи со таква спогодба. Јас, меѓутоа, дозволувам дека именно се согласил, но тогаш сепак би излегло дека убиец е Дмитриј Карамазов, вистинскиот убиец и иницијатор, а Смердјаков само пасивен учесник ,па дури ни соучесник, туку само што се согласил поради страв, и против волјата, судот тоа сигурно би го разбрал. А еве што гледаме? Обвинетиот само што е уапсен за миг се фрла врз Смердјакова, **само** него го обвинува: и тоа не го обвинува за соучество, туку само него: вели, самиот го направи тоа, тој го уби и ограби, тоа е дело на неговите раце! Но, какви се тие соучесници што веднаш почнуваат да зборуваат еден против друг — никогаш не се случува така. И обрнете внимание, каков ризик за Карамазов: тој е главен убиец, а овој другиов не е главен, овој другиов само дозволил, а сето време го прележал зад преградата, но, убиецот, сѐ натоварува врз оној што лежел. Но тој што лежел можел да с налути, и заради своја самоодбрана, можел што побрзо да ја објави вистината, можел да рече: двајцата учествувавме, но јас не убив, јас дозволив и се согласив од страв. Тој, Смердјаков, можел да сфати дека судот веднаш ќе го уочи степенот на неговата вина, па, значи, можел да пресмета: ако го казнат, ќе го казнат многу помалку отколку главниот убиец, кој сакал сѐ да фрли врз него. Се разбира, тогаш и не сакајќи би направил признание. Но ние тоа не го видовме! Смердјаков не рече ни збор за соучество, иако убиецот упорно го обвинува и цело време го посочува него како единствен убиец. Но не само

тоа: Смердјаков откри при испитувањето дека за пликот со парите и за знаците, **самиот тој** му кажал на обвинетиот и дека без него овој не би дознал ништо. Ако тој навистина бил соучесник и виновник, зарем тоа толку лесно ќе го признаеше при распитот, тоест дека токму тој сè му кажал на обвинетиот? Напротив, тој постојано би се извлекувал и сигурно би ги извртувал фактите и би го намалувал нивното значење. Но тој не извртуваше, не намалуваше. Така може да постапи само оној што е невин, што не се плаши дека ќе биде обвинет за соучество. И тогаш по напад на болна меланхолија поради својата падавица и од таа бурна катастрофа, тој вчера се обеси. Остави писменце, напишано со оригинален стил: „Се уништувам себеси, по своја волја и желба, никој да не се обвинува". А зошто не би можел да додаде во писменцето, јас сум убиецот, а не Карамазов. Но не го додаде тоа. За едното имал доволно совест, а за другото не?

А понатаму: пред малку овде во судов се донесуваат пари, три илјади рубли — „истите оние, вели, што стоеја, еве, во пликов што е овде на масава заедно со другите материјални доказни средства — ги добил, вели, вчера од Смердјаков". Вие, господа поротници, и самите се сеќавате за неодамнешната тажна слика. Нема да повторувам подробности ,ќе си дозволам само да направам две-три напомени, одбирајќи ги од најнезначајните токму затоа што се незначајни, па значи за нив нема секој ни да се сети. Пред сè, и пак: Смердјаков поради гризење на совеста ги дал вчера парите, и се обесил. (Зашто без гризење на совеста тој парите не би ги вратил). И ако дури синоќа првпат признал, пред Иван Карамазов, за своето злосторство, како што ни соопшти Иван, зошто тој би молчел досега? И така, тој призна, а зошто — повторувам — во посмртното писменце не ни ја кажал сета вистина, знаејќи дека утре за невино обвинетиот е страшниот суд? Зашто самите пари не се доказ. Мене, на пример, и на уште две лица во оваа сала, сосем случајно уште пред една недела ми стана познат еден факт, имено дека Иван Фјодорович Карамазов испра-

тил во губернискиот град да му се разменат две петпроцентни обврзници од по пет илјади, значи вкупно десет илјади. Јас зборувам само затоа што кога ќе затреба секој може да најде пари, и дека со донесените три илјади уште не се докажува дека, еве, овие се парите од фијоката или од пликот. Најпосле, Иван Карамазов, откако вчера добил толку важно соопштение од вистинскиот убиец, останал мирен. А зошто тој не јавил за тоа веднаш, во истиот час? Зошто одложил за утредента? Сметам дека имам право да се досетувам зошто. Веќе една недела неговото здравје е растроено, а самиот му призна на докторот и на својата поблиска околина дека гледа привиденија, дека гледа умрени луѓе, и токму спроти температурата што денеска и го совлада, тој дознава одненадеж за смртта на Смердјаков, и наеднаш вака почнува да умува: „Човекот е мртов, него можам да го набедам, а брат ми ќе го спасам. Пари имам, ќе земам едно снопче, и ќе речам дека ми го даде Смердјаков пред да умре". Вие ќе речете: „Тоа е нечесно. Тој, вистина, е мртов, но сепак не е чесно да се лаже за тој човек дури и заради спасувањето на братот!" Така е, но што ќе правиме ако Иван излагал несвесно, ако си вообразил дека токму така било, бидејќи сосем го изгубил разумот кога слушнал за ненадејната смрт на слугата? Зашто, вие ја видовте неодамнешната глетка, видовте во каква состојба беше тој човек. Тој стоеше на нозе и зборуваше, но каде беше неговиот ум? Веднаш по сведочењето на болниот човек, дојде документ, писмо од обвинетиот до госпоѓицата Верховцева, што го напишал два дена пред злосторството, со подробен план за злосторството, подготвено однапред. И зошто уште го бараме планот и неговите составувачи? Точно по тој план е извршено сè, и извршителот е не некој друг туку неговиот составувач. Да, господа, поротници „извршено е како што е напишано!" Ние не избегавме откај прозорецот на татко ни од почит и од страв, иако цврсто бевме убедени дека кај него е нашата сакана. Не, тоа е бесмислено, и не прилега на вистина. Ами тој влегол и го извршил делото. По сè изгледа, го убил во бес, разлутен штом го по-

гледнал својот злосторник и соперник, но убивајќи, кое го направил можеби наеднаш, со едно замавнување на раката, вооружен со бакарен толчник, и после убеден, откако извршил подробен преглед, дека таа не е тука — не заборавил да ја пикне раката под перницата и да го извади пликот со парите, чија искината обвивка лежи сега овде на масава со материјалните доказни средства. Јас го велам ова, за да сфатите една околност, која според моето мислење, е многу карактеристична. Ако се работело за искусен убиец, а особено убиец чија единствена цел била да ограби — зарем би го оставил пликот на подот, така како што е најден покрај мртвото тело? Да бил, тоа, на пример, Смердјаков, кој би убил заради ограбување — тој просто би си го зел и пликот со себе, не трудејќи се ни најмалку да го отвори покрај трупот на својата жртва, бидејќи многу добро знаел дека во пликот има пари, — кои пред него биле и спакувани, и запечатени — а да си го земел пликот, немаше да се знае воопшто дека е во прашање ограбување. Ве прашувам, господа поротници, дали би постапил така Смердјаков, дали тој би го оставил пликот на подот? Не, така морал да постапи занесениот убиец кој веќе не бил во состојба да мисли трезвено, убиец кој не е крадец и кој никогаш ништо дотогаш не украл, и кој и сега парите од под перница ги извлекол не како крадец, ами како човек кој си зема нешто свое откај крадец што му го украл нему — токму такви биле мислите на Дмитриј Карамазов за тие три илјади ,мисли што минале во манија. Значи, откако го зграпчил пликот, што порано воопшто не го имал видено, тој ја кине обвивката, за да се увери дали има во него пари, и тогаш бега со парите во џебот, не помислувајќи дека на подот, со искинатиот плик, го остава најтешкото обвинување против себеси; сето тоа е затоа што Карамазов, а не Смердјаков, не мислел, не се сетил, а и како да се сети! Тој бега, го слуша викањето за помош на слугата кој го пристигнува, слугата кој го фаќа, го задржува но паѓа соборен од толчникот од аванот. Обвинетиот скокнува кон него од сожалување, претставете си, тој наеднаш нè уверува дека скокнал кон него од

сожалување, од соучество, за да види дали може со нешто да му помогне. — Дали е тоа момент за да се искажува сожалување? Не, тој скокнал само за да се увери дали е жив единствениот сведок на неговото злосторство. Секое друго чувство, секој друг мотив би биле неприродни. Обрнете внимание, тој се труди околу Григориј, му ја брише главата со шамиче, и откако се уверува дека стариот е мртов, како изгубен, целиот окрвавен пак отрчува таму, во куќата на својата сакана! А зошто не му ни текнува дека целиот е во крв, и дека веднаш ќе се види оти е тој виновникот? Обвинетиот нè уверува дека тој не обрнал внимание на тоа оти целиот е во крв. И во тоа може да му се верува, тоа е многу можно, тоа секогаш им се случува на злосторниците во таквите моменти. За едно — пеколна пресметка, а за друго — недостиг на досетливост. Но во тој момент мислел само за тоа каде е **таа.** Нему му е потребно што побрзо да дознае каде е таа, и затоа отрчува во нејзиниот стан и дознава неочекувано, за него најколосална вест: таа се одвезла во Мокрое, кај својот „поранешен," „неоспорен".

IX

Психологија под полна пара. Тројка што јури како споулавена. Крај на говорот на обвинителот

Откако дојде до тој момент на својот говор, Иполит Кирилович, кој очигледно го имаше избрано строго историскиот метод на излагање, со кој на драго срце се служат сите нервозни говорници, што бараат строго определени рамки, за да го задржуваат своето нестрпливо одушевување — Иполит Кирилович посебно се задржа на „поранешниот" и „неоспорниот", и за таа тема искажа неколку интересни мисли. Карамазов, кој на сè е љубоморен до беснило, одеднаш како да паѓа и исчезнува пред „поранешниот" и „неоспорниот". А тоа е дотолку почудно што тој дотогаш речиси воопшто не обрнува внимание на таа нова опасност за себе, која се приближува во лицето на

неочекуваниот соперник. Но тој си замислува дека тоа е уште многу далеку, а Карамазов секогаш живее само во сегашниов момент. По сè изгледа, соперникот тој го сметал за измислица. Но кога во еден момент, сфаќа со своето болно срце дека оваа жена го криела новиот соперник, и дека Карамазова го лажела, дека новодојдениот соперник за неа воопшто не бил фантазија, ниту измислица, туку сè, сета нејзина надеж во животот, — кога го сфатил тоа тој во еден момент се смирил.

И ете, господа поротници, јас не можам да минам молкома преку ненадејната црта во душата на обвинетиот, која би се рекло, тој можеби воопшто не бил способен да ја изрази — но, ете, наеднаш покажува неумолива потреба од вистина, потреба од почит спрема жената, потреба од признавање на правото на нејзиното срце, и тоа кога, — во моментот кога токму поради неа си ги раскрвавил рацете со крвта на својот татко! Вистина е и тоа, дека пролеаната крв во тој момент веќе почнала да ја бара својата одмазда, зашто погубувајќи ја својата душа, и сета своја земска судбина, тој и без да сфати морал да почувствува и во тој момент да се праша: „Што значи, и што може да значи тој за неа сега, за тоа суштество што го сака повеќе од својата душа — ако се спореди со „поранешниот“ и „неоспорниот“, кој се покајал, и се вратил кај жената што некогаш ја запустил — со нова љубов, со чесни намери, ветувајќи и прероден и среќен живот. А тој, кутриот, што ѝ дава сега тој, што може да ѝ предложи? Карамазов сето тоа го сфатил, сфатил дека злосторството му ги затворило сите патишта и дека е само еден злосторник осуден на смрт, а не човек што треба да живее! Таа мисла го здробила и го уништила. И, ете, тој најпрвин се задржува на еден улав план, кој, со оглед неговата карамазовска нарав морало да му се стори како единствен, фатален излез од неговата страшна положба. Тој излез е самоубиството. Тој трча да ги земе своите пиштоли, што ги заложил кај чиновникот Перхотин и во исто време, патем, ги вади од џебот сите пари поради кои штотуку ги извалка рацете со крвта на татка си. О, па-

рите сега му се попотребни од сè: Карамазов умира, Карамазов се убива, и тоа ќе се памети! Ние не сме случаен поет, ние не горевме целиот свој живот случајно како свеќа на обата краја! „Кај неа, кај неа — а таму, о, таму ќе приредам бучна веселба, таква каква што досега немало, за да се памети и долго време да се раскажува!“ Во екот од диви извици, страсни цигански песни и игри, ќе го дигнеме пехарот, и ќе ѝ честитаме на обожаваната жена за нејзината нова среќа, а после — веднаш тука, — покрај нејзините нозе, ќе си го здробиме черепот и ќе си го уништиме животот. „Таа некогаш ќе се сети за Митја Карамазов, ќе сфати колку ја сакал Митја, ќе ѝ биде жал за Митја!“ Многу сликовито, романтична претераност, дива Карамазовска незаузданост или сентименталност — но, и нешто друго, господа поротници, нешто што вика во душата, непрестајно чука во мозокот и го труе неговото срце, така што веќе сака да умре — тоа **нешто** е совеста, господа поротници, тоа е судот на совеста, страшното движење на совеста. Но пиштолот ќе го намири сето тоа, пиштолот е единствениот излез, и нема друг, а после — не знам дали мислел во тој момент Карамазов за тоа, **„што ќе биде после“**, и дали може Карамазов хамлетовски да мисли за тоа што ќе биде после. Не, господа поротници, оние онаму имаат хамлетовци, а ние засега карамазовци!

Тука Иполит Кирилович разви најподробна слика за подготвувањето на Митја, сцената кај Перхотин, во бакалницата, со коларите. Тој, приведе маса зборови, изреки, гестови, и сè потврдено од сведоците, и таа слика многу влијаеше врз слушателите. А најмногу влијаеше целокупноста на фактите. Вината на тој улаво-збунет човек, кој сосем престанал да се чува, се наметнуваше незадржливо. „Тој веќе немало зошто да се чува — велеше Иполит Кирилович — два-три пати за малку што не признал сè, навестуваше и веќе само што не изговори докрај сè (тука обвинителот ги приведе исказите на сведоците). Дури и на коларот патем му викнал: „Знаеш ли ти дека возиш убиец!“ Но сепак, не смеел да каже сè докрај: требало прво да се стигне во селото Мокрое, па таму да

се заврши поемата. Но, што го очекува таму кутриот? Тој речиси уште од првиот момент во Мокрое гледа, и најпосле наполно сфаќа дека неговиот „неоспорен“ соперник, божем, не е толку неоспорен, и дека честитањата за новата среќа и пехарот со здравицата, од него не ги сакаат и не ги примаат. Но господа поротници, вие веќе ги знаете фактите, според судската истрага. Победата на Карамазов над соперникот е целосна. И тогаш — тогаш почнува сосем нова фаза во неговата душа, и најстрашната фаза од сите што ги доживеал, и што ќе ги преживее некогаш таа душа! Господа поротници, навистина може да се каже — викна Иполит Кирилович — дека посрамената природа и злосторничкото срце се одмаздиле посилно од секој земски суд. И не само тоа: судот и земската казна дури ја олеснуваат казната на природата, тие во душата на претстапникот дури му се неопходни во тие моменти, како спас од очајот, зашто јас не можам да си ги замислам ужасот и моралните страдања на Карамазов кога дознал дека таа го сака, дека поради него го отфрла својот „поранешен“ и „неоспорен“ и дека него, „Митја“, го вика во нов живот, му ветува среќа, и тоа кога, кога за него веќе беше свршено сè и кога веќе ништо не беше можно! Ќе направам патем за нас една многу важна напомена, заради разјаснување на вистинската суштина на тогашната положба на обвинетиот. Таа жена, таа негова љубов, сè до последниот момент, сè до моментот на апсењето, за него постоела како недостапно суштество, страсно сакано, но недостапно. Но зошто, зошто, значи, не се убил веднаш, зошто ја оставил готовата намера, па дури и заборавил каде му стои пиштолот? Токму таа страсна жед за љубов и надежта дека тогаш, тогаш ќе ја задоволи — тоа го задржало. Во занесот од веселбата тој се прилепил до својата сакана, што пијанчела заедно со него, и која му се сторила поубава и позанесна отколку порано — тој не се тргнувал откај неа, ја посматрал со уживање, се губел пред неа. Таа страсна жед, за момент можела да го потисне не само стравот од затворот, туку и самото гризење на совеста! За момент, о, само за момент! Јас си ја замислувам тогаш-

ната состојба на злосторникот во неоспорната ропска потчинетост спрема трите елементи што сосем му ја притискале душата. Прво, пијаната состојба, вревата и урнебесот, тупкањето на играчите, извиците и песните ,и таа ,таа, зцрвенета од виното, како пее и игра, и пијана му се смешка нему! Второ, далечната фантазија што го охрабрувала дека кобниот расплет уште е далеку, барем дека не е блиску — можеби дури утре, дури изутрина ако дојдат и го уапсат. Значи, уште неколку часа, а тоа е многу, страшно многу! За неколку часа може да се смислат многу нешта. Јас си замислувам дека во него се одигрувало нешто слично на она како кај злосторникот што го водат на извршување на смртна казна, на бесилка: има да се мине уште една долга, долга улица, и тоа полека, покрај илјадници луѓе, потоа ќе се скршне во друга улица и дури на крајот од таа улица е страшниот плоштад! Мене ми се чини, на почетокот од одењето, осудениот, седејќи на својата страшна кола, мора да чувствува дека пред него се наоѓа уште бесконечен живот. Но ете, куќите сепак не стојат на едно место, колата непрестајно оди напред — о, ништо, до свиокот во другата улица, уште е далеку, и тој непрестајно бодро гледа десно и лево, во илјадниците рамнодушно љубопитни луѓе што ги управиле во него своите погледи, и нему сè уште му се чини дека тој е ист човек како нив. Но, ете се скршнува во другата улица. О, ништо, ништо, уште една цела улица. И без обзир колку куќи поминуваат, тој постојано мисли: „Има уште многу куќи“. И така сè до крајот, сè до плоштадот. Јас така си замислувам дека било тогаш и со Карамазов. „Уште не се стигнати таму — си мисли тој, — уште ќе може нешто да се најде, о, уште има време, да се направи некаков план за одбрана, да се смисли отпор, а сега, сега — сега таа е прекрасна! Во неговата душа е матно и страшно. Но тој сепак успева да ги одвои половината пари настрана, и некаде да ги скрие — инаку не можам да си објаснам каде можело да исчезне другата половина од трите илјади кои штотуку ги беше зел од под перницата на татка си. Тој не е првпат во Мокрое, таму тој еднаш веќе се забавувал два дена и две но-

ќи, нему му е позната таа стара, голема дрвена куќа, со сите визби и чардаци. Јас, всушност, мислам дека еден дел од парите е скриен тогаш, токму во таа куќа, кратко време пред апсењето, во некаква дупка, во некаква пукнатина, некаде во подот, некаде во некој агол, пон покривот — зошто? Како зошто? Катастрофата може да се случи во еден момент, се разбира, ние уште не сме смислиле како да ја пречекаме, а немаме ни кога, а освен тоа, главата ни чука, и, нè влече кон неа а парите, парите се потребни за секој случај! Човекот со пари секаде е човек... Можеби вам, таквата пресметливост во таков момент ќе ви се стори неприродна, Но, ете, тој самиот уверува дека уште еден месец пред тоа, во еден пак многу возбудлив и за него кобен момент, одвоил половина од три илјади, и тоа го сошил во ќесе, и макар што тоа, се разбира не е вистина, — кое веднаш и ќе го докажеме, — сепак таа идеја на Карамазов му е позната, тој ја имал на ум. И не само тоа, ами после кога го уверуваше иследникот дека одвоил илјада и пол во ќесе (кое никогаш не постоело) тој можеби го измислил ќесето веднаш токму затоа што два часа пред тоа ги одвоил половината пари и ги скрил некаде таму во Мокрое, за секој случај, до утредента, само за да не ги чува кај себе, — по инспирација што му дошла од ненадеж. Две бездни, господа поротници, сетете се дека Карамазов беше способен да гледа две бездни, и обете наеднаш. Ние баравме во куќата, но не најдовме. Тие пари можеби и сега се таму, а можеби исчезнале утредента и сега се наоѓаат кај обвинетиот. Во секој случај, тој е уапсен покрај неа, кога клечеше пред неа, а таа лежеше в постола, а тој ги протегаше кон неа рацете, и толку се имаше заборавено во тој момент што не го слушна ни доаѓањето на оние што ќе го уапсат. Уште немаше приготвено ништо во својот разум како одговор. И тој и разумот беа фатени одненадеж.

И еве сега, тој е пред своите судии, пред оние што ја решáваат неговата судбина. Господа поротници, има моменти кога, вршејќи ја својата должност, и нам ни е страшно пред човекот, и страшно за човекот! Тоа

се моментите на посматрање на инстиктивниот страв кога злосторникот веќе гледа дека е пропаднато сè, но сè уште се бори, уште сака да се бори со вас. Тоа се моментите кога сите инстикти на самоодржувањето се будат во него наеднаш, и тој, спасувајќи се, гледа во вас со продорен поглед, прашален и страдалнички, ве лови и ве проучува, вас, вашето лице, вашите мисли, дури и тоа од која страна ќе го нападнете и во својот потресен ум создава илјадници планови, но сепак се плаши да зборува, се плаши да не каже нешто што не треба! Тие понижувачки моменти на човечката душа, тоа нејзино одење по маките, таа инстинктивна жедост за своето спасување, се ужасни и понекогаш предизвикуваат треперење и сожалување спрема злосторникот, дури и кај иследникот. Тогаш ние го видовме сето тоа. Отпрвин тој беше вчудовиден, и од страв му се откинаа неколку збора што многу компромитираат: „Крв! Сум заслужил!“ Но тој брзо се совлада. Што да каже, како да одговори — сето тоа кај него уште не е подготвено, но подготвено е голото одречување: „Не сум виновен за смртта на татка ми!“ Ете, тоа беше отпрвин нашата ограда, а после, зад оградата, можеби ќе дотераме уште нешто, некаква барикада. Првите извици што го компромитираа, и не чекајќи ги нашите прашања тој побрза да ги објасни, со тоа што се смета за виновен само за смртта на слугата Григориј. „За таа крв јас сум виновен, но кој го уби татка ми, господа, кој го уби него? Кој можел да го убие, **ако не сум го убил јас?**“ Го слушате ил вие тоа: тој нè прашува нас, нас што дојдовме нему да му го поставиме тоа прашање! Ги слушате ли вие тие зборови, што истрчуваат напред: „Ако не сум јас“, таа инстинктивна итрост, таа наивност и таа карамазовска нестрпливост? Јас не го убив, немојте ни да помислите дека сум го убил јас: „Господа, сакав да го убијам, сакав“, признава набрзина (многу му се брза ,о многу му се брза!) „но сепак не сум виновен, и не го убив!“ Тој ни прави отстапка, сакал да го убие, гледате ли, вели, колку сум искрен, та дотолку побргу верувајте ми дека не го убив. О, во таквите ситуации злосторникот станува понекогаш

неверојатно лесномислен и лесноверен. И тогаш, сосем ненадејно, истрагата наеднаш му поставува најспростодушно прашање: „А да не го убил Смердјаков?“ Се случи она што го очекувавме; тој многу се налути дека го испреваривме, дека одненадеж го фативме уште неподготвен, што уште не го имаше избрано и упатено оној момент кога би било најверојатно да го посочи Смердјакова. Согласно со својата природа, тој веднаш скршна во крајност, и со сета сила почна да нѐ уверува дека Смердјаков не можел да го убие татко му, дека тој не бил способен да убие. Но ,не верувајте му, тоа е само негова итрост: тој воопшто не го исклучува Смердјакова, напротив, тој уште ќе го истакне, а кого ќе го истакне ако не него, но тоа ќе го стори во друг момент, зашто засега таа работа е промашена. Тој ќе го истакне можеби дури утре или по неколку дена, наоѓајќи момент во кој самиот ќе ни викне: „Видете, јас го исклучував Смердјакова повеќе од вас, вие се сеќавате за тоа ,но сега се убедив: тој е убиецот, а како може да не биде!“ Меѓутоа, тој паѓа во мрачно и зајадливо одречување, но нестрпливоста и гневот му го шепотат многу невештото и невистинито објаснување: дека гледал низ прозорецот на татка си, и дека со почит си заминал откај прозорецот. Што е најважно, тој тогаш уште не ги знаеше околностите, не ја знаеше тежината на сведочењето на Григориј, кој се освести. Тогаш пристапивме кон преглед и претрес. Прегледот го лути, но и го оправдува: не се најдени сите три илјади, најдени се само илјада и петстотини. И, се разбира, во тој момент на молчење и одречување, во лутината првпат во главата му изникнува идејата за ќесето. Без сомневање, тој и самиот ја чувствува сета неверојатност на таа измислица и се мачи, многу се мачи како да ја направи веројатна, да измисли така што да излезе цел веродостоен роман. Во таквите случаи, прва работа и најважна задача на иследувањето е: да не му се даде на виновникот можност да се подготви, да биде поклопен одненадеж, за да ги искаже своите најскриени идеи во сета простодушност, невистинитост и противречност. А злосторникот можеш да го натераш да

зборува само ако наеднаш, одненадеж му соопштиш некаков нов факт, некаква околност на делото што по своето значење е колосална, но која тој досега не ја претпоставувал и воопшто не можел да ја уочи. Ние ја имавме приготвено таа околност, о, одамна приготвено: тоа е исказот на слугата Григорија за отворената врата, од која истрчал обвинетиот. За таа врата виновникот сосем заборавил, а не ни помислувал за тоа дека неа Григориј можел да ја види. Ефектот беше огромен. Тој скокна и наеднаш ми викна: „Смердјаков е убиецот, Смердјаков!“ — па така ја искажа својата најскриена, својата основна мисла, во нејзината најневистинита форма, зашто Смердјаков можел да убие дури откако обвинетиот го соборил Григорија и избегал. А кога ние му соопштивме дека Григориј видел оти е отворена вратата уште пред да падне ,и дека кога излегувал од својата соба го слушнал офкањето на Смердјаков зад преградата — Карамазов беше навистина здробен. Мојот соработник, нашиот почитуван и остроумен Николај Парфенович после ни кажуваше дека во тој момент толку му било жал што сакал да заплаче. И, ете, сега, во тој час — за да ја поправи работата — тој брза да ни каже за фамозното ќесе: штом не може поинаку, слушнете ја и таа приказна! — вели тој — господа поротници, јас веќе ги искажав моите мисли за тоа, зошто измислицата за парите што пред еден месец биле зашиени во ќесе ја сметам не само за бесмислена, туку и за најневеројатна измислица што воопшто можела да се најде во оваа ситуација. Дури и да се обложиме: на прашањето што можело да се каже и да се замисли поневеројатно од тоа — дури ни тогаш не би можело да се измисли нешто полошо од тоа. Во таквите случаи, можеме да го збуниме и да го претвориме во прав и триумфалниот романсиер токму со оние подробности со кои стварноста е секогаш толку богата, спрема кои, како спрема сосем неважни ситници, кутрите несреќни составувачи се однесуваат со пренебрегнување и за кои дури воопшто не се сеќаваат. За нив тоа не е важно, нивниот ум создава само грандиозна целост — а некој се осмелува да предлага такви ситници! Ете,

на тоа се фаќаат тие! На обвинетиот му го поставуваат прашањето: добро, а каде повелавте да земете материјал за вашето ќесе, кој ви го соши? Самиот го сошив. А каде повелавте да земете платно? Обвинетиот сега веќе се наоѓа навреден, тој тоа го смета за ситница што го навредува. И, верувајте, искрено го смета, искрено! И такви се сите тие. Од кошулата скинав. Многу убаво. Значи, ние утре меѓу вашите облеки ќе ја пронајдеме кошулата на која ѝ недостига скинатото парче. И претставете си, господа поротници, ако сега навистина се најде таа кошула (а како да не ја најдеме во неговиот куфер, или во орманот, ако таква кошула навистина постоела) — тогаш тоа би било факт, опиплив факт во прилог на вистинитоста на неговите искази. Но тој не може да го сфати тоа. Не се сеќавам, можеби и не беше од кошулата, можеби го сошив од капчето на газдарицата, — вели тој. Какво капче? Од неа го зедов, таму некаде се меткаше, стара платнена крпа. И вие добро се сеќавате за тоа? Не, не се сеќавам сосем добро... И се лути, се лути, а, меѓутоа, помислете си: како може да не се сеќава за такво нешто... Во најстрашните човечки моменти — да речеме кога го водат човека на бесилка — па токму такви ситници се запаметуваат. Се ќе заборави, но некаков зелен куќен покрив, што го видел за момент патем, или чавка на црковната камбанарија, — тоа ќе го запамети. Тој, додека го шиел своето ќесе, се криел од своиет домашни, тој би морал да се сеќава како се мачел плашејќи се, понижувајќи се себеси со игла во раката, да не му влезат во собата и да не го затекнат така, како при најмал шум скокнувал и отрчувал зад преградата (во неговиот стан има преграда)... — Но, господа поротници, зошто ви го раскажувам сето тоа, сите тие подробности, ситници — наеднаш викна Иполит Кирилович. Па ете затоа што обвинетиот упорно останува при таа бесмислица, сè до овој момент! Во овие два месеца, од ноќта што беше кобна за него до денеска, тој не објасни ништо, не додаде ни една реална околност кон своите поранешни фантастични искази, сето тоа се ситници, вели тој, — а вие мене верувајте ми на збор!

О, ние би сакале да веруваме, ние копнееме по тоа да веруваме, макар и на чесен збор! Па не сме ние чакали што се жедни за човечка крв! Добро, покажете ни барем еден факт во корист на обвинетиот, и ние ќе се зарадуваме — но очигледен, реален факт, а не заклучокот што го изведува неговиот брат врз основа на изразот на лицето на обвинетиот, или укажувањето на тоа дека тој кога се тупал по градите, сигурно го покажувал ќесето, и тоа уште во темница. Нас ќе нè зарадува новиот факт, ние први ќе се откажеме од своето обвинение, ние ќе побрзаме да се откажеме од него. А вака, правдата моли, и ние упорно остануваме при своето, и од ништо не можеме да се откажеме". Иполит Кирилович сега мина на финалето. Како да имаше треска, бараше правда поради пролеаната крв, крвта на таткото што го убил син му „со ниска намера да го ограби". Решително укажуваше на трагичниот и непобитен сплет на фактите. „И без обзир што ќе слушнеме од бранителот на обвинетиот, кој е прочуен поради својот талент (не се воздржа Иполит Кирилович), без обзир какви убави и трогателни зборови ќе одекнат во оваа сала, што ќе удрат по вашата чувствителност, сетете се дека во овој момент се наоѓате во храмот на нашето правосудство. Сетете се дека вие сте заштитници на нашата правда, заштитници на нашата света Русија, на нејзините основи, на нејзиното семејство, на сè нејзино свето! Да, вие овде ја претставувате Русија, во даденио момент, и вашата пресуда, нема да одекне само во оваа сала, ами по цела Русија, и цела Русија ќе ве ислуша како свои заштитници и судии и од вашата пресуда ќе биде охрабрена или потиштена. Значи, не мачете ја Русија и нејзините надежи, нашата судбоносна тројка јури стрмоглаво и можеби во бездна. Во цела Русија одамна веќе ги подаваат рацете и викаат да се запре улавата, вратоломна трка. И ако другите народи сè уште ѝ се тргаат настрана од патот на тројката што јури како улава, можеби тоа и не е само од почит спрема неа, како што сакал поетот, ами просто од ужас — имајте го на ум тоа. Од ужас, а можеби и од омраза спрема неа, и добро е што уште ѝ се тргаат од патот,

но богами, еден ден ќе престанат да ѝ се тргаат, па ќе застанат како цврст ѕид пред тоа привидение што јури споулавено, и ќе ја запрат лудачката трка на нашата разузданост, заради својот сопствен спас, заради спасот на просветата и цивилизацијата! Тие немирни гласови од Европа ние веќе ги слушаме. Тие веќе почнуваат да одекнуваат. Не доведувајте ги во искушение, не зголемувајте ја нивната сè поголема омраза со пресуда, што би го оправдала убиството на татково извршено од страна на неговиот роден син! . . .“

Со еден збор, Иполит Кирилович, иако многу се одушеви, заврши патетично. И навистина, впечатокот што го остави беше извонреден. Самиот тој, откако го заврши говорот, брзо излезе и, повторувам, речиси падна во несвест во другата соба. Салата не му аплаудираше, но сериозните луѓе беа задоволни. Само дамите не беа многу задоволни, но и ним им се допадна говорничката вештина, дотолку повеќе што тие ни најмалку не се плашеа за последиците и сè очекуваа од Фетјукович: „Најпосле ќе зборува и тој, и се разбира, ќе ги победи сите!“ Сите погледнуваа кон Митја; за време на говорот на државниот обвинител, тој стоеше простум молчејќи ,со стегнати раце, стиснати заби, со наведнат поглед. Одвреме-навреме, ја подигаше главата и слушаше внимателно. Особено кога се зборуваше за Грушенка. Кога државниот обвинител го соопшти мислењето на Ракитин за неа, на лицето на Митја се појави презрива и злобна насмевка, и тој доста гласно проговори: „Бернари!“ А кога Иполит Кирилович кажуваше како го распитувал и го мачел во Мокрое, Митја ја подигна главата и слушаше многу љубопитно. На едно место од говорот тој со презир собра раменици. За крајот на говорот, а особено за подвизите на обвинителот во Мокрое, при сослушувањето на злосторникот, кај нас после се слушаа различни озборувања а на Иполит Кирилович му се подбиваа: „Не издржа човекот — велеа, — мораше да се пофали со своите способности“. Заседанието беше прекинато, но за многу кратко време, четврт час,

најмногу дваесет минути. Кај публиката се слушаа разговори и извици. Некои запаметив:

— Сериозен говор! — намуртено забележи некаков господин во една група.

— Многу ја дробеше психологијата — се слушна друг глас.

— Ама сè е вистина, непобитна вистина.

— Да, тој е мајстор во тие работи.

— Направи пресметка.

— И со нас, и со нас се пресмета — се придружи трет глас — се сеќавате ли како рече во почетокот на говорот дека сите сме како Фјодор Павлович.

— А на крајот, исто така. Но тоа не е вистина.

— А имаше и нејасни места.

— Малку се занесе.

— Неправедно, неправедно.

— Ама немојте, сепак е вешто. Многу чекаше човекот, и сега кажа сè, хе, хе!

— А што ли ќе каже бранителот?

Во друга група:

— А оној од Петербург не требаше да го задева. се сеќавате ли како рече: „Што удираат на чувствителноста,“

— Да, тоа не му излезе згодно.

— Побрза.

— Нервозен човек.

— Но, ние се смееме, а како му е на обвинетиот?

— Да. Како му е на Митјенка?

— Интересно е да видиме што ќе каже бранителот.

— Во трета група:

— Која е онаа дама со лорнет, дебелкана, што седи на крајон?

— Таа е генералица, разведена е, ја познавам.

— Да, да, со лорнетот.

— Цган.

— Богами не е, многу е пикантна.

— Онаа третана до неа, русокосана, е поубава.

— Ама вешто го фатиле тогаш во Мокрое, нели?

— Вешто е, вешто. Затоа тој, повторно сè и раскажа. А сето тоа веќе многупати го кажувал овде по куќиве.

— Па и сега не издржа! Самољубие!

— Навреден човек, хе, хе!

— И навредува. Туку имаше и многу реторика, долги реченици.

— А и заплашува, дали обрнавте внимание, сите нè заплашува. Се сеќавате ли за тројката? „Таму има хамлетовци, а кај нас засега уште само карамазовци!“ Тоа му е згодно.

— Тука малку темјан му покади на либерализмот. Се плаши!

— Се плаши и од адвокатите.

— Да, а што ќе каже господин Фетјукович?

— Их, што и да каже, нема да ги омекне нашите селани.

— Мислите?

Во четврта група:

— А добро му е тоа за тројката, местото каде што зборуваше за народите.

— Па така е. Се сеќаваш ли кога рече дека народите нема да чекаат?

— А што тоа?

— Па во англискиот парламент еден пратеник минатата недела станал поради нихилистите и го прашал министерството дали не е веќе време да ја стегнат таа варварска нација, да нè образоваат. Иполит за него зборуваше, знам јас. И минатата недела зборуваше за тоа.

— И тоа ќе биде, на куков ден!

— Како ќе биде? Зошто на куков ден?

— А ние ќе го затвориме Кронштат, па нема да им даваме жито! Каде ќе набавуваат?

— А во Америка? Сега во Америка.

— Лажеш!

Зазвони ѕвончето, сите побрзаа да си ги заземат местата. Фетјукович се качи на говорницата.

X

Говорот на бранителот. Стап со два краја

Сѐ стивна кога одекнаа првите зборови на познатиот говорник. Сета сала ги впи очите во него. Започна необично отворено, просто и убедено, без најмала надуеност. Ни најмал обид да биде красноречив или патетичен, без зборови од кои избива чувство. Тој беше човек кој како да почнал да зборува во интимен круг, меѓу луѓе што го разбираат. Гласот му беше прекрасен, и звучен и пријатен, и во тој глас како да се почувствува нешто искрено и простодушно. Но веднаш на сите им стана јасно дека говорникот наеднаш може да се издигне до вистински патетичното и „да удри по срцата со нечуена сила". Можеби зборуваше понеправилно од Иполит Кирилович, но без долги реченици и поточно. Само едно не им се допадна на дамите: постојано некако се веднеше надолу, особено во почетокот на говорот, не како да се клања туку како да се стреми да летне кон своите слушатели, при кое така ја свиткуваше половината на својот грб како во средината на тој долг и тесен грб да имаше наместено шарка, па поради тоа тој можеше да се свиткува под прав агол. Отпрвин зборуваше некако расфрлано, како без систем, грабејќи ги фактите патем, но на крајот на краиштата сето тоа излезе целост. Неговиот говор можеше да се подели на две половини: првата половина, беше критика, побивање на обвинението, понекојпат злобно и зајадливо. Но во втората половина на говорот, тој како ненадејно да го измени и тонот, па дури и пристапот, и наеднаш се издигна до патетичното, а салата како да го очекуваше тоа, па сета затрепери од восхит. Право мина на делото и почна со зборовите дека неговото поле на работа е во Петроград, но дека сепак не му е првпат што посетува еден град во внатрешноста на Русија заради одбрана на обвинети, но на такви во чија невиност или е убеден, или однапред ја претчувствува. „Таков е случајот и овој пат" — објасни тој. — „Уште од првите дописи по весниците, мене ми стана јасно

нешто што необично ме изненади, а беше во корист на обвинетиот. Со еден збор, мене, пред сè, ме заинтересира еден правен факт, кој, вистина, често се повторува во судската практика, но ми се чини, никогаш во таква целосност и со такви карактеристични особености како во овој процес. Тој факт би требало да го формулира дури на крајот на својот говор, кога ќе го дадам завршниот збор. Но јас својата мисла ќе ја истакнам и во почетокот, зашто имам слабост веднаш да ѝ пристапувам на работата, не прикривајќи ги ефектите и не економизирајќи со впечатоците. Од моја страна, тоа можеби и не е пресметано ,но затоа е искрено. Ваква е таа моја мисла, моја формула: против обвинетиот има вчудовидувачки стек на околности, а воедно и ги нема, ниедна што би можела да издржи критика, ако се разгледува поединечно, сама. Следејќи го понатаму делото, според раскажувањето и според весниците, мојата мисла сè повеќе се зацврстуваше и наеднаш од роднините на обвинетиот добивам покана да го бранам. Веднаш побрзав да дојдам ваму, и овде сосем се убедив, и еве: за да го скршам страшниот збир на фактите, и за да ја истакнам неодржливоста и фантастичноста на секој обвинувачки факт поодделно ја прифатив одбраната во овој процес.

Така започна бранителот и наеднаш го подигна гласот:

„Господа поротници, јас сум овде нов човек. Сите впечатоци јас ги примив без предубедување. Обвинетиот, човек со бујна и разуздана нарав, порано не ме навредил, како, можеби, стотици лица во овој град, поради кое мнозина веќе однапред се расположени против него. Се разбира, и јас признавам дека моралното чувство на овдешното општество оправдано е возбудено: обвинетиот е буен, и незауздан. Но тој во овдешното општество бил приман, токму во семејството на високо надареният обвинител бил посебно убаво приман. (Nota bene. При тие зборови од публиката се слушнаа два-три насмева, кои вистина бргу стивнаа, но кои беа забележани од сите. Кај нас на сите им беше познато дека обвинителот го пушташе во својата куќа против својата волја, само затоа што жена му

поради нешто наоѓаше оти Митја е интересен — а таа госпоѓа беше многу чесна и почитувана, но фантастична и своеглава, и понекогаш љубеше, главно во ситници, да му противречи на својот сопруг. Впрочем, Митја во нивната куќа доаѓаше многу ретко). Сепак се осмелувам да претпоставам, — продолжи бранителот — дека дури и во толку независниот ум, и правичниот карактер, каков што има мојот противник, би можело да се образува некакво погрешно предубедување против мојот несреќен клиент. О тоа е многу природно: кутриот премногу заслужил за спрема него да се однесуваат дури со предубедување. Зашто, навреденото морално, а уште повеќе естетско чувство, понекогаш е неумоливо. Се разбира, во високо талентираната обвинителска реч, сите ние слушнавме строга анализа на карактерот и постапките на обвинетиот, строго критички однос спрема делото, и, што е најважно, покажани се такви психолошки длабини, заради објаснување на делото, што не ќе можеше да се проникне во тие длабини ако обвинителот спрема личноста на обвинетиот имаше макар најмало намерно и злобно предубедување. Но има работи што се полоши, дури поубиствени, во ваквите случаи отколку и најзлобното и најпристрасно држење спрема процесот. Имено, кога, на пример ќе нè обземе некаква, така да се каже, уметничка игра, потреба за уметничко создавање, да речеме, за создавање роман, особено ако имаме богата психолошка надареност со која господ ги издвоил нашите способности. Уште во Петербург, кога се приготвував да дојдам ваму, однапред бев предупреден — но јас знаев без секакво предупредување, дека овде ќе се сретнам со најдлабок противник и најфин психолог, кој со таа своја особина, одамна заслужил посебна слава во нашиот уште млад правнички свет. Но, господа, иако психологијата е длабока работа ,таа сепак прилега на стап со два краја (лесно смешкање во публиката). О, вие, секако, ќе ми простите за́ тривијалната споредба; јас не сум мајстор да зборувам многу красноречиво. Но сепак, еве пример — го земам првиот што го забележив во говорот на обвинителот. Обвинетиот ноќе, во градината, бегај-

ќи, преминува преку плетот и со бакарниот толчник го соборува слугата што го фатил за ногата. Потоа веднаш скокнува назад во градината, и цели пет минути се задржува над собореният, трудејќи се да дознае дали го убил или не. И, ете, обвинителот воопшто не сака да верува во вистинитоста на исказот на обвинетиот: дека скокнал назад кај старецот Григориј затоа што му било жал. „Не — вели тој — зарем е можна таква чувствителност во тој момент, тоа е неприродно, вели тој, ами скокнал долу само за да се увери дали е жив или е убиен единственият сведок на неговото злосторство, па, значи, со тоа и посведочил дека тој го извршил ова злосторство ,бидејќи не можел да скокне долу во градината од никаква друга причина, побуда или чувство". Еве ви психологија; но да ја земеме истата психологија и да ја примениме на делово, но само од другиот крај, ќе излезе нешто не помалку вистинито. Убиецот скокнува долу од претпазливост, за да се увери дали е сведокот жив, а меѓутоа, пред малку во кабинетот на татка си што го убил (според зборовите на обвинителот) оставил колосален доказ против себеси: искинатиот плик на кој било напишано дека во него има три илјади. „Зашто ако тој го земел пликот со себе, никој на светов немаше да дознае дека имало и дека постоел некаков плик и во него пари, и дека, значи, обвинетиот украл пари". Тоа се зборови на самиот обвинител. Гледате ли, за едното му недостигала претпазливост, се збунил, се уплашил и побегнал оставајќи го доказот на подот: а кога по две минути удрил и убил друг човек, тогаш наеднаш му се јавува и најнемилосрдно и пресметано чувство на претпазливост, — за да ни користи сега нам. Па добро, дури и да е така; да речеме, во тоа и се состои префинетоста на психологијата: што јас во такви и такви околности, сум веднаш крвожеден, и со остар поглед, како кафкаски орел, а во следниот момент сум слеп и плашлив како ништожна кртица. Но, кога сум веќе толку крвожеден и немилосрден сметкација, за откако сум убил, да скокнам само за да видам дали е жив сведокот против мене, — зошто би се врткал околу таа нова жртва уште

цели пет минути, за да се здобијам уште и со нови сведоци. Зошто да го валкам со крв шамичето бришејќи ја крвта од главата на собореният, за тоа шамиче после да послужи како доказ против мене? Не, ако веќе сме толку студени сметкации и немилосрдни, тогаш зарем не би било подобро, откако сме скокнале долу, просто да го треснеме собореният слуга со истиот толчник уште еднаш-двапати по главата, за да го убиеме сосем, и така уништувајќи го сведокот, да тргнеме од срцето секоја грижа? И понатаму, јас скокнувам за да се уверам дали е жив сведокот против мене, а тука на патеката оставам друг сведок, толчникот, што го зедов откај двете жени, кои обете после можат да признаат дека тој толчник е нивни и да посведочат дека сум го зел откај нив. И не само што го заборавил толчникот на патеката, го испуштил во расеаноста, во збунетоста: не, ние го фрливме нашето оружје — зашто тоа е најдено на едно петнаесет чекори од местото каде што беше соборен Григориј. Поставуваме прашање: зошто направивме така? направивме така токму затоа што ни беше тешко оти убивме човек, стариот слуга, а потоа од мака, со проклетство го фрливме толчникот како оружје на убиството, поинаку не можеше да биде, инаку зошто би го фрлиле така со сета сила! А штом можевме да почувствуваме болка и жалење оти сме го убиле човекот, тогаш се разбира, до тоа дојде затоа што не го убивме таткото. Да го убиевме таткото, немаше да скокнуваме кај другиот соборен од сожалување ,тогаш би се јавило веќе поинакво чувство, тогаш не би ни било до жалење, ами до спасување, и тоа е, се разбира, така. Напротив, повторувам, ние на оној би му го здробиле черепот, а не би се врткале околу него цели пет минути. Во душата имало место за сожалување, и добро чувство токму затоа што пред тоа совеста била чиста. Значи, еве ви друга психологија. Господа поротници, јас намерно сега и самиот прибегнав кон психологијата, за да докажам очигледно дека од неа може да се изведе сè што сакате. Сета работа е во тоа во чии раце се наоѓа. Психологијата ги тера да создаваат роман дури и најсериозните луѓе, и тоа сосем

несакајќи. Сега зборувам за излишната психологија, господа поротници, кога таа се злоупотребува во извесна мера.“

Пак се слушна овде-онде одобрувачка смеа меѓу публиката, на адреса на државниот обвинител. Јас нема да го наведувам подробно целиот говор на бранителот, ќе земам само некои места од него, некои поглавни точки.

XI

Пари немало. Немало ограбување

Во говорот на бранителот имаше една точка што ги вчудовиди сите. А и мене: тој сосем одбиваше дека постоеле кобните три илјади рубли, па, значи, и можноста за ограбување.

„Господа поротници — настапи бранителот — во оваа работа секој човек отстрана и без предупредување го вчудовидува една необично карактеристична околност, имено обвинувањето поради ограбување, и, во исто време, целосна невозможност навистина да се посочи всушност што било ограбено. Велат земени се пари, токму три илјади — а дали, всушност, постоеле, тоа не го знае никој. Размислете, пред сè, како дознавме дека постоеле трите илјади и кој ги видел. Ги виде и ги посочи велејќи дека биле ставени во плик со натпис само слугата Смердјаков. И тој тоа им го соопшти уште пред катастрофата на обвинетиот и на неговиот брат Иван Фјодорович. А ѝ беше ставено на знаење и на госпоѓицата Светлова. Но тие три лица не ги виделе парите, сепак ги видел само Смердјаков; овде сега само по себе се наметнува прашањето: ако е вистина дека постоеле парите, и дека ги видел Смердјаков, тогаш, кога ги видел тој за последен пат? А што ќе правиме ако неговиот господин ги извадил парите од под постелата, и пак ги ставил во кутијата, без да му каже нему. Имајте на ум, според зборовите на Смердјаков, парите стоеле под постелата, под душекот, обвинетиот морал да ги извлече од под душе-

кот; меѓутоа, постелата ни најмалку не беше истуткана, и тоа грижливо е внесено во записникот. Како можел обвинетиот сосем ништо да не истутка, и на постелата, уште со крвави раце, да не ги извалка сосем свежите, фини чаршави, што тогаш биле наместени посебно? Но, ќе ни се рече: а пликот на подот? Е, за тој плик и треба да разговараме. Пред малку бев донекаде зачуден: високо надареният обвинител, почнувајќи го говорот за пликот, наеднаш самиот — слушајте господа — самиот изјави за него токму на она место од говорот каде што укажуваше на бесмислицата на претпоставката дека убиецот е Смердјаков: „ако не беше пликот, ако не останеше тој на подот како доказ, ако крадецот го земеше со себе, тогаш никој на светов не ќе дознаеше дека постоел плик, и во него пари, и дека значи, обвинетиот украл пари.“ Според тоа, само тоа парченце хартија со натпис, според признанието на самиот обвинет, послужило како повод за обвинување на обвинетиот за грабеж, инаку, вели, никој немало да дознае дека постоело ограбување, а можеби ни дека имало пари“. Па зарем само тоа што парченцето хартија лежело на земјата е доказ дека во него имало пари и дека парите се ограбени?“ „Но, — одговараат — па во пликот ги видел Смердјаков“, но, кога ги видел последен пат, прашувам јас? Јас разговарав со Смердјаков ,и тој ми рече дека парите ги видел два дена пред катастрофата. А зошто јас да не можам да претпоставам, на пример, таква околност, дека на старецот Фјодор Павлович, кога се затворил во куќата, во нестрпливото хистерично очекување на својата сакана, наеднаш можело да му текне, немајќи што да прави, да го извади пликот и да го отвори: „Зошто ѝ е пликот, може уште и да не поверува! Но ако јас нејзе одеднаш ѝ покажам триесет стотки, сигурно тоа ќе повлијае посилно, лиги ќе ѝ потечат од устата“, па така го скинал пликот, ги извадил парите, а пликот го фрлил на подот со сигурната господарска рака и, се разбира, не плашејќи се дека тоа ќе биде доказ. Слушајте, господа поротници, дали има нешто повозможно, од таквата претпоставка, и од таквиот факт, Зошто да е тоа невозможно?

Но ако можело да се случи нешто слично, тогаш обвинувањето за ограбување отпаѓа само по себе: немало пари, па немало ни пљачкосување. Ако пликот лежел на подот како доказ дека во него имало пари, зошто јас да не можам да тврдам и спротивно, имено, дека пликот лежел на земјата, токму затоа што во него веќе немало пари, зашто претходно од него ги извадил самиот сопственик! „Но ако е така, каде отишле парите што ги извадил од пликот самиот Фјодор Павлович, зашто тие не се најдени во неговата куќа при претресот!“ Пред сè, кај него, во кутијата, најден е еден дел од парите, а второ, тој можел да ги извади уште изутрината, дури можеби спроти тој ден, можел да направи со парите нешто друго, да ги даде на некого, да ги испрати, или, најпосле, од темел да ја измени својата замисла и својот план и притоа ни најмалку не сметајќи дека е потребно претходно за тоа да му соопшти на Смердјаков. А ако постои макар само можност за таква претпоставка — тогаш како е можно толку упорно и толку сигурно да биде обвинуван обвинетиот дека тој извршил убиство заради пљачкосување, и дека навистина постоело ограбување на стариот. Та ние на тој начин стапуваме во областа на романите! Зашто ако тврдиме, дека е нешто ограбено, тогаш тоа нешто треба да се покаже, или барем непобитно да се докаже дека тоа нешто постоело, — а него овде никој не го виде! Неодамна во Петербург, едно момче, речиси дете, од осумнаесет години, ситен уличен продавач, влезе сред бел ден со секира во менувачницата за стока и со необична типична дрскост го уби газдата — и ограби илјада и петстотини рубли. По пет часа го уапсија, и освен петнаесет рубли што ги потрошил, кај него ги најдоа сите илјада и петстотини. Освен тоа, помошникот на менувачот, кој по убиството се врати во дуќанот, ѝ соопшти на полицијата не само колкава била украдената сума, туку и од какви пари се состоела таа, тоест, од колку банкноти од по сто рубли, колку од по пет, колку од по десет, колку златници и какви. Кај уапсениот убиец се најдоа токму такви банкноти и златници. Покрај сето тоа дојде и целосното и искрено признание на

убиецот дека го извршил убиството, и ги дигнал парите. Ете, господа поротници јас тоа го наречувам доказ! Тука јас знам, гледам, ги пипам парите, и тука не можам да речам дека ги нема, или дека ги немало. А дали е така во овој случај? Меѓутоа, овде се работи за живот и за смрт, за судбината на еден човек. „Така е, — ќе ми речат, — но тој истата таа ноќ пијанчел, растурал пари, кај него се најдени илјада и петстотини рубли — од каде ги зел?“ Но токму затоа што се најдени само илјада и петстотини, а никако не можела да се најде и да се објасни постоењето на втората половина, токму со тоа и се докажува дека тие пари можеле да бидат сосем други, пари што никогаш не стоеле во плик. Откако го пресметала времето (и тоа најпрецизно), истрагата дознава, дека обвинетиот, кога откај слугинката отрчал кај чиновникот Перхотин, не наминал кај себе дома, ниту пак наминал на друго место, а после цело време се наоѓал пред очите на светот, па значи не можел да оддели половина од трите илјади и да ги скрие некаде во градот. А ете таа мисла беше причина за претпоставката на обвинителот дека парите се скриени во некаква пукнатина, во селото Мокрое. А да не е тоа сторено во подземјето на Удољфскиот замок, господа? Не е ли тоа фантастично, не е ли тоа романескна претпоставка? И, обрнете внимание, нека се уништи само таа една претпоставка, тоест, дека парите се скриени во Мокрое — сето обвинение за пљачкосување летнува во воздухот, зашто каде се, каде отишле тие илјада и петстотини? По какво чудо можеле да исчезнат, ако е докажано дека обвинетиот не наминал никаде? И со такви романи сакаме да запустиме еден човечки живот. Некој можеби ќе рече: „Ама тој не умееше да објасни од каде ги зел тие илјада и петстотини рубли што се најдени кај него; освен тоа, сите знаеја дека тој до таа ноќ немал пари“. А кој го знаел тоа? Но обвинетиот ни даде јасен и веродостоен исказ од каде ги зел парите, и ако сакате, господа поротници, ако сакате — никогаш ништо не можело, ниту може да биде поверојатно од тој исказ, ниту посовпадливо со карактерот и со душата на обвинетиот! На обвине-

нието му се допадна неговиот сопствен роман: човек со слаба волја, решен така бесрамно да земе три илјади што му ги предложила неговата свршеница, наводно не можел да ја одвои половината и да ја сошие во ќесе, а дури и да ја сошиел, тој, би ја вадел секои два дена и би чепкал стотка по стотка, па така би ги сотрел сите за еден месец, — вели тој. Сетете се само, сето тоа беше изложено со тон кој не сака да знае за никакви забелешки. Е, а што ќе правиме тогаш ако работите не се одвивале така, а што ќе правиме ако вие сте создале роман и во него некое сосем друго лице! Во тоа и е работата што е создадено друго лице! Можеби ќе ми се префрли: „Има сведоци дека тој во селото Мокрое ги потрошил сите три илјади земени од госпоѓицата Верховцева еден месец пред катастрофата, и тоа наеднаш, како една пара, значи не можел од нив да одвои половина“. Но кои се тие сведоци? Колку се веродостојни исказите на тие сведоци, тоа веќе се покажа пред судот. Освен тоа, парчето во туѓа рака секогаш изгледа поголемо. Најпосле, никој од тие сведоци не ги броел парите самиот, ами само претпоставувал од око. Зарем сведокот Максимов не тврдеше дека обвинетиот имал во рацете дваесет илјади! Ете, значи, господа поротници, бидејќи психологијата има два краја, дозволете ми да го применам и вториот крај, па да видиме како ќе изгледа тогаш работата.

Еден месец пред катастрофата, госпоѓицата Верховцева му довери на обвинетиот три илјади рубли за да ги испрати по пошта, но прашање е дали е вистина дека тие пари биле доверени со токму таква срамота и со такво понижување како што беше речено пред малку. Во првиот исказ на госпоѓица Верховцева за тој предмет не изгледаше така, сосем не изгледаше така; а во вториот исказ слушнавме само извици на разлутеност, одмазда, извици на долго притајувана омраза. А дури и самото тоа што жената еднаш во првиот исказ сведочеше неточно — ни дава право да заклучиме дека и вториот исказ би можел да биде неточен. Обвинителот „не сака, не смее“ (негови зборови) да завлегува во тој роман. Добро. Ни јас нема да завлегувам во него, но сепак ќе си дозволам

да забележам олку: кога чистата и високо морална личност, каква што неоспорно и е госпоѓицата Верховцева, значи кога таква личност си дозволува тукутака наеднаш пред судот да го измени својот поранешен исказ, со очигледна намера да го запусти обвинетиот, тогаш јасно е дека тој нејзин исказ не бил направен непристрастно ниту ладнокрвно. Дали може некој нам да ни го одземе правото да заклучиме дека жената што се одмаздува можела многу работи да преувеличи, да го увеличи токму срамот и срамотноста, при предлагањето на парите. Напротив, тие пари биле дадени така што можело да се примат, а особено од страна на толку лесномислен човек каков што е нашиот обвинет. А што е најважно, тој тогаш имал предвид дека наскоро ќе добие од татко си три илјади, колку што овој според пресметката му бил должен. Тоа е лесномислено, но тој токму поради својата лесномисленост и бил цврсто уверен дека татко му ќе му ги даде, дека ќе ги добие, дека, значи, секогаш ќе може да ги испрати по пошта парите што му ги доверила госпоѓицата Верховцева, и дека така ќе го ликвидира тоа. Но, обвинителот по никоја цена не сака да допушти дека тој можел истиот ден да ги одвои половината добиени пари и да ги сошие во ќесе: „тој не е таков карактер, тој не можел да има такви чувства“ — вели тој. Но вие самиот извикувавте дека Карамазов е широк, самиот кажувавте за двете крајни бездни што може да ги согледа еден Карамазов. Карамазов е токму таква природа со две страни, со две бездни, што и при најнезадржливата потреба да пијанчи може да се запре, ако нешто го зафати од друга страна. А таа друга страна е љубовта — онаа нова љубов што тогаш пламнала во него како барут. А за таа љубов биле потребни пари, уште попотребни, о, многу попотребни, отколку за веселничењето по крчмите со таа сакана. Ако му рече таа: „Твоја сум, не го сакам Фјодора Павлович!“ — и тој ќе ја зграпчи и ќе ја одведе — па за да има со што да ја одведе. Тоа е поважно од пијанчењето. Зарем тоа да не го сфати Карамазов? Та тој токму од тоа и боледуваше, од таа грижа; и зошто да биде после неверојатно тоа

дека ги одвоил парите и ги оставил за секој случај? Меѓутоа, времето си минува, а Фјодор Павлович не му ги дава трите илјади на обвинетиот: напротив, се слуша дека ги определил за со нив да ја привлече токму неговата сакана. „Ако не ми даде Фјодор Павлович — си мисли тој — тогаш пред Катарина Ивановна ќе изгледам како крадец.“ Ете, така кај него се раѓа мислата дека тие илјада и петстотини кои и понатаму ги носи со себе во ќесе, ќе ги стави пред госпоѓицата Верховцева и ќе ѝ рече: „Јас сум подлец, но не сум крадец.“ И, ете, ви сега двојна причина за тој да ги чува тие илјада и петстотини како црнката во очите, воопшто да не го отвора ќесето, и да не чепка стотка по стотка. Врз основа на што одбивате дека обвинетиот има чувство за чест? Чувството за чест постои кај него, да речеме, неправилно, и често многу погрешно, но тоа постои развиено до страст, и тој го докажа тоа. Меѓутоа, работата се заплеткува. Маката од љубомората достига највисок степен, и во запаленият мозок на обвинетиот сè помачно и помачно се оцртуваат секогаш истите поранешни две прашања: „Ако ѝ ги вратам на Катарина Ивановна со што ќе ја одведам Грушенка?“ Тоа што тој лудуваше ,и пиеше, и правеше чуда по крчмите во текот на тој месец, тоа е можеби затоа што му било тешко, затоа што не можел да издржи. Тие две прашања најпосле толку се заострите што го довеле до очај. Тој го испраќа својот помлад брат кај татко им за да бара од него три илјади, за последен пат, но и не дочекувајќи го одговорот упаѓа самиот и завршува со тоа што го истепува старецот пред сведоци. Потоа, значи, веќе нема од кого да ги добие, натепаниот татко веќе нема да ги даде. Вечерта се тупа по градите, токму во горниот дел од градите, каде што му било ќесето, и му се колне на брат му дека има едно средство да не биде подглец, но дека сепак ќе остане подлец, зашто предвидува оти нема да го искористи тоа средство, оти не ќе има душевна сила, не ќе има волја за тоа. Зошто, зошто обвинението не му верува на исказот од Алексеј Карамазов ,толку чист, толку искрен, неподготвен и толку сличен на вистината? Зошто, напротив, ме

тера мене да верувам дека има пари скриени во некаква пукнатина, во визбите на Удолфскиот замок? Истата вечер, по разговорот со својот брат, обвинетиот го напишува кобното писмо, и токму тоа писмо и е најглавниот, најколосалниот доказ дека обвинетиот е ограбувач! „Ќе го молам целиот свет, ако не ми дадат луѓето, ќе го убијам татко ми, и ќе ги земам парите од под неговиот душек, од пликот со црвена панделка, само да си оди Иван!“ — целосен план за убиство, кој може да рече дека не е! „Се случи според напишаното!“ — извикува обвинението. Но, пред сè, писмото е пијано, и е напишано во голема лутина; второ, обвинетиот зборува за пликот според кажувањето на Смердјаков, затоа што тој не го видел пликот; а трето, тоа вистина е напишано, но — дали и се случило според напишаното, со што се докажува тоа? Дали обвинетиот ги извадил парите од под душекот, дали ги нашол парите, дали тие пари воопшто постоеле? И дали обвинетиот дотрчал по парите, сетете се! Тој втрчал како без глава не за да украде, ами само за да дознае каде е таа, жената која и него го запусти — значи, не според планот, не дотрчал според напишаното, тоест не заради ограбување со умисла, туку дотрчал, ненадејно, неочекувано, во љубоморен бес! „Да, ќе се рече, но сепак, кога втрчал и го убил, ги зел и парите“. Но, се поставува прашањето, дали тој убил или не? Обвинението дека ограбил, го одбивам со негодување: никого не можете да го обвините за ограбување, ако не сте во состојба да покажете што ограбил, всушност. Тоа е аксиом! Но дали тој и убил, дали и убил без да ограби? Дали е тоа докажано? Не е ли и тоа роман?“

XII

Немаше ни убиство

„Дозволете, господа поротници, овде се работи за човечки живот, па морамее да бидеме повнимателни. Ние слушнавме како обвинението самото посведочи

дека до последниот ден, до денеска, до денот на суденето, се колебало обвинетиот да го обвини за убиство со целосна и неоспорна умисла — се колебало сè до кобното „пијано“ писмо, што е изнесено пред судот денеска. „Се случи според напишаното!“ но јас повторувам: тој втрчал по неа, по неа само за да дознае каде е таа! Тоа е непобитен факт. Ако таа тогаш се погодела во куќата, тој немало никаде да отрча, ќе останел кај неа и немало да го исполни тоа што го ветил во писмото. Тој отрчал неочекувано и ненадејно, а можеби воопшто не се ни сетил за своето „пијано“ писмо! „Го зграпчил толчникот“ — велат, и се сеќавате ли како од тоа ни изведоа цела психологија: зошто морал толчникот да го смета за оружје, да го зграпчи како оружје, и така натаму. Овде ми доаѓа на ум една најобична мисла: а што ќе беше ако толчникот не му излезел пред очи, ако тој не бил на полицата од која го зграпчил обвинетиот, ако тој бил оставен во орманот, — тогаш на обвинетиот тој не би му излегол пред очи ,и овој би истрчал без оружје, со празни раце, па можеби и никого немало да убие. Како можам да правам заклучоци за толчникот како за доказ за вооружување и умисла, Да, но по крчмите кажувал дека ќе го убие татка си, а два дена порано, вечерта кога го напишал своето пијано писмо, бил мирен и се скарал во крчмата само со еден трговски помошник, „затоа што Карамазов не можел да не се кара“. А јас ќе ви одговорам: ако тој смислил да изврши такво убиство, па уште според определен план, онака како што напишал, тој немало сигурно да се кара со помошникот и можеби воопшто немало да намине во крчмата, бидејќи душата што решила да стори такво дело бара тишина и повлеченост, бара да се изгуби, да не ја видат, да не ја чујат: „заборавете ме ако можете“, и тоа не е само од сметка, туку од инстинкт! Господа поротници, психологијата има два краја, а и ние разбираме малку од психологијата. Колку до развикувањата по крчмите, во текот на целиот овој месец, па колку пати викаат децата или пијаните луѓе кога излегуваат од крчмите и во караница си велат еден на друг: „ќе те убијам“, ама сепак не

се убиваат. Па така и тоа кобно писмо, не е ли и тоа само една пијана раздразнетост, зарем тоа не е извик на пијан човек што излегува од крчмата: „Ќе ве убијам, сите Ќе ве испоубијам!“ Зошто да не е така, зошто да не можело да биде така? Зошто е тоа писмо кобно? Зошто тоа, напротив, не е смешно? Па токму затоа што се најде трупот на убиениот татко, затоа, затоа што сведокот го видел обвинетиов во градината, вооружен и како бега, и бил соборен од него — затоа сè е извршено според напишаното, и затоа писмото не е смешно, ами кобно. Фала му на бога, ете, дојдовме до точката: „ако бил во градината, значи ,тој го убил“. Со тие два збора: **ако бил** тогаш веќе бездруго и **значи**, сè се исцрпува, сето обвинение — „бил“, тогаш „значи“. Ако не значи иако бил? О, јас се согласувам дека стекот на фактите, совпаѓањето на фактите навистина е доста убедливо. Но, разгледајте ги тие факти одвоено, без да дозволувате да ве заведе нивниот тек: зашто, на пример, обвинението воопшто не сака да дозволи дека е вистинит исказот на обвинетиот оти избегал откај прозорецот на татко си? Сетете се за зајадливоста во која се впушти обвинението во поглед на почитувањето и „побожните чувства“, што наеднаш го обзедоа убиецот. А што Ќе биде ако навистина имало нешто слично, тоест, ако не почит, тогаш „побожни“ чувства? „Веројатно мајка ми се помолила за мене во тој момент“, вели на распитот обвинетиот; и тој побегна штом се увери дека ја нема Светлова во татковата куќа. „Но тој не можел да се увери низ прозорецот“ — ни забележува обвинението. А зошто не можел? Прозорецот бил отворен според знаците, што ги дал обвинетиот. Фјодор Павлович можел да изговори некаков, каков било збор, можел да пушти некаков извик — па така обвинетиот можел да се увери оти Светлова не е тука. Зошто бездруго да се претпоставува така, како што си замислуваме ние и како што сме решиле да си замислиме. Стварноста измислува илјадници нешта што не може да ги забележи ни посматрањето на најпрефинетиот романописец. „Да, но Григориј ја видел отворена вратата, а според тоа обвинетиот сигурно бил дома, па значи и

убил"; за таа врата, господа поротници, за таа отворена врата, гледате ли, сведочи само едно лице, кое во тоа време и самото било во таква состојба — што... но, најпосле, нека биде и така, нека била отворена вратата, нека порекнува обвинетиот, нека лаже поради чувството на самоодбрана, кое е толку сфатливо во неговата положба, добро, нека влегол во куќата, нека бил во куќата — па што од тоа, зошто ако бездруго бил во неа, зошто навистина и да убие? Тој можел да втрча во куќата, да пребара по собите, можел да го турне татка си, можел дури и да го удри татка си, но, откога се уверил дека Светлова не е тука, избегал зарадуван што ја нема и избегал без да го убие татка си. Токму затоа можеби и скокнал по една минута од оградата долу назад накај Григориј, кого го соборил во нервозата, — затоа што можел да има чисто чувство на сожалување, затоа што го избегнал искушението да го убие татка си, затоа што во себе срцето го чувствувал чисто и чувствувал радост дека не го убил татка си. Красноречиво до ужас ни ја опишува обвинителот страшната состојба на обвинетиот во селото Мокрое кога љубовта повторно му се покажала, повикувајќи го во нов живот, а тој не можел повеќе да стаса, зашто зад него бил крвавиот леш на татко му, а зад лешот погубување. Па сепак, обвинителот ја допушта љубовта и ја објаснува според својата психологија: „Пијана состојба, злосторникот го водат на губилиште, има уште многу да се чека, и така натаму," вели тој. Но дали вие не создадовте друго лице, господин обвинителе, прашувам повторно. Зарем толку грубиот и бездушен обвинет можел да мисли во ист момент и за љубовта и за извлекување пред судот, ако тогаш навистина на него носел таткова крв? Не, не, и не! Само што станало јасно дека таа него го сака, дека го вика со себе, му ветува нова среќа — о, се колнам, тој би морал да почувствува двојна, тројна потреба да се убие себеси, и навистина ќе се убиеше ако зад него стоеше лешот на татко му! О, немаше да заборави каде стојат неговите пиштоли! Јас го познавам обвинетиот: дивата, камена бездушност, што му се припишува на обвине-

тиот, не се согласува со неговата нарав. Тој би се убил себеси, тоа е сигурно, а не се уби само затоа што „мајка му се помолила за него“, и затоа што срцето не му било виновно за крвта на татко му. Тој се мачел, тој тагувал ноќта во Мокрое само поради собориниот старец Григориј и во себе му се молел на бога старецот да стане и да дојде на себе, ударот да не му биде смртоносен и да не му донесе казна. Зошто да не се прими таквото објаснување на настаните, Каков сигурен доказ имаме дека обвинетиот лаже? — А татковиот леш — пак ќе ми се рече: тој втрчал, тој не убил, е па тогаш кој го убил старецот?

Повторувам, тука е сета логика на обвинението: кој го убил ако не тој? Никој не може да се стави наместо него, — се вели. Господа поротници, така ли е? Дали навистина не може да се стави никој? Ние слушавме како обвинението напрсти ги изброи сите што биле и што доаѓале ноќта во куќата. Се најдоа петмина. Тројца од нив, признавам, воопшто не доаѓаат во обзир: самиот убиен, старецот Григориј и неговата жена. Значи остануваат: обвинетиот и Смердјаков, и ете, обвинителот со патос извикува дека обвинетиот го посочува Смердјакова затоа што нема кој друг да посочи; и, кога би имало и шести човек, макар и привидение на некој шести, обвинетиот веднаш би престанал да го обвинува Смердјакова, засрамен од тоа, и би го посочил шестиот. Но, господа поротници, зошто јас да не можам да заклучам сосем обратно? Тука се двајца: обвинетиот и Смердјаков — зошто јас да не речам дека вие го обвинувате мојот клиент само затоа што немате кој друг да обвините? А немате некој друг само затоа што сосем пристрасно однапред го исклучивте Смердјакова од секакво сомневање. Да, вистина е, Смердјакова го обвинуваат само обвинетиот, неговите двајца браќа, Светлова и никој повеќе. Но има уште нешто што сведочи: во општеството нешто врие, иако нејасно, како да излегува некакво прашање, некакво сомневање; се слуша некаков нејасен глас, се чувствува дека постои некакво очекување. Најпосле, сведочи и извесно совпаѓање на фактите, многу карактеристично, иако, приз-

навам, и неопределено: прво, нападот на падавица токму во денот на катастрофата. Напад што обвинителот не знам зошто беше приморан толку грижливо да го брани. Потоа, ненадејното самоубиство на Смердјакова спроти судењето. Потоа, не помалку ненадејниот исказ на постариот брат на обвинетиот даден денеска пред судот, кој сè досега верувал дека брат му е виновен, и кој наеднаш носи пари и, исто така, го споменува името на Смердјаков како убиец. О, јас сум наполно убеден, заедно со судот и со државниот обвинител, дека Иван Карамазов е болен и има оган, дека неговото сведочење навистина можело да биде очајнички обид, притоа смислен во бесвесна состојба, да го спаси својот брат, префрлајќи ја вината врз покојникот. Но, пак е изговорено името на Смердјаков и како пак да се слуша нешто загадочно. Нешто што како да не е доречено, господа поротници, и не е завршено. И можеби ќе биде доречено допрва! Но, засега да го оставиме тоа, за тоа ќе зборуваме после. Судот пред малку реши да се продолжи заседаниево, а засега, во очекување би можел да забележам по нешто, на пример, по повод карактеристиките на покојниот Смердјаков, што толку фино и толку талентирано ги изнесе државниот обвинител. Но, восхитувајќи се од талентот, сепак не можам наполно да се согласам со суштината на карактеристиката. Јас бев кај Смердјакова, го видов и разговарав со него, и тој ми остави сосем поинаков впечаток. Тој имаше слабо здравје, тоа е вистина, но карактерот, срцето, — о, не, тој воопшто не беше толку слаб човек како што за него заклучи обвинението. Кај него не најдов посебно страв, таков страв што толку карактеристично ни го опишуваше обвинителот. Кај него, исто така, немаше ни најмалку простодушност; напротив, јас открив голема недоверба што се криеше под наивноста, и ум што беше способен мошне многу да посматра и да мисли. О, обвинението премногу простодушно го обележи како слабоумен. Мене тој ми остави наполно определен впечаток: од кај него си отидов со убедувањето дека тоа суштество е необично злобно, неверојатно честољубиво, одмаздољубиво и многу завид-

ливо. Јас собрав некои податоци: тој го мразеше своето потекло, се срамеше од него, и чкртајќи со забите се сеќаваше дека „поникнал од Смрдливата“. Спрема слугата Григориј и неговата жена, кои во детството му биле добротвори, не чувствуваше почит. Мечтаеше да замине во Франција, со намера да се префрли во Франкфурт. Многу и често зборуваше уште порано дека за тоа му недостигаат средства. Мене ми се чини дека тој никого не сакаше освен себеси, а себеси се ценеше чудно високо. Просветеноста ја гледаше во убавата облека, во чистата кошула и во исчистените чевли. Сметајќи се себеси (за тоа постојат факти) за незаконит син на Фјодор Павлович, можел да ја мрази својата положба во споредба со законитите деца на својот господар: значи, нив сè, а мене ништо; ним сите права и наследството, а тој е само готвач. Мене ми кажуваше дека заедно со Фјодор Павлович ги ставиле парите во пликот. Намената на таа сума — сума која би можела да му помогне да си направи кариера, — значи, му била омразена. Освен тоа, тој ги видел трите илјади рубли во светли шарени банкноти (јас нарочно го прашав за тоа). О, никогаш не покажувајте му на зајадливиот и самољубив човек толку многу пари одеднаш, а тој тогаш првпат видел таква сума во една рака. Впечатокот од шареното снопче пари, можел болно да се одрази во неговата фантазија, отпрвин без некакви последици. Многуталентираниот обвинител необично танко ни оцрта сè pro и contra претпоставката за можностите да го обвини Смердјакова за убиство и посебно праша каква потреба би имал да се преправа оти има напад на падавица. Да, тој можел да не се преправа, нападот можел да дојде сосем природно, и болниот можел да дојде на себеси. Можело, да речеме, да не се опорави сосем, но сепак да дошол на себе, како што се случува при падавицата. Обвинението прашува: каде е моментот кога Смердјаков го извршил убиството? Извонредно лесно е да се посочи тој момент. Тој можел да дојде на себе и да стане од длабокиот сон (тој бил само во сон: по нападот на падавицата секогаш болниот запаѓа во длабок сон) токму во моментот кога

старецот Григориј, само што го фатил на оградата обвинетиот за нозете, викнал силно што одекнало по сета околина: „таткоубиец“! Тој необичен извик, ете, во тишината и во темницата, можел да го разбуди Смердјакова, чиј сон во таа доба можел да не биде многу цврст: сосем природно можел да почне да се буди уште еден час пред тоа, откако станал од постелата, тој се упатил, речиси несвесно и без некаква намера, наспрема извикот за да види што е тоа. Во неговата глава уште владее болен занес, неговата мисла дреме; еве го во градината; тој се доближува до осветлените прозорци и ја слушнува страшната вест од господарот, кој, се разбира, се израдувал поради неговото доаѓање. Наеднаш во неговата глава светнува планот. Од уплашениот господар тој ги дознава сите подробности. И сега, постепено, во неговиот растроен и болен мозок се создава мисла — страшна но соблазнувачка и незадржливо логична: да го убие, да ги земе трите илјади и сета вина да ја фрли врз синот на господарот, зашто по сè што се случи на кого може да се помисли ако не на синот од господарот; кого можат да го обвинат, ако не синот на господарот, тука се сите докази, тој беше тука! Страшната лакомост за пари, за плен, можела да му го занесе сиот дух, со помислата дека не ќе може да биде обвинет и казнет. О, тие ненадејни и незадржливи корени понекогаш доаѓаат толку често и, што е најважно, им доаѓаат ненадејно на убијците, кои уште до пред една минута не знаеле дека ќе посакаат да убијат. Така Смердјаков можел да влезе кај господарот и да го изврши својот план, но со што, со какво оружје — па, со првиот камен што го нашол во градината. Но зошто, со каква намера? А трите илјади, па тоа е кариера. О, јас не си противречам себеси: можело да постојат и да ги има парите, а Смердјаков можеби бил единствениот човек што знаел каде може да ги најде, каде ги чува, всушност, господарот. „А обвивката од парите, а искинатиот плик на подот?“ Пред малку, кога обвинителот зборувајќи за пликот, необично духовито ја изложи својата претпоставка за тоа дека пликот можел да го остави на подот токму ненавик-

натиот крадец, токму таков каков што е Карамазов, а не Смердјаков, кој по никоја цена не би оставил доказ — пред малку, господа поротници, кога го слушнав тоа, наеднаш почувствував дека слушам нешто необично познато. И помислете си само. Токму таа комбинација, досетувањето за тоа како би постапил Карамазов со пликот, јас веќе го слушнав два дена пред самиот Смердјаков. И не само тоа, со изненадување почувствував дека тој сосила се прави наивен, истрчува напред, ми ја наметнува таа мисла мене, за после јас да го изведам истиот заклучок, просто ми го шепоти на увото. Зарем не може тој таа комбинација да ја шепнал и при истрагата? Зарем не може тој да му ја наметнал и на многу талентираниот обвинител? Ќе се рече: а старицата, жената на Григориј? Таа слушнала како јачкал болниот, веднаш до неа, цела ноќ! Така е, слушнала, но, таа комбинација е необично неверодостојна. Јас познавав една дама, која горчливо се поплакуваше дека цела ноќ ја буди некое куче во дворот, и не ја остава да спие. Меѓутоа, кутрото кученце, како што се дозна после, лавнало само два-три пати во текот на целата ноќ. Тоа е природно: човекот спие, и наеднаш слушнува јачкање, се буди и се лути дека го разбудиле, но пак веднаш заспива; по два часа, пак јачкање, пак се буди и пак заспива; само трипати во текот на ноќта. Изутрината спијачот станува и се поплакува дека целата ноќ некој јачкал и непрестајно го будел. Бездруго нему морало така и да му се стори; сето време помеѓу будењата, по два часа, тој го преспал, но не се сеќава за него, ами ги запаметил само моментите на своето будење, па после му се чини дека го буделе цела ноќ. Ама зошто, зошто — вика обвинението — зошто Смердјаков не си ја призна вината во претсмртно писменце? „За едното кај него се нашла совест, а за другото не.“ Но, дозволете, совеста — тоа е веќе каење, а самоубиецот можел да не чувствува каење, ами само очајување. А очајувањето и каењето се две сосем различни работи. Очајувањето може да биде злобно и непомирливо, и самоубиецот, кревајќи рака на себе, во тој момент можел двојно да ги мрази оние на кои им за-

видувал целиот живот. Господа поротници, внимавајте да не западнете во судска грешка! Зошто, зошто да е неверојатно сево ова што ви го претставив и насликав сега? Најдете ја грешката во моето излагање, најдете ја невозможноста, апсурд! Но, ако постои макар и сенка на можност, макар и сенка на вистинитост во моите претпоставки, воздржете се од осудување. А, овде нема само сенка. Се колнам во сè што е свето: јас наполно верувам во моето толкување на убиството, онака како што ви го претставив. Што е најважно, мене ме збунува и ме доведува до бес непрестајно една и иста мисла: во сета маса од факти, што обвинението му ги натовари на обвинетиот нема ниеден макар малку сигурен и непобитен; и кутриот пропаѓа само поради совпаѓањето на тие факти. Да, тоа совпаѓање е ужасно, крвта што му тече од прстите, крвавата кошула, темната ноќ низ која одекнува извикот: „таткоубиец", паѓањето со скршена глава на тој што вика, потоа многуте зборови, искази, движења, извици. — О, толку многу влијае тоа, толку многу може да го измами убедувањето, но дали тоа може да го измами вашето, вашето убедување, господа поротници? Сетете се: вам ви е дадена огромна власт да врзувате и одврзувате. Но, колку што е поголема власта, дотолку пострашна е и нејзината употреба! Јас, ни за влакно не отстапувам од она што го реков сега, но, најпосле, нека биде, за момент и јас нека се согласам со обвинението дека мојот несреќен клиент ги окрвавил рацете со крвта на татка си. Тоа е само претпоставка, повторувам, а јас ни за момент не се сомневам во неговата невиност, но сеедно, ете, јас ќе претпоставам дека мојот обвинет е виновен за таткоубиство. Но сепак, чујте го мојов збор, иако се согласив да го прифатам тоа. Мене ми лежи на срцево да ви кажам уште нешто, зашто претчувствувам голема борба во вашите срца и умови... Простете ми за тој збор, господа поротници, за вашите срца и умови. Но сакам да бидам искрен и правичен докрај. Да бидеме искрени сите!"

На тоа место бранителот беше прекинат од доста силно плескање. Навистина своите последни зборови

ги изговори со тон кој толку искрено одекна што сите почувствуваа оти тој можеби навистина има што да каже и оти она што ќе го каже сега всушност е и најважното. Но, претседателот, кога го слушна плескањето, гласно предупреди дека ќе ја „исчисти“ судската сала ако уште еднаш се повтори „сличен случај“. Сè стивна, а Фетјукович почна со некаков нов, длабоко искрен глас, сосем поинаков од оној со кој говореше досега.

XIII

Прељубникот мисли

„Мојот клиент не го упропастува само совпаѓањето на фактите, господа поротници! — викна тој — не, мојот клиент го упропастува, всушност, само еден факт: тоа е лешот на неговиот стар татко! Да е тоа обично убиство, вие, при толку безначајни недокажани и фантастични факти, ако ги разгледаме секој посебно, а не сите заедно — вие би го отфрлиле обвинението или барем би искажале сомневање и би се колебале да ја запустите судбината на човеков само врз основа на предубедувањето против него, кое тој, за жал навистина го има заслужено! Но овде не станува збор за просто убиство, туку за таткоубиство! Тоа импонира, и тоа во толкава мера, што неважноста и недокажаноста на фактите што товарат стануваат помали и не толку недокажани, и дури и во умот што е најмалку предубеден. Но како да се оправда таквиот обвинет? А ако е тој убиец и си оди неказнет — ете што чувствува секој во своето срце речиси и без да сака, инстинктивно. Да, страшно нешто е да ја пролееш крвта на својот татко крвта на оној што не си го жалел својот живот за мене, кој уште од моето детство боледувал заедно со моите болести, кој целиот свој век страдал поради мојата среќа, и кој живеел, само од моите радости, од моите успеси! О, да се убие таков татко — па тоа не е возможно ни да се замисли! Господа поротници, што е тоа татко,

вистински татко, каков е тој толку голем збор, колку многу е голема идејата во тоа име? Ние пред малку донекаде укажавме на тоа што е и што треба да биде вистинскиот татко. Во овој процес, пак, што толку многу нѐ ангаижра сите, од кој сега боледуваат нашите души — во овој процес таткото, покојниот Фјодор Павлович Карамазов, ни најмалку не соодветствува на тој поим за таткото што сега стои пред нишате срца. Тоа е несреќата. Да, навистина, по некој татко прилега на несреќа! Да ја разгледаме сега одблизу таа несреќа, зашто не треба да се плашиме од ништо, господа поротници, ако ја имаме на ум претстојната одлука. Ние сега особено не смееме да се плашиме и, така да се каже, да бегаме од некакви идеи, како деца или како страшливи жени, како што згодно се изрази високоталентираниот обвинител. Но во својот пламенен говор, мојот почитуван противник (и тоа противник уште пред да го изговорам својот прв збор), мојот противник неколкупати извика: „Не, јас никому не му давам да го брани мојот обвинет, јас нема да му ја отстапам одбраната на бранителот што е дојден од Петербург — јас сум, обвинител, јас сум и бранител!“ Ете, тоа го викна тој неколкупати .Меѓутоа, заборави да спомене: кога страшниот обвинител цели дваесет и три години толку благодарен останал за една фунта лешници, што ги добил од единствениот човек што како дете го погалил во родителската куќа — тогаш, од друг астрана, таквиот човек не можел да не се сеќава во текот на тие дваесет и три години како кај татка си трчкал бос „меѓу слугите, без чевличиња, и во панталончиња — само со едно копче“, според зборовите на човекољубивиот доктор Херценштубе. О, господа поротници, зошто одблизу да ја разгледуваме таа „несреќа“, да го повторуваме она што веќе го знаат сите! На што наишол мојот клиент, кога дошол ваму кај татка си? И зошто, зошто да го претставуваме мојот клиент како човек без чувство, како егоист, како чудовиште? Тој е незауздан, тој е див, немирен, и ние, еве, сега за тоа и го судиме; но кој е виновен што тој со своите добри наклоности, со благородното чувствително срце, добил толку лошо воспитание? Го учел

ли некој на добро, дали го упатил во науките, дали некој макар најмалку го сакал во детството? Мојот клиент растел под покровителството на господа, тоест, како див звер. Тој можеби повтел да го види татка си по долгогодишната разделба; можеби илјадапати пред тоа, сеќавајќи се како во сон за своето детство, ги растерувал од себе одвратните привиденија што ги сонувал во детството, и со целата душа сакал да го оправда и да го прегрне својот татко! И што се случува? Него го пречекуваат со бесрамен подбив, со подозирање и измами поради спорните пари; секој ден, пиејќи „коњиче", тој ги слуша само разговорите и животните правила од кои му станува гадно и најпосле го гледа татко си кој му ја одзема од него, од синот, саканата, и тоа за неговите, за парите од синот — о, господа поротници, па тоа е одвратно и грозно! А истиот тој старец, на сите им се поплакува дека син му не го почитува и е суров спрема него, го срамоти во општеството, му прави штети, го клевети, ги купува расписките, за неговите долгови, за да може да го фрли в затвор! Господа поротници, тие души, тие навидум сурови, немирни и како споулавени луѓе, каков што е мојот клиент, најчесто имаат нежни срца, само не покажуваат дека се такви. Не смејте се, не смејте ѝ се на мојата идеја! Талентираниот обвинител пред малку немилосрдно му се подбиваше на мојот клиент истакнувајќи дека тој го сака Шилера, дека тој сака сè што е „убаво и возвишено". Јас не би можел да се смеам поради тоа кога би бил на неговото, на обвинителовото место! Зашто тие срца — о, дозволете ми да ги одбранам тие срца кои светот ги сфаќа многу ретко и многу неправилно — тие срца многу често копнеат по нешто нежно, убаво и правично, и токму како поради некаков контраст со себеси, својата незауздaност и својата суровост — кон тоа копнеат несвесно, но копнеат страсно. Страсни и сурови по изгледот, тие се способни да засакаат до безумство, на пример, жена, и секако со духовна и виша љубов. И пак, не смејте ми се, најчесто така се случува со таквите природи. Тие само не можат да ја скријат својата страсност која понекогаш е многу груба; и тоа

светот го забележува, тоа се забележува, а не го гледаат човекот однатре. Меѓутоа, сите нивни страсти стивнуваат брзо, но покрај благородно, прекрасно суштество, тој навидум груб и суров човек бара да се прероди, бара можност да се поправи, да стане подобар, да стане возвишен и чесен. — „Возвишен и прекрасен“, без обзир колку се исмеани тие зборови! Реков дека нема да си дозволам да го засегнувам романот на мојот клиент со госпоѓицата Верховцева. Но сепак слободен сум да кажам еден збор: ние пред малку слушнавме не исказ, ами крик на една разјарена жена, која се одмаздува; но, таа не смее, таа не смее да префрла поради неверството, затоа што самата таа изневери. Ако жената-сведок имаше макар малку време да размисли, таа немаше така да сведочи! О, не верувајте ѝ, не, мојот клиент не е „изрод“, како што го наречува таа! Распнатиот Човекољубец, подготвувајќи се за својот крст велеше: „Јас сум добар пастир, добриот пастир си ја дава душата за овците, за да не загине ни една“. Па затоа и ние да не ја запустуваме душата на човекот! Пред малку прашав што е тоа татко, и реков дека тоа е голем збор, скапоцено име. Но, со зборот, господа поротници, треба да се постапува чесно, и јас ќе си дозволам работата да ја наречам со нејзиното вистинско име, со нејзиниот вистински назив: таквиот татко, како што е убиениот старец Карамазов, не може и не е достоен да се нарече татко. Љубовта спрема таткото, што таткото не ја оправдал, — е бесмислица, невозможна работа. Љубовта не може да се создаде од ништо, само господ создава од ништо! „Татковци, не огорчувајте ги вашите деца“ — пишува апостолот со срце полно со врела љубов. Јас не ги наведувам тие зборови поради мојот клиент, ами ги споменувам поради сите татковци. Кој ми дал власт да ги учам татковците? Никој. Но, како човек и граѓанин јас извикувам — vivos voco![1]) — Ние на земјава не престојуваме долго време, ние правиме многу лоши дела и кажуваме голем број лоши зборови. И, затоа сите да го фаќаме погодниот момент во нашиот

[1]) Ги повикувам живите (лат.)

меѓусебен однос да си кажеме еден на друг и добар збор. Така и јас: додека сум на ова место, го користам својот момент. Залудно не ни е подарена оваа говорница со виша волја — од неа нѐ слуша сета Русија. Не зборувам само поради овдешните татковци, туку им се обрнувам на сите татковци: „Татковци, не огорчувајте ги вашите деца!“ Првин да го исполниме заветот на Христоса, па дури потоа да си дозволиме да бараме и од нашите деца, инаку не сме татковци, ами непријатели на нашите деца, а тие не се наши деца, туку ни се непријатели, и ние самите сме направиле да ни бидат непријатели!“ Со која мера мерите, со таа и ќе ви се врати“ — тоа не го зборувам јас, тоа го пропишува Евангелието: да се мери со онаа мера со која ви мерат и вам. Како можеме да ги обвинуваме децата ако тие ни мерат со нашата мера? Неодамна во Финска, една девојка, слугинка, била усомнета дека тајно родила дете. Почнале да ја држат на око, и на куќниот таван, во аголот зад тулите, го нашле нејзиното сандаче за кое не знаел никој, го отвориле, го извадиле од него мртвото тело на новороденчето што го убила таа. Во истото сандаче нашле уште два скелета на деца, кои ги раѓала и ги убивала во моментот на раѓањето порано — таа тоа го признала. Господа поротници, дали таа е мајка на своите деца? Да, таа ги родила, но дали таа им е мајка? Дали некој од вас ќе се осмели да ја нарече со светото име мајка? Да бидеме смели, господа поротници, да бидеме дури и дрски, ние сме должни да бидеме такви во сегашниов момент, и да не се плашиме од некои зборови и идеи како московските трговци, што се плашат од „метли“ и од „жупели“[1]) — напротив да докажеме дека прогресот во последниве години го допрел и нашиот развиток и да речеме отворено: оној што родил уште не е татко, ами татко е оној што родил и го заслужил тоа. О, се разбира, има и друго значење, друго толкување

[1]) Жупел — зборот е земен од јазикот на една жена на трговец од комедијата „Тешки денови“ на Н. А. Оостровски, со значење: нешто што предизвикува страв и непријатно чувство.

зборот татко, кое бара мојот татко, дури и ако е изрод, дури и ако е мачител на своите деца, сепак да остане мој татко, само затоа што ме родил. Тоа значење, е, така да се каже, мистично, кое јас не го сфаќам со својот ум, ами можам да го примам само со верата, или, поточно речено од **верата** како и многу други нешта што не ги разбирам, но, за кои религијата ми заповеда да ги верувам. Во таквиот случај, тоа нека остане надвор ор областа на вистинскиот живот, кој не само што има право, ами и самиот наложува големи обврски — во таа област, ако сакате да бидеме хумани и, најпосле, христијани, ние мораме и сме должни да остваримe само такви убедувања што ги одобруваат разумот и искуството, кои минале низ огнот на анализата, со еден збор мораме да дејствуваме разумно, а не безумно — како на сон и во бладање — за да не му нанесеме штета на човекот, за да не го измачиме и да не го запустиме човекот. Дури тогаш вистинското христијанско дело не ќе биде само мистично, туку и разумно, вистински човекољубиво дело".

На тоа место одекнаа силни ракоплескања од многу делови на салата, но Фетјукович замавта со рацете, како да молеше да не го прекинуваат, да му дозволат да говори докрај. Веднаш стивна сѐ. Говорникот продолжи:

„Мислите ли вие, господа поротници, дека таквите прашања можат да ги заобиколат нашите деца, да речеме момчињата што веќе почнуваат да мислат? Не, не можат, и немојте ни да барате од нив невозможни воздржувања. Кога децата ќе го видат недостојниот татко, особено во споредба со другите, честите татковци на другите деца, нивните врсници, тоа несакајќи кај нив предизвикува тешки прашања. На момчето официјално му се одговара на прашањето: „Тој те родил, ти си негова крв, и затоа мораш да го сакаш". Момчето и несакајќи се замислува: „А дали тој ме сакал мене кога ме раѓал — прашува, чудејќи се сѐ повеќе и повеќе — зарем тој мене ме родил заради мене? Тој не ме познавал мене, не го знаел дури ни мојот пол, во тој момент, во моментот на страста, можеби запалена и со вино, и единственото што ми

го дал, тоа е можеби наклоноста кон пијанството — ете го сето негово добродетелство... Па зошто јас да морам да го сакам него само затоа што ме родил, а после не ме сакал целиот живот?“ Можеби тие прашања вам ви се чинат груби, сурови, Но, од младиот ум да не бараме невозможно воздржување: „Истерај ја природата низ врата, таа ќе влезе низ прозорецот“ — а што е најважно, најважно: да не се плашиме од „метлите“ и од „жупелите“ и да го решаваме прашањето како што пропишува разумот и човекољубивоста, а не како што пропишуваат мистичките поими. А како да го решиме? Еве како: синот нека застане пред својот татко, и свесно и умно нека го праша: „Татко, кажи ми, зошто треба да те сакам? Татко, докажи ми дека јас треба тебе да те сакам“. — Па ако тој татко биде способен да одговори и да докаже, тогаш тоа е вистинско нормално семејство, што не се засновува само врз мистичката предрасуда ами врз разумни, свесни и строго хумани основи. Во противен случај, ако таткото не докаже — тоа семејство е пред распаѓање: тој не е татко, а синот добива слобода и право својот татко да го смета за туѓинец, дури и за свој непријател. Нашата говорница, господа поротници, треба да биде школа за вистината и за здравите поими!“

Тука говорникот беше прекинат од незадржлив, речиси бесен аплауз. Се разбира, не плескаше целата судска сала, но, плескаше половината. Плескаа и татковците и мајките. Одозгора, каде што седеа дамите, се слушнаа извици. Мавтаа со шамиичиња. Претседателот почна да ѕвони со сета сила. Тој очигледно беше налутен поради држењето на публиката, но воопшто не смееше да ја „исчисти“ салата, како што се закануваше неодамна, зашто на говорникот му аплаудираа и му мавтаа со шамиичиња и лица со големи чинови, старци со ѕвезди на фраковите, што седеа назад на последните столови, така што кога стивна вревата, претседателот се задоволи само со поранешното најстрого уверување дека ќе ја испразни салата; триумфирајќи и возбуден, Фетјукович го продолжи говорот.

„Господа поротници, вие се сеќавате, за страшната ноќ, за која толку многу се зборуваше и денеска, кога

синот, откако прескокнал преку оградата, се втурнал во куќата на татко си, и запрел, најпосле, очи в очи со непријателот и злотворот што го родил. Јас упорно останувам на тоа — во тој момент не дошол тука поради пари: обвинувањето за ограбување е бесмислица, како што веќе изложив порано. И не втрча тој таму за да убие, о, не; ако тој веќе имал намера да го направи тоа, ако не друго, барем однапред ќе се погрижел за оружје, а толчникот тој го зграпчил инстинктивно, ни самиот не знаејќи зошто. Дури и да го излажал татко си со знаците, дури и да влегол кај него, јас, како што веќе реков, ни за момент не верувам во приказната за убиството, но, ете, добро, да претпоставаме за еден момент дека тоа стои! Господа поротници, ви се колнам во сè што е свето, дека да не бил татко му, ами некој туѓинец-злотвор, тој откако ќе потрчал низ собите и ќе се уверел дека саканата жена ја нема во куќата, со трчање би избегал назад надвор без да му нанесе на својот соперник некаква штета; би го удрил, можеби би го турнал, но ништо повеќе, зашто нему не му било до тоа, немал што да прави, — нему му требало да знае каде е таа. Но татковото, таткото — о, сето тоа го направила само појавата на таткото, неговиот мачител од детството, неговиот непријател и неговиот навредувач, а сега и чудовишен соперник! Чувство на омраза го обзело и не сакајќи, несовладливо, не можел да размислува, сè му се измешало во еден момент! Тоа бил афект на безумство и споулавеност, но и афект на природата, која за своите вечни закони се одмаздува незадржливо и несвесно, како и сè во природата. Но убиецот ни тогаш не извршил убиство — јас го тврдам тоа, јас го викам тоа — не, тој само замавнал со толчникот поради негодување од омраза, не сакајќи да убие, не знаејќи дека ќе убие. Да го немал тој кобен толчник во рацете, тој можеби ќе го натепал татка си, но немало да го убие. Кога побегнал, не знаел дали го убил старецот што го соборил. Таквото убиство не е убиство. Таквото убиство не е ни таткоубиство. Не, убиството на таквиот татко не може да биде наречено таткоубиство. Таквото убиство само од предрасуда може да се смета за таткоубиство.

Но, дали, дали навистина било убиство? — Јас одново ви се обрнувам вам, и пак од длабината на мојата душа! Господа поротници, еве, ние ќе судиме, а тој ќе си рече себеси: „Тие луѓе ништо не направија за мојата судбина, за воспитувањето, за моето образование, за да ме направат човек. Тие луѓе не ме нахранија и не ме напоија, и не ме посетија кога бев гол в затвор и ете сега ме пратија во прогонство, на робија. Јас сега се пресметав со нив, јас веќе ништо не сум им должен и на никого ништо не сум му должен во веки веков. Тие се зли, и јас ќе бидам зол. Тие се без срце, и јас ќе бидам без срце“. Ете, тоа ќе го рече тој, господа поротници! И ви се колнам, ако го осудите, вие само ќе му ја олесните, ќе му ја олесните совеста, тој ќе ја колне крвта што ја пролеал, а нема да жали поради неа. Заедно со тоа вие ќе ја запустите во него **можноста** да стане човек, зашто тој ќе остане зол и слеп за цел живот. А дали ќе го казните страшно, грозно, со најужасната казна што можеме да си ја замислиме, за со тоа да му ја спасите и преродите душата засекогаш? Ако е така, тогаш здробете го со вашата милосрдност! Вие ќе видите, вие ќе чуете како ќе затрепери и ќе се вцаши неговата душа: зарем јас да поднесам таква милост, зарем мене толку љубов, зарем јас сум достоен за неа — тоа ќе го рече тој. О, јас знам, јас го познавам тоа срце, тоа диво но благородно срце, господа поротници! Тоа ќе се поклони пред вашето големо дело, тоа копнее по голем чин на љубовта, тоа ќе пламне и ќе воскресне засекогаш. Има души кои поради својата ограниченост го обвинуваат целиот свет. Но, здробете ја таквата душа со милосрдност искажете ѝ љубов, и таа ќе го проколни своето дело, зашто во неа има многу добри никулци, душата ќе се рашири и ќе види колку е милосрден бог, и колку се прекрасни и правични луѓето. Него ќе го вцаши, него ќе го здроби каењето и неизмерниот долг што му претстои отсега. И тогаш нема да рече: „Јас се пресметав“? ами ќе рече: „Виновен сум пред сите луѓе, и понедостоен сум од сите“. Во солзи на каење, и врело страдалничко блаженство тој ќе викне: „Луѓето се подобри од мене, зашто посакаа не да ме запустат,

ами да ме спасат!“ А вам ви е многу лесно да го направите тоа, тој милосрден чин. Зашто, кога нема никакви, ни најмалку веројатни докази, вам премногу тешко ќе ви биде, да изговорите: „Да виновен е.“ Подобро е да ослободиш десет виновници отколку да казниш еден невин. Го слушате ли, го слушате ли тој величествен глас од минатиот век на нашата славна историја? Зарем јас, ништожна личност, да ве потсетувам оти рускиот суд не е само казна, туку и спасување на пропаднатиот човек! Кај другите народи можеби е мртва буква и одмазда, кај нас е дух и смисла спас и преродба на пропаднатите. Ако е така, ако е навистина таква Русија и нејзиниот суд, тогаш — напред, Русијо, и немојте, о, немојте да не плашите со вашите споулавени тројки, пред кои се тргаат настрана со омраза сите народи! Не споулавена тројка, ами величествена руска кола свечено и мирно ќе стигне на целта. Во ваши раце е судбината на мојот клиент, во ваши раце е судбината на нашата руска правда. Вие ќе ја спасите, вие ќе ја одбраните, вие ќе докажете дека има кој да ја чува, дека таа е во добри раце!“

XIV

Селаните обелија образ

Така заврши Фетјукович. Восхитот на слушателите избувна незадржливо како бура. Не можеше ни да се помисли да се задржи. Жените плачеа, а плачеа и мнозина мажи, пролеаја солзи дури и двајца високи чиновници. Претседателот се покори, и малку причека пред да ѕasвони. „Да се гиба ваквото одушевување значеше да се гиба во светиња!“ Велеа после кај нас дамите. Говорникот беше искрено трогнат. Ете во таков момент стана нашиот Иполит Кирилович за уште еднаш да ги каже своите забелешки. Тој беше примен со омраза: „Како? Што е тоа? Зарем тој уште смее да зборува нешто против?“ — фатија да мрморат дамите. Но да почнеа да мрморат дури и сите дами од

целиов свет, а меѓу нив и самата сопруга на обвинителот Иполит Кирилович, ни тогаш него никој не би можел да го задржи во тој момент. Тој беше блед, целиот се тресеше од возбуда; првите зборови, првите реченици, му беа неразбирливи: одвај дишеше, лошо изговараше, се збунуваше. Но, набргу се прибра. Од тој втор негов говор, меѓутоа, јас ќе приведам само неколку реченици.

„. . . Ми се префрла дека сме испоизмислиле романи. А како е кај бранителот, ако не роман врз роман. Кај него недостигаат уште стихови. Фјодор Павлович очекувајќи ја љубовницата, го кине пликот и го фрла на подот. Се приведуваат дури и зборовите што ги изговорил тој во таа чудна ситуација. Па зарем тоа не е поема. А каде е доказот дека тој ги извадил парите, кој слушнал дека зборувал? Слабоумниот идиот Смердјаков претворен во некаков Бајронов јунак, кој им се одмаздува на луѓето поради своето вонбрачно потекло — не е ли тоа поема според вкусот на Бајрон. А синот што насилно влегол во станот на татка си и го убил, но воедно и не го убил, тоа дури не е ни роман, па ни поема, тоа е сфинга, што ни поставува загатки, кои и самата, се разбира, нема да ги одгатне. Ако убил, тогаш убил, а како тоа: ако убил, не убил — кој може да го сфати тоа? Потоа ни се објавува дека нашата говорница е говорница на вистината и на здравите поими; кога таму, од таа говорница „на здрави поими“ со клетва одекнува аксиомот дека е само предрасуда убиството на таткото да се наречува таткоубиство! Но, ако е предрасуда таткоубиството, и ако секое дете го прашува татка си: „Татко, зошто јас треба да те сакам тебе?“ — тогаш што ќе стане со нас, што ќе остане од општествените основи, кој крај ќе го фати семејството? Таткоубиството, гледате ли, тоа е само „жупел“ на московската трговка. Најскапоцените, најсветите завети за целта и иднината на рускиот суд се прикажуваат извртено и лесномислено, само за да се постигне целта, да се дојде до оправдување на она што не може да се оправда. О, здробете го со милосдрност! Викнува бранителот — а на злосторникот токму тоа и му треба, и уште утре

ќе се види колку ќе биде здробен! Да не е премногу скромен бранителот кога бара само ослободување на обвинетиот? Зошто да не бара да се востанови стипендија што би го носела името на таткоубиецот, за да се овековечи споменот на неговиот подвиг кај потомството и кај младото поколение. Бранителот го поправа Евангелието и религијата: сето тоа е мистика, вели тој, а еве само кај нас е вистинското христијанство, веќе проверено со анализата на разумот и здравите поими. И пред нас се издига лажна слика на Христоса! **Со која мера мерите, со таа мера и ќе ви се враќа** — викнува бранителот и во истиот момент изведува заклучок оти Христос заповедал да мериме со онаа мера со која ни се мерело нам — и тоа од трибината на вистината и здравите поими! Ние sирнуваме во Евангелието, дури спроти нашите говори, за да блеснеме со познавањето на тоа сепак доста оригинално дело, кое добро може да ни дојде и да ни послужи заради извесен ефект, — според потребата, според потребата! А Христос посебно вели да не се прави така, да се чуваме од таквите постапки, зашто така се прави во светот на злото, и дека сме должни да си простуваме и да го подметнуваме својот образ, а не да мериме со онаа мера со која ни мерат нашите злосторници. Ете, така нè учеше нашиот бог, а не дека е предрасуда да им се забранува на децата да ги убиваат своите родители. И барем од катедрата на вистината и на здравите поими нема да го исправиме евангелието на вашиот бог, кого бранителот го удостојува да го нарече само „распнат Човекољубец", спротивно на сета православна Русија која му извикува: „Зашто ти си наш бог!" . . .

Тука претседателот се замеша и го предупреди занесениот говорник замолувајќи го да не преувеличува, да остане во потребните граници, и друго, што обично го кажуваат претседателите во таквите ситуации. А и салата беше немирна. Публиката се мрдаше, дури и викаше негодувајќи. Фетјукович не сакаше да одговара, тој само се качи на говорницата си ја стави раката на срце, со навреден глас изговори неколку збора полни со достоинство. Само бегло и

подбивно го засегна „романот“ и „психологијата“, и згодно додаде на едно место: „Јупитеру, ти се лутиш, значи, ти немаш право!“ — со кое предизвика одобрувачка смеа кај мнозина присутни, зашто Иполит Кирилович, ни најмалку не прилегаше на Јупитер. Потоа, на обвинението дека тој божем му одобрува на младото поколение да си ги убива татковците — Фетјукович многу достоинствено забележи дека не сака ни да одговара. Колку пак за „лажната слика на Христоса“ и за тоа дека тој не го удостоил Христоса да го нарече бог, ами дека го нарекол само „распнат Човекољубец“, кое, „е спротивно на православјето и не смеело да биде искажано од говорницата на вистината и здравите поими“ — Фетјукович го спомна зборот — „инсинуација“, и додаде дека тој, кога тргнувал за ваму, сметал барем со тоа оти оваа говорница е обезбедена од обвиненија „опасни за мојата личност, како граѓанин и како верен подајник“ . . . Кај тие зборови претседателот го предупреди и него и Фетјукович откако се поклони го заврши својот одговор придружен од сеопшта одобрувачка врева во судската сала. А Иполит Кирилович, според мисленьето на нашите дами, беше „здробен засекогаш“.

Потоа збор доби обвинетиот. Митја стана, но зборуваше малку. Тој беше многу уморен и телесно и душевно. Изгледот на самоувереност и сила, со кој изутрината влезе во салата, сосем беше исчезнат. Тој како дента да преживеа нешто за цел живот, нешто што го вразуми и го научи во нешто многу важно кое тој порано не го сфаќаше. Гласот му беше омалодушен; веќе не викаше како порано. Во неговите зборови звучеше нешто ново, нешто смирено, победено, спласнато.

„Што можам да кажам, господа поротници? Дојде мојот суден ден, ја чувствувам раката на господа врз себе. Крај на пропаднат човек! Но како на бога, исповедајќи се, и вам ви велам: „За крвта на татко ми — не, не сум виновен!“ Последен пат ви повторувам: „Јас не го убив!“ Бев разуздан, но го сакав доброто. Секој момент се стремев да се поправам. А живеев како див звер. Му благодарам на државниот обвини-

тел, тој кажа за мене многу нешта што не ги знаев јас, но не е вистина дека сум го убил татко ми, во тоа греши нашиот државен обвинител. Му благодарам и на бранителот, плачев кога го слушав, но не е вистина дека сум го убил татко ми, и не беше ни потребно да претпоставува такво нешто. А не верувајте им на докторите, јас сум при чиста свест, само ми е тешко во душава. Ако ме поштедите, ако ме ослободите — ќе му се помолам на бога за вас. Ќе станам подобар, ви давам збор, пред бога ви давам збор. А ако ме осудите, јас самиот ќе скршам сабја врз својата глава, а откога ќе ја скршам, ќе ги бацам парчињата. Но поштедете ме, не лишувајте ме од мојот бог, зашто се познавам себеси, ќе се разбунтувам. Тешко ми е во душава, господа... Поштедете ме!"

Тој се спушти на своето место како да падна, гласот му се пресече, последната реченица одвај ја изговори. Потоа судот пристапи кон формулирање на прашањата, и почна да бара од странките завршни одговори. Но јас нема да ги опишувам подробностите. Најпосле, поротниците станаа за да одат во друга соба за да се договорат. Претседателот беше многу уморен, и затоа ги испрати со површното упатство: „Бидете, непристрасни, не дозволувајте да бидете занесувани од красноречивите зборови на бранителот, но сепак, добро измерете и сетете се дека врз вас лежи голема одговорност" — рече тој, — и така натаму. Поротниците се оддалечија и судската седница беше прекината. Сега можеше да се стане, да се прошета да се разменат насобраните впечатоци, да се касне нешто во бифето. Беше многу доцна, веќе околу еден часот по полноќ, но никој не си одеше. Сите беа толку напрегнати, што никому не му беше до одмор. Сите со страв во срцето исчекуваа, иако впрочем, на сите не им трепереа срцата. Дамите беа само хистерично нестрплливи, но срцата им беа мирни: „ослободувањето е неминовно". Сите тие се подготвуваа за ефектниот момент на општо одушевување. Признавам, и во машката половина на салата имаше извонредно многу убедени дека обвинетиот бездруго ќе биде ослободен. Некои се радуваа, а некои просто ги обесија носевите: не са-

каа ослободување. И самиот Фетјукович беше цврсто убеден во успехот. Тој беше опколен, примаше честитања, му се додворуваа.

— Има — рекол тој, во една група, како што се раскажуваше после — има невидливи нишки што го врзуваат бранителот со поротниците. Тие се врзуваат и се претчувствуваат уште за време на говорот. Јас ги почувствував, тие постојат. Работата е на наша страна, бидете мирни.

— Туку што ќе речат сега нашите селани? — проговори еден намуртен, дебел и ќелав господин, спахија од близината на нашиот град, кој дојде во една група.

— Па тие не се само селани. Меѓу нив има четворица чиновници.

— Да, да, чиновници — рече членот на Земската управа приклучувајќи се кон групата.

— А го познавате ли вие Назарјов, Прохор Иванович — трговецот со медалот, поротникот?

— А зошто?

— Многу е умен.

— Па тој постојано молчи.

— Молчи, се разбира дека молчи, дотолку подобро. Него не треба да го учи оној од Петербург, тој самиот ќе го научи целиот Петербург. Дванаесет деца претставете си!

— Ама живи бога, можно ли е да не го ослободат? — викаше во друга група еден од нашите помлади чиновници.

— Секако ќе го ослободат! — се слушна еден решителен глас.

Срамно, срамно би било да не го ослободат! — викаше чиновникот. — Дури и да убил, но од татко до татко — има разлика. Најпосле, бил во таков занес... Навистина можел само да замавне со толчникот, а тој се струполил. Само не чини што во тоа го вовлекоа слугата. Тоа е просто една смешна епизода. Да сум на местото на бранителот, јас просто би рекол: убил, но не е виновен, одете по ѓаволите!

— Па така и направи, само што не рече „одете по ѓаволите“.

— Ама Михаил Семјонич, речиси така и се изрази, — прифати трет глас.

— Слушајте, ве молам, господа; кај нас на големи пости ја ослободија артистката што ѝ го пресекла грлото на законитата жена од својот љубовник.

— Но не го пресекла докрај.

— Сеедно, сеедно, почнала да сече.

— А како го рече тоа за децата? Чудесно!

— Чудесно.

— А за мистиката, за мистиката, а?

— Оставете ја мистиката! викна уште некој, — туку влезете вие во душата на Иполит, во неговата судбина од денешниов ден! Та нему утре жена му ќе му ги извади очите поради Митјенка.

— А тука ли е таа,

— Што тука? Да е овде, овде веднаш би му ги извадила. Останала дома, ја болел забот. Хе, хе, хе!

— Хе, хе, хе!

Во трета група:

— А Митјенка, богами, ќе го ослободат.

— Внимавај само, утре тој цела „Престолнина“ ќе ја преврти, ќе пијанчи десет дена.

— Ех, ѓавол!

— Ѓавол — секако! Без ѓавол не можело ни да биде. Каде ќе биде ако не тука?

— Најпосле добро, красноречивост. Но, секако, нема да им ги кршиме главите на татковците со толчници. Инаку, каде ќе ја дотераме?

— А колата, колата, се сеќавате ли?

— Да, од араба направи кола.

— А утре ќе направи кола од арабата, „според потребата, се според потребата“.

— Светот станал вешт. Има ли, господа, кај нас во Русија правда или воопшто нема?

Ѕвончето заѕвони. Поротниците се советуваа точно еден час, ни повеќе ни помалку. Длабоко молчење завладеа штом публиката повторно си ги зазеде местата. Се сеќавам како поротниците влегоа во судската сала. Одвај веќе! Прашањата не ги приведувам точка по точка, а и сум ги заборавил. Се сеќавам само за

првото и главно прашање на претседателот, тоест „дали убил со намера да ограби од умисла?“ (не се сеќавам за текстот). Сè замре. Известувачот на поротниците, чиновникот што беше најмлад од сите нив, гласно и јасно, во мртвата тишина на публиката, објави:

— Да, виновен е.

А потоа, по сите точки, се редеше истото: виновен е, да, виновен е, и без олеснителни околности. Тоа никој не го очекуваше; ако не друго, но речиси сите беа уверени, дека сепак по нешто ќе биде земено во обзир. Мртвата тишина во судската сала не се прекинуваше, како сите да беа сосем скаменети, и оние што сакаа осуда, и оние што очекуваат ослободување. Но така беше само во првите моменти. Потоа настапи голема мешаница и викотница. Кај машката публика имаше голем број задоволни. Некои дури си ги триеја рацете, не криејќи си ја радоста. Незадоволните пак, беа некако потиштени, ги собираа рамениците, си шепотеа меѓу себе, и како уште да не сфаќаа сè. Но господи, што стана со нашите дами! Јас си мислев дека тие ќе подигнат бунт. Отпрвин како да не им веруваа на своите уши. И наеднаш по целата сала одекнаа извиците: „ама што е ова? што е сега ова?“ Тие испоскокаа од своите места. Им се чинеше дека сето тоа сега веднаш може пак да се измени и поправи. Во тој момент, стана Митја и некако потресно и молбено проговори, протегајќи ги пред себе рацете:

— Ви се колнам во бога и во неговиот страшен суд, за крвта на татко ми не сум виновен! Катја, ти простувам! Браќа, пријатели, поштедете ја другата!

Не изговори докрај, горчливо заплака, толку гласно, што се слушна во сета сала, заплака страшно, со некаков несвој, нов, неочекуван глас, што му се појави одеднаш којзнае откаде. Горе на галеријата, во најоддалечениот агол одекна силен женски врисок: тоа беше Грушенка. Таа имаше замолено некого, па повторно ја беа пуштиле во салата, уште пред да почне расправата.

Митја го одведоа. Соопштувањето на пресудата беше одложено за утредента. Сета сала стана, и се разврeви. Но јас веќе не чекав и не слушав. Запаметив само неколку извици, веќе на скалите при излезот.

— Ќе помириса како е во рудниците — и тоа едно дваесет години.

— Не верувам помалку!

— А нашите селани обелија образ!

— Го закопаа нашиот Митјенка.

ЕПИЛОГ

I

Планови да се спаси Митја

Петтиот ден по судењето на Митја, многу рано изутрината, уште во девет часот, Аљоша отиде кај Катарина Ивановна, за конечно да се договори со неа за некоја и за двајцата важна работа, а освен тоа и со една порака за неа. Таа седеше и разговараше со него, во истата соба во која некогаш ја прими Грушенка: веднаш во другата соба, лежеше во оган и без свест Иван Фјодорович. Катарина Ивановна по сцената во судот, нареди болниот Иван Фјодорович, кој ја беше изгубил свеста, да се пренесе кај неа дома, не обрнувајќи се на тоа дека ќе ја озборува и ќе ја осудува после светот. Едната од нејзините две роднини, што живееја заедно со неа, веднаш по сцената отиде во судот во Москва, а другата остана тука. Но, и двете да отидеа, Катарина Ивановна немаше да го измени своето решение, и ќе останеше да го гледа болниот и да бдее врз него и дење и ноќе. Го лекуваа Варвински и Херценштубе; московскиот доктор си замина во Москва, не сакајќи однапред да го даде своето мислење во однос на веројатниот крај на болеста. Лекарите што останаа, иако ги охрабруваа Катарина Ивановна и Аљоша, сепак, се гледаше, уште не можеа да дадат поголеми надежи. Аљоша наминуваше кај болниот брат двапати дневно. Но овојпат тој имаше посебна, многу важна работа, и претчувствуваше дека ќе му биде тешко да започне разговор за неа, а, меѓутоа, многу требаше да

брза: имаше уште една неодложна работа за истото утро, на друго место, и требаше да се брза. Тие веќе разговараа четврт час. Катарина Ивановна беше бледа, многу уморна, и воедно необично, болно возбудена. Претчувствуваше зошто дошол сега кај неа Аљоша.

— За неговото решение не грижете се — му рече таа решително на Аљоша. — Како да е, тој сепак ќе излезе, тој мора да бега. Овој маченик овој херој на честа и совеста, не оној, не Дмитриј Фјодорович, ами овој што лежи зад вратана и што се жртвува себеси, за братот — (додаде Катја блестејќи со очите) — тој одамна ми го има соопштено планот за бегството. Знаете, тој веќе беше во врска... Јас по нешто веќе соопштив... Гледате, тоа веројатно ќе се случи на третата етапа одовде, кога партијата прогнаници ќе ја водат во Сибир. О, до тоа уште е далеку. Иван Фјодорович веќе беше кај началникот на третата етапа. Само не се знае кој ќе биде началник на партијата прогнаници, а тоа и не може однапред да се дознае. Утре можеби ќе ви го покажам подробниот план што ми го остави Иван Фјодорович спроти судењето, за секој случај... Тоа беше токму тогаш кога, дали се сеќавате, вечерта ме затековте како се каравме: тој тогаш слегуваше по скалите, а јас штом ве видов, му реков да се врати, се сеќавате ли? А знаете ли зошто се скаравме тогаш,

— Не знам — рече Аљоша.

— Се разбира, тој тогаш го скри тоа од вас — токму поради планот за бегството. Тој уште три дена пред тоа ми кажа сè што е главно и тогаш почнавме да се караме, и три дена се каравме. Се скаравме затоа што јас, кога тој ми рече дека, ако го осудат, Дмитриј Фјодорович ќе избега во странство заедно со бестијата, — наеднаш му се налутив — нема да ви кажам зошто; ни јас не знам зошто... Ах, се разбира, јас поради бестијата поради таа бестија се налутив, и токму затоа што таа бега во странство со Дмитриј! — викна Катарина Ивановна, а усните ѝ затреперија од бес. — Иван Фјодорович, кога виде дека се налутив, поради бестијата, веднаш си помисли дека сум љубоморна поради Дмитрија и дека, значи, сè уште

го сакам Дмитрија. И, ете, тогаш така избувна првата караница. Јас не сакав да објаснувам, а не можев да молам за прошка; ми беше тешко оти таков човек можеше да се посомнева дека јас, како порано го сакам тој . . . и тоа откако одамна пред тоа сум му рекла дека не го сакам Дмитрија, дека го сакам само, него единствено него! Јас се налутив само поради таа бестија. По три дена, токму вечерта кога дојдовте вие, тој ми донесе запечатен плик, кој требаше да го отворам веднаш ако му се случи нешто нему. О, тој ја предвидуваше својата болест! Ми ја довери тајната дека во пликот се наоѓаат подробностите за бегството, и дека ако тој умре, или ако се разболи опасно, јас треба да го спасам Митја. И кај мене остави пари, речиси десет илјади — истите пари што ги спомнуваше обвинителот во својот говор, откако дознал од некого оти Иван ги испратил за да ги размени. Мене многу ме вчудовиди тоа што Иван Фјодорович сè уште е љубоморен на мене и сè уште убеден дека јас го сакам Митја, не ја напушти мислата да го спаси брата си — и мене, токму мене, ми го доверува тоа спасување! О, тоа беше жртва! Не, вие не можете да го сфатите наполно таквото самопожртвување, Алексеј Фјодорович! Јас сакав да паднам пред неговите нозе од страхопочит, но кога си помислив дека тој тоа ќе го сфати само како моја радост, затоа што се спасува Митја (а тој и ќе помислеше така!) толку се налутив поради можноста за таква неправедна помисла од негова страна што дури се разбеснив па наместо да му ги бацувам нозете, јас пак му „направив сцена"! О, јас сум несреќна. Таков ви е мојот карактер ужасен, несреќен, карактер! — О, вие ќе видите: јас ќе направам уште нешто, јас дотаму ќе ја доведам работата што и тој ќе ме остави поради некоја друга, со која би можел полесно да живее, како што направи Дмитриј. Но тогаш . . . не, тоа веќе не ќе можам да го издржам и ќе се убијам. А тогаш кога дојдовте вие, и кога ве викнав, а нему му реков да се врати, и кога влезе со вас, мене толку ме беше обзел гнев, поради омразениот, презривиот поглед со кој ме погледна што — дали се сеќавате — наеднаш викнав, дека **тој, единствено тој,** ме уве-

рил оти брат му Дмитриј е убиец. Тогаш јас нарочно го наклеветив, само за да го каснам уште еднаш, а тој мене никогаш, никогаш не ме уверувал дека брат му е убиец, напротив, јас го уверував него! О, мојот бес е причина за сè! Јас, јас ја подготвив таа проклета сцена во судот! Иван сакаше да ми докаже дека е благороден и дека без обзир дали јас го сакам неговиот брат, тој сепак нема да го запусти поради одмазда и љубомора. Затоа тој излезе пред судот со она . . . јас сум причината за сè, само јас сум виновна!

Катја никогаш пред Аљоша не се исповедала така, и тој почувствува дека таа сега се наоѓа на оној степен од неиздржливото страдање, кога и најгордото срце со болка си ја крши гордоста и паѓа победено од тагата. О, Аљоша знаеше уште една страшна причина за нејзината сегашна мака, без обзир што таа тоа го криеше од него целото време по осудата на Митја; но нему би му било премногу тешко кога таа би се решила толку да се понижи и веднаш, овој час да почне со него да зборува и за таа причина. Таа страдаше поради своето „предавство“ во судот, и Аљоша чувствуваше дека совеста ја тера да ја признае својата вина токму пред него, пред Аљоша, со солзи, со извици, со хистерија, со тркалање по подот. Тој се плашеше од таквиот момент, и сакаше да ја зачува кутрата од тоа. Дотолку потешка му беше задачата поради која дојде. Тој пак почна да зборува за Митја.

— За него не плашете се воопшто, воопшто! — упорно и остро почна Катја — сето тоа кај него е само за момент, јас го познавам него, јас премногу добро го познавам тоа срце. Бидете уверен дека тој ќе се согласи да бега. А што е најважно, тоа не ќе биде веднаш: ќе има време за да се реши. Иван Фјодорович дотогаш ќе оздрави, па самиот ќе ја земе работата в раце, така што јас не ќе морам ништо да правам. Не грижете се, тој ќе се согласи да избега. А веќе и се согласил: зарем може тој да ја остави својата бестија? А неа нема да ја пуштат на робија, тогаш како нема да бега? Тој само од вас се плаши; се плаши дека нема да го одобрите бегството од морална страна, но вие треба тоа великодушно да му го дозволите, ако

е веќе толку неопходна вашата санкција — зајадливо додаде Катја.

Тој молчеше некое време, а потоа се насмевна.

— Тој таму кажува — пак продолжи таа — за некакви химни, за крстот што мора да си го носи, за некаква должност — многу ми зборуваше за тоа Иван Фјодорович; и да знаете уште како ми зборуваше! — викна Катја со незадржливо чувство на восхит — кога би знаеле вие колку го сакаше Иван кутриот тој човек во моментот кога ми расправаше за него, и колку го мразеше можеби во исто време! А јас, јас тогаш го слушав неговото раскажување и неговиот плач со горда насмевка! О, несреќнице ниедна! Јас сум таа несреќница. Јас! Јас му ја создадов болеста и го фрлив во оган! А оној, осуденият ,— може ли тој да страда, и зарем знае тој да страда? Таквите како него никогаш не страдаат!

Некакво чувство на омраза и на гадлив презир прозвучи во тие зборови. А таа го предаде! „А можеби токму затоа што многу чувствува дека е виновна пред сите, можеби затоа го мрази понекогаш“, си помисли во себе Аљоша. Тој би љубел да е тоа само „понекогаш“. Во последните зборови на Катја тој почувствува предизвик, но не го прифати.

— Јас ве викнав денеска за да ми ветите дека ќе го убедите, или можеби и вие мислите дека ќе биде нечесно да бега, дека не ќе биде благородно, или, како беше тоа . . . да не нема да биде христијански? — додаде Катја со уште пожестоко предизвикување.

— Не, ништо. Јас ќе му кажам сè . . . — промрмори Аљоша. — Тој ве вика денеска да одите кај него, исфрли Аљоша наеднаш, решително гледајќи ѝ во очите.

Таа сета затрепери, и малку се потргна настрана на канабето.

— Мене . . . можно ли е? — промрмори таа побледнувајќи.

— Тоа е можно и неопходно! — упорно продолжи Аљоша, целиот живнат. — Вие сте му многу потребна, токму сега. Јас не би започнал разговор за тоа, ниту би ве мачел предвреме ако тоа не е голема потреба.

Тој е болен, тој е како луд, непрестајно ве бара вас. Тој не ве вика за да се смирите, ами само да дојдете и да се покажете на прагот. Во неговата душа многу работи се имаат случено оној ден. Тој сфаќа колку е виновен пред вас. Тој не бара да му простите: „Мене не може да ми се прости“ — вели тој самиот, ами само да се појавите на прагот...

— Вие одненадеж... — промрмори Катја — јас сиве овие денови претчувствував дека вие ќе дојдете заради тоа... Знаев дека ќе ме повика!... Тоа не е можно.

— Дури и да не е можно, направете така. Помислете си дека тој сега првпат е потресен поради тоа што ве навредил, првпат во животот, никогаш пред тоа не го сфатил тоа толку целосно! И вели: ако таа не сака да дојде, јас „ќе бидам несреќен цел живот“. Слушајте: робијашот што е осуден на дваесет години, уште се готви да биде среќен — не е ли тоа тажно? Помислете си дека ќе посетите невино упропастен, — му се откина на Аљоша предизвикувачки — неговите раце се чисти, на нив нема крв! Поради неговото неизмерно ѝдно страдање, посетете го сега! Дојдете, испратете го во темница... Застанете на прагот и ништо повеќе... Вие морате, вие *морате* да го сторите тоа! — заврши Аљоша со неверојатна сила нагласувајќи го зборот „морате“.

— Морам... но... не можам... — речиси залипа Катја — тој ќе гледа во мене... не можам.

— Вашите очи мораат да се сретнат. Како ќе издржите цел живот ако сега не се решите?

— Подобро да страдам цел живот.

— Вие треба да дојдете, *треба* да дојдете! — пак неумоливо нагласи Аљоша.

— Ама зошто денеска, зошто веднаш... Јас не можам да го оставам болниов.

— За малку можете. Па тоа е само еден момент. Ако не дојдете, тој до вечер ќе се разболи, ќе добие оган. Јас не ви зборувам нешто невистинито, сожалете се!

— Вие сожалете ми се мене!... — горчливо му префрли Катја, и заплака.

— Значи, ќе дојдете! — решително рече Аљоша кога ги забележи нејзините солзи. — Јас да одам да му кажам дека ќе дојдете веднаш.

— Не, по никоја цена не кажувајте му! — уплашено викна Катја. — Ќе дојдам, но не кажувајте му однапред, затоа што јас ќе дојдам, но можеби нема да влезам... уште не знам...

Гласот ѝ се пресече. Дишеше тешко. Аљоша стана да си оди.

— А ако се сретнам со некого? — проговори таа тивко, сета побледена.

— Затоа, за да не се сретнете таму со никого, треба да одите веднаш. Таму ќе нема никого, вистина ви велам. Ние ќе ве чекаме — упорно заврши тој, и излезе од собата.

II

Вчас лагата стана вистина

Тој брзајќи отиде во болницата каде што сега лежеше Митја. Утредента по судското решение Митја падна во нервна треска и беше упатен во нашата градска болница, во одделението за казненици. Но лекарот Варвински, по молбата на Аљоша и на мнозина други (Хохлакова, Лиза, и други) не го смести Митја кај казнениците, ами одвоено, во собичето во кое порано лежеше Смердјаков. Вистина, на крајот од ходникот стоеше стражар, а на прозорецот имаше решетка, па Варвински можеше да биде мирен поради тоа олеснување, кое не беше сосем законско; тој беше добар млад човек, со чувствително срце. Тој сфаќаше колку му е тешко на таков човек каков што беше Митја, наеднаш да дојде во друштво на убијци и измамници, и дека мора да се навикне на тоа. Лекарот и надзорникот, па дури и полициискиот старешина му одобрија на Митја да го посетуваат роднините и познатите — но не сосем јавно. Тие денови Митја го посетија само Аљоша и Грушенка. Ракитин веќе двапати настојуваше и тој да се види со него, но Митја упорно го молеше Варвински да не го пушта.

Аљоша го затече Митја како седи на постелата, во болничка кошула, со малку оган, со глава завиткана во пешкир, наквасен во вода и оцет. Го погледна Аљоша со неопределен поглед во очите сепак му се појави некаков страв.

Воопшто, од денот на судењето, стана многу замислен. Понекогаш молчеше и по половина час, како да смислува нешто тешко и мачно, заборавајќи за присутниот. А ако понекогаш се тргнеше од замисленоста и фатеше да зборува, секогаш почнуваше некако ненадејно и бездруго не за она што навистина беше потребно да го каже. Понекогаш со болка гледаше во својот брат. Како да му беше полесно со Грушенка, отколку со Аљоша. Вистина, тој со неа речиси и не зборуваше, но само што ќе влезеше таа, сето негово лице ќе светнеше од радост. Аљоша седна молчејќи до него на постелата. Овој пат Митја вознемирено го очекуваше Аљоша, но не се осмели ништо да го праша. Сметаше дека е невозможно и да се помисли оти Катја ќе се согласи да дојде, и воедно чувствуваше: ако не дојде, ќе се случи нешто за кое дури не смееше ни да помисли. Аљоша ги сфаќаше неговите чувства.

— Велат — рече Митја — дека Трифон Борисич ја испребарал сета своја гостилница: го раскопал подот, ги вадел штиците, сета своја „галерија“, велат, ја растурил на парчиња. Непрестајно го бара богатството, парите, илјада и петстотините, за кои обвинителот рече дека сум ги скрил таму. Откако дошол дома, велат, веднаш почнал да прави чуда. Така и му треба, нерани-мајко. Мојот чувар вчера ми го кажуваше тоа, тој е оттаму.

— Слушај — рече Аљоша — таа ќе дојде, но не знам кога; можеби денеска, можеби деновиве. не знам, но ќе дојде, ќе дојде, тоа е сигурно.

Митја затрепери, веќе сакаше нешто да каже, но замолчи. Веста страшно повлија врз него. Се гледаше дека страсно сака да дознае детали од разговорот, но дека сепак се плашеше сега да праша: зашто нешто сурово и презриво од страна на Катја сега за него би било како удар со нож.

— Еве што рече, помеѓу другото: бездруго да си ја смирам совеста, во поглед на бегството. Ако до тоа време не оздрави Иван, тогаш таа ќе се зафати со тоа.

— Ти веќе ми кажуваше за тоа — замислено забележи Митја.

— А ти побрза да ѝ го кажеш тоа на Груша — забележи Аљоша.

— Да — призна Митја. — Таа нема да дојде денеска претпладне — со страв тој погледна во брата си, — ќе дојде дури квечерина. Само што ѝ реков вчера оти Катја работи на тоа, таа замолчи, а усните ѝ се искривија. Само прошепоти: „Нека работи!“ Сфати дека работата е важна. Не смеев да ја мачам повеќе. Таа, изгледа, сега веќе сфаќа дека Катја не ме сака мене, туку Ивана.

— Дали е така? — му се откина на Аљоша.

— Па речиси и не е така. Но таа сега, до пладне нема да дојде, брзо потсети Митја — јас ѝ дадов една задача... Слушај, братот Иван ќе нè надмине сите нас. Тој треба да живее, а не ние. Тој ќе оздрави.

— Претстави си, Катја, иако се плаши за него, речиси и не се сомнева оти тој ќе оздрави, — рече Аљоша.

— Значи, уверена е дека ќе умре. Само од страв, е уверена дека тој ќе оздрави.

— Братот е цврсто граден. И јас многу се надевам дека ќе оздрави — грижливо забележи Аљоша.

— Да, ќе оздрави. Но Катја е уверена дека тој ќе умре. Таа има многу маки.

Настаѓи молчење. Митја го мачеше нешто многу важно.

— Аљоша — јас многу ја сакам Груша! — наеднаш проговори тој, со растреперин глас полн со солзи.

— Неа нема да ја пуштат *таму* со тебе, — веднаш забележи Аљоша.

— А, еве уште што сакав да ти кажам — продолжуваше Митја со некаков глас кој наеднаш стана метален, — ако почнат да ме тепаат по пат, *или таму* јас нема да дозволам, ќе убивам, и мене ќе ме стрелаат. Зарем тоа да го трпам уште дваесет години! Овде веќе почнуваат да ми се обрнуваат со *ти*. Чуварите ми

велат *ти*. Лежам ноќеска и цела ноќ се оценувам себеси: не сум подготвен! Не сум во состојба да го примам тоа! Сакав да запеам „химна“ а не сум способен да издржам да ме тепаат... Но, неа *таму* нема да ја пуштат.

Аљоша тивко се насмевна.

— Слушај, брате, и еднаш засекогаш, — рече тој — еве ти ги моите мисли за тоа. А знаеш дека јас нема да те излажам. Слушај, значи: ти не си подготвен, и за тебе не е таков крст. И не само тоа: тебе, така неподготвен, и не ти е потребен толку голем маченички крст. Да го убиеше татета, јас ќе жалев што го отфрлаш својот крст. Но ти си невин, и таквиот крст е премногу тежок за тебе. Ти сакаше со страдање од себе да создадеш друг човек. А, според моето сфаќање, треба само да го имаш пред очи тој друг човек, секогаш, целиот живот, и каде и да побегнеш, и тоа е доста од тебе. Штом не ги земаш врз себе маките на големиот крст, тоа ќе ти послужи само да почувствуваш во себе уште поголема должност, и тоа непрекинато чувство, ќе ти помогне отсега за целиот живот во твојата преродба можеби повеќе отколку кога би отишол *таму*. Зашто ти таму нема да издржиш, ќе почнеш да негодуваш, па најпосле можеби просто и ќе речеш... „Јас се оддолжив“. Во овој случај адвокатот ја кажа вистината. Не се сите за тешко бреме, за по некого тоа е невозможно... Ете, такви се моите мисли, ако ти се потребни. Ако за твоето бегство, мораат да одговараат други, офицер, војник, тогаш јас „не би ти дозволил“ да бегаш — се насмевна Аљоша. — Но велат и уверуваат (на Ивана му велел самиот старешина на етапата) дека со малку повеќе вештина, не ќе има голема одговорност, и дека се може да мине со лесно. Се разбира, нечесно е да потплатуваш и во тој случај но јас тука по никоја цена не сакам да бидам судија, веќе и затоа што кога, на пример, Иван и Катја би ми ја довериле таа работа мене, јас, го знам тоа, би отишол и би потплатил, морам да ти ја кажам сета вистина за тоа. И затоа нема да бидам судија во тоа како ќе постапиш ти самиот. Но знај дека јас никогаш нема да те осудам. А и како би можел, во таа

работа да бидам твој судија! Ете, сега, изгледа, изнесов сè.

— Но затоа јас ќе се осудам себеси! — викна Митја. — Јас ќе побегнам тоа е решено и без тебе: зарем Митја Карамазов може да не побегне? Но затоа ќе се осудам себеси, и таму ќе го откупувам својот грев додека сум жив. Така велат езуитите, нели? . . . Така како што велиме сега јас и ти, нели?

— Така — тивко се насмевна Аљоша.

— Те љубав затоа што секогаш ја кажуваш сета вистина докрај и ништо не премолчуваш! — викна Митја весело насмевнувајќи се. — Значи, јас мојот Аљошка го фатив во езуитство. Просто треба целиот да те избацам за тоа, ете ти! Но слушај го и другото — ќе ти ја откријам и другата половина на мојата душа, еве што намислив и како решив: ако побегнам, и тоа со пари и пасош, и дури во Америка, мене уште ме охрабрува мислата дека нема да побегнам за радост и среќа, туку навистина како да одам во друга робија која можеби и не е полоша од оваа. Не е полоша, Алексеј, вистина ти велам, дека не е полоша! Јас таа Америка, ѓаволот да ја земе, ја мразам уште сега. Таму со мене би била Груша, да, но погледни ја: па, прилега ли таа на Американка. Таа е Русинка, до коска е Русинка, па ќе почне да тагува по мајката родена земја, и јас секој час ќе гледам како тагува поради мене, дека поради мене носи таков крст — а во што е виновна таа? Па и јас — ќе можам ли јас да ги издржам тамошните гадови, иако тие можеби сите до еден се подобри од мене! Јас таа Америка уште сега ја мразам. Нека се тие таму сите до еден некакви големи машинисти, или нешто друго — нека се, ѓаволот да ги земе, тие не се мои луѓе, не се мои души! Јас ја сакам Русија, Алексеј, го сакам рускиот бог, иако сум подлец. Ама јас таму би скапал! — викна тој наеднаш светнувајќи со очите. Гласот му затрепери од солзи.

— И затоа еве како решив, Алексеј, слушај! — почна тој пак, откако ја совлада возбудата. — Кога ќе дојдеме таму со Груша, ние веднаш ќе фатиме да ораме, да работиме, со диви мечки, осамени, некаде подалеку. Веројатно и таму ќе се најде некакво одда-

лечено место. Таму велат, уште има црвенокожи луѓе, но таму на крајот на хоризонтот; ех, та ете во тој крај, со последните Мохиканци. И веднаш, и јас и Грушенка — ќе се фатиме за граматиката. Работа и граматика. Па така едно три години. За тие три години, ќе го научиме англискиот јазик, како најдобри Англичани. И само што ќе го научиме — крај на Америка. Ќе брзаме да се вратиме ваму, во Русија, како американски граѓани. Не плаши се, нема да дојдеме ваму во овој град. Ќе се засолниме некаде подалеку, на север или на југ. Дотогаш јас ќе се изменам, таа, исто така, таму во Америка, докторот ќе ми залепи некаде некаква брадавица — не се тие напразно механичари. А ако не може така, тогаш самиот јас ќе си го боцнам едното око, и ќе пуштам да ми израсне долга побелена брада (за Русија ќе ми побели) — и веројатно нема да ме познаат. А ако ме познаат, нека ме испратат на робија — сеедно, значи, не ми е речено. Овде, исто така, некаде во некое зафрлено место, ќе ораме земја, а јас цел живот ќе се правам Американец. Но затоа, пак, ќе умреме во својот роден крај. Таков е мојот план и тоа ти е неотповикливо. Одобруваш ли?

— Одобрувам, — рече Аљоша, не сакајќи да му противречи.

Митја помолчи некое време, па наеднаш рече:

— А колку вешто сè наместија тие во судот! колку вешто наместија! —

— Па и да не наместеа, сепак ќе те осудеа — изговори Аљоша, воздивнувајќи.

— Да, му здодеав на овдешниов свет! Остави ги, но тешко е! — горчливо лелекна Митја.

Пак молчеше некое време.

— Аљоша, убиј ме сега веднаш! — викна тој наеднаш. — Дали ќе дојде таа. Кажувај! Што ти рече? Како ти рече?

— Ми рече дека ќе дојде, но не знам дали ќе дојде денеска. Тешко ѝ е, — со страв го погледна брата си Аљоша.

— А како да не ѝ е, како да не и биде тешко! Аљоша, јас ќе полудам од тоа. Груша само ме гледа.

Сфаќа. Господи, господи, смири ме: Што барам јас? Катја ја барам. Дали знам што барам? Незаузданост Карамазовска, расипана. Не, јас не сум способен за страдање! Подлец, и со тоа сè е кажано.

— Еве ја! — викна Аљоша.

Во тој миг на прагот се појави Катја. Таа подзастана малку, посматрајќи го Митја со некаков изгубен поглед. Овој наеднаш скокна, на лицето му се покажа страв, побледи, но набргу на неговите усни заигра бојазлива молбена насмевка, и тој нагло и незадржливо ги подаде двете свои раце кон Катја. Кога го забележи тоа, таа се спушти кон него. Му ги зграпчи рацете и речиси сосила го седна на постелата а и таа седна покрај него, и постојано, не испуштајќи ги неговите раце, ги стискаше цврсто и грчевито. Неколкупати обајцата се обидуваат да кажат нешто, но запираа, и пак, молчејќи, внимателно и како заковани, со чудна насмевка се гледаа еден со друг. Така минаа уште едно две минути.

— Ми прости ли? — промрмори најпосле Митја. И во истиот момент свртувајќи се кон Аљоша, сиот променет во лицето му викна: — Слушаш ли што ја прашувам, слушаш ли?

— Затоа и те сакав, дека имаш великодушно срце — ѝ се откина наеднаш на Катја. — И не треба јас да ти простам, туку ти мене да ми простиш; сеедно, дали ќе ми простиш или не, цел живот ќе останеш во мојава душа како рана, а и јас во твојата — така и треба . . .

Таа запре за да се одмори.

— Зошто дојдов? — почна таа како надвор од себеси, и брзајќи. — За да ги прегрнам твоите нозе, за да ти ги стиснам рацете, еве вака, да те заболи. Се сеќаваш ли, како што ти ги стискав во Москва — пак да ти кажам, дека си мој бог, моја радост, дека те сакам безумно, — речиси лелекна таа во маката, и наеднаш жедно ги прилепи своите усни на неговата рака.

Солзи ѝ гргнаа од очите. Аљоша стоеше без зборови и збунет: тој воопшто не го очекуваше тоа што го виде.

— Љубовта мина, Митја — пак почна Катја — но до болка ми е мило тоа што мина. Знај го тоа засекогаш. А сега, за еден момент, нека биде она што можеше да биде — рече таа со искривена насмевка, и пак радосно гледајќи му ги очите. — И ти сега сакаш друга, и јас сакам друг, но сепак тебе ќе те сакам вечно, а и ти мене, дали го знаеше тоа? Слушаш ли, сакај ме, целиот свој живот сакај ме! — викна таа со некакво речиси заканувачко треперење во гласот.

— Ќе те сакам, и . . . знаеш ли Катја, — сега почна и Митја, прекинувајќи се на секој збор — знаеш ли јас пред пет дена, таа вечер . . . кога падна и кога те извадија надвор . . . те сакав. Целиот живот! Така ќе биде, така ќе биде вечно . . .

Така нагалено си зборуваа еден на друг, речиси бесмислени и улави зборови, можеби дури невистинити, но во тој момент сè беше вистина, и тие си веруваа еден на друг најискрено.

— Катја, — викна наеднаш Митја, — веруваш ли дека сум убиец? Знам дека сега не веруваш, но тогаш . . . кога сведочеше . . . Веруваше ли тогаш?

— Ни тогаш не верував! Никогаш не сум верувала! Те мразев, па самата се уверив себеси за тој момент . . . Додека сведочев . . . се уверив и верував . . . А кога го завршив исказот, пак престанав да верувам. Да знаеш сè. Јас заборавив дека дојдов да се казнам себеси! — рече таа наеднаш, со некаков сосем нов израз, што воопшто не прилегаше на неодамнешното љубовно галење.

— Тебе ти е тешко, жено! — му се откина наеднаш на Митја некако сосем незадржливо.

— Остави ме — прошепоти таа — пак ќе дојдам, а сега ми е тешко! . . .

Таа веќе стана од местото, но наеднаш гласно викна, и нагло зачекори назад. Во собата ненадејно и сосем полека влезе Грушенка. Никој не ја очекуваше. Катја нагло зачекори кон вратата, но кога дојде до Грушенка наеднаш запре, пребледи како ѕид, и тивко, речиси шепотејќи ѝ рече:

— Простете ми!

Оваа ја погледна право во очите и откако почека малку, со зајадлив глас, отруен со лутина ѝ рече:

— Лоши сме јас и ти, другарко! Обете сме лоши! Зарем ние да му простуваме некому — јас и ти? Еве, спаси го него, па цел живот ќе се молам за тебе.

— А не сакаш — да простиш! — викна Митја обрнувајќи ѝ се на Грушенка со горчлив прекор.

— Биди мирна. Ќе ти го спасам! — брзо прошепоти Катја и истрча од собата.

— И можеше да не ѝ простиш, кога самата ти рече: „Прости"? — пак горчливо викна Митја.

— Митја, немој да ја караш, немаш право! — пламено му викна Аљоша на брата си.

— Тоа го рече нејзината горда уста, а не срцето — рече Грушенка, некако со гадење. Ако те спаси — сè ќе ѝ простам.

Таа молчеше некое време како да задушува нешто во душата. Уште не можеше да дојде на себе. Како што се покажа после, ваму дошла сосем ненадејно, не очекувајќи ништо, не надевајќи се дека ќе наиде на она на кое наиде.

— Аљоша, трчај по неа! — нагло му се обрна Митја на својот брат — речи ѝ... не знам што... не оставај ја да си оди така! —

— Кај тебе ќе дојдам вечер! — викна Аљоша и отрча по Катја.

Аљоша ја стаса веќе надвор од болничката ограда. Таа одеше брзо. Брзаше, а кога ја стигна Аљоша, таа му рече:

— Не, пред *неа* не можам да се казнам себеси! Јас и реков: „Прости ми!", зашто сакав да се казнам докрај. А таа не ми прости... Поради тоа ја сакам! — додаде Катја, бесно, а очите ѝ блеснаа со дивјачка лутина.

— Брат ми не ја очекуваше — промрмори Аљоша — беше уверен дека нема да дојде.

— Секако. Но да го оставиме тоа — пресече таа. — Слушајте јас не можам сега да дојдам со вас на закоп. Им испратив цвеќиња за сандакот. Изгледа уште имаат пари. А ако им требаат, кажете им дека от-

сега никогаш веќе нема да ги оставам. А сега оставете ме, оставете ме, ве молам. И вие сте задоцниле за таму, веќе бие камбаната... Оставете ме, ве молам!

III

Закопот на Иљушечка. Говор кај каменот

Аљоша навистина задоцни. Го чекаа, па веќе решија и без него да го однесат в црква убавото сандаче украсено со цвеќиња. Тоа беше сандачето на Иљушечка, кутрото дете. Умре два дена по пресудата на Митја. Аљоша кај вратата со извици го пречекаа децата, другарите на Иљуша. Сите тие нестрпливо го очекуваа, и се зарадуваа поради тоа што најпосле дојде. Беа собрани околу дванаесет, сите беа дојдени со раници и торбички на рамото. „Татко ми ќе плаче, бидете со татко ми"? — им остави аманет Иљуша кога умираше а дечињата го запаметиле тоа. На чело беше Коља Красоткин.

— Многу ми е мило што дојдовте, Карамазове! — викна тој, подавајќи му ја раката на Аљоша. — Овде е страшно. Навистина тешко е да се гледа. Снегирјов не е пијан, со сигурност знаеме дека денеска нема пиено ништо, но како да е пијан... Јас секогаш имам тврдо срце, но ова е страшно. Карамазове, ако не ве задржувам јас би ви поставил само едно прашање пред да влезете.

— Што има, Коља? — се запре Аљоша.

— Невин ли е брат ви, или е виновен? Тој го убил татка си, или слугата? Како што ќе речете, така ќе верувам. Четири ноќи не сум спиел поради тоа?

— Убиец е слугата, а брат ми е невин. Одговори Аљоша.

— И јас ти го велам истото! — викна наеднаш момчето Смуров.

— Значи, тој ќе страда како невина жртва, за правдата? — викна Коља. — Но, иако страда, тој е среќен, јас сум готов да му завидам.

— Ама што зборувате, како тоа, и зошто? — викна зачудено Аљоша.

— О, кога би можел и јас некогаш да се жртвувам за правдата! — рече Коља одушевено.

— Но не во таква работа, не со таков срам, не со таков ужас! — рече Аљоша.

— Се разбира... јас би сакал да умрам за сето човештво, а колку за срамот, тоа е сеедно, нека пропаднат нашите имиња. Јас го почитувам вашиот брат!

— И јас! — наеднаш и сосем ненадејно викна од групата момчето што еднаш изјави дека знае кој ја основал Троја, и откако го викна тоа, исто како порано, поцрвени до ушите, како божур.

Аљоша влезе во собата. Во синото сандаче што беше украсено со бела свила, лежеше Иљуша со скрстени раце и склопени очи. Цртите на неговото испиено лице речиси ни малку не беа изменети, и чудно, од лешот речиси не се ни чувствуваше смрдеа. Изразот на лицето му беше сериозен, речиси замислен. Особено убави му беа скрстените раце, како да беа извајани од мермер. Во рацете му беа ставиле цвеќиња, а и целиот сандак однадвор и однатре, беше искитен со цвеќињата што ги испрати Лиза Хохлакова уште во зорите. Пристигнаа цвеќињата и од Катарина Ивановна, и токму кога Аљоша ја отвори вратата, капетанот со треперливите раце, повторно редеше цвеќиња врз своето мило детенце. Тој одвај да го погледна Аљоша, а и не сакаше да гледа во никого, дури ни во својата расплакана, полудена жена, својата „мамичка", која непрестајно се трудеше да застане на болните нозе, и одблиску да му се нагледа на своето мртво дете. Нина децата ја дигнаа заедно со нејзиниот стол и ја доближија до сандакот. Таа седеше прилепена со главата до него и веројатно тивко плачеше. Лицето на Снегирјов имаше жив изглед, но некако изгубен, а во исто време, и полн со лутина. Во неговите движења, во зборовите што одвреме-навреме излегуваа од неговата уста, имаше нешто будалесто. „Баќушка, мил баќушка", викаше тој постојано, гледајќи во Иљуша. Имаше обичај, уште кога беше жив Иљуша да му вели нагалено: „Баќушка, мил Баќушка".

— Татенце, дај ми и мене цвеќиња, земи од неговите рачички. Ене, она белоно цвеќе, дај ми го, — замоли лудата, „мамичка“ лелекајќи. Или затоа што многу ѝ се допадна малата бела ружа, што беше во рацете на Иљуша, или сакаше од неговите раце да земе цвет за спомен, но таа сета се вознемири кога ја подаде раката за да го земе цветот.

— Никому не му давам! — жекаво викна Снегирјов. — Цвеќето е негово, а не твое. Сето е негово, нема ништо твое!

— Тато, дајте ѝ го цвеќето на мама! — наеднаш Ниночка го подигна своето насолзено лице.

— Ништо не давам, а најмалку нејзе! Таа не го сакаше. Таа му го зеде топчето, и тој ѝ го подари, — наеднаш гласно залипа капетанот, сеќавајќи се како Иљуша тогаш ѝ го отстапи топчето на својата мајка. Кутрата полудена почна да се дави од тивок плач, покривајќи си го лицето со рака. Децата кога видоа дека таткото не сака да се одвои од сандакот, а веќе беше време да се носи, го опколија во група сандакот, и фатија да го дигаат.

— Не сакам да го закопам на гробишта! — фати наеднаш да вика Снегирјов, — кај каменот ќе го закопам, кај нашето каменче! Така рече Иљуша. Не дозволувам да се изнесува.

— Веќе три дена како зборува дека ќе го закопа кај каменот. Се замеша Аљоша, потоа Красоткин, газдарицата, нејзината сестра, сите деца.

— Види, што му текнало; да го закопува кај поганиот камен, како да е удавен! — строго проговори старата газдарица. — На гробишта над земјата ќе стават крст. Таму ќе се молат за него. Се слуша пеењето од црквата, а ѓаконот толку чисто и јасно чита што тоа ќе стигнува и до него, токму како да читаат над неговиот гроб.

Капетанот фати да мавта со рацете: „Носете го каде што сакате!“ Децата го кренаа сандакот, но, кога поминуваа покрај мајката, запреа малку пред неа и го спуштија, за да може таа да се прости со Иљуша. Кога го виде сега близу пред себе, тоа мило лице, кое три дена го гледаше само од извесно растојание, таа

наеднаш сета почна да се тресе, и хистерично да ја ниша својата беловласа глава над сандакот на детето.

— Мамо, прекрсти го, благослови го, баци го! — ѝ викна Ниночка. Но таа како автомат само ја нишаше главата и без зборови со лице искривено од тешка тага, наеднаш фати да се тупа со тупаница по градите. Сандакот го однесоа понатаму. Ниночка за последен пат ги допре со своите усни усните на покојниот брат, кога го носеа покрај неа. Аљоша, излегувајќи од куќата, ѝ се обрна на газдарицата на станот, со молба да води сметка за оние што останале, но таа не му ни дозволи да доврши:

— Се разбира, ќе бидам кај нив, па и ние сме христијани. — Велејќи го тоа, бабата плачеше.

Црквата не беше далеку, едно триста чекори, немаше повеќе. Денот беше ведар, тивок, беше замрзнато, но не беше многу студено. Камбаната уште биеше. Снегирјов брзајќи и збунето одеше зад сандакот во своето излитено, кусо, речиси летно горно палто, гологлав, со старата мека паларија со широк обод во рацете. Тој беше многу тешко загрижен: де ја протегаше раката за да се фати за челото на сандакот, па им пречеше на оние што го носеа, де трчкаше отстрана за да види дали може нешто тука да стори. Еден цвет падна на снегот, а тој така се спушти да го дигне како од загубата на тој цвет кој знае што да зависи.

— А корка, корка леб заборавивме! — викна тој наеднаш многу уплашено. Но децата веднаш го потсетија дека тој пред малку самиот зел корка леб, и дека ја има во џебот. Тој навистина ја извади од џебот и откако се увери дека е така, се смири.

— Иљушечка така рече, Иљушечка — му објасни тој веднаш на Аљоша.

— Си лежи тој една ноќ, а јас седам покрај него, и тој наеднаш ми заповеда: „Татенце, кога ќе го покријат мојот гроб издроби и расфрли над него корка леб за да се спуштаат врапчиња; јас ќе слушам дека се спуштиле, и ќе ми биде пријатно, дека не лежам сам.

— Тоа е многу убаво — рече Аљоша. — Треба почесто да се носи.

— Секој ден, секој ден! — пелтечеше капетанот некако живнат.

Најпосле дојдоа до црквата и сандакот го ставија во средината. Сите деца застанаа околу него, и така наредени престојаа за време на целата служба. Црквата беше старинска и доста сиромашна; многу икони во неа беа без рамки, но како да е подобро да се молиш во таква црква. За време на службата Снегирјев како да се смири малку, иако одвреме навреме, кај него избиваше истата несвесна и збунета загриженост: се приближуваше до сандакот за подобро да го намести покровот или венчето. А кога падна една свеќа од свешникот, се спушти да ја намести и долго време се мачеше околу тоа. Најпосле, се смири, и мирно застана откај главата на умрениот со тапо загрижен и нерешителен израз на лицето. По апостолот тој му шепна на Аљоша кој стоеше до него дека апостолот не го читале како што *треба,* но таа мисла не ја објасни. Кога ја пееја херувинската песна и тој фати да придружува, но не доврши; потоа клекна на колеици, го допре челото до камениот под и остана така долго време. Најпосле се мина на опевањето, поделија свеќи. Избезуменият татко пак се раздвижи, но милното и трогателно пеење при опевањето ја разбуди и ја стресе неговата душа. Тој наеднаш целиот се собра, и почна често и испрекинато да плаче, отпрвин придушено, а на крајот гласно, со јачкање. Кога фатија да се простуваат со покојникот, и да го затвораат сандакот, тој го опфати со рацете, како да не дозволува да го покријат Иљушечка и фати многу, незаситно не откинувајќи се од него, да го бацува во устата, своето мртво дете. Најпосле го смирија и веќе го потргнаа настрана, но тој наеднаш ги протегна рацете и зграпчи од сандачето неколку цвеќиња. Ги гледаше и како да му светна некаква идеја, како да ја заборави за момент главната работа. Малку по малку како да потона во некаква замисленост и веќе не се противеше кога го кренаа и фатија да го носат сандакот кон дупката. Таа беше во близина, близу до дворната врата на црквата, од скапите, за неа плати Катарина Ивановна. По вообичаениот обред гробарите го спуштија сандакот, Снегирјов

толку беше наведнат со цвеќињата в раце над отвореният гроб што дечињата уплашени, го фатија за палтото и почнаа да го влечат назад. Но тој како да не сфаќаше добро што се случува. Кога почнаа да го затрупуваат гробот, тој наеднаш фати да покажува кон земјата што се одронуваше и нешто да зборува, но никој не можеше ништо да разбере, а и тој наеднаш се смири. Тогаш го потсетија дека треба да го издроби лебот, и тој многу се вознемири, ја извади корката и почна да ја дроби расфрлувајќи ги парчињата врз гробот: „Еве, па спуштајте се, птички, еве, спуштајте се, врапчиња!“ — мрмореше тој загрижено. Некое од децата му забележи дека поради цвеќињата во рацете не може добро да го дроби лебот, и дека може за малку да му ги даде цвеќињата некому да му ги подржи. Но тој не ги даде. Дури и како да се уплаши за цвеќињата како божем некој да сакаше да му ги земе; и откако погледна во гробот, и се увери дека сè е извршено, и дека парчињата се издробени, тој ненадејно и сосем спокојно се сврти и тргна да си оди дома. Но неговиот чекор стануваше сè побрз, позабрзан брзаше — само што не трчаше. Децата и Аљоша не заостануваа зад него.

— Цвеќенцата за мамичка, цвеќенцата за мамичка! ја навредивме мамичка, — почна тој наеднаш да вика. Некој го потсети да си ја стави паларијата на глава, зашто беше студено, но кога го слушна тоа, тој налутено ја тресна паралијата од снегот, и фати да вели: „не сакам паларија, не сакам паларија!“ Момчето Смуров ја крена и зеде да ја носи. Сите деца плачеа, а најмногу Коља, и момчето што ја пронајде Троја; и макарштo Смуров со паларијата од капетанот во рацете, исто така, плачеше, сепак, успеа речиси во трчаница да дигне парченце тула, кое се црвенееше на разгазениот снег, и да фрли со него по јатото врапчиња кое брзо се разлетаа. Се разбира, не погоди и продолжи да трча понатаму, плачејќи. На половина пат Снегирјов наеднаш запре, постоја едно половина минута, како вчудовиден од нешто, и наеднаш, се сврти назад кон црквата, и отрча кон напуштениот гроб. Но децата веднаш го стигнаа и се фатија за него од сите

страни. Целиот исцрпен, тој падна како покосен на снегот и фати да се прпелка јачкајќи и извикувајќи: „баќушка, Иљушечка, мил баќушка!“

Аљоша и Коља се спуштија да го дигаат, да го молат и да го смируваат.

— Капетане, доста, храбриот човек треба да ги носи тешкотиите — мрмореше Коља.

— И цвеќињата ќе ги изгмечите — му рече Аљоша — а мамичка ги чека; таа седи и плаче, зашто пред малку не и го дадовте цвеќето од Иљушечка. Таму стои постелката на Иљуша...

— Да, да, кај мамичка! — наеднаш се сети пак Снегирјов. — А постелката ќе ја тргнат, ќе ја тргнат! — додаде тој како уплашен, затоа што навистина ќе ја тргнат; Скокна и пак трчајќи се упати дома.

До куќата веќе не беше далеку, и сите трчаница дојдоа заедно. Снегирјов наеднаш ја отвори вратата, и почна да ѝ вика со молбен глас на жена си со која пред малку толку немилосрдно се скара.

— Мамичке, мила моја. Иљушечка ти испраќа цвеќе. Твоите ноженца се болни! — викна, подавајќи и ја китката цвеќиња, замрзнати и изгмечени од тоа што пред малку се фрли на снегот.

Во тој момент покрај постелката на Иљуша, во аголот, тој ги забележа неговите чевлички. Стоеја една до друга, како што пред малку ги наместила газдарицата на станот, ветви, кафени, испокинати чевлички. Кога ги забележи, тој ги дигна рацете и се спушти кон нив, падна на колеици, зграпчи едно чевличе, и прилепувајќи ги до него своите усни, почна незаситно да го бацува извикувајќи:

— Баќушка, Иљушечка, мил баќушка, а каде ти се ноженцата?

— Каде го однесе? Каде го однесе? — лелекаше полудената со силен глас.

Сега залипа и Ниночка. Коља истрча од собата, а по него фатија да излегуваат и другите деца. Најпосле по нив излезе и Аљоша.

— Нека се наплачат — му рече тој на Коља. — Тука, се разбира, не е можно да ги тешиме. Ќе почекаме некое време, па ќе се вратиме.

— Да, не е можно. Тоа е ужасно! — потврди Коља. — Знаете ли, Карамазове, наеднаш тој го спушти гласот, така што да не слушне никој — мене ми е многу тешко; и кога би било можно да го воскреснеме, јас би дал сè на светов!

— Ах, и јас би дал — рече Аљоша.

— Што мислите, Карамазове, да дојдеме ли ваму вечер? Зашто тој ќе се опие.

— Можеби и ќе се опие. Ќе дојдеме само ние двајца, тоа е доста, ќе поседиме со нив некое време, со мајката и со Ниночка; а кога би дошле сите заедно, пак би ги потсетиле на сè — советуваше Аљоша.

— Таму кај нив, газдарицата ја мести масата, ќе даваат за задуша, што ли, ќе дојде поп; ќе се вратиме ли кај нив, Карамазове?

— Секако — рече Аљоша. —

— Чудно е сето тоа Карамазове; — таква жалост, па ете наеднаш некакви палачинки. Колку е неприродно сето тоа, според нашата религија.

— И рипчиња ќе има таму — наеднаш гласно забележи момчето пронаоѓач на Троја.

— Сериозно ве молам, Карташове, да не се мешате со вашите глупости, особено кога човек не разговара со вас, и кога не сака да знае ни дека постоите на светов — луто пресече Коља.

Момчето пламна. Но не се осмели да одговори ништо. Меѓутоа, сите полека одеа по патеката, кога наеднаш Смуров викна:

— Еве го каменот на Иљуша, под кој сакаа да го закопаат.

Сите молчејќи застанаа крај големиот камен. Аљоша погледна, и сета слика што ја опиша Снегирјов кога кажуваше за Иљушенка: како овој, плачејќи и прегрнувајќи го татко си, викнал: „Татенце, татенце, колку те понижи“! — наеднаш се појави во неговото сеќавање. Нешто како да му се стресе во душата. Тој со сериозен и достоинствен израз на лицето мина со погледот по сите тие мили и ведри лица на учениците, другарчињата на Иљуша, и наеднаш рече:

— Господа, би сакал овде, токму на ова место да ви кажам некој збор.

Децата се со́браа околу него и ги свртија кон него внимателните погледи.

— Господа, ние скоро ќе се разделиме. Јас засега сум уште со моите двајца браќа, едниот од кои ќе замине во прогонство, а другиот е на умирање. Но наскоро и јас ќе го напуштам градов, за многу долго време. И така ќе се разделиме, господа. Да се договориме овде, кај каменот на Иљуша, дека никогаш нема да се забораваме — прво, Иљушечка а второ еден со друг. Без обзир што ќе се случи после со нас во животот, дури и да не се видиме дваесет години, да се сетиме како сме го закопале момчето по кое порано сме фрлале камења, се сеќавате ли, таму кај мовчево — а кое после сите толку го засакавме. Тој беше прекрасно момче, добро и храбро дете, чувствуваше што е чест и горчливата навреда што му беше нанесена на татко му и против која се дигна. Значи, ќе се сеќаваме за него, господа, целиот свој ижвот. Ако после бидеме зафатени со важни работи, или ако постигнеме почести, или ако доживееме некаква голема несреќа— сепак, да не забораваме никогаш дека овде еднаш ни било убаво, на сите заедно, соединети со убавото и добро чувство, кое и нас можеби за тоа време на нашата љубов спрема едно момче, нѐ направи подобри, отколку што сме всушност. Гулапчиња мои — дозволете да ве наречам така — гулапчиња, зашто сите вие прилегате на нив, на тие убави и сиви птици, сега во овој момент, кога ги гледам вашите добри, мили лица — мили мои дечиња, вие можеби нема ни да го разберете она што ќе ви го кажам, зашто јас често зборувам неразбирливо. Но сепак запомнете, па после некогаш ќе се согласите со моите зборови. Знајте дека нема ништо повишо, и посилно, и поздраво, и покорисно за идниот живот од некаков убав спомен, а особено ако е тој од детството од родителската куќа. Вам многу ви се зборува за вашето воспитание. А еден толку прекрасен свет спомен, зачуван од детството, можеби е токму најдобро воспитание. Ако човек носи во себе многу такви спомени, тогаш тој човек е спасен за цел живот. А ако макар само еден убав спомен остане во нашето срце, некогаш и тоа може да ни послужи како спас. После

ние можеби ќе станеме и лоши, можеби не ќе имаме сили да им се спротивставиме на лошите постапки, ќе им се смееме на човечките солзи и на оние што велат како што Коља овде скоро викна: „Сакам да страдам за сите луѓе“ — можеби ќе им се подбиваме злобно и на тие луѓе. Но, колку и да станеме лоши, да не даде господ — кога ќе се сетиме како го закопавме Иљуша, колку го сакавме во последните денови, и како разговаравме, еве, сега толку сложно и толку пријателски кај овој камен, — и најсуровите меѓу нас, и најподбивните, ако станеме такви, не ќе смеат да му се подбиваат во себе на тој што бил добар и чесен во овој момент! И не само тоа, ами тој спомен, можеби ќе го задржи од некое големо зло и тој ќе се премисли и ќе рече: „А тогаш бев добар, смел, и чесен.“ Дури и нека се потсмевне во себе, тоа не е ништо, човек често му се подбива на она што е добро и што чини; тоа го прави само од лесномисленост, но ве уверувам, господа, само што ќе се потсмевне, веднаш во срцето ќе рече: „Лошо направив што се подбивав, зашто не треба да му се потсмеваме на тоа!“

— Бездруго така ќе биде, Карамазове, јас ве разбирам, Карамазове! — викна Коља, а очите му светнаа.

Децата се возбудија па и тие сакаа нешто да кажат, но се воздржаа, внимателно и блажено гледајќи во говорникот.

— Ова го велам за ако станеме лоши — продолжи Аљоша — но зошто да станеме лоши, господа, нели така? Пред сè да бидеме добри, потоа чесни, а после — никогаш да не се забораваме еден со друг. Тоа пак го повторувам. Ви давам збор, господа, дека јас нема да заборавам ниеден од вас; сите лица што гледаат сега во мене ќе ги паметам, макар и по триесет години. Пред малку Коља му рече на Карташов дека ние божем не сакаме да знаеме „дали постои тој на светов“. Ама зар можам јас да заборавам дека Карташов постои на светов и дека, еве, сега веќе не црвенее, како тогаш кога ја пронајде Троја, ами гледа во мене со своите мили, добри весели очиња. Господа, мили мои господа, да бидеме сите великодушни и смели како Иљуша, умни, смели и великодушни како Коља (кој ќе биде многу

поумен, кога ќе порасне) и да бидеме толку срамежливи, но и умни и мили, како Карташов. Но зошто зборувам само за нив двајца! Отсега, сите вие, господа, сте ми мили – сите ќе ве носам во срцево, а и вас ве молам да ме носите во вашите срца! А кој нè соедини во тоа добро и убаво чувство, за кој ќе се сеќаваме секогаш, целиот живот ќе се сеќаваме и за кого сакаме да се сеќаваме, кој, ако не Иљуша, доброто момче, милото момче, за нас секогаш милото момче! Да не го заборавиме никогаш, нека му е вечен и убав спомент во нашите срца, во веки веков!

— Така, така, во веки веков! — викнаа децата, сите, со своите звучни гласови, со радосно возбудените лица.

— Ќе се сеќаваме и за неговото лице, и за неговата облека, и за неговите сиромашни чевлички, и за неговото сандаче, и за неговиот несреќен грешен татко — и како храбро се дигна самиот тој против целото одделение, за татко му!

— Ќе се сеќаваме, ќе се сеќаваме! — пак викнаа дечињата — тој беше храбар, тој беше добар.

— Ах, колку го сакав! — викна Коља.

— Ах, дечиња, ах, мили пријатели, не плашете се од животот! Колку е убав животот кога ќе направиш нешто добро и праведно!

— Да, да — со восхит повторија дечињата.

— Карамазове, ние ве сакаме! — незадржливо викна еден глас, изгледа гласот на Карташов.

— Ве сакаме, ве сакаме! — прифатија и другите. На мнозина им блеснаа солзи во очите.

— Да живее Карамазов! — одушевено викна Коља.

— И вечен спомен на покојното дете! — со чувство додаде Аљоша.

— Нека му е вечен споменот! — прафатија сите дечиња.

— Карамазове — викна Коља — зарем навистина религијата вели, дека сите ќе станеме од мртвите и ќе оживееме и пак ќе се видиме еден со друг, и сите, и Иљуша?

— Бездруго ќе воскреснеме, бездруго ќе се видиме, и весело и радосно ќе си раскажеме еден на друг сѐ што било — одговори Аљоша, наполу во шега, наполу од одушевеност.

— Ах, колку убаво ќе биде тоа! — му се откина на Коља.

— А сега да ги завршиме говорите, и да одиме на неговата задуша. Нека не ве буни тоа што таму ќе јадеме палачинки. Така е тоа од старо време, и во тоа има нешто убаво! — се засмеа Аљоша. — Па, да одиме! Еве, сега одиме држејќи се за рацете.

— И вечно така, целиот живот, држејќи се за рацете! Да живее Карамазов! — викна Коља восхитено уште еднаш, и уште еднаш сите деца го прифатија неговиот извик.